РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 980 Скопје,
15 февруари 2010 година

## Содржина на Билтен број 980 од 15 февруари 2010 година

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**


1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(м-р Ана Атанасовска, м-р Ненад Трипуноски, м-р Васко Петревски)**.......1
2. Преглед на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Јанко Бачев, Марија радевска, Робер Калајџиевски, Јован Илиевски, Љубица Милосављевиќ, Роза Гурмешевиќ, Љубица Пендаровска, Весна Стоименовска, Надица Андова, Есма Адиловиќ, Саша Докмановиќ, Есип Кранли, Димитар Апасиев, Маја Симоновска, Весна Андоноска)**.......2-3


**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на ракописот **Европска безбедност** од авторот **проф. д-р Лидија Георгиева**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје.......4-6


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата и влијанието на инвестиционите фондови врз развојот на пазарот на капитал во земјите од Југоисточна Европа**, изработена од **м-р Димче Лазаревски**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.......7-12


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Јованка Насевска, Магдалена Ќорнакова, Драган Стамеп, Марјан Копевски, Иван Петковски)**.......13


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на наставник по предметите: ликовно изразување, пластично обликување, естетика на боја и простор (продлабочена настава), ликовно изразување 2 и пластично обликување 2 (изборни предмети) во Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет во Скопје **(м-р Иво Пецов, м-р Анка Данаиловска, м-р Елизабета Аврамовска)**.......14-28


**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**


1. Рецензија на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата **Вокалната симфонија оп. 53 од Димитрије Бужаровски, Свадба од Игор Стравински и Пушкиновиот венец од Георги Свиридов** и теориските труд **Колекцијата на партитури на Хорските свечености во Ниш, Србија, како рефлексија на музичката и културната динамика во втората половина на 20 и почетокот на 21 век**, изработена од **м-р Сузана Костиќ**, пријавена на Факултетот за музичка уметност во Скопје.......29-35


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд наФакултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Томче Делев, Николче Вељановски, Ристе Стојанов)**.......36


**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**


1. Реферат за избор во звањето научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Јулија Тричковска)**.......37-41

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
1. Реферат за избор на редовен професор по предметот млекарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Соња Србиновска**)........................42-51
2. Реферат за избор на редовен професор по пчеларство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Хрисула Кипријановска**)........................52-61

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторската дисертација **Примена на маркови процеси на одлучување како поддршка при донесување на одлуки под несигурност во процесот на преструктурирање на претпријатијата** и оспособеност на кандидатката **м-р Катерина Митковска-Трендова** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје........................62-67
2. Рецензија на ракописот **Применета психометрија** од авторите **д-р Александар Мојсовски и д-р Филип Мојсовски**, пријавен на Машинскиот факултет во Скопје........................68-70

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Атанас Козарев, м-р Марија Тодорова, м-р Оливера Рашиќ, м-р Валентина Дуковска, м-р Зоран Јовановски, м-р Беким Максути, м-р Весна Костиќ-Ивановиќ, м-р Оливер Станоески, м-р Александра Каровска, м-р Гордана Јанева, м-р Марина Настеска**) ........................71-72

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на три помлади асистенти по предметот неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Емилија Горгијева, д-р Габриела Кузмановска, д-р Бојана Груевска**)........................73-85
2. Реферат за избор на два асистента по предметот микробиологија со паразитологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Гордана Мирчевска, д-р Биљана Ќурчиќ-Трајковска**)........................86-98
3. Реферат за избор на еден доцент по предметот судска медицина на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Верица Попоска**)........................99-113
4. Реферат за избор на еден научен соработник по предметот патолошка физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Соња Кузмановска**)........................114-129
5. Реферат за избор на асистент по предметот трансфузиологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Виолета Дејанова-Илијевска**)........................130-135
6. Реферат за избор на асистент по предметот неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Снежана Лазарова**)........................136-143

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
1. Реферат за избор на наставник во сите звања во областа репродукција на животните на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**д-р Тони Довенски**)..........144-153

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСИТИНИЈАН ПРВИ"**
1. Рецензија на докторската дисертација **Слободата на движење на работниците од трети држави во Европската унија** од кандидатот м-р **Билјана Чавкоска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................154-159

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**
1. Реферат за избор во соработничко звање асистент од областа методика на наставно-научните области, по предметите: методика на наставата по албански јазик, за групата одделенска настава на албански наставен јазик и методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, како и од областа литература за деца, по предметот литература за деца на албански наставен јазик, за групите: одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје (**м-р Лулзим Алиу**)........................160-163

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор во соработничко звање - асистент-истражувач во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Елеонора Серафимовска)**........164-169

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два асистента по предметот дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Катерина Дамевска, д-р Зорица Зафировиќ)**........170-177

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на виш лектор по предметот современ македонски јазик, на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Гордана Алексова)**..178-186

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Политиките на десницата и нивните општествени последици: економските и националните политики на конзервативните и демохристијанските партии по Втората светска војна**, изработена од **м-р Кире Шарламанов**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........187-190
2. Рецензија на докторската дисертација **Учењето за трансцеденталноста-основа на кантовиот гносеолошки критицизам и хусерловата феноменологија,** изработена од **м-р Трајче Серафимовски**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје......191-197

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на три асистенти по предметот физикална медицина и рехабилитација на Медицинскиот факултет во Скопје **(помл. ас. д-р Велика Лабачевска, помл. ас. д-р Јулијана Аргакиева-Николова, помл. ас. д-р Биљана Митревска)**........198-208

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Системот на санкции во исламското право,** изработена од **м-р Африм Османи**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........209-214
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област применети политички науки (идејата за Европа и теориите за европските интеграции) на политичките студии на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Васко Наумовски)**........219-228

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор во соработничко звање - асистент од потесната стручна и наставна област, по предметот музички инструменти за групите: одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(м-р Јета Старова-Мехмети)**........229-234

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на математичката анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Живорад Томовски)**........235-244
2. Реферат за избор-прием на еден помлад асистент на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Катерина Русевска, м-р Славица Пешевска-Јосифовска, м-р Весна Смиљевска, м-р Александра Цветковска-Ѓорѓиевска)**........245-248

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор на редовен професор по предметот методика на наставата по македонски јазик за групата одделенска настава на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(д-р Благица Петковска)**........249-258

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметот микроекономија на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Даниела Мамучевска)**........................................259-267

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на редовен професор во научната област зоохигиена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Методија Трајчев)**........................268-279

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на доцент по предметот радиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Виолета Василевска)**........................................280-295

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM-систем во компании**, изработена од **м-р Елизабета Митрева**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје........................................296-301

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на вонреден професор по групата предмети основи на молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Дијана Плашеска-Карафилска)**........................................302-314
2. Реферат за избор на помлад асистент по предметите молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Надица Матевска)**........................................315-317
3. Рецензија на ракописот **Фармакоекономија** од авторот **доц. д-р Рубинчо Зарески** пријавен на Фармацевтскиот факултет во Скопје........................................318-321

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Информирањето на печатените медиуми за современите морални предизвици во Република Македонија**, изработена од **м-р Александра Жежова**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................323-327
2. Рецензија на докторската дисертација **Архивите и управувањето со архивските записи во проектите и документите на Европската унија**, изработена од м-р **Дијана Петреска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................328-333

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на алгебрата на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје (д-р **Весна Целакоска-Јорданова**)........................................334-342

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Ана Атанасовска | Берзански казнени дела | Д-р В.Камбовски<br>Д-р В.Пендовска<br>Д-р Н.Тупанчески |
| М-р Ненад Трипуноски | Работен однос во органите на државната администрација | Д-р Т.Беличанец<br>Д-р Б.Давитковски<br>Д-р Т.Каламатиев |
| М-р Васко Петревски | Правна заштита на сопственичките права на странските инвеститори во Република Македонија | Д-р Д.Манолева Митровска<br>Д-р С.Тодорова<br>Д-р Р.Живковска |

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Јанко Бачев | Приемот на Република Македонија во ООН и меѓународното право | Д-р Т.Петрушевска |
| Марија Радевска | Граѓанско правна одговорност за причинета штета | Д-р Г.Галев |
| Робер Калајџиевски | Интегрирано гранично управување во функција на сузбивање на „новите „ форми на криминалитет | Д-р Н.Тупанчески |
| Јован Илиевски | Новата улога на јавниот обвинител според Законот за кривичната постапка | Д-р Г.Бужаровска |
| Љубица Милосављевиќ | Жената како жртва на семејното насилство | Д-р М.Каневчев |
| Роза Гурмешевиќ | Расизам и ксенофобија во Европа во периодот после студената војна | Д-р Љ.Фрчкоски |
| Љубица Пендаровска | Афирмативните акции во концептот на човековите права | Д-р Љ.Фрчкоски |
| Весна Стоименовска | Искуство од превентивната дипломатија - Мисијата на УНПРЕДЕП во Република Македонија | Д-р Д.Малески |
| Надица Андова | Поттикнување и заштита на странски инвестиции преку билатерални договори | Д-р С.Георгиевски |
| Есма Адиловиќ | Мисијата на ООН во Босна и Херцеговина - Спроведување мир кога мир не постои | Д-р Д.Малески |
| Саша Докмановиќ | Универзални услуги во секторот на електронските | Д-р Г.Наумовски |

| | | |
|---|---|---|
| | комуникации на ЕУ | |
| Есин Кранли | Службеностите во римското право | Д-р М.Поленак Аќимовска |
| Димитар Апасиев | Јавноправни институти од Римското право реципирани во денешните правни системи | Д-р В.Бучковски |
| Маја Симоновска | Интестатското наследување во римското право | Д-р Г.Наумовски |
| Весна Андоноска | Положбата на децата во римското и во македонското семејно право | Д-р Г.Наумовски |

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА УЧЕБНИКОТ „ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ” ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА ГЕОРГИЕВА

На 20. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје одржана на 14.05.2008 година, бевме избрани за рецензенти на учебникот ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ од проф. д-р ЛИДИЈА ГЕОРГИЕВА. Благодарејќи на довербата, имаме чест да го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Институтот за одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет во Скопје го предложи за издавање учебникот „Европска безбедност” од проф. д-р Лидија Георгиева. Д-р Георгиева е редовен професор по европска безбедност, теорија на мирот, управување со мирот и конфликтите, етиологија на загрозувањата и наш еминентен стручњак од областа на мировните, одбранбените и безбедносните студии.

Предложениот труд „Европска безбедност“ претставува осврт на современата теориска мисла од областа на меѓународните безбедносни студии, но и на европските студии, со што авторката прави успешен спој на актуелните теориски дискурси. Од друга страна, трудот „Европска безбедност“ ја опфаќа актуелната проблематика на европските и на регионалните аспекти на безбедноста. Трудот е преточен во анализа на концептите, процесите и институциите со што се добива труд, односно учебник кој ќе претставува квалитетно четиво за реализирање на наставата на додипломските и постдипломските студии. Оттука предлагаме насловот „Европска безбедност“ да се прошири со поднаслов: концепти, процеси и институции.

Во учебникот авторката најнапред ги изложува потребите, целите и принципите на современите студии од областа на мирот, безбедноста и одбраната. Притоа ја предочува потребата од претставување и примена на актуелни наставни и научни методи и принципи во една научна област која во изминатата деценија преживува извонредна динамика. Во тој контекст авторката нуди труд кој европската безбедност ја претставува низ актуелна теориска димензија и со едноставен, но приспособен методолошки пристап со кој се опфатени неколку нивоа и аспекти на проблематиката.

Текстот е изложен на 250 страници компјутерски обработен текст, збогатен со фусноти по кој следи респективна листа на литература.

Трудот „Европска безбедност“ е изложен во два дела, од кои првиот ги елаборира концептите и процесите поврзани со проблематиката на европската безбедност, додека вториот дел ја елаборира функционалната и институционалната проблематика на европската безбедност. Во рамките на

првиот дел, низ неколку поглавја, авторката ги претставува историските и концепциските идеи базирани на релистичниот, неореалистичниот, конструктивистичкиот и други пристапи за безбедноста во Европа. Анализата на пристапите се сместува во два блока на теории, кои се препознаваат како европски и американски безбедносни студии, при што се констатира дека тие ја чинат единствената теорија за безбедност. Во овој дел, покрај елаборирањето на современиот концепт за безбедност и неговите европски димензии, авторката ги претставува концептите: безбедносни институции, безбедносни заедници и безбедносни комплекси, односно ја разјаснува улогата и придонесот на овие концепти. Од друга страна, придодадени се и анализирани уште два концепта кои имаат суштинско влијание врз новите безбедносни истражувања: безбедносен регионализам и управување со безбедноста. Со елаборирањето на овие концепти, на нивните карактеристики и потенцијали да го дообјаснат концептот за европска безбедност, авторката го заокружува теориско концепцискиот дел на трудот. Според претходното може да се констатира дека авторката мошне успешно ги истакнува основните и најсовремени аспекти на безбедносните студии и безбедносните истражувања.

Во вториот дел од трудот, низ неколку поглавја, авторката ги презентира функционално институционалните аспекти на европската безбедност. Во овој дел се елаборирани процесите на институционализација на безбедносната соработка помеѓу европските држави и тоа преку историската и суштинската димензија. Во таа рамка се анализирани улогата, целите, институциите, политиките, инструментите и проблемите со кои се соочуваат безбедносните актери. Во овој дел на учебникот, на еден конзистентен начин, со првиот-концепциско теориски дел, анализирана е улогата на Европската унија, на НАТО и на ОБСЕ. Авторката успешно ја претставува улогата на клучните безбедносни актери и институции од аспект на современиот безбедносен дискурс. Од една страна, елаборирани се традиционалните прашања за улогата на овие институции во периодот на биполарноста, а од друга страна авторката ги објаснува современите прашања и предизвици со кои тие се соочуваат. Применувајќи го институционалниот и конструктивистичкиот пристап, авторката ја анализира улогата и ефикасноста на безбедносните актери во однос на ризиците и заканите со кои се соочуваат, односно ја анализира ефикасноста на нивните трансформативни процеси. Покрај тоа, низ призма на концептот за глобално безбедносно управување, авторката ги анализира релациите помеѓу безбедносните актери и нивниот придонес за справување со современите ризици и закани.

Конечно, понудениот текст на учебникот „Европска безбедност" од проф. д-р Лидија Георгиева претставува труд кој преку особен концепциски и аналитички пристап нуди вонредно квалитетен едукативен и наставен материјал.

Оцена и предлог

Учебникот „Европска безбедност" од проф. д-р Лидија Георгиева е одлично и неопходно дело кое ќе ја надополни научната мисла со оригинален и содржаен труд од областа на европските безбедносни студии. Неговата авторка подолг период е дел од академскиот и наставен кадар на Филозофскиот факултет кој ги развива европските студии и подолг период ги истражува и ги анализира нивните безбедносни и мировни аспекти. Таа своето богато академско искуство го изложува во предложениот учебник.

Д-р Лидија Георгиева е исклучително ангажирана личност која своето академско и наставно-научно искуство посветено го пренесува во процесот на едукација. Нејзината работа со студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир се карактеризира со креативен и позитивен пристап кон работата.

Овој современ учебник претставува исклучително и забележително дело од областа на европските безбедносни студии. Како таков, тој е неопходна литература за студентите по безбедност, одбрана и мир, како и за студентите на институтите кои ги изучуваат безбедносните аспекти на европските интеграции.

Заради високите научни и сознајни квалитети на учебникот „Европска безбедност" од проф. д-р Лидија Георгиева, имаме чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложиме овој учебник да го одобри за издавање како универзитетски учебник за студентите на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во Скопје,
на 21 февруари 2010 година

Рецензенти

Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.
Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *„УЛОГАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ФОНДОВИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА"*, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДИМЧЕ ЛАЗАРЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 27.11.2009 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Димче Лазаревски под наслов: **УЛОГАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ФОНДОВИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА**. Докторската дисертација беше прифатена со одлука на Наставничкиот колегиум за постдипломските студии и Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, а за ментор беше определен проф. д-р Михаил Петковски.

По опстојното читање и прегледување на дисертацијата, Комисијата, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Содржината на докторската дисертација на кандидатот м-р Димче Лазаревски под наслов: „Улогата и влијанието на инвестиционите фондови врз развојот на пазарот на капитал во земјите од Југоисточна Европа" е структурирана во пет детално расчленети глави, Заклучок, како и Апстракт, на македонски и англиски јазик и список на користена литература со 114 референци. Дисертацијата е презентирана на 358 страници и во неа се содржани 15 табели и 42 графикони.

Првата глава од докторската дисертација носи наслов: „Динамика на растеж на инвестиционите фондови во светски рамки". Во неа, кандидатот дава исцрпна анализа на бројните видови инвестициони фондови, класифицирани како според правно-организационата форма, така и според класите на финансиски инструменти во кои се насочени инвестициите на поодделните фондови. Овде треба да се одбележи дека кандидатот посебно внимание ѝм посветил на т.н. фондови кои се тргуваат на берза (exchange-traded funds) и на инвестиционите трустови инвестирани во недвижности (REITs), како понови феномени на развиените пазари на хартии од вредност. Во оваа глава од трудот, кандидатот, исто така, ги систематизирал клучните предности и слабости за инвеститорите кои ги носи инвестирањето преку инвестициони фондови во споредба со директно инвестирање во поединечни хартии од вредност. Еден дел од првата глава е посветен на макроекономските и микроекономските фактори кои влијаат врз развојот на секторот на инвестициони фондови. Како макроекономски фактори се наведени: нивото на БДП по жител (т.е. нивото на економска развиеност): нивото на реалните каматни стапки, отвореност на економијата кон странство, посебно

кон меѓународните текови на капитал, развиеноста на банкарскиот сектор и сл. Во групата на микроекономски фактори се наведени: нивото на конкуренција во финансискиот сектор воопшто и во секторот на инвестирање во хартии од вредност посебно, што влијае врз нивото на надоместоците кои ги наплаќаат друштвата за управување со фондовите; потоа, можностите за остварување на економии од обем од страна на инвестиционите фондови, развиеноста на дистрибутивната мрежа за уделите, како и диверсифицираноста на понудата на финансиски инструменти на домашниот пазар на капитал.

Втората глава на дисертацијата носи наслов: „Регулација на инвестиционите фондови". Во оваа глава е направен детален осврт врз барањата за обелоденување на информации, како при основањето, така и при континуираното функционирање на инвестиционите фондови, онака како што се тие дефинирани со релевантните директиви на ЕУ. Во тој контекст, дадена е детална содржина на целосниот проспект, скратениот проспект, како и годишниот и полугодишниот извештај за работата на фондот. Важно прашање кое го обработува кандидатот во овој дел е прашањето за изборот помеѓу двата основни пристапа при регулацијата: пристапот на т.н. внимателно (т.е. совесно) лице (Prudent Person Regulation) и пристапот со квантитативни ограничувања во врска со структурата на портфолијата на фондовите. Како позитивни страни на првиот тип регулација (според принципите на внимателност), кандидатот ги истакнува флексибилноста, т.е. приспособливоста кон промените на финансиските пазари, како и ставањето на тежиштето врз транспарентноста и внатрешните механизми на контрола на стратегиите на инвестирање и управување со ризиците. Но, од друга страна, пристапот преку квантитативни ограничувања многу често е присутен посебно во земји со помалку развиени пазари на хартии од вредност, помала расположливост со соодветно знаење, искуство, историја и традиција на бизнисот на инвестирање во хартии од вредност, како и недоволна развиеност на законската и регулациска рамка за ваквиот бизнис. Во овој контекст, кандидатот дава свои согледувања и сугестии во однос на регулацијата на инвестиционите фондови во Република Македонија. Имено, тој смета дека иако споредбените анализи укажуваат на тенденција кон редуцирање на квантитативните ограничувања, сепак, одредени фактори влијаат македонската регулација на фондовите сè уште да се заснова на квантитативните ограничувања. Такви фактори се: традицијата на законодавството, малиот и неликвиден пазар на хартии од вредност, непостоењето на пазар на деривативни инструменти и со тоа поврзаното непостоење искуство (и знаење) за контрола на изложеноста на ризици и сл. Кандидатот препорачува дека е потребно да се започне со подготовки за имплементација на одредени принципи на кои се заснова пристапот на „внимателно лице" и тоа во рамките на процесот на усогласување на македонскиот регулациски систем со системот на ЕУ. Во истата насока, кандидатот препорачува идните регулациски реформи да одат кон афирмирање на процесот на управување со ризиците, подобрување на известувањето во врска со остварувањето на инвестиционите стратегии на фондовите, зајакнување на позицијата на внатрешната контрола во друштвата за управување со фондови, како и комплетно подобрување на системот на корпоративното управување во овие друштва, преку имплементирање на одредени меѓународни стандарди на најдобри практики.

Третата глава на докторската дисертација носи наслов: „Принципи на корпоративно управување и организациона структура на инвестиционите фондови".

една клучна тема за целиот бизнис на инвестиционите фондови кој во суштина е делегирање на инвестиционите одлуки од крајните инвеститори кон професионалните фонд-менаџери. Во неа, најпрво, се дадени неколку општи принципи на добро корпоративно управување, како на пример, квалификуваност на лицата кои ги носат инвестиционите одлуки, добро дефинирање на одговорностите и овластувањата на сите лица во друштвата за управување и во инвестиционите фондови, формулирање на добро структурирана Изјава за принципите на инвестирањето, која ги вклучува инвестиционите цели, инвестиционите стратегии и политики, параметрите за контрола на спроведувањето на исполнувањето на целите и политиката; а, како посебно значаен сет на принципи се дадени принципите и стандардите за управување, мерење, контрола и известување за инвестиционите ризици. Потоа, кандидатот презентира листа на интерни акти потребни за адекватно уредување на одредени прашања од работењето на друштвата за управување, посебно прашањата поврзани со судирот на интереси и инсајдерството. Во оваа глава, кандидатот посебен простор му посветува на моделот на организациона структура на друштвата за управување со инвестициони фондови. Најпрво ги презентира функциите на основните органи на управувањето со друштвата: собранието (на акционери), одборот на директори (кај едностепениот модел) и управниот и надзорниот одбор (кај двостепениот систем). Потоа, кандидатот мошне детално ги опишува трите клучни организациони единици во кои се групираат активностите на друштвото: сектор на Front Office (во кој се лоцира управувањето со портфолијата), сектор на Middle Office (во кој се лоцирани аналитиката, администрацијата, внатрешната контрола и следењето и почитувањето на законите и другите правни прописи) и секторот на Back Office (каде што се лоцирани сметководството и финансиите на друштвото и на самите фондови).

Четвртата глава од докторската дисертација носи наслов: „Инвестирање на инвестиционите фондови". Во оваа глава, кандидатот презентира исцрпна анализа на двата основни пристапа при вреднување на хартии од вредност: фундаменатлна анализа и техничка анализа. Фундаметалната анализа е претставена преку сите нејзини компоненти: анализа на макроскопомските влијанија и фактори (глобалната економија, домашниот бизнис-циклус, домашни макроекономски политики, движења на клучните макроекономски агрегати), анализа на индустријата во која дејствува компанијата-издавач на хартијата од вредност (чувствителноста кон деловниот циклус, фази на животниот циклус на индустријата, конкуренциската структура), анализа на самата компанија-издавач (интегрирана анализа на клучните димензии од работењето преку систем на финансиски соодноси (ratios), PEST и SWOT-анализи), за на крај да бидат дадени двата модели на одредување на вредноста на хартијата од вредност: модел на дисконтирање на дивидендите и модел на користење на пазарни мултипликатори. Техничката анализа е претставена преку бројни технички индикатори и графикони за движењето на историските цени и истргувани количини на хартиите од вредност, како и различни пристапи при формулирањето на стратегиите на тргување засновани на технички правила и индикатори. Во оваа глава е содржан и посебен дел за вреднување на хартиите од вредност со фиксен доход (обврзници).

Исто така, во оваа глава е поместен и дел кој се однесува на практиката на инвестирање на инвестиционите фондови во избрана група на транзициони економии, а во тие рамки, пред се, економии од Југоисточна Европа (Русија, Полска, Чешка, Унгарија, Хрватска, Словенија). Генерално, структурата на фондовската индустрија во

транзиционите економии е резултат на специфичностите на применетите модели за приватизација на државниот капитал и воопшто на процесот на економска транзиција, додека перформансите на фондовите во овие земји во последните години беше под големо влијание на глобалната финансиска криза 2007-2008, како и краткотрајното опоравување на пазарите на капитал во првата половина на 2009 година. Во овој контекст, посебно внимание е посветено на инвестиционите фондови во Хрватска и Словенија, што има особено значење за фондовите и воопшто за пазарот на капитал во Република Македонија, бидејќи најголем дел од странските портфолио инвестиции на македонскиот пазар на хартии од вредност во изминатите три-четири години потекнуваа токму од инвестиционите фондови во овие земји. Во Хрватска, финансиската криза доведе до значително зголемување на релативното учество на паричните фондови, за сметка на осетно намалување на учеството на акциските фондови. Од друга страна, за Словенија е карактеристично високото учество на акциските фондови и многу ниското учество на паричните, па дури и на обврзничките фондови. Но, сепак, заедничко и за двете земји е што нивните инвестициони фондови доживеаја мошне висок пад на вредноста на нивните активи (и во обата случаја над 50%).

Петтата глава од дисертацијата носи наслов: „Инвестициони фондови во Република Македонија". По прегледот на еволуцијата на законската и регулациска рамка, како и кратката историја на постоењето на инвестиционите фондови во РМ, кандидатот се осврнува на прашањето за влијанието на фондовите врз македонскиот пазар на капитал. Тука е посочено позитивното влијание во насока на пораст на општото ниво на транспарентност на пазарот на капитал и воведување поадекватни методи на вреднување на хартиите од вредност, заедно со фактот дека во кризните години 2008-2009, падот на вредноста на портфолијата на фондовите беше релативно помал во споредба со падот на главниот берзански индекс на македонскиот берзански пазар. Во овој контекст, кандидатот презентира и статистичка, т.е. регресиона анализа на влијанието на активноста на странските инвеститори врз нивото на активност на Македонската берза. Истражувањето покажува дека голем дел од варијабилитетот на прометот на берзата е објаснет со варијабилитетот на прометот на странските инвеститори, што зборува во прилог на мислењето дека во последните четири години активноста на македонскиот берзански пазар во голема мера беше под влијание на активноста на странските инвестициони фондови.

Овој петти дел е финализиран со сериозен обид на кандидатот да презентира свои сопствени препораки за мерки и активности кои би можеле да придонесат за натамошен позабрзан развој на инвестиционите фондови во РМ. Во тој контекст, кандидатот ги наведува следниве мерки и активности: (i) воведување можности за репо-договори; (ii) формирање на комплетна крива на принос, преку издавање на подолгорочни обврзници (3-10 години) од страна на државата, што во голема мера ќе го подобри вреднувањето на инструментите со фиксен доход и ќе ја зголеми активноста на овој сегмент од берзанскиот пазар; (iii) поволен даночен третман на добивките по основ на уделите, а особено, отстранување на фаворизираната позиција на банкарските депозити во споредба со уделите во отворените фондови која произлегува од тоа што каматите по депозитите се ослободени од оданочување; (iv) проширување на законските можностите за вклучување на сите финансиски институции (банкарски и небанкарски) во активностите на продажба на удели во инвестиционите фондови, и сл.

## Оцена и предлог

Со оглед на фактот дека нивото на развиеност на секторот на инвестициони фондови, како најзначајни институционални инвеститори, го рефлектира нивото на развиеност на одреден пазар на капитал, кандидатот м-р Димче Лазаревски се зафатил со тема која има посебно значење за идниот развој на македонскиот пазар на капитал. Научниот придонес на докторската дисертација на м-р Димче Лазаревски може да се согледа во следново:

Кандидатот дава мошне продлабочена анализа, но и свои препораки, во однос на две клучни прашања за индустријата на инвестициони фондови во земји како што е Република Македонија: регулацијата и корпоративното управување. Во однос на првото прашање, кандидатот го анализира преминот од регулација преку квантитативни ограничувања кон регулација базирана на принципите на т.н. "внимателно (т.е. совесно) лице во контекст на процесот на хармонизација на македонскиот регулациски систем со системот на Европската унија. Во однос на второто прашање, кандидатот, мошне подробно и со бројни сопствени согледувања, презентира една разработена рамка на акти на инвестиционите фондови со кои се формулира инвестиционата стратегија на фондот, но и се уредуваат многу суптилни прашања, како што се: контролата на спроведување на стратегијата, управувањето со ризиците, решавањето на ситуациите на конфликти на интереси и инсајдерството. Во овој контекст, кандидатот, исто така, дава еден модел за организациското групирање на функциите на фондовите во три сектори.

Понатаму, кандидатот ги извлекол основните карактеристики и тенденции на активностите на инвестиционите фондови во две земји од поширокиот регион, кои се мошне релевантни од аспект на Република Македонија, а тоа се Хрватска и Словенија. Анализата на однесувањето на инвестиционите фондови во овие две земји, посебно во периодот на финансиската криза, 2007-2008, ги покажува промените во односот на инвеститорите кон ризикот, како и големата изложеност на фондовите кон флуктуациите на цените на пазарите на капитал.

Кандидатот, исто така, направил вреден напор да ја истражи поврзаноста на активноста на странските портфолио-инвеститори и активноста на македонскиот пазар на хартии од вредност (т.е. на Македонската берза). Со помош на регресиона статистичка анализа дошол до емпириска евиденција која зборува во прилог на тезата дека во изминатите четири години, голем дел од варијабилитетот на прометот на Македонската берза може да се објасни со варијабилитетот на прометот иницииран од странските инвеститори.

Посебно треба да се одбележи и фактот дека кандидатот дава и свои препораки за идните мерки и активности, како во рамките на регулацијата, така и во рамките на економските политики, кои можат да придонесат за позабрзан развој на секторот на инвестициони фондови во Република Македонија. Таквите мерки и активности се однесуваат на: збогатување на понудата на финансиски инструменти, што, од една страна, би го подобрило вреднувањето на хартиите од вредност на македонскиот пазар, а од друга страна би отворило можности за подобро управување со ризиците од страна на инвестиционите фондови; потоа, мерки поврзани со даночниот третман на уделите

во фондовите наспроти конкурентните финансиски инструменти, како и проширување на можностите за вклучување на поголем број (квалификувани) институции во промовирањето на фондовите и дистрибуцијата на нивните удели.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени за научниот придонес, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Улогата и влијанието на инвестиционите фондови врз развојот на пазарот на капитал во земјите од Југоисточна Европа", поднесена од кандидатот м-р Димче Лазаревски, заклучува дека кандидатот покажал адекватно владеење со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите на докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: „Улогата и влијанието на инвестиционите фондови врз развојот на пазарот на капитал во земјите од Југоисточна Европа", и
2. да му одобри на кандидатот м-р Димче Лазаревски јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, јануари 2010 год. Комисија за оцена и одбрана

Проф. д-р Михаил Петковски с.р.

Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.

Проф. д-р Љубе Трпески с.р.

Проф. д-р Горан Петрески с.р.

Проф. д-р Методија Несторовски с.р.

# ПРЕГЛЕД

## на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје

на 361 седница на Наставно – научниот совет одржана на 03.02.2010 година

| Ред бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Јованка Насевска, дипл.геод.инж. | Примена на глобалните геопотенцијални модели во процесот за предвидување на линеарните функционали на аномалискиот потенцијал | Проф. д-р Тодор Делипетров, Униврзитет "Гоце Делчев" од Штип |
| 2 | Магдалена Ќорнакова, дипл.град.инж. | Анализа на влијанието од натоварување со снег врз глобалната сигурност на челичните покривни конструкции | Проф. д-р Петар Цветановски |
| 3 | Драган Стамев, дипл.град.инж. | Компарација на резултатите од статичко-динамичка анализа за мостовска конструкција проектирана по технологија на конзолно градење, а изведена според различни прописи | Проф. д- р Зоран Десовски |
| 4 | Марјан Копевски, дипл.град.инж. | Функционални елементи за смирување на сообраќајот на секундарната градска мрежа | Проф. д-р Радојка Дончева |
| 5 | Иван Петковски, дипл. град.инж. | Статички нелинеарни методи за оценка на однесување на А.Б. рамовски конструкции на сеизмички дејства | Проф. д-р Љупчо Лазаров |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ, ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ, ЕСТЕТИКА НА БОЈА И ПРОСТОР (ПРОДЛАБОЧЕНА НАСТАВА), ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ 2 И ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ 2 (ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ) ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО И ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на својата II седница одржана на 22.10.2009 година, нè избра за рецензенти за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од областа на ликовната уметност – ликовно изразување и пластично обликување.

На распишаниот конкурс објавен во весниците „Дневник" и „Коха", од 8.10.2009 година се пријавија тројца кандидати:

- м-р Иво Пецов, графичар;
- м-р Анка Данаиловска, дипломиран графичар со графички дизајн, и
- м-р Елизабета Аврамовска, академски сликар и досегашен вонреден професор на Архитектонскиот факултет.

Врз основа на поднесената документација и увидот во неа, до Наставно-научниот совет на Факултетот го доставуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**М-р Иво Пецов**

**1. Биографски податоци**

**1.1. Образование**

- Кандидатот магистер и дипломиран професор Иво Пецов е роден на 17.3.1980 година во Виница, Република Македонија
- Во периодот 1995-1999 година гооформил средното образование во училиштето за применета уметност „Лазар Личеновски" во Скопје, и тоа во областа **графика.**
- Од 1999 до 2003 година студирал и дипломирал на Националната ликовна академија во Софија, Р. Бугарија, стекнувајќи се со диплома за ***дипломиран професор по ликовни уметности*** (нострифицирана во Р. Македонија во 2005 година, за завршено високо образование и стекнат стручен степен - *дипломиран професор по ликовна уметност*).
- Од 1.10.2003 до 3.2.2005 година ги завршил магистерските студии на Националната ликовна академија во Софија, Р. Бугарија, со највисока оценка (6), и се стекнал со дипломата ***магистер по областа графика*** (дипломата е нострифицирана во Р. Македонија во 2005 година, за завршени постдипломски студии и стекнат *академски степен - магистер по графика*).
- Во периодот од 1.11.2006 до 1.11.2009 година бил студент на докторските студии на Националната ликовна академија во Софија, Р.Бугарија (студиите не се завршени).

**1.2. Работно искуство**

- Од 27.8.2007 до 30.6.2008 година работел како наставник по ликовно образование во приватното основно и средно училиште „Св. Георги" во Софија, Р. Бугарија.
- Од 19.11.2005 до 16.3.2007 година работел во "Bulgarian United Film Organizacion", Софија, Р. Бугарија, во областа на филмската продукција.

## 2. Наставно-образовна и стручно-уметничка дејност
## 2.1. Наставно-образовна дејност

Кандидатот Иво Пецов работел како професор по ликовна уметност во училиште за основно и средно образование во текот на една учебна година (од август 2007 до јуни 2008 година, предавајќи неколку предмети од уметноста и сликарството (предмети со теоретски и практичен карактер) (види 1.2.).

Комисијата истакнува дека согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања, наставно-образовната дејност (НО) во основните и средните училишта не претставува референца за вреднување при избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## 2.2. Стручно-уметничка дејност (НИ + СУ)
### 2.2.1. Научноистражувачка дејност

Во оваа област достигањата на кандидатот се реферираат само преку постдипломските студии:

- магистерски (завршени);
- докторски (незавршени).

Во нив, неговите преокупации се: теорија и историја на уметност, графика, сликарство, филозофија на уметност, иконографија и др.

### 2.2.2. Стручно-апликативна дејност

- Кандидатот Иво Пецов, за време на својата работа во "Bulgarian United Film Organizacion", Софија, Р. Бугарија, работел на сценографија и костимографија. Нема податоци за конкретните проекти во кои учествувал.
- Во пријавата кандидатот наведува дека работел графички дизајн и веб-дизајн, но нема податоци за конкретните проекти, ниту времето кога се тие изработени.

### 2.2.3. Уметничка дејност
**Групни изложби:**

Во периодот од 2002 до 2008 година, Иво Пецов учествувал во поголем број групни изложби на домашната и на меѓународната сцена:

- 2008, Софија, Бугарија, Галерија на Националната ликовна академија;
- 2008, Скопје, Македонија, годишна изложба на уметниците на ДЛУМ, Музеј на град Скопје;
- 2006, Скопје, Македонија, 11-ти Зимски салон, Музеј на современа уметност, селектор: Dr. Rolf Kulz – Mackenzie;
- 2005, Скопје, Македонија, Прва изложба на карикатури на НАТО: „Светот и Македониа";
- 2005, Виница, Македонија, Дом на културата изложба на уметниците на УМ;
- 2005, Скопје, Македонија, ДЛУМ-графика, НУБ „Св. Климент Охридски";
- 2005, Скопје,Македонија, арт-салон на ДЛУМ;
- 2004, Европа, Португалија, "4th Printmaking Festival of Evora-International Biennial";
- 2003, Битола, Македонија, Интернационално графичко триенале;
- 2003, Софија, Бугарија, Втора интернационална изложба на мала графика "Lesedra";
- 2002, Нова Загора, Бугарија, „Младешки центар";
- 2002, Штип, Македонија, Дом на културата, Штипско културно лето

**Самостојни изложби**

Во периодот од 2001 до 2006 година имал три самостојни изложби во Р. Македонија:

- 2006, Виница, Македонија Дом на културата,
- 2004, Скопје, Македонија „Отворено графичко студио" (Музеј на град Скопје);
- 2001 Виница, Македонија Дом на културата.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Иво Пецов
Институција: ________________
Научна област: ликовна уметност

НАСТАВНООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | ВКУПНО | 0 |

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ + СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 2. | Самостојни изложби во Р. Македонија - 3x4 | 12 |
| 3. | Групна меѓународна изложба во Р.М (меѓународна селекција) - 1 x 2 | 2 |
| 4. | Групни изложби во Македонија - 7 x 1 | 7 |
| 5. | Групни меѓународни изложби во странство - 4x3 | 12 |
| | ВКУПНО | 37 |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | ВКУПНО | 0 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 0 |
| НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 4 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 33 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА | 0 |
| ВКУПНО | 37 |

Членови на Комисијата

1. ________________________, претседател, с.р.
2. ________________________, член, с.р.
3. ________________________, член, с.р.
4. ________________________, член, с.р.

**М-р графичар Анка Данаиловска**

1. **Биографски податоци**
1.1. **Образование**

- Кандидатката магистер и графичар Анка Данаилова е родена на 2.3.1972 година во Куманово, Република Македонија.
- Во 1995 година дипломирала на Факултетот за ликовни уметности (ФЛУ) во Скопје, на Одделот за графика со графички дизајн.
- Во 1998 година положила три испити на Филозофскиот факултет во Скопје (педагогија, методологија и психологија), со што се стекнала со квалификација за изведување настава во образованието.
- Во 2000 година положила три испити на ФЛУ во Скопје, за педагошка, психолошка и методска подготовка (македонски јазик, вајање и методика на наставата по ликовна култура), со што се стекнала со додатни квалификации за изведување на настава во образованието.
- Во 2005 година завршила постдипломски студии во траење од три семестри и се стекнала со академски степен - ***магистер на ликовни уметности – графика,*** на Националната уметничка академија во Софија, Р. Бугарија (дипломата е нострифицирана во Р. Македонија во 2005 година).
- Во 1995 година проследила курс и се здобила со сертификат за англиски јазик на St. Yoseph 'S Hall Oxford, Англија.
- Во 1996 година завршила петти степен настава по англиски јазик во Центарот за странски јазици во Скопје, Р. Македонија.

1.2. **Работно искуство**

- Кандидатката м-р Анка Данаиловска во приложената биографска документација наведува дека има педагошко работно искуство реализирано во неколку училишта во Куманово, но не навела во кој период тие се реализирале, кои се училиштата и кое ниво (степен) на образование се изведувало во него. Исто така не наведува кои предмети ги реализирала во наставата.
- Кандидатката денес има статус на самостоен уметник и во 2009 година од страна на Министерството за култура на Р. Македонија ѝ е одобрен месечен надомест за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување.

2. **Наставно-образовна и стручно-уметничка дејност**

2.1. **Наставно-образовна дејност**

Податоците се наведени под 1.1.3.

Комисијата истакнува дека согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања, наставно-образовната дејност (НО) во основните и средните училишта не претставува референца за вреднување при избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2.2. **Стручно-уметничка дејност (НИ + ЦУ)**

2.2.1. **Научноистражувачка дејност**

Во оваа област, достигнувањата на кандидатката се реферираат само преку постдипломските студии, магистерски, наведени под 1.1., а кои ги завршила со одлична оценка (6).

**Студиски престои:**

Кандидатката имала два студиски престоја:

- Во 2000 година имала студиски престој на Cite International des Arts, во Париз, Франција. Кандидатката не навела колку време траел тој престој, па Комисијата го бодираше со минимален број на бодови;
- Во 2006 година имала студиски престој во Њујорк, САД. Кандидатката не навела во која институција е реализиран престојот, каков карактер имал тој, колку тој траел и не е приложен документ (сертификат) за реализација на истиот, па затоа Комисијата немаше можност да го валоризира.

### 2.2.2. Стручно-уметничка дејност

**Изложби**

Во периодот од 1995 до 2009 година кандидатката учествувала на бројни групни изложби во Р. Македонија, на бројни меѓународни групни изложби во и надвор од Македонија, како и на 12 самостојни изложби.

**Самостојни изложби:**

- 1997 Куманово, Р.Македонија
- 1998 Скопје, Р. Македонија
- 2002 Париз (Франција), Струмица, Куманово (Македонија)
- 2004 Софија, Р.Бугарија
- 2005 Скопје, Куманово, Р. Македонија
- 2006 Марибор (Словенија), Берлин (Германија)
- 2007 Гевгелија, Р. Македонија
- 2009 Скопје, Р. Македонија.

**Групни изложби:**

- 1995 Изложба на кумановски ликовни уметници
- 1996 Изложба на кумановски ликовни уметници
- 1998 Изложба на МАК-ГРАФ во Скопје
- 1998 Изложба на „Мал формат" на ДЛУМ во Скопје
- 1998 Изложба на „Зимски салон" на ДЛУМ во Скопје
- 1999 Изложба на „Мал формат" на ДЛУМ во Скопје
- 2000 Изложба на „ДЛУМ – цртеж" во Скопје
- 2000 Изложба на „ДЛУМ – графика" во Скопје
- 2000 VIII зимски салон на ДЛУМ во Скопје
- 2001 Биенално студио за цртеж во Штип
- 2002 9-ти Зимски салон на ДЛУМ во Скопје
- 2002 48. годишна изложба на ДЛУМ
- 2002 Изложба на кумановски ликовни уметници
- 2002 Изложба на минијатури на ДЛУМ
- 2002 Изложба Пејзаж – ДЛУМ
- 2003 Изложба на ДЛУМ – цртеж
- 2002 33. графичка изложба на ДЛУМ
- 2003 50. (ревијална) изложба на ДЛУМ
- 2003 "Проартс-фестивал", изложба на членовите на Проартс во МСУ
- 2003 Изложба „Кумановски графичари"
- 2004 Биенална изложба на Зимски салон на ДЛУМ во МСУ
- 2004 Групна изложба на графика на членовите на ДЛУМ во НУБ – Скопје
- 2004 Групна изложба на графика во Хрватска од македонски автори
- 2004 Изложба на кумановски ликовни уметници
- 2004 Изложба на кумановски графичари

- 2004 Изложба на ДЛУМ – цртаж
- 2004 Ревијална изложба на ДЛУМ
- 2005 Изложба ДЛУМ – графика во НУБ, Скопје
- 2005 Ревијална изложба на ДЛУМ
- 2005 Изложба на кумановски графичари во Куманово
- 2006 Изложба на минијатура на ДЛУМ во Скопје
- 2008 Ревијална изложба во Скопје на ДЛУМ.

**Групни меѓународни изложби во и надвор од Р. Македонија:**

- 1997 Меѓународно графичко триенале – Битола, Р.Македонија
- 1997 Меѓународно графичко биенале на сува игла – Ужице, СР Југославија
- 1997 Меѓународна изложба на мала графика- Лесковац, СР Југославија
- 1998 Меѓународно графичко биенале – Province de Namur, Belgique
- 1998 Изложба на V меѓународно биенале на уметност на минијатури – Горњи Милановац, СР Југославија
- 1999 Меѓународна изложба на мала графика - Белград, СР Југославија
- 2001 Меѓународно графичко триенале – Kanagava, Japan
- 2001 V графичко биенале" на сува глава – Ужице, СР Југославија
- 2003 IV графичко биенале" на сува глава – Ужице, СР Југославија
- 2002 Хуманитарна изложба на мал формат „Децата на мирот" во Полска
- 2003 Меѓународно графичко триенале во Krakov, Polska
- 2003 Изложба на минијатури во Софија, Р. Бугарија
- 2004 Меѓународно графичко триенале – Софија, Р. Бугарија
- 2004 Меѓународна изложба на графика „Три балкански града" – Ниш, Р. Србија
- 2004 Студентска изложба на "НХА" – Софија
- 2005 Меѓународно биенале на графика во Варна, Р.Бугарија
- 2005 Меѓународна изложба на графика "Три балкански града" во Софија, Р. Бугарија
- 2005 Меѓународно графичко биенале на сува игла во Ужице, Србија
- 2005 Меѓународна изложба на слики во Гевгелија, Македонија
- 2006 Меѓународно триенале на графика на мал формат во Chamalires, Франција
- 2006 5. Меѓународно графичко триенале во Египет
- 2006 Меѓународно графичко триенале во Cracow, Полска
- 2006 Меѓународно графичко триенале во Битола, Македонија
- 2006 2 Меѓународна изложба на женскиот принцип во Malmoe, Шведска
- 2006 BIPAF - меѓународна графичка изложба во Busan, Кореја
- 2006 5. Меѓународна изложба на мала графика во Cremona, Италија
- 2007 Меѓународна групна изложба Prima Eroica, Берлин
- 2008 Меѓународно сликарска изложба од колонијата во Пелинце, Куманово, Македонија
- 2008 Меѓународна сликарска изложба од колонијата во „Св. Јоаким Осоговски" во Куманово, Македонија
- 2009 Меѓународно графичко биенале во Guanlan, Кина
- 2009 Меѓународно графичко биенале во Варна, Бугарија
- 2009 Изложба на ДЛУМ во Софија, Бугарија.

**Награди**

Во периодот од 1998 до 2005 година, кандидатката се здобила со седум награди.

- 1998 Откупна награда на Галеријата „Мијачки зографи"
- 1998 Награда за „Мал формат" на ДЛУМ
- 2000 Откупна награда за „Цртеж" од НУБ
- 2000 "Голема графичка награда" на ДЛУМ
- 2002 Награда за графика „Димче Николов"
- 2003 Награда за цртеж „Никола Мартиновски"
- 2005 Откупна награда за графика на ТВ Телма.

**Меѓународни ликовни колонии:**

Во периодот од 1996 до 2008 година, кандидатката учествувала на 12 меѓународни ликовни колонии во и надвор од Р. Македонија:

- 1996 Меѓународна ликовна колонија - Куманово, Р. Македонија
- 1998 Меѓународна ликовна колонија – Копаоник, СР Југославија
- 1998 Меѓународна ликовна колонија – Кичево, Р. Македонија
- 2004 Меѓународна графичка ликовна колонија - Самоков, Р. Бугарија
- 2005 Меѓународна сликарска колонијата во Гевгелија, Р. Македонија
- 2005 Меѓународна графичка работилница во Белград, Србија
- 2006 Меѓународна сликарска колонија во Гевгелија, Р. Македонија
- 2006 Меѓународна сликарска колонија Делиблатски песак, Панчево, Србија
- 2006 Меѓународна сликарска колонија Пале – Јахорина, Босна
- 2007 Меѓународна сликарска колонија Св. Јоаким Осоговски, Р. Македонија
- 2008 Меѓународна сликарска колонија Пелинце, Р. Македонија
- 2008 Меѓународна сликарска колонија Горанска, Србија.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Анка Драги Данаиловска
Институција: Слободен уметник
Научна област: ликовна уметност

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | ВКУПНО | 0 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ + СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 2. | Самостојно јавно претставување со ликовни дела во странство - 4x5 | 20 |
| 3. | Самостојно јавно претставување со ликовни дела во РМ - 8x4 | 32 |
| 4. | Групно јавно претставување со ликовни дела (меѓународна селекција и жирирана манифестација) во странство - 27x3 | 81 |
| 5. | Групно јавно претставување со ликовни дела (се-ектирана и жирирана манифестација) во РМ - 4x2 | 8 |
| 6. | Групно јавно претставување со ликовни дела во странство (посебни проекти) - 2x2 | 4 |
| 7. | Групно јавно претставување со ликовни дела во РМ - 31x1 | 31 |
| | ВКУПНО | 180 |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество на меѓународни ликовни колонии - 12x4 | 48 |
| 2. | | |

| | Дејности од поширок интерес | |
|---|---|---|
| 1. | Студиски престој – Франција | 0,5 |
| 2. | Награди - 8х1 | 8 |
| | ВКУПНО | 56,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 0 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 4 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 176 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА | 56,5 |
| ВКУПНО | 236,5 |

Членови на Комисијата

1.___________________________, претседател, с.р.
2. ___________________________, член, с.р.
3. ___________________________, член, с.р.
4. ___________________________, член, с.р.

**М-р Елизабета Аврамовска, академски сликар со графички дизајн**

**1. Биографски податоци:**

**1.1. Образование**

- Кандидатката м-р Елизабета Аврамовска е родена на 3.7.1956 година во Скопје, Р. Македонија.
- Во учебната 1975/76 се запишала на Архитектонскиот факултет во Скопје, каде што апсолвирала во 1985 година.
- Во учебната 1980/81 година се запишала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", каде што дипломирала во 1984, на Сликарскиот оддел, во класата на проф. Петар Мазев.
- Во учебната 1995/96 година магистрирала на Катедрата за историја и филозофија на уметноста и архитектура на Централноевропскиот универзитет (CEU) во Прага, Р. Чешка, со средна оценка 6+, под менторство на проф. д-р Ијан Џефри, професор на постдипломските магистерски студии на University of London, во Лондон, Англија.
- Во учебната 2008/09 - нострификација на дипломата од постдипломските магистерски студии на CEU од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија, со што се стекнала со звањето магистер по сликарство.

**1.2. Работно искуство**

- На 15.4.1986 година, кандидатката се вработила на Архитектонскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како помлад асистент – приправник на групата предмети од областа ликовна уметност.

- Во 1987 година е избрана за помлад асистент по групата предмети од областа на ликовната уметност.

- Во периодот 1987-1990 година, за време на летните распусти хонорарно работела во архитектонските бироа на Francis associates, 56 Teville road, Worthing, West Sussex и Miller associates, 49 Tarrant street, BN18 9DJ, Arundel, West Sussex, Англија.

- Во периодот 1987-1996 година, работела на сценографии и костимографии за Македонскиот народен театар во Скопје.

- Во 1994 година е избрана за асистент на групата предмети од областа ликовна уметност на Архитектонскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Р. Македонија.

- Во 1998 година е избрана во звањето доцент на групата предмети од областа ликовна уметност на Архитектонскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Р. Македонија.

На 12.2.2004 година е избрана во звањето вонреден професор на групата предмети од областа ликовна уметност на Архитектонскиот факултет во Скопје.

## 2. Наставно-образовна, научна и стручна дејност

### 2.1. Наставно-образовна дејност (НО)

- Од изборот во звањето вонреден професор до сега, кандидатката, на Архитектонскиот факултет во Скопје, ги води наставата и вежбите по: ликовно изразување и пластично обликување (по стара наставна програма), а од 2007/2008 ги води наставата и вежбите по истите предмети според ЕКТС-програмата.

- Од учебната 2007/2008 ја води наставата по предметите естетика на боја и простор во продлабочената настава по старата наставна програма на Архитектонскиот факултет.

- Од учебната 2008/2009 учествува во наставата на студио I и студио III, според новата ЕКТС-програма на Архитектонскиот факултет.

- Од 2000/2007 година (во континуитет) со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, одржува настава и на додипломските студии на Шумарскиот и Земјоделскиот факултет во Скопје, на Институтот за дрвна индустрија и на Институтот за шумарство, по предметите:

- ликовно изразување со пластично обликување, на насоката проектирање и технологија на мебел и ентериер (ПТМЕ);

- слободорачно цртање со пластично оформување, на насоката озеленување и облагородување на човековата околина,

- историја на уметност, на насоките ПТМЕ и механичка технологија на дрвото.

Неколку пати била член на комисија за изработка на дипломска работа, на Архитектонскиот факултет во Скопје и на Шумарскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Р. Македонија.

Кандидатката м-р Елизабета Аврамовска, во наставата на Архитектонскиот факултет воведува содржини со кои групата предмети од областа на ликовните уметности ги приближува до архитектонската проблематика. Заради современото значење на графиката, кандидатката неа ја воведува во наставата како иновација и како модус на изразување, оспособувајќи ги студентите во совладување и примена на техниката.

Во наставата кандидатката особено внимание посветува на градењето и развивањето на критериумите за непречено артикулирање на индивидуалноста и идејно-естетскиот ликовно-визуелен израз, како и развивањето на конструктивно-критичката/самокритичката мисла и селективната моќ кај студентите, неопходна во нивната стручна подготовка која со себе носи огромна одговорност, не само лична туку и општествена.

Надвор од наставната програма на предметите, кандидатката за студентите одржува авторски предавања за современите случувања во уметноста, архитектурата и дизајнот. Во иста насока организира низа предавања на домашни и странски млади автори - визуелни уметници, архитекти, дизајнери, социолози, писатели, историчари на уметност, филолози и др. Со тоа на студентите им овозможува директен контакт и увид во можностите на современите случувања во уметноста, архитектурата и културата воопшто и ја стимулира идејата за мултидисциплинарност во процесот на креирање.

Во таа смисла, Комисијата наведува дел од предавањата кои ги организирала.

- 2008 - шпанско-јапанскиот архитект Кеј Портиља Кавамура, на тема: „Неформална архитектура и дизајн" во амфитеатарот на Архитектонскиот факултет во Скопје. Архитектот Кеј Портиља Кавамура работи како самостоен архитект во сопствено студио во Шпанија и Швајцарија.

- 2007 - академската графичарка Неда Фирфова, постдипломец на Факултетот за дизајн и мултимедија во Токио, Јапонија, на тема: „Графички знаци", во ателјето за ликовна уметност на Архитектонскиот факултет во Скопје.

- 2005/06 - академскиот графичар Душан Дракалски, креативен директор во агенцијата New Moment во Скопје, на тема: „Елементи, изведба и реализација на графичкиот дизајн и анимацијата", во ателјето за ликовна уметност на Архитектонскиот факултет во Скопје.

- 2006 - уметниците/архитекти од Данска, Тео Огрен и Бјорн Хегарт, по повод нивната изложба „Скопски виор" во Press 2 exit, во ателјето на Факултетот.

2005 - организира изложба на студентите од II година „Лампи од рециклирани материјали", генерација 2004/05, во рамките на манифестацијата „Бела ноќ" во Домот на градежниците.

- 2005 - предавање и презентација на ликовниот уметник Луис Ајкли, постдипломец на чикашката ликовна академија, САД и др.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатката од областа на наставно-образовната дејност.

## 2.2. Научноистражувачка и стручно-уметничка дејност (НИ + СУ)

Кандидатката активно учествува на повеќе национални и меѓународни стручни собири, симпозиуми, форуми, фестивали и изложби со свои предавања, реферати во Р. Македонија, активности и дела во земјата и во странство.

- На Меѓународниот форум за архитектура „Форум Скопје" (финансиран од странски организации), кој се одржува две години по ред – 2008 /09 година, учествува со свои предавања за концептот во архитектурата и уметноста и за интервенциите во архитектурата, паралелите и реакциите, укажува на значењето на концептот во архитектурата, правејќи паралели на тековните случувања кај нас и во светот, подвлекувајќи ја потребата од концептуално, креативно-ликовно и критичко обликување на урбаните средини; на слични теми одржува предавање и во Собранието на град Скопје.

- Во 2008 година, на покана од Македонскиот центар за фотографија, кандидатката реализирала предавање во рамките на Меѓународната конференција „Фотографијата – дел од уметничкиот концепт", организирана од Македонскиот центар за фотографија и Мултимедијалниот центар „Мала станица", Скопје, Р. Македонија.

- Во 2006 година кандидатката, заедно со акад. проф. д-р Ката Ќулавкова, е претставник на Р. Македонија на Третиот фестивал на УНЕСКО „Жените и традицијата", со три предавања и учесник на Меѓународната изложба на Фестивалот „Жени - креаторки помеѓу две мориња – трет фестивал", УНЕСКО - центар за жени и мир, Солун, **Грција.**

- Во учебната 2004/05 по покана, одржала предавање и презентација на сопственото ликовно творештво на Катедрата за Македонски јазик на Филолошкиот факултет во Познањ, Полска. Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите професионални референци и активности на кандидатката од областа на стручно-уметничката и научноистражувачката дејност.

## 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС (СА)

- Во 2009 година, во својство на член на Организациониот одбор на „Форум Скопје", кандидатката е претставник на Р. Македонија на меѓународната тркалезна маса „Самоорганизирање на уметниците за подобрување на нивната позиција", Центар за урбана култура „Кино Шишка", Љубљана, Словенија.

- На покана од Министерството за образование и наука, кандидатката е рецензент на предлог-научноистражувачкиот проект: „Охридско резбарско училиште (1925 – 1949)", од проф. д-р Павле Митрески.

- Во учебните 2007/08 и 2008/09 година учествувала во промотивните активности на Архитектонскиот факултет во Скопје со предавања и вежби на ДЕМО-тестирањето од областа на ликовната уметност, како и подготвување на програма и реализирање на настава на подготвителната настава на Факултетот за време на летниот период.

- Во учебната 2004/2009 година (2,5 мандата) е член на Македонскиот регионален борд за култура на Швајцарската програма за култура – „Про хелвеција" во Скопје, која поддржува и финансира научноистражувачка/стручно-уметничка дејност.

- Во 2006 година, кандидатката, како делегат, учествувала во изработката на националните програми од областа на културата и уметностите на Националниот борд за култура на „Про хелвеција" на Генералната меѓународна конференција на националните бордови на Швајцарската програма за култура на Југоисточна Европа и Украина – „Про хелвеција", во Синаја, Ромунија.

- Во 2004 година, на покана од Советот на Европа, учествувала со предавање на меѓународна конференцијата „Жени-научници", организирана од Советот на Европа во Брисел, Белгија. Како заокружување на учеството на таа Конференција, во 2005 година е поканета како претставник на Р. Македонија на генералната конференција на Советот на Европа на тема „Жени научници", организирана од Советот на Европа во Талин, Естонија.

- Во 2005 година, е претседател на жири-комисијата на конкурсот за фонтана на плоштадот „Македонија", организиран од Собранието на град Скопје.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите професионални референци и активности на кандидатката од областа на стручно-апликативната дејност, како и од дејноста од поширок интерес.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат** **Елизабета Драгутин Аврамовска**
**Институција:** **Архитектонски факултет – Скопје, Шумарски факултет**
**Научна област:** **ликовна уметност и историја на уметноста**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)

| | **Настава на Архитектонскиот факултет:** | |
|---|---|---|
| Ред. бр | **Назив на активноста:** | **Поени** |
| 1. | **Ликовно изразување, ЕКТС,** I циклус студии, зимски сем., 2009/10, (28 контакт часа/сем), 10 групи: пред.(4 часа/сем.x 0,04) + вежби (24 часа/сем. x 0,03 x 5 групи)=0,16+3,6 = | 3,76 |
| 2. | **Пластично обликување, ЕКТС,** I циклус студии, летен 2008/09, (42 контакт час/сем), 8 групи: пред. (6 ч./сем. x 0.04) + вежби (36 ч./сем. x 0,03 x 4 групи) = 0,24 + 4,32= | 4,56 |
| 3. | **Пластично обликување, ЕКТС,** I циклус студии, зимски 2008/09, (42 контакт час/сем.),8 групи: пред.(6чх0,04) + вежби (36х0,03х4 гр) = 0,24+4,32= | 4,56 |
| 4. | **Ликовно изразување, ЕКТС,** I циклус студии, летен 2007/08, (28 контакт часа/сем), 8 групи: пред.(4х0,04)+вежби (24х0,03х4гр)=0,16+2,88 | 3,04 |
| 5. | **Ликовно изразување, ЕКТС,** I циклус студии, зимски 2007/08, (28 контакт часа/сем.),8 групи: пред.(4ч.х0,04)+вежби(24х0,03х4гр)=0,16+2,88 = | 3,04 |
| 6. | **Естетика на боја и простор** (стара програма), летен 2008/09, (1+0), пред. (1 час x 15 недели x 0,04) = | 0,6 |
| 7. | **Пластично обликување** (стара програма), летен 2006/07, (1+2), 10 гр. пред. (1ч.х15 нед. x 0,04) + вежби:(2ч. x15 нед. x 0,03 x 5гр)= 0,6+4,5 = | 5,1 |
| 8. | **Пластично обликување** (стара програма), зимски 2006/07, (1+2), 10 гр. пред. (1ч.х 15 нед.х 0,04)+вежби:(2ч. x 15 нед x 0,03 x 5 гр.)= 0,6+4,5 = | 5,1 |
| 9. | **Ликовно изразување** (стара програма), летен 2005/06, (1+3), 10 гр: пред. (1ч.х 15 нед.х 0,04) + вежби:(3ч.х 15 нед.х 0.03х5 гр)= 0.6 + 6,75 = | 7,35 |
| 10. | **Ликовно изразување** (стара програма), зимски 2005/06, (1+3), 10 гр: пред. (1ч.х 15 нед.х 0,04) + вежби:(3ч.х15 нед.х 0,03 x 5 гр)= 0,6+9 = | 7,35 |
| 11. | **Пластично обликување** (стара програма), летен 2004/05, (1+2), 12 гр: пред. (1ч.х 15 нед.х 0,04) + вежби:(2ч.х 15 нед.х 0,03 x 6 гр) = 0,6+5,4 = | 6 |
| 12. | **Пластично обликување** (стара програма), летен 2004/05, (1+2), 12 гр: пред. (1ч.х 15 нед.х 0,04) + вежби: (2ч.х 15 нед.х 0,03 x 6 гр) = 0.6+ = | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | **Ликовно изразување** (стара програма), зимски 2003/04, (1+3), 10 гр:<br>пред. (1ч.x 15 нед. x 0,04) + вежби: (3ч.x 15 нед.x 0,03 x 5 гр) = 0,6+6,75 = | 9,6 |
| 14. | Консултации со студенти, 2008/09, 89 студенти x 0,002= | 0,178 |
| 15. | Консултации со студенти, 2007/08, 91 студенти x 0,002= | 0,182 |
| 16. | Консултации со студенти, 2006/07, 113 студенти x 0,002= | 0,226 |
| 17. | Консултации со студенти, 2005/06, 103 студенти x 0,002= | 0,206 |
| 18. | Консултации со студенти, 2004/05, 130 студенти x 0,002= | 0,26 |
| 19. | Консултации со студенти, летен сем. 2004, 120 студенти x 0,001 = | 0,12 |
| 20. | Член на комисија за дипломска работа (3 студенти) | 0,3 |
| | Настава на Шумарскиот факултет<br>**(Институт за дрвна индустрија и Институт за шумарство):** | 65,282 |
| 21. | **Ликовно изразување со пластично обликување, ЕКТС, I циклус** студии, летен 2006/07, насока: ПТМЕ (проектирање на мебел и ентериер), (4 контакт часа неделно), 6 групи:<br>пред. (1ч. x 15 нед. x 0,04) + вежби: (3ч.x 15 нед.x 0,03 x 3 гр) = 0,6+4,05 = | 4,65 |
| 22. | **Ликовно изразување со пластично обликување, ЕКТС, I циклус** студии, летен 2005/06, насока: ПТМЕ (4 контакт часа/нед.), 6 групи:<br>пред. (1ч.x 15 нед.x 0,04) + вежби: (3ч.x 15 нед.x 0,03 x 3 гр) = 0,6+4,05 = | 4,65 |
| 23. | **Ликовно изразување со пластично обликување** (стара програма), летен 2004/05, насока: ПТМЕ (1+3), 6 групи:<br>пред. (1ч.x 15 нед. x 0,04) + вежби: (3ч.x 15 нед.x 3 групи x 0,03)=0,6 + 4,05 = | 4,65 |
| 24. | **Ликовно изразување со пластично обликување** (стара програма), летен сем. 2004, насока: ПТМЕ (1+3), 6 групи:<br>пред. (1ч.x 15 нед.x 0,04) + вежби: (3ч.x 15 нед.x 3 групи x 0,03) = 0,6+4,05 = | 4,65 |
| 25. | **Слободорачно цртање со пластично оформување, ЕКТС, I циклус** студии, летен 2006/07, насока: озеленување (4 час/нед),1 гр.<br>пред. (2часа/нед.x 15 нед.x 0,04) + веж. (2ч x 15 нед.x 0,03) =1,2+0,9 = | 2,1 |
| 26. | **Слободорачно цртање со пластично оформување, ЕКТС, I циклус** студии, зимски 2006/07, насока: озеленување (4 час/нед), 1 група:<br>пред. (2 часа/нед.x15 нед.x 0,04) + веж. (2 часа x 15 нед.x 0,03 =1,2+0,9 = | 2,1 |
| 27. | **Слободорачно цртање со пластично оформување** (стара програма), летен 2005/06, насока: озеленување (2+2), 2 групи:<br>пред. (2ч.x 15 нед.x 0,04) + вежби: (2ч.x 15 нед.x 2 гр. x 0,03) = 1,2+1,8 = | 3 |
| 28. | **Слободорачно цртање со пластично оформување** (стара програма), зимски 2005/06, насока: Озеленување, (2+2), 2 групи:<br>пред. (2ч.x 15 нед.x 0,04) + вежби: (2ч.x 15 нед.x 2 гр.x 0,03) = 1,2+1,8 = | 3 |
| 29. | **Слободорачно цртање со пластично оформување** (стара програма), летен 2004/05, насока: Озеленување, (2+2), 3 групи:<br>пред. (2ч.x 15 нед.x 0,04) + веж. (2ч.x 15 нед.x 3 гр.x 0,03) = 1,2+2,7 = | 3,9 |
| 30. | **Слободорачно цртање со пластично оформување** (стара програма), зимски 2004/05, насока: озеленување (2+2), 3 групи:<br>пред. (2ч.x 15 нед.x 0,04) + веж. (2ч.x 15 нед.x 3 гр.x 0,03) = 1,2+2,7 = | 3,9 |
| 31. | **Слободорачно цртање со пластично оформување** (стара програма), летен сем. 2004, насока: озеленување (2+2), 3 групи:<br>пред. (2ч.x 15 нед.x 0,04) + веж. (2ч.x 15 нед.x 3 гр.x 0,03)=1,2+2,7 = | 3,9 |
| 32. | **Историја на уметност, ЕКТС, II циклус** студии, (3 ч/нед), зимски 2006/07, насоки: ПТМЕ и Механичка технологија, 75 студенти/7 групи:<br>пред. (2ч.x 15 нед.x 0.04) + веж. (1ч.x 15 нед.x 7 групи x 0,04)=1,2+3,15 = | 4,35 |
| 33. | **Историја на уметноста** (стара програма), (2+1), зимски 2005/06, насоки: ПТМЕ и механичка технологија (3 ч./нед), 83 студенти/8 групи;<br>пред. (2ч.x 15нед.x 0.04) + вежби: (1ч.x 15 нед.x 0,03 x 8 гр.) = 1,2+3,6 = | 4,8 |
| 34. | **Историја на уметноста** (стара програма), (2+1), зимски 2004/05, насоки: ПТМЕ и механичка технологија (3 ч/нед), 52 студента/5 групи;<br>пред. (2ч.x 15 нед.x 0,04) + вежби: (1ч.x 15 нед.x 0,03 x 5 гр.) = 1,2+2,25 = | 3,45 |
| | Вкупно | **118,382** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ + СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ (НИ +СУ)

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **2009,** нострифицирана одбранета магистерска работа | 4 |
| 2. | **2009, предавање** „Интервенции, паралели и реакции“ на меѓународниот форум за архитектура „Форум Скопје 2009 – Последиците од Постмодерната“ – меѓународен проект на м-р Иван Мирковски, д.и.а (Австрија), Културен центар „Мала станица“, Скопје. | 2 |
| 3. | **2008, предавање** на работилницата за ликовно/визуелно обликување на градот во рамките на Фондацијата „Скопје-метропола“, во Собранието на град Скопје. | 1 |
| 4. | **2008, предавање** на меѓународната конференција **„Фотографијата – дел од уметничкиот концепт”**, организирана од Македонскиот центар за фотографија и Мултимедијалниот центар „Мала станица”, Скопје, Р. Македонија | 1 |
| 5. | **2008, предавање „Концепт и ликовност во архитектурата”,** на Меѓународниот форум за архитектура „Форум Скопје 2008 – Градот и идентитетот“ – меѓународен проект на м-р Иван Мирковски, д.и.а (Австрија), Музеј на град Скопје, Скопје, Р. Македонија. | 2 |
| 6. | **2007, Photonic Moments** – Месец на фотографија, меѓународна изложба на фотографскиот фестивал, Галерија „Нови Храм”, фестивал „Сараевска зима”, Сараево, Босна и Херцеговина (групна изложба). | 3 |
| 7. | **2006, Жените и традицијата** – меѓународна изложба на фестивалот „Жени - креаторки помеѓу две мориња – трет фестивал“, УНЕСКО - центар за жени и мир, Солун, Грција. | 3 |
| 8. | **2006, Став/Attitude** – Меѓународен фестивал за кратки филмови и фотографија, Културен центар „Магаза”, Битола, Р. Македонија. | 2 |
| 9. | **2006, Photonic Moments** – Месец на фотографија, Меѓународна изложба и фотографски фестивал - Салон на фотографијата на Југоисточна Европа, Галерија „Фотон”, Љубљана, Словенија. | 3 |
| 10. | **2006,** претставник на Р. Македонија со три предавања на теми: **„За македонските свадбени обреди“**, проследено со документарен филм на С. Миленковски, **„Креативниот потенцијал на жената“** и **„Посебноста на жената“,** на фестивалот „Жени-креаторки помеѓу двете мориња - трет фестивал”, УНЕСКО -центар за жени и мир, Солун, Грција. (3 x 2 =) | 6 |
| 11. | **2006,** објавени дела во стручно-популарно списание: Арт Република бр.1 | 2 |
| 12. | **2006,** објавени дела во стручно-популарно списание: Арт Република бр.3 | 2 |
| 13. | **2004, Реафилизации–Мајки и ќерки**, меѓународна изложба, Софија,Бугарија | 3 |
| 14. | **2004, предавање** на меѓународната конференцијата „Жени-научници“, организирана од Советот на Европа, Брисел, Белгија. | 2 |
| 15. | **2004/05,** предавање и видеопрезентација по покана на Филолошкиот факултет во Познањ, Полска. | 3 |
| | Вкупно | 38 |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

| Р.б | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **2009,** член на рецензентска комисија при Министерството за образование и наука за еваулација на предлог–проектот: „Охридско резбарско училиште (1925 – 1949)“, од проф. д-р Павле Митрески | 1 |
| 2. | **2009,** учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот: ДЕМО-тестирање и подготвителна настава на Архитектонскиот факултет - Скопје | 0,5 |
| 3. | **2008,** учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот: ДЕМО-тестирање и подготвителна настава на Архитектонскиот факултет - Скопје | 0,5 |
| 4. | **2005,** претседател на жири-комисијата на конкурсот за фонтана на плоштадот „Македонија”. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **2005,** дела од архитектонска визуелизација, мултимедијален и графички дизајн: раководител на стручно-уметничкиот дизајнерски проект **„Круг: Ре-Визија“**, во соработка со студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје и Еколошкото здружение „Фронт 21/42“, проследен со изложба во изложбениот простор „Press to Exit“ – „Прохелвеција во Скопје. | 2 |
| | **Дејности од поширок интерес:** | |
| 6. | **2009**, претставник на Р. Македонија на меѓународната тркалезна маса **„Самоорганизирање на уметниците за подобрување на нивната позиција“,** Центар за урбана култура „Кино Шишка“, Љубљана, Словенија. (Round table **Self-organizing of Artists for the Improvement of their Position,** Kino Šiška Centre for Urban Culture, Ljubljana, Slovenia). | 2 |
| 7. | **2004-2009,** член на Македонскиот регионален борд за култура на Швајцарската програма за култура – „Прохелвеција“ во Скопје, која поддржува научноистражувачка/стручно-уметничка дејност. (2,5 мандата x 2)= | 5 |
| 8. | **2009,** член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир: „Форум Скопје 2009 – Последиците на Постмодерната“, Меѓународен форум за архитектура, меѓународен проект на м-р Иван Мирковски, диа (Австрија), Скопје (финансиран од Австриската амбасада и Швајцарската програма за култура). | 1 |
| 9. | **2008,** член на програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: „Форум Скопје 2008 – Градот и идентитетот“, Меѓународен форум за архитектура, меѓународен проект на м-р Иван Мирковски, д.и.а (Австрија), Скопје. | 1 |
| 10. | **2008,** член на Фондацијата за унапредување на архитектурата во Скопје „Скопје метропола“, Совет на град Скопје. | 0,5 |
| 11. | Комисија за упис на студенти на Шумарскиот факултет, 2004-2007 година | 0,5 |
| 12. | **2006,** учество во изработка на национални програми од областа на културата и уметностите: делегат на Националниот борд за култура на „Прохелвеција“ на Генералната меѓународна конференција на националните бордови на Швајцарската програма за култура на Југоисточна Европа и Украина – „Прохелвеција“, во Синаја, Романија. | 3 |
| 13. | **2006,** член на комисија за избор во звање | 0,2 |
| 14. | **2005,** претставник на Р. Македонија на Генералната конференција на Советот на Европа на тема: **„Жени-научници“**, организирана од Советот на Европа, во Талин, Естонија. | 1 |
| 15. | **2004/05,** студиски престој во Варшава, Полска | 0,5 |
| | **Вкупно** | **19,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 118,382 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 38 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 19,7 |
| Вкупно | 176,082 |

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на презентираниот извештај, Комисијата смета дека помеѓу трите пријавени кандидати, единствено кандидатката вонр.проф. м-р Елизабета Аврамовска, академски сликар со графички дизајн, целосно ги исполнува критериумите утврдени со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и тоа во највисоко звање – редовен професор.

Покрај стекнатите бодови по основа на сите дејности (176,082 – НО, СУ, СА), кои го надминуваат пропишаниот минимум, Комисијата го нагласува нејзиното сестрано образование, посветено за професионална, стручно-уметничка, наставно-педагошка и научна работа, во еден нагласено широк дијапазон: ликовното и мултимедијално творештво, графички дизајн, фотографија, теорија и историја на ликовна уметност.

Тоа ја референцира како личност со висок творечки интелектуален капацитет. Посебно е импресивно нејзиното присуство на меѓународно ниво, во една необично широка палета на професионални и стручно-уметнички активности преку кои таа се врамува во најсовремените текови и начини на изразување во доменот на ликовните визуелни уметности и комуникации.

Комисијата посебно го истакнува педагошкиот квалитет на кандидатката и постојаната посветеност за унапредување на наставата на Архитектонскиот факултет преку воведување методи кои ликовното изразување го позиционираат во доменот на архитектурата.

Подеднакво значајна е и нејзината поширока општествена дејност како претставник на Р. Македонија во значајни меѓународни фондации, конференции и форуми кои се однесуваат на развојот на културата и уметноста во Југоисточна Европа, како што се УНЕСКО, Прохелвеција, Советот на Европа и др.

Ценејќи го сето претходно наведено, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатката вонр.проф. м-р Елизабета Аврамовска, согласно со Законот за високотото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да биде избрана во звањето редовен професор за група предмети од областа на ликовната уметност - ликовно изразување и пластично обликување при Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Јасмина Хаџиева - Алексиевска, д.и.а., претседател, с.р.
2. Проф. д-р Симон Шемов, акад.сликар, редовен професор во пензија, член,с.р.
3. Проф. д-р Небојша Вилиќ, историчар на уметност, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДЕЛАТА *ВОКАЛНАТА СИМФОНИЈА ОП.53* ОД ДИМИТРИЈЕ БУЖАРОВСКИ, *СВАДБА* ОД ИГОР СТРАВИНСКИ И *ПУШКИНОВИОТ ВЕНЕЦ* ОД ГЕОРГИ СВИРИДОВ И ТЕОРИСКИОТ ТРУД „КОЛЕКЦИЈАТА НА ПАРТИТУРИ НА *ХОРСКИТЕ СВЕЧЕНОСТИ* ВО НИШ, СРБИЈА, КАКО РЕФЛЕКСИЈА НА МУЗИЧКАТА И КУЛТУРНАТА ДИНАМИКА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА 20 И ПОЧЕТОКОТ НА 21 ВЕК" ОД М-Р СУЗАНА КОСТИЌ

Почестени од одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет при Факултетот за музичка уметност во Скопје, кој донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. Фимчо Муратовски, проф. д-р Димитрије Бужаровски, проф. Александар Вујиќ, проф. Саша Николовски и доц. д-р Ивица Зориќ, за оцена на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата *Вокалната симфонија оп.53* од Димитрије Бужаровски, *Свадба* од Игор Стравински и *Пушкиновиот венец* од Георги Свиридов и теорискиот труд „Колекцијата на партитури на *Хорските свечености* во Ниш, Србија, како рефлексија на музичката и културната динамика во втората половина на 20 и почетокот на 21 век" од м-р Сузана Костиќ, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација од областа на хорското диригирање на м-р Сузана Костиќ се состои од два интерпретациски дела - изведба на *Вокалната симфонија оп.53* од Димитрије Бужаровски и изведба на делата *Свадба* од Игор Стравински и *Пушкиновиот венец* од Георги Свиридов - и од одбрана на теорискиот труд „Колекцијата на партитури на *Хорските свечености* во Ниш, Србија, како рефлексија на музичката и културната динамика во втората половина на 20 и почетокот на 21 век".

Првиот интерпретациски дел од докторската дисертација на м-р Сузана Костиќ се одржа на 5 јули 2008 година и се состоеше во изведба на вокално-инструменталното дело *Вокална симфонија оп.53* од Димитрије Бужаровски. Изведбата, која претставуваше светска премиера на делото од Димитрије Бужаровски се случи на Летната сцена на Нишката тврдина во рамките на свеченото отворање на *Интернационалните хорски свечености во Ниш 2008* пред повеќеилјадна публика. Во изведбата учествуваше обемен ансамбл составен од над 200 изведувачи: Јелена Деретиќ – сопран, Јована Миладиновиќ – алт, Саша Арсенков – тенор, Светозар Вујиќ – бас, Академскиот хор при СКЦ, Хорот и оркестарот при Факултетот за уметности во Ниш, Камерниот оркестар *Солисти* при ФМУ-Скопје и Нишкиот симфониски оркестар.

Кандидатката м-р Сузана Костиќ го изведе ова дело со високо професионално, техничко, уметничко и естетско ниво. Кандидатката покажа извонредна диригентска умешност во справувањето со комплексната задача произлезена од координацијата на огромниот изведувачки ансамбл и сложеноста на делото, особено во употребата на полиритмичките и полифоните фактури. Посебно се издвојуваше деталната разработка на вокалните делници на хорот и солистите, кои преку оваа праизведба ги воспоставија интерпретациските стандарди за идните поставки на *Вокалната симфонија*.

Вториот дел од докторската дисертација на м-р Костиќ, кој се состоеше во изведбата на делата *Свадба* од Игор Стравински и *Пушкиновиот венец* од Георги Свиридов, се одржа на 30 мај 2009 година во Концертната сала на Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш. Во овие две изведби учествуваа: Јелена Дерстиќ – сопран, Јована Миладиновиќ – мецосопран, Саша Арсенков – тенор, Светозар Вујиќ – бас, Ана Аќимовиќ – пијано, Драгана Ѓорѓевиќ – пијано, Академскиот мешан хор при СКЦ – Ниш и Драган Томиќ – синтесајзери.

И на овој концерт кандидатката м-р Сузана Костиќ покажа извонредно високо професионално, техничко, уметничко и естетско ниво на интерпретација. Настапот на м-р Костиќ беше илустративен за минуциозната разработка на дикцијата, вокалните делници на хорот и солистите, актерството на солистите и хорот, работата на специфичната боја, артикулација и фразирање. Како и при одбраната на првиот дел од докторската дисертација, кандидатката оствари ниво и изведувачки резултати кои не само што одговараат, туку и го надминуваат нивото на задачите за одбрана на докторска дисертација од областа на интерпретацијата.

Третиот дел од докторската дисертација „Колекцијата на партитури на *Хорските свечености* во Ниш, Србија, како рефлексија на музичката и културната динамика во втората половина на 20 и почетокот на 21 век" од м-р Сузана Костиќ содржи вкупно 115 страници, во кои се вклучени заклучокот, библиографијата и трите прилози. Во прилогот број 1 е направен избор на скенирани партитури од колекцијата, во прилогот број 2 е прикажана листа на изведувачи (хорови, диригенти, други ансамбли и останати изведувачи) кои настапиле на Фестивалот, а прилогот број 3 претставува обемна благодарница кон сите оние што помогнале во изработката, не само на теорискиот дел на докторската дисертација на кандидатката м-р Костиќ, туку и во подготовката и изведбата на двата интерпретациски дела.

Трудот „Колекцијата на партитури на *Хорските свечености* во Ниш, Србија, како рефлексија на музичката и културната динамика во втората половина на 20 и почетокот на 21 век" од м-р Костиќ е конципиран во три дела пред кои се наоѓа вовед и по кои следува заклучок.

Уште во воведот на трудот, кандидатката м-р Костиќ го потенцира значењето на хорското творештво за поранешните југословенски простори, кажувајќи дека токму хорското творештво ѝ дава главен печат не само на уметничката, туку и на духовната музика на овие простори. Сето ова доведува до појава на голем број разновидни фестивали на хорска музика од локален, републички до интернационален карактер. Кандидатката го издвојува градот Ниш кој претставува репрезентативен пример за културните карактеристики и динамика на музичката култура во Република Србија и во кој во изминатите век и половина се појавуваат: *Првото аматерско работничко друштво* во 1884 година, *Црковната дружина Бранко* во 1887 година, *Првиот фестивал на аматерски хорови* во 1958 година и од јули 1966 година до денес, еден од најголемите интернационални хорски фестивали на овие простори - *Хорските свечености*. Со своето повеќе од четиридецениско постоење, фестивалот претставува средиште на најпрестижните музички имиња од земјата и од светот, но и средба на професионализмот и аматеризмот и во него е вткаена дејноста на голем број аматерски хорови, композитори и диригенти, општественици и граѓани на Ниш. Во архивот на ХС според доставената експликација за овој труд се претпоставуваше дека постојат околу 500 партитури. Во текот на работата врз трудот се откриени над 1200 партитури, што несомнено укажува на значењето на дигитализацијата и каталогизацијата на оваа збирка.

Појдовната хипотеза на кандидатката беше дека дигиталниот каталог на хорските партитури од фестивалот ги рефлектира промените во локалното и глобалното опкружување, односно промените на општествениот, политичкиот,

правниот и економскиот систем, појавата на но
нова стратификација на публиката и во п
дигиталната културна ера.

Кандидатката ја презема разработената м
на дигитални каталози од Институтот за истраж
во кој скоро една деценија се дигитализира
македонското културно наследство и култ
Изведувањето на теориските заклучоци, пре
примарниот материјал, односно каталогот со
користи и со низа секундарни извори, и т
монографии, аудио и видеоснимки од фестива
фотографии и останати артефакти и интерв
организацијата на фестивалот. Покрај ова, кан
литература, почнувајќи од основните библиогра
југословенска провениенција, преку написите в
и светските трудови кои ја третираат хорска
претставуваат бази на хорско творештво и изве
единици за оваа област.

Во првото поглавје од трудот насловено
*Хорски свечености* во Ниш", кандидатката пра
развитокот на фестивалот. Поглавјето е поде
втората целина се осврнуваат на хорската тра
војна и по неа, а третата целина се задржува
*свечености*. Преку оваа поделба на периоди,
аспекти на социо-културниот амбиент во кој
традиција во Србија. Како посебно значајни
појавата на првите хорски аматерски
вестернизацијата на музичкиот дел од правос
руската духовна музика, посебно преку дејств
влијанието на националниот романтизам и ф
пејачките друштва на тогашната Југославија во

Втората целина, „Хорската традиција во
поделена на два дела: до распадот на Социј
Југославија во почетокот на деведесеттите год
последните две децении. Во првиот дел, канд
периодот по Втората светска војна и педесетти
концептот на работнички хорови во духот на пр
хорската дејност на црковните хорови. Кандида
главните пунктови на развојот на хорската трад
на тогашниот концепт за масовна работни
појавата на културно-просветните заедници (К
и присуството на револуционерни и борбени пе
овој период се јавуваат и двете најзначајни им
диригентите Радојица Милосављевиќ – Ица, кој
*Војислав Вучковиќ*, и Милорад Вељковиќ - Шпа
- *Вељко Влаховиќ*, денес *Академски хор на Студ*

Во третиот дел од ова поглавје е даден
*свечености* од првите никулци преку идејата на
Вукдраговиќ во 1958 година, кога е изградена
*фестивал на аматерските хорови на Југославија*.
*Југословенски хорски свечености*, под покровит
претседател Јосип Броз Тито. Во текстот е изв

правниот и економскиот систем, појавата на нови и репозиција на постојните жанри, нова стратификација на публиката и во последните две децении - влез во дигиталната културна ера.

Кандидатката ја презема разработената методологија за изработка и анализа на дигитални каталози од Институтот за истражување и архивирање музика – ИРАМ во кој скоро една деценија се дигитализираат и каталогизираат материјали од македонското културно наследство и културното наследство од регионот. Изведувањето на теориските заклучоци, пред сè, се базира врз анализата на примарниот материјал, односно каталогот со партитури, меѓутоа кандидатката се користи и со низа секундарни извори, и тоа написи во печатот и објавени монографии, аудио и видеоснимки од фестивалот, концертни програми, плакати, фотографии и останати артефакти и интервјуа со учесниците во програмите и организацијата на фестивалот. Покрај ова, кандидатката се користи со разновидна литература, почнувајќи од основните библиографски извори од српска и поранешно-југословенска провениенција, преку написите во списанија, докторските дисертации и светските трудови кои ја третираат хорската уметност, до веб-страниците кои претставуваат бази на хорско творештво и изведувачи или извори на библиографски единици за оваа област.

Во првото поглавје од трудот насловено „Хорската традиција и фестивалот *Хорски свечености* во Ниш", кандидатката прави пресек на најбитните пунктови од развитокот на фестивалот. Поглавјето е поделено во 3 целини, од кои првата и втората целина се осврнуваат на хорската традиција во Ниш до Втората светска војна и по неа, а третата целина се задржува исклучиво на фестивалот *Хорски свечености*. Преку оваа поделба на периоди, кандидатката упатува на одредени аспекти на социо-културниот амбиент во кој се развива фестивалот и хорската традиција во Србија. Како посебно значајни во првата целина, таа ги издвојува: појавата на првите хорски аматерски работничко-занаетчиски друштва; вестернизацијата на музичкиот дел од православната литургија и влијанието на руската духовна музика, посебно преку дејствувањето на Стеван Ст. Мокрањац; влијанието на националниот романтизам и формирањето на единствен сојуз на пејачките друштва на тогашната Југославија во 1924 година.

Втората целина, „Хорската традиција во Ниш по Втората светска војна", е поделена на два дела: до распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во почетокот на деведесеттите години од минатиот век и периодот од последните две децении. Во првиот дел, кандидатката најнапред се осврнува на периодот по Втората светска војна и педесеттите години кога посебно е стимулиран концептот на работнички хорови во духот на пролетерската култура, а се потиснува хорската дејност на црковните хорови. Кандидатката и во овој случај ги издвојува главните пунктови на развојот на хорската традиција кои во овој период одговараат на тогашниот концепт за масовна работничко-селска култура: аматеризмот, појавата на културно-просветните заедници (КПЗ), културно-уметничките друштва и присуството на револуционерни и борбени песни во изведуваниот репертоар. Во овој период се јавуваат и двете најзначајни имиња на хорската уметност во Ниш, диригентите Радојица Милосављевиќ – Ица, кој го формира *Хорот на младите - Д-р Војислав Вучковиќ*, и Милорад Вељковиќ - Шпаја, кој го формира *Академскиот хор - Вељко Влаховиќ*, денес *Академски хор на Студентскиот културен центар*.

Во третиот дел од ова поглавје е даден историјатот на фестивалот *Хорски свечености* од првите никулци преку идејата на академикот и композитор Михаило Вукдраговиќ во 1958 година, кога е изградена Летната сцена и е одржан *Првиот фестивал на аматерските хорови на Југославија*. Во 1966 година ќе се одржат првите *Југословенски хорски свечености*, под покровителство на тогашниот југословенски претседател Јосип Броз Тито. Во текстот е извлечена идеолошката конотација на

фестивалот преку датумите на одржување кои симболично поврзуваат југословенски празници, преку настапите на хоровите во големите работни организации, задолжителното присуство на хорот на ЈНА и нарачките на композиторите да обработуваат теми од НОБ, како и задолжителното присуство на масовни и ангажирани песни во репертоарот на хоровите. Во продолжение, кандидатката наведува дека од 1990 година се менува репертоарната политика и покрај светските автори почнуваат да се изведуваат дела со духовна и традиционална проблематика. Меѓутоа политичките пресврти влијаат врз опстанокот и организацијата на фестивалот. Со распадот на Југославија, градските власти го преземаат финансирањето на фестивалот, што придонесува за промени во правилниците и намалување на бројот на изведувачи на фестивалот. Како посебно значајна за најновата историја на фестивалот кандидатката ќе ја издвои појавата на *Фестивалот на православна музика* и *Трибината на младите композитори* во 2008 година. Покрај ова, кандидатката се осврнува и на биеналната структура на *Хорските свечености* кои од 2002 година се преименувани во *Интернационални хорски свечености*, како и на бројот на фестивали и учесници од формирањето на фестивалот до денес.

Во второто поглавје, кандидатката ја претставува изработката на дигиталниот каталог преку вообичаените три фази: дефиниција на полињата, собирање и внесување на податоците и приказ и коментар на добиените резултати со користење на дескриптивна статистика. Потврдата на хипотезата на кандидатката за репертоарната политика како рефлексија на музичката и културна динамика се појавува веќе во дистрибуцијата на резултатите според одделните полиња од каталогот. Во полето *година на раѓање на авторот*, евидентно е намалување на интересот на младите композитори за пишување на хорски дела - само 41 автор е роден во втората половина на 20 век, и само 4 композитори се родени по 1970 година. Една од најилустративните компоненти за влијанието на промените на опкружувањето врз репертоарот е појавата на т.н. *партизански песни* во почетните години на фестивалот и отсуството во крајните. Варијаблата *број на тактови* е илустративна за карактеристиките на изведуваниот репертоар каде што опсегот на резултатите се движи од 4 до 1507 тактови, просечниот број на тактови е 76, а стандардната девијација е изразено висока – 108,7. Опсегот на полето *траење* е од 20 секунди до 54 минути со средна вредност 186,5 секунди што одговара на просечното траење на една песна (3 минути) и висока стандардна девијација 234,34 секунди (скоро 4 минути). Овие две варијабли се во целосна корелација и со *формата* на евидентираните дела каде што доминантно се јавува *песната* со 62% (743 внеса), по што следуваат *мотетот* и *мадригалот* со 173 внеса. Големите стандардни девијации произлегуваат од екстремите на фестивалот, односно големите вокално-инструментални дела изведени на отворањата на фестивалот. Варијаблата за *видот на ансамблот* на прво место го издвојува *хорот a capella* со присутност од 72%, додека мешаниот хор (со и без придружба), кој како изведувачки ансамбл го карактеризира фестивалот, доминантно е застапен со 1011 внеса, односно 84,25%.

Покрај секундарните податоци, каталогот изработен од м-р Сузана Костиќ содржи и низа аналитички, терцијарни податоци. Консеквентно, кандидатката укажува на појава на 246 различни метрички промени и комбинации. Преку групирањето во три категории на овие метри, кандидатката ги добива следниве податоци: константен метар - 785 внеса, променлив метар - 363 внеса и метар без ознаки - 52 внеса. Кога кон ова ќе се додаде и дистрибуцијата според метри каде што доминантно се застапени бинарните метри (4/4, 2/4 и 2/2) со вкупно 577 внеса, се добива сликата за доминантно окциденталната провениенција, односно динамика на изведениот репертоар.

Како аргумент за појдовната хипотеза, кандидатката м-р Костиќ ја користи и

дистрибуцијата на полето за форматот на партитурите каде што дури 351 внес (29,25%) се дела чии партитури се во ракопис. Најголемиот дел партитури се печатени во втората половина на 20 век (384 од обработени 505 печатени партитури).

Покрај овие податоци, кандидатката м-р Костиќ успева да евидентира 719 внеса од дигиталниот каталог со општи податоци за изведбите и изведувачите, од кои 565 изведби се однесуваат на ЈХС и 154 изведби на ИХС.

Од посебно значење за истражувањето на кандидатката е периодизацијата на изведбите на каталогизираните партитури. Во оваа смисла, кандидатката м-р Костиќ врши групирање во четири периоди - прв 1966-1980, втор 1980-1990, трет 1990-2000 и четврти 2000-2008. Кандидатката констатира дека резултатите покажуваат скоро еднаква дистрибуција, при што првиот период е најприсутен со 26%, по што следува четвртиот период со 20%.

Покрај ова, кандидатката внесува и дополнителни категории кои се однесуваат на повторените, односно континуираните изведби на делата во досегашното постоење на фестивалот. Во вака изведените дистрибуции се јавува голем процент на единечни изведби на делата (62%), додека само 5,7% од евидентираните изведби се појавуваат во категоријата на *континуирани изведби* во сите периоди, што директно упатува на констатацијата дека фестивалот трпи промени во репертоарната содржина.

Во последното трето поглавје кандидатката ги претставува и ги коментира резултатите од контингентните табели, како и статистичкиот метод *хи-квадрат* помеѓу зависната варијабла *репертоар* (која во случајов е дадена како комбинација на полињата: категорија на дело, форма, број на ставови, траење во минути, изведувачки апарат, вид на ансамбл, број на гласови, третман на гласови, епоха, жанр, тематика, формат и број на изведби) со независната варијабла – *време*, односно *период* на изведба. Во варијаблата *период* се јавуваат 11 категории, кои по вкрстувањето со зависните материјали таа условно ги третира како 11 модели на репертоар. Од резултатите што ги прикажува кандидатката м-р Костиќ, овде би го издвоиле вкрстувањето на:

- *период/категорија на дело* со ниво на сигнификантност помало од *.012*;
- *период/форма* каде што нивото на сигнификантност е *.0002*;
- *период/траење* со ниво на алфа-ризикот *.1*;
- *период/третман на гласовите* со нивото на сигнификантност *.0079*;
- *период* со варијаблите: *епоха, жанр* и *тематика* со ниво на сигнификантност помало од *.0001*;
- *период/жанр* каде што се јавува бимодалност кај ангажираната музика во првиот период и духовната во четвртиот;
- *период/тематика* со категоријата *наменска*, најзастапена во првиот период, категоријата *религиозна* во четвртиот период.

Според мислењето на кандидатката, овие резултати недвосмислено ја потврдуваат нејзината хипотеза за рефлексијата на колекцијата на партитури на ХС од Ниш, Србија, на музичката и културната динамика во втората половина на 20 и почетокот на 21 век. Кандидатката, исто така, смета дека по изработката на комплетниот дигитален каталог со репертоарот на *Хорските свечености*, како и дигиталниот каталог со останатите артефакти поврзани со оваа манифестација - печатен материјал, извадоци од печат, аудио и видеоснимки и фотографии, не само што уште повеќе ќе се поддржат овие заклучоци, туку и ќе се заокружи сликата за оваа манифестација која во изминатиот скоро половина век ги одразува координатите на хорската уметност и дава печат на културното живеење на Балканот и пошироко.

Генерално би сакале да заклучиме дека теорискиот труд што кандидатката м-р Сузана Костиќ го поднесе до Рецензентската комисија има повеќестрана

вредност. Покрај фактот дека трудот според карактеристиките и обемот на обработуваниот проблем, методологијата и цитираната литература во целост одговара на бараното ниво и задачите за изработка на теорискиот дел од докторската дисертација од областа на диригирањето, тој во себе содржи и практичен зафат кој има посебна употребна вредност. Средувањето на архивот на партитури на *Хорските свечености* и посебно неговиот дигитален каталог овозможува брзи пребарувања на еден широк круг корисници од областа на интерпретацијата и теоријата на музиката и натамошна квантитативна анализа со други параметриски и непараметриски статистички методи. Во оваа смисла, бројните коментари кои се јавуваат во трудот и кои се резултат на емичкото познавање и следење на фестивалот од кандидатката м-р Костиќ во последните неколку децении, му даваат во методолошка смисла и квалитативна димензија на овој труд и ќе бидат од посебна вредност за идните истражувачи чија временска дистанца ќе станува сè поголема.

Сумирајќи ги прикажаните резултати на кандидатката м-р Сузана Костиќ во трите дела од нејзината докторска дисертација од областа на музичката интерпретација, Комисијата констатира дека кандидатката во целост одговорила на стандардите и критериумите потребни за овој степен на заокружување на образовниот циклус, а во многу аспекти и далеку ги надминала, соодветно на нејзиното веќе изградено реноме на диригент, теоретичар кој се занимава со проблематиката на хорското пеење, педагог и организатор на еден од најголемите хорски фестивали на Балканот.

Имајќи го предвид сето досега кажано, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет при Факултетот за музичка уметност да ја одобри и да ја закаже одбраната на докторската дисертација „Колекцијата на партитури на *Хорските свечености* во Ниш, Србија, како рефлексија на музичката и културната динамика во втората половина на 20 век и почетокот на 21 век" од м-р Сузана Костиќ.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. Фимчо Муратовски с.р.
2. Проф. д-р Димитрије Бужаровски с.р.
3. Проф. Александар Вујиќ с.р.
4. Проф. Саша Николовски с.р.
5. Доц. д-р Ивица Зориќ с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Институтот за национална историја, донесена на неговата редовна седница одржана на 16 јули 2009 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор во звањето научен соработник на д-р Јулија Тричковска. По прегледот и оцената на доставените материјали, а според решението бр. 02-190/19, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Серафимова, проф. д-р Милан Бошковски и проф. д-р Митко Панов, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Јулија Тричковска (1953) е родена во Скопје каде што завршила основно училиште и гимназија. Диполимирала во 1978 година на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на наставно-научната студиска група за историја на уметноста со археологија.

Во 1981 година се вработила во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во Скопје, на работното место *стручен работник за национална историја на уметноста (19 век)*. На ова работно место се стекнала со стучните звања *конзерватор* (1982), *виш конзерватор* (1991) и *советник- конзерватор* (2003). Во текот на својата работа во оваа институција до 2004 година, д-р Јулија Тричковска ги извршувала функциите: *раководител* за меѓународна соработка (1996-98), *помошник- директор* (1999-2000) и *главен уредник* за издавачка дејност (2003).

Д-р Јулија Тричковска ги завршила постдипломските студии (1992-1998) на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје, а со научното звање *магистер по историја на уметноста* се стекнала во 2001 година, со одбрана на магистерскиот труд на тема: „Живописот во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во с. Рајчица, Дебарско". Докторирала на Филозофскиот факултет во Скопје на 25 март 2009 година со одбрана на дисертацискиот труд на тема:„Делата во Македонија на сликарското семејство на Михаил од Самарина".

Од 2004 година е вработена во Министерството за култура, во Управата за заштита на културното наследство, на работното место *раководител на Секторот за идентификација, заштита и користење на културното наследство*.

**Стручни активности и функции**

Во периодот од 1990 до 1994 година, д-р Јулија Тричковска е член на стручно-научниот тим за реализација на научниот проект Манастирот Свети Јован Бигорски и неговиот метох во с. Рајчица", финансиран од Министерството за наука на Р. Македонија. Во 1998 година таа реализирала едномесечен стручен престој во научните институции во Софија (БАН и Универзитет „Свети Климент Охридски"), како стипендист на одделот на Фондацијата „Отворено општество" на Р. Бугарија.

Од бројните стручни ангажмани во периодот од 2004 до 2009 година, поради комплексноста и значењето треба да се издвојат неколку проекти, како што се проектот за евиденција и валоризација на недвижните и движните сакрални споменици на Македонија, каде што Ј. Тричковска е раководител на стручни тимови, потоа проектот за стекнување статус на споменик на културата, каде што се јавува како подготвувач на десетина елаборати, како и проектите за заштитно-конзерваторски интервенции на споменици на културата во кои учествува и како раководител. Како дел од своите професионални ангажмани, таа е активно вклучена во изготвувањето на правилници и методолошки текстови од областа на културното наследство, превентивната заштита на спомениците на културата, нивната евиденција и валоризација.

Во периодот од 2003 до 2008 година, Ј. Тричковска е национален координатор на проектот „Заеднички рехабилитациски проект-план / Процена на архитектонското и археолошкото наследство на Југоисточна Европа", реализиран како заедничка програмска активност на Советот на Европа и Европската комисија. Едновремено (2003-08), таа е и национален координатор на пилот-проектот за локален развој (заеднички проект во рамките на Регионалната програма за културното и природното наследство на Југоисточна Европа).

Од 2000 година, Ј. Тричковска е дел од меѓународниот експертски тим за изготвување стратегија за културните итинерери на Југоисточна Европа, во организација на Националниот комитет на ИКОМОС на Р. Бугарија, проект којшто се реализира под покровителство на Пактот за стабилност.

Таа била претседател на Националниот комитет за културен туризам (1997-2000), член на експертскиот тим за изготвување на Национален акциски план за заштита на животната средина (НЕАП), финансиран од Светската банка (1996-97), потпретседател на Националниот комитет за кампањата "Европа - заедничко наследство"на Советот на Европа (1999-2000), член на Управниот одбор на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје (од 2003) и член на Националниот комитет за имплементација на Европската конвенција за културен предел во Министерството за животна средина и просторно планирање (2003-05).

**Научнаистражувачка активност**

Од 1986 година, д-р Јулија Тричковска учествувала на повеќе домашни и меѓународни научни собири на кои презентирала трудови со автентични и аргументирани научни тези, широко прифатени од научните кругови и цитирани во стручната литература. Меѓу нив треба да се издвојат излагањата во Крагуевац (1986) за уметничките тенденции во 18

век, на Меѓународниот сумпозиум за европскиот барок и светот на Византија, одржан во 1989 година во Белград во организација на САНУ, на меѓународната конференција Културното наследство на малите и островските земји", одржана во Ла Валета на Малта (1997), на Меѓународниот симпозиум за поствизантиската уметност на Балканот, во организација на Балканолошкиот институт при САНУ во Белград (1997), како и на Меѓународниот симпозиум за делото на прото мајсторот Андреја Дамјанов, во организација на МАНУ (1999) и оној одржан во Охрид (2000) по повод чествувањето на 2000 години од појавата на христијанството.

Почнувајќи од 2000 година, таа активно и посветено работи на валоризација на нашето културно богатство и неговата интернационална презентација и промоција, како и на стратегијата на вклучување на споменичните/културните локалитети на Македонија во туристичката понуда на нашата држава. Во оваа смисла го издвојуваме нејзиното учество на Меѓународната конференција во Шефилд, Велика Британија (2000), на Научниот собир во Софија (2003), во организација на Институтот за историја на уметноста при БАН, како и учеството на Конференцијата за европската концепција за предел, одржана во Фиренца (2000).

Колешката Ј. Тричковска имала експертско учество на неколку собири на кои се анализирани плановите и програмите за културното наследство на земјите од Југоисточна Европа организирани на највисоко европско ниво, како што се Форумот на претседателите на државите на Југоисточна Европа одржан во Опатија (2006) и двете конференции на министрите за култура на Југоисточна Европа, одржани во Р. Бугарија, во Варна (2006) и во Софија (2007). Во својство на национален координатор за проекти на Советот на Европа и Европската комисија (2003-2007 ), таа презентирала селектирани споменици од нашето културно наследство во земјите од регионот и во Париз, Стразбур, Солун, Задар и Равело. Колешката Ј. Тричковска реализирала повеќе работилници и семинари за ревитализација на старите културно-уметнички и творечки јадра на Македонија.

Во апликацијата за звањето научен соработник, д-р Јулија Тричковска приложила дваесетина трудови објавени во последната декада чиешто заедничко обележје е посветеноста на темите од областа на поствизантиската уметност и (особено) на уметноста од преродбенскиот период. Увидот во нејзиниот опус недвојбено укажува дека се работи за совесен и темелен научен истражувач којшто има посебен афинитет кон проучувањата на византиската семиотика и иконографија и нивната модификација под влијание на западните тенденции во дадените историски контаксти во ликовната уметност од 15 до 19 век. Нејзините анализи со богата научна апаратура/литература се проследени со длабинско-аналитичен и компаративен пристап, што придонесува да се добие увид за балканолошката контекстуалност на обработената тема. Како илустративни за нашите опсервации ги посочуваме/издвојуваме следниве тематски и монографски студии:

***Тематиката на живописот во машката трпезарија на манастирот Свети Јован Бигорски*, во: Гр. автори, Манастир Свети**

**Јован Бигорски, ед. Културно-историско наследство на Република Македонија XXXII, Скопје, 1994, 141-166.**

Трудот претставува студиозна анализа на тематско-иконографските особености на сликарството во Бигорската трпезарија, дело на зографите Михаил и Даниил од Самарина, до неодамна, единствениот зачуван сликан ансамбл во манастирска трпезарија во Македонија.

***Иконописот во Бигорскиот манастир од времето пред обновувањето во 1800 година,* во: Гр. автори, Манастир Свети Јован Бигорски, ед. Културно-историско наследство на Република Македонија XXXII, Скопје 1994, 175-190**

Овој труд претставува прво детално хронолошко проследување и атрибуирање на зачуваните иконописни дела од ризницата на Бигорскиот манастир, создавани од 16 до 19 век. Истражувањето дава попрецизни податоци за времето на живописувањето на бигорскиот храм во крајот на 18 век како и за петнаесетината мали икони, кои се дела на иста зографска работилница.

***Живописот во црквата Св. Ѓорѓи во с. Рајчица, Дебарско,* Скопје, 2000 (одбранет магистерски труд), стр. 283 + илустрации.**

Авторката, преку детална тематско-иконографска анализа и стилска анализа прави студиозна монографска акрибија на посочената црква. Осврнувајќи се сликарите, Михаил од Самарина и неговиот син Даниил, авторката заклучува дека се работи за творци со врвна богословска ученост и исклучителен талент. Во трудот се нагласува умешното комбинирање на традиционалната техника al fresco и новата al seco, со што ова сликарство, со богат и звучен колорит, претставува последен одблесок на византиската сликарска традиција. Во врска со работата на зографот Дичо во оваа црква (1848-52), авторката посебно ги акцентира иконографските специфики на тематските решенија во олтарскиот простор. Со еднаков аналитички пристап авторката се осврнува и на нартексниот и на фасадниот живопис, каде што анонимниот зограф создал исклучително тематско-иконографско решение спојувајќи во една целина две сцени, „Приговорот на Исуса Христа" и „Страшниот суд".

***Песната „Достојно есть" од куполата на црквата Свети Никола-Геракомија во Охрид,* Културно наследство 28-29/2002-2003, Скопје, 2004.**

Во трудот е направена темелна анализа на ретката ликовна разработка на компилиран Богородичин химнографски текст. Авторката ги анализира сложените идејни и иконографски специфики на сцената кои претставуваат симбиоза на елементи од постарите Богородичини теми и оние што учествуваат во графичката продукција од 18 век. Како редок иконографски детаљ се издвоени крилјата на Богородица, чијашто провениенција е западноевропскиот модел наречен Заштитничка на монасите (Mater Misericordiae).

***Делата во Македонија на сликарското семејство на Михаил од Самарина,* Скопје, 2008 (докторски труд одбранет на 25 март 2005), стр. 379**

Овој труд претставува прв заокружен обид за тематско-иконографска и атрибутивна анализа како и научна систематизација на

творечкиот опус на оваа високопродуктивна сликарска работилница и негово компаративно вреднување меѓу современите дела.

Главната тема на дисертацијата е темелно разработена, почнувајќи од хронолошкиот преглед на остварувањата на секој зограф одделно, вклучувајќи ги и нивните заеднички дела. При тоа авторката им атрибуира повеќе нови дела, но и го проблематизира авторството на некои дела коишто досега им се припишуваа на овие зографи. Посебна истражувачка полнота има поглавјето посветено на тематско-иконографските анализи на делата на самаринското зографско семејство во Македонија. Во ова поглавје авторката манифестира темелна упатеност и ерудиција, владеење со богат компаративен материјал и чувство за хронологија на социолошките аспекти на времето и биографските собитија на сликарите.

Овој труд претставува конзистентна студија и прво целовито научно кадрирање и форматирање на македонскиот опус и на значењето на овие сликари. Тој е плод на долгогодишна посветеност и исцрпна теренска работа. Сметаме дека овие истражувања ќе зацртаат траги во македонската наука и заслужено ќе го најдат своето место во пошироките балканолошки студии.

**ЗАКЛУЧОК**

Рецензентската комисија темелно ги разгледа сите аспекти во професионалното дејствување на д-р Јулија Тричковска, пред сè нејзината научна дејност и конкретните резултати манифестирани во објавените трудови и во нејзината целокупна професионална ангажираност. Рецензентската комисија со задоволство констатира дека се работи за етаблиран научник чиишто трудови имаат голем придонес во македонската и балканската историографија. Оттука, Комисијата сесрдно му препорачува на Советот на Институтот, д-р Јулија Тричковска да биде избрана во звањето научен соработник.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Анета СЕРАФИМОВА с.р.

Проф. д-р Милан БОШКОВСКИ с.р.

Проф. д-р Митко ПАНОВ с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ МЛЕКАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на XI седница одржана на 23.12.2009 година и со решение од деканот бр. 02-3120/4 од 14.1.2010 година, избра Рецензентска комисија за преглед и оцена на наставната и научната подобност на кандидатката д-р Соња Србиновска, вонреден професор, која се пријави на распишаниот конкурс за избор на наставник во сите звања по предметот млекарство, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха". Комисијата во состав: д-р Тихомир Чижбановски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Мачеј Огњен, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Земун и д-р Владимир Цабирски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1. <u>Биографски податоци</u>**

Кандидатката Соња Србиновска е родена на 2.3.1963 година во Битола. Основно и средно (гимназија) образование завршила во Битола со одличен успех. На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1981/82 година, на сточарската насока, а дипломирала во 1986 година со просечен успех 8,33.

По дипломирањето се вработила во УСО „Браќа Миладиновци" во Скопје, како редовен наставник по предметите биохемија со физиологија и анатомија, каде што работела две години. На Земјоделскиот факултет се вработила на 1.2.1988 година како помлад асистент по предметот млекарство. На постдипломски студии се запишала во 1989/90 година на групата за технологија на анималните производи, отсек: млекарство. Магистерскиот труд го одбранила на 29.9.1993 година, а докторската дисертација ја одбранила успешно на 22.12.1999 година. Во јуни 2000 година е избрана во звањето **доцент** по предметот млекарство, а во јули 2005 година во звањето вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Во периодот од јуни 2004 година до септември 2006 година ја извршувала функцијата директор на Дирекцијата за храна при МЗ. Во моментов е раководител на Катедрата за преработка на анимални производи при Институтот за анимална биотехнологија на ФЗНХ.

Во периодот од 2005 година до сега има реализирано повеќе студиски престои во странство, и тоа:

- Food Safety and Quality in Support of EU Policies, National Institute of Chemistry, 27-30 October 2005, Ljubljana, Slovenia;
- Quality Control, Faculty of Agricultural Sciences, Wageningen, 20-28.02, 2007;
- Development Implementation and Maintenance of HACCP systems, EU DG SANCO training CCFRA 11-17.09.2006, Porto/ сертификат;
- EU Market Integration and competitiveness of food economy 29 March-2 April, 2005 INWENT, Feldafing , Germany /сертификат;
- Integration of milk production in the EU, May 29 to June 8, 2007, INWENT- Capacity building International – Germany, Leipzig-Zschortau, Germany , сертификат;
- Study tour „Sheep milk processing technologies", 7-18.05.2008, Greece;
- Study tour „GIs – development tool", University of Parma, 17-23.05.2009 Italy.

Кандидатката е исто така акредитиран консултант за имплементација и аудит на АОККТ (HACCP) системот, со сертификат издаден од The Royal Institute of Public Health (број 100/1581/4). Таа е претседател на Техничкиот комитет за храна при Институтот за стандардизација на РМ. Има учествувано во изработка на повеќе законски и подзаконски акти и стратегии, а била и раководител на ИПАРД - програмата во делот за млекарство.

Покрај изнесеното, кандидатката располага со вештини за користење на информатичката технологија и активно се служи со англискиот јазик.

**2. <u>Наставно – образовна дејност</u>**

Во текот на изминатиот период, кандидатката д-р Соња Србиновска успешно ја изведува наставата и практичната работа со студентите од сточарската, општата насока и насоката за преработка на прехранбени производи, како и лабораториските, теренските вежби,

испитите и колоквиумите и тоа на повеќе предметни содржини од областа на млекарството. Кандидатката е вклучена и во наставата на постдипломските студии на ФЗНХ, а има учествувано на интер дисциплинарните магистерски студии за безбедност и квалитет на храна при УКИМ. Од 2009 година е вклучена во наставата на постдипломските студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Кандидатката има и меѓународно учество како предавач и тоа:

- интензивна програма Agricultural and Agro-Industrial production and Food Safety, во Гент-универзитетот, Белгија; тема: Prerequisites for HACCP implementation;
- интензивна програма Food Safety and Functional Food, на Факултетот за биологија, Софија; тема: „Млекото и млечните производи како функционална храна".

**3. Научноистражувачка дејност**

Проф. д-р Соња Србиновска во периодот од 2005 до сега била ментор на 20 дипломски, 2 специјалистички, 9 магистерски работи и 4 докторати. Таа има изработено 2 интерни скрипти, била коавтор на РЕЧНИК на поими и изрази за квалитет и безбедност на храна, како и рецензент на два универзитетски учебника.

Кандидатката д-р Соња Србиновска, како резултат на научноистражувачката активност во областа на млекарството, објавила 39 научни и 10 стручни труда, не вклучувајќи ги магистерската и докторската дисертација. Притоа, 3 научни труда се рецензирани во Билтен број 560 од 1. IX 1991 година, 6 научни труда се рецензирани во Билтенот број 617 од 15.V 1994 година, 5 научни труда на кандидатката се рецензирани во Билтен број 698 од 29.XII 1997 година, 3 во Билтен број 757 од 15.V 2000 година, додека 9 научни и 3 стручни труда се рецензирани во Билтен број 874 од 1 јуни 2005 година. По изборот во звањето вонреден професор, кандидатката објавила 13 научни и 7 стручни труда приложени за рецензија.

**30. Srbinovska Sonja. 2006. Komparativne analize mocarele, beli sir u salamuri i pekorino iz kozjeg mleka. Prehrambena industrija 1-2. YU ISSN 0353-6564. Novi Sad, 96-102.**

Во трудот е испитувана динамиката на зреење кај три видови козји сирења, при што, покрај степенот на хидролиза на протеините, испитувани се и слободните амино и масни киселини. Моцарелата поради ниската содржина на слободни масни киселини (0,08744 mg%) има слабо изразен вкус и мирис, додека, пак, кај белото саламурено сирење (0,1173 mg%) доминираат оцетната и пропионска киселина кои му даваат кисел вкус на сирењето и бутерна киселина која влијае врз создавањето на специфичниот козји вкус. Пекориното има поголема концентрација на слободни масни киселини и ги содржи сите нижи масни киселини што на сирењето му дава специфичен пикантен вкус.

**31. Srbinovska Sonja. 2007. Higiena i kvalitet mleka u Republici Makedoniji u saglasnosti sa legislativom. Savremena poljoprivreda 5, ISSN 0350 -1205 UDC: 63(497.1)(051)-540.2,Novi Sad, 61-67.**

Во трудот се спроведени едногодишни анализи на збирни примероци сурово кравјо млеко од пет региони во Р. Македонија, со цел да се утврди процентот на проби кои ги задоволуваат европските стандарди. Најголеми отстапувања биле утврдени во однос на бројот на микроорганизми и соматски клетки. Имено, во сите региони е констатирано дека само 11% од пробите ги задоволуваат европските барања во однос на вкупен број на микроорганизми, со исклучок на големите фарми (над 100 крави) каде што овој процент изнесува 54,9%. Во однос на бројот на соматски клетки, пак, поголем број на примероци (85,5%) од сите региони не ги задоволуваат пропишаните стандарди.

**32. Дуброва-Матева Наташа, Какуринов, В, Соња Србиновска, Налетовски, З. 2007. Технологија на биено сирење и начин за негова заштита како традиционален производ. III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Охрид, 12-14 септември. Зборник на трудови (389-397).**

Во трудот е испитувано влијанието на различни ензими Chy-max (генетско сирило) и Stabbo (химозин и пепсин 1:4)) сирило), врз технолошките, хемиските и сензорните карактеристики на автохтоното биено сирење од кравјо млеко. По 45 дена од зреењето била утврдена статистички значајна разлика во хемискиот состав и и киселоста на сирењето, додека кинетиката на дифузија на сол била скоро еднаква. Рандманот е поголем при користење на генетски ензим и изнесува 10,96, додека кај втората варијанта изнесува 8, 63%.

**33. Dubrova-Mateva Natasa, Srbinovska Sonja, Palasevski, B. 2006. Dinamika azotnih materija u toku zrenja bijenog sira. Mleko i proizvodi od mleka, Zbornik radova. Poljoprivredni fakultet, Univerziteta u Beogradu, Beograd, 60-67.**

Во трудот е испитуван степенот на протеолиза кај автохтоното биено сирење при употреба на различни ензими за коагулација на млекото. Содржината на растворлив азот, примарни азотни материи и секундарни азотни материи биле за 6,06%, 5,2% и 11,7% повисока при употреба на комбиниран пепсин:химозин во однос 4:1. Тоа резултирало со повисок коефициент на зрелост и појава на горчлив вкус кај оваа варијанта.

**34. Dimitrovska Gordana, Srbinovska Sonja, Kozarovski, N., Kitanovski, D. 2006. Parameters of somatic cells in the milk from Holstein –Friesian breed in the first and second lactation, Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, vol.9, 2, (176-186) Research Institute of Mountain Stockbreedeng and Agriculture, Troyan.**

Целта на трудот била утврдување на динамиката на варирање на бројот на соматски клетки кај холштајн-фризиски крави (n=860) од пелагонискиот регион во прва и втора лактација. Во првиот месец од лактацијата и кај двете лактации е забележан зголемен број, а во вториот и третиот месец се забележува намалување на бројот на соматски клетки за веќе во четвртиот и петтиот месец нивниот број значително да се зголеми, што главно се должи на зголемувањето на надворешната температура и намалувањето на отпорноста на кравите. Во шестиот и седмиот месец, бројот на соматски клетки повторно се намалува, за на крајот од лактацијата како резултат на намалена отпорност повторно да се зголемат.

**35. Србиновска Соња, Талевски, Г. 2007. Квалитет на суровото млеко од одредени подрачја во Р. Македонија. III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Охрид, 12-14 септември, Зборник на трудови (335-341).**

Со цел утврдување на квалитетот на збирното млеко од одредени подрачја во Р. Македонија, анализирани се 720 проби земени на приемната рампа на ИМБ - Битола. Извршени се анализи на хемискиот состав, физичките особини, хигиенскиот квалитет и присуството на резидуи од бета-лактамски антибиотици. Утврдени се сигнификантни разлики на двете нивоа ($p<0,05$ и $p<0,01$) кај сите испитувани параметри помеѓу откупните подрачја и сезоните. Квалитетот на суровото млеко е доста слаб со широка распространетост на супклинички маститис и слаба хигиена во примарното производство на млеко, а најдобри резултати се добиени од фармите на ЗК „Пелагонија" - Битола.

**36. Александра Тодоровска, Соња Србиновска. 2007. Отпадни води од млекарската индустрија. III конгрес на еколозите, Книга на апстракти.**

Во трудот е разработена отпадната вода од млекарите кои всушност спаѓаат во групата на средни загадувачи на животната средина. БПК$_5$ вредноста на одредени млечни производи се движи од 40.000 mgO$_2$/l за сурутка, па сè до 400.000 mgO$_2$/l за павлака, додека, пак, просечниот БПК$_5$ на отпадните води од млекарница изнесува 1900 mgO$_2$/l, а содржината на масти изнесува 120 mg/l, растворливи материи-400 mg/l, суспендирани супстанции-150 mg/l, и pH 9. Авторите заклучуваат дека во иднина мора да се преземат сите мерки кои ќе ги задоволат современите критериуми на релација инвестициона градба - природни ресурси.

**37. Cobanova-Vasilevska Radmila, Srbinovska Sonja, Talevski, G., Sireta, Z. 2008. Selection of Starter Cultures for the Production of White Cow Brine Cheese. Acta Agriculturae Serbica, Vol. XIII, 25-31.**

Во трудот е испитувано влијанието на пет различни комбинации на стартер-култури при производство на бело саламурено сирење од кравјо млеко. Според хемиските и сензорните анализи, најдобри резултати покажала варијантата каде што била користела комбинација од неколку стартер-култури, и тоа: DVS-мезофилна култура (*Str. lactis* i *Lb. casei* - 2:1), FRC 75 (*Lac. lactis subsp. lactis, Lac. lactis subsp. cremoris, Str. thermophilus* и *Lb. bulgaricus*) и развиена термофилна култура (*Str. thermophilus* i *Lb. bulgaricus* - 2:1).

**38. Dimitrovska Gordana., Srbinovska Sonja, Presilski, S. 2008. Correlation dependence between somatic cells and total count of bacteria in cow Holstein-Friesian breed on farm in Pelagonia region. Prehrambena industrija 1-2, YU ISSN 0353-6564, Novi Sad, 116-118.**

Во трудот е утврдувана корелацијата помеѓу бројот на соматски клетки и вкупниот број на соматски клетки кај холштајн-фризиската раса крави одгледувани во исти контролирани услови. Просечниот број на соматски клетки во прва лактација изнесувал 219.491/ml и 275.817/ml во втора лактација, додека, пак, вкупниот број на бактерии

средно изнесувал 146.111/ml во прва и 218.194/ml во втора лактација. Утврдени се статистички значајни корелации помеѓу бројот на соматски клетки и вкупниот број на бактерии, и тоа кај првата лактација во првиот месец од лактацискиот период (r=0,938), а во втората лактација статистички значајна корелација е утврдена во првиот(r=0,510), петтиот (r=0,697) и шестиот месец (r=0,717) од лактацискиот период,

**39. Sireta, Z., Sonja Srbinovska, Talevski, G., Čobanova-Vasilevska Radmila. 2009. Uticaj izvora kontaminacije na kvalitet sirovog kravljeg mleka. XIV Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, 27. i 28. marta Agronomski fakultet, Čačak.**

Во овој труд се испитувани хемискиот состав и микробиолошкиот квалитет на суровото млеко кај фармерите од 4 локации. Цитолошката слика и микробиолошкиот квалитет биле слаби со следниот просек: број на соматски клетки (439.000 CFU/ml) и вкупен број на микроорганизми (620.000 CFU /ml). Од испитуваните извори на загадување, најголема концентрација на бактерии е утврдена во простирката ($\bar{x}$=176.581.666 CFU/g), потоа садовите и машините за молзење, а најмалку во воздухот ($\bar{x}$=1.202 CFU/$m^3$). Најзастапени видови на микроорганизми се психрофилните бактерии, а во суровото млеко се утврдени појава и на колиформни бактерии, што е знак за лоша хигиена и нестандардни санитациони постапки.

**40. Talevski, G., Čobanova-Vasilevska Radmila, Srbinovska Sonja, Sireta, Z. 2009. Kvalitet ovčjeg mleka kao sirovina u mlekarskoj industriji Makedonije. XIV Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, 27. i 28. marta Agronomski fakultet, Čačak.**

Во трудот авторите го испитувале хемискиот состав и микробиолошкиот квалитет на овчо млеко од три региони во Р. Македонија (источен, југозападен и централен). Просечните вредности на испитуваните параметри изнесувале: млечна маст (7,1%), протеини (5,9%), лактоза (4,4%), сува материја (18,07%), безмаслена сува материја (11%), додадена вода (0,86%), број на соматски клетки (723.151/мл) и вкупен број на бактерии (15.298.763 CFU/мл). Со анализата на варијанса е утврдено сигнификантно влијание на регионот ($p<0,05$) кај сите испитувани параметри со исклучок на млечната маст.

**41. Srbinovska Sonja, Nikolovski, N., Jovanovska Lence, Damevska Lidija. 2009. Fortification of low fat sour cream with Trimagnesium citrate and *Lactobacillus paracasei subsp. Paracasei*. International scientific conference on Nutraceuticals and Functional Foods Food and Function 9-11. June, Proceedings, Ziline, Slovakia.**

Во трудот е испитувано влијанието на факултативно хетероферментативните стартер-култури на *Lactobacillus paracasei subsp. paracasei* и додавањето на различни концентрации на три магнезиум цитрат врз производството на нискомаслена кисела павлака. Со анализите е утврдено дека варијантите со стартер-култура *Lactobacillus paracasei subsp. paracasei* и 0,4 g/l тримагнезиум цитрат покажуваат најдобри резултати, при што вкупниот број на пробиотски бактерии изнесува 2,6x$10^8$ CFU/ml и содржината на диацетил е поголема. Производот покажува кремаста структура и има намален синерезис.

**42. Дуброва-Матева Наташа, Србиновска Соња, Налетовски, З., 2009. Мариовско овчо биено сирење во Република Македонија. IV меѓународен симпозиум. Струга 9-12 септември, Зборник на апстракти, 178.**

Истражувањата биле спроведени во Прилепско и Битолско Мариово, а основната цел била утврдување на традиционалната технологија на производство на овчо биено сирење, како и динамиката на негово зреење. Притоа биле утврдени: различна технологија на производство и статистички значајни разлики во текот на зреењето. Содржината на сува материја варирала од 63 до 68%, масти - од 32 до 34%, протеини - од 23 до 29%, растворлив азот - од 0,53 до 0,62% и лактоза - од 0,8 до 1,3%.

***Стручни трудови***

**43. Andonov, S., Srbinovska Sonja. 2009. Impact of geographical indication on livestock products in Republic of Macedonia. 1st FAO Regional Expert Meeting on "Livestock based GIs as an entry point to maintain agro-biodiversity" - 20-21 October, FAO REU/SEU, Hungary.**

Во трудот се разработени можностите за заштита и одржување на одредени локални раси овци: овчеполка, каракачанка и шарпланинска. Од друга страна, дадени се карактеристичните млечни производи (биено сирење, бело саламурено и кашкавал) кои се произведуваат на одредени локалитети во Р. Македонија и според начинот на производство и традиција дадени се можностите за заштита со географски ознаки.

**44. Srbinovska Sonja. 2006. HACCP implementation in Macedonia. Regional Conference HACCP:Management Tool- Workers Property 14-16 March, Shibenik, Croatia.**

Во трудот е презентирана состојбата на прехранбената индустрија во Р. Македонија и нејзините можности и проблеми за примена на системите за безбедност на храната. Авторката заклучила дека поголем број претпријатија се соочуваат со недостаток на услови, информации и документација и како резултат на сето ова нивната имплементација се одвива бавно и нецелосно.

**45. Србиновска Соња, Кендровски В. 2006. Упатство за основна хигиена на храната во угостителството. Национална универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, ISBN 9989-716-22-6.**

Едукативна брошура во која на 26 страници се дадени неопходните практични упатства и услови за хигиена кои се потребни да се применуваат во угостителството. Главната цел е едукација на операторите со храна и обезбедување на висока заштита на потрошувачите.

**46. Србиновска Соња, Кендровски В. 2006. Упатство за практикување на правилна хигиена во прехранбената индустрија. Национална универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, ISBN 9989-716-21-8.**

Едукативна брошура во која на 35 страници се дадени основите правилата за практикување на хигиена во сите погони за производство на храна. Ова претставува важен инструмент за помош на сите фирми кои се вклучени во производството на храна, за полесно и поедноставно да ги воведат добрите хигиенски практики.

**47. Србиновска Соња, Кендровски В. 2006. Упатство за имплементација на HACCP-системот во прехранбениот сектор. Национална универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, ISBN 9989-716-23-4.**

Оваа едукативна брошура изработена на 32 страници е наменета за операторите со храна и за компетентните тела кои спроведуваат контрола со цел да даде насоки и начини за имплементација на процедурите базирани на АОККТ (HACCP) принципите.

**48. Србиновска Соња, 2008. Упатство за воведување на барањата за безбедност на млеко и млечни производи. Ветеринарна управа, МЗШВ.**

Едукативна брошура во која на 53 страници практично се разработени барањата за безбедност на млекото и млечните производи, со цел да се овозможи соодветна едукација на фармерите и полесна имплементација на сите процедури и барања.

**49. Србиновска Соња, Гилдова Даниела. 2009. Земјоделски производи и храна со ЗГО, ЗОП и ТСК , ГТЗ МАФП, ISBN 978-9989-2016-7-7.**

Едукативна брошура во која на 48 страници се опишани постапките и методите за заштита на земјоделските производи, и тоа како производи со заштитена географска ознака, заштитена ознака за потекло и производи со традиционално специфичен карактер, а воедно и да се поттикнат производителите да размислуваат во овој правец и да поднесуваат директни барања до Европската комисија.

## 4. Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност и постигнатите резултати на пријавената кандидатка, Комисијата заклучи дека д-р Соња Србиновска поседува научни, стручни и педагошки квалитети и според Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за внатрешни односи на ФЗНХ во Скопје ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор по предметот млекарство.

Според напред изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатката д-р Соња Србиновска да биде избрана во звањето редовен професор по предметот млекарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Тихомир Чижбановски, с.р.
2. Проф. д-р Огњен Мачеј, с.р.
3. Проф. д-р Владимир Цабирски, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ (ПЕРИОД ОД АПРИЛ 2005 ДО ДЕКЕМВРИ 2009 ГОДИНА)**

**Кандидат:** **Соња Д. Србиновска**
**Институција: Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**
**Научна област:** **млекарство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | НАЗИВ НА АКТИВНОСТА | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Млекарство (3+2), зимски, ФЗНХ - 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08 и 2008/2009 | 9 |
| 2 | Познавање на млеко (2+2), зимски, ФЗНХ - 2004/05, 2005/06. 2006/07, 2007/08 и 2008/2009 | 6 |
| 3 | Преработка на млеко (3+2), зимски, ФЗНХ - 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08 и 2008/2009 | 9 |
| 4 | Конзумно и ферментирано млеко (2+2), летен, ФЗНХ - 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08 и 2008/2009 | 6 |
| 5 | Технологија и хигиена на млеко (3+2), Факултет за ветеринарна медицина (2006) | 1,8 |
| 6 | Контрола на квалитет на земјоделски производи со прописи (3+3), летен, ФЗНХ - 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08 и 2008/2009 | 9 |
| 7 | Технологија на млеко со (3), летен + (2), зимски (магистерски-менторски), ФЗНХ - 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08 и 2008/2009 | 18,75 |
| 8 | Технологија на преработки од млеко со прописи (2), зимски + (3) летен, ФЗНХ (магистерски-менторски) - 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08 и 2008/2009 | 18,75 |
| 9 | Млекарство (2), летен (магистерски-менторски), ФЗНХ - 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08 и 2008/2009 | 7,5 |
| 10 | Физичко-хемиски карактеристики на прехранбените производи (меѓународни универзитетски магистерски студии), 2005, со вкупно 16 часа | 0,8 |
| 11 | Почетен квалитет на анималните производи со вкупно 20 часа (меѓународни универзитетски магистерски студии), 2006 | 1 |
| 12 | Правилници за храна во Македонија (меѓународни универзитетски магистерски студии), 2006, со вкупно 20 часа | 1 |
| 13 | Легислатива во прехранбената индустрија (втор циклус),Технолошко металуршки факултет (летен), 60 часа | 3 |
| 14. | Лабораториски вежби (од предметите под 1, 2, 3, 4 и 6) и тоа (6) зимски (5) летен - 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08 и 2008/2009 | 24,75 |
| 14 | Консултација со студенти - 2004, 2005, 2007, 2008 и 2009 | 3 |
| 15 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (2) | 0,2 |
| 16 | Ментор на дипломска работа (20) | 4 |
| 17 | Член во комисија за одбрана на магистерска работа (6) | 0,6 |
| 18 | Член во комисија за одбрана на докторат (2) | 1 |
| 19 | Ментор на специјалистички труд: „Методи за подобрување на безбедност на храна и нивна имплементација преку АОККТ - системот во угостителските објекти"/ во тек | 1 |
| 20 | Ментор на специјалистички труд: „Законска регулатива императив за контрола на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна" / во тек | 1 |
| 21 | Познавање на млеко, 2009 (интерна скрипта) | 4 |
| 22 | Млекарство I дел, 2009 (интерна скрипта) | 4 |
| 23 | Рецензент на монографија: „Proteini mleka" Beograd 2006 | 1 |
| 24 | Рецензент на универзитетски учебник: „Безбедност на храна и сензорна | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | анализа" – Битола, 2006 | |
| 25 | С. Србиновска „Фактори за квалитетно млеко", Моја земја, 26 декември 2007 - статија | 1 |
| | **ВКУПНО** | **138,15** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| | **Назив на активности** | |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска теза: „Анализа на безбедноста на увозната храна во Република Македонија"/одбранетета | 1 |
| 2 | Ментор на магистерска теза: „Микробиолошка исправност на храната во Република Македонија" /одбранетета | 1 |
| 3 | Ментор на магистерска теза: „Проценка на имплементацијата на основните барања за хигиена во високоризични објекти од угостителската дејност во регионот на Скопје" /одбранета | 1 |
| 4 | Ментор на магистерска теза: „Споредба помеѓу некои системи/стандарди за безбедност на храна" /одбранетета | 1 |
| 5 | Ментор на магистерска теза: „Воведување на систем за следливост во погоните за преработка на млеко"/ во тек | 1 |
| 6 | Ментор на магистерска теза: „Компаративна анализа на методите за мониторинг на процесот на производство"/ во тек | 1 |
| 7 | Ментор на магистерска теза: „Фортификација на сензорните и функционалните карактеристики на киселата павлака"/ во тек | 1 |
| 8 | Ментор на магистерска теза: „Промени на својствата во јогуртот во текот на складирањето"/ во тек | 1 |
| 9 | Ментор на магистерска теза: „Стандардизација на бело меко саламурено кравјо сирење" /во тек | 1 |
| 10 | Ментор на докторска дисертација: „Компаративни испитувања на квалитетот и технологијата на автохтони биени сирења во мариовскиот регион", Факултет за биотехнички науки, Битола /3 година | 3 |
| 11 | Ментор на докторска дисертација: „Учество на суруткините протеини при производство на традиционално и ултрафилтрирано бело саламурено сирење"/ 3 година | 3 |
| 12 | Ментор на докторска дисертација: „Следење на потенцијалните опасности во синџирот на производство на бело саламурено сирење" / 2 година | 3 |
| 13 | Ментор на докторска дисертација: „Динамика на зреење на традиционален овчи кашкавал произведен на Бистра и Кораб" /1 година | 3 |
| 14 | Воведување на индикатори за процена на ризик при производство на млеко (национален научно-апликативен проект – раководител), 2008. | 6 |
| 15 | Srbinovska Sonja. 2006. Komparativne analize mocarele, beli sir u salamuri i pekorino iz kozjeg mleka. Prehrambena industrija 1-2. YU ISSN 0353-6564. Novi Sad.96-102. | 3 |
| 16 | Srbinovska Sonja. 2007. Higiena i kvalitet mleka u Republici Makedoniji u saglasnosti sa legislativom. Savremena poljoprivreda 5, ISSN 0350 -1205 UDC: 63(497.1)(051)- 540.2 Novi Sad, 61-67. | 3 |
| 17 | Дуброва-Матева Наташа, Какуринов В, Србиновска Соња, Налетовски З. 2007. Технологија на биено сирење и начин за негова заштита како традиционален производ. III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Охрид, 12-14 септември, Зборник на трудови (389-397). | 1,2 |
| 18 | Dubrova-Mateva Natasa, Srbinovska Sonja, Palasevski, B. 2006. Dinamika azotnih materija u toku zrenja bijenog sira. Mleko i proizvodi od mleka, Zbornik radova. Poljoprivredni fakultet, Univerziteta u Beogradu, Beograd, 60-67. | 1,4 |
| 19 | Srbinovska Sonja. 2006. HACCP implementation in Macedonia. Regional Conference HACCP: Management Tool- Workers Property 14-16 March, , Shibenik, Croatia, (стручен труд). | 2 |
| 20 | Србиновска Соња. Талевски, Г. 2007. Квалитет на суровото млеко од одредени подрачја во Р. Македонија. III Симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Охрид 12-14 Септември, Зборник на трудови (335-341). | 1,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 21 | Cobanova-Vasilevska Radmila, Srbinovska Sonja, Talevski, G., Sireta, Z. 2008. Selection of Starter Cultures for the Production of White Cow Brine Cheese. Acta Agriculturae Serbica, Vol. XIII, 25-31. | 2,4 |
| 22 | Sireta, Z., Srbinovska Sonja, Talevski, G., Čobanova-Vasilevska Radmila. 2009 Uticaj izvora kontaminacije na kvalitet sirovog kravljeg mleka, XIV Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, 27-28.03.2009 Agronomski fakultet, Čačak. | 1,2 |
| 23 | Talevski G., Čobanova-Vasilevska Radmila, Srbinovska Sonja, Sireta Z. 2009 Kvalitet ovčjeg mleka kao sirovina u mlekarskoj industriji Makedonije. XIV Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, 27-28 03.2009, Agronomski fakultet, Čačak. | 1,2 |
| 24 | Александра Тодоровска Соња Србиновска 2007. Отпадни води од млекарската индустрија. III конгрес на еколозите, Книга на апстракти. | 1,6 |
| 25 | Dimitrovska Gordana, Srbinovska Sonja, Kozarovski, N., Kitanovski, D. 2006: Parameters of somatic cells in the milk from Holstein –Friesian breed in the first and second lactation, Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, vol . 9, 2, (176-186) Research Institute of Mountain Stockbreedeng and Agriculture, Troyan. | 1,2 |
| 26 | Srbinovska Sonja, Nikolovski, N., Jovanovska Lence, Damevska Lidija. 2009. Fortification of low fat sour cream with Trimagnesium citrate and *Lactobacillus paracasei subsp. paracasei*. International scientific conference on Nutraceuticals and Functional Foods Food and Function 9-11. June, Proceedings, Ziline, Slovakia. | 1,2 |
| 27 | Дуброва-Матева Наташа, Србиновска Соња,Налетовски З. и др. 2009. Мариовско овчо биено сирење во Република Македонија. IV меѓународен симпозиум. Струга, 9-12 септември, Зборник на апстракти, 178. | 1,6 |
| 28 | Andonov, S., Srbinovska Sonja. 2009. Impact of geographical indication on livestock products in Republic of Macedonia. 1st FAO Regional Expert Meeting on "Livestock based GIs as an entry point to maintain agro-biodiversity" - 20-21 October, FAO REU/SEU, Hungary. | 1,8 |
| 29 | Dimitrovska Gordana, Srbinovska Sonja, Presilski, S. 2008 Correlation dependence between somatic cells and total count of bacteria in cow Holstein-Friesian breed on farm in Pelagonia region. Prehrambena industrija 1-2, YU ISSN 0353-6564, Novi Sad, 116-118. | 2,4 |
| 30 | Србиновска Соња, Кендровски Владимир. 2006. Упатство за основна хигиена на храната во угостителството. Национална универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски". ISBN 9989-716-22-6, (стручен труд). | 1,8 |
| 31 | Србиновска Соња, Кендровски Владимир. 2006. Упатство за практикување на правилна хигиена во прехранбената индустрија. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", ISBN 9989-716-21-8, (стручен труд). | 1,8 |
| 32 | Србиновска Соња. Кендровски Владимир. 2006. Упатство за имплементација на ХАЦЦП-системот во прехранбениот сектор. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", ISBN 9989-716-23-4, (стручен труд). | 1,8 |
| 33 | Србиновска Соња. 2008. Упатство за воведување на барањата за безбедност на млеко и млечни производи. МЗШВ, (стручен труд). | 2 |
| 34 | Србиновска Соња, Даниела Гилдова. 2009. Земјоделски производи и храна со ЗГО, ЗОП и ТСК. ГТЗ МЗШВ, ISBN 978-9989-2016-7-7, (стручен труд). | 1,8 |
| 35 | Србиновска Соња. 2007. Европски барања за квалитет на млекото и можности за развој. II Regional conference on sheep and goat breeding sheep and goat breeder`s day, 13 & 14 July, Mavrovo, Galicnik, Macedonia, (учество на стручен собир со реферат). | 1 |
| 36 | Србиновска Соња. 2009 Можности на производителите за заштита на земјоделските производи. IV Regional conference on sheep and goat breeding sheep and goat breeder`s day, 10 & 11 July, Mavrovo, Galicnik, Macedonia, (учество на стручен собир со реферат). | 1 |
| 37 | Србиновска Соња. 2005. Cheese in Macedonia. Меѓународен академски курс | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 3-17 јули, БЕСТ. (учество на стручен собир со реферат). | |
| 38 | Србиновска Соња. 2009. Производство на фета и недостатоци при производството на бело саламурено сирење. Работилница на тема: „Бело саламурено сирење", 24 ноември, Штип. (учество на стручен собир со реферат). | 1 |
| **ВКУПНО** | | **67** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Какуринов Владимир, Србиновска Соња., Петановска Илиевска Билјана, Колевска Ленче, Коцарев Петар, Депиновска Александра, Секуловски Павле, Костадинова Катерина. 2006. Квалитет и безбедност на храна. РЕЧНИК на поими и изрази. Скопје, ISBN 9989-845-25-5. | 3 |
| 2 | „Food safety strategy " Regional project, financed by WHO, 2005-2006 (учесник). | 0,5 |
| 3 | „Quality Control and Certification Project in the Agriculture, Food and Related Transport Sector in Macedonia" (agriprexo) PSO04/MA/1/90, 2005-2006 (учесник). | 0,5 |
| 4 | „Structural and Legal Reforms" in Ministry of Agriculture Forestry and Water Economy, EAR CARDS 2004.(2004-2006) (учесник). | 0,5 |
| 5 | „Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food Safety and Quality in South East Europe" 2005-2006 (учесник). | 0,5 |
| 6 | „Food Safety Policy and Programme Development" for the FYR Macedonia – EAR/CARDS 2001, 2005. (координатор на проект). | 1 |
| 7 | „Preparation of General Food Hygiene and HACCP Regulations" – EAR/ CARDS 2001, 2005 (координатор на проект). | 1 |
| 8 | „Implementation standards in Dairy Industry" MASSP –SIDA, 2007 (локален експерт). | 0,5 |
| 9 | „National project for Mastitis prevention", financed by GRM International 2007 (локален експерт). | 0,5 |
| 10 | „Quality Assurance Standards" 2007-2009 Education Development Center (EDC) Social Legacy Project, Kosovo Agriculture USAID (локален експерт). | 0,5 |
| 11 | „Воведување на индикатори за процена на ризик при производство на млеко" 2009 МЗШВ (раководител на проект). | 1 |
| 12 | „Зајакнување на традиционалното сточарство на Пелистер", Национален парк Пелистер, 2007 (учесник). | 0,5 |
| 13 | „New curriculum models for educating food engineers" Tempus Project N° CD_JEP-40065-2005 (учесник). | 0,5 |
| 14 | Srbinovska Sonja, Dzabirski, V. 2009. „Investigation of the potential for energy saving and uses of renewable energy sources in milk production and processing in the Republic of Macedonia" AGRO-ENERGY STUDY 2009. | 1 |
| 15 | Milk research study for south-east Serbia opto international ab Projekat integralnog razvoja mlekarstva "Reka Mleka" 2006. (коавтор). | 0,5 |
| 16 | Laboratories study: Evaluation food laboratories in R. of Macedonia and the process of accreditation, 2005, Human and Intuitional Development Program, USAID (автор). | 1 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| | Студиски престој во странство - 7 | 3,5 |
| | Директор на Дирекцијата за храна, 2004-2006 (вршител на јавна функција) | 3 |
| | Претседател на ТК ЗА ХРАНА од 2007 година, ИСРМ | 1 |
| | Учесник во изработката на ИПАРД-програмата - раководител за секторот млеко | 3 |
| | Идеен техничко-технолошки проект за изградба на сирењарница за производство на традиционален кашкавал со капацитет од 5000 литри, 2008 година. | 1 |
| | Идеен техничко-технолошки проект за изградба на сирењарница за производство на Пекорино со капацитет од 20.000 литри,. (во тек). | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Идеен техничко-технолошки проект за изградба на млекарница за производство на сирење и кисело млеко со капацитет од 5000 литри. (во тек) | 1 |
| | Член на комисија за докторати при Факултетот | 1 |
| | Раководител на Катедрата за технологија на анимални преработки | 1 |
| | Учество во изработка на закони и подзаконски акти (во МЗ-15 подзаконски акти и дополнување на Закон, а во МЗШВ во Закон за квалитет на земјоделски производи и во три подзаконски акти) | 2 |
| | **ВКУПНО** | **30,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 138,15 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 67 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 30,5 |
| **ВКУПНО** | **235,65** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Тихомир Чижбановски, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Огњен Мачеј, член, с.р.

3. Проф. д-р Владимир Цабирски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ПЧЕЛАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XI седница одржана на 23.12.2009 година, со решение бр. 02-3120/4 избра Рецензентска комисија во состав: д-р Мирче Наумовски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Миќа Младеновиќ, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Белград и д-р Сретен Андонов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за оцена на пријавените кандидати на конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа пчеларство. По прегледот на доставените пријави, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа пчеларство за звањето **редовен професор** се пријави д-р Хрисула Кипријановска, вонреден професор по пчеларство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

### Биографски податоци

Д-р Хрисула Кипријановска е родена во Велес, на 28.1.1965 година, каде што завршила основно и средно образование. Во учебната 1983/84 година се запишала на Земјоделскиот факултет во Скопје, лозаро-овоштарска насока, на кој дипломирала во 1987 година, со просечен успех 9,00. Во 1989 година се вработила на Земјоделскиот факултет во Скопје како помлад асистент по предметот пчеларство. Во учебната 1989/90 година се запишала на постдипломски студии на групата ентомологија. Магистерскиот труд под наслов: **Динамика на развојот на крлежот Varroa jacobsoni Oudemans и мерки за негово сузбивање** го одбранила на 1.7.1994 и се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки. Во 1995 година е избрана за асистент по предметот пчеларство. Во 1996 година ја пријавила докторската дисертација под наслов **Влијание на продуктивноста на нектар и полен врз опрашувањето со пчели и приносот кај некои сорти бадем,** на Земјоделскиот факултет во Скопје. Дисертацијата ја одбранила на 17. 12. 1999 година. Во октомври 2000 година е избрана за доцент, а во јули 2005 за вонреден професор по пчеларство, на кое работно место се наоѓа и сега.

### Наставно-педагошка активност

Кандидатката д-р Хрисула Кипријановска ја изведува наставата по предметот пчеларство за студентите од лозаро-овоштарската и сточарската насока. На насоката еко-земјоделство ја изведува наставата по предметот

пчеларство и бубарство, и еден дел од наставата по предметот квалитет и стандарди на земјоделските производи. По сите овие предмети до учебната 2007/2008 година ги изведувала и вежбите. За потребите на вежбите по пчеларство во 2007 година основала современа лабораторија, и на таа лабораторија е раководител.

Д-р Хрисула Кипријановска изведува настава и на последипломски студии, на групата пчеларство, на која е и раководител. Настава изведува по предметите апитехника и пчелни производи и нивна употреба.

Сите овие активности ги изведува успешно и максимално професионално.

**Научно-стручна дејност**

Д-р Хрисула Кипријановска посветува големо внимание на своето стручно усовршување во областа на пчеларството, преку учество на повеќе обуки, семинари, работни групи, конгреси, при што ги издвојуваме:

-2005- 39-th APIMONDIA, Светски конгрес за пчеларство - Даблин, Ирска;

-2006, Состојбите со органското пчеларско производство, семинар-Софија, Република Бугарија;

-2006- Naučno-stručni skup poljoprivrede i prehranbene industrije, Неум, Босна и Херцеговина;

-2006-Simpozijum sa međunarodnim učešćem UNAPREĐENJE POLJOPRIVREDNE PROIZVODNJE NA TERITORIJI KOSOVA I METOHIJE, Врњачка бања, Србија;

-2007 Кметијски Институт-Љубљана, Словенија (студиски престој);

-2007- I st Balkan countries beekeeping congres, Истанбул, Турција;

-2008, посета на пчеларски институти, оплодни станици и тест-пчеларници, Германија (студиски престој);

-2009- Conservation of Yigilca Honey Bee Ecotype, Дузче, Турција (семинар);

-2009-COLOSS 5 th Conference-Монтпелие, Франција;

-2009- 41 st APIMONDIA, Светски конгрес за пчеларство, Монтпелие, Франција.

Во изминатиов период, кандидатката, како раководител или учесник, учествувала во реализација на повеќе научноистражувачки и апликативни национални и меѓународни проекти.

Д-р Хрисула Кипријановска е член на Балканската федерација на пчеларските сојузи, како координатор на експертскиот тим на земјите - членки за одделот Медоносни растенија и опрашување. Кандидатката активно соработува со повеќе пчеларски здруженија во Републиката каде што одржува теоретски и практични предавања.

Како резултат на континуираната научно-стручна активност, кандидатката д-р Хрисула Кипријановска до изборот за вонреден професор има објавено 34 трудови, а за овој избор има приложено 13 научни и стручни трудови и 7 апстракти од трудови со кои настапила на научни собири:

35. **Кипријановска Х.,** Цимревска И., Узунов А. 2004. Застапеност на медоносните растенија на територијата на Република Македонија, Годишен зборник на ФЗНХ, година 49

**Научен труд** во кој се изнесени резултатите од проучувањата на застапеноста на медоносните растенија на територијата на Република Македонија. Како значајни медоносни растенија на целата територија се издвоени 49 одделни

растенија и како група овошните растенија во која спаѓаат неколку видови. Најбогат регион со медоносни растенија е медитеранскиот со 32 значајни медоносни растенија, а најсиромашен е западниот со само 9 одделни растенија и овошките како група. За време на активната сезона за пчелите, најголем процент од медоносните растенија цветаат во мај (20,6%), а најмалку во октомври (1,9%).

36. **Кипријановска Хрисула**, Кипријановски М., Дамовски К. 2005. Влијание на медоносните пчели (Apis mellifera L.) врз опрашувањето на јаболката, Годишен зборник на ФЗНХ, година 50

Во овој **научен труд** се дадени резултатите од проучувањето на влијанието на медоносните пчели врз опрашувањето кај пет сорти јаболка (јонаголд, ајдаред, чадел, муцу и златен делишес) одгледувани во преспанскиот регион. Кај сите пет сорти е проучувано заврзувањето на плодови, јунското опаѓање, бројот на семки во плодовите и содржината на суви материи и киселини во плодовите, кај изолирани овошки и овошки кај кои пристапот на пчели бил слободен. Процентот на заврзување кај неизолираните овошки е поголем во однос на изолираните за 1,27 до 2,43 пати, зависно од сортата. Кај неизолираните плодови по јунското опаѓање се задржуваат од 1,69 до 2,75 пати повеќе плодови во однос на изолираните. Плодовите добиени од неизолирани овошки имаат поголем број семки по плод, а покажуваат и подобар квалитет во однос на содржината на суви материи и вкупни киселини.

37. **Kiprijanovska H.**, Dzimrevska I., Cvetkovic J. 2006. Effects on heating on honey quality (HMF level), University of Sarajevo, Faculty of Agriculture, XIX Scientific Symposium on Agriculture and Food Industry, Neum, Bosnia and Herzegovina.

**Научен труд** во кој се дадени резултати од истражувањата на влијанието на загревањето на медот врз неговиот квалитет преку определување на нивото на HMF (хидрокси-метил фурфурол). Кај кристализиран мед, чуван 10 месеци по цедењето, одредувана е температурата при која не доаѓа до зголемување на HMF над максимално дозволената количина (40 мг/кг) според New Honey Directive 2002/110 of EU (2001), при декристализирање на медот. Декристализацијата е вршена со примена на две постапки, влажна и сува декристализација на различни температури. По декристализацијата кај сите примероци и кај контролен примерок од незагреван мед е определуван HMF по методот на White (1979). Утврдено е дека содржината на HMF расте пропорционално со зголемување на температурата (од 2,78 кај незагреван мед до 236,95 мг/кг на 100 $^0$C), дека не постои значителна разлика во порастот на HMF во однос на начинот на декристализација и дека безбедна температура за декристализација на медот е до 60 $^0$C кога количината на HMF достигнува 17,56 мг/кг, што е под дозволеното, а веќе на 65 °C количината на HMF достигнува 54,29 мг/кг.

38. **Кипријановска Х.** 2006. Пчелни производи со дополнителна вредност, Зборник на трудови, XXX I средба „Факултет-стопанство".

Во овој **стручен труд** се дадени можностите кои ги нудат примарните пчелни производи (мед, полен, прополис, восок и матичен млеч), за од нив да се произведат т.н. секундарни производи. Дадени се повеќе примери какви сè производи можат да се направат поодделно од секој од примарните производи (препарати кои се користат како додатоци во исхраната и како помошни лековити средства, козметички препарати, украсни свеќи и др.). Претворањето на

примарните пчелни производи во секундарни значително ја зголемува нивната вредност, а тоа води до зголемување на приходите од пчеларството.

39. Uzunov A., **Kiprijanovska H**. 2006. Evolution of the world apiculture with regard to the maximization of the royal jelly production, University of Sarajevo, Faculty of Agriculture, XIX Scientific Symposium on Agriculture and Food Industry, Neum, Bosnia and Herzegovina.

Во овој **стручен труд,** авторите прават осврт на светскиот тренд на зголемување на производството на матичен млеч, како еден од пчелните производи кој во земјите со развиено пчеларско производство сè повеќе зазема место и отвора една нова гранка во пчеларството - апитерапија. Податоците покажуваат дека светското годишно производство на матичен млеч изнесува 1800 тони, од кое 60% отпаѓа на матичен млеч произведен во Кина каде што се постигнува и највисок просек по пчелно семејство (2000 г). Во Јапонија, Тајван и Кореја, просекот по пчелно семејство е 800-1000 г, а во останатите земји кои во вкупното годишно производство учествуваат со 10%, просекот по пчелно семејство се движи од 300 до 500 г. Дадени се податоци и за цените на млечот на светскиот пазар, неговата потрошувачка во одделни земји и начините на неговата употреба.

40. Uzunov A., Dimitrov L., Cadikovslka L., Petkovski V., **Kiprijanovska H.,** Petrovska B. 2006. Lending for Macedonian beekeeping development, Second European conference of apidology, Prague.

**Стручен труд** во кој авторите извршиле анализа на кредитирањето од страна на ИФАД - кредитната линија во секторот пчеларство, споредено со другите гранки од агросекторот во Република Македонија. Во периодот октомври 2003-април 2006 (30 месеци), на 73 пчеларски производители и 3 преработувачи и трговци на мед им се исплатени 313792,74 евра како директни инвестиции. 72,6% од пчеларските производители, добиените средства ги вложиле во набавка на нови пчелни семејства, 21,9% во нови пчелни живеалишта, 2,7% во обртни средства, 1,3% во амбалажа за пакување, а 1,3% за зимска храна. Најмалку средства се побарани во западниот регион (6%), а најмногу во скопско-кумановскиот регион (47 %).

41. **Kiprijanovska H.,** Uzunov A., Dzimrevska I. 2007. Pčelarstvo u Republici Makedoniji-stanje, fakti i brojke. Unapređenje poljoprivredne proizvodnje na Kosovu i Metohiji, Lesak.

Во овој **стручен труд** се дадени податоци добиени како резултат на анализа на одговорите од два типа прашалника поделени во 27 пчеларски здруженија низ Републиката, на повеќе од 1000 пчелари и податоци од Заводот за статистика. Резултатите се групирани и обработени во неколку групи - основни податоци, организираност на пчеларите, технологија на пчеларење и производство на пчелни производи. Пчеларите се организирани во 32 локални пчеларски здруженија и 4 регионални сојузи, обединети во Пчеларски Сојуз на Р. Македонија, а своите активности ги остваруваат преку организирање на пчеларски изложби, предавања, соработка со владини и невладини организации за реализација на проекти и сл. 57% од пчеларите, пчеларството го наследиле како семејна традиција, а останатите започнале по сопствена иницијатива. Според нивото на пчеларење, 47,9% се хобисти со 5-30 пчелни семејства, 31,9% се полукомерцијални производители со 30-100 пчелни семејства, 13,6% се

комерцијални производители со повеќе од 100 пчелни семејства и 6,6% се почетници со 1-5 пчелни семејства.

Производството на мед по пчелно семејство во просек е 19,8 кг, а вкупното годишно производство е 1500 тони. Другите пчелни производи се произведуваат во количини од: 162 тони восок, 4,9 тони полен, 3,3 тони прополис, 120 кг матичен млеч и 2500 матици. Дадени се податоци и за цените на пчелните производи, начинот на нивна продажба, амбалажирање и др.

42. Dzimrevska I., **Kiprijanovska H.,** Bojadzievski I. 2007. Challenges and dilemmas in the approximation of the legislation related to the beekeeping sector in the Republic of Macedonia. First Balkan Symposium on Beekeeping, Istanbul.

Во овој **стручен труд,** авторите прават осврт на ситуацијата со законските регулативи кои се однесуваат на секторот пчеларство. Во трудот е наведено дека во Р. Македонија не постои посебен закон за пчеларство, а прашањата што го засегаат секторот делумно се регулирани во неколку други закони и подзаконски акти: Закон за сточарство донесен во 1997 година, во кои пчелите не се посебно издвоени, туку се препознаваат во „други животни со економско значење", Закон за ветеринарна медицина, Закон за заштита на растенијата, Закон за органско земјоделство и Закон за заштита на потрошувачи. Со овие постојни закони не се регулирани неколку прашања што треба да се земат предвид при нивното хармонизирање и приближување до оние на ЕУ: пчелните семејства треба да бидат третирани како поединечно животно; потребно е создавање на база на податоци со регистрирање на секој пчелар, одредување точна локација и обележување на секој пчеларник и секое пчелно семејство; заштитата на автохтоната медоносна пчела треба да биде обврска и предмет на финансиска поддршка од надлежните министерства; потребно е регулирање на производството на пчелни матици во регистрирани репроцентри; потребна е изработка на катастар на пчелна паша и пропишување на услови за нејзино користење.

43. **Kiprijanovska H.,** Dzimrevska I. 2007. Innovations in the beekeeping sector in Kumanovo region in the Republic of Macedonia. First Balkan Symposium on Beekeeping, Istanbul.

**Стручен труд** во кој се претставени пчелари - иноватори и нивните иновации. Во трудот се претставени: Дадант-Блатово живеалиште со 8 рамки и еднакви тела, Машина за едновремено отворање на дупки на рамките, Машина за прихранување на пчелите - дозер пумпа, казан за припрема на течна храна, сушилница за полен и др.

44. **Кипријановска Х.**, Узунов А. 2008. Селидбено пчеларење, едукативно-техничка брошура, ФЗНХ.

Во оваа **брошура,** која е напишана на 22 страници, авторите го обработуваат селидбеното пчеларење. Селидбеното пчеларење е обработено од неколку аспекти, објаснета е подготовката на пчелните семејства кои ќе се користат за селидба во зависност од типот на пчелните живеалишта со кои се пчелари; дадени се податоци за карактеристиките и застапеноста на медоносните растенија во Р. Македонија на кои може да се организира селидба (маслодајна репа, багрем, питом костен, сончоглед и планински ливади) и објаснето е организирањето и изведувањето на селидбата.

45. Uzunov A., Andonov S., **Kiprijanovska H**. 2009: Les pertes de colonies dans la Republique de Macedoine, Buletin Technique Apicole, N° 146 Vol.36 (2).

Во овој **стручен труд** е даден преглед на причините за загубите на пчелите преку обработка на податоците од 193 прашалници поделени на исто толку пчелари, што претставува 1,94% од вкупниот број на пчелари во Р. Македонија. Вкупниот број на пчелни семејства со кои располагаат овие пчелари е 11 912, што претставува 15,88% од вкупниот број пчелни семејства во Р. Македонија. Кај овие пчелни семејства е констатирана загуба на зазимени пчели во сезоната 2008/2009 од 20,20%. Најголем број од пчелите настрадале рано во пролет (30,41%), а како главна причина е наведен недостатокот на храна.

46. Узунов А, **Кипријановска Х.,** Соколов Б. 2009. Потрошња хране у току зимског периода. Пчелар бр.11.

**Стручен труд** во кој се дадени резултатите од истражувањата на потрошувачката на храна кај пчелните семејства во текот на зимската сезона (ноември - март), кои се вршени со цел да се утврдат оптималните количини на храна кои треба да им се додаваат на пчелните семејства при зазимувањето. Истражувањата се вршени кај 10 пчелни семејства на кои им е одредена тежината пред додавање на зимската храна, за при пресметките да се исклучи тежината на наставките, рамките, восокот и пчелите. Со мерење на тежината на опитните семејства на растојание од 30 дена, пресметувана е месечната потрошувачка на храна која во просек изнесувала 1,44 кг, со варирања од 0,94 до 1,99 кг. Просечната дневна потрошувачка на храна изнесувала 0,048 кг, од каде што произлегува дека за целата зимска сезона од пет месеци (150 дена) потребни се околу 8 кг храна за преживување на пчелните семејства.

47. Uzunov A., **Kiprijanovska H**., Andonov S., Naumovski M., Gregorc A. 2009. Morphological diversity and racial determination of the honey bee (*Apis mellifera L.*) population in the Republic of Macedonia, Journal of Apicultural Research, Vol. 48 (3) pp. 196-203, ISI Impact Factor (0,746).

**Научен труд** во кој авторите вршеле морфометриски истражувања на пчелите од Република Македонија со цел да се утврди нивната припадност според еден од подвидовите пчели. Истражувањата се вршени на крилната нерватура на предното десно крило врз 1800 примероци, при што се добиени податоци за 21 карактеристика. Анализата на вредностите на карактеристиките на испитуваните пчели е изведена преку дескриптивна статистика, анализа на варијанса (АНОВА) и тестирање за припадност според стандардите за најзначајните подвидови медоносни пчели. Утврдено е дека испитуваните пчели припаѓаат на следниве подвидови: Apis mellifera macedonica (15,87%), Apis mellifera ligustica (12,70%), Apis mellifera carnica (10,32%), Apis mellifera caucasica (4,76%) и Apis mellifera mellifera (4,76%).

**Апстракти од трудови презентирани на научни собири:**

48. Uzunov A.**,** **Kiprijanovska H**., Dzimrevska I. 2005: Current Situation in the Macedonian Apiculture, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Dublin, Ireland.

49. Dzimrevska I., **Kiprijanovska H.**, Uzunov A. 2005 Bee products – marketing, trends and perspectives in The Republic of Macedonia, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Dublin, Ireland.

50. **Kiprijanovska H.** 2005**:** Investigation on the almond as honey plant, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Dublin, Ireland.

51. Dzimrevska I., **Kiprijanovska H.** 2009**:** Influence of the type of the breeding colonies on the yields of royl jelly in the region of Kumanovo in Macedonia, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Montpellier- France.

52.**Kiprijanovska H**., Uzunov A., Andonov S**.** 2009. Overwintering food consumption on the testing apiary in Republic of Macedonia, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Montpellier- France.

53.Uzunov A., **Kiprijanovska H**., Andonov S. 2009. Assesment of the colony losses in Republic of Macedonia on the winter season 2007/2008, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Montpellier – France.

54.Uzunov A., **Kiprijanovska H**., Gjurovski S. 2009. Establishment of the National beekeeping breeding program in Republic od Macedonia, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Montpellier- France.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесените активности на пријавената кандидатка, Комисијата заклучува дека д-р Хрисула Кипријановска ги поседува потребните научни, педагошки, морални и формални квалитети според Законот за високото образование на Република Македонија. Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да му препорача, д-р Хрисула Кипријановска да биде избрана во звањето **редовен професор** од областа пчеларство.

---

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Мирче Наумовски с.р.
2. Проф. д-р Миќа Младеновиќ с.р.
3. Проф. д-р Сретен Андонов с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Хрисула Наум Кипријановска

**Институција:** Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје

**Научна област:** пчеларство

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Р.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Пчеларство (3+2), зимски, 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 | 9,0 |
| 2 | Пчеларство и бубарство (2+2), зимски, 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009./2010 | 7,5 |
| 3 | Квалитет и стандардизација на земјоделски производи (3+2), летен, 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 50 % | 3,6 |
| 4 | Пчеларство (2+1), летен, 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009 | 6,0 |
| 5 | Пчеларство (3+2), зимски, 2005/2006, 2006/2007-вежби | 1,8 |
| 6 | Пчеларство и бубарство (2+2), зимски, 2005/2006, 2006/2007-вежби | 1,8 |
| 7 | Квалитет и стандардизација на земјоделски производи (3+2), летен, 2005/2006, 2006/2007, 50 %, вежби | 0,9 |
| 8 | Пчеларство (2+1), летен, 2005/2006, 2006/2007, вежби | 0,9 |
| 9 | Апитехника (2+2), зимски, постдипломски, 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 | 7,5 |
| 10 | Пчелни производи и нивна употреба (2+2), летен, постдипломски, 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009 | 6,0 |
| 11 | Ментор на дипломска работа (4) | 0,8 |
| 12 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2) | 1,0 |
| 13 | Квалитет и стандардизација на земјоделски производи, 2009, интерна скрипта | 4,0 |
| | **Вкупно** | **50,8** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Р.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа - Разновидност на медоносните пчели (Apis mellifera L.) на територијата на Република Македонија (одбранета). | 1,0 |
| 2 | Ментор на магистерска работа - Влијание на типот на одгледувачкото семејство врз приносот на матичен млеч (предадена). | 1,0 |
| 3 | Ментор на докторска дисертација - Биолошки и производни карактеристики на автохтоната медоносна пчела (Apis mellifera macedonica) на територијата на Република Македонија (втора година). | 2,0 |
| 4 | 2005-2006, Integral management in beekeeping production, национален проект (раководител). | 6,0 |
| 5 | 2007-2008, Technical expertise for beekeeping activities in Macedonia and Kosovo, национален проект (раководител). | 6,0 |
| 6 | 2007-2008, Репродуктивни карактеристики на пчелни матици од крањската раса пчели (Apis mellifera carnica) произведени во словенечки и македонски пчеларници-билатерален проект (раководител). | 9,0 |
| 7 | 2007-2008, Одредување ареал на медоносни растенија погодни за селидбено пчеларење, национален проект (раководител). | 6,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | 2008-2009, Добра пчеларска практика, национален проект (учесник). | 3,0 |
| 9. | 2008-2009, Воведување технологија на производство на иновативен производ - пчелин отров во Република Македонија, национален проект (учесник). | 3,0 |
| 10. | 2008-2009, Определување на најпогоден метод за зголемено производство на матичен млеч, национален проект (раководител). | 6,0 |
| 11. | 2008-2012, Превенција од смртност кај пчелните семејства (COLOSS) COST - акција - Европска унија, меѓународен проект (учесник). | 5,0 |
| 12. | **Кипријановска Х.,** Цимревска И.,Узунов А. 2004. Застапеност на медоносните растенија на територијата на Република Македонија, Годишен зборник на ФЗНХ. | 1,6 |
| 13 | **Кипријановска Хрисула**, Кипријановски М., Дамовски К. 2005. Влијание на медоносните пчели (Apis mellifera L.) врз опрашувањето на јаболката, Годишен зборник на ФЗНХ. | 1,6 |
| 14 | **Kiprijanovska H.**, Dzimrevska I., Cvetkovik J. 2006. Effects on heating on honey quality (HMF level), University of Sarajevo, Faculty of Agriculture, XIX Scientific Symposium on Agriculture and Food Industry, Neum, Bosnia and Herzegovina. | 1,6 |
| 15 | **Kiprijanovska H.**, Uzunov A., Dzimrevska I. 2007. Pcelarstvo u Republici Makedoniji-stanje, fakti i brojke. Unapredjenje poljoprivredne proizvodnje na Kosovu i Metohiji, Lesak. | 2,4 |
| 16 | Uzunov A., **Kiprijanovska H.**, Andonov S., Naumovski M., Gregorc A. 2009. Morphological diversity and racial determination of the honey bee (*Apis mellifera L.*) population in the Republic of Macedonia, Journal of Apicultural Research, Vol. 48 (3) pp. 196-203, ISI Imapact Factor (0,746). | 3,6 |
| 17 | **Кипријановска Х.** 2006. Пчелни производи со дополнителна вредност, Зборник на трудови XXX I средба „Факултет-стопанство". | 2,0 |
| 18 | Uzunov A., **Kiprijanovska H**. 2006. Evolution of the world apiculture with regard to the maximization of the royal jelly production, University of Sarajevo, Faculty of Agriculture, XIX Scientific Symposium on Agriculture and Food Industry, Neum, Bosnia and Herzegovina. | 1,8 |
| 19 | Uzunov A., Dimitrov L., Cadikovslka L., Petkovski V., **Kiprijanovska H.**, Petrovska B. 2006. Lending for Macedonian beekeeping development, Second European conference of apidology, Prague, Czech Republic. | 1,2 |
| 20 | Dzimrevska I., **Kiprijanovska H.**, Bojadzievski I. 2007. Challenges and dilemmas in the approximation of the legislation related to the beekeeping sector in the Republic of Macedonia. First Balkan Symposium on Beekeeping, Istanbul,Turkey. | 1,6 |
| 21 | **Kiprijanovska H.**, Dzimrevska I. 2007. Innovations in the beekeeping sector in Kumanovo region in the Republic of Macedonia. First Balkan Symposium on Beekeeping, Istanbul, Turkey. | 1,8 |
| 22 | **Кипријановска Х.**, Узунов А. 2008: Селидбено пчеларење, едукативно-техничка брошура, ФЗНХ. | 1,8 |
| 23 | Uzunov A., Andonov S., **Kiprijanovska H**. 2009. Les pertes de colonies dans la Republique de Macedoine, Buletin Technique Apicole, N° 146 Vol.36 (2). | 2,4 |
| 24 | Узунов А, **Кипријановска Х.**, Соколов Б. 2009. Потрошња хране у току зимског периода. Пчелар бр.11. | 1,6 |
| 25 | Uzunov A., **Kiprijanovska H.**, Dzimrevska I. 2005. Current Situation in the Macedonian Apiculture, Book of Abstracts, Apimondia, – International Conference on Apiculture, Dublin, Ireland. | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | Dzimrevska I., **Kiprijanovska H.**, Uzunov A. 2005. Bee products – marketing, trends and perspectives in The Republic of Macedonia, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Dublin, Ireland. | 1,0 |
| 27 | **Kiprijanovska H.** 2005: Investigation on the almond as honey plant, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Dublin, Ireland. | 1,0 |
| 28 | Dzimrevska I., **Kiprijanovska H.** 2009: Influence of the type of the breeding colonies on the yields of royl jelly in the region of Kumanovo in Macedonia, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Montpellier, France. | 1,0 |
| 29 | **Kiprijanovska H.**, Uzunov A., Andonov S. 2009. Overwintering food consumption on the testing apiary in Republic of Macedonia, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Montpellier, France. | 1,0 |
| 30 | Uzunov A., **Kiprijanovska H.**, Andonov S. 2009. Assesment of the colony losses in Republic of Macedonia on the winter season 2007/2008, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Montpellier, France. | 1,0 |
| 31 | Uzunov A., **Kiprijanovska H.**, Gjurovski S. 2009. Establishment of the National beekeeping breeding program in Republic od Macedonia, Book of Abstracts, Apimondia – International Conference on Apiculture, Montpellier, France. | 1,0 |
| | **Вкупно** | **82,0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Студиски престој во странство (до 3 месеци) X 2 | 1,0 |
| 2 | Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект во странство, SEE-ERA.NET Plus Joint Call-Investigation Of Vitality And Stress Expose Of Local Races And Feral Colonies Of Honey Bee Populations (Apis Mellifera L.), соработник | 1,0 |
| 3 | Раководител на постдипломски студии | 2,0 |
| 4 | Подготовка на Национална одгледувачка програма за пчеларство | 3,0 |
| 5 | Комисија за постдипломски студии на ФЗНХ-2003/2008 | 0,5 |
| 6 | Наставна комисија на ФЗНХ-2005/2008 | 0,5 |
| 7 | Дисциплинска комисија на ФЗНХ, 2009 | 0,5 |
| 8 | Национален координатор на Балканската федерација на пчеларските сојузи | 4,0 |
| | **Вкупно** | **12,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 50,8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 82,0 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 12,5 |
| **Вкупно** | **143,3** |
| | |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Мирче Наумовски с.р.
2. Проф. д-р Миќа Младеновиќ с.р.
3. Проф. д-р Сретен Андонов с.р.

# Реферат

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА М-Р КАТЕРИНА МИТКОВСКА-ТРЕНДОВА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр. 02-2382/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 24.9.2009 година, формирана е Комисија во состав:

1. проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет - Скопје
2. проф. д-р Делчо Јованоски, Машински факултет - Скопје
3. вонр. проф. д-р Никола Тупески, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Катерина Митковска-Трендова и да даде оцена за оспособеноста на кандидатката за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов:

## ПРИМЕНА НА МАРКОВИ ПРОЦЕСИ НА ОДЛУЧУВАЊЕ КАКО ПОДДРШКА ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ПОД НЕСИГУРНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРЕСТРУКТУРИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Оспособеност на кандидатката за научна работа

Кандидатката м-р Катерина Митковска-Трендова е родена на 27.11.1971 година во Струмица, Република Македонија. Основно и средно образование завршила во Струмица, со континуиран одличен успех и редовно и успешно учество на регионални, републички и сојузни натпревари по математика и физика. Високото образование го започнала во учебната 1990/1991 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на групата за математика, насока-теориска. Дипломирала на 20.11.1995 година со просек 9,12. Работното искуство го започнала на Воената академија во Скопје, во учебната 1996/1997 година, како помлад асистент по математика, каде што работи и денес, како соработник по математика и соработник по методи на операциски истражувања. Како асистент на Воената академија

одржувала вежби и испити по предметите математика 1, 2, 3 и 4, моделирање и симулации, и евиденција и статистика, а во перспектива и по методи на операциски истражувања. Покрај тоа, држела вежби и испити по математика 1 и математика 2 на ЕТФ во Скопје (ФЕИТ), како резултат на соработката и размената на наставен кадар помеѓу Воената академија и ЕТФ. Покрај наставниот ангажман, учествувала во комисии за приемни испити и прием на питомци и офицери, комисии за дипломски работи, комисии за натпревари и во најразлични комисии со административен карактер. Учествувала во еден научноистражувачки проект на ЕТФ во Скопје и Министерството за образование и наука од 2002 година до 2006 година, потоа во обуки и семинари за симулации и учење на далечина, како и во воено-симулациски вежби. Постдипломските студии на Машинскиот факултет во Скопје ги започнала во учебната 2006/2007 година, на Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент, а ги завршила на 8.5.2009, со магистерската работа „Математичко моделирање на системите за севкупно преструктурирање на претпријатијата". Зела активно учество на повеќе конференции, симпозиуми и конгреси, со објавени десетина трудови, од кои повеќето се поврзани со темата предложена за докторска дисертација.

## 2. Образложение на предлог-темата за докторска дисертација

Непрекинатиот процес на донесување одлуки е неопходен во секојдневното извршување на менаџерските функции како што се планирање, организирање или управување. Одлучувањето е промислен избор помеѓу повеќе алтернативи и секогаш ѝ претходи на акцијата од кој било вид. Затоа е неопходно познавање на методите за подготовка и донесување на одлуки во прилог на побудување на позитивни и корисни акции. Методите врз основа на кои се донесуваат одлуките зависат од повеќе фактори, меѓу кои и степенот на одговорност на донесувачот на одлуки. Големиот број на достапни алтернативи и информации и наглите промени во околината на одлучување го прават донесувањето на одлуки сè покомплицирано и потешко. Затоа пред да се донесе одлука, донесувачите на одлуки бараат поддршка од најразлични методологии, кои ќе помогнат во донесувањето на одлуки со висок квалитет.

За поддршка и анализа на одлучувањето се развиени многу алатки и методи, а сè повеќе расте бројот на апликации и развивање на математички модели и техники со таква намена. Во областите каде што комплексноста и важноста на одлучувањето не дозволува потпирање само на искуството и субјективното расудување, квантитативните методи на донесување одлуки се најнеопходни. Во науката, откривањето на една теорија заедно со своите методи и техники на решавање најчесто е иницирано од потребата да се реши некој проблем.

Денес претпријатијата секојдневно се соочуваат со потребата за подобрување на производите/услугите наспроти намалување на трошоците, со цел да се зголеми профитабилноста. Поради тоа, тие се принудени на истражување и усвојување на нови, научно засновани методологии кои ќе го

поддржат донесувањето на одлуки на сите нивоа на управување. Од тие причини е развиен и моделот за севкупно преструктурирање на претпријатијата - COMPASS, со цел да понуди решенија и поддршка во клучните точки на донесување одлуки, во процесот на преструктурирање на претпријатијата. Во моделот се мерат стратегиската важност и учинокот за променливите наречени клучни елементи (КЕ) и супклучни елементи (субКЕ), кои го опишуваат претпријатието од најразлични аспекти. Елементите кај коишто ќе се утврди неконзистентност помеѓу стратегиската важност и учинокот се наречени критични елементи (CE) и за нив се генерираат најразлични акции наречени фактори на успех (ФУ), кои треба да ја подобрат состојбата на критичните елементи. COMPASS се развива во насока на воведување на методи коишто научно ќе го поддржат генерирањето на ФУ, па поради тоа се прават напори во насока на подобрување на процесот на генерирање на ФУ и оптимизација на симулациониот процес, кои проблеми се опфатени со етапа 4 и етапа 5, соодветно, од седумте фази на моделот. Од овие проблеми произлегуваат потреби за посебен пристап и користење на математички модели коишто ги одразуваат нивните карактеристики.

Постојат неколку формализми/техники за опишување и решавање на проблемите на одлучување, кои опфаќаат најразлични математички алатки, во кои централно место заземаат методите на оптимизација и стохастичките модели. Марковите процеси се специјален случај на категоријата на стохастички процеси кои во областа на планирање и донесување на одлуки под несигурност привлекоа големо внимание како природна и едноставна рамка за моделирање и за решавање на комплексни проблеми на одлучување. Марковите процеси на одлучување (МПО) се Маркови модели, што опфаќаат повеќеетапни процеси на одлучување, карактеризирани со основните атрибути: состојби, етапи, акции, награди/трошоци, транзиции и ограничувања. Основниот предмет е стохастички систем, чијшто транзиционен механизам може да се контролира/управува во текот на времето, а секоја политика на управување го дефинира стохастичкиот процес и вредностите на целните функции поврзани со него. Крајната цел е да се избере „добра" политика на управување. Порано најчесто среќавани проблеми беа оние кај коишто одлуките се донесуваат периодично, во дискретни временски точки и секвенцијалното донесување на одлуки.

МПО го привлекоа вниманието на многу истражувачи, како од теоретски, така и од апликативен аспект. Тие се важна област на истражување и поминаа низ различни фази на развој, со што развиваат богата теорија и најразлични апликации. Како последица на тоа, многу бизнис и инженерски апликации користат модели на МПО. Затоа се сугерира вклучување на Марковите модели и во бизнис - процесите и се прави обид за пронаоѓање, издвојување, претставување и истражување на примери за апликација.

Методологијата на МПО обезбедува општа рамка за изложување и анализирање на проблеми на секвенцијално и паралелно (симултано) донесување на одлуки под несигурност. Обично МПО претпоставуваат

извршување на само една акција по епоха на одлучување (секвенцијално одлучување), но во реалноста често се извршуваат одредени акции паралелно. Со тој проблем од неодамна се занимаваат паралелните, симултани МПО, коишто дозволуваат да се извршуваат повеќе акции, симултано. Проблемот на паралелно донесување на одлуки е предизвикувачки, а поради потребата од пресликување на еден таков модел во решавањето на проблеми со кои се занимава моделот COMPASS при преструктурирање на претпријатијата, во докторската дисертација ќе се истражува апликација на извршување на секвенцијални и паралелни активности кај МПО, на проблеми од преструктурирање на претпријатијата. Ќе се испитува барем еден од суплкучните елементи детектиран како СЕ, применувајќи ја методологијата на МПО, за што е потребно добро познавање и проучување на двете спомнати методологии.

### 3. Цели на докторската дисертација

Главната цел на истражувањето е успешно пропишување и унапредување на моделот за севкупно преструктурирање на претпријатијата COMPASS со методи и техники на математичко моделирање, коишто ќе помогнат во истражувањето при решавање на отворените прашања во COMPASS, како и за поддршка во донесувањето на одлуки под несигурност при преструктурирање на претпријатијата. Остварувањето на таа цел ќе овозможи остварување и на целта за зголемување на шансите за имплементација на сегменти на моделот COMPASS, но и моделот како целина.

Освен тоа, главната цел повлекува и неколку подредени, но суштински цели на истражувањето, и тоа:

- да се испита барем еден супКЕ, детектиран како критичен елемент (СЕ);
- да се пронајдат математички модели коишто можат успешно да се вклопат за моделирање на поставените системи и проблеми;
- да се пронајдат нови апликации на МПО и да се зголеми интересот за нив;
- да се развијат и решат нови или адаптирани модели на МПО за поставените проблеми;
- да се соберат информации за постојниот софтвер од областа на МПО и да се адаптира и имплементира на поедноставни примери;
- да се направи конкретна имплементација на добиените резултати.

### 4. Методологија на истражувањето

Како и при секоја научноистражувачка работа и овде во основата ќе бидат користени вообичаените методи за пребарување, собирање, анализа и споредување на расположливата литература од областите релевантни за истражувањето. Покрај тоа, ќе се користат и поспецифични методологии, од

кои некои и не се толку познати. Методологијата COMPASS ќе биде користена како една рамка во која ќе се движи истражувањето, доволно флексибилна за да прифати и присвои методи кои ќе ја унапредат. Сепак, најголемо внимание ќе биде посветено на четвртата и петтата етапа од оваа методологија, со што се отвораат можности за активирање на оние делови од COMPASS кои не се доволно разработени, а со тоа и за имплементација на моделот како целина. Од поопштите ќе бидат применети методологиите на моделирањето и симулацијата, посебно на математичкото моделирање, каде што акцентот ќе биде ставен на моделите и методите на Марковите процеси на одлучување, со што паралелно ќе се искористат и други техники на решавање кои се користат кај Марковите процеси на одлучување, како линеарно програмирање, динамичко програмирање, мрежи, симулација, матрична алгебра, статистичка анализа и други.

## 5. Очекувани резултати од истражувањето

Со истражувањата и работата на докторската дисертација се очекуваат три главни придобивки, т.е. се очекува исчекор во три насоки:

1. пронаоѓање на нови и успешни апликации на МПО во процесот на преструктурирање (се напоменува дека се работи за релативно нова теорија, чиишто апликации сè уште не се доволно испитани, посебно нејзината примена во областа на истражување од темата за докторската работа);
2. успешно пресликување на веќе постојните модели на МПО за моделирање на проблеми од преструктурирањето на претпријатија, во рамките на можностите и нивно проширување/адаптирање, т.е. дефинирање и решавање на соодветни проширен/и модел/и (во зависност од тоа колку проблеми ќе се решат);
3. решавање на барем еден конкретен супКЕ кој ќе биде доволно заокружен за да може да се примени и самостојно, надвор од COMPASS.

Овие три придобивки треба да бидат проследени и со други, како што се:

- успешно проширување и подобрување на COMPASS со новите модели и методи во поддршката на донесувањето на одлуки;
- конкретна имплементација на добиените резултати и модел/и;
- зголемување на можностите за имплементација на COMPASS како целина;
- информираност за постојната софтверска поддршка на МПО, која ќе помогне за адаптација на веќе постојни или создавање на нови програми за нашите проблеми (на пример, од тоа што е сретнато досега, готови програми и add-in-зи во MATLAB, Excel и други).

## ЗАКЛУЧОК

1. Комисијата е на мислење дека кандидатката м-р Катерина Митковска-Трендова, дипломиран математичар, врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења и оспособеност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за стекнување докторат на Машинскиот факултет во Скопје.
2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, обемот, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: „Примена на Маркови процеси на одлучување како поддршка при донесување на одлуки под несигурност во процесот на преструктурирање на претпријатијата" е подобна и претставува релативно ново, но актуелно и современо истражување во областа на индустриското инженерство и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.
3. За ментор на кандидатката при изработувањето на докторската дисертација се предлага проф. д-р Роберт Миновски од Машинскиот факултет во Скопје.

Комисија

1. Проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет-Скопје, с.р.

2. Проф. д-р Делчо Јованоски, Машински факултет-Скопје, с.р.

3. Вонр. проф. д-р Никола Тунески, Машински факултет-Скопје, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ "ПРИМЕНЕТА ПСИХРОМЕТРИЈА" ОД АВТОРИТЕ Д-Р АЛЕКСАНДАР МОЈСОВСКИ И Д-Р ФИЛИП МОЈСОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, број 02-2544/2 од 24.9.2009 година, определени сме за рецензенти на учебникот "Применета психрометрија" од проф. д-р Александар Мојсовски, и асис. д-р Филип Мојсовски. По прегледот на материјалот го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот труд е составен од единаесет глави, има вкупно 130 страници, 38 слики и 14 табели.

Во првите три глави се содржани основите на психрометријата, како наука за термичките процеси што користат воздух. Составот и заситувањето на воздухот, основните психрометриски големини и термодинамичките својства на влажниот воздух се обработени според ASHRAE пристапот (American Society of Heating, Refrigerating and Air-Conditioning Engineers).

Четвртата глава е посветена на мерењето на влажноста на воздухот. Составот на сувиот воздух во термичките процеси најчесто не се менува, затоа со мерењето на влагата се одредува состојбата на влажниот воздух. Разгледувани се општите карактеристики на хигрометрите и факторите што влијаат на изборот на инструментите за мерење на влажност. Посебно внимание им е посветено на сензорите за влага што ја мерат релативната влажност и на сензорите за влага што ја мерат температурата на точка на роса. Подвлечена е посебноста на психрометрите. Истакната е важноста на калибрирањето на хигрометрите и денешното ниво на генераторите на влага и стандардите за калибрирање.

Важноста на графичкото решавање на термичките процеси со воздух е нагласена во петтата глава. Притоа се споредувани дијаграмите за воздух "енталпија-содржана влага" применувани во Европа и психрометриските дијаграми користени во Соединетите Американски Држави . Психрометриските дијаграми се релативно нови за нашата академска настава, иако од нивната почетна верзија минаа повеќе од 100 години. Денешната психрометриска теорија и практика е незамислива без табелите и дијаграмите за термодинамичките својства на влажниот воздух од ASHRAE-пристапот.

Содржината на првите пет глави од материјалот е организирана според тематиките: основни својства на воздухот, инструменти и техники за мерење на основните својства на воздухот и графичко претставување и решавање на основните процеси со влажен воздух.

Содржината на следните шест глави од материјалот е организирана според тематиките: состојба на воздухот во атмосферата (метеорологија, климатски криви), карактеристични примени на воздухот во термичкото инженерство (ладилни кули, кондиционирање на воздух, сушилници), влијание на воздухот врз човекот (термичка удобност).

Состојбата на воздухот во атмосферата ја условува работата на термичката опрема што користи воздух како работно средство. Од метеорологијата како наука за појавите во атмосферата, во материјалот е користен само делот микрометеорологија. Мерењата на истовремените вредности на температурата и релативната влажност, со фиксно поставени инструмени во првите 100 метри над земјата, се претставени како основа за поставувањето на климатските криви за одредена локација.

Изложена е методологијата на поставувањето на климатските криви. Обработен е примерот на климатската крива за Скопје.

Примената на воздухот во термиката е анализирана кај влажните ладилни кули, кондиционирањето на воздухот и сушилниците за храна.

Во шестата глава, внимание им е посветено на ладилните кули за големите индустриски објекти. Во Македонија денес имаме пет такви ладилни кули. Бидејќи основната задача на ладилната кула е да го постигне потребното ладење на водата при сите климатски услови, односно да го обезбеди опсегот на ладење за кој е проектирана, баран е одговор на прашањето: "Од што зависи реализирањето на опсегот на ладење што се бара од ладилна кула со специфицирана кострукција ?". Одговорот на поставеното прашање се бара во анализата на комбинациите на познати протеци на вода, топлински оптоварувања и конструкции на топлиноизменувачите во ладилните кули. Типските решенија што произлегуваат од таа анализа се разликуваат по своите перформансни криви од кои се добива конкретниот опсег на ладење дури кога ќе се применат на одредена локација, односно микроклима.

Материјалот од седмата глава за кондиционирањето на воздух се однесува на постигнувањето на барани термички услови во затворен простор. Продискутирани се елементите за филтрирање, греење, ладење, влажење, сушење, распределба и усмерување на воздухот.

Десеттата глава ја обработува проблематиката на конвективното воздушно сушење на жита, зеленчук и овошје. Едностепеното, повеќестепеното и сушењето со рециркулација се поставени како теоретска основа за процесите на сушење со воздух. Во табеларните прегледи на границите на промената на содржаната влага во материјалот што се суши и дозволените температурни нивоа на средството за сушење, подготвени за жита (пченица, пченка, ориз, јачмен, 'рж), зеленчук (домат, пиперка, кромид, лук, компир, магдонос, морков) и овошје (јаболко, кајсија, круша, слива, смоква, банана) се содржани неопходни влезни податоци за симулацијата на истонасочните, противнасочните и крастонасочните сушилници.

Термичката удобност, дефинирана како состојба на мозокот со која се изразува задоволството од термичката околина, е проучувана во единаесеттата глава. Свеста за оваа состојба се појавува при резимирање на заклучоците во однос на примените осети за температура и влага на кожата, за температурата во внатрешноста на телото и за напорите потребни за регулирање на температурата на телото. За состојбите на воздухот во летните и зимските услови резгледувани се терморегулацијата на човекот и зоните на удобност. Термичката удобност во превозот е обработена на примерот за термич-ка удобност во автомобилите и автобусите.

Анализирајќи го поднесениот труд заклучуваме дека тој во целост одговара на наставната програма за предметот Применета психрометрија, а делумно на наставните програми за уште девет предмети (шест на академските студии и три на професионалните): термодинамика, термодина-

мика 1, техничка термодинамика, енергетика и екологија, сушилници, термодинамика 2, топлиноизменувачи, пренос на топлина и маса и индустриски сушилници, а тоа значи за околу 400 студенти во една учебна година. Бидејќи е ова прв учебник од оваа дисциплина, тој ќе биде од корист и за термичарите во практиката.

Јазикот и стилот се јасни и прифатливи. Материјалот е изнесен во логичен редослед и е комплетиран со табеларни и дијаграмски податоци, како и одбрана актуелна литература .

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот обработен во презентираниот ракопис "Применета психрометрија" опфаќа делови од повеќе термички дисциплини. Печатењето на овој квалитетен научно-стручен труд ќе биде од корист и интерес не само за студентите, туку и за сите оние што се занимаваат со термичкото инженерство, било од теоретски било од практичен аспект.

Нивото на обработката на материјата ги задоволува барањата што треба да ги задоволи еден универзитетски учебник.

Врз основа на изложеното предлагаме ракописот "Применета психрометрија" од д-р Александар Мојсовски и д-р Филип Мојсовски да биде печатен како основен универзитетски учебник.

Скопје, 21.12.2009

Рецензенти

1. Проф. д-р Марко Серафимов,
   редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, с.р.

2. Проф. д-р Милан Шаревски
   редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, с.р.

# ПРЕГЛЕД
## на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| 1) М-р Атанас Козарев | Менаџирање на системот на безбедност на класифицирани информации во услови на криза | 1.Проф. д-р Марина Митревска<br>2.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>3.Проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 2) М-р Марија Тодорова | Улогата на преведувачот во процесот на медијација на конфликти | 1.Проф. д-р Антоанела Петковска<br>2.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>3.Проф. д-р Марина Митревска |
| 3) М-р Оливера Рашиќ | Проценка на самостојноста во изведувањето на секојдневните активности и потребата од окупациона терапија кај лицата со мултиплекс склероза | 1.Доц. д-р Наташа Чичевска Јованова<br>2.Доц. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ<br>3.Проф. д-р Зора Јачова |
| 4) М-р Валентина Дуковска | Рана интервенција во ЕИНТ: Тактилно-кинестетичката стимулација и развојот кај недоносени со многу ниска родилна тежина | 1.Проф. д-р Зора Јачова<br>2.Доц. д-р Наташа Чичевска Јованова<br>3.Доц. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ |
| 5) М-р Зоран Јовановски | Улогата на приватниот безбедносен сектор во градењето на безбедносниот систем на Република Македонија | 1.Проф. д-р Трајан Гоцевски<br>2.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>3.Доц. д-р Оливер Бакрески |
| 6) М-р Беким Максути | Влијанието на билатералните спорови на државите од западен Балкан врз реформите и исполнувањето на критериумите за членство во НАТО и ЕУ | 1.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>2.Проф. д-р Билјана Ванковска<br>3.Проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 7) М-р Весна Костиќ Ивановиќ | Квалитет на живот кај возрасни лица со интелектуална попреченост од различни животни услови | 1.Доц. д-р Наташа Чичевска Јованова<br>2.Доц. д-р Зоран Киткањ<br>3.Проф. д-р Ристо Петров |
| 8) М-р Оливер Станоевски | Ефектите од (не)завршената задача на пост-конфликтното градење на мирот во Република Македонија: разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци од конфликтот во 2001 | 1.Проф. д-р Билјана Ванковска<br>2.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>3.Проф. д-р Марина Митревска |
| 9) М-р Александра Каровска | Компаративна анализа на структурата на Американскиот и Македонскиот знаковен јазик | 1.Проф. д-р Зора Јачова<br>2.Проф. д-р Јасмина Ковачевиќ<br>3.Проф. д-р Људмил Спасов |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 10) М-р Гордана Јанева | **Нумизматичка циркулација во Р.Македонија од династијата на Северите до реформите на Диоклецијан** | 1.Проф. д-р Виктор Лилчиќ<br>2.Проф. д-р Елица Манева<br>3.Проф. д-р Драги Митревски |
| 11) М-р Марина Настеска | **Човековата димензија во безбедносниот концепт на ОБСЕ во Република Македонија во периодот 1999-2009** | 1.Проф. д-р Билјана Ванковска<br>2.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>3.Доц. д-р Зорица Салтировска |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ТРИ ПОМЛАДИ АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ НЕВРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, по конкурсот за избор на тројца помлади асистенти по предметот неврологија, донесе решение за формирање Комисија во состав: проф. д-р Вера Петрова, претседател, проф. д-р Снежана Влашки Јекиќ, член и проф. д-р Марија Папазова, член.

На распишаниот конкурс во весникот „Утрински весник" на 25.11.2009 година, за избор на тројца помлади асистенти се јавија: д-р Емилија Горгијева, д-р Габриела Кузмановска и д-р Бојана Груневска.

Рецензентската комисија, откако ги разгледа доставените материјали од кандидатите, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Д-р ЕМИЛИЈА ГОРГИЈЕВА

***Биографски податоци***

Д-р Емилија Горгијева е родена на 4.X 1982 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „ Владо Тасевски" "о Скопје, со просечен успех 5,0, по што се запишала во Средното медицинско училиште за забни техничари „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје, кое го завршила во 2001 година, со просечен успех 5,0.

Своето образование д-р Горгијева го продолжила на Медицинскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", каде што дипломирала во најкраток можен рок во јуни 2007 година со просечен успех 9,3.

Веднаш потоа ја завршила предвидената прктика и го положила стручниот испит, со што се стекнала со звањето доктор по медицина.

Во текот на студирањето, кандидатката покажувала повеќе стручни активности. Така, од 15 јули 2003 година била на интернационална размена за студенти и работела во научноистражувачки проект на Универзитетот во Лајден, Холандија, од областа на неврофизиологијата, од каде што произлегол и нејзиниот прв научен труд „„Биолошките ритми и циркандинскиот ритам ".

Активно учествувала на интернационалните конгреси за студенти по медицински науки, со сопствени трудови, кои биле презентирани и дискутирани.

Понатаму едукацијата ја продолжила со меѓународна професионална размена за студенти, кога работела на Одделот за Ннврологија во Гданск-Полска, каде што посетувала и курс за лапараскопија.

Специјализацијата по неврологија ја започнала во мај 2008 година, каде што активно учествува во обработка на пациенти од невролошката практика. Во текот на нејзината практика активно учествувала на стручните состаноци на невролозите од Р. Македонија, како и на 4. Конгрес на невролозите на Р. Македонија, како и на 4. Конгрес за психијатрите на Р. Македонија со меѓународно учество, каде што имала презентирано стручни трудови, како нивни коавтор.

Активно го владее англискиот јазик и пасивно германскиот јазик, како и повеќе компјутерски вештини.

Вработена е на конкурс од 12 мај 2009 година на Клиниката за неврологија, за што има дадено Клиниката барање за продолжување на нејзиното вработување.

За сегашниот избор во звањето помлад асистент, кандидатката ги достави следниве трудови:

1. **Илиевска Е.** : *Biologigical Rhythms in SCN. Experiments performed at Departement of Neurophysiology, Leiden University Medical Center,Netherlands, 2003.*

Трудот е изработен во склоп на научноистражувачки проект, во кој кандидатката активно учествувала при меѓународнта размена на студенти на Одделот за неврофизиологија во Лајден, Холандија, каде што работела на експерименти во изолирање на супрахијазманите јадра (SCN), кои содржат околу 20.000 неврони, локализирани на базата на хипоталамус и се пејсмекер во генерирањето на „цирксандинскиот ритам". Експериментот е работен на мозоци од глувци, каде што со микротом се изолирани супрахијазматските јадра и со помош на имплантирање на две електроди се регистрирани биолошките ритми со кои циркандинскиот сигнал е трансмитиран од SCN до други мозочни ареи. Процедуралната постапка самостојно била изработена и резултатите добиени притоа се вклучени во проектот.

2. **Илиевска Е.** : *Соматосензорни евоцирани потенцијали во тестирање на соматосензорните патишта при лезии на мозокот од различни топографски локализации.* *Book of Abstracts 26th Internacional Medical Student,s Scientific Congress, p. 143, 2005.*

Трудот е изработен на .Клиниката за неврологија под менторство на ас. д-р И. Петров, во кој се испитувани соматосензорните евоцирани потенцијали (СЕП), кои претставуваат сензитивен индикатор во кондукцијата и интегритетот на соматосензорните патишта, од периферијата до мозочната кора. Испитувани се 36 пациенти со

различни церебрални нивоа на лезии, поделени во три групи: супталамични, таламични и кортикални поствакуларни лезии. Резултатите упатуваат на заклучоци за осетливоста на овој метод како сензитивен индикатор и при откривање на супклички лезии на соматосензорните патишта. При групата на таламични лезии има најизразени промени, каде што се констатирани неколку варијанти на СЕП- абнормалности.

3. ***Илиевска Е. :*** *Аудитивни потенцијали на мозочното стебло. Book of Abstracts 29th Internacional Medical Student,s Scientific Congress, p. 35, 2006.*

Во трудот се студирани аудитивните евоцирани потенцијали од мозочното стебло БАЕП, на Клиниката за неврологија, под менторство на ас. д-р И. Петров. Овие потенцијали се продуцирани со помош на звучна стимулација и се состојат од 7 брана, кои имаат различно потекло и упатуваат на тоа дали постои дефект во кондукцијата низ аудитивните патишта од кохлеарниот апарат до мозочното стебло. Прикажани се примери на лезии на овие патишта при невриноm во понтоцеребеларниот агол.

4. *Кацарски К.* ***Емилија Е.*** *: Long term outcome in children with Congenital heart disease in Down syndrome. Book of Abstracts 29th Internacional Medical Student,s Scientific Congress, p. 34, 2006.*

Во трудот се испитувани 286 пациенти, од кои кај 99 од нив е дијагностициран Down syndrome, со ретроградна студија во периодот 1982-2002 година, на Клиниката за педијатрија под менторство на ас. д-р К. Манева, со помош на дводимензионална доплер ехокардиографија, дводимензионална ехокардиографија, клинички и РТГ-испитувања. Податоците потврдуваат дека сигнификантен дел на деца со Down syndrome имаат кардиомиопатија.

5. *Колевски, Г., Илиевска, Л.* ***Илиевска, Е. :*** *Мигренски варијанти XXI симпозиум на лекарите по општа медицина на РМ. Мак. мед. преглед, супл.9, год 61, 2007: 16-19..*

Во трудот се презентирани разни видови на мигренски варијанти кои се јавуваат во секојдневната клиничка практика, кои повеќето се вклучени во Меѓународната класификација на болестите. Опишани се случаи со клиничка слика на мигрена со пролонгирана аура, мигренска аура без главоболки, хемиплегична мигрена, базиларна мигрена, детски периодични синдроми- прекурзори на мигрена, цикличен вомитус синдром, абдоминална мигрена, бенигно пароксизмално вертиго, ретинална мигрена, мигренски инфаркт, мигралепсија, офталмоплегична мигрена, вертигинозна мигрена, ноктурна мигрена. Дискутирана се дијагностичките процедури и медикаментозниот третман.

*6.. **Горгијева Е.** Илиевска Л.:*
*Somatosensory evoked pote tials in patients with thalamic CVI.*
*International Journal of Storke vol.3. Suppl.1 Sept. 2008 PO01-253, 155-156p*

Во оваа студија се испитувани соматосензорните евоцирани потенцијали ( СЕП) кај 13 пациенти со унилатерални цереброваскуларни лезии кои го зафаќаат таламусот. СЕП добиен со стимулација на медијалниот нерв и тибијалниот постериорен нерв покажале неколку групи на абнормалности: а) отсутни сите компоненти по Н15 (4 случаи); б) присутни само Н20 и П40 , со значителна редукција на амплитудата на одговорот, кај 4 случаи; ц) присутен само П40 бранот, а другите компоненти отсутни кај 3 случаи; д) присутни рани компоненти, а отсутни доцни компоненти по 40 ms кај 2 случаја. СЕП добиен од неафектираната хемисфера покажува нормални кортикални одговори. Овие наоди биле во корелација со сензитивното губење. СЕП- наодите се базираат на претпоставката дека трансмитирапата активност е дисперзирана или аболирана кога минува преку оштетените зони.

*7. Петров И., Петрова В.,**Горгиева Е.** Мојсовска-Ѓикоска Р.:*
*Клиничко- неврофизиолошки испитувања кај секундарен паркинсонизам од васкуларна етиологија. Епилепсија. год. 11; 28 1-6*

Испитувани се 45 пациенти со секундарен паркинсонизам, од кои 64,5% се со васкуларна етиологија, на возраст од 65 до 75 години. Оваа студија ги посочи најкарактеристичните и најзастапени симптоми на клиничката слика, кај пациентите со секундарен васкуларен паркинсонизам. Резултатите од морфоструктуралните и неврофизиолошки испитувања упатуваат на овој вид паркинсонизам, со наоди за прележан ЦВИ во таламус или базалните ганглии или дифузни кортикални редуктивни промени поради артериосклеротични промени на мозочните крвни садови. Карактеристично е дека овие пациенти слабо реагираат на допаминергична терапија, што е само уште еден доказ за васкуларната етиологија.

*8. Илиевска Л., **Горгијева Е.**, Ристиќ Д., Кузмановска Г.,Божиновска, М: MILD COGNITIVE IMAPIRMENT IN PATIENTS WITH VASCULAR INJURY*
*Макед. мед.прегл. год 63 ( супл. 74). Книга на апстракти Р-074,68-69. IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 2009.*

Целта на оваа студија е да ја истакне инциденцата на MCI кај пациенти со васкуларни мозочни оштетувања и ризикот за развој на васкуларна деменција, умерени когнитивни нарушувања (MCI), кои претставуваат почетен стадиум на деменција. Во студијата се вклучени 30 пациенти, кои се детално егзаминирани невролошки и психијатриски, со лабараториски

испитувања и невроимеџинг-техниките (МРИ, КТМ). За проценa на когнитивниот статус е користени повеќе невропсихолошки тестови, кои упатуваат на когнитивни дефицити.

**9.** *Кузмановска Г., Игнатова Л., Божиновска, М. Ристиќ Д.,* ***ГоргиеваЕ.:***
*PRESCRIPTION DRUGS-WHAT THEY ARE NEVER MEANT TOBE ( ABUSE, MISUSE AND WITHDRAWAL SYMPTOMS )*
*Макед. мед.прегл. год. 63 (супл, 74) Книга на апстракти Р-198, 110 стр.*
*IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 2009.*

Во трудот е презентиран случај на 29-годишен маж, со историја од 7-годишна алкохолна злоупотреба, а во последните 2 години злоупотребува дијазепам таблети (20 таблети/дневно), алпрозалам (10-20 таблети/дневно) и сертралин (до 500 mg/ дневно), препишувани од невролог заради анксизноста и третманот на главоболката. При тоа е детоксициран на токсикологија, со губење на свеста по приближно 100 таблети земени од наведените. Во текот на 10-дневен хоспитален третман, опсервирани се генерализирани тонично-клонични напади, со ЕЕГ-наод на ниска тета-дизритмија над фронто-темпоралните одводи. Пациентот нема претходно историја за епилепсија.

Целта на трудот е да се дискутираат три прашања: SSRI и бензодиезипинската прескрипција на лекови при злоупотреба на повеќе лекови и реакциите на прекинување на лекот, можноста за серотонински синдром (со когнитивни, автономни и соматски ефекти), кога при истовремена употреба со SSRI и тромадол кое води до адитивна блокада на серотонинскиот реаптејк, како и при изненадно прекинување на бензодиазепините, кога се губи инхибиторната ГАБА-ергична активност и појава на напади.

**10.** *Ристик ,Д., Кузмановска Г.,Божиновска,* ***ГоргиеваЕ. :***
*VASCULAR DEMENTIA- CASE REPORT*
*Макед. мед .прегл. год. 63 (супл. 74), Книга на апстракти Р-198, 110 стр. IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 2009.*

Во трудот се обработени васкуларните деменции, кои се хетероген синдром причинет од васкуларни заболувања. Кај овие пациенти има мултипли когнитивни оштетувања со фокални невролошки знаци и симптоми

Кај сите пациенти се направени детални невропсихилошки егзаминации, како и морфоструктурални испитувања меѓу кои КТ и МРИ, каде што МРИ е преферирана пред КТ во откривање на васкуларните мозочни оштетувања. Мултипли инфаркти се сврзани со суптилни когнитивни нарушувања и зголемување на ризикот за мозочен удар.

*11. Поповски А.,Арсовска,А., **Илиевска Е**, Алексовски Ж: ГЛАВОБОЛКА и ХИПЕРТЕНЗИЈА Зборник на апстракти, 4. Конгрес на невролозите на Македонија со интернационално учество. Р46, 93 стр.*

Испитувани се 78 пациенти со хипертензија, од кои 59 пациенти имале тензионен тип на главоболка и 19 имале мигрена. Преваленцијата на хипертензијата изнесувала 35,5% кај пациентите со тензионен тип на главоболка и 15,7% кај пациентите со мигрена. Во заклучот е наведено дека хипертензијата е можен фактор кој доведува до егзацербација на фреквенцијата и тежината на главоболките, особено кај пациентите со тензионен тип на главоболки.

*12. Богоевски А., **Илиевска,Е.:** Хемиплегична мигрена- клинички прикази. Конгрес на невролозите на Македонија со интернационално учество Р47, 93-94 стр.*

Фамилијарната хемиплегична мигрена е ретка форма на мигрена со аура, која се наследува автосомно доминантно и е поврзана со мутација на генот за невронските калциумови канали. Се карактеризира со минлива хемипареза и мигренозна аура, а може да бидат асоцирани и со симптоми на атаксија, дисфазија, замаглување на видот, унилатерални парестезии.

Во трудот се презентирани добро документирани два случаја, каде што наодите на КТМ, НМР, ЕЕГ, се уредни и покрај присутната хемипареза, а единствено ЕВП покажале лесни абнормалности.

## II. Д-р Габриела Кузмановска

### *Биографски податоци*

Д-р Габриела Кузмановска е родена на 24. VII 1981 година во Скопје. Основно и средно училиште завршила во Скопје. Во учебната 2000/2001 година се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што дипломирала на 7.V 2007 година, со просечен успех 10,00.

Преку програмата за професионална размена на студенти по медицина, во три наврати реализирала едномесечна практика во европски универзитетски болници ( Charitè-Берлин, Германија, Allgemeines Krankenhaus-Виена, Австрија и Szczecin, Полска).

Како активен член на Сојузот на студенти при Медицинскиот факултет во Скопје, избрана е за национален координатор за медицинска едукација (*National Officer on Medical Education* -***NOME*** ).

Во април 2008 година, Македонското лекарско друштво на д-р Кузмановска ѝ доделило *Признание за најдобар студент по медицина за 2007 година*, а во мај 2008 година, добитник е на *Плакета за најдобро дипломиран студент на Медицинскиот факултет во Скопје во*

*изминатата деценија,* доделена од Ректоратот при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Специјализација по неврологија ѝ е одобрена на 15. V 2008 година, а во редовен работен однос на Универзитетската клиника за неврологија стапила на 12.I 2009 година.

За сегашниот избор во звањето помлад асистент, кандидатката ги достави следниве трудови:

**1.Prescription drugs-what they were never meant to be (abuse, misuse and withdrawal symptoms)**
**Kuzmanovska G,** IgnjatovaL,Ilievsla L,Bozinovska M, Ristik D,Gorgieva E.
IV Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting, Ohrid May 2009

Трудот обработува аспекти поврзани со зачестената злоупотреба на лекови кои се легални и ги препишува доктор според индикации, како што се антидепресивите од групата на SSRI и бензодијазепините. Тие при долготрајна примена во тераписки цели прават модификација на невротрансмитерските системи, што дава делумно објаснување на симптомите кои се јавуваат во склоп на синдромот на повлекување на лекот, при нагло прекинување на долготрајната терапијата. Авторите особено ставаат акцент на можноста за појава на животозагрозувачкиот серотонински синдром при неправилно комбинирање на SSRI со други лекови и супстанции, како и потребата за поголемо внимание при препишување на овие лекови на лица со минато за злоупотреба на супстанции и зависничко поведение. Одговорите на сите горенаведени прашања и точки за дискусија, авторите ги пропаоѓаат преку приказ на случај на 29-годишен маж, со долгогодишна историја за злоупотреба на алкохол, дијазепам, алпразолам и сертралине. Кај него во текот на хоспитализацијата во Центарот за превенција и лекување на звисности во Скопје, биле регистрирани повеќе на број како и во серија гранд-мал епилептични напади, но и неепилептични психогени настапи (НПЕ).

Во заклучокот се наведува веројатноста дел од нападите да се акутни симптоматски, кои имаат објаснување како дел од бензодиазепинскиот синдром на повлекување, додека НПЕ се манифестација на развиениот хоспитализам, преку кој пациентот има лесен пристап до бензодиазепине и сертралине. За време на болничкото лекување, пациентот во неколку наврати добил трамадол, кој, пак, во комбинација со ССРИ, а поради дополнителна блокада на повторното преземање на серотонин, може да преципитира серотонински синдром (со когнитивни, автономни и соматски ефекти). Ставајќи акцент на клиничката презентација, раното препознавање и лекување на оваа животозагрозувачка состојба, како и на особеното внимание што треба да се посвети при препишувањето лекови и нивното комбинирање и на тој начин превенирање на оваа појава, авторите имаат цел како заклучок да се понесе идејата дека серотонинскиот синдром е не така ретка појава, на која треба да се мисли и препознае и во

амбулантата на матичниот лекар, како и да повика на поголема внимателност при комбинација на ССРИ со други медикаменти.

## 2.Psychological profile of the patients undergoing neurosurgical treatment and their expectations

**Kuzmanovska G,** Pop Stefanija V, Arsovska I, Stefanova I,Ugrinovski J.
29th International Medical Scientific Congress, Ohrid May 2006.

Авторите обработуваат тема во која, анализирајќи го психолошкиот профил и очекувањата на личноста која подлежи на неврохируршки третман, се обидуваат да се дојде до клучот на современиот тераписки пристап во медицината, а тоа е индивидуален пристап и терапија „по мерка" на пациентот. Имено, анализирани се податоци добиени со пополнување на претходно изготвен прашалник и водење на структурирано интервју ден пред оперативниот зафат на 50 пациенти по случаен избор, на возраст од 19 до 72 години (50% мажи, 50% жени), 20% со високо образование. Резултатите говорат дека 46% од пациентите очекувале да дознаат и да добијат одговор на сите прашања поврзани со нивната болест (група во која преовладуваат пациентите со високо образование), додека 54% не сакале да знаат поединости за болеста (доминираат пациентите со понизок степен на образование и пациенти од рурална средина). Вознемирувачки, но не и зачудувачки е податокот дека дури 40% од пациентите доколку би биле во можност да бираат, би одбрале смрт, отколку живот со хендикеп, а основната причина за ваквиот избор е неприфаќањето да се чувствуваат како товар на семејството, што, пак, авторите го толкуваат и проблемот го лоцираат во потребата од реорганизација на здравствениот систем и социјалните служби.

Мнозинството смета дека позитивната мисла има влијание врз крајниот исход од лекувањето, а во трудот овој податок е искористен да се потенцира важноста на релацијата доктор-пациент.

Добиените резултати укажуваат на разлики во очекувањата за исходот од оперативниот зафат, кои се должат на разлика во пол, степен на едукација, живеење во градска/рурална средина, но она што е заедничко и што се подвлекува како основно начело при селекцијата на терапискиот пристап е зачувување на квалитетот на живот, дури и пред неговото продолжување во кој пациентот би бил со хендикеп.

## 3.Tretmant options in vascular dementia

Cepreganova Cangovska T, **Kuzmanovska G,** Cvetkovska E, Kuzmanovski I, Stojcev S, Markovska L.
IV Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting, Ohrid May 2009

Овој труд претставува евалуација на ефикасноста и безбедноста на употребата на donepezil, кој спаѓа во групата на холинестераза инхибитори, кај пациенти со васкуларна деменција, која е втората најчеста причина за деменција кај постари лица, веднаш по Alzheimer-овата болест.

Прикажапа е проспективна студија на едногодишно следење на 12 пациенти со веројатна васкуларна деменција, поставени на 24-неделен третман со donepezil 5 mg/d и placebo-група. Од методи, користени се: ЦТ, МРИ и невропсихолошки тестови (интервју, ММСЕ, ВИТИМ, ЊМС-Р, РАВЛТ, РКФ, ММПИ), сите реализирани пред и по 24-неделниот третман.

Резултатите од невропсихолошкото тестирање недвојбено укажале на когнитивен дефицит, но со помало засегање и губење на меморија споредено со резулатите добиени кај пациентите со Alzheimer-овата болест.

По 24-неделен третман, при повторените невропсихолошки инвестигации, добиени се подобри резултати во споредба со placebo групата. Изведен е заклучок дека лекот добро се толерира, покажува ефикасност и претставува тераписка опција при стабилизирање и третман на васкуларната деменција. Објаснувањето за позитивниот ефект на лековите од групата на холинестераза инхибитори кај васкуларната деменција се бара во холинергичниот дефицит, веројатно настанат при прекин на холинергичните патишта со васкуларните лезии.

Сепак, се потенцира дека примарна стратегија во превенцијата на васкуларната деменција е рано препознавање и лекување на ризик-факторите кои водат до цереброваскуларните болести.

**4.Vascular dementia-case report**
Ristik D, **Kuzmanovska G**, Bozinovska M, Georgieva E.
IV Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting, Ohrid May 2009

Трудот има за цел, преку приказ на случај, да го отвори прашањето за рано препознавање на васкуларната деменција која, предизвикана од цереброваскуларни заболувања, на самиот почеток може да има различна клиничка презентација.

Прикажан е постепениот почеток на болеста кај маж, хоспитализиран на Клиниката за неврологија, на Одделот за главоболки, со презенатација на повеќе симптоми и знаци (главоболка, мнестички тешкотии и фокална неврoлошка симптоматологија). По направените низа клинички и параклинички иследувања(CT, CDS, MRI-angiografija, психолошко тестирање), наод за оклузија на десната ACI и мултипли инфаркти, дадено е објаснување за фокалните невролошки испади како и за мнестичките тешкотии и когнитивен дефицит.

Наведени се неколку дијагностички критериуми користени во поставување на дијагнозата за васкуларна деменција (Hachinski ischaemic score-HIS, NINDS-AIREN), како и потребата од ран третман, кога лековите се ефикасни и сè уште можат да ја забават прогресијата на болеста

**5. Mild cognitive impairment in patients with vascular brain injury**
Ilievska L, Georgieva E, Ristik D, **Kuzmanovska G**, Bozinovska M.
IV Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting, Ohrid May 2009

Во овој труд се обработува прашањето за честотата на MCI (Mild Cognitive impairment) кај пациенти по цереброваскуларен инсулт, која е инципиентна фаза од развојот на васкуларната деменција.

При анализата е користена Петерсеновата клиничка класификација на амнестичка и неамнестичка МЦИ.

Прикажаната проспективна студија вклучила 30 пациенти третирани на Клиниката за неврологија, на возраст над 40 г. (исклучувачки критериуми биле: променета свест, афазија и историја за деменција).

Сите пациенти подлежеле на детален невролошки преглед, рутински лабораториски тестови и невроимејџинг (МРИ, ЦТ), психолошко тестирање со: HIS-Hachinski Ischaemic Score, MMSE-Mini Mental State Examination (тестирањето било повторено по 6 и 12 месеци од мозочниот удар).

Резултатите укажуваат на развој на MCI во текот на првите 6 месеци по мозочен удар со инциденција од 40%, а веќе развој на васкуларна деменција во текот на првата година кај 10 % од пациентите.

Во заклучокот се наведува дека пациентите со билатерални мултипли инфаркти почесто развиваат МЦИ.

### 6. Legal drug abuse-tramadol case report-management of neurological complications

Bozinovska M, Ignjatova L, Ilievska L, **Kuzmanovska G**, Ristik D, Georgieva E.
IV Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting, Ohrid May 2009

Трудот, преку приказ на случај, го актуализира прашањето за злоупотребата на Tramadol како аналгетик, земајќи го предвид неговиот потенцијал да создава зависност и неговата лесна достапност, што го вбројува меѓу популарните рекреативни дроги кај младите луѓе во Р.Македонија.

Ставен е акцент на невролошките компликации од употребата на Tramadol, поточно можноста да предизвикува епилептични напади, како при злоупотреба на високи дози, така и при нагло прекинување на долготрајна терапија.

Обработен е случај на 26-годишен маж кој злоупотребувал Tramadol (и до 30 таблети на ден), во период од 6 месеци. Неколку дена по хоспитализацијата во Центарот за превенција и лекување на зависности во Скопје биле регистрирани серија на епилептични напади (ГТКН) и епилептичен статус, без анамнеза за претходни нејасни настапи на губење на свест. Пациентот бил донесен на Клиниката за неврологија, каде што биле извршени детален невролошки преглед, лабораториски анализи и ЕЕГ (со наод за високо волтирана тета-активност).

Објаснувањето за етиологијата на епилептичните напади оди во правец на разгледување на два механизма: директен (интоксикација) и индиректен (нагло прекинување на лекот), кои меѓусебно не се исклучуваат. Во дискусијата се разгледуваат тераписките можности за купирање на епилептичните напади. Се препорачува краткотрајна терапија со бензодијазепини (или доколку се достапни Frisium (clobazam) i Rivotril(clonazepam)) и отстранување на преципитирачкиот фактор (во конкретниов случај Tramadol). Не се препорачува долготрајна профилакса

со антиепилептични лекови, бидејќи се работи за акутни симптоматски епилептични напади.

**7. Low back pain: Provocative factors and its effect on working capability in soldiers**
Stefanova I, Arsovska I, **Kuzmanovska G**, Stojcev S.
29th International Medical Scientific Congress, Ohrid May 2006.

Во трудот се обработува проблемот на долногрбната болка, како многу честа невропатолошка состојба, во конкретниот случај кај војниците, како специфична група на професионална ориентација.

Резултатите се добиени преку обработка на медицинските истории на 51 пациент, сите мажи на возраст од 18 до 47 години, припадници на воените сили на Македонската армија, прегледани и следени на Одделението за невропсихијатрија во Воената болница во Скопје, во текот на 2004 година.

Трагајќи по причините и провокативните фактори за појавата на оваа состојба, дојдено е до заклучок дека прекумерната оптоварувачка физичка активност, особено кај војници со послаба физичка кондиција и спремност, е водечки провокативен фактор (54,9%), зад кој следат траумата (11,8%) и изложувањето на студено (7,8%).

Од дијагностичките процедури биле спроведени: РТГ, ЦТ, ЕМГ, со наод за патолошки процес на интервертебралните дискуси на нивоа: л4-Л5, Л5-С1. 50,9% од пациентите биле испишани со трајно ограничена способност за служење во војската на РМ, 13,7% со привремена ограниченост, а 7,8 % биле неспособни за понатамошни активности во војската на РМ.

Следува препорака за избегнување на овие провоцирачки фактори, а со тоа и намалување на инциденцата на оваа состојба и последователната намалена работоспособност.

## III. Д-р БОЈАНА ГРУНЕВСКА

### *Биографски податоци*

Д-р Бојана Груневска има поднесено биографија која опфаќа високо ниво на оценки во текот на целото досегашно образование, а посебно за време на своето студирање до дипломирањето на Медицинскиот факултет (со просек 9.97), при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Кандидатката владее два светски јазика - англискиот и германскиот, а има познавање и од јазиците на неколку соседни држави. Меѓу другото, солидно користи P.S. технологија.

Д-р Бојана Груневска е коавтор на два научни труда презентирани на: Интернационалниот конгрес во Куала Лумпур-Малезија и Хрватскиот конгрес за инфективни болести, при што една од студиите е објавена во книгата на апстракти на 13. Интернационален конгрес за инфективни болести во Куала Лумпур, Малезија. Кандидатката, исто така, учествувала и

на конгрес за инфективни болести во Хрватска. Д-р Бојана Груневска е, исто така, автор и реализатор на интернационален проект за Светската научна федерација, под наслов: «HCV-инфекција меѓу корисниците на дрога во Република Македонија.

За сегашниот збор во звањето помлад асистент, кандидатката го достави следниов труд:

1. HCV infection among drug users in Republic of Macedonia
   B. Grunevska
   World Federation of Scientists, 2007.

Целта на студијата била одредување на вистинската преваленца на HCV-инфекцијата меѓу популацијата на и.в. корисници во Р. Македонија и доминирачкиот генотип кај нив. Во период од една година биле испитани 167 пациенти, од кои 143 мажи и 24 жени, на возраст од 14 до 46 години, од различна националност и место на живеење во Републиката. Најголем дел од испитаниците користеле комбиниран начин на апликација на наркотици, со средно времетраење од околу 6 години. Целиот процес се одвивале во имунолошката и биохемиска лабораторија на Клиниката за инфективни болести во Скопје, каде што биле тестирани крвните примероци од пациентите. Процесот на генотипизација се спроведувале во Македонската академија на науките и уметностите. Во текот на студијата биле доставени 2 извештаја до Светската научна федерација, согласно со претходно препишаните критериуми, од кои првиот по шестмесечен, а вториот, кој воедно бил и завршен, по дванаесетмесечен период. Од приложените резултати можеше да се заклучи дека доминирачки генотип кај и.в. корисниците во Р. Македонија заболени од HCV-инфекција е генотипот 3, по кој веднаш следува генотипот 1 и со значително пониска застапеност- генотиповите 4а и 1/3. Вредностите на ALT кај испитаниците биле за речиси три пати повисоки од референтните вредности на биохемиската лабораторија во која биле испитувани. Кај дел од пациентите биле спроведена хепатална биопсија, која по патохистолошката анализа покажала највисока застапеност на хроничен активен хепатит. Загрижувачки е фактот што најголемиот дел од HCV-инфицираните пациенти се млади луѓе и корисници на дрога, кои се најмногу репродуцибилно активни и кои можат да ја шират инфекцијата меѓу младата популација. Оттука произлегува неопходноста за интензивна едукација на младите за ризичното однесување и начините за заштита од HCV и другите сексуално преносливи болести. Од друга страна, пак, може да се заклучи дека тивката асимптоматска природа на инфекцијата и нејзините последици наложуваат активен антивирусен третман.

Спроведената студија отвора нови прашања и можности за испитување на повеќе аспекти кај и.в. корисниците заболени од HCV, меѓу кои би биле и невролошките консеквенци од инфекцијата.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на погоре изнесените стручни и научни активности на кандидатите, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ги избере д-р Емилија Горгијева, д-р Габриела Кузмановска и д-р Бојана Груневска во звањето помлад асистент по предметот неврологија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Вера Петрова, с.р.
2. Проф. д-р Снежана Влашки Јекиќ, с.р.
3. Проф. д-р Марија Папазова, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ МИКРОБИОЛОГИЈА СО ПАРАЗИТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на ден 24. 12. 2009 година, формира Рецензентска комисија за избор на два асистента по предметот микробиологија со паразитологија во следниот состав: проф. д-р. Никола Паповски, проф. д-р Каќа Поповска-Јовановска и проф. д-р Елена Трајковска-Докиќ. На објавениот конкурс во весникот „Утрински весник" од 25. 11. 2009 година за избор во звањето асистент се пријавија д-р Гордана Мирчевска и д-р Биљана Ќурчиќ-Трајковска. По прегледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## Д-р Гордана Мирчевска

### Биографски податоци

Д-р Гордана Мирчевска е родена во 1972 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со континуиран одличен успех. Студиите на Медицинскиот факултет ги завршила во декември 1997 година со просечен успех 9,13. Стручниот испит за лекари го положила во февруари 1999 година. Од септември 1999 година е вработена на Институтот за микробиологија и паразитологија при Медицинскиот факултет во Скопје, како лекар на институт. Од април 2001 година започнала специјализација по микробиологија, а истата година се запишала и на постдипломски студии по микробиологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Во 2008 година пријавила магистерски труд во врска со испитувањето на осетливоста на кандидите кон антимикотици. За помлад асистент е избрана во 2001 година и повторно е избрана во истото звање во 2006 година. Во октомври 2004 ја завршила специјализацијата по микробиологија. Има завршено и курс за административно работење со повеќе софтверски програми. Има одлични познавања од англискиот јазик и има завршено два степена од курсот по француски јазик.

### Наставна активност

Во текот на десетгодишниот период колку што работи на Институтот, кандидатката е активно вклучена во наставната дејност на Катедрата за микробиологија со паразитологија. Учествува во подготовката и изведувањето на практичните вежби и практичниот дел од испитот по микробиологија за студентите по медицина, стоматологија и фармација, како и во едукацијата на лекари на специјализација од различни специјалности (инфективни болести, дерматовенерологија, епидемиологија и други). Учествувала и во техничкото обликување на Практикумот по медицинска микробиологија и паразитологија. Автор е на поглавјата: „Општа микологија" и „*Candida* species", заедно со други автори, од учебникот „Медицинска микробиологија и паразитологија-специјален дел", издаден во 2008 година од Катедрата за микробиологија со паразитологија при Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

### Научноистражувачка дејност

Несомнен е интересот и подготвеноста на д-р Мирчевска за научна работа. Во таа смисла за одбележување се нејзините познавања од областа на информатиката и солидно пребарување на медицинската документација, а пред сѐ одличната теоретска подготвеност и постојаното усовршување од областа на медицинските науки. Досега била автор и коавтор на повеќе научно-истражувачки трудови на конгреси во земјата и во странство кои се поднесени за рецензија. Како млад истражувач била вклучена во научно-истражувачкиот проект: „Факторите на вируленција на другите уропатогени бактерии во дијагнозата, прогнозата, терапијата и профилаксата на уринарните инфекции", финансиран од Министерството за наука, а под раководство на проф. д-р Милена Петровска.

### Стручна активност

Како студент била на едномесечен престој со цел стручно усовршување на Одделот за нефрологија при Клиничкиот центар во Љубљана, Словенија во 1996 година. Активно е вклучена во редовната рутинска дејност на Институтот. Посебно успешно ги извршува задачите во областа на автоматизираната дијагностика со користење на новиот автоматизиран VITEK 2-систем за идентификација на недиференцирани микроорганизми со конвенционалните микробиолошки методи. Во 2006 година, со стипендија на Федерацијата на европските микробиолошки друштва (FEMS), била на стручен престој во Лабораторијата за медицинска микологија на Институтот за микробиологија при Универзитетот во Цирих, Швајцарија, во траење од 3 месеци. Во 2007 година, како дел од работилницата на стручниот состанок на Здружението на микробиолози на Македонија, била предавач од областа на миколошката дијагностика (испитување на осетливост на габички на антифунгални агенси). Истата година била добитник на HIVTRI (The HIV Training and Resource Initiative)

грант за едукација во правец на дијагноза и терапија на опортунистички инфекции кај пациенти со ХИВ/СИДА, и на Конференцијата за ХИВ (HIV in Europe 2007) во Брисел, Белгија. Својата едукација од областа на медицинската микологија ја остварува со активно учество на курсеви за континуирана медицинска едукација од оваа специјализирана област (Мадрид, Шпанија, 2006; Солун, Грција, 2009). Во 2008 година е добитник на грант од AB Biodisk, Стокхолм, Шведска, за активно учество на работилницата ABLE за целна терапија на сериозни габични и бактериски инфекции со примена на Е-тест методот. Истата година, како дел од тимот за цистична фиброза при Универзитетската клиника за детски болести во Скопје и поддржана со грант од EuroCareCF (Европски форум за цистична фиброза), била на стручен престој во болницата Пурпан, во Тулуз, Франција, со цел едукација од областа на микробиологијата кај пациенти со цистична фиброза. Во 2009 година учествувала на I балкански конгрес за цистична фиброза во Скопје, за време на кој завршила и едукација од областа на терапија кај пациенти со цистична фиброза.

## Општествена активност

Д-р Мирчевска е член на Здружението на микробиолозите на Македонија при Македонското лекарско друштво на Македонија, а преку него и на Федерацијата на европските микробиолошки друштва (FEMS). Била активно вклучена во организацијата на Вториот и Четвртиот конгрес на микробиолозите и на меѓународниот симпозиум „Laboratory Diagnosis of Emerging Infections", кои се одржаа во 2002 и 2009 година. Истовремено е член на Европското здружение за клиничка микробиологија и инфективни болести (ESCMID), Европското респираторно здружение (ERS), Американското здружение за микробиологија (ASM), Меѓународното здружение за инфективни болести (ISID), Меѓународната унија на микробиолошки здруженија (IUMS) и на Меѓународното здружение за хумана и анимална микологија (ISHAM). Во 2008 година е избрана за претседател на Општинскиот одбор Центар 3 како претставник во Лекарската комора на Македонија.

## Стручно-научни трудови

Трудовите со реден број од 1 до 5 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 752 од 25.2.2001 година при изборот во звањето помлад асистент. Трудовите со реден број од 6 до 33 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" број 894 од 31.3.2006 година, при реизборот во звањето помлад асистент. За овој избор, кандидатката поднесува 13 труда за рецензија.

## Трудови поднесени за рецензија

34. Јанкоска Г., Петровска М., Грданоска Т., **Мирчевска Г.**: Бактериурија кај трансплантирани пациенти. Македонски имунолошки конгрес, Охрид, 13-17 јуни 2000. П019. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 795 од 2002 година, при изборот на д-р Милена Петровска во звањето редовен професор.

35. Jankoska G., Petrovska M., **Mircevska G.**, Panovski N: Detection, isolation and identification of microorganisms from urine samples. Microbiologia Balkanica 2001, 2nd Balkan Conference of Microbiology, Abstract Book, p. 350. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 795 од 2002 година, при изборот на д-р Милена Петровска во звањето редовен професор.

36. Milenkovic Z., Karovski K., Naumovski R., Petrovska M., Stojovska P., Grozdanovski K., **Mircevska G.**, Marangozova K.: Severe sepsis and its impact on the course of purulent meningitis, 12th Intern.Congr.Infect.Dis., Lisbon, Portugal, 15-18.VI., Abstracts, Intern.Sci.Exchange, ISE. 151, p. 35, 2006. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 940 од 2008 година, при изборот на д-р Звонко Миленковиќ во звањето редовен професор.

37. Хаџи-Петрушева Мелоска И., Јанкоска Г., **Мирчевска Г.**, Петровска М.: Резистенција кон бета-лактами и аминогликозиди и присуство на плазмиди кај болнички изолати на *Klebsiella species*; 3.Конгрес на микробиолозите на Мак.со меѓун.учество Охрид, 17-20.5.2006, Зборник на резимеа, апстр.10.П, 2006. Мак.мед.преглед, 60(супл. 67):187, 2006. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 965 од 1.6.2009 година, при изборот на д-р Гордана Јанкоска за научен соработник.

38. Цековска Ж., Петровска М., Пановски Н., Поповска-Јовановска К., Кафтанџиева А., Стојковски Љ., Мицевска Г., Јанкоска Г., **Мирчевска Г.**: Детекција на микроорганизми во крв со Bact-Alert системот и нивна идентификација со VITEK; 3.Конгрес на микробиолозите на Мак.со меѓун.учество, Охрид, 17-20.6.2006, Зборник на резимеа, апстр.132.П, Мак.мед.преглед, 60(супл. 67):187, 2006. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 965 од 1.6.2009 година, при изборот на д-р Жаклина Цековска за научен соработник.

39. Цековска Ж., Пановски Н., Петровска М., **Мирчевска Г.**, Јанкоска Г., Муратовска О., Мартинова К.: *Trichosporon pullulans* фунгемија кај пациент во детска возраст; 3.Конгрес на микробиолозите на Мак.со меѓун.учество, Охрид, 17-20.6.2006, Зборник на резимеа, апстр.206П, Мак.мед.преглед, 60(Супл. 67):187, 2006. Трудот е рецензиран во Билтенот

на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 965 од 1.6.2009 година, при изборот на д-р Жаклина Цековска за научен соработник.

40. Andonovska B., Dimova C., **Mircevska G.**, Veleska D., Evrosimovski T. Correlation between saliva Ph and microbiological flora in third molar pericoronitis; 1st Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery with international participation, Ohrid, 25-27.5, Abstracts, p22, 2006. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 945 од 1.7.2008 година, при изборот на д-р Димова за насловен доцент.

41. Котевска В., **Мирчевска Г.**, Кафтанциева А., Цековска Ж., Сајковски А., Пановски Н., Петровска М. Микробиолошка анализа на трахеални аспирати од деца хоспитализирани на одделот за интензивно лекување на Клиниката за детски болести во Скопје; 4.Конгр.педиј.на Мак.меѓун.учест, Охрид, Зборник на резимеа, апстр.п.88, 2007. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 965 од 1.6.2009 година, при изборот на д-р Жаклина Цековска за научен соработник.

42. Kotevska V., Jankoska G., **Mircevska G.**, Cekovska Z., Kaftandzieva A., Panovski N., Petrovska M. VITEK system in identification of *Haemophilus influenzae* and *Haemophilus parainfluenzae* biotypes and production of beta lactamase. 5th Balkan Congress for Microbiology, Budva, Abstracts p.53-54, 2007. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 965 од 1.6.2009 година, при изборот на д-р Жаклина Цековска за научен соработник.

43. Kaftandzieva A., Kotevska V., **Mircevska G.**, Cekovska Z., Panovski N. Detection and susceptibility of ESBL-producing Enterobacteriaceae isolated from tracheal aspirates; 6th Congress of Serbian Microbiologsts with international participation, Belgrade, 11-14.06., Proceedings and Abstracts, p.33, 2008. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 965 од 1.6.2009 година, при изборот на д-р Жаклина Цековска за научен соработник.

44. Kotevska V., Kaftandzieva A., **Mirchevska G.**, Panovski N., Petrovska M. The most frequent microorganisms from the lower respiratory tract samples from children at intensive care unit; 6th Congress of Serbian Microbiologsts with international participation, Belgrade, 11-14.06., Proceedings and Abstracts, 2008. Во трудот се презентирани фреквенцијата и динамиката на најчестите патогени микроорганизми од долните респираторни патишта преку анализа на трахеални аспирати од 186 деца лекувани на Одделот на интензивно лекување при Универзитетската клиника за детски болести во Скопје, во периодот од јануари 2005 до април 2007 година. Анализирани се вкупно 322 позитивни микробиолошки наоди. Најчесто изолирани микроорганизми биле: *Pseudomonas aeruginosa* (33%), *Serratia spp.* (24%), *Candida albicans* (16%), *Klebsiella spp.* (18.3), *E.coli* (9,3%), *Enterobacter spp.* (8%), коагулаза негативен *Staphylococcus* (7%), *Staphylococcus aureus* (6%),

неидентифицирани грам-негативни бацили (5,5%), *Streptococcus pneumoniae* (5%), *Streptococcus beta haemolyticus* (1,2%), *Moraxella catarrhalis* (0,3%), *Stenotrophomonas spp.* (0,3%). Оваа анализа укажува на промените во бактериската флора на трахеалните аспирати од деца хоспитализирани на Одделот за интензивно лекување, при што процентот на изолати на *Pseudomonas aeruginosa* (33%) и *Serratia spp.* (24%) се зголемил, а се намалил процентот на изолати на *Streptococcus pneumoniae* (5%) и *Staphylococcus aureus* (6%).

45. **Мирчевска Г.,** Јанкоска Г., Петровска М., Хаџи-Петрушева Мелоска И., Зафировиќ З.: Детекција и профил на осетливост на *Candida* species кај пациентки со вулвовагинална кандидоза; Physioacta 2008; 1(2):37-46.
Во овој труд се анализирани 3147 генитални примероци во период од 3 месеци за присуство на квасници од родот *Candida*. Дел од изолатите на non-*albicans Candida* species биле идентифицирани со YBC VITEK-картичка (bioMerieux, France). Профилот на осетливост на антимикотици (amphotericin B, 5-fluorocytosine, miconazole, ketoconazole, econazole i nystatin) бил одредуван со ATB Fungus методот (bioMerieux, France). Со YBC VITEK биле идентифицирани: *C.glabrata*-51,2%, *C.kefyr*-23,3%, *C.krusei*-11,6%, *C.parapsilosis*-7%, *C.rugosa*-1.9%, *C.lambica*-1.9% и *C.tropicalis*-1.9%. Од испитаните соеви, 46% изолати на *C.glabrata* биле резистентни на amphotericin B, а 32% биле резистентни на имидазолите, а сите изолати биле осетливи на nystatin; сите изолати на *C.krusei* биле резистентни на имидазолите; изолатите на *C.parapsilosis* биле осетливи на испитаните антимикотици. Останатите квасници демонстрирале осетлив профил.

46. **Mircevska G.,** Curcic-Trajkovska B, Jankoska G., Petrovska M, Icev K., Kotevska V., Panovski N.: *Trichosporon asahii* in critically ill patients 4th Congress of Macedonian Microbiologists with international participation, Ohrid, 28-31.10., Proceedings and Abstracts, abstr.p31 , 2009.
Во овој труд е претставено првото искуство во идентификацијата и конечната миколошка дијагноза на инфекциите со *Trichosporon asahii* кај пациенти на интензивна нега и хируршки третирани пациенти на клиниките во Скопје. За таа цел, примероци од уринарен и респираторен тракт биле испитувани со конвенционални микробиолошки методи: култура на крвен агар, хромоген CALB агар-карактеристични набрани суви колонии со бела/сина боја, и микроскопско испитување за присуство на едноклеточни бластоконидии и артроконидии. Конечната идентификација била постигната со примена на специјални картички на автоматизираниот VITEK 2 апарат, а осетливоста кон флуконазол била испитувана со Е-тест (AB *bioMerieux*, France). Вкупно 19 изолати на оваа габичка биле детектирани во испитаните примероци. Сите испитани изолати биле осетливи на флуконазол. Главната порака на овој труд е да се подигне свеста кај микробиолозите за можноста оваа габичка да биде етиолошки агенс на инфекции, особено кај имунокомпромитирани пациенти кои се лекуваат на оддел за интензивна нега и хируршки пациенти. За таа цел е неопходна понатамошна евалуација на изолатите од примероци кај вакви пациенти,

особено кога изгледот на колониите укажува на можноста за присуство на оваа габичка.

## Д-р Биљана Ќурчиќ-Трајковска

### Биографски податоци

Д-р Биљана Ќурчиќ-Трајковска е родена на 24.12.1972 година во Куманово. Основното и средното образование го завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје во учебната 1991/92 година и дипломирала во 1998 година. Од 2000 година до денес е вработена на Институтот за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет, Скопје. Истата година го положила стручниот испит за лекари. Во 2002 година се запишала на постдипломскитe1 студии по микробиологија. Во истата година започнува специјализација по микробиологија. Во 2007 година го положила специјалистичкиот испит по микробиологија и паразитологија и се стекнала со звањето специјалист по микробиологија. Во звањето помлад асистент е избрана во 2003 година и реизбрана е во 2007 година.

### Наставна активност

Д-р Биљана Ќурчиќ-Трајковска по вработувањето на Институтот за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет, Скопје, покажува активност и ангажираност во совладувањето на стручните и научните проблеми со кои се занимава. Од почетокот на вработувањето учествува во подготовката на практичните испити и вежби и во едукацијата на студентите по медицина, стоматологија и фармација, како и во едукацијата на лекарите на специјализација. Активна е и иницијативна во овој процес на работа и има афинитет за пренесување на своите знаења на студентите. Учествувала и во техничката обработка на Практикумот по медицинска микробиологија и паразитологија за студентите по медицина, фармација и стоматологија. Автор е на поглавјата: „Анаеробни бактерии" и „Хелминтологија", заедно со други автори, од учебникот „Медицинска микробиологија и паразитологија – специјален дел", издаден од Катедрата за микробиологија со паразитологија при Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје во 2008 година.

### Научна активност

Д-р Биљана Ќурчиќ-Трајковска почнала да се занимава со научна активност за време на студирањето. Својот интерес кон научната работа го продолжува

и како вработена на Институтот за микробиологија и паразитологија каде што, во соработка со колегите, дава придонес во развојот на научната дејност. Истовремено е автор и коавтор на повеќе научни трудови публикувани во земјава и надвор од неа. Во 2003 година добила сертификат за активно учество на интернационалниот курс *"Molecular methods of detection and Typisation of microorganisams"*, во организација на Пастеровиот институт во Софија. Во 2006 година активно учествуваше и доби сертификати за следниве едукациони курсеви: Joint MedVetNet and WHO Global Salm-Surv Seminar/Workshop on Foodborne Pathogens and Diseases Surveillance, Detection and Response in New EU Member States and Candidate Countries, Варшава, Полска; 5th ESCMID School of Clinical Microbiology and Infectious Diseases, Сантандер, Шпанија; ESCMID/SHEA Training Course in Hospital Epidemiology, Баден, Виена, Австрија; ESCMID Postgraduation Course in *Acinetobacter* biology and infection, Истанбул, Турција; престојуваше 6 недели во лабораторијата за молекуларни методи на Кралскиот колеџ во Лондон, работејќи на проектот овозможен од FEMS на тема: Integron detection and genotypisation of *Acinetobacter baumannii* multiresistant strains.

### Стручна активност

Вработена е како специјалист по микробиологија и паразитологија на Институтот за микробиологија и паразитологија. Истовремено е и одговорно лице за лабораторијата за уринарни инфекции. Активно е вклучена во целосната рутинска лабораториска работа на Институтот. Член е на бројни здруженија: Здружението на микробиолозите на Македонија, на МЛД и на FEMS-Федерација на европските микробиолошки здруженија, ESCMID - Европско здружение за клиничка микробиологија и инфективни болести, MSCNI - Македонско здружение за контрола на нозокомијални инфекции, IFIC - Интернационална федерација за контрола на инфекциите, ISID - Интернационално здружение за инфективни болести. Член е на Организациониот одбор на 2.Конгрес на македонските микробиолози и ФЕМС-симпозиумот "Laboratory diagnosis of emerging infections" во 2002 година, член е на Организациониот одбор на 3.Конгрес на македонските микробиолози во 2006 година, како и секретар и член на Научниот одбор на 6.Балкански конгрес на микробиолози и на 4.Конгрес на македонските микробиолози во 2009 година.

### Стручно-научни трудови:

Досега има публикувано 40 труда, а за 24, рецензиите се објавени: од реден број 1-5 во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" број 834 од 2003 година, а од 6 до 24 во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 915 од 2007 година. За овој избор кандидатката поднесува 16 труда за рецензија.

**Трудови поднесени за рецензија:**

25. Јанкоска Г., Петровска М., Хаџи-Петрушева Мелоска И., **Ќурчиќ-Трајковска Б.** Осетливост спрема антимикробни средства на *Enterococcus spp.* изолиран од урина. Мак.мед.преглед, 2005, 59 (59): 148. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 965 од 1.6.2009, при изборот на д-р Гордана Јанкоска во звањето научен соработник.

26. Hadzi-Petruseva Meloska I., **Kurcik Trajkovska B.**, Kotevska V., Jankoska G., Trajkovski V., Petrovska M. Antimicrobial susceptibility of group B Streptococcus isolated from pregnant women. 2th FEMS Congress of European Microbiologists. Madrid, Spain. Abstract book. 2006. p.102. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 965 од 1.6.2009, при изборот на д-р Гордана Јанкоска во звањето научен соработник.

27. Хаџи-Петрушева Мелоска И., **Ќурчиќ-Трајковска Б.**, Јанкоска Г., Петровска М. *Streptococcus agalactiae* во уринарни и генитални примероци. 3.Конгрес на инфектолозите на Македонија, Охрид, Мак.мед.преглед, 2007, 61 (69): 2. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 965 од 1.6.2009, при изборот на д-р Гордана Јанкоска во звањето научен соработник.

28. Јанкоска Г., Петровска М., Хаџи-Петрушева Мелоска И., **Ќурчиќ-Трајковска Б.** Наод на уринокултури кај хоспитализирани пациенти. 3.Конгрес на инфектолозите на Македонија, Охрид, Мак.мед.преглед, 2007, 61 (69): 128. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 965 од 1.6.2009, при изборот на д-р Гордана Јанкоска во звањето научен соработник.

29. Јанкоска Г., Трајковска Докиќ-Трајковска Е., Петровска М., Хаџи-Петрушева Мелоска И., **Ќурчиќ-Трајковска Б.** Хемолизин и желатиназа кај ентерококите и осетливост кон антимикробни средства. Acta Morhologica, 2007. Vol.4 (2): 74-77. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 965 од 1.6.2009. при изборот на д-р Гордана Јанкоска во звањето научен соработник.

30. Hadzi-Petruseva Meloska I., **Kurcik-Trajkovska B.**, Jankoska G., Trajkovski V., Jankijevic A., Petrovska M. Bacterial vaginosis and associated microflora in women of reproductive age. European Congress of Clinical Microbiology and Infectious Diseases, Barcelona, 2008, p2161.
Целта на овој труд била да се детерминира преваленцата на бактериската вагиноза кај жени во репродуктивен период. Биле испитани 2638 вагинални и цервикални брисеви земени од жени со или без симптоми на бактериска вагиноза. Брисевите биле испитани микроскопски и културелно со цел да се испита присуството на леукоцити и патогени аеробни и

анаеробни бактерии како и габички. Статистичката обработка на добиените резултати покажала поголем процент (33%) на бактериска вагиноза кај жените во помладата возрасна група (16-26 г.).

31. Kaftandzhieva A., Kotevska V., Jankoska G., **Kjurcik-Trajkovska B.**, Cekovska Z., Petrovska M.. Extended-Spectrum Beta-Lactamase-Producing *E. coli* and *Klebsiella pneumoniae* in Children at University Pediatric Clinic in Skopje. *Maced J Med Sci.* 2009 Mar; 2 (1): 36.
Во овој труд се одредува процентот на ЕСБЛ-продуцирачки *E. coli* и *Klebsiella pneumoniae* од сите изолирани *E. coli* и *Klebsiella pneumoniae* во примероци од деца хоспитализирани на Клиниката за детски болести. За оваа цел, авторите обработиле 212 соеви на *E. coli* и 103 соеви на *Klebsiella pneumoniae*, кај кои продукцијата на ЕСБЛ била детектирана кај 26 (11,8%) изолати на *E. coli* и 25 (24,3%) изолати на *Klebsiella pneumoniae*. Испитувањата на осетливоста на овие соеви покажале дека ЕСБЛ-продуцирачките соеви на *E. coli* се поосетливи кон амоксицилин клавуланска киселина, триметоприм сулфометоксазол и аминогликозиди од ЕСБЛ-продуцирачките *Klebsiella pneumoniae*, но порезистентни кон кинолони. Во трудот се потенцира потребата од постојан и рутински скрининг на сите изолати на *E. coli* и *Klebsiella pneumoniae* за ЕСБЛ-продукција.

32. **Kurcik-Trajkovska B.** *Acinetobacter spp.* – A Serious Enemy Threatening Hospitals Worldwide. *Maced J Med Sci* 2009 Jun 15; 2(2): 157
Во овој ревијален труд авторката ја опишува бактеријата од родот *Acinetobacter* како убиквитарен микроорганизам кој е широко распространет во природата, но исто така и во болничката средина, со способност да преживува на суви партикли и прашина повеќе од 10 дена, а на влажни и суви површини повеќе од четири месеци. *A. baumanni* е потенциран како главен предизвикувач на интрахоспитални инфекции со повеќе локализации особено кај имунокомпромитирани болни. Во многу трудови се опишува растечката инциденца на овие инфекции особено во единиците за интензивно лекување (2-10% од сите грам-негативни бактерии во Европа и 2,5% во САД). Сериозноста на овие инфекции се зголемува со високиот потенцијал на оваа бактерија за развивање на мултирезистентност кон сите познати класи на антимикробни средства освен кон полимиксини. Адаптациските механизми на *Acinetobacter* предупредуваат дека проблемот со инфекциите предизвикани од оваа бактерија ќе се зголемува во иднина.

33. Kaftandzieva A., Kotevska V., Cekovska Z., Jankoska G., **Curcic-Trajkovska B.**, Petrovska M., Panovski N. Prevalence and spread of extended-spectrum B-lactamase-producing *E. coli* and *Klebsiella pneumoniae* at University Clinics in Skopje. 6th Balkan Congress of Microbiology, Ohrid. Mak Med Pregled, 2009, 63 (78):108.
Авторите на овој труд имале цел да одредат колку се застапени ЕСБЛ-продуцирачките соеви меѓу сите соеви на *E. coli* и *Klebsiella pneumoniae* и колкава е нивната застапеност во универзитетските клиники во Скопје. За

време од една година биле обработени 1207 различни изолати на *E. coli* и *Klebsiella pneumoniae*. Од 804 изолати на *E. coli*, 126 биле ЕСБЛ-продуцирачки, а од 403 изолати на *Klebsiella pneumoniae*, 125 биле ЕСБЛ-продуцирачки. Детално е опишана процентуалната застапеност на овие изолати по клиники и по примероци. Јасната слика за дистрибуцијата на овие соеви би овозможила преземање на соодветни чекори во контролата на ширењето на инфекциите.

34. Hadzi-Petruseva Meloska I., Jaglikovski B., Hadzi-Petruseva Jankijevic A., **Curcic-Trajkovska B.** Ampicillin susceptibility rates and MIC determination of paediatric nasopharyngeal *Haemophilus influenzae* isolates. 6th Balkan Congress of Microbiology, Ohrid. Mak Med Pregled, 2009, 63 (78):117.
Во овој труд се обработени 20 соеви на *Haemophilus influenzae* изолирани од назофаринкс кај деца и нивната осетливост кон ампицилин со конвенционален диск-дифузионен метод, како и одредување на минималната инхибиторна концентрација (МИК) со два метода: користејќи го M.I.C. Evaluator и микродилуциониот метод. Заклучокот на испитувањето е дека пред апликацијата на амицилин задолжително треба да се одреди МИК, затоа што со конвенционалниот диск-дифузионен метод слабо се детектира продукцијата на бета-лактамаза негативните соеви кои се резистентни кон пеницилин поради алтерации во пеницилин врзувачките протеини.

35. **Curcic-Trajkovska B.,** Spasenovski T., Hadzi-Petrusheva-Meloska I., Trajkovski V., Petrovska M., Kenneth B. Integron detection in multiresistant clinical *Acinetobacter baumannii* strains. 6th Balkan Congress of Microbiology, Ohrid, 2009. Mak Med Pregled. 2009, 63 (78):188.
Во овој труд е опишана детекцијата на присуството на интегрони кај 58 мултирезистентни соеви на *Acinetobacter baumannii* изолирани од пациенти хоспитализирани на универзитетските клиники во Скопје. Екстракцијата на ДНА, како и детекцијата на присуството на интегрони со ПЦР била изведена во лабораторија за молекуларна микробиологија на Кралскиот колеџ во Лондон. Кај сите 58 соеви е докажано присуство на интегрони од класата 1, а кај ниеден интегрони од класата 2. Авторите предлагаат дека детекцијата на интегрони треба да е рутинска кај соевите кои се предизвикувачи на интрахоспитални инфекции, како едноставна, брза метода за епидемиолошко следење на соевите.

36. Grdanoska T., Panovski N., Trajkovska-Dokic E., Petrovska M., **Curcic-Trajkovska B.,** Dokic D., Kondova I., Ivanova A., Eftimovski G., Petrovska M. Serological diagnosis of atypical pneumonias: annual survey. 4th Congress of Macedonian Microbiologists, Ohrid. Mak Med Pregled. 2009, 63 (77): 28.
Во оваа едногодишна студија авторите обработиле 3117 серуми со симптоми на респираторни инфекции за детекција на Игм и ИгГ кон 4 бактериски и 5 вирусни предизвикувачи на атипични пневмонии: *Legionella pneumophila, Mycoplasma pneumoniae, Coxiella burnetii, Chlamydia pneumoniae,* Adenovirus, Respratory syncytial virus, Influenzae A, Influenzae B и

Parainfluenzae virus 1,2,3. Етиолошката дијагноза на респираторните инфекции игра клучна улога во селекцијата на соодветна терапија.

37. Hadzi-Petruseva Meloska I., Jaglikovski B., Hadzi-Petruseva Jankijevic A., **Curcic-Trajkovska B.** A novel method for identification of yeasts and susceptibility testing to antimycotics. 4th Congress of Macedonian Microbiologists, Ohrid. Mak Med Pregled. 2009, 63 (77): 30.
Во овој труд е опишан брз и едноставен метод за идентификација на габички и одредување на нивната осетливост кон три антимикотици во род од 4 часа, базиран на одредување на габичните ензими. Испитани се вкупно 40 габички, од кои 28 се идентификувани како *Candida albicans*, а останатите се: 7 *C. glabrata*, 2 *C. tropicalis*, и по 1 *C. crusei*, *Trichosporon beigelii* и *Rodothorula rubra*. Брзата идентификација е корисна во рутинската работа, а одредувањето на осетливоста на изолираните габички е неопходна за апликација на соодветна терапија.

38. Mircevska G., **Curcic-Trajkovska B.**, Jankoska G., Petrovska M., Icev K., Kotevska V., Panovski N. *Trichosporon asahii* in critically ill patients. 4th Congress of Macedonian Microbiologists, Ohrid. Mak Med Pregled. 2009, 63 (77): 31.
Во овој труд е претставено првото искуство во идентификацијата и конечната миколошка дијагноза на инфекциите со *Trichosporon asahii* кај пациенти на интензивна нега и хируршки третирани пациенти. За таа цел, примероци од уринарен и респираторен тракт биле испитувани со конвенционални микробиолошки методи: култура на крвен агар и CALB агар - карактеристични набрани суви колонии, и микроскопско испитување - за присуство на едноклеточни бластоконидии и артроконидии. Конечната идентификација била постигната со примена на автоматизираниот VITEK-2 апарат, а осетливоста кон флуконазол била испитувана со Е-тест (AB *bioMerieux*, France). Вкупно 19 изолати на оваа габичка биле детектирани во испитаните примероци. Сите испитани изолати биле осетливи на флуконазол. Главната порака на овој труд е да се подигне свеста кај микробиолозите за можноста оваа габичка да биде етиолошки агенс на инфекции, особено кај имунокомпромитирани пациенти.

39. Jankoska G., Petrovska M., Trajkovska-Dokic E., Popovska-Jovanovska K., **Curcic-Trajkovska B.**, Hadzi-Petruseva Meloska I., Panovski N. Enterococci as an important cause of human infections – virulence and resistance. 4th Congress of Macedonian Microbiologists, Ohrid. Mak Med Pregled. 2009, 63 (77): 41.
Во овој труд се опишуваат специфичните фактори на вируленција карактеристични за уропатогените ентерококи, споредени со ентерококите изолирани од различни извори, како и можната поврзаност на овие фактори со резистенцијата кон антимикробни средства. Од вкупно 172 соеви изолирани од различни примероци, уринарните изолати покажале најголем број вирулентни фактори (од испитувани 4: површен протеин, агрегациона супстанција, продукција на желатиназа и хемолизин).

Изолатите од нормалната флора имале најмалку докажани фактори на вируленција.

40. **Curcic-Trajkovska B.**, Hadzi-Petruseva Meloska I., Jankoska G., Trajkovski V., Petrovska M. Modified Hodge and EDTA disk synergy test – two simple tests for detection of MBLs production. 4th Congress of Macedonian Microbiologists, Ohrid. Mak Med Pregled. 2009, 63, (77): 48.
Овој труд опишува два едноставни метода за детекција на продукцијата на металобеталактамази, ензими кои ги хидролозираат сите беталактамски антибиотици, освен азтреонам. Двата метода се изведуваат едноставно, не се скапи, а интерпретацијата на резултатите е прецизна и јасна. Воведувањето на овие тестови во рутинското тестирање на осетливоста на грам-негативните бактерии би помогнало во прецизното одредување на резистенцијата кон карбапенемите.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на поднесената документација, а и според личното познавање на кандидатките од страна на членовите на Рецензентската комисија, може со задоволство да се констатира дека д-р Гордана Мирчевска и д-р Биљана Ќурчиќ-Трајковска ги поседуваат сите квалитети и ги исполнуваат сите формални и суштински критериуми за избор во звањето асистенти по предметот микробиологија со паразитологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Гордана Мирчевска и д-р Биљана Ќурчиќ-Трајковска да бидат избрани за асистенти по предметот микробиологија со паразитологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Никола Пановски с.р.

Проф. д-р Каќа Поповска-Јовановска с.р.

Проф. д-р Елена Трајковска-Докиќ с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ СУДСКА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.XII 2009 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија за избор на еден доцент по предметот судска медицина, во состав: проф. д-р Алексеј Дума, проф. д-р Билјана Јанеска, проф. д-р Здравко Чакар, проф. д-р Весна Пејоска Геразова и проф. д-р Зоран Спировски.

На конкурсот објавен на 25.XI 2009 година во весникот „Утрински весник" се пријави д-р Верица Попоска.

Комисијата, по разгледувањето на доставените документи од пријавената кандидатка, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го предложи следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Д-р Верица Попоска е родена во Тетово на 5.XII 1957 година. Основното и средното образование, како и Медицинскиот факултет ги завршила во Скопје. На Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицинскиот факултет во Скопје е вработена од 1990 година. Специјализацијата ја започнала на 1.VI 1992 година, а на 29.VI 1995 година го положила специјалистичкиот испит по специјалноста судска медицина. Во 1996 година е избрана за асистент по предметот судска медицина.

Јавниот труд на ниво на магистерски труд на тема „Постмортално ладење на телото и времето на настапувањето на смртта" го одбранила на 29.X 2003 година, под менторство на проф. д-р Биљана Јанеска. Докторската дисертација на тема „Одредување на времето на настапување на смртта во раниот постмортален период" ја одбранила во јануари 2009 година, под менторство на проф. д-р Биљана Јанеска, со што се стекнала со научниот степен доктор на медицински науки.

### Наставно-образовна дејност

Д-р Верица Попоска, вработена во Институтот за судска медицина и криминалистика, избрана е за асистент по предметот судска медицина во јуни 1996 година, а реизбрана е во 2000 и во 2003 година. Оттогаш па до денес, активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметот судска медицина за студентите на додипломските студии по медицина и стоматологија, како и на додипломските студии за студентите од Факултетот за безбедност. Согласно со критериумите за бодирање на наставно-образовната дејност, во рамките на образецот за избор издаден од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", д-р Верица Попоска има вкупно 26,87 бода.

**Научноистаражувачка дејност**

Автор и коавтор е на 77 труда, печатени во научно/стручни медицински списанија и презентирани на конгреси и стручни состаноци во земјава и во странство. Учествува во изработката на два национални и еден интернационален научен проект кои се со успех завршени. Во последните пет години учествува во повеќе пленарни предавања па научни/стручни собири. Согласно со критериумите за бодирање на научноистражувачката дејност, во рамките на образецот за избор издаден од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", д-р Верица Попоска има вкупно 54,6 бода (трудовите објавени како апстракти не се бодувани).

**Стручно-апликативна дејност**

Д-р Верица Попоска учествува во експертски активности за евалуација, стручна ревизија и супервизија во рамките на работењето на Институтот за судска медицина при вештачења и супервештачења на кривични и граѓански предмети за потребите на судот. Воведува нова метода за одредување на времето на настапување на смртта во раниот постмортален период со употреба на алгоритам. Во 2007 година била член на Организациониот одбор на V конгрес на Балканската академија па форензични науки. Во рамките на развојните обуки и искуства престојувала на Универзитетот Колумбија во Њујорк. Учествувала во изработката па Предлог-законот за формирање на Служба за преглед па умрени лица па ниво на Република Македонија. Била член на комисија при Министерството за здравство за изработка на годишен извештај за 2007 година – EMCDDA за Македонија. Согласно со критериумите за бодирање на стручно-апликативната дејност, во рамките на образецот за избор издаден од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", д-р Верица Попоска има вкупно 9,5 бода.

**Рецензирани трудови за досегашните избори**

Трудовите од реден број 1 до реден број 40 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 653/96, 736/99 и 833/2003 година.

**Научни трудови доставени за рецензија за избор во звањето доцент**

41. Дума А., Давчева Н., Јаќовски З., Станков А., Бошковски К., Јанеска Б., Чакар З., Белакапоски М., **Попоска В.**: „Квалификација на телесните повреди". Правна мисла 1999.

Квалификацијата на телесните повреди е специфична постапка, пропишана со одредби од КЗ и ЗКП. Суштината се состои во тоа, медицинското знаење да се вклопи во правното дефинирање на степените на тежината на телесните повреди. Во овој труд, преку анализа на одредбите во КЗ на Република Македонија, направен е обид да се прикаже логиката на размислувањето и расудувањето на лекарот-вештак во приодот кон квалификацијата на одредена телесна повреда.

42. Rosoklija G., Duma A., Filipovska A., Ortakov V., Mancevski B., Davceva N., **Poposka V**., Arango V., Mann J.J., Dwork A.J.: „An International Collaboration for Collection of Psychiatric Brain Specimens", Schizoph Res 2002; 53:A217.

Во многу европски земји, стапката на вршење аутопсии е повисока во однос на САД. Македонија е мала европска земја со висока стапка на вршење на аутопсии, со високо едуцирана популација, но само со неколку вистински фацилитети за научна работа. Тоа ја прави оваа земја погодна за соработка во обостран интерес, поради што во 1997 година била воспоставена соработка помеѓу Универзитетот Колумбија во Њујорк и Медицинскиот факултет во Скопје, во рамките на која: се колекционираат примероци од постмортален мозочен материјал кај лица со мајорни психијатриски болести, вклучени се клиничари-психијатри во процесот на дијагностицирањето, формирана е документација одобрена од страна на двете институции за зачувување на правата на субјектот, воспоставена е практика на фреквентни посети помеѓу двете институции и сл. Во трудот се дискутирани одредени тешкотии, кои произлегле на патот на воспоставување на стандардната процедура, но и на неприкосновената научна вредност на овој вид соработка.

43. Јанеска Б., Дума А., **Попоска В**., Станков А.: „Етика и судско-медицинска експертиза". Зборник на апстракти од Шеснаесеттиот конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, 4-7 јуни 2003.

Вештачењето на телесни повреди, квалификација и механизам на повредување претставува процес кој покрај неопходните особини како што се знаењето, искуството, познавањето на Кривичниот законик, од вештото лице бара и посебен етички однос кон предметот на вештачење. Во трудот се обработуваат можните етички дилеми во процесот на вештачење.

44. **Попоска В**., Јанерска Б., Чакар З., Давчева Н.: „Номограмски метод за одредување на времето на смртта". Зборник на апстракти од Шеснаесеттиот конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, 4-7 јуни 2003.

Одредувањето на времето на смртта врз основа на брзината со која се лади телото во раниот постмортален период претставува предмет на испитување од голем интерес. Во трудот е презентиран номограмскиот метод кој дава резултати најблиски до вистинските. Номограмскиот метод за одредување на времето на настапување на смртта ги зема предвид: телесната температура, амбиенталната температура, телесната тежина и постморталното плато.

45. Бошковски К., Чакар З., **Попоска В**., Јаќовски З.: „Вештакот и јавноста (медиумите)". Зборник на апстракти од Шеснаесеттиот конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, 4-7 јуни 2003.

Секоја смрт која е неочекувана, сомнителна, насилна или природна, најчесто предизвикува интерес кај јавноста и задолжително е да се изврши судскомедицинска обдукција заради утврдување на причината за смрт.

Медиумите ги бараат информациите за одделни случаи или за група случаи со цел да се спречи ширењето на дезинформации. Се заклучува дека во светот нема унифицирано правило по однос на информирањето на медиумите. Во Република Македонија информациите најчесто ги дава судијата кој го води случајот заради неспорниот факт дека сите податоци од различните учесници во предистражната постапка му се достапни исклучиво на истражниот судија.

46. Давчева Н., Дума А., Бошковски К., **Попоска В**.: „Квалификација на телесните повреди како комплексен сеопфатен и динамички процес". Зборник на апстракти од Шеснаесеттиот конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, 4-7 јуни 2003.

При изведување на судскомедицинска експертиза потребно е да се одговори на прашањата: дали квалификацијата на тежината на телесните повреди се врши според првобитното дејство на повредата врз здравјето на оштетениот или според крајниот исход на повредата; дали квалификацијата на телесната повреда која е еднаш одредена е конечна и неменлива, или пак претставува динамички процес; дали крајниот исход на повредата е резултат на последица или компликација; колку крајниот исход на повредата се должи на личните својства и склоности на организмот.

47. Гутевска А., Дума А., Чакар З., **Попоска В**.: „Преквалификација на телесни повреди во кривичната постапка". Македонски медицински преглед, списание на Македонското лекарско друштво. Мак. мед. преглед, год. 57, бр. 5-6, стр. 330-333, 2003.

Во трудот е извршена анализа на вештачењето на телесните повреди во кривичните предмети во период од пет години, при што се прикажани бројот на прво и второстепените вештачења, бројот на извршените преквалификации, како и бројот на морбозни и трауматски промени кај коишто е најчесто извршена преквалификацијата.

48. **Poposka V**., Janeska B., Cakar Z., Gutevska A.: „Age Estimation of Children – Case Studies". Forensic Science International. An international journal dedicated to the applications of medicine and science in the administration of justice. Vol. 136 Suppl. 1. September 2003.

Во трудот е презентирана идентификацијата на вкупно шест деца, кои биле напуштени и без познати податоци за нивната возраст. Во трудот е дискутирана веројатноста за точност при определувањето на возраста врз основа на јадрата на осификација на коските на шаката и долните делови од подлакатните коски.

49. Janeska B., **Poposka V**., Jakovski Z.: „Confidence of the Methods for Time Estimation Since Death". Forensic Science International. An international journal dedicated to the applications of medicine and science in the administration of justice. Vol. 136 Suppl. 1. September 2003.

Сигурноста и прецизноста на методите за утврдување на можното време на смртта е од големо значење во многу судски случаи. Во трудот се

опишуваат и дискутираат методите за утврдување на времето на смртта со посебен осврт на мерењето на телесната температура и тоа ректална и хепатална, при што е анализирана неговата сигурност и прецизност. Освен тоа, се дискутира и можноста раното постмортално време во голема мера да се одреди со поголема точност со употреба и на дополнителни методи, како што се електрична дразба на лицевата мускулатура и хемиска дразба на пупилите.

50. Gutevska A., Cakar Z., **Poposka V**., Duma A.: „Forensic Expertise of Fractured Ribs According the Criminal Law of Republic of Macedonia“. Forensic Science International. An international journal dedicated to the applications of medicine and science in the administration of justice. Vol. 136 Suppl. 1. September 2003.

Форензичната експертиза на телесните повреди многу често е застапена во судските случаи. Телесните повреди според КЗ на Република Македонија се класифицирани во две групи: телесни и тешки телесни повреди. Студијата ги анализира скршениците на ребрата. Еден од важните критериуми за одредувањето на тежината на повредата е степенот на нарушувањето на функцијата на дишењето. Со други зборови кога респирацијата е нарушена, скршувањето на ребрата се квалификува како тешка телесна повреда во зависност од бројот на скршени ребра, дислокација на фрагментите раскинување на плеурата и белите дробови. Во трудот се обработени 22 случаја во период од пет години.

51. Гутевска А., Дума А., **Попоска В**.: „Медицинска документација како материјален доказ во судската постапка“. I конгрес на лекарите по општа медицина на Македонија со меѓународно учество, Макед. мед. преглед год. 58: (супл. 60) стр. 41-43, Охрид, 2-6 јуни 2004.

При спроведување на судскомедицинското вештачење во судската постапка од големо значење е медицинската документација која честопати претставува единствен материјален доказ за настанатото оштетување од здобиената повреда кај оштетеното лице. Донесувањето на конечната пресуда во судската постапка ќе зависи не само од изведеното судско-медицинско вештачење, туку ќе зависи и од расположливата медицинска документација, како и од тоа на кој начин е таа напишана.

52. **Попоска В**., Јанеска Б., Чакар З., Гутевска А.: „Одредување на возраст кај деца – приказ на случаи“. Македонски медицински преглед, списание на Македонското лекарско друштво. Мак. мед. преглед, год. 58, бр. 1–2, стр. 48-52, 2004.

Преку приказ на анализирани вештачења за одредување на возраста на деца без родители за кои не постои никаква документација, ниту, пак, роднина, во трудот се дискутираат методите за анализирање на јадрата на окоскување на одделни коски и можноста за нивна примена. Освен тоа, потенцирана е и методата за одредување на возраста преку анализа на забалото.

53. Duma A., Cakar Z., Janeska B., **Poposka V.**, Stankov A., Pavlovski G.: „Identification at Mass Disasters". 2-nd Annual Meeting of the Balcan Academy of Forensic Sciences, Serres, Greece. June 3-6.2004.

Во трудот се анализирани идентификационите постапки при масовни незгоди случени на територијата на Република Македонија во последните 12 години, каде што во четири авионски незгоди загинале вкупно 250 жртви. При постапката за идентификација, од голема важност е спроведувањето на правилата за идентификација содржани во Правилникот за идентификација на жртви од масовни незгоди донесен од Интерпол.

54. Pavlovski G., Janeska B., Jakovski Z., **Poposka V.**: „Cause of Death at Intoxicatio With Opiates in The Republic of Macedonia". III[rd] Congress of the Balkan Academy of Forensic sciences, Constanta-Romania,2-5 june 2005.

Жртвите на дрога во Република Македонија се сè помногубројни и се од помлада возраст. Се проценува дека во Републикава има од 5.000 до 7.000 зависници од хероин. Целта на трудот е да се прикаже бројот на смртни случаи од интоксикации со опијати кои се обдуцирани на Институтот за судска медицина и криминалистика. Обработени се 67 извршени обдукции во Институтот за судска медицина и криминалистика во Скопје на починати зависници од опијати во периодот од 1995 до 2004 година. Детекцијата на опијатите во биолошкиот материјал е извршен со методите на FPIA. Починатите зависници се класифицирани според: пол, возраст, начин на смрт, место на наоѓање и национална припадност. Констатирано е дека смртта кај машкиот пол е поголема од женскиот пол, на возраст помеѓу 20-30 години, а сопствениот дом е место каде што најчесто се најдени жртвите и жртвите во најголем процент се од македонска националност.

55. **Poposka V.**, Janeska B., Cakar Z., Gutcska A., Pavlovski G.: „The Development Stage of Hand Bones Ossification Centers in Age Estimation". III[rd] Congress. of the Balkan Academy of Forensic sciences, Constanta-Romania,2-5 june 2005.

Одредувањето на возраста на живи лица е една од задачите на судскомедицинскиот експерт, особено во случаите на душевно нарушени лица, ментално ретардирани лица или кај мали лица кои не знаат за својата возраст. Во трудот е прикажано одредувањето на возраста на седум деца оставени во Центарот за социјална работа или најдени од улиците во Скопје за кои не постоел никаков официјален документ. Вештачењето е извршено врз основа на развиеност на осификационите јадра на коските од шаката. Рендген-снимката на коските од шаката е избрана затоа што појавата на јадрата на осификација на одделни коски покажува големи временски разлики во првата декада од животот. Констатирано е дека осификацијата на јадрата на коските на шаката се движи во распон од 1 до 2 години. Помеѓу индивидуите, полот и расите постојат мали варијации во развојот на скелетот.

56. Gutevska A., Cakar Z., **Poposka V**., Jakovski Z., Duma A.: „Qualification of Fractured Ribs: Case Reports". III$^{rd}$ Congress of the Balkan Academy of Forensic sciences, Constanta – Romania, 2-5 June 2005.

Целта на овој труд е да се прикажат сите елементи кои се користат при квалификација на скршениците на ребрата. Еден од најзначајните параметри при експертиза на овој вид повреди е нарушување на дишењето. Доколку е тоа нарушено, повредата се квалификува како тешка телесна повреда во зависност од бројот на скршени ребра, дислокацијата на скршените фрагменти, повредите на плеурата и белите дробови.

57. **Poposka V**., Janeska B., Gutevska A., Jakovski Z., Duma A.: „Estimation of Time Since Death Through Electric and Chemical Excitability of Muscles". XV International meeting on forensic medicine Alpe-Adria-Pannonia. Pula, Croatia, 17-20 May 2006.

Електричната надразливост на мускулите на лицето и хемиската надразливост на пупилите на очите, можат во голема мера да придонесат кон допрецизирање на времето на смртта. Во трудот се презентирани резултатите од испитувањето и се анализирани во однос на вистинското време на смртта.

58. Gutevska A., Chakar Z., **Poposka V**., Pavlovski G., Duma A.: „Forensic Medical Expertises Of Chest Injuries".The 4th Annual meeting of the Balkan Academy of Forensic sciences, Stara Zagora, Bulgaria, 8-11 June 2006.

Во оваа студија се анализираат повреди на градниот кош со особен осврт кон нивната локализација, механизмите на настанувањето, начинот и средството со кои се нанесени, кривично правната квалификација според КЗ на Република Македонија и фреквенцијата на преквалификување на повредите на градниот кош направени на нашиот Институт, при што беше анализиран петгодишен период од 2000 до 2004 година.

59. Janeska B., Gutevska A., **Poposka V**., Pavlovski G., Chakar Z.: „Medicolegal Expertises in Malpractice Cases". The 4$^{th}$ Annual meeting of the Balkan Academy of Forensic Sciences, Stara Zagora, Bulgaria, 8-11 June 2006.

Лекарската грешка е сè повеќе предмет на кривични и правни процеси за кои се бара судскомедицинска експертиза. Во трудот се анализираат случаи со нагласување на разликите помеѓу лекарска грешка и несовесно лекување, а со тоа и се дискутира правната одговорност.

60. **Poposka V**., Janeska B., Gutevska A., Jakovski Z., Duma A.: „Estimation of Time Since Death Through Chemical Excitability of Muscles". The 4$^{th}$ Annual meeting of the Balkan Academy of Forensic Sciences, Stara Zagora, Bulgaria, 8-11 June 2006.

Времето на смртта, како важен фактор во истрагата на одредени кривични дела, претставува проблем од посебен интерес во судско-медицинската практика. Во трудот се презентирани резултатите за времето на настапување на смртта добиени со хемиска дразба на мускулите во раниот постмортален период и нивна споредба со познатото време на смрт.

61. **Poposka V**., Janeska B., Gutevska A.: „Električna ekscitabilnost mišića i određivanje vremena nastupanja smrti“. Expertus forensis, Časopis Udruženja sudskih vještaka Crne Gore, 8 (IV):41-44, 2006.

Во трудот се презентирани резултати од извршени мерења за постмортална електрична ексцитабилност на лицевите мускули кај случаи на починати со познато време на смрт. Добиените мерења на постморталната ексцитабилност на мускулите се споредени со вистинското време на смрт со цел да се одреди употребливоста на овој параметар при одредувањето на времето на настапување на смртта.

62. Gutevska A., Cakar Z., **Poposka V**., Duma A.: „Medicinska dokumentacija kao materijalni dokaz u sudskom postupku“. Expertus forensis, Časopis Udruženja sudskih vještaka Crne Gore, 8 (IV) :37-39, 2006.

Во трудот се потенцира важноста на комплетната медицинска документација при спроведување на судскомедицинското вештачење кое најчесто претставува единствен материјален доказ на настанатото оштетување. Донесувањето на конечната пресуда ќе зависи не само од обемноста на медицинската документација, туку и од начинот како таа е напишана, односно дали дадените медицински податоци се употребливи за квалитетна судскомедицинска експертиза.

63. **Poposka V**., Janeska B., Gutevska A., Cakar Z.: „Estimation of time since death by the Hanssge nomogram“. Acta morphologica. Publication of Macedonian association of anatomists and morphologists. Vol. 3 (2),:51-54, 2006.

Во трудот се анализирани педесет случаи обдуцирани на Институот за судска медицина и криминалистика во Скопје со познато време на смрт. Одредување на веројатното време на смрт е извршено со употреба на номограмот по Henssge. При споредување на добиените резултати со вистинското време на смртта е утврдувана прецизноста при одредување на времето на смртта со применетиот метод, при што е утврдено отстапување од неколку часа.

64. **Poposka V**. Janeska B., Gutevska A., Duma A.: „Post Mortem Coling of the Body and Estimation of Time Since Death“. Czecho-Slovak Pathology and Forensic Medicine. Soud.Lek., 52, 2007, No. 4, p. 50-56

Во трудот се презентирани наши резултати добиени со мерење на постморталното ладење, ректално, кај 50 случаи со познато време на смрт. Пресметувањето на времето на смртта е вршено по неколку методи со цел за нивно споредување (Method I, Method II, Al-Alousi and Anderson, Henssge-nomogram).

65. **Poposka V**., Janeska B., Cakar Z., Gutevska A.: „Importance of The Postmortem Lividity and Rigor Mortis Upon Estimation of Time Since Death“. Acta morphologica. Publication of Macedonian association of anatomists and morphologists. Vol. 4 (2):39-41, 2007.

Обработен е еден од честите судскомедицински проблеми, а тоа е одредувањето на времето на настапување на смртта во раниот постмортален

период, односно во првите 24-48 часа. Мртовечките дамки и мртовечката вкочанетост се веројатни знаци на смрт, но во практиката тоа се основни параметри кои се употребуваат во рутинската практика за одредување на времето на смртта во раниот постмортален период. Анализирани се 100 смртни случаи со познато време на смрт, обдуцирани на Институтот за судска медицина и криминалистика во периодот 2004-2006 година. Добиени се резултати со коишто се одредени постморталниот период во кои се појавуваат мртовечките дамки, кога се тие добро изразени, кога се преместуваат, кога се фиксираат и постморталниот период во кои се појавува мртовечката вкочанетост и кога е таа максимално изразена.

66. Rogac S., Cakar Z., Stankov A., **Poposka V**.: „Patohistological Findings in Electrocutio – Case Report". Fifth Congress of the Balkan Academy of Forensic Sciences. Balkan Academy for forensic sciences, Ohrid, Republic of Macedonia, 3-7 June, 2007.

Во овој труд е опишан случај на електрокуција со осврт на патохистолошките промени во ткивото предизвикани од дејство на електрична струја. Микроскопските промени опфаќаат одделување на епидермисот од дермисот, коагулациона некроза на ткивата, преполнетост на крвните садови, едем на сврзното ткиво, периваскуларни крвавења во мозочното ткиво, миоцитолиза, фрагментација и хомогенизација на миофибрилите.

67. Stankov A., Cakar Z., Gutevska A., **Poposka V**.: „Identification of The Used Weapon by The Method of Moulding in The Sharp-Point Weapon Wounds". Fifth Congress of the Balkan Academy of Forensic Sciences. Balkan Academy for forensic sciences, Ohrid, Republic of Macedonia, 3-7 June, 2007.

Во трудот е опишана метода на мулажирање со еластомерни маси со цел идентификација на употребеното средство кај убодните рани. Користен е ксантопрен Thixoflex M од производителот Zhemack. Најдобри резултати се добиени на црниот дроб, мозочното ткиво и бубрезите.

68. **Verica Poposka**, Biljana Janeska, Ani Dika, Suzana Petrovska.: „The Importance of Electric and Chemical Excitability of Muscles in Estimation of Time Since Death". Fifth Congress of the Balkan Academy of Forensic Sciences. Balkan Academy for forensic sciences, Ohrid, Republic of Macedonia, 3-7 June, 2007.

Прецизноста при одредувањето на времето на смртта во раниот постмортален период се зголемува со анализа на суправиталните реакции, односно електричната и хемиската ексцитабилност на мускулите. Анализирани се 50 случаи со познато време на смрт во однос на: време на појава, интензитет и траење на хемиската ексцитабилност во однос на постморталниот период; постмортален период во кој електричната ексцитабилност е присутна, нејзиниот интензитет и постмортален период во кој не е присутна.

69. Suzana Petrovska, Ani Dika Grueva, Ana Trifunova, **Verica Poposka**: „Analysis of Various Opiates in Biosamples by Gc/Ms After Acid Hydrolysis, Enzymatic Hydrolysis and Silylation". Fifth Congress of the Balkan Academy of Forensic Sciences. Balkan Academy for forensic sciences, Ohrid, Republic of Macedonia, 3-7 June, 2007.

Gc/Ms е специфична техника за анализа на droги. Таа е најсоодветен метод за конфирмирање на резултатите добиени со други техники. За хроматографските процедури особено значајна е подготовката на примероците. Тоа е неопходно бидејќи биолошките примероци (крв и урина) се комплексни матрици кои содржат мешавина од различни органски и неоргански компоненти во која специфичните аналити се наоѓаат во мали количини. Скринингот на опијатите е направен по кисела хидролиза и ензимска хидролиза, а за дериватизација се користени неколку дериватизациони реагенси. Дериватизацијата се препорачува бидејќи молекулите стануваат испарливи, а се обезбедува и оптимална сепарација. По дериватизација резидуите се инјектираат во Gc/Ms. Овој метод може да се користи за скрининг или како комфирматорен метод по изведување на имунолошките тестови.

70. Suzana Petrovska, Ani Dika Grueva, Ana Trifunova, **Verica Poposka**: „Screening for benzodiazepines using the ABBOTT AXSYM assay". Fifth Congress of the Balkan Academy of Forensic Sciences. Balkan Academy for forensic sciences, Ohrid, Republic of Macedonia, 3-7 June, 2007.

AxSYM assays е базиран на технологија на имуноесеј со флуоресцентна поларизација. Овозможува детекција на психоактивни супстанции во урина со користење на автоматизиран семиквантитативен реагенс-систем, како и одредување на ацетаминофен и салицилати во серум, со користење на квантитативен реагенс-систем. Овој есеј може да се користи и за други биолошки примероци, како што се полната крв, други биолошки течности или ткивни хомогенати, но со претходно модифицирање. Целта на овој труд е да се направи скрининг на бензодијазепини во полна крв со користење на AxSYM-есејот за бензодијазепини. Екстракцијата е извршена со ацетонитрил и примероците се анализирани со истовремена анализа на контроли и контролни примероци од спајкувана крв. Добиените резултати се прелиминарни и за секој позитивен резултат е потребна конфирмација со поспецифичен метод.

71. Александра Гутевска, Здравко Чакар, Алексеј Дума, **Верица Попоска**: „Судскомедицинско вештачење на потрес на мозокот во кривичната постапка". Списание на здружение на физиолози и антрополози на Македонија, Physioacta, Vol.1-No.2, стр.47-54, 2008.

Меѓу вештачењата на краниоцеребралните повреди, една од најчестите повреди е потрес на мозокот. За утврдување на кривично-правната квалификација за тежината на потрес на мозок од особено значење е општата состојба во акутната фаза на траумата, како и клиничката симптоматологија, нејзината динамика, времетраење и исчезнување на придружните знаци, така што повредата потрес на мозок од кривичноправен аспект може да биде телесна повреда или тешка телесна

повреда. Целта на трудот е да се обрне внимание на пропустите и причините за давање погрешна квалификација за повредата потрес на мозок. Во трудот е користен 10-годишен материјал од Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија.

72. Gutevska A., Cakar Z., Duma A., **Poposka V.**: „Expertise of Body Injuries in Criminal Procedure". Czecho-Slovak Pathology and Forensic Medicine. Soud. Lek., 53, 2008, No. 4, p. 51-54.

При квалификација на телесна повреда, вештото лице – лекарот мора да има не само посебно стручно знаење и искуство од областа на медицината, туку е потребно да ги познава законските одредби и правни норми од Законот за кривична постапка и Кривичниот законик на Република Македонија, а сето тоа со цел да му помогне на судот во утврдување, оценување и разјаснување на одредени факти и прашања поврзани со телесната повреда. Целта на овој труд е да се обрне посебно внимание за начинот на изведување на овие вештачења, односно кога и кој може да бара вештачење на телесни повреди и во што се состои етичката и правната одговорност на судскомедицинскиот вештак при изведувањето на овие вештачења.

73. **V., Poposka**, A., Gutevska, A., Stankov, G., Pavlovski, Z., Chakar, B., Janeska.: „Estimating The Time Since Death by Using Algorithm", XXI Congress of the International Academy of Lagal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Одредувањето време на смртта во раниот постмортален период е од особена важност кај смртни случаи со насилна смрт. Анализирани се 120 смртни случаи со познато време на смрт, при што се употребени пет параметри за одредување време на смрт: електрична ексцитабилност на мускулите, хемиска ексцитабилност на мускулите, постмортално ладење на телото, мртовечки дамки и мртовечка вкочанетост. Добиените резултати се употребени за создавање на специјална табела – алгоритам, кој ги содржи минималните и максималните вредности за секој од анализираните параметри.

74. R., Jankova-Ajanovska, **V., Poposka**, Z., Jakovski, K., Nikolova, B., Janeska, A., Duma.: „Person Identification From Burned Body Remains with DNA Analysis". XXI Congress of the International Academy of Lagal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Трудот претставува приказ на случај. Исчезнат такси-возач е пронајден во запалено возило по 15 дена од неговото исчезнување со изгореници од четврти степен, односно карбонизација на телото. Идентитетот е одреден со ДНК-анализа на земени примероци од изгореното тело (коска, мускулно ткиво, црн дроб и коагулум од субдурално крвавење).

75. A., Stankov, Z., Jakovski, **V., Poposka**, A., Trifunova, A., Dika, Z., Cakar, A., Duma.: „Macroscopic and Microscopic Analysis of Wischnewsky Spots in Two Cases of Fatal Hypothermia". XXI Congress of the International Academy of Lagal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Еден од важните наоди при обдукција на случаи каде што причината за смртта е хипотерија, е наодот на крвавење на лигавицата на желудникот – т.н. петна Вишњевски. Во трудот се анализирани два смртни случаја во кои е направена макроскопска и микроскопска анализа па присутните петна Вишњевски.

76. G., Pavlovski, A., Stankov, R.J., Ajanovska, Z., Jakovski, **V., Poposka**, A., Gutevska, Z., Cakar, B., Janeska, A., Duma.: „Identification of The Victims Killed in The Helicopter Crash Near The Village of Petrovec, R.Macedonia". XXI Congress of the International Academy of Lagal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Една од целите во рутинската работа на судскомедицинскиот експерт е идентификација на жртвите при масовни незгоди. Идентификацијата на жртвите се врши од страна на лекар-специјалист по судска медицина, кој е дел од тимот за идентификација, кој се формира веднаш по масовната незгода. Во овој труд е извршена идентификација на жртвите од хеликоптерската незгода што се случи во близината на аеродромот Петровец, при што загинаа 11 припадници на Армијата на Република Македонија. Идентификацијата е извршена според личните документи, воените идентификациони броеви и според наодот на забалото.

77. A., Gutevska, **V., Poposka**, A., Stankov, R., Jankova-Ajanovska, G., Pavlovski, Z., Cakar.: „Qualification of Body Injuries in Republic Macedonia". XXI Congress of the International Academy of Lagal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Од судскомедицински и кривичноправен аспект, квалификација на телесна повреда значи да се одреди степенот на оштетувањето на здравјето и телесниот интегритет, која повредата го произвела. Во трудот се наведени и објаснети постапките на судскомедицинскиот вештак при изготвување на писмен наод и мислење за видот и карактерот на телесните повреди, и тоа: по непосреден преглед на повредното лице, по увид во медицинската документација при вештачење на телесни повреди во кривични предмети и при давање на устен наод и мислење во текот на судската постапка.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, образецот кон извештајот за избор и досегашното познавање на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката, како и извршената рецензија на доставените стручно-научни трудови, Рецензентската комисија цени дека кандидатката ги исполнува условите предвидени за избор и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ја избере д-р Верица Попоска во звањето доцент.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Алексеј Дума, с.р.
2. Проф. д-р Билјана Јанеска, с.р.
3. Проф. д-р Здравко Чакар, с.р.
4. Проф. д-р Весна Пејоска Геразова, с.р.
5. Проф. д-р Зоран Спировски, с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Верица Фидан Попоска

**Институција:** Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје

**Научна област:** судска медицина

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски, семинарски) | 25,65 |
| 2 | Консултации со студенти | 1,22 |
| | **Вкупно** | **26,87** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза | 8 |
| 2 | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 3 | Учесник во национален научен проект | 6 |
| 4 | Учесник во меѓународен научен проект | 5 |
| 5 | Труд со оргинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание | 17,6 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | 7,2 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание | 1,2 |
| 8 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 11,8 |
| 9 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредуважки одбор | 5,6 |
| 10 | Пленарно предавање на научен/стручен собир | 4 |
| | **Вкупно** | **70,4** |

## СТРУЧНО–АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија | 1 |
| 2 | Воведување нова лабораториска/клиничка метода | 4 |

**Дејности од поширок интерес**

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | 1 |
| 4 | Студиски престој во странство | 0,5 |
| 5 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) | 2 |
| 6 | Учество на комисии и тела на државни и други органи | 1 |
| | **Вкупно** | **9,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 26,87 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 70,4 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 9,5 |
| **Вкупно** | **106,77** |

**Членови на Комисијата:**

1. Проф. д-р Алексеј Дума, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Билјана Јанеска, член, с.р.
3. Проф. д-р Здравко Чакар, член, с.р.
4. Проф. д-р Весна Пејоска Геразова, член, с.р.
5. Проф. д-р Зоран Спировски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН СОРАБОТНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ПАТОЛОШКА ФИЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 103/08 и бр. 26/09), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, донесе решение за избор на еден научен соработник по предметот патолошка физиологија, во согласност со конкурсот од 25.11.2009 година објавен во весниците „Утрински весник" и „Коха" и формираше Комисија во состав: проф. д-р Оливија Васкова, проф. д-р Светлана Мицева-Ристевска, проф. д-р Сузана Лопарска, проф. д-р Петраки Корнети и проф. д-р Милена Петровска.

На објавениот конкурс се пријави еден кандидат: д-р Соња Кузмановска.

По разгледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Д-р сци. Соња Кузмановска е родена во Скопје во 1962 година, каде завршила основно и средно образование. Дипломирала во 1985 година на Медицинскиот факултет - отсек фармација во Скопје, со среден успех 9,43. Во периодот 1986-1991 работела во фармацевтската куќа "ЈАКА-80" како истражувач во секторот за развој на лекови. На Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина е вработена од 1991 година, каде што е вклучена во рутинската и развојната дејност на радиофармацевтската и радиоимунолошката лабораторија.

Во 1998 година го положила специјалистичкиот испит по медицинска биохемија и го одбранила специјалистичкиот труд со наслов ,,Оптимизација и контрола на квалитет на имунолошки анализи со радиоактивен обележувач".

Постдипломските студии по медицинска биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје ги завршила во 2005 година со одбрана на магистерскиот труд: „Оптимизација на метод за одредување на јод во урина и негово значење при епидемиолошки и клиничко-биохемиски испитувања".

Во 2008 година успешно ја одбранила докторската дисертација под наслов „Јодниот внес и гравидитетот: биохемиски индикатори во проценка на оптимална јодна супституција" на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Од 2003 година е назначена за раководител на Националната лабораторија за одредување јод во урина.

Член е на Здружението на медицински биохемичари, Секцијата по нуклеарна медицина при МЛД, Европската асоцијација за нуклеарна медицина и на Македонското фармацевтско друштво.

Добитник е на републичката награда „Гоце Делчев" во 2005 година, како еден од авторите на монографијата „Корекција на јодниот дефицит во Македонија", а истата година е добитник и на плакета на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за негова афирмација.

Говори англиски и германски јазик.

**Стручна активност**

Ги владее сите техники на обележување, контрола на квалитет и „ in house" производство на радиофармацевтици. Во 1995 година завршила Курс за болничка радиофармација во ITN Sacavem, Португалија, како стипендист на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ).

Во 1996 година, како учесник во меѓународниот проект МАК/2/001 „ Production of RIA bulk reagents", престојувала во Лондон, Велика Британија, каде што ги совладала техниките за производство и контрола на реагенсите за радиоимунолошките анализи.

Од 1998 година до денес активно учествува во националниот проект „Јодниот дефицит во Македонија", во соработка со УНИЦЕФ, во чии рамки го воведува методот со амониум персулфат за одредување јод во урина.

**Научно - истражувачка активност**

Во 1999 година престојувала во Националниот институт за радиобиологија и радиохигиена „JF Currie" во Будимпешта, Унгарија, преку проектот МАК/2/003. Таму ги совладала техниките за добивање и обележување на нано и макро - агрегирани протеини со $^{99m}$Tc.

Во рамките на проектот МАК/2/004, корисник е на уште една стипендија од МААЕ, која ја реализирала на Универзитетската клиника за нуклеарна медицина во Инсбрук, Австрија, во 2003 година. Ја совладала синтезата и обележувањето на пептиди (октреотид, минигастрин) со $^{99m}$ Tc, кои се денес актуелни во нуклеарната онкологија.

**Наставна активност**

Во 1998 година е избрана за помлад асистент - истражувач, а во 2000 година за асистент - истражувач по предметот патолошка физиологија. До 2007 година учествувала во изведувањето на практичната настава по патофизиологија за студентите по медицина, фармација и стоматологија. Изведува теоретска настава по нуклеарна медицина за специјализантите по интерна медицина, како и обука за специјализантите по медицинска биохемија во рамките на нивниот циклус предавања по патофизиологија.

**Публикации**

Како коавтор има издадено две монографии: „Корекција на јодниот дефицит во Македонија", 2004, Скопје, Канцеларија на УНИЦЕФ и „Јодниот дефицит во гравидитет и лактација", 2008, Скопје, Канцеларија на УНИЦЕФ, 2008.

Се јавува како коавтор и на стручната книга „Нуклеарната медицина во клиничката практика", издадена во 2008 година.

Како автор и коавтор има публикувано трудови кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 749/2000 година и Билтенот на Универзитетот бр. 845/2004 година.

**Стручно-научни трудови приложени за рецензија**

1. Каранфилски Б, Богданова В, Васкова О, Лопарска С, Мицева-Ристевска С, Шестаков Ѓ, Георгиевска С. Садашњи статус јодног дефицита у Македонији. Монографија, Други научни скуп о штитастој жлезди-Златибор 2000; Београд, 2001:147-151

По обемните истражувања на степенот на јодниот дефицит во Република Македонија направени во 1995/96 година, авторите го повторуваат истражувањето во 1999 година кај 1142 деца на возраст 7 – 15 години. Јодниот дефицит е проценуван преку одредување на уринарна јодна екскреција. Добиени се безмалку идентични вредности за концентрацијата на јод во урина како и во претходните иследувања (медијана 116,7µg/L). Значителен процент (39%) од децата имале вредности на јодна концентрација под 100 µg/L, а кај 11% од нив е утврдена концентрација под 50 µg/L. Овие наоди го потврдиле заклучокот од претходното иследување дека во Република Македонија постои лесен степен на јоден дефицит, со оглед на фактот што во меѓувреме не е променет режимот на јодирање на готварската сол во земјата.

2. Каранфилски Б, Богдановска В, Васкова О, Лопарска С, Мицева-Ристевска С, Шестаков Ѓ, Кузмановска С. Јоден дефицит в Македонија. VII национален симпозиум "Академик Иван Панчев", София. Резимеа на научните трудови. Ендокринологија VI (3):8, 2001.

Авторите хронолошки го анализираат степенот на јоден дефицит во Македонија од периодот пред јодирањето на готварската сол сѐ до 2000 година. Пред да започне профилаксата на јодниот дефицит, честотата на гуша во некои региони на Македонија имала и ендемски размери. Поради тоа се донесени нормативни акти и од 1956 година е започнато јодирање на солта со 10 mg KJ на kg сол. Оваа профилактичка мерка значително ја намалила честотата на последиците од јодниот дефицит. Меѓутоа, истражувањата направени во 1995/96, за првпат на целата територија на Република Македонија, покажале дека јодниот дефицит сѐ уште постои во лесен степен што е потврдено и со истражувањата во 1999 година. Оваа година на сила стапиле новите нормативни акти за јодирање на солта со 20 – 30 mg јод/kg сол. Веќе во наредната 2000 година иследувањата на уринарната јодна екскреција покажуваат покачување на концентрацијата кај училишните деца, што ја потврдува ефикасноста на новата профилактичка мерка.

3. М. Анѓелеска, Т. Крцковски, О. Васкова, С. Мицева-Ристевска, Д. Поп-Ѓорчева, Е. Јаневиќ-Ивановска, С. Кузмановска, Б. Андоновски. Сцинтимамографија со $^{99m}$Tc MIBI ( metoxyisobuthylisonitrile), нов дијагностички метод во детекција на лезии на дојка. Мак. мед. преглед 2001, 55 (3-4): 114-117.

Авторите ги изнесуваат првите искуства стекнати со изведување на мамосцинтиграфија со користење на препаратот $^{99m}$Tc MIBI. Сликањето по интравенската апликација на овој туморотропен радиофармацевтик овозможува добивање на функционални и биолошки информации, комплементарни на анатомските слики од мамографија, ултрасонографија или магнетна резонанца. Опишан е методот и детално неговата клиничка улога во раното откривање на карциномот на дојката, како

извор на дополнителни информации на оние добиени со традиционалните - скрининг методи.

4. Б Каранфилски, В Богдановска , О Васкова, С Лопарска, С Мицева-Ристевска, Ѓ Шестаков, С Кузмановска, Л Колевска. Корекција на јодниот дефицит во Македонија. Мак.мед.преглед 2002, 56 (1-2): 21-4.

Во трудот се прикажани детално резултатите од проценката, односно следењето на состојбата со јодниот дефицит во Македонија кои се изведени во 1999, 2000 и 2001 година. Испитувани се уринарната јодна концентрација кај училишни деца на возраст 8 – 10 години од обата пола, а во 2001 во иследувањата се вклучени и 382 бремени жени и 109 доилки од десет града во Република Македонија. Прикажани се резултатите од лабораториската контрола на јодираноста на солта со методите препорачани од WHO, UNICEF, ICCIDD. Резултатите покажале дека во Македонија е постигната корекција на јодниот дефицит како последица на подобрувањето на квалитетот на јодирањето на готварската сол.

5. S Kuzmanovska, E Janevik Ivanovska, T Tripunoski, O Vaskova. Assessment of recovery test in determination of serum thyroglobulin as a tumor marker. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2002; 9(1):149.

Целта на трудот е определување на улогата на контролниот тест кај пациентите со гранични вредности на тиреоглобулинот кој се користи како туморски маркер по тотална тироидектомија и радиојодна аблација кај болните со тироиден карцином. Тиреоглобулинот е одредуван имунофлуорометриски, а тиреоглобулинските антитела со имунохемилуминометриски метод. Најдено е дека присуството на антитела ја намалува вистинската вредност на концентрацијата на тиреоглобулинот и дава неточно ниски вредности за „recovery"-тестот. Освен тоа, утврдената дискрепанца во групата со некоректен „recovery"-тест и вредностите на тиреоглобулинските антитела, според авторите, јасно укажува на потребата од задолжително одредување на тиреоглобулински антитела при ниски концентрации на серумски тиреоглобулин.

6. E Janevik-Ivanovska, S Kuzmanovska, O Vaskova, S Miceva-Ristevska. The role of 99m Technetium d.l HMPAO in functional imaging studies-preparation and clinical eveluation. 11$^{th}$ Symposium on Radiopharmacy and Radiopharmaceuticals. March15-18, 2003 Innsbruck, Austria.

$^{99m}$Tc HMPAO е радиофармацевтик што се користи за SPECT - студии на регионалната церебрална перфузија и обележување на крвни клетки. Во трудот е извршена проценка на клиничката примена на препаратот подготвен „in house" во период од 5 години, во рамките на меѓународен проект во соработка со IAEA. Наведени се неколку методи за контрола на квалитетот на препаратот и условите под кои се изведувани визуализационите студии со SPECT гама камера. Кај пациенти со нарушена церебрална перфузија, препаратот е адекватен за проценка на перфузионите дефекти, при што податоците се добиваат со обработка на трансферзалните и короналните пресеци. Обележените леукоцити со овој препарат се посочуваат како погодни за сцинтиграфска детекција на инфламаторните заболувања.

7. J Naumovski, N Simova, E Janevik-Ivanovska, E Kovkarova, S Kuzmanovska. Scintigraphic detection of peptide lesions with the method of radiolabelled sucralfate. Radiol Oncol 2003; 37(1):9-12.

Авторите ги испитуваат карактеристиките на сукрлфатот (инаку познат антиулкусен препарат), кој по обележување со $^{99m}$ Tc може да служи за сцинтиграфска детекција на каустични лезии на горниот гастроинтестинален тракт. За таа цел,

авторите обележале комерцијален пулверизиран сукралфат со $^{99m}$Tc преку комплексообразувач DTPA и перорално го аплицирале кај 35 пациенти по ендоскопски преглед. Кај 20 од нив бил потврден улкус ендоскопски, а 15 пациенти без потврдена улкусна болест биле користени како контролна група. Овој неинвазивен метод покажал сензитивност од 75%, специфичност од 100% и точност од 85,7%. Авторите заклучуваат дека методот може да служи како комплементарен, неинвазивен метод кон рутинското иследување на лезии на гастричната мукоза.

8. B Karanfilski, V Bogdanova, O Vaskova, S Loparska, S Miceva-Ristevska, G Sestakov, S Kuzmanovska, L Kolevska. Correction of iodine deficiency in Macedonia. Journal of pediatric Endocrinology &Metabolism 2003; 16,1041-1045.

Трудот претставува сѐвкупен сумарен преглед на активностите насочени кон ерадикација на јодниот дефицит во Македонија. Наведени се податоците врз основа на кои е констатиран благ јоден дефицит во Македонија (медијана на уринарна јодна концентрација 117 µg/L), препораките за промена на јодирањето на солта и состојбата по нејзиното спроведување во 2000 и 2001 година (медијана на уринарна јодна концентрација 154,1 µg/L и 164,5 µg/L). Дадени се прегледно и наодите кај бремените жени и доилките ( медијана 140 µg/L), како и резултатите од испитувањето на солта која се користи во домаќинствата. Авторите заклучуваат дека новиот пропис за јодирање на солта многу ефикасно го коригирал јодниот дефицит во Македонија.

9. S Kuzmanovska, O Vaskova, T Tripunoski, M Zdraveska –Kocovska. E Janevik-Ivanovska. Introduction of 99m Tc-EDDA/Hynic-TOC: Preclinical evaluation. 12$^{th}$ Symposyum on Radiopharmacy and Radiopharmaceuticals, September 9-12, 2004-Sopot/Poland.

Користењето на радиоактивно обележени соматостатински аналози има големо значење во онколошката практика, но поради високата цена тие не се достапни во повеќето земји. Во трудот се соопштени прелиминарните резултати од преклиничката евалуација на „in house" подготвениот $^{99m}$Tc-EDDA/Hynic-TOC, во рамките на проект спонзориран од IAEA. Оптимизиран е протоколот за подготвување и контрола на квалитетот на препаратот со користење на ITLC-SG ленти со различна мобилна фаза, а биодистрибуционите студии биле изведени на Wistar - стаорци. Вредностите добиени за радиохемиската чистота на нефилтриран радиофармацевтик целосно задоволувале во поглед на слободен пертехнетат и редуцирани-хидролизирани фракции. Нешто повисокиот процент на непептидно врзани фракции (7,6 – 23,5%) укажал на неопходноста од прочистување на препаратот со Seppak мини - филтри по обележувањето со $^{99m}$Tc. Ваквиот препарат покажал и погодна биодистрибуција. Авторите наведуваат дека следен чекор во проектните активности би била продукција на мала серија китови за рутинска употреба.

10. Karanfilski B, Bogdanova V, Vaskova O, Loparska S, Miceva-Ristevska S, Sestakov Gj, Kuzmanovska S. A success story of IDD elimination in Macedonia. IDD Newsletter, USA, 2004; 20(4):71-74.

Авторите ги изнесуваат своите искуства во елиминацијата на проблемот со јодниот дефицит. Од земја со изразени последици на јоден дефицит во 50-тите години на минатиот век, по воведувањето на законско задолжително јодирање на готварската сол во 1956 година, а особено со корекцијата на јодирањето со поголеми количества (20 – 30 mg), воведена во 1999 година Македонија го надминува јодниот дефицит и последиците од него. Авторите ја истакнуваат континуираната соработка и добрата координација на сите релевантни институции, особено по формирањето на Националниот комитет за јоден дефицит во 1997 година.

11. Karanfilski B, Bogdanova V, Vaskova O, Loparska S, Miceva-Ristevska S, Sestakov Gj, Kuzmanovska S. Incidence of autoimmune thyroid diseases before and after correction of iodine deficiency in R. of Macedonia. European Thyroid Association trainning course, Zlatibor, Serbia, 2005.

Автоимуните заболувања настануваат како резултат на низа фактори, вклучително и фактори од надворешната средина. Познато е дека преваленцата на тироидните автоимуни заболувања (ТАЗ) е повисока во регионите со јоден суфицит, одошто во оние со јоден дефицит. Бидејќи состојбата по однос на јодниот внес во Република Македонија е изменета од лесен степен на јоден дефицит до јоден суфицит по измената на степенот на јодираност на солта во 1999 година, авторите си поставиле за цел да ја испитаат инциденцата на ТАЗ. Направиле ретроспективна анализа на инциденцата на пациентите со дијагноза на Graves-Bazedow-ова болест и автоимун тироидит за време на 13 - годишен период (од 1991 до 2004 година), односно 9 години пред и 5 години по воведувањето на новиот режим на јодирање на солта. Заклучиле дека во овој период нема статистички сигнификантна разлика во инциденцата на тироидните автоимуни заболувања во Република Македонија.

12. O Vaskova, S Kuzmanovska, T Josifovska, A Bogdanovska, V Majstorov, M Zdravkovska, S Stojanovski, T Tripunoski, M Zdraveska. Thyroid malignomas before and after correction of mild iodine deficit. Radioactive Isotopes in Clinical Medicine and Research. 27$^{th}$ International Symposium ,11-14 January 2006, Bad Gastein, Austria.

Ретроспективно се анализирани историите на 39 893 болни регистрирани на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина во Скопје, во период од 16 години (1989 – 2005 година), од кои 289 на пациенти со тироиден карцином. Компарирани се хистолошките типови на тироидните неоплазми пред и по донесувањето на новиот закон за јодирање на солта во 1999 година. Констатирано е намалување на бројот на фоликуларните, папило - фоликуларните и анапластичните карциноми, а пофреквентно биле застапени папиларните неоплазми, што според авторите е во согласност со намаленото изложување на популацијата на јоден дефицит. Студијата е значајна за следење на ефектите од корекцијата на јодниот дефицит во Република Македонија.

13. S Kuzmanovska, S Miceva–Ristevska, O Vaskova, S Loparska, T Tripunoski, G Sestakov. Ensuring realible urinary iodine assessment: our experience in participating the EQUIP Programe. Balkan Journal of clinical Laboratory 2006, 13(1):57.

Одредувањето јод во урина е посочено како најзначаен биохемиски индикатор за проценка на јодниот дефицит. Истакнато е значењето на воспоставувањето процедури за целосна контрола на квалитет на анализите, заради обезбедување веродостојни резултати. Во трудот е презентирано искуството на авторите од учеството во програмите за надворешна меѓународна контрола (EQUIP). Компарирани се резултатите за јод во урина добиени со мануелен метод со оние добиени од референтната лабораторија со ICP/MS метод. За период од три години е утврдена висока корелација за сите испитани уринарни пулови (p = 0,9983), додека средната непрецизност се движела 2,2 – 8,16 CV%. Овие резултати, како и другите сегменти од целосната контрола на квалитет, овозможиле промоција на Јодната лабораторија на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина во Национална лабораторија за одредување јод во урина.

14. Мајсторов В., Поп Ѓорчева Д., Васкова О., Пеовска И., Максимовиќ Ј., Кузмановска С. Вредности на Ц-реактивен протеин кај пациенти со уредна миокардна перфузија. Acta Morphologica 2007 ;4(1):23-26.

Авторите за цел си поставиле одредување вредности на високосензитивен Ц - реактивен протеин кај пациенти со уредна миокардна перфузија и функција добиена со помош на миокардна перфузиона сцинтиграфија, со користење софтверски пакет 4D-MSPECT. Вредностите на hs - CRP во серум биле одредувани со хемилуминисцентна имунометриска метода на IMMULITE - анализер. Средната вредност на hs-CRP кај испитаниците изнесувала 2,45 mg/L, со повисоки вредности кај жените во однос на мажите ( 3 mg/l vs. 1,7 mg/l, p = 0,055). Според нивото на протеинот, испитаниците биле поделени во три групи: <1 mg/L, 1-3mg/L и >3 mg/L. 25% од испитаниците со уредна миокардна перфузија имале вредности повисоки од 3 mg/L, а само кај 28% покрај уредниот перфузионен наод бил детектиран и низок hs-CRP. Авторите заклучуваат дека се потребни проспективни прогностички студии за проценка на степенот на кардиоваскуларниот ризик кај пациенти со уредна МПС и едновремено зголемен hs-CRP. Разликите во однос на половата припадност, според авторите, наметнуваат потреба за дефинирање на различни гранични вредности за hs-CRP заради распределба во групи со низок, среден и висок ризик за развивање на КАБ.

15. С Кузмановска, О Васкова, Т Трипуноски, М Кочова-Здравеска, C Decristoforo. Воведување на 99m Tc-EDDA/HYNIC-TOC, актуелен радиофармацевтик во нуклеарната онкологија. Макед.фарм.билт. 2007;53(1,2):105.

Во трудот е извршена евалуација на радиообележен соматостатински аналог $Tyr^3$ – octreotid кој наоѓа примена при визуелизација на невроендокрини тумори. Аворите го наведуваат протоколот за неговото обележување со 99m Tc, изведувањето на радиохемиска и биолошка контрола на квалитет, биодистрибуција на стаорци, а прикажани се и првите сцинтиграми на пациенти. Радиохемиската чистота на препаратот, добиен со „ влажна " постапка на обележување и пурифициран преку SepPak колона, била секогаш повисока од 95%. Биодистрибуцијата кај нормални Wistar - стаорци по 4 часа од и.в апликација покажала највисока акумулација во бубрезите, што подоцна го потврдиле и сцинтиграмите кај пациентите. Авторите заклучуваат дека е потребно радиофармацевтикот да се евалуира во поширока клиничка студија на репрезентативна група од добро селектирани пациенти.

16. О. Васкова, С. Кузмановска, Т. Трипуноски, С. Стојаноски. Тироиден статус и зголемен внес на селен. Зборник на апстракти, 17. Конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, 10-13 октомври 2007, Охрид, Р. Македонија.

Селенот како микроелемент во состав на селеноензимите има улога на модулатор на метаболизмот на тироидните хормони. Во трудот е опишан случај на болна кај која е испитуван стерилитет. Покрај клиничкиот тироиден преглед, направени се низа биохемиски тестови: FT4, FT3, TSH и тироидни антитела со имунолошки методи и одредуван селен со атомска апсорпциона спектрометрија. Зголемените концентрации на a-TPO (572 mIU/ml) и a-Tg (194 mIU/ml), палпаторниот, ултрасонографскиот, скенскиот наод и јодната фиксација јасно укажале на постоење на автоимун тироидит. FT4 бил со снижени вредности, но во комбинација со зголемениот FT3 и граничните вредности на TSH, укажал на изменет периферен метаболизам на тироидните хормони. За серумскиот селен е добиена вредност од 16,5 g/dl. Еден месец по намалениот внес на селен, нормализирани се вредностите за FT4 и FT3, но настанал благ пораст на TSH, поради што е вклучена хормонска терапија. Авторите со овој случај ја потврдуваат модулаторната улога на селенот врз тип I јодотиронинската дејодиназа.

17. Majstorov V, Pop Gjorceva D, Vaskova O, Vavlukis M, Peovska I, Maksimovic J, Kuzmanovska S, Zdraveska-Kocovska M. C-reactive protein in patients with normal perfusion

and mild to moderate perfusion defect who have undergone myocardial perfusion imaging with 99m Tc Sestamibi Gated Spect. Contributions, Sec.Biol.Med.Sci. MASA XXXIX 2008;1:67-76.

Авторите имале за цел да ги проценат нивоата на високосензитивниот CRP кај болни со нормална миокардна перфузија и благи до умерени перфузиони дефекти, одредени со помош на 99m Tc Sestamibi gated SPECT стрес - студија. Во иследувањето, авторите вклучиле 127 пациенти под суспекција или со веќе потврдена коронарна артериска болест (КАБ), поделени во две групи: првата од 85 испитаници со нормална/близу нормална миокардна перфузија и втора група од 42 испитаници со благи до умерени перфузиони дефекти. Нивоата на hs CRP биле сигнифантно пониски кај првата во однос на втората група (2,7 mg/L vs. 4,.2 mg/L, p=0,01). Двете групи не се разликувале сигнификантно во поглед на возраста, типот на стрес и присуството на другите ризик - фактори за КАБ.

18. Miceva-Ristevska S, Loparska S, Vaskova O, Kuzmanovska S, Karanfilski B, Bogdanova V, Sestakov Gj. Biochemical markers of thyroid function in pregnant women in R. of Macedonia. Merck European Thyroid Symposium: The Thyroid and Reproduction, May 22-25; 2008, Riga.

Проблемот на јоден дефицит во Македонија е успешно елиминиран со адкватното јодирање на солта. Неколку години подоцна, авторите ја испитуваат тироидната функција кај бремените и доилките. Во проспективна студија испитале 202 бремени жени и доилки поделени во три подгрупи според триместарот на бременоста и четврта подгрупа на доилки. Биле евалуирани следниве тироидни маркери: FT4, TSH, Tg, a-TPO, a-Tg, потоа уринарната јодна екскреција (УЈЕ) и тироидниот волумен. Медијаната на УЈЕ за I и II триместар изнесувала 199,7 µg/L, а во третиот - 174,9 µg/L. Вредностите за TSH биле пониски во првиот триместар (медијана 1,22 mIE/L), во вториот и третиот - 1,6 mIE/L, а кај доилките - 1,4 mIE/L. FT4 бил исто така во референтниот опсег, со статистички различни вредности за сите три триместри. Вредностите за Tg не покажале отстапување во триместрите и биле пониски од 10 µg/L. Преваленцата на a-TPO одговарала на податоците од литературата. Тироидниот волумен бил под 18 ml кај сите испитувани подгрупи, укажувајќи на отсуство на гуша како последица од јоден дефицит. Гуша била детектирана само кај 0,7% од испитаничките. Авторите заклучуваат дека тироидните маркери во границите на референтните вредности, нормалниот тироиден волумен и нискиот процент на гуша кај бремените и доилките во оваа студија ја потврдуваат ефикасноста од имплементација на програмата за ерадикација на јодниот дефицит во Македонија.

19. С Лопарска, С Мицева-Ристевска , Б Каранфилски, О Васкова, В Богданова, С Кузмановска, Ѓ Шестаков. Намалување на тироидниот волумен како резултат на јодната профилакса. Книга на апстракти. 3. Македонски конгрес за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања со меѓународно учество, 1-4.10.2008, Охрид, Р. Македонија.

Во 1999 година, во Република Македонија е донесен нов правилник за јодирање на солта со поголемо количество јод. Авторите ултрасонографски го следеле волуменот на тироидната жлезда во периодот 1996 – 2005 година кај популација од 3472 училишни деца на возраст 7 – 10 години. Добиле сукцесивно намалување на волуменот за секоја возрасна група и тоа: за 7- годишни - од 4,1 на 2,5 мл, за 8 – годишни - од 4,7 на 2,6 мл, за 9-годишни - од 5,1 до 2,9 мл и за 10 – годишни - од 5,3 на 2,8 мл. Авторите заклучуваат дека новиот режим на јодирање на солта во Р. Македонија е успешен во ерадикацијата на гуша предизвикана од јоден дефицит.

20. Majstorov V, Pop Gjorcheva D, Vavlukis M, Peovska I, Maksimovik J, Vaskova O, Kuzmanovska S, Zdraveska-Kochovska M. N-terminal-proB natriuretic peptide in patients with stabile coronary artery disease evaluated for ischemia with myocardial perfusion imaging. Bratisl Lek Listy 2008; 109(7): 293-297.

Натриуретичните пептиди се актуелни во последниве години како корисни дијагностички и прогностички биомаркери кај пациентите со стабилна коронарна артериска болест (КАБ). Миокардната исхемија може да предизвика покачување на нивоата на NT-proBNP. Целта на студијата била да се утврди дали нивоата на овој пептид се покачени кај болни во состојба на стабилна КАБ и сочувана лево - вентрикуларна функција, како и да се споредат вредностите кај пациенти со потврдена исхемија со оние кај пациенти без исхемија, но со потврдена КАБ. Во студијата биле проспективно вклучувани 117 пациенти, поделени во две групи. Студијата покажала дека пациентите со стабилна КАБ и сочувана левовентрикуларна функција имаат покачено ниво на NT-proBNP. Резултатите, меѓутоа, не можеле да потврдат дека миокардната исхемија сама по себе е фактор кој предизвикува покачување на нивоата на натриуретичниот пептид.

21. Мајсторов В, Поп-Ѓорчева Д, Вавлукис М, Пеовска И, Максимовиќ Ј,Васкова О, Кузмановска С, Здравевска-Кочовска М. Вредности на НТ-Про Б натриуретичен пептид кај пациенти со стабилна коронарна артериска болест. Physioacta 2008; 2 (2):73-80.

Мозочниот натриуретичен пептид и неговиот инактивен N-терминален пропептид (NT-proBNP) во последниве години се промовирани како корисни дијагностички и прогностички маркери кај пациенти со различен стадиум на КАБ. Целта на студијата била да се одредат вредностите на NT-proBNP кај пациенти со стабилна КАБ и сочувана левокоморна функција и да се компарираат со вредностите добиени за пациенти без КАБ. За таа цел, авторите проспективно испитале 118 пациенти поделени во две групи според присуство/отсуство на КАБ. Вредностите на NT-proBNP добиени за групата со потврдена стабилна КАБ сигнификантно биле повисоки од оние без потврдена КАБ (медијана 53 pg/ml наспроти 21 pg/ml, p=0,012; z=2,337 Mann-Whitney U тест). Авторите заклучуваат дека и кај пациентите со стабилна КАБ и сочувана левокоморна функција се детектираат покачени вредности на NT-proBNP.

22. M. Zdraveska – Kocovska, O. Vaskova, S. Kuzmanovska, V. Majstorov, E. Janevik-Ivanovska, S. Miceva-Ristevska. Radiation doses to family members of patients treated with 131I. Eur J Nucl Med Mol Imaging 2009, 36 (Suppl) S281-S496.

Пациентите што примаат терапевтски дози од 131I се потенцијален извор на значително озрачување за членовите од семејството и околината. Целта на авторите била да се процени нивото на радиоактивност примена од членовите на семејството на болни третирани со радиојод заради хипертироидизам или тироиден карцином. За таа цел биле следени роднините на 15 пациенти со хипертироидизам (со средна доза од 436 MBq) и исто толку со тироиден карцином (средна доза од 3946 MBq) за време од 7 дена по доаѓањето дома со помош на термолуминисцентни дозиметри. Кај децата озрачени од болните со хипертироидизам еквивалентната доза била 0,15 mSv и 0,27 mSv (дозволена доза 1 mSv), кај групата на возрасни медијаната на личната еквивалентна доза за хипертироидните случаи изнесувала 0,66 mSv (дозволена доза 3 mSv), а за тироидните карциноми - 0,18 mSv. Авторите заклучуваат дека кај сите експонирани членови од семејството, личните еквивалентни дози биле пониски од дозволените, со што е потврдено дека радиојодната терапија на Институтот се аплицира на безбеден начин.

23. Kuzmanovska S, Tripunoski T, Selim Gj, Miceva-Ristevska S. Intact-PTH measurement in CKD patients: Importance of method comparison. BJCL Vol XVII, 2009, No1; 131.

Одредувањето на серумскиот интактен паратироиден хормон (i-PTH) е значајно при следење и донесување одлука при хронична бубрежна болест (ХББ). Според важечките препораки, концентрациите на хормонот треба да се одржуваат помеѓу 150 и 300 pg/ml кај пациентите во 5-тиот стадиум на болеста. Овие граници се темелат на употребата на ИРМА - методот, но авторите го истакнуваат проблемот што се јавил при воведување на алтернативен хемилуминометриски метод, со кој добиле значително повисоки вредности споредено со претходниот метод. Во обид да се воспостави релација помеѓу двата метода и евентуален фактор на корекција на вредностите, споредени биле резултатите добиени за 70 примероци серум со различни концентрации на i-PTH. За вредностите 0-100 pg/ml резултатите се разликувале за фактор 1.997, за вредностите 100 – 300 pg/ml - за фактор од 1.87, додека за вредностите над 300 pg/ml - за 1.65. Авторите заклучиле дека воспоставувањето на единствен фактор за корекција не е можно за целиот концентрациски опсег, поради што препорачуваат при следење на ХББ да се користи единствен утврден метод.

24. M Glavas Dodov, S Caliş, S Kuzmanovska, M Simonovska Crcarevska, V Petrovska, N Geskovski, K Goracinova. Muco/Bioadhesive properties and in vivo biodistribution of chitosan-Ca-Alginate microparticles loaded with 5-FU. European Journal of Pharmaceutical Sciences, Vol 38, Issue 1, Suppl. 2009.

Авторите ги презентираат муко-биоатхезивните својства и in vivo биодистрибуцијата на микрочестичките од chitosan-Ca-alginate полнети со 5-флуоро урацил. Со своето локализирано дејство насочено кон мукозата на колонот, препаратот би ја редуцирал токсичноста на 5-FU и би овозможил контролирано ослободување на активната супстанција. Опишана е процедурата за добивање на полимерните ацидорезистентни микрочестици и нивното in vitro ослободување при различни pH - услови. Покажано е својството на избраната формулација за силна атхезија на мукозата од колонот, поради значителното бабрење при pH 7,4. Честиците обележени со $^{99m}$Tc и аплицирани на стаорци перорално, покажуваат бавен транзит низ ГИТ, со повискка концентрација во дуоденумот по 5 часа од апликација и повеќе од 65% аплицирана доза во колонот по 8 часа. Авторите заклучуваат дека опишаната техника на микроенкапсулирање дава честици со оптимални физикохемиски и биофармацевтски својства и го потврдуваат потенцијалот тие да служат како носители на 5-FU со локализирано дејство во колонот и ефикасен третман на карциномот на овој орган.

25. B. Karanfilski, V Bogdanova, O Vaskova, S Miceva-Ristevska, S Loparska, S Kuzmanovska. Macedonia begins to monitor IDD in pregnant and lactating woman along with school-age children. IDD Newsletter, Vol.33, No 3, 2009.

Авторите даваат хронолошки преглед на следењето на состојбата со јодниот дефицит во Република Македонија, почнувајќи од истражувањата во 1995/96 година, кога за првпат епидемиолошките студии се изведувани во согласност со критериумите на WHO/UNICEF/ICCIDD. Резултатите од овие истражувања покажале постоење на благ степен на јоден дефицит, поради што во 1997 година е формиран Национален комитет за јоден дефицит, со задача за негова корекција. Спроведените активности на Комитетот, особено зголеменото јодирање на готварската сол во 1999 година, придонеле за континуирано намалување на јодниот дефицит во наредните години и негова целосна елиминација во 2003 година, потврдена од експертски тим на WHO/UNICEF/ICCIDD. Бидејќи епидемиолошките студии се спроведувале на популација училишни деца, авторите направиле дополнително иследување во

2006/2007 година на популација бремени жени и доилки, при кое како дополнителни иследувања биле одредувани и тироидни маркери: FT4, TSH, Tg, a-TPO, a-Tg, како и јод во мајчино млеко кај доилките. Резултатите покажале дека адекватното јодирање на солта спроведено во последните години ги заштитува генерално и овие осетливи групи од заболувања предизвикани од дефицит на јод, но и дека индивидуално јодната супституција може да биде од корист.

## ЗАКЛУЧОК

Комисијата детално ја разгледа приложената документација и констатира дека кандидатката д-р Соња Кузмановска ги поседува сите научно-стручни квалитети, мотивација и интерес потребни за успешно исполнување на условите за избор во звањето научен соработник.

Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката ги задоволува сите суштински и формални критериуми и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Соња Кузмановска да биде избрана во звањето научен соработник по предметот патолошка физиологија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Оливија Васкова, с.р.
2. Проф. д-р Светлана Мицева-Ристевска, с.р.
3. Проф. д-р Сузана Лопарска, с.р.
4. Проф. д-р Петраки Корнети, с.р
5. Проф. д-р Милена Петровска, с.р

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Соња Петко Кузмановска**
(име, татково име ипрезиме)

**Институција:** **Медицински факултет, Скопје/ Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **патофизиологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | | Поени |
|---|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза - | Фармацевтски факултет | 8 |
| 2 | Одбранета магистерска теза - | Медицински факултет | 4 |
| 3 | Одбранет специјалистички труд - | Фармацевтски факултет | 2 |
| 4 | Учесник во национален научен проект: | 1.Јодниот дефицит во Р. Македонија 3<br>2. Јодниот дефицит кај гравидни и доилки 3 | 6 |
| 5 | Учесник во меѓународен проект со IAEA, Виена | 1.МАК/2/001 5<br>2. МАК/2/003 5<br>3. МАК/2/004 5 | 15 |
| 6 | Дел од монографија: | 1.Корекција на јодниот дефицит во Р. Македонија 4<br>2. Јодниот дефицит во гравидитет и лактација 4 | 8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно списание со меѓун. уред. одбор: | 1. B Karanfilski, V Bogdanova, O Vaskova, S Loparska, S Miceva-Ristevska, G Sestakov, S Kuzmanovska, L Kolevska. Correction of iodine deficiency in Macedonia. Journal of pediatric Endocrinology &Metabolism 2003; 16,1041-1045. (6+6.325) 60%<br>2. J Naumovski, N Simova, E Janevik-Ivanovska, E Kovkarova, S Kuzmanovska. Scintigraphic detection of peptide lesions with the method of radiolabelled sucralfate. Radiol Oncol 2003; 37(1):9-12. (6+4,639) 60%<br>3. Majstorov V, Pop Gjorcheva D, Vavlukis M, Peovska I, Maksimovik J, Vaskova O, Kuzmanovska S, Zdraveska-Kochovska M. N-terminal-proB natriuretic peptide in patients with stabile coronary artery disease evaluated for ischemia with myocardial perfusion imaging. Bratisl Lek Listy 2008; 109(7): 293-297. (6) 60% | 7,395<br>6,383<br>3,6 |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: | 1.М. Анѓелеска, Т. Крцковски, О. Васкова, С. Мицева-Ристевска, Д. Поп-Ѓорчева, Е. Јаневиќ-Ивановска, С. Кузмановска, Б. Андоновски. Сцинтимамографија со $^{99m}$Tc MIBI(metoxyisobuthylisonitrile)нов дијагностички метод во детекција на лезии на дојка. Мак. мед. преглед 2001, 55 (3-4): 114-117. (4) 60%<br>2.Б. Каранфилски, В. Богдановска, О. Васкова, С. Лопарска, С. Мицева-Ристевска, Ѓ. Шестаков, С. Кузмановска, Л Колевска. Корекција на јодниот дефицит во Македонија. Мак.мед.преглед 2002, 56 (1-2): 21-4. (4) 60%<br>3. Мајсторов В., Поп Ѓорчева Д., Васкова О., Пеовска И., Максимовиќ Ј., Кузмановска С.. Вредности на Ц-реактивиот протеин кај пациенти со уредна миокардна перфузија. Acta Morphologica 2007 ;4(1):23-26. (4) 60%<br>4. Majstorov V, Pop Gjorceva D, Vaskova O, Vavlukis M, Peovska I, Maksimovic J, Kuzmanovska S, Zdraveska-Kocovska M. C-reactive protein in patients with normal perfusion and mild to moderate perfusion defect who have undergone myocardial perfusion imaging with 99m Tc Sestamibi Gated Spect. Contributions, Sec.Biol.Med.Sci. MASA XXXIX 2008;1:67-76. (4) 60%<br>5. Мајсторов В., Поп-Ѓорчева Д., Вавлукис М., Пеовска И., Максимовиќ Ј., Васкова О., Кузмановска С., Здравевска-Кочовска М. Вредности на НТ-Про Б натриуретичен пептид кај пациенти со стабилна коронарна артериска болест. Physioacta 2008; 2 (2):73-80. (4) 60% | 2,4<br>2,4<br>2,4<br>2,4<br>2,4 |
| 9 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание со меѓунар.уред. одбор: | 1. Karanfilski B, Bogdanova V, Vaskova O, Loparska S, Miceva-Ristevska S, Sestakov Gj, Kuzmanovska S. A success story of IDD elimination in Macedonia. IDD Newsletter, USA, 2004; 20(4):71-74. (3) 60%<br>2. B. Karanfilski, V Bogdanova, O vaskova, S Miceva-Ristevska, S Loparska, S Kuzmanovska. Macedonia begins to monitor IDD in pregnant and lactating | 1,8<br>1,8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | woman along with school-age children. IDD Newsletter, Vol.33, No 3, 2009. (3) 60% | |
| 10 | Труд објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓунар. учество: | 1.Каранфилски Б, Богданова В, Васкова О, Лопарска С, Мицева-Ристевска С, Шестаков Ѓ, Георгиевска С. Садашњи статус јодног дефицита у Македонији. Монографија, Други научни скуп о штитастој жлезди-Златибор 2000; Београд,2001:147-151. (3) 60%<br>2. Каранфилски Б, Богдановска В, Васкова О, Лопарска С, Мицева-Ристевска С, Шестаков Ѓ, Кузмановска С. Јоден дефицит в Македонија. VII Национален симпозиум "Академик Иван Панчев", Софија. Резимеа на научните трудови. Ендокринологија VI (3):8, 2001. (1,5) 60%<br>3. S Kuzmanovska, E Janevik Ivanovska, T Tripunoski, O Vaskova. Assessment of recovery test in determination of serum thyroglobulin as a tumor marker. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2002; 9(1):149. (1,5) 60%<br>4. E Janevik-Ivanovska, S Kuzmanovska, O Vaskova, S Miceva-Ristevska. The role of 99m Technetium d.l HMPAO in functional imaging studies-preparation and clinical eveluation. 11th Symposium on Radiopharmacy and Radiopharmaceuticals. March15-18, 2003 Innsbruck, Austria. (1,5) 60%<br>5. S Kuzmanovska, O Vaskova, T Tripunoski, M Zdraveska –Kocovska. E Janevik-Ivanovska. Introduction of 99m Tc-EDDA/Hynic-TOC: Preclinical evaluation. 12th Symposyum on Radiopharmacy and Radiopharmaceuticals, September 9-12, 2004-Sopot/Poland. (1,5) 60%<br>6. Karanfilski B, Bogdanova V, Vaskova O, Loparska S, Miceva-Ristevska S, Sestakov Gj, Kuzmanovska S. Incidence of autoimmune thyroid diseases before and after correction of iodine deficiency in R. of Macedonia. European Thyroid Association trainning course, Zlatibor, Serbia, 2005. (1.5) 60%<br>7. O Vaskova, S Kuzmanovska, T Josifovska, A Bogdanovska, V Majstorov, M Zdravkovska, S Stojanovski, T Tripunoski, M Zdraveska. Thyroid malignomas before and after correction of mild iodine deficit. Radioactive Isotopes in Clinical Medicine and Research. 27th International Symposium, 11-14 January 2006, Bad Gastein, Austria. (1,5) 60%<br>8. S Kuzmanovska, S Miceva–Ristevska, O Vaskova, S Loparska, T Tripunoski, G Sestakov. Ensuring realible urinary iodine assessment: our experience in participating the EQUIP Programe. Balkan Journal of clinical Laboratory 2006, 13 (1):57. (1,5) 60%<br>9. С Кузмановска, О Васкова, Т Трипуноски, М Кочова-Здравеска, С Decristoforo. Воведување на 99m Tc-EDDA/HYNIC-TOC, актуелен радиофармацевтик во нуклеарната онкологија. Maкед.фарм.билт. 2007;53(1,2):105. (1,5) 60%<br>10. О Васкова, С Кузмановска, Т Трипуноски, С Стојаноски. Тироиден статус и зголемен внес на селен. Зборник на апстракти, 17. Конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, 10-13 октомври 2007, Охрид, Р. Македонија. (1,5) 60% | 1,8<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0.9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 11. Miceva-Ristevska S, Loparska S, Vaskova O, Kuzmanovska S, Karanfilski B, Bogdanova V, Sestakov Gj. Biochemical markers of thyroid function in pregnant women in R. of Macedonia. Merck European Thyroid Symposium: The Thyroid and Reproduction, May 22-25; 2008, Riga. (1,5) 60%<br>12. С. Лопарска, С. Мицева-Ристевска, Б. Каранфилски, О., Васкова, В.Богданова, С. Кузмановска, Г. Шестаков. Намалување на тироидниот волумен како резултат на јодната профилакса. Книга на апстракти. 3. Македонски конгрес по ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања со меѓународно учество, 1-4.10.2008, Охрид, Р. Македонија. (1,5) 60%<br>13. M. Zdraveska – Kocovska, O. Vaskova, S. Kuzmanovska, V. Majstorov, E. Janevik-Ivanovska, S. Miceva-Ristevska. Radiation doses to family members of patients treated with 131I. Eur J Nucl Med Mol Imaging 2009, 36 (Suppl) S281-S496. (1,5) 60%<br>14. Kuzmanovska S, Tripunoski T, Selim Gj, Miceva-Ristevska S. Intact-PTH measurement in CKD patients: Importance of method comparison. BJCL Vol XVII, 2009, No1; 131. (1,5) 60%<br>15.M Glavas Dodov, S Caliş, S Kuzmanovska, M Simonovska Crcarevska, V Petrovska, N Geskovski, K Goracinova. Muco/Bioadhesive properties and in vivo biodistribution of chitosan-Ca-Alginate microparticles loaded with 5-FU. European Journal of Pharmaceutical Sciences, Vol 38, Issue 1, Suppl. 2009. (1,5) 60% | |
| | | | |
| | | **Вкупно** | 90,378 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Книга од стручна област<br>„Нуклеарита медицина во клиничката практика", издадена во 2008 година, коавтор | 7 |
| 2 | Експертски активности<br>1.супервизија на проектот „Јоден дефицит во БиХ" 1<br>2.супервизија на проектот „Јоден дефицит кај трудници во БиХ" 1 | 2 |
| 3 | Воведување нова лабораториска/клиничка метода:<br>1. 99mTc- MIBI за миокардна перфузија 4<br>2. 99mTc-HMPAO за церебрална перфузија 4<br>3. 99m Tc – NYNIC-TOC за визуелизација на ендокрини тумори 4<br>4. 131 I-MIBG за дијагноза на невроендокрини тумори 4<br>5. одредување јод во урина со амониум персулфат 4 | 20 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на Организациониот одбор на 14th European Symposium on | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Radiopharmacy and Radiopharmaceuticals, Skopje 2008 | |
| 2 | Државна награда „Гоце Делчев“ за научни постигнувања | 2 |
| 3 | Студиски престој во странство<br>1. 1995 година Курс за болничка радиофармација во ITN Sacavem, Португалија 0,5<br>2. 1996 година, проект MAK/2/001 „ Production of RIA bulk reagents”, во Лондон, Велика Британија 0,5<br>3. 1999 година, проект MAK/2/003 во Националниот институт за радиобиологија и радиохигиена „JF Currie“ во Будимпешта, Унгарија 0,5<br>4. Проект MAK/2/004 стипендија од MAAE, Универзитетска клиника за нуклеарна медицина во Инсбрук, Австрија, во 2003 година 0,5 | 2 |
| 4 | Раководител на Националната лабораторија за одредување јод во урина | 3 |
| | **Вкупно** | 37 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 90,378 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 37 |
| **Вкупно** | 127,378 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Оливија Васкова, претседател
2. Проф. д-р Светлана Мицева-Ристевска, член
3. Проф. д-р Сузана Лопарска, член
4. Проф. д-р Петраки Корнети, член
5. Проф. д-р Милена Петровска, член

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 103-/08 и бр. 26/09) Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, одреди Рецензентска комисија за избор на еден асистент по предметот трансфузиологија, во следниов состав: проф. д-р Воскресија Стефановска, проф. д-р Стојанка Костовска и проф. д-р Миленка Благоевска.

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" на 25.11.2009 година за избори, унапредување и преизбори на наставници, научни работници и соработници на Медицинскиот факултет по предметот трансфузиологија се пријави д-р Виолета Дејанова-Илијевска.

Комисијата ги разгледа приложените документи од кандидатката којашто ги исполнува условите за избор за асистент, наведени во конкурсот. Членовите на Рецензентската комисија имаат чест на Наставно-научниот совет при Медицинскиот факултет да му го предложат следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Виолета Дејанова-Илијевска е родена на 21.2.1970 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 1988 година, а дипломирала во 1996 година. 1997 година се вработила во Републичкиот завод за трансфузиологија, а специјализација по трансфузиологија завршила во 2002 година. Од тогаш до денес е во постојан работен однос во Републичкиот завод за трансфузиологија во Скопје. Во почетокот на вработувањето работела во Одделението за конзервирање на крв, во 2000 година е распоредена во Одделението за хемостаза и тромбоза со амбуланта, а во 2003 година е назначена за раководител на Центарот за хемофилија.

**Стручно-апликативна активност**

Во текот на работниот стаж, д-р **Виолета Дејанова-Илијевска** се доедуцирала во реномирани институции од областа со која се занимава.

Во 1997 година учествувала на Европската школа за трансфузиска медицина во Дубровник, Хрватска, на тема: „Контрола на квалитет и обезбедување контрола на квалитет во трансфузиската медицина".

Во 2000 година престојувала на Европската школа за трансфузиска медицина во Братислава, Словачка, на тема: „Употреба и злоупотреба на крвта и крвните продукти". Истата година имала двомесечен престој во Клиничкиот

центар во Љубљана и во Заводот за трансфузија на крв во Љубљана (Словенија) .
Во 2004 година престојувала на Првиот балкански летен камп и работилница за лицата со хемофилија во Сараево (Босна и Херцеговина).
Во 2007 година престојувала во Центарот за хемофилија и тромбоза во Милано, Италија.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Виолета Дејанова-Илијевска основната научноистражувачка активност ја насочува кон учество во повеќе научноистражувачки проекти.
Во 2000-2003 година учествувала во проектот: „Антифосфолипиден синдром причина или последица за тромботични збиднувања и фибринолитичка активност на крвта кај пациенти со орално-хируршки интервенции".
Во 2004 година учествувала во изработката на меѓународен научноистражувачки проект со Р. Словенија: „Тромбофилија-хередитарен синдром".
Учествува уште во два проекти кои се во тек на изработката: „Градење на капацитети за згрижување на лицата со хемофилија во РМ" - меѓународен проект финансиран од Novo Nordisk Hemophilia Fondation; Twinning - проект со Центарот за хемофилија во Бон, Германија - меѓународен проект финансиран од Светската федерација за хемофилија.
Д-р Виолета Дејанова-Илијевска има учествувано на повеќе симпозиуми и конгреси во земјата и во странство.

**Наставно - образовна дејност**

Учествува во едукација на медицински лаборанти, специјализанти и постдипломци од областа на трансфузионата медицина.
За помлад асистент по трансфузиологија е избрана во 2003 година кога има пријавено 17 труда рецензирани во Билтен бр. 828/2003. За преизбор на помлад асистент има пријавено 10 труда кои се рецензирани и објавени во Билтен бр. 913/2007. За избор за асистент по предметот трансфузиологија ги приложува следниве 8 труда.
1.Velkova VE., Drakulevski DS., **Dejanova-Ilijevska DV**., Hristova-Dimceva HA., Makarovska-Bojadzieva MT., Angelovski AJ., Nikoloska NI.,Veljanovski VN.Antiphosphlipid syndrome and pregnancy - treatment and prophylaxis.XXX International Congress of the ISBT.The International Journal of Transfusion Medicine Vox Sanguinis,vol.95, suppl. 1, p. 140, P-196, Macao, SAR, China, 2008
Цел на трудот е да се прикаже важноста на хемостатскиот систем за водење на успешна бременост. Тромбофилијата е многу почеста за време на бременоста. 23 жени имале антифосфолипиден синдром; кај 4 биле асимптоматски, 7 бремени жени имале потврдена длабока венска тромбоза и 13 жени со историја за длабока венска тромбоза во изминатите две години. Сите пациентки се лекувани со Clexane. Резултатите покажале отсуство на акутни длабоки венски тромбози, без промени во тромбоцитниот број и без големи епизодни крварења за време на бременоста и за време на породувањето. Употребата на Clexane-от во нашата земја за профилакса или за лекување покажал дека е без компликации и лесно се толерира од страна на пациентите.

2.Apostolovska R., Dimitrovski K., **Dejanova V.,** Balkanov T., NecevaV., Useini S., Nikoloska I..Antithrombotic therapy in atrial fibrilation in Macedonia. 15th International Meeting Danubian League against Thrombosis and Haemorrhagic Disorders, Abstract Book, p. 18, PP 24, Belgrade, Serbia, 2009

Во трудот авторите го прикажале третирањето на пациентите со дијагноза на AF (атријална фибрилација) со acenocumarol. Испитани биле 89 пациенти кај кои се направени 1079 анализи. Основен параметар бил INR, изработен во ИТМ со TRINITY-Bipool,ISI-1,04

Следени биле 62 мажи и 27 жени со AF на возраст 53-84 години во текот на 2008 година. Пациентите биле третирани со acenocumarol. Просечен INR бил 2,42. Анализите покажале дека 36,33% од INR - контролите биле надвор од таргетираниот ранг, а 63,67% од пациентите го имале препорачаниот INR. На пациентите им се сугерирало правење на месечни контроли и пронаоѓање на индивидуални можности за стабилизација и таргетирање на INR. Пациентите биле едуцирани како да го намалат ризикот од компликации.

3.**Дејанова-Илијевска В.** HemoRec-лесен и флексибилен софтвер за обработка на податоци на лицата со хемофилија во Република Македонија. III конгрес на трансфузиолозите на Р.Македонија, Зборник на апстракти, Макед. мед. преглед, год. 63 (супл.75), стр.85, усна презентација, Охрид Р. Македонија, 2009.

Цел на трудот била да се подобри грижата за лицата со хемофилија за сеопфатно прибирање и анализирање на податоците. За HemoRec, авторката кажува дека се грижи независна академска институција во Универзитетот во Брно, Република Чешка, а софтверот е креиран во согласност со регулативите на ЕУ, УС и Канада.

HemoRec - апликацијата овозможува лесно зачувување и подредување на многу податоци (демографски, историја на болест, лабораториски наоди, симптоми, манифестации, третман, итн). HemoRec има можност да обезбеди брз и лесен лонгитудинален преглед на варијаблите за секој поединечен пациент, болен од хемофилија, а исто така и за селектирани групи на пациенти или теми.

4 Велкова Е., Дракулески С., Макаровска-Бојаџиева Т., Христова- Димчева А., Ангеловски Ј., Николова И., **Дејанова-Илијевска В.**

АИХА во бременост и мултипли антитела: опис на случај. III конгрес на трансфузиолозите на Р. Македонија, Зборник на апстракти, Макед. мед. прег., год. 63 (супл.75), стр.95. Охрид, Р. Македонија, 2009.

Во трудот е опишан случај на трудница, мултипара со дијагноза за АИХА. Во претходна бременост била трансфундирана со две дози еритроцитен концентрат, а новороденото било со високи вредности на билирубин и анемија. Направени биле имунохематолошки тестови од кои може да се види дека пациентката припаѓала на О - крвна група, Рх фактор позитивен, К антиген негативен, Јкб антиген негативен. Идентификувани биле анти-Е автоантитело, анти-К алоанитело и анти -Јкб алоантитело, најверојатно како резултат на примена трансфузија.Поради повторна потреба од трансфузија,

пациентката примила типизирана крв со негативни антигени за кои имала антитела. Трансфузијата била примена без проблеми.
Потребата од навремено типизирање и евентуална идентификација на еритроцитните антитела овозможува избегнување на несаканите последици од инкомпатибилна крв ( посттранфузиски реакции и појава на нови несакани антитела).

5.R.Apostolovska, T.Balkanov, V.Dejanova, K.Dimitrovski, S.Atanasova, I.Nikoloska, L.Stojanovska-Trajkovska, V.Neceva. The management of elevated APL in pregnancy. XXII Congress of the International Society on Thrombosis and Haemostasis, Abstracts, J Thromb Haemost, vol.7, suppl.2, PP-TH-221, Boston USA, 2009.
Авторите ги испитувале антифосфолипидните антитела кои можат да предизвикаат опстетрички компликации кај бремена жена. Во трудот се анализирани 126 жени со патолошка бременост од 25 до 42 - годишна возраст. 82 од нив имале висок ризик - фактор за опстетрична компликација, 44 имале историја за PCA. Со ЕЛИСА - методата биле испитувани антифосфолипидните антитела - ИгГ, ИгА и ИгМ. Резултатите покажале високи вредности кај 28 жени над 20 SAU. Кај сите испитаници била применета ниска доза на аспирин (75 мг дневно) кога имале позитивен тест на бременост. Подоцна биле третирани со Clexane 20 mg или 40 mg s.c. дневно сам или во комбинација со ниска доза на аспирин. Авторите заклучиле дека тромбопрофилаксата за време на бременост со зголемени антифосфолипидни антитела овозможува раѓање на здраво бебе.

6. R.Apostolovska, S.Kostovska, **V.Dejanova**, V.Neceva, T.Balkanov, S.Atanasova, S.Useini, I.Nikoloska. Laboratory monitoring of heparinemy. XXII Congress of the International Society on Thrombosis and Haemostasis Abstracts, J Thromb Haemost, vol. 7, suppl.2, PP-WE-426, Boston USA, 2009.
Направена била проспективна студија кај 116 пациенти (65 жени и 51 маж) од Клиниката за гинекологија и Клиниката за трауматологија. Пациентите биле поделени во три групи од кои 39 примале UFH, 77 примале LMWHs-30 Фрахепан, 47 Clexane (Lovenox); 30 доброволни дарители на крв биле земени како контролна група. За мониторирање на хепаринемијата биле употребени скрининг - тестови од хемостаза- PT, APTT 4-6 часа по s.c. апликација, TT и анти- Ха активност тест- 4 часа по s.c.апликација.
Статистичката значајност била P<0,05. Анализите покажале незначајни разлики на PT; мала пролонгираност во резултатите со aPTT, поголема разлика помеѓу Фрахепан и UFH, и поголема девијација на TT помеѓу UFH и контролната група и LMWH, тестовите покажале многу сензитивен aPTT и анти-Ха кај третираните со LMWH наспроти UFH, какви било несакани ефекти од хепаринемијата, тромбоцитопенија или хеморагија не биле опсервирани.

7. S. Anastasovski, L. Anastasovska, V.Neceva, V.Gosic, M.Frangov, A.Dojcinovski, **V.Dejanova**, Nikoloska I, R.Apostolovska. Patients treted with oral anticoagulant therapy and dental extraction. XXII Congress of the International Society on Thrombosis

and Haemostasis Abstracts, J Thromb Haemost, vol. 7, suppl.2, PC-028, Boston USA, 2009.
Во трудот е прикажано лекувањето на пациентите со acenocoumarol и нивниот ризик за дентална екстракција. Испитуваната група имала 33 пациенти со атријална фибрилација (25) и со вештачки валули (8).
Терапијата во првата група била прекината еден или два дена пред екстракција, а кај втората група пациентите со вештачки валули биле третирани со LMWH и по екстракцијата 4-5дена примале acenocoumarol . INR на денот на екстракција изнесувал 2.0 - 2,4.
Адекватната дентална техника и локалната контрола на крвавењето е најважно за пациентите на орална антикоагулантна терапија, заклучуваат авторите.

8. Велкова Е., Дракулевски С., **Дејанова-Илијевска В.**, ДимитровскиК. Thrombophilias in pregnancy0threament and prophylaxis.Simpozium Новости у хуманој репродукцији 2009, стр. 70, Белград, Србија, 2009.
Прикажана е детерминацијата на тромбофилијата кај жени со анамнеза за ризична бременост. Испитани биле 38 пациентки со мртов фетус, 12 пациентки со прееклампсија, 16 со венозен тромбоемболизам, 11 пациентки со плацентарна абрупција и 30 како контролна група.
Испитувањата покажале дека 82 % имале мртов фетус, 96% биле со прееклампсија и 100% со плацентарна абрупција и венски тромбоемболизам. Антикардиолипински антитела биле најдени во 29,6% кај жените со мртов плод, 14% кај тие со прееклампсија и 26,2% кај жените со плацентарна абрупција и венски тромбоемболизам. Кај жените со компликации за време на бременоста, авторите вклучиле лекување со нискомолекуларен хепарин, аспирин во мали дози, антиоксиданти, витамин Б и фолна киселина.
Во заклучокот се потврдува дека тромбофилијата може да биде главен патоген механизам за време на бременоста. Но, адекватниот третман со гореспоменатите лекови овозможува превенирање на компликациите во текот на бременоста.

**ЗАКЛУЧОК**

Комисијата ги разгледа и позитивно ги оцени стручните и научните квалификации на пријавената кандидатка во согласност со Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања. Врз основа на горенаведеното, комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата наредна седница да ја избере кандидатката помл. ас.д-р Виолета Дејанова-Илијевска, во звањето **асистент по предметот трансфузиологија** на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Воскресија Стефановска с.р

______________________________

2. Проф. д-р Стојанка Костовска с.р.

______________________________

3. Проф. д-р Миленка Благоевска с.р.

______________________________

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ НЕВРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, по конкурсот за избор на тројца асистенти по предметот неврологија, донесе решение за формирање Комисија во состав: проф. д-р Сашо Стојчев, претседател, проф. д-р Вера Даскаловска, член и проф. д-р Весна Геразова, член.

На распишаниот конкурс во весникот „Утрински весник" на 25.11.2009 година, за избор на тројца асистенти се јавија: ас. д-р Игор Петров, ас. д-р Анита Арсовска и д-р Снежана Лазарова.

Во меѓувреме, на седницата на Наставно-научниот одбор одржана на 26.12.2009 година, ас. д-р Игор Петров и ас. д-р Анита Арсовска беа избрани во звањето доцент по предметот неврологија, и во овој случај се врши избор на еден асистент, односно разгледани се материјалите на д-р Снежана Лазарова.

Рецензентската комисија, откако ги разгледа доставените материјали од кандидатката, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. Д-Р СНЕЖАНА ЛАЗАРОВА

### *Биографски податоци*

Д-р Снежана Лазарова (родена Зафировска) е родена во 1974 година во Скопје. Основно и средно образование завршила со континуиран одличен успех, во Средното Училиште „Д-р Панче Карагозов" во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1993/94 година и дипломирала во 2000 година (просек 8,25). Во текот на 2000 година го извела редовниот стаж и го положила стручниот испит. Во истата година се вработила во КАРИЛ-ГАК, каде што работела 11 месеци, а потоа добила преместување на Клиниката за неврологија. Специјалистичкиот испит по неврологија го положила во ноември 2006 година.

### *Стручна активност*

Како специјалист невролог, д-р Лазарова работи на Одделот за епилепсии, каде што е активно вклучена во работата на Одделот. Успешно ја извршува работата на методите: електроенцефалографија, колор доплер

сонографија на мозочните крвни садови и евоцираните потенцијали, преку кои активно се занимава со цереброваскуларните заболувања. Во почетокот на специјализацијата, остварила 4-месечен престој во Универзитетскиот клинички центар во Ла Валета (Малта). На Клиниката за неврологија била под директно менторство на проф. д-р Антоан де Боно, директор и шеф на интервентната неврологија, при што се здобила со драгоцено знаење од областа на интервентната каротидографија (поставување на каротидни стентови) и со рутинска употреба на тромболитичната терапија кај пациенти со исхемичен удар.

Д-р Лазарова со стручни и научни трудови учествувала на повеќе европски и домашни конгреси.

Д-р Снежана Лазарова ги предложи следниве трудови за рецензија за избор во звањето асистент:

1. Николијевиќ-Кедева Д, Каранфиловиќ И,Оровчанец Н, **Лазарова С.** и др.
**Современа рекласификација на со локализација поврзани симптоматски епилепсии**
Македонски медицински преглед. Зборник на апстракти. Трет конгрес на невролози на РМ со меѓународно учество. Струмица, 2004:72.

Во трудот се корелирани клиничките, неврофизиолошките и невроимеџинг-техниките, кај пациентите со лобарна епилепсија, со цел да се направи современа рекласификација и да се прикажат нивните синдромски специфичности. Во студијата биле вклучени 78 пациенти со симптоматска епилепсија. Биле евалуирани следниве параметри: видови напади кај одреден вид лобарни епилепсии, видови етиолошки фактори-КТМ и МНР-наодите - клинички и ЕЕГ-карактеристики. Пациентите биле рекласифицирани во еден од суптиповите лобарни епилепсии според критериумите на ILAE: темпорални, најмногу застапени - 44 (56%), париетални - 11(14%), фронтални - 21 (26%) и најмалку окципитални 2 - (2,5%). Од етиолошките фактори кај фронталните епилепсии доминирале траумите5 (23%), додека кај темпоралните епилепсии 72% биле резултат на хипокампална склероза и кортикални малформации. Авторите дошле до заклучок дека современата рекласификација на синдромските епилепсии е од големо значење како во дијагнозата на епилепсии така и во тераписката стратегија и нивната прогноза, а особено важна е и во прехируршката евалуација кај пациентите-кандидати за хируршки третман.

2. Барбов И. Влашки-Јекиќ С. **Лазарова С.**
**Невросаркоидоза - приказ на случај.**
Македонски медицински преглед. Зборник на апстракти. Трет конгрес на невролози на РМ со меѓународно учество. Струмица, 2004:86.

Саркоидозата е мултисистемска грануломатозна болест со непозната етиологија. Инволвираноста на централниот нервен систем се нарекува невросаркоидоза и е ретка компликација на саркоидната болест. Таа се случува кај 10% од пациентите со активна болест и успешно одговара на кортикостероидната терапија. Во трудот е прикажана 54-годишна пациентка, која по 2 години била интернистички третирана од белодробна саркоидоза, постепено развила клиничка слика на обостран преден увеит, афекција на десниот VII и VIII кранијален нерв и тешка флакцидна квадрипареза заради придружна саркоидна периферна невропатија. За време на хоспитализацијата на ПК, направени се соодветни параклинички инвестигации, од кои за одбележување се следниве: зголемено ниво на лизозим до 38,5 me/L, вредностите на ACE изнесувале до 50 U/l, РТГ и КТ на градниот кош: хиларна аденопатија обострано со знаци за интерстициелна фиброза. ЕМГ евидентирал денервационен примерок на дисталните и проксималните мускули на рацете и нозете. Невросаркоидозата претставува дел од клиничкиот спектрум на саркоидната болест. Таа може да биде прва клиничка манифестација или да ја доминира нејзината клиничка слика. Таа успешно се лекува и се контролира со соодветни дози на кортикостероиди.

3. Барбов И. Влашки-Јекик С. Стојческа Б. **Лазарова С.**
**Миопатски синдром асоциран со хиперпара - тироидизам.**
Македонски медицински преглед. Зборник на апстракти. Трет конгрес на неврологите на РМ со меѓународно учество. Струмица, 2004:90.

Хиперпаратиреоидизмот може да биде причина за секундарен миопатски синдром. Миопатскиот синдром се случува заради зголемена концентрација на интрацелуларен калциум и зголемена протеинска деградација во скелетниот и срцевиот мускул, под дејство на зголемените вредности на серумскиот паратиреоиден хормон (PTH). Во трудот е прикажана 32-годишна пациентка со напредната хронична миопатија со прогресивна еволуција во траење од неколку години, асоцирана со клинички тивок примарен хиперпаратиреоидизам. Клиничката слика на миопатијата ја чинеле синдром на мускулна болка и мускулен замор по мускулна работа, синдром на болна мускулна вкочанетост, без придружна миотонија и синдром на прогресивна симетрична проксимална амиотрофична мускулна слабост на нозете од тежок степен, придружени со симетрично појачани тетивни рефлекси. Миопатскиот синдром може да ѝ претходи и да доминира со клиничката слика на хиперпаратиреоидно ендокринолошко растројство. Корелација меѓу серумските вредности на калциум и тежината на миопатскиот синдром нема. Дијагнозата се поставува со серумско хормонско дозирање. Миопатијата ефикасно одговара на каузалната терапија.

4. **Лазарова С.** Барбов И. Чучкова С. Едровска Е
**Церебролизин во терапијата на акутниот мозочен удар**
4. Конгрес на невролозите на Македонија, Охрид, 2008:80.

Церебролизинот е комплексна композиција со невротрофичка и невропротективна активност. Тој ја инхибира повторната активација на калпаин (супстанција која се ослободува од оштетените тромбоцити), и притоа се спречува апоптозата на клетките кои се прикрепени на ѕидот на примарно и секундарно ледираните мозочни крвни садови од тромботичен процес. Истовремено ја намалува хипоксичната лезија како и токсичноста на глутаматот, кој прекумерно се ослободува од ледираните клетки. Треба да се нагласи дека механизмот на главното дејство е брзо намалување на величината на инфарктот - ако се аплицира во првите пет часа, слично како и при ургентноста на тромболитичната терапија, на тој начин се спречува деградирањето на невронските клеточни елементи. Исто така, во подоцнежната фаза на лекувањето ја подобрува моторната функција и обезбедува подобрување на когнитивните функции. Достапните клинички студии докажуваат антиисхемиски ефект на церебролизинот. Следниот предизвик на научните студии ќе биде ефектот, патофизиологијата и патоморфологијата кај хипертензивната церебрална хеморагија.

5. **S Lazarova,** I Barbov, K Filkovska, S Cuckova.
**Mood disorders in patients with epilepsy**
46-th International Neuropsychiatric Pula Congress, Neurologia Croatica. 2006; 55 (suppl 2):128

Целта на трудот е да се прикаже високиот ризик на депресија кај болни од епилепсија, поради психосоцијални и невролошки фактори, кои најчесто истовремено корелираат. Невролошките фактори, вклучително и страната и латерализацијата на епилептичниот фокус, можеби се најважни во развојот на депресијата. Ефектот на расположението од антиепилептичните лекови е честопати многу компликуван, бидејќи тие со своите адверзивни ефекти можат да предизвикаат депресија. Депресивните нарушувања и нивните клинички форми, во оваа група пациенти, се детерминирани со клиничка евалуација предку DSM IV критериумите, односно Хамилтоновата скала за евалуација на депресијата. Докажано е дека депресивните нарушувања се најчести кај пациентите со MRI-наоди на темпорална хипокампална склероза. Фокусите во левата хемисфера се почесто асоцирани со депресивни симптоми во однос на фокусите во десната хемисфера.

6 .I.Barbov, S Vlaski Jekic, **S Lazarova**.
**A case of myotonic dystrophy type 1 with MRI white matter abnormalities of the brain**.
16th Meeting of the European Neurological Society, Laussane, Switzeland, Journal of Neurology 2006; 253 (suppl. 2): 107.

Во трудот е презентиран случај на 50-годишна жена со миотонична дистрофија тип 1, кај која со магнетска резонанција се најдени промени (хиперинтензитети) во белата маса на мозокот, слични на оние што се гледаат кај пациентите со мултипла склероза. Дијагнозата (миотонична дистрофија) е поставена со невролошки преглед, позитивна фамилијарна анамнеза, зголемено ниво на СРК, лумбална пункција, ЕМГ и мускулна биопсија. Поради појава на деснострана хемипареза, направена била МР на мозокот со наод за билатерални, мултифокални промени во белата маса, перивентрикуларно и во мозочното стебло, со хиперинтензитети во Т2. Ликворниот наод не одел во прилог за воспалителен процесс. Најверојатно овие промени се дел од клиничката слика на миотоничната дистрофија како системско заболување, која ги афектира како скелетните мускули така и очите, срцето, ендокриниот и централен нервен систем.

7. I.Barbov, S Vlaski-Jekic, **S Lazarova**.
**Preference of CT versus MRI in the diagnosis of idiopathic basal ganglia calcification (M.Fahr).**
45th International Neuropsychiatric Pula Congress, Neurologia Croatica Vol 54 (suppl 2); 2005:111.

Фаровата болест е ретка идиопатска болест, која клинички се манифестира во средната возраст и се карактеризира со точкести ареи на не-атеросклеротични симетрични калцификации на базалните ганглии и денталните јадра. Симптомите вклучуваат ментална и телесна ретардација, екстрапирамидални нарушувања, епилепсија и катаракта. Може да биде предизвикана од малфункција на паратиреоидната жлезда и може да се појави како фамилијарно автозомно-доминантна состојба. Во трудот е презентиран 31-годишен маж кај кого болеста започнала на 14 години со епилептични напади. КТМ покажала масивни калцификации во базалните ганглии, церебелум и мозочните сулкуси. Наодот на МНР бил уреден.

8. **Lazarova S**, Barbov I, Petrov I.
**Incidence of dementia after stroke: influence of prestroke cognitive decline**
47-th International Neuropsychiatric Pula Congress, Neurologia Croatica 2007; 56 (Suppl 5):135.

Авторите го анализираат проблемот на зголемување на ризикот од деменција по мозочен удар. Се евалуира 1-годишна инциденца на постинсултна деменција и влијанието на прединсултното когнитивно

отстапување. Обработени се 100 консекутивни пациенти со инсулт (87 инфаркти и 13 хеморагии), постари од 40 год., кај кои прединсултните когнитивни функции биле проценувани со IQ CODE скалата. Шест месеци и една година по мозочниот удар, пациентите се испитувани со невропсихолошки и функционални испитувања кои се базирани на МКБ 10-критериумите за когнитивни растројства. Секако дека треба да се земе во предвид дека главните предиктори за настанувањето на деменцијата по мозочен удар биле: возраста, когнитивниот статус на болниот пред мозочниот удар, влошување на невролошкиот дефицит по ударот, дијабетес, тивки инфаркти, како и инсултните патолошки промени во мозокот кои се најчесто дефинитивни.

9. **Lazarova S**, Barbov I, Petrov I, Cuckova S.
**The Phenomenology of the behavioral disturbances in the Alcheimer's dementia.**
49th International Neuropsichiatric Pula Congress, Acta Neuropsychiatrica Vol 21 (suppl 2); 2009:91.

Целта на научниот труд е да се анализираат однесувањето и психолошките симптоми кај деменцијата (бихевиорални промени), посебно невропсихијатриските симптоми кај Алцхајмеровата болест. Оваа студија е проспективна и содржи група од 30 пациенти со дијагностицирана Алцхајмерова болест според (ICD-10) третирани на Клиниката за неврологија. Притоа биле користени следниве инструменти за истражување: стандардно клиничко интервју, бихевиорална патологија во Алцхајмерова болест-скала (BEHAVE-AD), (CMAI), и нестандардизиран социо-демографски прашалник. Притоа, авторите дошле до заклучок дека параноидните и делузивни идеи се карактеристични симптоми за Алцхајмер-овата болест. Тие се јавуваат во првите три години од болеста. Бихевиоралните и психолошки симптоми се присутни кај сите болни од деменција. Ова е во согласност со податоците од литературата кадешто се истражувани фреквенцијата на бихевиоралните и психолошки симптоми на деменцијата, но сепак се помалку во однос на невролошките симптоми.

10. **S. Lazarova,** I. Barbov, I. Petrov
**Cognitive decline in patients with intractable epilepsy**
18th Meeting of the European Neurological Society, Nica, France, Journal of Neurology 2008; 283 (suppl. 2): 127.

Рефракторната епилепсија е поврзана со различни транзиторни и хронични мозочни електрични и неврохемиски нарушувања. Сѐ уште не е докажана директна корелација помеѓу когнитивните нарушувања и тежината на рефракторната епилепсија. Авторите даваат свој придонес испитувајќи ја корелацијата помеѓу времетраењето на темпоралната рефракторна

епилепсија и когнитивните нарушувања користејќи повеќе невропсихолошки тестирања: FSIQ, WAIS-R. Пациентите биле поделени во 3 групи според времетраењето на темпоралната епилепсија: >15, 15-30 и >30 год. рефракторна епилепсија. Притоа со соодветни статистички анализи дошле до заклучок дека пациентите со подолготрајна рефракторна темпорална епилепсија имаат потешки когнитивни нарушувања. Тие можат да бидат предизвикани од поголемата доза и користењето на повеќе антиепилептици. Слично како кај Алцхајмеровата болест, повисокото едукативно ниво како индикатор за поголеми мозочни резерви може да го забави когнитивното нарушување.

11. **S. Lazarova**, I. Barbov, I. Petrov
**Evoked potentials in patients with dementia**
Abstracts of the 13th Congress of the European Federation of Neurological Societies
Florence, Italy, European Journal of Neurology Vol. 16 (suppl 3); 2009: 342.

Соматосензорните евоцирани потенцијали и визуелни евоцирани потенцијали биле испитувани кај 16 пациенти со Алцхајмерова болест, 12 пациенти со Паркинсонова болест, 7 пациенти со васкуларна деменција и 15 здрави пациенти како контролна група. SEP на медијалниот нерв бел стимулиран од контралатералниот примарен сензомоторен кортекс. Истовремено била вршена стимулација на очните нерви -VEP.

Сите три групи со деменција покажале сигнификантно пролонгирање на N200 и P300-латенците споредувани со контролната група. Пациентите со Алцхајмерова болест покажале сигнификантно пролонгирање на N200-латенцата. Пациентите со Паркинсонова болест покажале сигнификантно пролонгирање на P100-бранот споредувани со контролната група. Резултатите од VEP сугерираат на дисфункција низ централните визуелни патишта и имаат значајна улога во дијагнозата кај Паркинсоновата болест. Во трудот се презентирани резултатите од три дементни синдроми, со различни електрофизиолошки карактеристики, но со слични патогенетски механизми. Мерењето на евоцираните потенцијали во голема мера помага во диференцијацијата на дијагнозите кај пациентите со деменција.

12. I. Barbov, **S. Lazarova**, I. Petrov
**Relationship between EEG reactivity and neuropsychological tests in vascular dementia**
Abstracts of the 13th Congress of the European Federation of Neurological Societies
Florence, Italy, European Journal of Neurology Vol. 16 (suppl 3); 2009: 366.

Сите 30 пациенти со васкуларна деменција (VaD) се презентирани според тежината на стадиумот од болеста, каде што пациентите се испитувани со спектрални анализи на ЕЕГ и невропсихолошки тестови: визуелни, праксични, вербални, тестови на меморија и Mini-Mental Status Examination (MMSE). Алфа-ритамот покажува сигнификантна редукција и е во корелација со сериозните невропсихолошки нарушувања и тоа се регистрира во темпоро-окципиталните и центропариеталните регии. Некои од нив латерализираат кон десната или левата хемисфера. Фронталните ЕЕГ- деривации со помала алфа-активност не секогаш корелираат со невропсихолошките нарушувања, меѓутоа тестовите на реактивност (отворање-затворање очи) силно корелираат со невропсихолошките алтерации.

## ЗАКЛУЧОК

Оценувајќи ги сите квалитети на кандидатката д-р Снежана Лазарова, односно нејзината стручна и научната активност, Комисијата има чест и здоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја избере д-р Снежана Лазарова во звањето асистент по предметот неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Сашо Стојчев, с.р.
2. Проф. д-р Вера Даскаловска, с.р.
3. Проф. д-р Весна Пејоска-Геразова, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТА *РЕПРОДУКЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ* НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со одлука бр. 0201-246/3-1, донесена на седницата одржана на 4.II 2010 година, во врска со објавениот конкурс во весникот „Дневник" од 17.XII 2009 и весникот "Koha" од 19. XII 2009, формира Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања во областа репродукција на животните, во следниов состав: проф. д-р Коле Поповски, претседател, проф. д-р Георги Мицковски, член, и проф. д-р Велимир Стојковски, член.

На распишаниот конкурс за избор во сите звања, се пријави само еден кандидат, д-р Тони Довенски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Катедра за репродукција.

По разгледувањето на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Тони Довенски е роден на 6. IX 1962 година во Куманово, Република Македонија. Осумгодишно основно и средно образование завршил во Куманово и матурирал во класична гимназија во 1980 година. Во учебната 1981/82 година се запишал на Ветеринарниот факултет во Белград и со успех дипломирал на 14.IX 1987 година.

По дипломирањето (од 1. X 1987) се вработил во Ветеринарната станица во Куманово, каде што работел до 28. II 1988 година. Од 1. III 1988 година до 1. III 2004 работел на Одделот за репродукција при Ветеринарниот институт во Скопје. Во Заводот за репродукција на Клиниката за породилство при Ветеринарниот факултет во Загреб, Р. Хрватска, на 29. I 1993 година, го одбранил магистерскиот труд под наслов „Промени на нивото на *FSH* и *LH* во крвната плазма кај овците во текот на пуерпериумот во сезоната и надвор од сезоната на мркање".

Учествувал со свои реферати на бројни домашни стручни и научни собири, како и во странство. Објавил повеќе од 100 научни и стручни трудови во домашни и во меѓународни списанија и зборници на трудови од симпозиуми.

Од 1995 до 1996 година бил член на Управниот одбор на Македонската ветеринарна комора, а од 1996 година до 2004 бил потпретседател на Комората.

Во Заводот за репродукција на Клиниката за породилство при Ветеринарниот факултет во Загреб, на 18. II 1998 година ја одбрани докторската дисертација под наслов: „Споредба на ехограмите на јајчниците со нивото на прогестеронот и естрадиолот во крвта на крави за време на полниот циклус во пуерпериумот и кај јалови крави".

Од 1998 година членува во Европската асоцијација за репродукција кај домашните животни (ЕСДАР), а воедно е координатор на ова здружение во Р. Македонија.

Во моментот работи како вонреден професор по предметот репродукција на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во периодот од април 2004 до ноември 2009 бил продекан за наука на Факултетот.

## 2. Наставно-образовна активност

Д-р Тони Довенски учествувал во изведувањето на наставата по предметот породилство, стерилитет и В.О., кој е преименуван од академската 2008/09 во репродукција на животните. Исто така, од 2007 година (одлука на ННС бр. 0201-8311/8) му бил доделен делот ембриологија од предметот хистологија со ембриологија.

Координатор е на теренската настава по предметот амбулаторна клиника за студентите од 5. година по старата програма, како и за клиничката теренска настава за студентите по ЕКТС - програмата (одлука бр. 0201-1027/10 од 16.3.2009).

Исто така, раководител е на програмата за постдипломски магистерски студии на Факултетот и учествува во изведувањето на наставата по студиската програма репродукција. Во моментот е ментор на една докторска дисертација (одлука на ННС бр. 0201-3341/11 од 29.9.2008).

Бил ментор на 5 дипломски работи, изработени и одбранети на Катедрата за репродукција, како и член на комисија за одбрана на еден магистерски труд.

Бил член на комисијата за ревидирање на наставната програма на ФВМС (усогласување по ЕКТС), со одлука на ННС бр. 0202-5596/9 од 31.10.2005.

Член е на комисијата за измена и дополнување на наставниот план и програма на ФВМС (одлука на ННС бр. 0201- 1027/10 од 29.9.2008).

Бил координатор на ФВМС за CEEPUS - програмата за размена на студенти и наставници, во рамките на ВЕТНЕСТ - мрежата (2006-2009).

Во периодот 2006-2008 бил координатор за ФВМС во проектот: Curriculum development According Bologna principles, финансиран од Norwegian Cooperation Program on Research and Higher Education with the countries on the Western Balkans (CPWB).

Од 16 март до 15 април 2009 остварил мобилност на Факултетот за ветеринарна медицина, Универзитет во Гент, Белгија, во рамките на проектот: **ERASMUS MUNDUS EXTERNAL COOPERATION WINDOW PROJECT "*BASILEUS*"** (**B**alkans **A**cademic **S**cheme for the Internationalisation of Learning in cooperation with **EU** universities**).**
Кандидатот реализирал и ЦЕЕПУС - мобилност на Факултетот за ветеринарна медицина, Универзитет во Сараево, Сараево, мај 2009; (CII-AT-0107-03-0809-M-24094).

### 3. Научно-стручна дејност

Во периодот од последниот избор до сега, кандидатот објавил 21 труд, а освен список на објавени трудови, кандидатот д-р Тони Довенски го приложил и списокот на книги и трудови во кои неговите трудови се цитирани од други автори.

Во периодот јануари 2006 – декември 2007 бил раководител на билатералниот научно-истражувачки проект со Р. Словенија: „Сочувување на автохтоните раси на домашни животни со помош на технологиите на асистирана репродукција"
Од јуни 2008 до март 2009 бил национален координатор на проектот „Balkan Network of Biotechnology in Animal Reproduction for the Protection and Restoration of Animal Genetic Resources in the Region", финансиран од ASO Ljubljana Sofia (the Austrian Science and Research Liaison Office).
Учествувал исто така и во проектот „Ембриотрансфер и in vitro оплодување кај преживарите" (2.1.2005- 31.12.2007), МОН, билатерален проект со Р. Хрватска.
Во периодот 23.2.2008- 1.3.2008 бил во експертска мисија на Научниот институт за говедарство во Рапотин, Чешка, каде што извршил обука од областа на in vitro производство на говедски ембриони преку добивање на јајце-клетки од живи животни, со помош на ОПУ (Ultrasound guided Ovum pick-up) техниката.

### 4. Стручно-апликативна активност

Бил член на Организациониот одбор на Советувањето за клиничка патологија и терапија на животните "Clinica Veterinaria" во 2004 и 2006 како и потпретседател во 2007 и 2008 и претседател во 2005.

Во 2007 и 2008 учествувал во работата на Executive commetee на EAEVE (Meetings in Portoroz, Munich, Wienna, Konya, Skopje, Padova), како и на следниве собранија:

- General Assembly of EAEVE, (European Association of Establishments for Veterinary Education) Gent, Belgium 2006;

**АНЕКС 2**

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Тони Александар Довенски**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за ветеринарна медицина**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **репродукција на животните**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Породилство, стерилитет и В.О., 9. сем. (2+2), 2004/05 | 1,2 |
| 2 | Породилство, стерилитет и В.О., 9. сем. (2+2), 2005/06 | 1,2 |
| 3 | Породилство, стерилитет и В.О., 9. сем. (2+2), 2006/07 | 1,2 |
| 4 | Породилство, стерилитет и В.О., 9. сем. (2+2), 2007/08 | 1,2 |
| 5 | Породилство, стерилитет и В.О., 9. сем. (2+2), 2008/09 | 1,2 |
| 6 | Репродукција 1, 5. сем. (3+2), 2008/09 | 1,6 |
| 7 | Репродукција 2, 6. сем. (4+4), 2008/09 | 2,4 |
| 8 | Општа хистологија и ембриологија, 1. сем. (1+1), 2007/08 | 0,6 |
| 9 | Општа хистологија и ембриологија, 1. сем. (1+1), 2008/09 | 0,6 |
| 10 | Амбулаторна клиника, 9. сем. (0+4), 2004/05 | 1,2 |
| 11 | Амбулаторна клиника, 10. сем. (0+4), 2004/05 | 1,2 |
| 12 | Амбулаторна клиника, 9. сем. (0+4), 2005/06 | 1,2 |
| 13 | Амбулаторна клиника, 10. сем. (0+4), 2005/06 | 1,2 |
| 14 | Амбулаторна клиника, 9. сем. (0+4), 2006/07 | 1,2 |
| 15 | Амбулаторна клиника, 10. сем. (0+4), 2006/07 | 1,2 |
| 16 | Амбулаторна клиника, 9. сем. (0+4), 2007/08 | 1,2 |
| 17 | Амбулаторна клиника, 10. сем. (0+4), 2007/08 | 1,2 |
| 18 | Амбулаторна клиника, 9. сем. (0+4), 2008/09 | 1,2 |
| 19 | Амбулаторна клиника, 10. сем. (0+4), 2008/09 | 1,2 |
| 20 | Консултации со студенти, 2004/05 (53 студенти) | 0,106 |
| 21 | Консултации со студенти, 2005/06 (60 студенти) | 0,120 |
| 22 | Консултации со студенти, 2006/07 (45 студенти) | 0,090 |
| 23 | Консултации со студенти, 2007/08 (41 студент) | 0,080 |
| 24 | Консултации со студенти, 2008/09 (33 студенти) | 0,066 |
| 25 | Ментор на дипломска работа (3) | 0,6 |
| 26 | Член на комисија за одбрана на магистратура (1) | 0,3 |
| | **Вкупно** | **24,56** |

- General Assembly of Veterinary Network of European Student and Staff Transfer (VetNEST) Wroclaw Poland 2006;
- General Assembly of (VetNEST) Sarajevo, BiH 2007;
- General Assembly of EAEVE, (European Association of Establishments for Veterinary Education) Konya, Turkey 2007;
- General Assembly of EAEVE, (European Association of Establishments for Veterinary Education), Kopenhagen Denmark, 2008;
- Workshop on Sustainability of Veterinary Education in Small Countries Tartu, 13 November 2008, ppt. Presentation „Macedonian experience of organization of veterinary education and co-operation of different national veterinary institutions."

Од март 2007 е член на Уредувачкиот одбор на списанието „Македонски ветеринарен преглед".

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на разгледувањето на приложената документација и земајќи ја предвид севкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна активност на кандидатот, Рецензентската комисија оценува дека вонр. проф. д-р Тони Довенски ги исполнува сите услови и поседува квалитети да биде избран во звањето редовен професор. Согласно со тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Тони Довенски да биде избран во звањето **редовен професор** по предметот репродукција на животните.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1.Проф. д-р Коле Поповски с.р.

2. Проф. д-р Георги Мицковски с.р.

3. Проф. д-р Велимир Стојковски с.р.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација: „Воведување на користењето на длабоко замрзната сперма во репродукцијата на свињи" (втора година). | 2 |
| 2 | „Сочувување на автохтоните раси на домашни животни со помош на технологиите на асистирана репродукција" (билатерален научноистражувачки проект, Р. Словенија, раководител), 2006. | 6 |
| 3 | „Ембриотрансфер и in vitro оплодување кај преживарите" (билатерален научноистражувачки проект, Р. Хрватска, учесник) 2005. | 3 |
| 4 | Balkan Network of Biotechnology in Animal Reproduction for the Protection and Restoration of Animal Genetic Resources in the Region, (ASO Ljubljana Sofia, национален координатор на проектот) 2008. | 6 |
| 5 | Macedonian experience of organization of veterinary education and co-operation of different national veterinary institutions, Workshop on Sustainability of Veterinary Education in Small Countries; EMU - Tartu, Estonia 2008. | 3 |
| 6 | Menadžment zdravlja stada i proizvodnje u farmskom uzgoju mlečnih goveda, T. Dovenski, P. Trojačanec, Lj. Kočoski, K. Popovski, T. Todorov, I. Naletoski, I. Kraljevski, Z. Najdovski, P. Petrov, T. Gogov, S. Efremov, 6. Savetovanje iz kliničke patologije i terapije životinja "Clinica veterinaria" Budva, SCG, 2004 (пленарно предавање). | 3 |
| 7 | Biostimulirajući laseri u veterinarskoj medicini: primena i ograničenja, P. Trojačanec, T. Dovenski, Lj. Kočoski, Snježana Trojačanec, 6. Savetovanje iz kliničke patologije i terapije životinja "Clinica veterinaria" Zbornik radova, 159-163, Budva, SCG, 2004. | 1,2 |
| 8 | ARTIFICIAL INDUCTION OF LACTATION AND FOLLOWING PREGNANCY RATES IN DAIRY COWS, Lj. Kocoski, Z. Najdovski1, T. Dovenski, P. Trojacanec, 15. ICAR, Astr.114, Porto Siguro, Brazil 2004. | 1,8 |
| 9 | Management of lameness on dairy farms, Trojacanec P., Dovenski T., Kocoski Lj., Trojacanec Snjezana TAIEX Workshop "Clinica Veterinaria" AGR 20416 Proceedings 3-7, Ohrid 2005. | 1,8 |
| 10 | Improvement of bovine fertility using ultrasound, T. Dovenski, Lj. Kocoski, P. Trojacanec TAIEX Workshop "Clinica | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Veterinaria" AGR 20416, Ohrid 2005 (пленарно предавање). | |
| 11 | Claw disorders on dairy farms in R. Macedonia – evident but not understood problem, Trojacanec P., Dovenski T., Kocoski Lj., Trojacanec Snjezana and Najkov V., Slovenian Veterinary Research vol. 43 supl. 10. 234, 2006. | 3,6 |
| 12 | Effect of norgestomet on successful resumption of ovarian activity in postpartum non-cyclic dairy cows, T. Dovenski, P. Trojacanec, Lj. Kocoski, K. Popovski, V. Petkov, B. Atanasov, Reproduction in Domestic Animals, Vol. 41 No 4, p. 353, 2006. (6*0.6=3.6) + 1.526 (и.ф.) | 5,126 |
| 13 | Influence of infectious diseases on reproductive performance of dairy cows, T. Dovenski, Lj. Kocoski, P. Trojacanec, V. Petkov, G. Mickovki, D. Mitrev, I. Naletoski, 8. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" p. 15-19, 2006, Neum, BiH (пленарно предавање). | 3 |
| 14 | Pain in farm animals – assesment and management, P. Trojacanec, T. Dovenski, Lj. Kocoski, Snjezana Trojacanec & Ksenija Ilievska, 8. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" p. 35-41, 2006, Neum, BiH. | 1,2 |
| 15 | Influence of calf management on diarrhea occurrence during the first weeks after calving, Lj. Kočoski, T. Dovenski, P. Trojačanec, V. Petkov, G. Nikolovski, V. Dimovski, Z. Najdovski, 8. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" p. 42-47. 2006, Neum, BiH | 1,2 |
| 16 | Q-fever: application of serological (classical and immunoenzyme assays) and molecular methods (PCR) in the diagnosis and control of the disease in cattle, Dine Mitrov, Ivančo Naletoski, Toni Dovenski, Slavčo Mrenoški, Jovana Srbinovska, Iskra Lazarova, 8. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" p. 140-147. 2006, Neum, BiH. | 1,2 |
| 17 | Incidence of bacteria in milk, M. Cergolj, A. Tomaskovic, M. Samardzija, N. Madesic, T. Dobranic, T. Dovenski, 37th Croatian daity experts symposium, p. 26-29. nov. 2006 Lovran Croatia. | 1,2 |
| 18 | LAPAROSCOPIC TECHNIQUE OF ARTEFICIAL INSEMINATION WITH FROZEN SEMEN IN SMALL RUMMINANTS Vladimir Petkov, Toni Dovenski, 9. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" 2007 Palic, Serbia. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | ULTRASONOGRAPHIC DIAGNOSTICS OF REPRODUCTIVE DISORDERS IN COWS Ljupče Kočoski, Toni Dovenski 9. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" 2007 Palic, Serbia. | 1,8 |
| 20 | SPERMATOZOID MORPHOLOGY IN DEEP FROZEN BULL SEMEN Lj. Mickov, V. Petkov, T. Dovenski, G. Mickovski 9. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" . 2007 Palic, Serbia. | 1,2 |
| 21 | Efficiency of Beta-Carotene for treatment of ovarian disorders in dairy cows, T. Dovenski, P.Trojacanec, Lj. Kocoski, V.Petkov, K.Popovski, Snjezana Trojacanec, Reproduction in Domestic Animals, Vol. 42, No 2, p. 116, September, 2007 (6*0.6=3.6) + 1.526 (и.ф.). | 5,126 |
| 22 | Use of ultrasound imaging of the ovaries for early pregnancy diagnosis in dairy cows, T. Dovenski, P. Trojacanec, Lj. Kocoski, V. Petkov, Lj. Mickov , B. Atanasov 2009 BAN, 18-19 February, Sofia, Bulgaria (пленарно предавање). | 3 |
| 23 | Motility parameters of boar spermatozoa assessed by CASA, Mickov Lj., Dovenski T., Petkov V., Trojacanec P., Proceedings of the 1st Conference of the Balkan Network for the Animal Reproduction Biotechnology, 2009, BAN, 18-19 February, Sofia, Bulgaria. | 1,2 |
| 24 | Monitoring of early embryonic mortality in dairy cows using ultrasound and progesterone profile, Dovenski Toni, Trojacanec Plamen, Petkov Vladimir, Atanasov Branko, Grizelj Juraj Proceeding of the 2nd General Meeting of GEMINI Maternal communication with Gametes and Embryo / Alireza Fazeli, Fulvio Gandolfi, Sergio Ledda (ed). - GEMINI COST ACTION FA0702 , 2009. 102-102 (ISBN: 978-0-9563694-0-6). | 1,2 |
| 25 | Efficiency of ultrasonographic survey of assisted reproduction techniques in goats Grizelj, Juraj; Vince, Silvijo; Gonzalez de Bulnes, Antonio; Dovenski, Toni; Karadjole, Martina; Prvanović, Nikica; Samardžija, Marko Proceeding of the 2nd General Meeting of GEMINI Maternal communication with Gametes and Embryo / Alireza Fazeli, Fulvio Gandolfi, Sergio Ledda (ed). - GEMINI COST ACTION FA0702 , 2009. 103-103 (ISBN: 978-0-9563694-0-6). | 1,2 |
| 26 | THE USE OF ULTRASOUND EQUIPMENT AS A TOOL IN GOAT ASSISTED REPRODUCTION PROCEDURES, J. Grizelj, S. Vince, M. Karadjole, T. Dovenski, M. Samardžija, N. Prvanović, M. Belići M. Lipar,T. Dobranić, Proceeding of the Scientific-Experts meeting "Veterinary Science and Profession" Kozačinski, Lidija ; Maltar-Strmečki, Nadica; Štoković, Igor (ed). – Zagreb, Veterinary Faculty, 2009. 86-87 (ISBN: 978-953-6062-73-7). | 1,2 |
| | **Вкупно** | **64,452** |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учество во промотивни активности на ФВМС (предавања во средните училишта, Саем за едукација, Денови на науката) | 0,5 |
| | | |
| Дејности од поширок интерес | | |
| 2 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: „Македонски ветеринарен преглед“ | 0,5 |
| | Претседател на Организациониот одбор на меѓународниот собир TAIEX Workshop "Clinica Veterinaria" AGR 20416, Ohrid 2005. | 2 |
| 3 | Член на Организациониот одбор на меѓународниот собир COST Action 845 "Brucellosis in animal and man" Skopje, 2005. | 1 |
| 4 | Потпретседател на Организациониот одбор на меѓународниот собир „Советување за клиничка патологија и терапија на животните - Clinica Veterinaria", 2004 и 2006. | 2 |
| 5 | Член на Организациониот одбор на меѓународниот собир „Советување за клиничка патологија и терапија на животните - Clinica Veterinaria", 2007 и 2008. | 2 |
| 6 | Студиски престој во странство BASILEUS - "Erasmus Mundus - External Co-operation Window" Programme, Gent, Belgium 2009. | 0,5 |
| 7 | Студиски престој во странство, CEEPUS CII-AT-0107-03-0809 - VetNEST, Сараево, БиХ, мај 2009. | 0,5 |
| 8 | Член на менаџерскиот одбор (MC) на COST Action FA0702 ("GEMINI" Maternal Interactions with Gametes and Embryos) | 2 |
| 9 | Изготвен и пријавен билатерален проект со Р. Хрватска: „Асистирана репродукција кај козите“ (член). | 1 |
| 10 | Изготвен и пријавен билатерален проект со Р. Словенија: „Испитување па способноста за замрзнување на сперма од нерези и можности за опримена во практиката“ (носител). | 2 |
| 11 | Продекан за наука на ФВМС, 2004-2009 | 4 |
| 12 | Раководител на постдипломски студии на ФВМС, 2004-2009 | 2 |
| 13 | Член на комисија за ревидирање на наставниот план на ФВМС (по ЕКТС), со одлука на ННС бр. 0202-5596/9 од 31.10.2005. | 0,5 |
| 14 | Член на комисија за измена и дополнување на наставниот план и програма на ФВМС (одлука на ННС бр. 0201-1027/10 од 29.9.2008). | 0,5 |
| 15 | Член на комисија за избор во звање (3) | 0,6 |

| Спортска дејност | | |
|---|---|---|
| 16 | Претседател на пливачкиот клуб „Тумба 3“ - Куманово | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | **23,6** |

| | | |
|---|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | | поени |
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | | **24.56** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | | **64,452** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | | **23,600** |
| | **Вкупно** | **112,61** |

Членови на Комисија:

1. Проф. д-р Коле Поповски, претседател с.р.

2. Проф. д-р Георги Мицковски, член с.р.

3. Проф. д-р Велимир Стојковски, член с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03 - 104/1
10. 02. 2010 год.
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СЛОБОДАТА НА ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ТРЕТИ ДРЖАВИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БИЛЈАНА ЧАВКОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 21.12.2009, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „*Слободата на движење на работниците од трети држави во Европската унија*", од кандидатката м-р Билјана Чавкоска, во состав: проф. д-р Гзиме Старова, проф. д-р Тодор Каламатиев, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска и доц. д-р Тони Дескоски.
Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Актуелност на проблематиката и научниот придонес на истражувањето

Докторската дисертација под наслов „Слободата на движење на работниците од трети држави во Европската унија" ја обработува слободата на движење на работниците од третите држави и проблематичните точки, преку компаративна анализа на она што е постигнато на ниво на ЕУ и во Република Македонија.

Прашањата обработени во трудот се основа за разбирање на слободата на движењето на работниците (EU workers) во контекст на Европската унија, подобрување на законската регулатива, правата и обврските на работниците, со посебен осврт на слободата на движење на работниците од третите држави во Европската унија (non EU workers).

Трудот се концентрира на правната регулатива на ЕУ за слободата на движење на работниците од третите држави со што темата е од особен интерес и за Република Македонија токму во овој временски период кога Република Македонија е на пат на визната либерализација. Во услови на проблематизирање на прашањето за идното проширување на Унијата со државите-кандидатки за членство особено станува актуелно практикувањето на слободата на движење на работниците. Со оглед на тоа дека е се поголем бројот на македонски работници кои престојуваат и работат на територијата на Европската унија неопходно е

подигнување на свеста за правата кои ги уживаат кога се наоѓаат надвор од територијата на потекло, односно од матичната држава.

Темата на докторската дисертација станува уште повеќе актуелна за Република Македонија со добивањето на визната либерализација и можноста македонските државјани да патуваат и да престојуваат во држава-членка на Унијата. Со тоа оправдано може да се очекува зголемување на бројот на македонски државјани кои ќе ја напуштат државата во потрага по подобри работни места и повисок животен стандард.

Научниот придонес на истражувањата се гледа во анализа на тековните состојби и реформите во законодавството на Европската унија за подобрување на статусот на работниците од трети држави, како и натамошно усогласување на националното законодавство. Посебен акцент е ставен на идните насоки за реализирање на слободата на движење на работниците од третите држави и препораки за Република Македонија.

**Предмет, цел и хипотеза на истражувањето**

Предмет на проучување на докторскиот труд претставуваат законодавните реформи за целосна реализација на слободата на движење во Европската унија за работниците од третите држави, нивниот третман, права и обврски, спречување на дискриминација и интегрирање во државите-членки. При тоа во трудот се анализираат посебните договори кои Европската унија ги има склучено со третите држави за слободно движење на работници, моменталните состојби и идни предизвици за остварување еднаква заштита и поголема мобилност во рамките на Унијата и земјите од надвор. Трудот се концентрира на правната регулатива на ЕУ за слободата на движење на работниците од третите држави, со што темата е од особен интерес и за Република Македонија. Во делот на поставувањето на ***тезите***, кандидатката поаѓа од следнава општа хипотетска рамка: законодавството на ЕУ не овозможува еднаков третман на домашните работници со работниците од третите држави со што неопходно е регулирање на нивниот статус и соочување со идните предизвици на пазарот на труд. Моменталниот степен на заштита на правата на работниците од третите држави е на многу ниско ниво. Поради тоа, во практиката се појавуваат спорни прашања, па се налага потребата од нивно решавање и подобрување на механизмите за правна заштита. Правното регулирање на статусот на работниците од третите држави е во насока на остварување на основните вредности врз кои почива Европската унија. Тоа е неопходно и од аспект на почитување на човековите права и слободи, но и за зајакнување на економијата на ЕУ и соочување со конкурентните пазари на САД, Кина и Јапонија. Исто така, се поаѓа од претпоставката дека е неопходно спроведување натамошни реформи во повеќе области во Република Македонија, како образование, вработување и социјалната сфера за усогласување на професионалните квалификации на домашните работници со работниците на државите-членки на Унијата, со цел зголемување на конкурентноста на пазарот на труд и еднаков третман во поглед на пристапот при вработување и работните услови.

## Методолошката рамка

При изработката на трудот се користат повеќе научни методи, и тоа: во воведниот дел кој се однесува на анализата на развојот на слободата на движење на работниците во рамките на Европската унија се користи историскиот и дескриптивниот метод; во делот кој ги обработува досегашните асоцијативни договори кои Европската унија ги има склучено со третите држави за реализирање на слободата на движење на работниците од третите држави се користи компаративниот метод; додека систематскиот, аналитичкиот и нормативниот метод се користени во делот кој се однесува на предизвиците и проблемите во натамошното реформирање на досегашната легислатива; case методот се користи за анализа на случаи од судската практика на Европскиот суд на правдата со што работниците од третите држави индиректно се стекнуваат со одредени права и обврски на пазарот на труд.

## Структура на дисертацијата

Докторскиот труд „Слободата на движење на работниците од трети држави во Европската унија" е составен од вовед, четири дела и заклучок.

Со воведниот дел се отвора концептот на истражувањето, неговиот историски развој и се укажува на некои основни постулати кои се важни за правилен пристап за истражувањето. Се разработува актуелноста на проблематиката на истражувањето и доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес, а посебно се образложени основната и другите цели на истражувањето, како и основната хипотеза на истражувањето.

**Првиот дел** насловен како „Слободата на движење на работниците во Европската унија" е изработен во три глави со кои е направена сеопфатна анализа на развојот на слободата на движење на работниците во Европската унија, преку примарното, секундарното право и судската практика на Европскиот суд на правдата. Во овој дел се анализира значењето на членот 39 ДЕЗ за дефинирање на терминот мигрантски работник, како и уживање на правата од работниот однос во друга држава-членка на Унијата. Посебно место во овој дел е посветено на секундарното законодавство за слободата на движење на работниците, почнувајќи од формирањето на Унијата, па сè до последните законодавни иницијативи. Преку усвојување секундарно законодавство се подобрува статусот на мигрантските работници и се врши натамошно усогласување на националните законодавства на државите-членки во оваа област. Текстот изобилува со судска практика на Европскиот суд на правдата, со која се толкуваат основните поими на комунитарното право и се врши усогласување на националните законодавства на државите-членки. Во овој дел на трудот, кандидатката дава преглед на допуштените исклучоци од практикување на слободата на движење на работниците согласно со комунитарното право. При тоа, посебно се анализирани преодните аранжмани кои Европската унија ги склучува со новите држави-членки за примена

на слободата на движење на работниците. Со тоа се извлечени заклучоци за содржината на преодниот аранжман за слободата на движење на работниците кој ќе се склучи меѓу Европската унија и Република Македонија при стапувањето во членство како и динамиката на преговарање за ова подрачје. На крајот на овој дел, кандидатката дава преглед на мобилноста на работниците во Унијата со заклучоци за причините за нискиот процент на мобилност низ годините.

**Вториот дел** од докторскиот труд е насловен „Меѓународно правна заштита на мигрантските работници", со вкупно три глави. Најпрво, кандидатката дава осврт на меѓународно правната заштита на мигрантските работници, особено улогата на Меѓународната организација на трудот и Обединетите нации. Во посебна глава е обработен пристапот на Европската унија кон работниците од третите држави и значењето од формирањето на шенгенската област. Во оваа глава се анализирани примарното и секундарното право за регулирање на статусот на работниците од третите држави, како и целите на Хашката програма. Воедно, кандидатката дава свои заклучоци за примената на скоро усвоените директиви по изминувањето на рокот за транспонирање, како и предлози за натамошни законодавни иницијативи.

Во овој дел, во посебна глава се анализира значењето од воведувањето европско државјанство за државјаните на Европската унија, но и пропустот во својата суштина да ја земе предвид минатата или идната миграција на државјаните од третите држави. Вистинското вклучување на имигрантските работници во домашните општества може да се случи само со изедначување на нивниот статус со статусот на европските државјани. Кандидатката заклучува, на крајот на овој дел, дека ова особено се однесува на работниците со право на постојан престој кои се изедначени со домашните државјани само во две права, право на петиција пред Европскиот парламент и право на претставка до Европскиот омбудсман. Исклучувањето од другите права значи маргинализирање во општеството и негирање на економските придобивки кои државите-членки ги имаат од активноста на пазарот на труд на овие работници.

Во **третиот дел** насловен „Работници од трети држави со привилегиран статус во Европската унија" се анализираат предизвиците со кои се соочуваат работниците од третите држави на пазарот на труд на Европската унија и актуелните проблеми кои се појавуваат со дефинираната правна рамка. Посебен фокус е ставен на договорите за асоцирање меѓу Европската унија и третите држави со кои се регулира слободата на движење на работниците од третите држави, како и статусот на работниците кои имаа привилегии на пазарот на труд во ЕУ. Се мисли на работниците со право на постојан престој и блиските членови на семејството на работниците од третите држави. Асоцијативните договори пропишуваат дека работниците од третите држави кои се легално вработени на територијата на држава-членка мора да се заштитени од дискриминација врз основа на националност во поглед на работните услови, плата или отпуштање. Со анализа на судската практика на Европскиот суд на правдата во толкувањето на асоцијативните договори, кандидатката извлекува заклучоци за примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија како единствен правно обврзувачки акт за Република Македонија во моментов.

Во **четвртиот дел** под наслов „Слободата на движење на работници од Република Македонија во Европската унија и vice versa" се истражува положбата на македонските државјани на пазарот на труд во ЕУ, пристапот на пазарот на труд, еднаквиот третман и забраната на дискриминација. Во овој дел, акцентот е ставен на понатамошното усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија, како и препораки за Република Македонија во текот на преговорите за ова подрачје. Република Македонија, како емиграциона држава, мора да преземе дополнителни мерки за водење статистички податоци за бројот на македонски работници кои престојуваат во држава-членка на Европската унија. При тоа, Република Македонија неопходно мора да ги подобри животните и работните услови, зголемување на животниот стандард, отворање нови и подобри работни места со цел намалување на бројот на македонски работници кои би заминале од Република Македонија. Во овој дел, кандидатката прави анализа на пристапот на Република Македонија кон вклучувањето на странските работници на пазарот на труд и извлекува заклучоци за реализирање на слободата на движење. Акцентот е ставен на правната рамка која се усвои заради усогласување на националното законодавство со потенцирање на предностите и недостатоците во примената на одредбите. Во оваа област, Република Македонија има постигнато мал прогрес и кандидатката во докторскиот труд дава свои предлози и ставови за идната динамика на слободата на движење на работниците.

Во последниот дел, односно заклучокот на докторската дисертација, синтетизирани се сите сознанија со цел да се утврди степенот на влијанието на европското законодавство за слобода на движење на работници од трети држави и прогресивните чекори што ги презема Република Македонија за усогласување во оваа област. Во заклучокот се содржани крајните согледувања на кандидатката во форма на препораки за Република Македонија во што се состои научниот придонес на оваа докторска дисертација.

**Заклучок и предлог**

Докторскиот труд „*Слободата на движење на работниците од трети држави во Европската унија*", од кандидатката м-р Билјана Чавкоска, обработува мошне интересна тема, при што, корисноста од направеното истражување и направените анализи се зајакнати со актуелноста на темата не само во западноевропскиот туку и во глобалниот светски контекст, факт што влијае и врз подигнување на свесноста за нејзината не помала релевантност и во западнобалканскиот контекст.

Структурата на трудот е избалансирана. Материјата во сите главни аспекти е исцрпна, детално и мошне темелно презентирана според логичен редослед. Содржината на трудот е презентирана на едноставен и јасен начин.

Во рамките на утврдениот предмет, реализираното истражување и направените анализи, кандидатката ја обработува широката проблематика не само прегледно, туку многу продлабочено, отварајќи бројни дилеми и прашања, притоа давајќи сопствени одговори и констатации, т.е сугерирајќи сопствени ставови и видувања.

Темата на докторскиот труд е обработена со употреба и комбинирање на неколку научни методи, во функција на успешно анализирање, докажување и презентирање на поставените тези. Трудот претставува самостоен стручно-научен труд во кој кандидатката преку примена на соодветна научна методологија, изразува завидна способност за научна разработка на поставените тези, поставувајќи солидно изведени и издржани заклучоци, притоа покажувајќи завидна способност за користење на стручна и научна литература. Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сугестии поместени во трудот даваат солидна основа за понатамошно комплексно истражување на прашањата поврзани со оваа тема, во што се состои и основниот научен придонес на овој докторски труд.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата и причинува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да и овозможи на кандидатката м-р Билјана Чавкоска да пристапи кон јавна одбрана на својот докторски труд.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Гзиме Старова, с.р.
2. Проф. д-р Тодор Каламатиев, с.р.
3. Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.
4. Проф. д-р Татјана Петрушевска, с.р.
5. Доц. д-р Тони Дескоски, с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКОТО ЗВАЊЕ **АСИСТЕНТ** ОД ОБЛАСТА **МЕТОДИКИ НА НАСТАВНО - НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ**: МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО АЛБАНСКИ ЈАЗИК, ЗА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК И МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО КУЛТУРА НА ГОВОРОТ, ЗА ГРУПАТА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, КАКО И ОД ОБЛАСТА **ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА, ПО ПРЕДМЕТОТ** ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, ЗА ГРУПИТЕ: ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, на својата одржана седница на 27.1.2010 година, донесе одлука бр. 02-65/1 од 5.2.2010 година, за формирање Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Нешит Садику, претседател;
2. проф. д-р Авзи Мустафа, член;
3. проф. д-р Мито Спасовски, член.

На конкурсот за избор во соработничкото звање асистент од областа **Методики на наставно - научните области**, по предметите: методика на наставата по албански јазик, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и Методика на воспитно - образовната работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, како и областа **литература за деца,** по предметот литература за деца на албански наставен јазик за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, објавен во дневниот весник „Дневник" на 23.12.2009 година, како единствен кандидат се пријавил **м-р Лулзим Алиу,** магистер на филолошки науки.

Откако ги анализиравме доставените материјали од страна на кандидатот, имаме чест на Наставно - научниот совет да му го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци за кандидатот

Кандидатот **м-р Лулзим Алиу**, е роден на 1.5.1977 во Кичево. Основното образование го завршил во ОУ „Санде Штерјоски" во Кичево, во учебната 1990/91 година, а истата година се запишал во ЦСО „Мирко Милески" во Кичево што го завршил со одличен успех. Во текот на средното образование, кај него се роди љубовта кон мајчиниот јазик и книжевноста, па од таа причина веднаш по завршувањето на средното образование се запишал на групата за

албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Бил редовен студент и многу активен во предавањата што се одржувале од страна на професорите. Студиите ги завршил навреме (дури и пред време), со просечен успех 8.20.

На истата катедра каде што и ги завршил, додипломските студии, кандидатот се запишал на постдипломските студии на групата албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Во меѓувреме веднаш по завршувањето на студиите, т.е. во 1999 година, почнал да работи како наставник во ОУ „Санде Штерјоски" во Кичево. Во истото училиште работи и ден-денес. Но, вработувањето не била пречка да ги продолжи постдипломските студии, кои редовно ги следеше и навреме ги положил сите предвидени испити.

На 25 јануари 2006, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, пред составената комисија ја бранел магистерската тема под наслов: ***Јазикот во народните албански песни од кичевскиот регион***, која била одлично оценета од страна на членовите на комисијата.

Со самиот чин на добивање на научното звање магистер на филолошки науки, за кандидатот и се отвориле можностите и хоризонтите за понатамошно занимавање со науката и конкретно со јазикот и книжевноста. Интересна област е и споредбата на јазиците кои се во контакт, т.е. еден до друг, како што е и албанскиот јазик со македонскиот јазик и книжевност. Од таа причина одлучил како докторска дисертација да работи тема токму од таа област.

Во 2008 година, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје ја пријавил својата докторска дисертација.

По завршувањето на студиите, од учебната 1999/2000 година почнал да работи како професор во основното училиште „Санде Штерјоски" во Кичево. Ги држи предавањата по предметот албански јазик и книжевност. За потребите на училиштето се ангажира и во вршење на преводи на разни материјали и состаноци од албански на македонски јазик и обратно.

На ова работно место е до ден-денес.

Во 2005 година во истото основно училиште е ангажиран и како координатор – администратор, со посебен ангажман за организирање и координирање на активностите, како и реализирање на разни проекти што се одвиваат во училиштето.

Од 2000 година е овластен судски преведувач од албански на македонски јазик и обратно. Со оваа работа се занимавал дополнително надвор од работните обврски што ги имал во училиштето, како преведување на разни документи и преведување на разни материјали од разни области. Исто така, има направено и доволно преводи на материјали кои се користени во проекти, што се одржувале во училиштето каде што работи, но и во други училишта, а се од областа на образованието, односно одржување на семинари и работилници кои имале за цел понатамошно усовршување на наставниот кадар.

Во 2007 година, од страна на УСАИД, кандидатот следел неколкудневен семинар во Струга, за што добил сертификат за обучувач на ИКТ во наставата. Со тоа станал главен обучувач на наставниците за користење и спроведување на

информатичката и комуникациската технологија во наставата. Преку овие обуки, кои се одржувале неколку месеци, биле опфатени најголемиот број на наставници од сите основни училишта на албански јазик од општините Кичево, Зајас и Осломеј. По завршувањето на обуките, м-р Лулзим Алиу вршел и мониторинг на наставниците, за тоа како тие ги спроведуваат постигнатите знаења во наставата.

Од 2009 година, во склоп на проектот „Модернизација на образованието" реализиран преку МОН и БРО, ангажиран е од страна на ДЕТРА како обучувач на наставниците во основните училишта за одредени теми, како што се: оценувањето и вреднувањето, работата со надарените деца или децата со пречки во развојот. Обуки ќе се спроведуваат во наредните месеци, а треба да завршат до јуни 2010 година.

Од 2002 година хонорарно работи како новинар и уредник на вести во локалната телевизија ТВ „Ускана". Уредник е на емисијата за деца „Bilbilat magjikë" („Волшебните славејчиња") и долго време бил уредник, организатор и ја водел дебатната емисија за образование „Arsimi në thjerrëz" („Образованието под лупа").

Долго време е член и активен учесник на активностите на невладините организации, едновремено ја водел своја невладина организација. Преку невладиниот сектор учествувал на разни проекти и активности, меѓу кои се и „Школа за демократија", „Форуми во заедниците" и др. активности како што се набљудување на избори во РМ.

Треба да се истакне и тоа дека во текот на работното искуство во основното училиште има следено неколку семинари, работилници и обуки кои се поврзани со образовниот процес, како што се: „Граѓанско образование – пат кон граѓанско општество„ „Чекор по чекор", „Критичко мислење", „Социјална правда за деца", „Социјална правда за возрасни" и др.

Од 2007 до 2009 година е координатор и двигател на сите активности на проектот „Еднакви образовни можности за децата Роми", што се реализираше во основното училиште „Санде Штерјоски" во Кичево со децата Роми, а беше спроведен од страна на УСАИД.

Од февруари 2009 година е ангажиран при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје како демонстратор кај проф. д-р Нешит Садику, за одржување на вежбите во следните предмети: методика на албанскиот јазик, литература за деца и компаративна литература во групите од одделенска настава и предучилишно воспитание – на албански наставен јазик.

**Список на трудови**

1. ***Gjuha te këngët popullore shqipe të rrethit të Kërçovës.***
   ***- Јазикот во народните албански песни од кичевскиот регион***, магистерска теза (необјавена).
2. ***E folmja e Kërçovës (analizë fonetike – fonologjike).***
   ***- Кичевскиот говор (фонетско - фонолошка анализа),*** семинарска работа.
3. ***Përdorimi i drejtë i ë-së.***
   ***- Правилното употребување на безвучната самогласка ë***, објавен во студентскиот весник при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, „Rrezja", 1997.

4. ***Imperativi në gjuhën shqipe dhe maqedonase në veprën e Ismail Kadaresë „Pallati i ëndrrave".***
   ***- Императивот во албанскиот и македонскиот јазик во делото на Исмаил Кадаре - „Палатата на соништата".***
5. ***Kompozitat (fjalët e përbëra) në veprën e Naim Frashërit.***
   ***- Сложените зборови во делото на Наим Фрашери.***
6. ***Sistemi fonetik i fshatit Shutovë (rrethi i Kërçovës).***
   ***- Фонетскиот систем на с. Шутово (Кичевско).***
7. ***Krijimtaria artistike e Faik Konicës.***
- ***Прозното творештво на Фаик Коница .***

Во сите горенаведени трудови, како и во трудот на магистерската работа, треба да се истакне дека е користен научен пристап и е направена мошне сериозна и солидна работа. Иако овие трудови не се објавени, но се направиле напори за нивно објавување, и од разни причини не дошло до нивно објавување, или пак магистерскиот труд не добил финансиска поддршка од страна на Министерството за култура, сепак за нивната вредност зборуваат и оценувањето и вреднувањето од страна на стручните професори од таа област.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на гореизнесеното, имајќи го предвид неговото ангажирање во образовната дејност и учеството во разни активности и работилници од областа на образованието, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му препорача на Наставно - научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, кандидатот м-р Лулзим Алиу да биде избран во соработничкото звање АСИСТЕНТ од областа: **методики на наставно - научните области, по предметите: методика на наставата по албански јазик, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика на воспитно - образовната работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, како и од областа литература за деца, по предметот литература за деца на албански наставен јазик, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Нешит Садику, редовен професор с.р.
2. Д-р Авзи Мустафа, редовен професор с.р.
3. Д-р Мито Спасевски, редовен професор с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на својата седница одржана на 2.11.2009 година, определи Рецензентска комисија за преизбор во соработничко звање - асистент-истражувач од областа на социјалната психологија на кандидатите м-р Елеонота Серафимовска и м-р Наташа Басарова, кои се пријавија на конкурсот објавен во дневниот весник „ Нова Македонија ", на ден 2.10.2009

Комисијата во состав : проф. д-р Љубица Чонева, проф. д-р Јорде Јакимовски и проф. д-р Емилија Симоска, врз основа на поднесените документи го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1.Кандидат : Елеонора Серафимовска, магистер на психолошки науки**

Кандидатката м-р Елеонора Серафимовска е родена 1971 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Во 1990 година се запишала на Филозофскиот факултет, на Институтот за психологија. Студиите ги завршила во 1995 година со среден успех 8,9. Во 1996 година се вработила во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, каде што работи до денес во звањето асистент-истражувач. Во следната година (1997) се запишала на постдипломските студии на групата социјална психологија, кои со успех ги завршила со одбрана на магистерскиот труд „Влијанието на социјалната закана врз авторитарноста и социјалната доминација". Во 2006 година, м-р Елеонора Серафимовска е избрана во соработничкото звање асистент-истражувач.

*Дополнителна едукација*

Кандидатката м-р Серафимовска се има стекнато со дополнителна едукација во следниве области:

- Обука за **разрешување на конфликти** спроведена од Универзитетот во Братфорд, Англија, а организирана на Униврзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- Обука за **ненасилна комуникација**, психотерапевт: Нада Игњатович, Универзитет Белград;
- Обука за **метод на предавање со студија на случај**, проф. Џон Брок, Униврзитет Вашингтон, САД;
- лиценца за **водител на театарски претстави** по теркот на Happy Hippo Show, креатор на оригиналното шоу - Академијата за креативна морална едукација - Промовирање на позитивни пораки преку медиуми;
- обука за **симулација на кризи**, проф Frederic Holborn, John Hopkins University.

***Учество во проекти***

Во периодот по последниот избор, кандидатката м-р Серафимовска учествувала во поголем број проекти, меѓу кои:

- Ставовите на државните службеници за новото работно време, 2006 година, проект нарачан од Владата на РМ и спроведен во координација со Министерството за труд и социјална политика, како член на експертскиот тим;
- Политичките идентитети во Македонија, проект реализиран од ИСППИ, Скопје, 2007-2008, член на истражувачкиот тим;
- COST - акција, Физичко и ментално здравје на мигранти и малцинства, проект на Европската унија, Брисел, 2008-2009, член на работната група како единствен единствен претсавник од Македонија;
- Имиџот на *Македонска пошта,* заеднички проект со Агенцијата за рекламирање и маркетинг, „Република", Скопје, 2009, координатор на проектот.

***Објавени трудови***

Меѓу позначајните објавени трудови на м-р Елеонора Серафимовска се следниве:

- автор на текстот: „Структура на личност и резистентност на стрес во кризни ситуации - војна во соседството ", Годишник на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, волумен XXI, 177-199, 2000;
- коавтор на трудот: „Перцепција на историските настани што се случија на територијата на РМ во текот на 2001 година", Зборник „Македонија по рамковниот договор", Фондација „Институт отворено Општество Македонија, 2006;
- автор на текстот: „Влијанието на социјалната закана врз авторитарноста и социјалната доминација", Годишник на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, волумен XXXI, 67-86, 2006;
- автор на текстот: „Влијанието на социјалната закана врз авторитарноста и социјалната доминација", Годишник на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, волумен XXXI, 67-86, 2006;
- автор на текстот: „Стимулација на авторитраните диспозиции во услови на конфликт помеѓу социјалниот конформизам и личната автономија", Годишник на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, волумен XXXII, 57-68; 2007;
- автор на текстот: „Предиктори и манифестации на димензијата *Социјален конформизам- лична автономија*", презентиран на 31. Годишна научна конференција за политичка психологија, Париз, 2008, објавен на: www.allacadamic.com;
- автор на текстот: „Нова ера во полето на истражувањата на публиката", Годишник на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, волумен XXXIII, 331-341; 2009;
- коавтор на текстот „Психолошки детерминанти во процесот на рецепција на политичките пораки во печатените медуми", Даблин, 2009, објавен на: http://www.allacademic.com/meta/p_mla_apa_research_citation/3/1/0/1/4/p310148_index.html

***Учество на конференции***

- Годишна 31. Меѓународна конференција на политички психолози, *Градење на мостови: Политичката психологија и другите дисциплини*, Париз, Франција 9-12.7.2008.

*Конференции од COST- акцијата (проект на Европската унија):*

⇒ „здравјето на мигрантите и етничките малцинства: Мерење на резултатите", Реџио Емилија, Италија, 5-6.3.2009;

⇒ „улогата на НВО - ата и граѓанските организации во здравствената заштита на мигрантите и етничките малцинства", Лисабон, Португалија, 3-4.6.2009;

⇒ „интегрирање на здравствената и социјална служба за мигрантите и етничките малцинства: транскултурален пристап", Инсбрук, Австрија, 3-4. 9.2009;

⇒ „формирање на интимни партерства во заедниците на мигрантите" Осло, Норвешка, 21 - 22.10.2009;

⇒ „миграцијата на здравствените работници - мигрантите како ресурси", Женева, Швајцарија 26 и 27. 11.2009.

***Искуства со предавања***

- демонстратор по предметот теории на комуниакации (Пропаганда) на постдипломските студии во ИСППИ, 2007;
- асистент по предметот развој на човечки ресурси (група менаџмент на човекови ресурси - постдипломски студии при ИСППИ), 2005/2006/2007/2008/2009;
- предавач по предметот комуникациски теории (група: комуникологија - постдипломски студии при ИСППИ, 2007;
- демонстратор по предметот методологија во политичките науки, на постдипломските студии во ИСППИ, 2007/2008;
- предавач по предметот анализа на медиуми, на постдипломските студии во ИСППИ, 2008/2009.

Кандидатката м-р Елеонора Серафимовска поседува и искуство со компјутерските програми (Microsoft World, Microsoft Excel, Microsoft Outlook, Microsoft Office и Power Point), како и со статистичките комјутерски програми. Активно го зборува англискиот, а пасивно италијанскиот јазик.

**2.Кандидат: Наташа Басарова, магистер по образовен менаџмент**

Кандидатката м-р Наташа Басарова е родена 1979 година во Велес. Во 2000 година се запишала на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за социологија и во 2005 година се стекнала со стручен назив дипломиран социолог. Постдипломски студии запишала на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за педагогија. Со научен степен - магистер по менаџмент во образованието се стекнала во 2009

година со одбрана на магистерскиот труд „Комуникациски вештини на директорите на училиштата", со средна оценка 8,42.

Кандидатката м-р Наташа Басарова има работно искуство од 3 месеци и 10 дена како професор по граѓанско образование во Средното училиште „8 Септември"-Велес.

*Дополнителна едукација:*

- водење книговодство 1999-2000 година;
- работа со компјутери –прв степен почетен, 1999-2000 година.

*Познавање на компјутерски програми*

Кандидатката м-р Басарова има искуство со следниве компјутерски програми: World, Excel и Power Point. Активно го зборува германскиот, а пасивно англискиот јазик.

*Вештини и способности*

Кандидатката за себе вели дека поседува комуникациски вештини, организациски способности и способност за римска работа.

Од приложените документи по објавениот конкурс можеме да констатираме дека кандидатката м-р Наташа Басарова ги завршила постдипломските студии од областа на педагогијата, односно со потесен интерес од областа на образовниот менаџмент. Нејзиното скромно работно искуство е во настава како професор во средно училиште, а изготвени и објавени трудови кандидатката нема. Според тоа, кандидатката м-р Наташа Басарова, согласно со Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за работа на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, не ги исполнува условите и критериумите за избор во звањето - асистент- истражувач од областа на социјалната психологија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во заклучокот на овој извештај можеме да констатираме дека кандидатката м-р Елеонора Серафимовска, во звањето асистент- истражувач во Институтот, покрај основниот услов магитер по социјална психологија, има учествувано во реализацијата на повеќе истражувачки проекти, напишала и објавила повеќе трудови и стручни анализи, има дополнителна едукација во повеќе истражувачки области и се стекнала со солидно искуство во стручната и научноистражувачката работа во областа на социјалната психологија.

Врз основа на напред изнесеното и законските прописи за избор во соработничко звање - асистент-истражувач, Рецензентската комисија има чест на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да му предложи м-р Елеонора Серафимовска да биде преизбрана во соработничкото звање асиатент–истражувач од областа на социјалната психологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубица Чонева с.р.
Проф. д-р Јорде Јакимовски с.р.
Проф. д-р Емилија Симоска с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија за избор на два асистента по предметот ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА, во состав: проф. д-р Нада Петрова, проф. д-р Александар Анчевски и проф. д-р Љубица Павлова. На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 25. 11. 2009 година за избор во звањето асистент, се пријавија два кандидата, и тоа: д-р Катерина Дамевска и д-р Зорица Зафировиќ. Рецензентската комисија ги разгледа поднесените документи и трудови и врз основа на тоа го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. **М-р д-р Катерина Дамевска**

### Биографски податоци

Катерина Дамевска е родена во Струмица, на 30.10.1964 година. Во 1993 година дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје, со просек 8,8. Во периодот 1997-2000 година специјализирала дерматовенерологија на Клиниката за дерматовенерологија во Скопје, а од 2000 година е вработена на истата Клиника.

### Наставна дејност

Во 2004 година е избрана за помлад асистент при Катедрата за дерматовенерологија, а во 2007 година е нејзиниот прв преизбор. Учествува во практичната настава за студентите по медицина, стоматологија и студентите на Високата школа за медицински техничари во Скопје. Учествува во едукацијата на специјализанти по дерматовенерологија и тоа со серија предавања од повеќе области и индивидуална едукација во рамките на курсот по дерматопатологија. Од 2009 година е предавач по предметот дерматологија со нега на болен на ВМШ во Битола.

**Стручно-научна активност**

Научниот и стручниот интерес на кандидатката е насочен кон дерматопатологијата, васкулитите, кутаните манифестации кај интерните болести, педијатриската дерматологија и алергиските болести. Од 2001 година работи во Кабинетот за дерматохистопатологија. Во 2005 година специјализирала дерматопатологија на Универзитетската александровска болница во Софија, кај проф. д-р Марија Балабанова. Во 2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Клиничко-хистопатолошка корелација кај кутаниот леукоцитокластичен васкулит", под менторство на проф. д-р М.Станојевиќ, на Медицинскиот факултет во Ниш. Член е на Здружението на дерматовенеролози на Македонија. Во 2007 и 2008 година е добитник на благодарници од МЛД. Во 2005 година е добитник на стипендијата "Gerdha Frrens", EADV. Член е на Научниот одбор на IV конгрес на дерматовенеролозите на Македонија. Кандидатката е автор и коавтор на 2 научни публикации и учествувала на 18 конгреси и научни форуми во странство и кај нас.

**Трудови за рецензија**

1. К.Дамевска. Уртикариски васкулит. Предавање по покана. Прв македонски ревматолошки конгрес-МААР 2009, Зборник на апстракти, 33.

Трудот претставува систематичен преглед на еден клиничко-патолошки ентитет, со осврт на етиопатогенезата, клиничката презентација, значењето на хистолошката верификација, дијагностичките и тераписките протоколи. Нагласена е потребата од рана дијагноза и исклучување на асоцирани системски болести, кои според податоците од литературата се среќаваат кај 25%-40% од болните. Значајно е што во трудот се наведуваат и искуствата со оваа болест на Универзитетската клиника за дерматологија и тоа 24 хистолошки верифицирани случаи во десетгодишен период, од кои кај 11 е детектирана асоцирана болест.

2. Ѓ.Гоцев, К.Дамевска. Lupus vulgaris serpinginosus. Dermatology and venerology, 2009, Supp 1, 29.

Прикажан е редок случај на туберкулоза на кожата, со еволуција од најмалку 50 години, дијагностициран и успешно лекуван на Клиниката за дерматологија. LV serpinginosus е термин со кој се опишуваат малубројни случаи на lupus vulgaris, кај кои заради централната регресија и периферниот раст на кожните промени, тие имаат специфичен аспект. Дијагнозата е потврдена хистопатолошки, а туберкулостатската терапија дала брз одговор. Споредено со податоците од литературата, ова е случај на lupus vulgaris со најекстензивни промени и со една од најдолго опишаните траења.

3. К.Дамевска, Ѓ.Гоцев. Локализиран хроничен фиброзирачки васкулит на кожа: erythema elevatum diutinum и granuloma faciale. IV конгрес на дерматовенеролозите на Македонија, 2009. Зборник на резимеа, 55.
Прикажана е серија од 4 случаи, со хистопатолошки наод на хроничен локализиран фиброзирачки васкулит на кожата. Презентирани се клиничките и хистолошките карактеристики на 2 случаја на erythema elevatum diutinum (EED) и 2 случаја на granuloma faciale (GF). Кај двата случаи на EED се опишува успехот на системската терапија со дапсон. Кај случаите со GF, применета е само локална терапија, без значителен успех.

4. Ѓ.Гоцев, К.Дамевска. Метастатски карцином на кожа со потекло од аденокарцином на дојка. IV Конгрес на дерматовенеролозите на Македонија, 2009. Зборник на резимеа, 56.
Прикажана е серија од 5 случаи на хистолошки докажани кутани метастази од аденокарцином на дојка, детектирани во Кабинетот за хистопатологија при Клиниката за дерматологија во периодот 2002-2009. Кај сите пациентки кутаните МС се јавиле по хируршка интервенција (4 по мастектомија, кај еден случај по екстирпација на нодус). Времето од оперативниот зафат до појавата на МС изнесувало 4-28 месеци. Авторите ги опишуваат клиничките и хистолошките презентации на овие случаи и ја потенцираат потребата за внимателен преглед на секоја нодуларна, еризипелоидна, телеангиектатична или морфеиформна промена во пределот на оперираната дојка.

5. К.Дамевска, Ѓ.Гоцев, А.Анчевски, М.Станојевиќ. Хиперсензитивен васкулит кај дијабетични пациенти: компарација на клиничките карактеристики со недијабетични пациенти. IV конгрес на дерматовенеролозите на Македонија, 2009. Зборник на резимеа, 62.
Во овој труд ретроспективно се анализирани 52 пациента со хиперсензитивен васкулит (ХВ), од кои 12 имале придружен дијабет, а 40 немале придружен дијабет. Компарацијата на клиничките параметри на овие две групи пациенти покажала дека пациентите со ХВ и придружен дијабет имаат поекстензивни кутани промени, почесто развиваат улцерации и имаат поизразени болки. Авторите забележале и дека овие пациенти имаат почести ренални компликации.

6. В. Бришкоска, Е.Ангеловска, Дамевска, К. Г.Гоцев. Линеарна ИгА булозна дерматоза-приказ на случај. IV конгрес на дерматовенеролозите на Македонија, 2009. Зборник на резимеа, 85.
Прикажан е редок дерматолошки ентитет, од групата на автоимуни булозни дерматози, со опис на клиничките, хистопатолошките и имунофлуоресцентните наоди. Авторите го опишуваат дијагностичкиот протокол и успешната комбинирана терапија со системски кортикостероиди и дапсон.

7. S.Nikolovska, G.Gocev, K.Damevska, Lj.Pavlova, A.Ancevski. Evaluation of effects of sclerotherapy foe leg teleangiectasia with high frequency ultrasound. Cosmoderm, Athens, 2008. Book of abstracts 88.
Склеротерапијата е најчесто применуван третман кај телеангиектазиите на кожа. Високо фреквентниот ултразвук (20MXз) може да ги визуелизира вените. Со цел да го евалуираат ефектот од инјекционата склеротерапија, авторите вршеле визуелизирање на крвните садови со ултразвук пред и по терапија. Испитувани се 20 лица со телеангиектазии на нозете. Високофреквентниот ултразвук се покажал како корисен метод за детекција на причината за лош ефект за склерозирањето на вените – постоење на „feeding vein" или реканализација на тромбот.

8. К.Дамевска, Ѓ.Гоцев. Еозинофилни улкус на језику. Конгрес дерматовенеролога Србије, 2009.
Авторите прикажуваат прв случај на еозинофилен улкус на јазикот, објавен во Р.Македонија. Станува збор за еден клиничко-патолошки ентитет кој е ретко обработен во дерматолошката литература. Специфичност на овој случај е многубројноста на улцерациите на јазикот и непцето, иако во литературата најчесто се опишуваат случаи со солитарни промени. Дијагнозата е поставена хистопатолошки, со наод на инфилтрат со доминација на еозинофили, кој се протега длабоко до мускулатурата на јазикот.

9. К.Дамевска, Ѓ.Гоцев. Scabies crustosa – prikaz tri slucajeva. Београдски дерматолошки дани, 2008. Зборник радова 32.
Крустозниот скабоес е ретка и тешка инфестација со Sarcoptes scabiei, која се јавува кај имуносупримирани лица или е резултат на доцна дијагноза и неадекватен третман. Авторите прикажуваат три случаи на крустозен скабиес регистрирани во две години во Македонија. Кај едниот случај се работи за скабиозна инфестација на пациентка со системски еритемски лупус лекувана со високи дози на кортикостероиди. Вториот случај е пациентка со сенилна деменција и долготрајна неадекватна локална терапија. Во третиот случај се работи за доцна дијагноза на скабиесот и повеќе придружни болести.

## 2. Д-р Зорица Зафировиќ

### Биографски податоци

Родена е во 1967 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Студиите на Медицинскиот факултет ги завршила во 1993 со просечна оценка 8,7. Стручен испит за лекари положила во 1994 година, кога се стекнала со лиценца за работа.

Една година работела како доктор на медицина во ординација за општа медицина. Во 1996 година започнала приватна специјализација по гинекологија и акушерство и работела во Специјалната болница за гинекологија и акушерство во Скопје. Во 2000 година и била одобрена приватна специјализација по дерматовенерологија, а во 2001 година се вработила на Клиниката за дерматовенерологија-Клинички центар, Скопје, со работни задачи - лекар на специјализација. Во 2003 година го положила специјалистичкиот испит по дерматовенерологија. Во 2005 година ги започнала постдипломските студии по дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Во 2007 година ја започнала супспецијализацијата по медицинска козметологија според планот и програмата предвидени за неа од Деканатот на Медицинскиот факултет.

**Стручна активност**

Активно е вклучена во редовната стручна рутинска дејност како лекар специјалист дерматовенеролог со извонредно висок интерес и агилност во секојдневната работа со пациентите на Клиниката. Активно е вклучена во супспецијалистичката амбуланта за корективна и естетска дерматологија во областа на превенцијата, дијагностиката и лекувањето на визуелно видливите недостатоци на кожата, вклучувајќи го и стареењето на кожата, како и од областа на бенигните и малигните тумори на кожата.

**Наставна активност**

Вклучена е во редовната наставна дејност на Катедрата за дерматовенерологија со активно учество во практичната настава за студентите по медицина и стоматологија.

За **континурана медицинска едукација** во областа на дерматологијата, учествувала на работилници и курсеви во рамките на стручните конгреси и симпозиуми на Европската академија за дерматовенерологија во Будимпешта (2004), Фиренца (2004), Софија (2005), Лондон (2005), Родос (2006), Вашингтон (2007), Виена (2007), Париз (2008) и Берлин (2009). Била учесник и на работилници организирани во рамките на конгресите за естетска медицина и спречување на предвремено стареење на кожата (anti-aging) во Цирих (2004), Монако (2005) и Порторож (2008).
Во 2005 година беше активно вклучена во изготвувањето на проектот „Упатства за практикување медицина заснована на докази" (Evidence based medicine), организиран од Министерството за здравство.
Поради потребата од совладување на најновите дијагностички и практични вештини во областа на дерматологијата се наметнува потребата за пренесување на светските искуства во нашата земја. Во прилог на тоа, во 2005 година, во Белград, Србија (под водство на водечките светски дермоскописти Argenziano, Soyer, Zalaudek), успешно го завршила курсот за

дермоскопија и стекнува солидно теоретско и практично знаење за оваа област. Во 2007 година, исто така во Белград, Србија, го завршила едукативниот курс за криохирургија на кожата. Во 2009 година остварила стручен престој на Универзитетската болница, Клиника за дерматологија во Цирих, Швајцарија. Во Салцбург, Австрија, истата година била активен учесник на Меѓународниот семинар по дерматологија-Salzburg Weill Cornell Seminar-Dermatology.

**Општествена активност**

Член е на Лекарската комора на Македонија, Македонското лекарско друштво, односно на Здружението на дерматовенеролози на Македонија, Меѓународното здружение за дермоскопија (IDS) и на Меѓународната Унија за полово преносливи инфекции (IUSTI).

Активно се служи со англискиот јазик и има основни познавања од италијанскиот јазик. Има познавања и редовно ги користи можностите на персоналните компјутери.

**Научноистражувачка дејност**

Како автор и коавтор учествувала во изработката на повеќе стручни и научни трудови презентирани на конгреси и стручни собири во земјата (II, III и IV конгрес на дерматовенеролози на Македонија во Охрид) и во странство.
Во 2008 година е предавач на стручен состанок организиран од Здружението на дерматовенеролози на Македонија во Скопје со наслов: „Ризик фактори и превенција на кожни карциноми". Во 2009 година е предавач на тема: „Превенција и рана детекција на малигни неоплазми на кожа" на стручен состанок организиран од истоименото Здружение.

Трудовите со реден број 1-15 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 867 од февруари 2005 година.

Трудовите со реден број 16-17 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" број 941 од април 2008 година.

Како автор и коавтор е вклучена во три труда кои ги приложува при овој нејзин избор за асистент по предметот дерматовенерологија.

18. **Зафировиќ З.** Значење на превентивните програми за рано откривање на малигни неоплазми на кожа во Република Македонија. IV конгр.дерматовенерол.на Мак.меѓун.учест., Охрид, 23-26.9.,Зборник на резимеа, апстракт 19, 2009.

Целта на овој труд е да се укаже на неопходноста за креирање и имплементирање на Национална програма за едукација на здравствените работници и населението за превенција на малигните неоплазми на кожата со посебен осврт на меланом на кожа. Оваа јавноздравствена стратегија треба да се фокусира на примарната превенција со информирање и подигнување на свеста за штетните последици од прекумерната експозиција на природна и вештачка УВ-радијација кај високоризични групи, особено деца и адолесценти. Во склоп на секундарната превенција најважна цел треба да биде раната детекција на меланомот со подигнување на свеста за значењето на самопрегледот на кожата од страна на пациентот и рутинскиот преглед на кожата од страна на искусен доктор. Неопходно е организирање на јавно-превентивна кампања со можност за бесплатен скрининг на кожата еднаш годишно за идентификација на пациенти со висок ризик. Комбинацијата на скрининг на кожата еднаш годишно и едукативната стратегија на национално ниво ќе овозможи намалување на морбидитетот и морталитетот од малигните неоплазми, односно меланомот во нашата земја кои се во пораст и се должат на нивното одложено откривање.

19. Мирчевска Г., Јанкоска Г., Петровска М., Хаџи-Петрушева Мелоска И., **Зафировиќ З.**: Детекција и профил на осетливост на *Candida* species кај пациентки со вулвовагинална кандидоза; Physioacta 2008; 1(2):37-46.

Во овој труд се анализирани 3147 генитални примероци во период од 3 месеци за присуство на квасници од родот *Candida*. Дел од изолатите на non-*albicans Candida* специес биле идентифицирани со YBC VITEK-картичка (bioMerieux, France). Профилот на осетливост на антимикотици (amphotericin B, 5-fluorocytosine, miconazole, ketoconazole, econazole и nystatin) бил одредуван со ATB Fungus-методот (bioMerieux, France). Со YBC VITEK биле идентифицирани: *C.glabrata*-51,2%, *C.kefyr*-23,3%, *C.krusei*-11,6%, *C.parapsilosis*-7%, *C.rugosa*-1,9%, *C.lambica*-1,9% и *C.tropicalis*-1,9%. Од испитаните соеви, 46% изолати на *C.glabrata* биле резистентни на amphotericin B, а 32% биле резистентни на имидазолите, а сите изолати биле осетливи на nystatin; сите изолати на *C.krusei* биле резистентни на имидазолите; изолатите на *C.parapsilosis* биле осетливи на испитаните антимикотици. Останатите квасници демонстрирале осетлив профил.

20. Матевска-Цифревска В., Даркоска Ј., **Зафировиќ З.**, Анчевски А. Клинички, фамилијарен и ендокринолошки статус кај пациенти со alopecia androgenetica. IV конгр.дерматовенерол. на Мак.меѓун.учест.,Охрид,23-26.9.2009, Зборник на резимеа, апстракт 21, 2009.

Во овој труд ретроспективно се анализирани клиничката слика, фамилијарната анамнеза и ендокринолошкиот статус на 603 пациенти со alopecia androgenetica, дијагностицирани на Универзитетската клиника за

дерматологија во Скопје во периодот 2006-2008 година. Сумираните резултати покажале најголема застапеност на стадиум II и III по Norwood - Hamilton кај пациентите од машки пол и стадиум I по Ludwig кај пациентките од женски пол. Кај повеќе од 60 % од пациентите била констатирана позитивна фамилијарна анамнеза, а кај повеќе од 10 % од пациентите имало покачени вредности на серумскиот тестостерон. Најзастапена била возрасната група 20-30 години и очекувано позастапени биле пациентите од машки пол.

## ЗАКЛУЧОК

По разгледувањето на приложените документи и материјали на конкурсот за избор на **два асистента** по предметот дерматовенерологија Рецензентската комисија со задоволство констатира дека двете кандидатки ги исполнуваат условите за предвидените места и му предлага на Наставно-научниот совет, д-р Катерина Дамевска и д-р Зорица Зафировиќ да бидат избрани во звањето асистент по предметот дерматовенерологија, бидејќи покажуваат перманентно усовршување во областа на дерматовенерологијата, максимална ангажираност во нивната работа и учество со трудови во повеќе стручно-научни публикации.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Нада Петрова с.р.

Проф. д-р Александар Анчевски с.р.

Проф. д-р Љубица Павлова с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата втора редовна седница одржана на 9.12.2009 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на м-р Гордана Алексова на конкурсот за избор на виш лектор по предметот современ македонски јазик, објавен во *Утрински весник* на 6.11.2009 година. Му благодариме на Наставно-научниот совет за укажаната чест и го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс се пријави м-р Гордана Алексова, виш лектор при Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

М-р Гордана Алексова е родена во 1963 година во Скопје, каде што го оформила и целокупното образование. Во 1981 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје на групата македонски јазик – еднопредметна и дипломирала во 1985 година. Од февруари 1986 година работела како стажант на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици и изработила стажантски труд под наслов *Трансферзално истражување на усвојувањето на литературната норма низ пишаната форма на јазикот*. Од октомври 1987 година е во редовен работен однос на Факултетот, како помлад асистент. Од 1994 до 2006 година работела како асистент, а **од 2006 година е виш лектор при Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици**.

За време на студиите учествувала на студентски дијалектолошки испитувања во Полска, како и во меѓууниверзитетската студентска размена со Универзитетот во Воронеж, Русија. Во 1987 година ја посетувала летната школа по руски јазик на Семинарот за руски јазик во Москва.

Во 1987 година, м-р Г. Алексова се запишала на постдипломски студии по македонски јазик на Филолошкиот фалултет во Скопје, а во 1993 година го одбранила магистерскиот труд *Лингвостилистички пристап во наставата по македонски јазик*, под менторство на проф. д-р Ружа Паноска. Од него, а и од библиографските единици од овој период, може да се забележи дека тежиштето на својот научен интерес м-р Алексова го става на теоријата и практиката на наставата по македонски јазик, при што го негува и постојано го дополнува својот интерес за пошироката научна област – современиот македонски јазик. Тоа е и разбирливо, зашто работата врз методичката проблематика е во постојана интеракција со содржините од современиот јазик. Во ноември 2008 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје ја прифати за изработка на докторска дисертација темата на м-р Алексова, со наслов: ***Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ моделите на современите наставни системи.***

Од вработувањето на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, м-р Алексова била вклучена во вежби по предметите: методика на наставата по македонски јазик, современ македонски јазик I и II, морфологија на македонскиот јазик, граматика на македонскиот јазик 1,2,3,4,7,8 за студентите од групата ПиТ-албански јазик и култура на говорот на повеќе студиски групи и факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во

Скопје. Била и е реализатор на курсевите по практика на наставата по македонски јазик 1 и 2 и Современ македонски јазик 1-8 (ПИТ- албански јазик). Активно учествува во организирањето и во реализацијата на хоспитациите по предметите Методика на наставата по македонски јазик и Практика на наставата по македонски јазик 2 во основни училишта во Скопје, како и во изведувањето на практичните испити по овие предмети.

На научни средби и конференции м-р Гордана Алексова учествувала, претежно, со трудови од областа на методиката, но и од областа на современиот македонски јазик и лингвостилистиката. Редовно учествува на семинари и советувања по македонски јазик, најчесто како предавач и обучувач за наставниците во основното и во средното образование, како и во активностите на Сојузот на друштвата за македонски јазик. Изготвува тестови и вклучена е во реализацијата на општинските и на државните натпревари по македонски јазик за основното и за средното образоване. Долгогодишен активен член е на Извршниот одбор на Сојузот на друштвата за македонски јазик.

Била член на организацискиот одбор на Шестиот научен собир на млади македонисти. Била член на организацискиот одбор и модератор на јавната трибина *Статусот на македонскиот јазик во наставата* во рамките на манифестацијата: *2008 – година на македонскиот јазик*. Повеќе години е член на Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

М-р Гордана Алексова 12 пати била лектор на Летната школа по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид. Од 1995 до 1999 година била лектор по македонски јазик на Едебијат факултетот на Истанбулскиот универзитет. Неколкупати ја изведувала наставата по македонски јазик за странски студенти што се запишуваат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, во 2003 година, м-р Алексова учествувала во обуката на преведувачите од албански јазик, вработени во Собранието на РМ.

М-р Алексова учествувала во проекти и во обуки од областа на активната настава, организирани од Министерството за образование на РМ, како на пример, проектот за Националната програма за основното образование (за полуматурата). Била претседател на работната група за предметот македонски јазик и активно учествувала во проектот Државна матура, при што особено треба да се истакне нејзината активност при изготвувањето на испитната програма за матурскиот испит, на пилот-тестот по македонски јазик за државната матура, во изготвувањето на критериумите за вреднување на резултатите од државниот матурски испит, во обучувањето на средношколските професори за оценување на тестот од државната матура итн. Работата на м-р Гордана Алексова во двата горенаведени проекта била проследена со нејзино учество на бројни семинари и обуки за изработка на наставни програми и на тестови по јазик за основното и за средното образование, организирани за потребите на проектите, а реализирани од проектните партнерски страни од Холандија.

При Министерството за образование на РМ, м-р Гордана Алексова повеќекратно била член или претседател на Комисијата за стручниот државен испит по предметот македонски јазик за основното и за средното образование. Била член на комисии за оценување учебници по македонски јазик за основното образование при Министерството за образование и наука на ПМ, како и при издавачката куќа „Просветно дело" во Скопје.

Во 2006 година, м-р Алексова учествувала во организирањето и реализацијата на научно-стручната екскурзија по предметот методика на наставата по македонски јазик во Р. Албанија, за студентите од групите македонски јазик и македонска литература, при што се соработувало со неколку основни училишта во Мала Преспа, каде што се изведува настава по македонски јазик за учениците од македонска националност.

Како член на работната група во Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, м-р Гордана Алексова работи како овластен испитувач и составувач на тестови.

Во рамките на стручното усовршување ги посетувала и добила сертификати од обуките организирани од Филолошкиот факултет во соработка со УСАИД и со Институтот за отворено општество: *Изработка на наставни планови и програми според Болоњската декларација, Креативна настава и учење, Со читање и пишување до креативно мислење, Обука за социјална правда и Примена на информатичко компјутерската технологија во наставата.* Во рамките на активностите на ЦЕТИС МАК - Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, успешно ги завршила тренинг-програмите за изработка на сертифицирани тестови за Б2 и А2-ниво на познавање на македонскиот јазик како странски/втор јазик.

Во моментов, м-р Алексова е координатор за ЕКТС - наставата при Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

Кон пријавата за реизбор на местото виш лектор по предметот современ македонски јазик, кандидатката има приложено и список на трудови, од кои може да се забележи дека таа сериозно навлегла во суштината на проблематиките со кои се занимава. Од наведените библиографски единици, десет се хроники, прикази на книги, на научни собири и слично. Во девет статии се третираат содржини од областа на јазичната стилистика, главно, на граѓа од уметничколитературниот стил. Некои од нив се лингвостилистичка анализа на дела на автори од македонската литература, а некои претставуваат функционална врска помеѓу содржините од стилистика и содржините од методика. Дел од овие статии се со следниве наслови: *Блаже Конески и македонската стилистика, За примената на лингвостилистичкиот метод во наставата по македонски јазик, Принципот на системност и последователност низ содржините по стилистика, За некои лингвостилеми во „Пустина", За некои стилски особености во јазикот на македонската уметничка литература* и *Лингвостилемите во расказите на Драги Михајловски.*

Во дваесет и две статии на м-р Гордана Алексова се обработуваат теми кои се директно поврзани со методиката на наставата по македонски јазик. Во некои од овие трудови објавени во периодот на почетокот од истражувачката работа на Алексова, се забележуваат повеќе општи забелешки по определени прашања од областа на методиката и тие се пренесени преку разработката на определени теми од областа на современиот македонски јазик. На пример, во трудот: *Некои особености во врска со конгруенцијата во јазикот на учениците*, авторката се задржува на непочитувањето на правилата за приспособување на реченичните елементи еден кон друг според определени граматички категории, што претставува еден од елементите со кои се нарушува стандардноста во

писмената и усната форма од јазикот на учениците. *Осврт на научно-теориската и методската целесообразност на учебниците по граматика во нашите осумгодишни училишта* претставува труд во кој детално се разгледуваат содржините од областа на морфологијата, претставени во форма на наставни единици во учебниците по граматика од петто до осмо одделение. Во него м-р Алексова вешто ги открива слабостите во дидактичко-методичкото оформување на овие учебни помагала, а особено се задржува на примерите што го илустрираат нарушувањето на методот на научност во пренесувањето на јазичните факти. Истовремено, нуди и можности за совладување на некои од постојчите некоректности, а сè со цел да се привлече вниманието кон содржините од граматика и уште повеќе – тие да ја поттикнат и да ја зајакнат љубовта на учениците кон мајчиниот јазик. Трудовите од овој период во кои се претставени карактеристиките на лингвостилистичкиот метод и аргументите со кои м-р Алексова го претставува како можност за збогатување на наставната практика по предметот македонски јазик во основното и во средното образование, претставуваат само запознавање со идејата за неговата примена во наставниот процесс. Ако овој метод правилно се постави во севкупните рамки на наставата по македонски јазик, тој ќе резултира со квалитет, зашто ја поттикнува креативноста на наставникот при реализацијата на наставните соржини по граматика и по литература, а учениците ги поставува во улога на активни субјекти во сложениот процес на совладување на тие содржини. На тој начин, полесно доаѓаат до израз логичко-мисловните и творечките способности, како и нивниот јазичен и книжевен сензибилитет.

Во трудовите што следат, односно во оние што се објавени по 1993 година, лингвостилистичкиот метод си наоѓа своја оправданост во неговата конкретна примена на определени граматички содржини. Во циклусот *Лингвостилистичкиот метод во моделирањето на наставниот процесс по македонски јазик*, објавуван во списанието *Литературен збор* (1993-1995), претставена е апликацијата на овој метод низ моделите на часови по фоностилистика, морфостилистика, синтаксостилистика и лексикостилистика. Секој од нив претставува потполно организирана наставна единица, при чие оформување се почитуваат принципите и се применуваат методите на современата настава по македонски јазик. Заслужуваат да бидат истакнати и трудовите *Програмските концепции на предметот македонски јазик од 1945 до 1950* и *Ономастиката во наставните програми по македонски јазик за средното образование*. Во првиот, м-р Алексова прави анализа на наставните програми по македонски јазик од 1945 до 1950 година. Тие претставуваат први официјални државни документи со коишто се пропишуваат обемот, длабочината и редоследот на наставните содржини по овој предмет, бидејќи и првите училишта со наставен македонски јазик датираат од 1944 година. Во трудот се истакнува историската важност на овие документи, а тие се доведуваат во врска со развојот на методиката на наставата по македонски јазик како научна дисциплина. Во вториот се предлагаат начини на збогатување на наставниот процес по македонски јазик во средното образование со содржини од ономастиката. Притоа, се истакнува дека тие нема да го оптоварат наставниот план со специјални часови за овие содржини, туку е испланирано нивно поврзување со веќе постојните содржини од областа на современиот јазик, на историјата и на дијалектологијата на македонскиот јазик, на веќе постојните часови за истите содржини.

Во трудовите објавувани по 1996 година м-р Гордана Алексова разработува проблеми врзани со наставата по македонски јазик во основното и во средното образование, а вниманието го задржуваат насловите *Резултати од едно истражување на состојбите во наставата по синтакса во основното образование* и *Уште еднаш за синтаксата во основното образование (на примери од граматиките за основното образование)*. Во првиот труд, м-р Алексова ги објавува резултатите од анкетата спроведена меѓу ученици и наставници во неколку скопски училишта, а во врска со состојбите во наставата по синтакса. Според авторката, наставата во овој дел од содржините по македонски јазик во основното образование е во криза и бележи низа слабости, а како причини се наведуваат програмски недоследности, како и недоследности во работата на наставниците. Во ист тон продолжува и следниот труд, во кој се изнесуваат методичките и лингвистичките недоследности на содржините по синтакса во учебниците за основното образование.

Во статиите од понов датум (2002 и 2008): *Македонскиот јазик како наставен предмет и како јазик во наставата во Република Македонија, За две општествени функции на македонскиот јазик, или: За статусот на македонскиот јазик во образованието* и *Наставата по јазик во функција на јазичната култура на младите*, м-р Гордана Алексова се покажува како солиден познавач и аналитичар на состојбите во наставата по македонски јазик во основното и во средното образование. Во нив, со прецизни процентуални податоци се покажуваат состојби на различни параметри поврзани со оваа општествена проблематика.

Од содржината во трудовите *За наставниот предмет македонски јазик во паралелките со наставен српски, албански или турски јазик* и *Споредба на наставните содржини во учебниците по македонски јазик како мајчин и како немајчин во основното и во средното образование во Република Македонија* (2003 и 2009) може да се забележи дека интересот на м-р Алексова за состојбите во наставата по македонски јазик го окупираат и проблеми поврзани со изучувањето на македонскиот јазик како немајчин – како јазик на средината или како странски јазик. Во статијата *Статусот на Македонците во Албанија*, од повеќе аспекти е претставена состојбата на Македонците во општествениот контекст на Република Албанија, а за нашиов извештај е важно дека се претставени моменти важни за наставата по македонски јазик за ова население.

Трудот насловен како *Придонесот на Ирена Савицка за македонската фонологија* (2009) е интересно „излегување" на м-р Алексова од наставните теми и текст кој ја покажува способноста на авторката да препознае и да исселектира релевантни научни факти од сите области на современиот македонски јазик. Во конкретниов случај се работи за претставување на придонесот на Ирена Савицка – полска лингвистка, фонетичарка, фонолог и балканолог, еден од авторите на *Фонологијата на македонскиот стандарден јазик*, за развојот на лингвистичката мисла кај нас на полето на фонологијата. Во трудот м-р Алексова успеала да издвои научни факти од опусот на оваа светски реномирана лингвистка, а со кои се потврдува местото на македонскиот јазик во балканското јазично семејство, поконкретно, во јазичниот западен Балкан.

М-р Гордана Алексова е коавтор на четири учебници по македонски јазик за основното образование, објавувани во периодот од 2001 до 2009 година.

Во сите свои трудови м-р Гордана Алексова применува соодветна и проверена научна методологија, а сознанијата до кои доаѓа се несомнен придонес за унапредувањето на наставата по македонски јазик и на научната област методика на тлото на Република Македонија.

Врз основа на изложеното во извештајов, слободни сме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му предложиме м-р Гордана Алексова да биде реизбрана во звањето виш лектор по предметот современ македонски јазик.

Скопје, 1. 2. 2010 год.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Стојка Бојковска, с.р.

2. Проф. д-р Живко Цветковски, с.р.

3. Проф. д-р Димитар Пандев, с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Гордана Живко Алексова

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје

**Научна област**: македонски јазик – методика на наставата по македонски јазик и современ македонски јазик

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава во летни школи и работилници како учесник:<br>-лектор на летната школа при Семинарот за македонски јазик, литература и култура – 4 пати x 1 поен = 4 поени<br>-подготвителна настава по македонски јазик за странски студенти при УКИМ – 4 пати x 1 = 4 поени<br>-обука на професори од средното образование на Семинарот за оценување на тестовите од државната матура – проект - Државна матура МОН 1 x 1 = 1 поен<br>-обука за преведувачи на албански и на македонски од Собранието на РМ, Флф "БК" 1 x 1 = 1 поен<br>-обука за наставници по македонски јазик од Р. Албанија при МСМЈЛК 2 x 1 = 2 поени<br>- предавање за наставниците по мак. ј. на Државниот натпревар по м.ј., 2007 1 x 1 = 1 поен | 13 |
| 2. | Одржување теренска настава:<br>-хоспитации по предметите практика на наставата по македонски јазик 1 и 2 и методика на наставата по македонски јазик 1 и 2 – просечно по 3 часа неделно во 2 семестра 3 x 15 недели x 0,04 = 1,8 поени<br>-теренска настава по предметот Методика на наставата по м.ј. во Р. Албанија – вкупно 20 часа 20 x 0,04 = 0,8 поени | 2,6 |
| 3. | Консултации со студенти:<br>400 x 0,002 | 0,8 |
| 4. | Одржување вежби (од прв циклус студии):<br>просечно 16 ч. во семестар 16 x 15 недели x 0,03 поени | 7,2 |
| 5. | Член на комисија за одбрана на магистратура - 1 | 0,3 |
| 6. | Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум – 2 прирачника за потребите на проектот на ЦЕТИСМАК, коавтор 2 x 3 поени | 6 |
| 7. | Основношколски учебник – коавтор 2 x 6 поени | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание 3 x 1 поен | 3 |
| 9. | Пакет материјали за одреден предмет:<br>- испитна програма за државната матура по м.ј. 2 x 1 поен<br>- пробни тестови и пилот-тест за држ. матура по м.ј. 1 x1 поен | 3 |
| | **Вкупно:** | **47,9** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во 5 обуки на проектот на Филолошкиот факултет во соработка со УСАИД и Институтот Отворено општество 1 x 3 поени | 3 |
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект – учесник во 2 проекта: ЦЕТИСМАК и ТЕМПУС при Филолошкиот факултет 2 x 5 поени | 10 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет 1 x 4 поени | 4 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор 2 x 3 поени | 6 |
| | **Вкупно** | **23** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во работата на комисии за државни натпревари – 2006, 07, 08, 09 по 1 државен натпревар по м.ј. за основното образование и по 1 државен натпревар по м.ј. за средното образование 8 x 1 поен | 8 |
| 2. | Учество во промотивни активности на Факултетот – хоспитации и практични испити по предметот методика на наставата по м.ј. во основни и средни училишта во Р. Македонија 4 год. x 1 поен | 4 |
| 3. | Член на национална жири-комисија - член на жири-комисии за наградата „Ацо Караманов" и за рецитаторските натпревари на државните натпревари по м.ј. 4 x 1 поен | 4 |
| 4. | Учество во меѓународна соработка со наставниците по м.ј. во Р. Албанија – еден од организаторите и учесник во теренската настава по предметот методика на наставата по м.ј. во Р. Албанија 1 x 2 поена | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачкиот одбор на зборникот од Шестиот | |

| | | |
|---|---|---|
| | научен собир на млади македонисти 1 х 0,5 поени | 0,5 |
| 2. | Член на организациски одбор на стручен собир – јавна трибина *Статусот на македонскиот јазик во наставата* во рамките на манисфестацијата: *2008 – година на македонскиот јазик* 1 х 0,5 поени | 0,5 |
| 3. | Член на организациски одбор на меѓународен научен собир - Шести научен собир на млади македонисти 1 х 1 поен | 1 |
| 4. | Награда за постигнувања од струкова организација – *Плакета за посебен придонес во работата на МСМЈЛК и афирмацијата на македонистиката во земјата и во странство* од ректорот на УКИМ | 3 |
| 5. | Член на факултетска комисија 1 х 0,5 поени | 0,5 |
| 6. | Координатор на ЕКТС-програма за групата македонски јазик 1 х 1 поен | 1 |
| 7. | Учество во комисии и тела на државни и други органи – претседател на испитна комисија за државен стручен испит по м.ј. при МОН 2 х 1 поен | 2 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | **26,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **47,9** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **23** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **26,5** |
| **Вкупно** | **97,4** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Стојка Бојковска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Живко Цветковски, член, с.р.
3. Проф. д-р Димитар Пандев, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОЛИТИКИТЕ НА ДЕСНИЦАТА И НИВНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПОСЛЕДИЦИ: ЕКОНОМСКИТЕ И НАЦИОНАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ НА КОНЗЕРВАТИВНИТЕ И ДЕМОХРИСТИЈАНСКИТЕ ПАРТИИ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р КИРЕ ШАРЛАМАНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 0903-1056/08) од 22.12.2009 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет нè избра за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов „**Политиките на десницата и нивните општествени последици: економските и националните политики на конзервативните и демохристијанските партии по Втората светска војна**", поднесена од **м-р Кире Шарламанов**. Комисијата, во состав: проф. д-р Ило Трајковски, проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, доц. д-р Константин Миновски, проф. д-р Бранислав Саркањац и проф. д-р Зоран Матевски, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов „**Политиките на десницата и нивните општествени последици: економските и националните политики на конзервативните и демохристијанските партии по Втората светска војна**", поднесена од **м-р Кире Шарламанов**, е елаборирана на 327 страници текст чукани со двоен проред со MAC C Times фонт, со 1712 параграфи и 65733 зборови. На главниот текст му претходат осум страници со содржина и една насловна страница.

Главниот текст на дисертацијата е структуриран во вовед, пет рамномерни дела и завршно согледување и е опремен со обемна библиографија од околу 360 единици на осумнаесет страници. Цитираните библиографски единици се наведени во текстот со користење на харварски стил на заградно упатување (автор-датум-страница). За упатување на одредени општи места или за допрецизирање на одредени идеи или податоци, авторот користи фусноти (118) на страниците на кои се појавуваат.

Воведот е елабориран на седумнаесет страници (1-17 стр.). Овде авторот ги претставува појдовните сознанија и претпоставки за општествената и научната релевантност на истражувањето на политиките на конзервативните и демохристијанските партии и ги најавува теориските и

методолошки рамки во кои се движи анализата на предметот на истражувањето.

Во првиот дел (*Поимно-теориска рамка*), на педест и една страница (18-69) се дефинираат основните поими со кои оперира дисертацијата: идеологија ( во врска со неа поврзаните поими - политичка филозофија, доктрини и вредности), јавни политики (односно економски, социјални и национални јавни политики како конкретно препознатливи општествени импликации од идеологиите), десница (односно конзервативизам и демохристијанство)

Во вториот дел (*Конзервативната политичка филозофија и социјалната доктрина на католицизмот*), на шеесет и две страници (70-132 стр) се анализираат идејните основи и главните претставници на конзервативизмот и демохристијанството. Идејните основи на конзервативизмот авторот ги лоцира и ги прикажува преку делата на најистакнатите претставници на конзервативата политичка филозофија во Британија (Едунд Бурк, Самјуел Колериџ, Бенџамин Дисраели, Мајкал Оушот), Франција (Де Местр, Де Боналд, Жан Боден, Алексис де Токвил, Маурис Баре, Шарл Маурис) и САД (Расел Кирик, Фридрих Хајек, Лео Штраус). Идејните основи на демохристијанството м-р Шарламанов ги лоцира во социјалната доктрина на католицизмот (зачната од папата Лео XIII во неговата енциклика Рерум новарум од 1891 година). Врз овие идејни основи и автори, кандидатот ги прикажува централните вредности на конзервтивизмот и демохристијанството врз основа на кои се формираат, организираат и дејствуваат десничарските политички партии.

Во третиот дел (*Конзервативни и демохристијански партии*) на триесет и една страница (133-164) се прикажуваат најзначајните политички партии кои во соодветните земји се главни афирматори на конзервативните, односно демохристијанските вредности и политики. Како примери за конзервативни партии се прикажани: Конзервативната и унионистичка партија од Британија, Републиканската партија од САД, неколку голистички партии од Франција. Како примери за демохристијански партии се претставени: Демохристијанската унија од Германија, Демохристијанскиот апел од Холандија и Народното републиканско движење од Франција.

Во четвртиот дел (*Економските и социјалните политики на десницата*), на педесет и осум страници (165-233), во две одделни точки со повеќе потточки се анализираат економските и социјалните политики на конзервативните партии, на една страна, и демохристијанските партии, на друга страна. Овде се посочуваат и објаснуваат и специфичните политики на некои од националните конзервативни или демохристијански партии. При тоа, кандидатот се потпира на автори и дела кои се референтни за одделните прашања и партии.

Во петтиот дел (*Националните политики на десницата*), на шеесет и четири страници се прикажуваат сознанијата од анализата на политиките на конзервативните и демохристијанските партии кон двата современи процеса на кои најсилно доаѓаат до израз позициите на анализираните идеологии и партии во однос на прашањата од националната политика.

Како такви процеси кандидатот ги прикажува европската интеграција (кога станува збор за националните политики на европските конзервативци и демохристијани) и на надворешната политика на САД, кога станува збор за националната политика (изолационизам, интервенционизам, унилатераллзиам) на Републиканската партија.

Во последниот дел (*Завршни соīледувања*), на десет страници, кандидатот на поконцизен начин ги прикажува главните социолошки тези на докторската дисертација: дека конзервативизмот и демохристијанството како политички идеологии претставуваат спротивставување на модернизациските процеси и особено на нивните идеолошки артикулации на либерализмот (особено неговиот секуларизам); дека, во тие општи рамки, конзервативната идеологија, со исклуок на САД, настанува во похомогени протестантски земји, додека демохристијанската доминира во земји со похетерогена конфесионална структура во кои католиците се големо малцинство; дека конзервативната идеологија ги легитимира интересите на повисоките класи, додека демохристијанската идеологија ги легитимира интересите на целата католичка заедница; дека конзервативизмот е заснован на Хобсовата претстава за природата на човекот, додека демохристијанството, преку католичката социјална доктрина, ја прифаќа Аристотеловата идеја за човекот како социјално суштество; дека овие разлики се појавуваат како разлики во односот кон конкретни политички прашања, како што се прашањето на пазарот, слободата на личноста, солидарноста, националните политики и други.

*Научниоīū ūридонес на дисерūацијаūа.* Приложениот труд од кандидатот м-р Кире Шарламанов претставува самостоен научен труд. Авторот главно се користи со секундарни податоци изнесени во бројни книги, извештаи и документи. Имајќи ги предвид ограничените ресурси и можности кои му биле на располагање како докторанд на УКИМ, кандидатот направил огромни лични напори да ги открие, да обезбеди, да ги прочита и да ги анализира најзначајните извори. Благодарение на тие напори, македонската социолошка мисла е збогатена со прв труд од ваков вид.

Од теориски аспект, како особен научен придонес се оценуваат два елемента на дисертацијата. Прво, искористувањето, поставувањето и утврдувањето на издржаноста на етаблираната социолошка теза дека политичките идеологии воопшто, а анализираните идеологии конкретно се општествено условени од основниот општествен конфликт карактеристичен за модерното општество - класниот конфликт. Второ, во анализата на предметот на неговото истражување (конзервативната и демохристијанската идеологија) применува оригинален методолошки пристап. Тој се состои во разлачувањето на три елементи на идеологиите: нивната политичка филозофија, нивните главни чинители (т.е. политичките партии) и нивните општествени импликации (т.е. јавните политики кои ги спроведуваат кога се на власт).

*Владеењеūо на кандидаūоū со маūеријаūа.* Кандидатот со начинот на кој е структуриран прибраниот материјал, со начинот на кој се обработени

темите и користени зафатените автори покажува самостојност и научна коректност. Соочен со огромниот број референтни автори и дела, кандидатот соодветно ги поставува своите цели и амбиции. Изведените заклучоци се засновани и теориски и методолошки поткрепени. Зафатените автори и дела ги репродуцира коректно, критички и ги искористува за поставување на нови проблеми и сопствени хипотези за понатамошни продлабочени истражувања.

*Предлог-заклучок.* Врз основа на посочените позитивни карактеристики на трудот и на високите оцени за начинот на кој кандидатот владее со материјата, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати дисертацијата **„Политиките на десницата и нивните општествени последици: економските и националните политики на конзервативните и демохристијанските партии по Втората светска војна**", поднесена од **м-р Кире Шарламанов**, и да одреди ден за нејзина одбрана.

**Скопје,**
25.1.2010

**КОМИСИЈА**
Проф. д-р Ило Трајковски, с.р.
Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, с.р.
Доц. д-р Константин Миновски, с.р.
Проф. д-р Бранислав Саркањац, с.р.
Проф. д-р Зоран Матевски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЧЕЊЕТО ЗА ТРАНСЦЕНДЕТАЛНОСТА – ОСНОВА НА КАНТОВИОТ ГНОСЕОЛОШКИ КРИТИЦИЗАМ И ХУСЕРЛОВАТА ФЕНОМЕНОЛОГИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ТРАЈЧЕ СЕРАФИМОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 3-та редовна седница одржана на 4. 11. 2009 година, нè избра за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов: **Учењето за трансценденталноста - основа на Кантовиот гносеолошки критицизам и Хусерловата феноменологија**, поднесена од м-р Трајче Серафимовски. Откако го проучи текстот на поднесената дисертација, Комисијата одлучи да му го поднесе на Наставно-научниот совет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Технички опис и анализа на трудот

Докторската дисертација - **Учењето за трансценденталноста - основа на Кантовиот гносеолошки критицизам и Хусерловата феноменологија**, поднесена од м-р Трајче Серафимовски, изложена е на на 276 страници текст во стандарден формат и со авторски пропред 1,5. Трудот го сочинуваат: Вовед (5-7), шест глави, со посебни наслови, изложени во повеќе оддели и пододдели исто така посебно насловени (8-265), Заклучок (266-270) и Литература - список на книги и статии со вкупно 153 библиографски единици на македонски, англиски, германски, руски, српски, хрватски, босански и бугарски јазик (271-276). Исто така, составен дел на дисертацијата се и фусноите со податоците за цитираната литература, објаснувања и коментари, кои опфаќаат 290 референцијални единици.

Тезата содржана во самиот наслов на дисертацијата, м-р Серафимовски започнува да ја елаборира веќе во својот *Вовед*. Откако ја истакнува актуелноста на темата, тој констатира дека поблиското определување на проблематиката на трансценденталноста произлегува од согледувањето на современите состојби на филозофијата, особено во онтолошко-гносеолошката проблемска сфера или, генерално, „прашањето за метафизиката во современата филозофија" (5). Учењата на Кант и Хусерл во светлината на актуелната борба за метафизиката, м-р Серафимовски ги оценува како значен придонес и основа за разбирањето на „сегашните достигања на филозофијата". Значењето на истражувањето на темата која е опфатена во оваа дисертација, кандидатот го согледува и во определувањето на трансценденталноста како „репрезентативен и перенијален проблем" пред кој се наоѓа исправено човечкото мислење. М-р Серафимовски со право констатира дека темелно, концентрирано и систематизирано дело посветено на истражувањето на оваа проблематика нема во македонското филозофско и културно подрачје. Сепак, тоа не го попречило да ги согледа

прилозите кон филозофијата на Кант и Хусерл кои ги дале македонските автори: Ферид Мухиќ, Коле Јовановски, Мирко Ѓошевски, Дејан Ничевски и Владимир Цидров. Посебно значајна поента на овој *Вовед* претставува истакнувањето на целите и задачите кои кандидатот м-р Серафимовски си ги поставил во оваа дисертација. На тој начин и се обврзал да даде одговор на прашањето кое го подразбира насловот на тезата: како треба да се разбере учењето за трансценденталноста врз кои се поставени основите на Кантовиот критицизам и Хусерловата феноменологија? Главите кои следуваат го тематизираат одговорот на ова прашање.

Првата глава - *Настанокот и развојот на трансценденталната филозофија* ја покажува амбицијата на Серафимовски да го зафати радикално предметот на своето истражување, прикажувајќи ги историски формираните различни значења на поимот на трансценденталноста. Раѓањето на трансценденталната филозофија овде се врзува за настанокот и развојот на филозофската проблематика на познанието во интервалот од Лок до Лајбниц. Како еден од пресудните моменти овде, м-р Серафимовски го истакнува Локовото разликување меѓу примарните и секундарните квалитети, момент кој ќе го отвори патот за достигањето на централната точка на трансценденталната филозофија – „учењето за свеста како темел на сите вредности на човековото знаење" (11). Кандидатот не ја пропушта можноста да одговори соодветно на поставените цели и задачи, па во оваа глава наоѓа место и за „историскиот осврт за терминот трансценденталност". Тој укажува на фактот дека поимот на трансценденталноста своето потекло го има во историските сфаќања на трансценденталите - поимите (категориите) кои се во темелот на онтолошката размисла. Од Платон и Аристотел, преку средновековието, овие фундаментални поими на филозофската размисла преминуваат и во нововековната филозофија. Така, Серафимовски го истакнува и новото значење кое терминот трансценденталност го стекнува почнувајќи од Декарт, преку Кант и германската класична филозофија, сè до современите филозофски учења на Хусерл, Шелер, Сартр, Мерло-Понти, Левинас. Вистинската тежина која во својата содржина ја стекнува поимот на трансценденталноста м-р Серафимовски смета дека потекнува од Декартовото учење за познанието. Тој овде ја истакнува и ја аргументира тезата дека почетоците на трансценденталната филозофија се врзани за Декартовиот однос кон средновековната логика, поточно кон силогизмот. Но, треба да се нагласи дека кандидатот ја прифаќа оцената на Касирер дека Декартовиот филозофски развој треба да се следи низ две гранки - методската и метафизичката. Овде Серафимовски смета дека е особено важно да се истакнат ставовите дека единството на интелектот се развива од принципите од кои е изведено математичкото и природното познание и дека вкупниот збир на знаењата мора да биде втемелен во едно највисоко метафизичко суштествување.

Кога станува збор за историскиот развој на трансценденталната филозофија, тогаш се неодминливи и корифеите на германската класична филозофија - Фихте и Шелинг. Свесен за овој факт, кандидатот м-р Серафимовски прави извесна инверзија во однос на хронологијата, па во намерата да биде доследен кон задачата која си ја постави со насловот на оваа глава, ги изложува и сфаќањата на трансценденталноста кај овие филозофи пред да премине кон Кантовата филозофија. Тој најнапред

констатира дека Фихте е самостоен и оригинален филозоф кој развива сопствена визура на трансценденталната филозофија, нагласувајќи го при тоа пресудното влијание кое врз него го имале Мајмон и Кант. Но, сепак, една од најзначајните поенти во ова излагање на м-р Серафимовски за историската генеза на трансценденталната филозофија е неговиот краток приказ на Шелинговиот систем на трансценденталниот идеализам. Истакнувајќи го основниот принцип на Шелинговата филозофија - идентитетот на природата и духот, Серафимовски го истакнува и клучот за нејзиното разбирање – „синтезата на двата стадиума на филозофијата, трансценденталната филозофија и филозофијата на природата" кои Шелинг ги изложил во неговиот „Систем на трансценденталната филозофија".

Кон непосредната елаборација на носечката теза на дисертацијата, м-р Серафимовски пристапува во втората глава - *Основата на Кантовата трансцендентална естетика*.

Својот пристап кон Кантовото учење за трансценденталноста м-р Серафимовски го започнува со нетипично насловениот оддел: „Филозофското предвечерје на *Критиката на чистиот ум*". Интерпретативната свежина, навестена во насловот, кандидатот ја внесува со посочувањето на изворната инспирација на авторот на *Критиката на чистиот ум*. Наспроти стереотипите за пресудното Хјумово влијание, поткрепено со Кантовото признание за „будењето од догматскиот дремеж", м-р Серафимовски ја истакнува поентата дека „оваа филозофија" - Кантовата - почнува да се гради во еден њутновски дух како спротивставување на Волфовата концепција по однос на прашањето за спротивноста на онтологијата и емпиријата, а во состав на темелниот Кантов интерес за разграничување помеѓу математиката и метафизиката" (37). Укажувајќи на пресудното влијание кое го имало разгорувањето на овој њутновски дух од страна на германскиот филозоф Крусиус, кандидатот м-р Серафимовски посочува на изворите од кои потекнуваат сите клучни поими на Кантовото учење за трансценденталноста: разграничувањето на поимот од егзистенцијата, принципите на поимите и судовите, можноста на синтезата априори, трансценденталниот идеалитет на просторот и времето, чистите поими на разумот, чистите поими на умот, стварта по себе. Не е без значење ни фактот дека овде кандидатот се повикува на едно од помалку познатите Кантови дела - *Рефлексии* (*Reflexionen*). Се разбира, тежиштето при изложувањето на оваа глава ќе биде врз трансценденталните услови на сетилното познание - просторот и времето. Но, при тоа е неодминливо прашањето за автентичното Кантово поставување на проблемот на трансценденталноста воопшто. Токму тоа го согледува и кандидатот, па вториот оддел и му го посветува на овој проблем. Според неговата општа оцена, проблемот на трансценденталноста кај Кант е сврзан со прашањето за можноста на синтетичкото познание априори, прашање кое е судбинско за метафизиката - јадрото на филозофијата. Во духот на расветлувањето на проблемот на трансценденталноста, м-р Серафимовски истакнува три клучни синтагми на Кантовото учење: „трансцендентална филозофија", „синтетичкото познание a priori" и „критика на чистиот ум". Следува излагање поткрепено со мошне соодветно одбраниот цитат, преку кое кандидатот го понуди и го образложи изворното Кантово поимање на овие синтагми. По краткиот осврт кон Кантовото разликување на двата основни

извора на човековото познание - сетилноста и разумот, следува излагањето на клучната тема на оваа глава: „априорното во трансценденталната естетика". Интерпретативно коректно и прецизно, придржувајќи се до изворниот Кантов текст , м-р Серафимовски скоро сосем ненаметливо дојде до објавувањето на Кантовото епохално откритие во трансценденталната естетика: „На оваа точка на истражувањето Кант го прави првиот радикален потег - на просторот и времето им одзема какво било суштествување по себе си и ги врзува за човековата субјективност како чисти форми на сетилноста" (58).

Третата глава, исто така посветена на основите на Кантовото учење за познанието, носи карактеристичен и обврзувачки наслов: *Темелот на трансценденталната логика.* Своето високо познавање на Кантовата филозофска мисла, кандидатот м-р Серафимовски најдобро го потврдува токму во ова кратко, но исцрпно претставување на стожерната тема на Кантовиот трансцендентализам - трансценденталната логика. При дефинирањето на оваа филозофска дисциплина, кандидатот, разбирливо, се повикува на автентичната Кантова дефиниција, укажувајќи и на нужноста од нејзината поделба на трансцендентална аналитика и трансцендентална логика. Тежиштето на оваа глава м-р Серафимовски со право го поставува во одделот посветен на „природата на трансценденталната аналитика". Доследен на својата принципиелна определеност да се држи главно до изворниот Кантов текст, и овде кандидатот ги дава во изворна форма клучните моменти во аналитиката (расчленувањето) на априорното познание до елементите на чистото познание на разумот. Повикувајќи се на Кантовите таблици на судовите и категориите, м-р Серафимовски ги изложува и ги образложува четирите услови под кои се подведени сите функции на мислењето (оперирањето со поимите) и аналогно на нив четирите групи на чистите поими на разумот (категориите). Она што овде е од особено значење, а што особено е нагласено во оваа дисертација, тоа е единството или поточно синтезата на априорните облици на сетилноста и чистите поими на разумот, благодарение на која е овозможено сето наше искуство - единственото подрачје на научното познание. Преземената обврска да го изложи темелот на трансценденталната логика, м-р Серафимовски ја исполнува и со третманот на прашањето за единството на чистите поими на разумот. Укажувајќи на Кантовото решение – „синтетичкото единство на аперцепцијата" - м-р Серафимовски и овде ја демонстрира својата вештина во селекцијата на изворните Кантови текстови и нивната соодветна интерпретација. Конечно, во третиот оддел на оваа глава – „Суштината на трансценденталната дијалектика" - м-р Серафимовски ни го изложува прочуеното Кантово разликување на разумот и умот. Како и кај разумот, и кај умот се прави разлика меѓу неговата логичка и трансцендентална или чиста употреба. Кандидатот јасно подвлекува дека разумот се однесува на категориите и претставува моќ на воспоставувањето на правилата, а умот во неговата чиста употреба се служи со своите чисти поими - трансценденталните идеи и претставува моќ на принципите. Она што овде е од особена важност и што самиот кандидат го има согледано и истакнато е позитивната улога на овие идеи во утврдувањето на можностите и границите на познанието. Кандидатот јасно го изложува Кантовиот став дека овие идеи произлегуваат од самата природа на умот и служат како

регулативни принципи кои го зауздуваат разумот да се држи во полето на можното искуство.

Со четвртата глава - *Хусерловата трансценденталнa филозофија,* м-р Серафимовски го отвора вториот тематски блок на својата дисертација, а со самиот наслов инсистира на една одлика на Хусерловата филозофија како на нејзино атрибутивно својство. Впрочем на тоа го обврзува и насловот на дисертацијата. Во својот појдовен став, кандидатот е категоричен: „Несомнен е фактот дека феноменолошкото учење на Хусерл се определува како трансцендентална феноменологија" (106). Во трагањето по „извориштето на Хусерловата филозофија", кандидатот го пронајдува вистинскиот пат со изложувањето на пресудното Декартово влијание врз Хусерловото филозофско формирање. Како клучни моменти овде м-р Серафимовски ги истакнува влијанието на Декарт врз Хусерловата идеја за филозофијата како „апсолутно заснована наука" и подоцнежната квалификација на Декартовиот пресврт како „субјективно ориентирана филозофија". Како една од најзначајните поенти во односот на Хусерл кон Декарт во дисертацијата се истакнува Хусерловото признание на Декарт за воспоставувањето на неприкосновениот субјект на познанието. М-р Серафимовски посебно го истакнува моментот на Хусерловата оцена дека и самиот Декарт бил на прагот на епохалното откритие - трансценденталната субјективност, но не го сторил решавачкиот чекор, престорувајќи го Јас-то во мисловна супстанција. Кандидатот во оваа глава ги истакнува и ги толкува и другите клучни прашања на феноменолошкиот трансцендентализам на Хусерл, како што се: трансценденталното поле на искуството, проблемот на конституцијата на поимите, конститутивното Его.

Петтата глава - *Филозофските проблеми на Хусерловата феноменологија,* не само по својот обем (152-233), туку и по карактерот на своите содржини го сочинува, условно речено, вториот дел на дисертацијата. Овде кандидатот м-р Трјаче Серафимовски направил опстојна елаборација на сите клучни теми на Хусерловата филозофија и тоа речиси во сите фази на неговиот мисловен развој. Без навлегување во подетален приказ, ќе ги истакнеме: феноменолошката редукција, свеста во феноменологијата, дескриптивната феноменологија, свеста и рефлексијата, природата на интенционалноста, пасивната синтеза и генетичката феноменологија, основите на трансцендентално-феноменолошката конституција. За оваа глава е карактеристично: систематското излагање на Хусерловата филозофија, инсистирањето на проблемските формулации на нејзините теми, особено ако се има предвид дека таа и настанува преку Хусерловото проблематизирање на филозофските прашања, согледувањето и толкувањето на трнасценденталноста како суштински белег на сета Хусерлова филозофија, особено во неговата последна фаза.

Со шестата глава - *Оцените и влијанијата на Кантовата и Хусерловата трансцендентална филозофија,* кандидатот м-р Трајче Серафимовски го заокружува своето систематско изложување на предметот на својата дисертација. Преку „Хусерловото видување на Кантовата филозофија", тој ги согледува и истакнува сличностите, но и суштинските разлики во поимањето и воспоставувањето на трансценденталноста во нивните филозофски учења. Конечно, осмисленоста и оправданоста на својот потфат кандидатот м-р Серафимовски ги потврдува и со изложувањето на критиките кон решенијата на филозофските проблеми

кои ги дале Кант и Хусерл. Во критиките кон Кант тој, главно, се повикува на извонредните Шопенхауерови согледувања на доблестите и мааните кај овој филозоф. Својот труд кандидатот го приведува кон крај со „Рикеровата интерпретација на врската помеѓу Кант и Хусерл".

Во својот *Заклучок*, кандидатот м-р Трајче Серафимовски ги формулира основните придобивки од учењето за трансценденталноста на Кант и Хусерл. Тој истакнува дека главното добро на учењето за трансценденталноста кај Кант се состои во согледувањето на субјектот како носител на синтезата на сетилноста под формалните услови на просторот и времето и мислењето под условите на праосновното единство на аперцепцијата. А главното добро на Хусерловата филозофија го согледува во развивањето на трансценденталната феноменологија во чија основа е тезата за интенционалноста на свеста. Како голема придобивка од двете филозофии го истакнува учењето за самосвеста. Сличноста и кај двајцата мислители на трансцендентализмот кандидатот ја согледува во нивната силна мотивираност за дефинирање и разбирање на филозофијата како наука. Во конечната оцена, сепак, кандидатот инсистира на една нивна суштинска разлика во определувањето на нивниот став кон метафизиката. Додека Кант со својот трансцендентализам го затворил патот кон познанието на метафизичките суштини, Хусерловата трансцендентална феноменологија како познание на чистите суштини означувала премостување на границите на сетилното искуство и разумот.

## Оцена и предлог

За докторската дисертација на м-р Трајче Серафимовски, Комисијата ги истакнува следниве оцени:

1. Кандидатот м-р Серафимовски со обемот и карактерот на трудот успешно одговорил на целите и задачите кои самиот ги поставил, но и на оние на кои обврзува насловот на оваа дисертација. Со тоа успешно ја аргументирал и ја докажал главната теза: трансценденталноста е основа на Кантовиот критицизам и Хусерловата феноменологија.

2. Трудот претставува систематска целина од интерпретации, коментари и критички оцени на изворните ставови на учењето за трансценденталноста кај Имануел Кант и Едмунд Хусерл.

3. Сообразно на карактерот на својот предмет, м-р Серафимовски се определил за еден иманентен пристап, придржувајќи се кон изворните дела во кои е изложена филозофијата на Кант и Хусерл. Главно ткиво на неговиот текст е сочинето од опстојни и коректни интерпретации на изворната мисла кај овие филозофи. Тоа истовремено го обременило текстот и со бројни и обемни цитати, но тоа е цената за коректната интерпретација и прецизноста на изведените ставови.

4. Како резултат на систематскиот третман, извонредната вештина на селектирање и коректното интерпретирање на релевантните ставови кај овие епохални филозофи, м-р Серафимовски успеал да дојде до согледувањето и формулирањето на главните придобивки на учењето за трансценденталноста.

5. Трудот содржи низи од поими кои се од пресудно значење за разбирањето и истражувањето на филозофскиот опус на Кант и Хусерл. Со

тоа не само што е збогатена филозофската терминологија на македонскиот јазик, туку е понуден и солиден инструмент за воведувањето во проблематиката на современата филозофија, бидејќи се работи за мислители кои се неминовни во секоја темелна филозофска размисла за положбата и проблемите на современиот човек.

Земјаќи ги предвид изложените анализи и оцени, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го усвои овој извештај за докторската дисертација **Учењето за трансценденталноста - основа на Кантовиот критицизам и Хусерловата феноменологија**, поднесена од м-р Трајче Серафимовски, да му дозволи на кандидатот усна одбрана на трудот, да ја избере Комисијата за одбрана и да го определи денот на одбраната.

Со почит,

К о м и с и ј а,

Скопје,
4.2.2010

1. Проф. д-р Мирко Ѓошевски, с.р.
2. Проф. д-р Ферид Мухиќ, с.р.
3. Проф. д-р Коле Јовановски, с.р.
4. Проф. д-р Виолета Панзова, с.р.
5. Проф. д-р Вера Георгиева, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ТРИ АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата **IV редовна седница** одржана на **24.XII.2009 година**, по конкурсот за избор на три асистенти по предметот физикална медицина и рехабилитација донесе решение за формирање Комисија во состав: проф. д-р Ериета Николиќ Димитрова, проф. д-р Ѓорѓи Зафировски и проф. д-р Снежана Мишевска Перчинкова.
На распишаниот конкурс објавен во „Утрински весник" на 25.XI 2009, за избор на три асистенти по предметот физикална медицина и рехабилитација се пријавија: помл.ас.прим.д-р Велика Лабачевска, помл.ас.прим.д-р Јулијана Аргакиева Николова и помл.ас.д-р Биљана Митревска.
Рецензентската комисија, откако ги разгледа доставените материјали од кандидатите, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1.Д-р Велика Лабачевска**
**Биографски податоци**
Прим. д-р Велика Лабачевска е родена на 9.9.1958 година во с. Рапеш, Битола. Основно и средно образование има завршено во Скопје, во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин" со одличен успех.
На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1977/78 година, а дипломирала во 1984 година со среден успех 8,92.
Од 1987 година е вработена во Заводот за физикална медицина и рехабилитација „ЗДРАВЈЕ" во Скопје, најпрво како лекар, потоа како лекар на специјализација и сега како лекар-специјалист. Специјалистичкиот испит го положила на 11.9.1991 година.
За време на студиите покажувала склоност кон научно истражувачка работа и има работено студентски труд со кој учествувала на Конгресот на студентите по медицина и стоматологија на Југославија, одржан во Горњи Милановац во 1982 година.

**Наставна активност**
По положувањето на специјалистичкиот испит, д-р Велика Лабачевска активно учествува во практичната настава за специјализантите по физикална медицина и рехабилитација, која се изведува во Заводот за физикална медицина и рехабилитација. По дипломирањето на Медицинскиот факултет држела настава во период од 15 месеци во 1985 и во 1986 година за учениците во МУЦ „Панче Караѓозов", каде што била вклучена како наставник по предметот масажа и рехабилитација, како и во периодот 2000-2002 година. За овој период на изведување на наставата за учениците од средното образование не е забележана ниту една поплака од нејзината работа.

Во претходните 3 години успешно учествувала во изведувањето на практичната настава по предметот физикална медицина и рехабилитација како избран помлад асистент.

**Научна и стручна активност**

Во текот на студиите на Медицинскиот факултет, д-р Велика Лабачевска активно била вклучена во работата на ССНК „Проф.д-р Димитар Арсов" и има изработено еден стручен труд, кој е презентиран на Студентскиот конгрес на студентите по медицина и стоматологија, одржан во Горњи Милановац во 1982 година.
Во периодот од вработувањето во Заводот за физикална медицина и рехабилитација има учествувано, како автор и коавтор, во изработката на 22 труда од кои за рецензија се приложени 10 труда при првиот избор за помлад асистент. Сите овие трудови се презентирани од нејзина страна на различни конгреси, семинари и симпозиуми.
Д-р Велика Лабачевска е активно вклучена во секојдневната амбулантно-поликлиничка и болничка здравствена дејност на Заводот за физикална медицина и рехабилитација и го води Одделот за протетика и ортотика при Заводот. Во овој период, прво како специјализант, а потоа и самостојно, како доктор-специјалист по физикална медицина и рехабилитација, има лекувано голем број пациенти, кои биле наполно задоволни од нејзината работа.

**Трудови за рецензија:**

**1.Лабачевска В., Ивановска Л., Митревска Б.:** Узроци Ампутације и Протетског Третмана Код Пацијената са Подколеном Ампутацијом 6.конгрес физијатара Србије и Црне Горе са меѓународним учешќем, Врњачка Бања, 01-04.Новембар 2006.Зборник Радова, стр.212.
Трудот има за цел да ги идентификува најчестите причини за потколенска ампутација и факторите од кои зависи функционалното заздравување на пациентот. Во трудот е извршена правилна систематизација на пациентите според најчестите причини за ампутација, пол, возраст, должината на чкунката и функционалното подобрување со протезата.
**2.Ивановска Л., Лабачевска В.:** Vascular Causes and Prosthetic Problems in Patients with Above Knee Amputation. 4th ISPO Central & Eastern European Conference 5th Congress of Serbia and Montenegro Physiatrics. Proceedings, 28 Sep.-01. Oct. 2005, pp.111.
Обработени се најчестите васкуларни причини за ампутација на долниот екстремитет, како и функционалното подобрување на пациентите со ампутација во зависност од причината за ампутација. Најчеста васкуларна причина за ампутација кај пациентите била дијабетична гангрена, кај 66,7% пациенти.
**3.Аргакиева-Николова Ј., Геракароска С., Зафировска Л., Лабачевска В.:** "Синдром недоминантне хемисфере" као проблем у рехабилитацији болесника са хемиплегијом након можданог удара. 6.конгрес физијатара Србије и Црне Горе са меѓународним учешќем, Врњачка Бања, 01-04. Новембар 2006. Зборник Радова, стр.54.
Со анализата на резултатите опишани во трудот е остварена неговата цел и е утврдено дека постои негативна корелација на присуството на „синдром на недоминантната хемисфера" и заздравувањето на

пациентите со мозочен удар. Рехабилитацискиот третман кај овие пациенти бил значително отежнат и пациентите не можеле да бидат активно вклучени во рехабилитациската програма.

**4.Ивановска Л., Лабачевска В., Митревска Б., Гитов Т.:** Појава Хетерогене Осификације код Пацијената са Параплегијом Након Лезија Кичмене Мождине. 6.конгрес физијатара Србије и Црне Горе са међународним учешћем, Врњачка Бања, 01-04.Новембар 2006. Зборник Радова, стр.85.

Во трудот се идентификувани можните ризик-фактори за појава на хетеротропна осификација кај пациенти со параплегија по лезија на 'рбетниот мозок. Како значајни фактори за ризик се утврдени: комплетна параплегија, изразен спастицитет на мускулатурата, декубитални улцери на колкот и возраст поголема од 30 години.

**5.Митревска Б., Стојановска М., Зафировска Л., Ивановска Л., Лабачевска В., Гркова-Мишковска Е.:** Рехабилитација компликација После Fraktura Radii Loco Typico. 6.конгрес физијатара Србије и Црне Горе са међународним учешћем, Врњачка Бања, 01-04.Новембар 2006. Зборник Радова, стр.196.

Целта на трудот е да се прикаже зачестеноста на компликациите и нивното лечење со физикална терапија.Обработени се 30 пациенти од кои 16 со присутни симптоми на Судеков синдром: болка, оток, ограничени движења и ренгенолошки наоди. Сите биле конзервативно третирани со гипсана имобилизација во времетраење 4-6 недели, електротерапија, сонотерапија, кинезитерапија и работна терапија со траење од 20 третмани. Кај 9 пациенти била изгубена болката и отокот а движењата во рачниот зглоб и прстите до N. Кај 6 пациенти бил потребен повторен третман по 4 недели а, кај 1 останале сите симптоми поради контрактура во прстите. Од добиените резултати може да се препорача што пократок период на имобилизација и рано започнување со физикална терапија за да се избегнат компликациите, а со тоа да се намали инвалидноста.

**6.Аргакиева-Николова Ј., Лабачевска В., Митревска Б., Зафировска Л., Ивановска Л.:** Рехабилитациони Третман Болесника са Ампутацијом Доњег Есктремитета. 6.конгрес физијатара Србије и Црне Горе са међународним учешћем, Врњачка Бања, 01-04.Новембар 2006. Зборник Радова, стр.211.

Целта на трудот е да се покаже важноста на рехабилитациониот третман во оспособување на болните за користење на протеза, како и за одење со неа. Рано започнатиот рехабилитационен третман овозможува добра подготовка на чкунката, ординирање на протезата, обука на болниот за користење и одење со неа. Ова ќе овозможи, од една страна, лесно совладување на психолошката траума, а од друга страна, после обуката за одење со протеза - болниот може повторно да биде активен член во семејната и работнатасредина.

**2.Д-р Јулијана Аргакиева Николова**

**Биографски податоци**

Д-р Јулијана Аргакиева-Николова е родена на 31.3.1962 година во Битола. Основно образование има завршено во Битола, средно образование - гимназиско во Скопје. На Медицинскиот факултат во Скопје се запишала во учебната 1980 година, а дипломирала на 15.5 1986

година.Од 1989 година е вработена во Заводот за физикална медицина и медицинска рехабилитација во Скопје, како лекар, потоа како лекар на специјализација, а сега како лекар специјалист.На 1.4.1991година и е одобрена специјализација, а специјалистичкиот испит го положила на 6.4. 1994 година.На 4.4. 2008 година на седницата на Посебната комисија на Министерството за здравство,е избрана за Примариус.

**Наставна активност**

После положувањето на специјалистичкиот испит,д-р Јулијана Аргакиева-Николова активно учествува во практичната настава за специјализантите по физикална медицина и рехабилитација која се изведува во Заводот за физикална медицина и рехабилитација. На тој план има постигнато солидни резултати, за што зборуваат и пофалните зборови изречени од страна на вонр. проф.д-р.Ериета Николиќ-Димитрова,под чие менторство се одвива оваа настава.
Во периодот 1999-2001 година била вклучена како наставник по предметот физикална медицина на Отсекот за физиотерапевти во МУЦ „Панче Караѓозов" во Скопје.За овој период на изведување на наставата за учениците од средното образование не е искажана ниту една забелешка во однос на нејзината работа. Од 2001 година е вклучена како член на комисијата за полагање на стручни испити на физиотерапевти,која успешно ги спроведува.Во 2006 година е повторно избрана за заменик член на комисија во Заводот за физикална медицина и рехабилитација во Скопје,каде што се полага стручниот испит за здравствените работници со средно образование.
На седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во 2005 година е избрана за помлад асистент на Медицинскиот факултет по предметот физикална медицина и рехабилитација, а во 2008 година е реизбрана за помлад асистент на Медицинскиот факултет по предметот физикална медицина и рехабилитација.

**Научна и стручна активност**

Во периодот од вработувањето во Заводот за физикална медицина и рехабилитација има учествувано, како автор и коавтор, во изработката на повеќе трудови. Седум труда се рецензирани во Билтенот со бр. 869 од 2005 година на Универзитетот на „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во Билтенот со бр. 941 од 2008 година, рецензирани се 16 труда. Сите овие трудови се презентирани од нејзина страна на различни конгреси.
За рецензија се приложени два труда,од кои едниот е објавен во книга „Ортопедски помагала", уредник: Е.Николиќ-Димитрова- 2009 година, а другиот на состанок на Здружението на физијатри на Р. Македонија, 2008 година.
Д-р Јулијана Аргакиева-Николова е активно вклучена во секојдневната амбулантно-поликлиничка и болничка здравствена дејност на Заводот за физикална медицина и рехабилитација.

**Трудови за рецензија:**

**1.Аргакиева-Николова Ј.:** Ортози за долен екстремитет. Книга: „Ортопедски помагала", уредник: Е. Николиќ-Димитрова, 2009 година

Во текот на рехабилитациониот третман,заради онеспособеност на пациентите, често постои неопходна потреба од препишување на ортопедско помагало, сé со цел за подобрување на функцијата на зафатениот дел од телото, со што ќе се подобри и квалитетот на животот на пациентот. Ортопедските помагала се делат на неколу групи: 1.протези; 2.ортози; 3. ортопедски чевли; 4.ортопедско бандажерски помагала; 5.инвалидски колички 6. помагала за одење. Ортозите се делат на : ортози за 'рбет, ортози за горен екстремитет и ортози за долен екстремитет. Целта на ортозата за долен екстремитет е да ја надомести изгубената функција на одделни мускули или мускулни групи и на тој начин да овозможи функција-подвижност на екстремитетот, да спречи појава на деформитет, да ги коригира присутните деформитети, да го сочува ефектот од хируршката операција, да овозможи растоварување на патолошко променетите зглобови и коски,како и да ја спречи подвижноста заради намалување на болката. Најчеста употреба на ортозите на долните екстремитети е кај повреди на медулата после траума на пршлените на 'рбетот, повредите на коленото и лигаментарниот апарат како спортски повреди или друг вид на повреди на коленото, повреди на периферните нерви како резултат на трауми на долните екстремитети, невролошки и невромускулни заболувања. Ортозите на долните екстремитети се делат според функционалноста, според намената и според местото на апликацијата. Најчесто применувани ортози се: AFO (Ankle food orthosis) за контрола и стабилизација на стопалото и скочниот зглоб или потколеничен апарат, KAFO (KneeAncle Foot Orthosis) ортоза за контрола на коленото, стапалото и скочниот зглоб и HKAFO (Hip Knee Ankle Foot Orthosis-HKAFO), ортози за контрола на колковите, коленото, скочниот зглоб и стапалото или натколеничен апарат.

**2.Аргакиева-Николова Ј:** Функционални тестови кај болни со мозочен удар. Здружение на физијатрите на Р. Македонија, 2008 година

Како последица од мозочен удар настапуваат моторни, сензорни, конгнитивни и психосоцијални нарушувања. Моторниот дефицит претставува доминантен симптом. За постигнување висок степен на функционалност, кај болните со мозочен удар рехабилитацијата треба да се започне што порано, а зацртаната цел мора да биде реална, но и флексибилна.Непосредни цели на рехабилитациониот третман се повторно воспоставување на моторните функции со што поголем степен на функционалност за долниот екстремитет за одење, а за горниот екстремитет за самозгрижување. Функционалната проценка се состои во : функционална дијагностика, тестови за следење и евалуација на моторното оправување, тестови за следење и евалуација на конгнитивните и психичките нарушувања, тестови за следење и евалуација на оправувањето на нарушените функции за комуникација, општи функционални тестови.

Со функционалната дијагностика проценка на мускулната сила и обемот на движењата се тестираат глобалните движења на екстремитетот во целина, бидејќи кај болните со мозочен удар постои комплетна дезорганизација на невромускулниот систем и тој не е во можност селективно да мобилизира еден зглоб или да контрахира еден мускул. Модифицираната листа на Алберт се базира на тестирање на глобалните движења на екстремитетите и целото тело. Тестови за следење и

евалуација на моторното опоравување се: Футл-Маеров тест( Fugl-Mayer test) и Брунстомови стадиуми. Футл-Маеров тест- тестира моторно опоравување, баланс, сензибилитетот и обем на движења во зглобовите. Се користи за планирање на рехабилитациониот третман, за евалуирање на ефикасноста од рехабилитацијата и за истражувачки цели. Брунстомови стадиуми-за рутинска примена тестот се препорачува бидејќи е брз, едноставен и експлицитен, како во процена на моторното опоравување, така и во поставување на краткорочните и долгорочните цели на рехабилитацијата.

Општи функционални тестови: за да се процени тежината на функционалното оштетување во целина на болниот. Има бројни тестови кои нумерички ја оценуваат способноста на извршување на одредени задачи од доменот на самозгрижувањето, активностите во дневниот живот, мобилноста, спретноста, комуникацијата, когницијата и социјализацијата. Овие тестови даваат слика на функционалната способност на единката во одреден момент и овозможуваат проценка на нивното функционално опоравување во текот и по завршување на рехабилитацијата.

а)Бартел индекс - го проценува степенот на независност во изведување на десет задачи од областа на самозгрижувањето и активностите во секојдневиот живот - хранење, лична хигиена, бањање, облекување, контрола на мокрење и дефекација, одење во тоалет, трансфер кревет-количка и качување по скали

б)ФИМ - тест индекс - функционална независност - се состои во два дела: процена на физичките функции и процена на конгнитивните функции. Тој е посложен и се состои во два дела: проценка на физичките функции: самозгрижување, контрола на сфинктери, трансфер, локомоција и конгнитивни функции- комуникација и социјализација.

Рехабилитациони резултати кај болните со мозочен удар се: оспособени да се вратат на работното место со полно работно време, оспособени да се вратат на работа со скратено работно време, оспособени да се самозгрижуваат, потребна туѓа нега и помош.

## 3.д-р Биљана Митревска

### Биографски податоци

Д-р. Билјана Митревска е родена на 20.10.1971 година. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Унивезитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се запишала во учебната 1990/91 година, а дипломирала во 1996 година. Стручниот испит успешно го положила во 1997 година. Од 1.3.2000 година е вработена во Заводот за физикална медицина и рехабилитација во Скопје. Специјалистичкиот испит по Физикална медицина и рехабилитација го положила на 5.3.2003 година.

За време на додипломските студии покажала интерес кон научноистражувачката работа и активно учествувала на неколку студентски конгреси во земјата и во странство.

## Наставна активност

По положувањето на специјалистичкиот испит, д-р Билјана Митревска активно учествува во практичната настава за специјализантите од областа физикална медицина и рехабилитација која се изведува во Заводот за физикална медицина и рехабилитација.

Во март 2005 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за физикална медицина и рехабилитација при Медицинскиот факултет во Скопје. Од мај 2008 година е преизбрана за помлад асистент на Катедрата за физикална медицина и рехабилитација при Медицинскиот факултет во Скопје. Активно учествува во практичната настава за студентите по медицина, како и за студентите на Високата школа за физиотерапевти при Медицинскиот факултет.

## Научна и стручна активност

Д-р Билјана Митревска во учебната 1997/98 година се запишала на постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Скопје, на Катедрата за физикална медицина и рехабилитација. Во март 2000 година поднела пријава за магистерски труд на тема: „Евалуација на морфофункционалните резултати од физикалното лекување и рехабилитација на пациенти со фрактура на типично место на радиусот". Магистерскиот труд е во изработка.
Во периодот од вработувањето во Заводот за физикална медицина и рехабилитација има учествувано како автор и коавтор во изработката на повеќе трудови.

Д-р Билјана Митревска е активно вклучена во секојдневната амбулантно-поликлиничка и болничка здравствена дејност на Заводот за физикална медицина и рехабилитација.

Од септември 2004 година е член на Општинскиот одбор Центар, при Лекарската комора на Македонија, при што зема активно учество на седниците на Лекарската комора.

Шеснаесет труда се рецензирани во Билтен број 869, а осумнаесет труда се рецензирани во Билтен број 941 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Трудови за рецензија:**

**1.Митревска Б.; Стојановска М.; Зафировска Л.; Ивановска Л.; Лабачевска В.; Гркова Е.:** Рехабилитација компликација после fractura radii loco typico. Зборник радова: 6-ти Конгрес Физијатара Србије и Црне Горе, Врњачка Бања, 2006: 196.

Целта на трудот е да се прикаже зачестеноста на компликациите и лечењето на овие компликации со физикална терапија. Обработени се 30 пациенти, од кои 16 со присутни симптоми на Судеков синдром: болка, оток, ограничени движења и ренгенолошки наоди. Сите биле конзервативно третирани со гипсана имобилизација во времетраење 4-6 недели, електротерапија, сонотерапија, кинезитерапија и работна

терапија со траење од 20 третмани. Кај 9 пациенти била изгубена болката, отокот а движењата во рачниот зглоб и прстите до N. Кај 6 пациенти бил потребен повторен третман по 4 недели а кај 1 останале сите симптоми поради контрактура во прстите. Од добиените резултати може да се препорача што пократок период на имобилизација и рано започнување со физикална терапија за да се избегнат компликациите, а со тоа да се намали и инвалидноста.

**2.Стојановска М.; Коевска В.; Митревска Б.; Зафировска Л.:** Утицај електричне стимулације дорзо-флексорних агониста на обсег активне и пасивне флексије спастичног стопала. Зборник радова: 6-ти Конгрес Физијатара Србије и Црне Горе, Врњачка Бања, 2006: 55.

Примената на електричната стимулација кај спастични состојби може да придонесе во редукција на спастицитетот особено ако се применува на мускулите антагонисти. Целта на трудот е да се испита влијанието на електричната стимулација на агонистите на дорзална флексија и смалување на мускулниот тонус на спастичните плантарни флексори, а со тоа зголемување на обемот на дорзална флексија на стапалото. Испитувањето е вршено кај пациент стар 30 години, со десна хемипареза и спастично стапало во еквиноварус, последица на исхемичен ЦВИ. Користен е ТЕНС - апарат. Аплицирани се бифазни асиметрични импулси, ширина-250μс, фреквенција-40 Hz и траење на одредени стимулации од 15 секунди и пауза меѓу стимулациите од 30 секунди. Биполарна стимулација е вршена над m.extensor diggitorum и m.extensor proprius во текот на 10 дена. Клиничките мерења на мускулниот тонус m.triceps surae и m.soleus (MAC) и активна и пасивна дорзална флексија на стапалото се правени непосредно пред, по 1 час и 24 часа по стимулацијата. Од добиените резултати во текот на 10-дневната електрична стимулација, евидентирана е редукција на мускулниот тонус на спастичните плантарни флексори, што е потврдено со субјективна проценка на самиот пациент, како и зголемен обем на активна и пасивна дорзална флексија на стапалото.

**3.Аргакиева-Николова Ј.; Лабачевска В.; Митревска Б.;Зафировска Л.;** Ивановска Л.: Рехабилитациони третман болесника са ампутацијом доњих екстремитета. Зборник радова: 6-ти Конгрес Физијатара Србије и Црне Горе, Врњачка Бања, 2006: 211.

Целта на трудот е да се покаже важноста на рехабилитациониот третман во оспособување на болните за користење на протеза, како и за одење со неа. Ранозапочнатиот рехабилитационен третман овозможува добра подготовка на чкунката, ординирање на протеза, обука на болниот за користење и одење со неа. Ова ќе овозможи, од една страна лесно совладување на психолошката траума, а од друга страна - после обука за одење со протеза - болниот може повторно да биде активен член во семејната и работната средина.

**4.Лабачевска В.; Ивановска Л.; Митревска Б.:** Узроци ампутације и протетског третмана код пацијената са подколеном ампутацијом.Зборник радова: 6-ти Конгрес Физијатара Србије и Црне Горе са међународним учешчем, Врњачка Бања, 2006:212.

Трудот има за цел да ги идентификува најчестите причини за потколенска ампутација и факторите од кои зависи функционалното заздравување на пациентот. Во трудот е извршена правилна систематизација на пациентите според најчестите причини за ампутација, полот, возраста, должината на чкунката и функционалното подобрување со протезата.

**5.Зафировска Л.; Манчева М.; Митревска Б.; Стојановска М.; Аргакиева-Николова Ј.; Коевска В.:** Физикална терапија и Бондронат у лечењу остеопорозе - приказ случаја. Зборник радова:VI Конгрес физијатара Србије и Црне Горе, Врњачка Бања, 2006: 38.

Целта на овој труд е да се потврди ефикасноста на физикалната терапија и медикаментозната терапија- бондронат во лекувањето на остеопорозата. Приказ на случај: Жена на возраст од 59 години, висина 151 см, тежина 63 кг, менопауза од 50 години и болки во грбот. Дензитометрија (DEXA) од 2005 година: напредната остеопороза и Т-скор на Л4 (-3.0) и двата колка (-1.1). Била третирана со физикална терапија во ЗФМР: електротерапија, магнетотерапија, фототерапија, кинезитерапија и медикаментозна терапија со четири ампули бондронат на секои 3 месеци, калциум и витамин Д (табл. Идеос). Нивото на јонизираниот калциум во крвта бил контролиран на секои 3 месеци и бил во границите на нормалата. По 3 месеци болките во грбот се намалиле, додека по 1 година биле речиси изгубени. Контролната дензитометрија (DEXA) по една година покажала Т-скор на Л4 (-1,8), а во двата колка (-0,9). Од ова може да се заклучи дека со примената на физикалната терапија, кинезитерапијата и бондронат доаѓа до намалување на болката во грбот и подобрување на коскената густина.

**6.Ивановска Л.; Лабачевска В.; Митревска Б.:** Појава хетеротропне осификације код пацијената са параплегијом након лезије кичмене мождине. Зборник радова:VI Конгрес физијатара Србије и Црне Горе, Врњачка Бања, 2006: 85.

Во трудот се идентификувани можните ризик-фактори за појава на хетеротропна осификација кај пациенти со параплегија по лезија на 'рбетниот мозок. Како значајни фактори за ризик се утврдени: комплетна параплегија, изразен спастицитет на мускулатурата, декубитални улцери на колкот и возраст поголема од 30 години.

**7.Митревска Б.; Лабачевска В.; Ивановска Л.; Аргакиева-Николова Ј.; Зафировска Л.; Коевска В.:**Colles-ова фрактура-последица остеопорозе. Зборник радова: VII Конгрес физијатара Србије, Тара, 2007:15.

Остеопорозата е системско заболување на скелетот со намалување на коскената маса и микроархитетонски промени на коскеното ткиво што доведува до зголемена фрагилност на коските и го зголемува ризикот за настанување на фрактури. Целта на овој труд е да се докаже поврзаноста на Colles-овата фрактура и остеопорозата. Од анализирани 45 пациенти, 20 пациенти имале дензитометриски докажана остеопороза, а примале и медикаментозна терапија. Била применета физикална терапија, магнетотерапија и кинезитерапија. Авторите дошле до заклучок дека освен компресивните фрактури и фрактурите на колкот, треба да се обрне внимание и на Colles-овата фрактура како компликација на

остеопорозата, зашто лекувањето и компликациите можат да доведат до траен инвалидитет.

**8.Лабачевска В.; Ивановска Л.; Митревска Б.; Лабачевска-Ѓатовска Л.:** Функционално оспособљавање за ход пацијената изнад 60 година са фрактуром кука лечених оперативно. Зборник радова: VII Конгрес физијатара Србије, Тара, 2007:34.

Фрактурите на колкот се честа појава кај пациентите постари од 60 години. Лекувањето може да биде конзервативно и оперативно. Оперативното лекување најчесто се спроведува со аголна плочка и шрафови, како и DHS шраф. Ова лекување овозможува рана вертиклизација и побрзо функционално оспособување на пациентите за одење. Целта на овој труд е да се утврди разликата меѓу времето на траење на рехабилитациониот третман и степенот на функционално оспособување на пациентите со фрактура на колкот, решена оперативно, лечени со аголна плочка и шрафови, како и DHS шраф. Биле анализирани 24 пациенти лекувани во заводот за физикална медицина и рехабилитација во периодот 2005 - 2006 година, со една од наведените методи. Врз основа на статистичката обработка на постигнатите резултати било заклучено дека не постои сигнификантна разлика во поглед на времето на траење на рехабилитациониот третман и степенот на функционално оспособување на пациентите со фрактура на колкот, оперативно лекувани со аголна плочка и шрафови и оперативно лекувани со DHS-шраф.

**9.Ивановска Л.; Лабачевска В.; Митревска Б.; Аргакиева-Николова Ј.:** Функционални исход рехабилитације геријатриских пацијената са фрактуром кука и хемипарезом. Зборник радова: VII Конгрес физијатара Србије, Тара, 2007:35.

Процесот на стареење подразбира попуштање на физиолошките функции на организмот и анатомски промени на ткивата. Фрактурите на колкот се честа појава, посебно кај пациенти со хемипареза и нестабилен од. Целта на трудот е да се анализира функционалната оспособеност на геријатриските пациенти со фрактура на колкот и хемипареза во зависност од лекувањето на фрактурата-конзервативно или оперативно со имплантација на ендопротеза на колкот или друг остеосинтетски материјал. Биле анализирани 49 пациенти со фрактура на колкот и хемипареза по цереброваскуларен инсулт. Авторите дошле до заклучок дека имплантацијата на ендопротеза кај геријатриските пациенти, по фрактура на колкот, дава можност за рана вертикализација, а со тоа и поголема функционална оспособеност.

**10.Николиќ-Димитрова Е. и соработници: Митревска Б.:** Инвалидски колички. Во Протетика и ортотика. Медицински факултет, Скопје, 2009: 114- 125.

Во поглавјето за инвалидски колички авторката дава целосен преглед на историјатот на инвалидските колички и нивната поделба според повеќе категории: возрасни/ педијатриски; тешки/ умерено лесни/ ултралесни; мануелно подвижни/ електромоторни; расклопливи/ нерасклопливи; вертикално подвижни; со спуштање на седечкиот систем; за внатрешна/ надворешна употреба. Даден е детален осврт на деловите на инвалидските

колички: рамка, тркала и гуми, рачни бандажи, кастерси, седишта и потпирачи за грб, седечки перничиња, потпирачи за стапала и нозе, потпирачи за раце, сопирачки, специфични типови на инвалидски колички

# ЗАКЛУЧОК

На конкурсот за избор на три асистенти по предметот физикална медицина и рехабилитација се пријавија помл.ас. прим. д-р Велика Лабачевска, помл.ас. прим. д-р Јулијана Аргакиева-Николова и помл.ас. д-р Биљана Митревска.

Врз основа на резултатите од вршењето на наставно-образовната, стручно-апликативната и научноистражувачката дејност, може да се заклучи дека пријавените кандидати ги поседуваат сите квалитети за избор во звањето асистент по предметот физикална медицина и рехабилитација. Оценувајќи ги сите квалитети на кандидатите, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, помл.ас. прим. д-р Велика Лабачевска, помл.ас. прим. д-р Јулијана Аргакиева-Николова и помл.ас. д-р Биљана Митревска да бидат избрани во звањето асистент по предметот физикална медицина и рехабилитација.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Ериета Николиќ Димитрова, с.р.

2. Проф. д-р Ѓорѓи Зафировски, с.р

3. Проф. д-р Снежана Мишевска Перчинкова, с.р.

03 - 114 /
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
СКОПЈЕ



# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИЧКИ НАУКИ (ИДЕЈАТА ЗА ЕВРОПА И ТЕОРИИТЕ ЗА ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ) НА ПОЛИТИЧКИТЕ СТУДИИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со одлука од 29 јануари 2010 година, формираше Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област применети политички науки (идејата за Европа и теориите за еропските интеграции), во состав: д-р Димитар Бајалџиев, редовен професор, д-р Татјана Петрушевска, редовен професор и д-р Зоран Илиевски, доцент.

Рецензентската комисија едногласно на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област применети политички науки (идејата за Европа и теориите за еропските интеграции), на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" (на 24 декември 2009 година) и „Коха" (на 25 декември 2009 година) **се пријави еден кандидат, д-р Васко Наумовски, доцент на Факултетот за меѓународни односи, политика и европски студии на Њујорк Универзитетот во Скопје.**

Кон пријавата кандидатот достави: кратка биографија; одлука за научен степен доктор на науки и диплома за научен степен доктор на науки, издадени од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје , Правен факултет „Јустинијан Први"во Скопје; диплома за научен степен магистер на европски студии, транскрипт на испитите и наставна програма за студиите, издадени од Рајнскиот универзитет „Фридрих Вилхелмс", Бон, СР Германија; диплома за научен степен магистер, издадена од Правниот факултет „Јустинијан Први" на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје; список на научни и стручни трудови и примероци од нив; одлука на Универзитетскиот академски совет на Њујорк Универзитетот во Скопје за избор во наставно-научно звање доцент; преглед на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на доц. д-р Васко Наумовски, остварена во рамките на Њујорк Универзитетот во Скопје ; допис за подготовка на национални документи (стратегии, закони и слично), како и членство во комисии и тела на државни и други органи.

### *I. Биографски податоци*

Доц. д-р Васко Наумовски е роден на 17.III 1980 година во Скопје. По завршувањето на основното образование со одличен успех, се запишал во

гимназијата „Јосип Броз – Тито", општа насока, која ја завршил со одличен успех. На Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се запишал во учебната 1998/99 година. Дипломирал на правните студии – меѓународноправна група на 28.2.2003 година со висок просечен успех (8,86).

Во октомври 2003 година ги започнал потдипломските студии на државниот Рајнски универзитет „Фридрих Вилхелмс", во Бон, СР Германија. Студиите ги завршил во септември 2004 година и се стекнал со титулата магистер по европски студии (Master of European Studies), со магистерската теза „Македонија – од југословенската федерација до апликација за членство во Европската унија". Оваа магистерска теза е оценета со оценка "with distinction", додека просечниот успех на постдипломските студии е „одличен" (10.6).

Во 2006 година успешно го одбранил магистерскиот труд „Проширување на Европската унија – проблеми и предизвици" на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, пред комисија во состав: проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Сашо Георгиевски и проф. д-р Татјана Петрушевска.

Во 2007 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов „Институционалниот динамизам на Европската унија и проширувањето со државите од Западниот Балкан", пред комисија во состав: проф. д-р Денко Малески, проф. д-р Поликсена Гавроска, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска и доц. д-р Тони Дескоски.

## *II. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на на кандидатот*

Во периодот октомври 2000 година-јули 2002 година бил практикант во Собранието на Република Македонија, во рамките на програмата на Националниот демократски институт на САД.

Како дел од постдипломските студии на државниот Рајнски универзитет „Фридрих Вилхелмс", во Бон, СР Германија, во периодот јуни-јули 2004 година стажирал во централната канцеларија на Европската народна партија во Брисел, Белгија.

За време на додипломските студии е добитник на стипендијата за талентирани студенти на Германската фондација "Конрад Аденауер", а од оваа Фондација добива стипендија и за постдипломските студии.

Од октомври 2004 година до октомври 2005 година работел во Министерството за правда на Република Македонија, на проектот за координација на странската помош, реализиран од Секторот за европски интеграции на Владата на Република Македонија, а финансиран од Програмата за развој на Обединетите нации. За помлад асистент на Њујорк универзитетот во Скопје е избран во 2005 година.

За доцент на Факултетот за меѓународни односи, политика и европски студии на Њујорк универзитетот во Скопје е избран на 1.IV 2008 година. Изведувал настава на следниве студиски програми на прв и на втор циклус студии (на англиски и на македонски наставен јазик): меѓународни односи, политика, европски студии, како и на студиските програми за

заедничка диплома со Универзитетот „Стафордшир". Одржувал настава и на програмите на следниве странски високообразовни установи: на МБА-програмата на Универзитетскиот институт „Курт Бош", Швајцарија (25 часа предавања во ноември 2007 година), и на МБА-програмата на Њујорк универзитетот во Белград (25 часа предавања во април 2008 година).

Остварил студиски престој во САД, како корисник на стипендија од американскиот Стејт департмент и Универзитетот на Флорида, во периодот јуни-јули 2008 година.

Автор е на преку 50 колумни во весниците „Нова Македонија" и „Дневник", во периодот јуни 2005-јули 2009 година. Од 2006 година е член на уредувачкиот одбор на "Crossroads-The Macedonian Foreign Policy Journal", а во 2007 година е еден од основачите на Институтот за европски и меѓународни студии во Скопје, каде што е и претседател на управниот одбор од 2007 до 2009 година. Учествувал како предавач на повеќе семинари и обуки на теми од областа на европските интеграции, политичките науки и на меѓународното право и меѓународните односи. Член е на Младинскиот евроатлантски форум од Скопје. Зборува англиски јазик, има солидни познавања од германскиот јазик, а се служи и со грчкиот јазик.

Кандидатот доц. д-р Васко Наумовски учествувал на повеќе научни и стручни собири, за што добил и соодветни сертификати, меѓу кои и на следниве: *Невработеност на младите и можни решнија*, Европски демократски студенти, април 2000 година, Братислава, Словачка; *Основни вредности и институции на демократијата*, Институт „Роберт Шуман", октомври 2000 година, Будимпешта, Унгарија; *Македонија во европскиот систем на стабилност*, Младински евро-атлантски форум, Фондација "Конрад Аденауер", ноември 2000 година, Охрид; *Менаџмент на разликите во демократијата*; Институт „Роберт Шуман"; декември 2000 година, Будимпешта, Унгарија; *Економски и социјални предизвици*, Институт „Роберт Шуман", февруари 2001 година, Будимпешта, Унгарија;*Надворешна и безбедносна политика во Европа*, Институт "Роберт Шуман", мај 2001 година, Будимпешта, Унгарија; *Балканска конференција и Летна школа на младината на Европската народна партија*, Институт за демократија „Константинос Караманлис", август 2001 година, Порто Карас, Грција; *Обликувајќи ја иднината на Европа*, Центар за применета политика – Минхен/ Фондација „Конрад Аденауер", декември 2001 година, Охрид;*"Quo vadis Europe" - зимски универзитет на европски демократски студенти*, февруари 2002 година, Брисел, Белгија; *Политички фондации и институти*, Меѓународен републикански институт, март 2002 година, Софија, Бугарија; *Образованието – клуч на слободата - семинар на ЕДС и 5ти летен универзитет "Мигел Анхел Бланко"* , Европски демократски студенти, април 2002 година, Kацерес, Шпанија; *Политичка комуникација во практика – Кампања*, Министерство за надворешни работи на Австрија, Совет на Европа, март / јуни 2002 година, Скопје; *Регионална безбедност и соработка во југоисточна Европа*, Интеруниверзитетски центар-Дубровник, јуни 2002, Дубровник, Хрватска; *Летна академија за југоисточна Европа*, Фондација "Конрад Аденауер", јули, 2002 година, Кавала, Грција; *Малцинствата во демократијата*, Фондација „Конрад Аденауер", Европски центар за малцински прашања, ЈИЕ универзитет, декември 2002 година, Тетово;

*Политички менаџмент - 1. дел* Институт „Роберт Шуман", април 2003 година, Добогоко, Унгарија; *Градејќи ја иднината заедно* - регионална конференција на Фондацијата „Конрад Аденауер", Фондација „Конрад Аденауер", април 2003 година, Св. Наум, Охрид; *Политички менаџмент - 2. дел* Институт "Роберт Шуман", јуни, 2003 година, Будимпешта, Унгарија; *Летна академија за југоисточна Европа*, Фондација "Конрад Аденауер", август 2003 година, Дрјаново, Бугарија; *Проектен менаџмент*, УНДП, декември, 2004 година, Скопје; *Економски менаџмент и управување со странска помош*, УНДП, Питсбург- центар за јавна политика и администрација, април, 2005 година, Маврово; *Вредности во политичките концепти на државата, економски и социјални прашања*, Атлантски совет на Хрватска, Фондација „Конрад Аденуаер", јули 2005 година, Шипан, Хрватска; *Поднесување на случај согласно со Европската конвенција за човекови права*, Македонско здружение на млади правници, ОБСЕ и Совет на Европа, септември 2005 година, Охрид. *Редефинирање на безбедноста во југоисточна Европа и Блискиот исток*, Грчка фондација за европска и надворешна политика, септември 2007 година.

## III. Податоци за објавените стручни и научни трудови

Доц. д-р Васко Наумовски ги објавил следниве научни и стручни трудови:

1. **Европски интеграции (теории и институционализација), монографија**, Пакунг, Скопје, 2009 година.
2. **Engineering the Foreign Policy of a New Independent State (Book Review)**, Crossroads, The Macedonian Foreign Policy Journal, 2006, Skopje.
3. **Некои аспекти на меѓународното именување на државите**, Глобал, Институт за економски стратегии и меѓународни односи "Охрид", 2008 година, Скопје.
4. **Перспективите на европскиот устав и проширувањето кон Западниот Балкан**, Глобал, Институт за економски стратегии и меѓународни односи "Охрид", 2007 година, Скопје.
5. **Проширувањето на Европската унија-проблеми и предизвици (извадок од магистерскиот труд)**, *Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки (2001-2006), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први"-Скопје, 2006 година, Скопје.*
6. **Парламентарните избори во Република Македонија во 2006 година како услов за почеток на преговорите за членство во ЕУ**, Политичка мисла, Фондација "Конрад Аденауер", 2006 година, Скопје.
7. **Апсорпциониот капацитет на Европската унија – потребно дополнување на Копенхашките критериуми или алиби за подигање на нов ѕид?**, Политичка мисла, Фондација "Конрад Аденауер", 2006 година, Скопје.
8. **Сонот на малкумина стана реалност за сите**, Политичка мисла, Фондација "Конрад Аденауер", 2003 година, Скопје.

9. **Американците се од Марс, а Европејците од Венера (приказ на книга)**, Политичка мисла, Фондација „Конрад Аденауер", 2003 година, Скопје.
10. **Образованието за Европската унија како приоритет (приказ на книга)**, Политичка мисла, Фондација „Конрад Аденауер", 2004 година, Скопје.
11. **Pravni režim internet domejna Evrope** (коавторство), Pravni život, broj 12, Beograd, 2009.
12. **Македонија во 2020**, Резултати од истражувањето на јавното мислење кај младите во врска со националните интереси и општествените појави, Институт за европски и меѓународни студии, Скопје, 2008 година.
13. **Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period September 2006-May 2007 (Report No.1) (автор на делот „foreign affairs")**, The Institute for Economic Strategies and International Relations, OHIRD, Skopje, 2007.
14. **Македонски правосуден прирачник** (коавторство), Институт за европски и меѓународни студии, Скопје, 2007 година.
15. **Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period June-July , 2007 (Report No.2.) (автор на делот „foreign affairs")**, The Institute for Economic Strategies and International Relations, OHIRD, Skopje 2007.
16. **Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period August-September 2007 (Report No.3), автор на делот „foreign affairs")**, The Institute for Economic Strategies and International Relations, OHIRD, Skopje, 2007.
17. **Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period October-November 2007 (Report No.4) (автор на делот „foreign affairs")**, The Institute for Economic Strategies and International Relations, OHIRD, Skopje, 2007.
18. **Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period December 2007-January 2008 (Report no.5. автор на делот „foreign affairs")**, The Institute for Economic Strategies and International Relations, OHIRD, Skopje 2008.

## IV. Оцена на објавените стручни и научни трудови

Објавените стручни и научни трудови на кандидатот доц. д-р Васко Наумовски се карактеризираат со квалитетна и обемна разработка и имаат посебен научен, стручен и општествен придонес. Во трудовите е присутна успешна методолошка поставеност која се одликува со забележителна научна вредност за натамошните развојни процеси на европските интеграции. Во тој контекст, трудовите се особено значајни за

инплементацијата на нивните научни и општествено стручни сознанија во практиката.

## V. Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот д-р Васко Наумовски, согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а имајќи го предвид бројот на освоените поени на кандидатот (вкупно 152,37, од кои за наставно-образовната дејност-34,27, за научноистражувачката дејност-88,20 и за стручно-апликативната дејност-29,90), **Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, да го избере д-р Васко Наумовски во наставно-научното звање доцент на научната област применети политички науки (идејата за Европа и теориите за европските интеграции).**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Димитар Бајалџиев, редовен професор с.р.

2. Д-р Татјана Петрушевска, редовен професор с.р.

3. Д-р Зоран Илиевски, доцент с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Васко АлександарНаумовски
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први"
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** Применети политички науки (идејата за Европа и теориите за европските интеграции)

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава: европски интеграции (политики и институции) (3 часа неделно) летен 2008/09 прв циклус) | 1,8 |
| 2. | Настава: заедничка безбедносна и надворешна политика на ЕУ (3 час неделно) (зимски 2008/09-втор циклус) | 2,25 |
| 3. | Настава: источноевропски држави: домашна политика и европски интеграции (3 часа неделно) (летен 2008/09-втор циклус) | 2,25 |
| 4. | Настава: проширување на ЕУ (3 часа неделно) (летен 2007/08-втор циклус) | 2,25 |
| 5. | Настава: право на ЕУ (3 часа неделно) (зимски 2007/08-втор циклус) | 2,25 |
| 6. | Настава: конкурентско право на ЕУ (3 часа неделно) (зимски 2008/09 втор циклус | 2,25 |
| 7. | Настава: правна рамка на европскиот бизнис (3 часа неделно) (летен 2008/09- прв циклус) | 1,8 |
| 8. | Настава: вовед во политички систем (3 часа неделно) (зимски 2008/09 прв циклус) | 1,8 |
| 9. | Настава: вовед во правото (3 часа неделно) (зимски 2008/09 прв циклус) | 1,8 |
| 10. | Настава на работилница по повод 60- годишнината од Уставот на СР Германија (Март 2009 година) (Раководител) | 1,5 |
| 11. | Настава на работилницата „Legal Environment of the European Business " (раководител) | 1,5 |
| 12. | Настава на летен универзитет на Њујорк-универзитетот во Скопје (учесник) | 1 |
| 13. | Учесник на G-local Media in Transition, 1st Skopje International conference in Communication Studies, Session 7, Private/Public, 8-10 March 2007. | 1 |
| 14. | Консултации со студенти 2007/08 (зимски) (40) | 0,08 |
| 15. | Консултации со студенти 2007/08 (летен) (40) | 0,08 |
| 16. | Консултации со студенти 2008/09 (зимски )(40) | 0,08 |
| 17. | Консултации со студенти 2008/09 (летен) (40) | 0,08 |
| 18. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1) | 0,5 |
| 19. | Пакет материјали за предметот проширување на ЕУ | 1 |
| 20. | Пакет материјали за предметот вовед во правото на ЕУ | 1 |
| 21. | Пакет материјали за предметот вовед во политички систем | 1 |
| 22. | Пакет материјали за предметот вовед во правото | 1 |
| 23. | Пакет материјали за предметот правна рамка на европскиот бизнис | 1 |
| 24. | Пакет материјали за предметот европско конкурентско право | 1 |
| 25. | Одржано предавање на МБА-програмата на Универзитетскиот Институт „Курт Бош", Швајцарија (25 часа предавања во ноември 2007 година) | 3 |
| 26. | Одржано предавање по покана на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје (2009 година) | 1 |
| | Вкупно | 34,27 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбраната докторска теза на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје под наслов:"Институционалниот динамизам на Европската унија и проширувањето со државите од Западниот Балкан." | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска работа на државниот Рајнски универзитет "Фридрих Вилхелмс", во Бон, СР Германија, под наслов „Македонија – од југословенската федерација до апликација за членство во Европската унија". | 4 |
| 3. | Одбраната магистерска работа на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје под наслов "Проширување на Европската унија – проблеми и предизвици | 4 |
| 4. | Ментор на магистерската работа „Слобода на движење на работниците во ЕУ" | 1 |
| 5. | Ментор на магистерската работа „Политика на конкуренција на ЕУ: еволуција на регулирањето на присоединувањата во ЕУ и генерален осврт на Законот за заштита на конкуренцијата " | 1 |
| 6. | Ментор на магистерската работа „Државна помош во услуги и добра од општ економски интерес" | 1 |
| 7. | В. Наумовски, Европски интеграции (теории и институционализација)", монографија, Пакунг, Скопје, 2009 година. | 8 |
| 8. | В. Наумовски, Engineering the Foreign Policy of a New Independent State (Book Review) Crossroads, The Macedonian Foreign Policy Journal, 2006, Skopje (UDC 327 (497.7:100) "1991-2006"), Скопје. | 4 |
| 9. | В. Наумовски, *Некои аспекти на меѓународното именување на државите*, Глобал, (ISSN 1857-5633), Институт за економски стратегии и меѓународни односи „Охрид", 2008 година, Скопје. | 4 |
| 10. | В. Наумовски, *Перспективите на европскиот устав и проширувањето кон Западниот Балкан*, Глобал, (ISSN 1857-5633), Институт за економски стратегии и меѓународни односи „Охрид", 2007 година, Скопје. | 4 |
| 11. | В. Наумовски, *Проширувањето на Европската унија-проблеми и предизвици (извадок од магистерскиот труд), Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на наука (2001-2006), Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први"-Скопје, 2006 година, Скопје.* | 2 |
| 12. | В. Наумовски, *Парламентарните избори во Република Македонија во 2006 година како услов за почеток на преговорите за членство во ЕУ*, Политичка мисла, (ISSN 1409-9853), Фондација „Конрад Аденауер", 2006 година, Скопје. | 4 |
| 13. | В. Наумовски, *Апсорпциониот капацитет на Европската унија – потребно дополнување на Копенхагенските критериуми или алиби за подигање на нов ѕид?*, Политичка мисла, (ISSN 1409-9853), Фондација "Конрад Аденауер", 2006 година, Скопје. | 4 |
| 14. | В. Наумовски, Сонот на *малкумина станува реалност за сите*, Политичка мисла, (ISSN 1409-9853), Фондација "Конрад Аденауер", 2003 година, Скопје; | 4 |
| 15. | *Американците се од Марс, а Европејците од Венера (приказ на книга)*, Политичка мисла (ISSN 1409-9853), Фондација „Конрад Аденауер", 2003 година, Скопје. | 4 |
| 16. | В. Наумовски, *Образованието за Европската унија како приоритет (приказ на книга)*", Политичка мисла (ISSN 1409-9853),Фондација „Конрад Аденауер", 2004 година, Скопје. | 4 |
| 17. | Pravni režim internet domejna Evrope, (коавторство), (ISSN 0350-0500; UDC 34 (497.11 (05)), Pravni život (časopis za pravnu teoriju i praksu), broj 12, Beograd, 2009. | 3,2 |
| 18. | Македонија во 2020, Резултати од истражувањето на јавното мислење кај младите во врска со националните интереси и општествените појави, Институт за европски и меѓународни студии, Скопје, 2008 година | 4 |
| 19. | Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period September 2006-May 2007 (Report No.1) (автор на делот „foreign affairs"), The Institute for | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Economic Strategies and International Relations, OHRD, Skopje, 2007. | |
| 20. | Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period June-July , 2007 (Report No.2.) (автор на делот „foreign affairs"), The Institute for Economic Strategies and International Relations, OHIRD, Skopje 2007. | 4 |
| 21. | Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period August-September 2007 (Report No.3), автор на делот „foreign affairs"), The Institute for Economic Strategies and International Relations, OHIRD, Skopje, 2007. | 4 |
| 22. | Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period October-November 2007 (Report No.4) (автор на делот „foreign affairs"), The Institute for Economic Strategies and International Relations, OHIRD, Skopje, 2007. | 4 |
| 23. | Leadership Monitoring, Report from the Performance Evaluation of the Government of the Republic of Macedonia for the period December 2007-January 2008 (Report no.5.) автор на делот „foreign affairs"), The Institute for Economic Strategies and International Relations, OHIRD, Skopje 2008. | 4 |
| | **Вкупно** | **88,20** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Дејности од поширок интерес** | |
| 2. | Соработник во изготвување и пријавување на образовен меѓународен ТЕМПУС- проект (JP 144582) | 0,5 |
| 3. | Член на уредувачки одбор на "Crossroads-The Macedonian Foreign Policy Journal". | 0,5 |
| 4. | Член на Универзитетскиот академски совет на Њујорк-универзитетот во Скопје. | 1 |
| 5. | Член на Универзитетскиот академски сенат на Њујорк-универзитетот во Скопје. | 2 |
| 6. | Член на работната група за усогласување на Статутот на Њујорк- универзитетот во Скопје со Законот за високото образование од 2008 година. | 1 |
| 7. | Член на работната група за изработка на Правилник за единствениот кредит -трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма односно од една на друга единица на Универзитетот. | 1 |
| 8. | Член на работната група за изработка на Правилник за единствените правила за студирање на „Њујорк Универзитетот Скопје" | 1 |
| 9. | Член на работната група за изработка на Правилник за условите и критериумите за запишување додипломски студии на „Њујорк Универзитет" Скопје | 1 |
| 10. | Член на комисија за избор во звање на ас.м-р Марија Пешева | 0,2 |
| 11. | Член на комисија за избор во звање на ас.м-р Искра Андреева | 0,2 |
| 12. | Координатор на студиската програма за европски студии (прв циклус) | 1 |
| 13. | Координатор на студиската програма за политика (прв циклус) | 1 |
| 14. | Координатор на студиската програма за меѓународни односи (прв циклус) | 1 |
| 15. | Координатор на студиската програма за европски студии (втор циклус) | 1 |
| 16. | Координатор на студиската програма за политика (втор циклус) | 1 |
| 17. | Координатор на студиската програма меѓународни односи (втор циклус) | 1 |
| 18. | Раководител на постдипломските студии по европски студии | 2 |
| 19. | Раководител на постдипломските студии по европско деловно право | 2 |
| 20. | Член на националниот совет за евроинтеграции | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Член на комисијата за политички систем при Владата на РМ | 1 |
| 22. | Претседател на второстепената комисија за решавање на спорови од областа на трудот и социјалната политика при Владата на РМ | 1 |
| 23. | Претседател на Работниот комитет за евроинтеграции (РКЕИ) | 1 |
| 24. | Член на Комитетот за реформа на јавната администрација | 1 |
| 25. | Координатор на работната група за подготовка на Законот за јавни службеници | 2 |
| 26. | Член на Владиното тело за следење на спроведувањето на акцискиот план за борба против корупцијата | 1 |
| 27. | Претседавач со Надзорното тело за спроведување на препораките на ОБСЕ/ОДИХР за претседателските и локалните избори 2009 година | 1 |
| 28. | Студиски престој на Универзитетот во Флорида, САД (до три месеци) | 0,5 |
| 29. | Студиски престој на Универзитетот „Фридрих Вилхелмс" во Бон, СР Германија (повеќе од шест месеци) | 2 |
| | **Вкупно** | 29,90 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 34,27 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 88,20 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 29,90 |
| **Вкупно** | 152,37 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Димитар Бајалџиев, претседател с.р.

2. Проф. д-р Татјана Петрушевска, член с.р.

3. Доц. д-р Зоран Илиевски, член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ОД ПОТЕСНАТА СТРУЧНА И НАСТАВНА ОБЛАСТ, ПО ПРЕДМЕТОТ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ГРУПИТЕ: ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно -научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје, на седницата одржана на 25 .1. 2010 година, формирана е рецензентска комисија за избор во соработничко звање - асистент од потесната стручна и научна област ***предметот музички инструменти за групите: одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик***.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" од 23.12.2009 година се пријави само кандидатката м-р Јета Старова Мехмети.

По разгледувањето на севкупната документација што кандидатката м-р Јета Старова Мемети ја достави во предвидениот рок со конкурсот, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Аида Ислам, претседател на Комисијата, проф. м-р Љупчо Соколов и проф. м-р Сабаудин Жута, како членови на Комисијата, има чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *Основни биографски податоци*

**М-р Јета Старова Мехмети** е родена на 6. 2.1983 година, во Скопје. Своето основно образование го започнала во ОУ „Јохан Хајнрих – Песталоци". Истовремено го започнала и своето основно музичко образование во Училиштето за музика и балет „Илија Николовски-Луј" по инструментот флејта, во класата на проф. Бети Станковска. Своето основно образование го продолжила и со успех го завршила во познатиот француски колеџ „Жансон де Саји" во Париз. Во исто време го продолжила и своето основно музичко образование го и со успех го завршува во Конзерваториумот „Франсис Пуленк" во Париз, во класата на професор Стефан Лимонер, солист на Операта Гарние во Париз.

М-р Јета Старова Мехмети своето средно образование го продолжила во Средното музичко и балетско училиште „Илија Николовски-Луј" во Скопје, по флејта, во класата на проф. Бети Станковска, кое го завршила со одличен успех. По тој повод го одржала својот матурски концерт со јавен настап и ја положила матурата во класата за флејта со одличен успех.

Своето високо образование на студии по флејта, кандидатката м-р Јета Старова Мехмети ги продолжила во Конзерваториумот „Алфред Корто" во Париз, во класата на флејтистот од светски глас, проф. Пјер Ив Арто, кадешто и дипломирала со одличен успех. Во истиот Конзерваторуим ја стекнала и својата специјализација по флејта во класата на проф. Пјер Ив Арто.

Под менторство на познатиот флејтист од Албанија, проф. Елвис Руди, своите постдипломските студии со успех ги завршила на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје, во рамките на кои предметите од потесната стручна областа-флејта (I и II) и камерна музика ги положила со оценка 10 (десет). Во ноември 2009 година магистрирала и се стекнала со научното звање магистер по интерпретација на флејта.

Од 2006 година, м-р Јета Старова Мехмети е ангажирана како демонстратор по предметот музички инструменти од потесната стручна и наставна област, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски".

Кандидатката м-р Јета Старова Меметi, покрај албанскиот и македонскиот јазик, ги владее и францускиот и англискиот јазик, говорно и писмено, како и шпанскиот јазик, говорно.

## *Концерти и музички активности*

1998-2002- бројни солистички концерти и рецитали одржани во Република Македонија, во Музичката школа, во Филхармонијата на Република Македонија, Операта на Република Македонија, како солист на оркестарот на МБУЦ „Илија Николовски-Луј", во салони на изложби и промоции на книги, итн.

1998-2002- член е на симфонискиот оркестар на средното музичкото училиште ( прва флејта и пиколо), со кој настапила и како солист на овие инструменти.

2002- летото истата година остварила турнеја низ Европа, Германија, Австрија и Франција, со мандолинскиот оркестар на Република Македонија, со кој настапила како солист.

2003-2005-повеќе солистички концерти и концерти на камерна музика во Високата музичка школа во Париз „Алфред Корто" и во Меѓународниот Универзитетски центар во Париз.

2004-концерт со Парискиот оркестар на флејти во Париз.

2009-август-учество на концертот на најголемиот ансамбл на флејти во светот (2000 флејти), во Њујорк, **настан одбележан во Гинисовата**

**книга на рекорди.** Концертот се одржа во Бродвеј, Менхетен, Њујорк, под диригентство на најпознатиот флејтист во светот, сер Џемс Галавеј.

### *Концерти - флејта и пијано*

2004- солистички концерт во рамките на фестивалот „Скопско лето" во Даутпашиниот Амам во Скопје.
Солистички рецитал на фестивалот Охридско лето во Катедралната црква „Света Софија" во Охрид.
Рецитал во рамките на фестивалот Културно лето во Битола.

2005-целовечерен солистички концерт во рамките на манифестацијата "Мулти- култи" во Даутпашиниот Амам во Скопје.

2005- ноември- целовечерен солистички концерт со дела од претежно француски автори - Ф. Борн, А. Жоливе, М. Блаве, во организација на Францускиот културен центар во Скопје.

2006-целовечерен солистички концерт во организација на Ротари-клубот на Македонија во хотелот „Александар палас".

2006-ноември-настап на гала-концертот со Филхармонијата на Република Македонија

2008-септември-целовечерен солистички концерт во рамките на манифестацијата „Бела ноќ" во Градскиот музеј на Скопје.

### *Концерти- флејта и виолина*

2006 август-концерт по повод одбележувањето на 600 - годишнината на раѓањето на Скендербег, во организација на МАНУ.

2006 јуни-концерт со дела на класични и албански композитори пред дипломатскиот кор во Република Македонија, организиран од Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

2007-целовечерен концерт за дипломатскиот кор во Република Македонија, организиран од страна на Амбасадата на Франција во Република Македонија

2007 февруари- целовечерен концерт одржан во хотелот „Александар Палас" во Скопје, во организација на Ротари - клубот на Македонија.

2007 август -целовечерен одржан во рамките на фестивалот „Улцинско лето", во Улцињ, Република Црна Гора.

2007 септември - настап на свечената академија по повод одбележувањето десетгодишнината од смртта на Мајка Тереза, во МАНУ.

2008-целовечерен концерт за дипломатскиот кор во Република Македонија, организиран од страна на Амбасадата на Холандија во Република Македонија

2008 август-настап на манифестацијата Струшки вечери на поезијата во Катедралната црква „Света Софија" по повод доделувањето на наградата „Златен венец".

2008-ноември- целовечерен концерт во рамките на манифестацијата „Музичка есен" во Даутпашиниот Амам.

2008-август-целовечерен концерт во рамките на манифестацијата „Гоцеви денови" одржан во познатата сцена во Тирана, Албанија, „Одеон" („Пирамида")

2008-август-концерт во рамките на манифестацијата „Топол културен бран", во организација на Министерството за култура на Република Македонија, во Струга и во Дебар.

2008-концерт во рамките на акцијата за обезбедување на средства за купување и вградување на оргули, организиран од страна на Католичката црква во Скопје.

2008- учество во музичкиот дел на театарска претстава организирана од Францускиот културен центар во Република Македонија, во Скопје и во Битола.

2008-концерт во рамките на манифестацијата „Денови на Европската унија".

2008-настапи на бројни манифестации во Тетово, Гостивар и Кичево, Република Македонија.

2008- настап на музичката манифестација во рамките на Театарскиот фестивал во Дебар, Република Македонија.

2009-јуни-целовечерен концерт во рамките на меѓународниот фестивал „Флуте Соундс" („Звуците на флаутата"), во Приштина, Република Косово.

2009-јули- целовечерен концерт во рамките на фестивалот „Охридско лето".

2009-јануари-целовечерни концерти во познатата сала „Висси д' арте" Париз, Франција.

2009-јуни- целовечерни концерти во повеќе градови на Сицилија, Италија.

2009-август-целовечерни концерти во Њујорк, Менхетен, во Национал Арт Тхеатре, Америка, во организација на Министерството за култура на Република Македонија.

2009-настап на музичкиот дел со која беше одбележана промоција на книга на ФОН, Првиот приватен универзитет во Република Македонија.

2009-концерти во Гостивар и Куманово, Република Македонија.

2009-настап на музичкиот дел на манифестацијата на прогласување на г. Р.Кнауф за почесен граѓанин на Дебар, Република Македонија.

## *Мастер - класи и летни универзитети*

1999- учествувала на летниот универзитет по музика-флејта во Шатијон сур Сен, Франција, во класата на проф. Убер де Вилел, солист на Националниот оркестар на Франција.

2001-учествувала во мастер-класа на Михи Ким, професор по флејта на Конзерваториумот "Алфред Корто" во Париз, во Центарот за уметност во Париз.

2002- користела стипендија за студии во Меѓународниот летен универзитет, ,,Интерлохен" во Мичиген - САД, кадешто одржала повеќе солистички концерти и концерти на камерна музика. Била член на симфонискиот оркестар на истиот Универзитет.

2004-учествувала на мастер-класа на тројца професори: Пиер Ив Арто, Клод Лефевр и Михи Ким во Центарот на уметностите во Париз.

2005- учествувала во мастер-класа на швајцарскиот флаутист Бенуа Фромагер, на Конзерваториумот "Алфред Корто" во Париз; на шпанскиот флаутист Винсент Лукас и на швајцарскиот флаутист Петер Лукас Граф, во Париз.

## *Награди*

2000 - сребрен медал за млади таленти на Меѓународниот натпревар по флејта „Златна палма“ во Сан Бартоломео, Италија.

2001 - прва награда на Меѓународниот натпревар по флејта во Стара Загора, Бугарија.

2002 - прва награда на меѓународниот натпревар по флејта во Ваљево, Република Србија.

2002 - прва специјална награда (100 максимум освоени бода) на Националниот натпревар по камерна музика во Штип, Република Македонија.

2003 - втора награда на Меѓународниот конкурс по флејта „Роже Бурден" во Париз, Франција, (првата награда не е доделена).

2004 - прва награда на меѓународниот натпревар по флејта, „Златен клуч" во Париз, Франција.

## Заклучок и предлог

Врз основа на горепriложените податоци, може да се констатира дека кандидатката м-р Јета Старова Мехмети во целост ги исполнува условите утврдени во конкурсот за избор во соработничко звање - асистент од потесната стручна и наставна област по предметот музички инструменти, за групите: одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

Врз основа на тоа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" во Скопје, да ја избере ***м-р Јета Старова Мехмети*** во соработничко звање - ***асистент*** од од потесната стручна и наставна област по предметот ***музички инструменти***, за групите: оделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

### Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Аида Ислам, претседател, ср.
2. Проф. м-р Љупчо Соколов, член, ср.
3. Проф. м-р Сабаудин Жута, член, ср.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИЧКАТА АНАЛИЗА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-3450/3, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје од 5.2.2010 година, назначени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на математичката анализа на Институтот за математика при ПМФ на УКИМ во Скопје.

На објавениот конкурс во весниците "Дневник" и "Коха" од 24. 12.2009 се пријави само д-р Живорад Томовски, вонреден професор на Институтот за математика при ПМФ.

По прегледувањето на поднесениот материјал, како и врз основа на нашето познавање на кандидатот, имаме чест на Наставно-научниот совет на ПМФ да му го поднесеме следниов

### ИЗВЕШТАЈ

## 1. Биографски податоци

Д-р Живорад Томовски е роден на 8.VI 1968 г. во Тетово, каде што завршил основно и средно образование. Во 1987 г. се запишал на Природно- математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, група за теориска математика. Студиите ги завршил во 1992 г. со просек 9,36. На 1.III 1993 се вработил како помлад асистент на Катедрата за математика при Електро-техничкиот факултет (ЕТФ) во Скопје. Истата година се запишал на постдипломски студии по математика, на ПМФ во Скопје. Од 31.III 1995 г. работел како стручен соработник на Институтот за математика при ПМФ во Скопје. На 10.X 1997 г. ја одбранил магистерската работа насловена како: *Класи на $L^1$ – конвергенции на Фуриеови и Фурие-Стилтјесови редови* и се стекнал со звањето магистер на математички науки. Од 1.V 1998 г. е избран за асистент на Институтот за математика за група предмети од математичка анализа. По изборот за асистент, д-р Живорад Томовски активно учествувал со соопштенија и презентации на повеќе симпозиуми, конгреси и други научни собири во земјата и во странство.

Во 1999 г. бил на 4-месечен студиски престој во Москва на Универзитетот *Дружба на народите*, како и на едномесечен студиски престој на *Стекловиот математички институт* при Руската академија на науките во Москва, каде што активно учествувал на семинарите кај проф. д-р Сергеј Тељаковски. Од 1999 г. е постојан соработник и член во научната група по *математички неравенства и примени* во Мелбурн, Австралија. На 7.7 2000 г. успешно ја одбранил

математика), *математика 1, математика 2, одбрани делови од диференцијални равенки и комплексни функции* (за студентите по математика-физика). Задолжен бил за предметите: *неравенства во хармониска анализа, фуриеова анализа* на постдипломските студии по математика и *интегрални равенки* на постдипломските студии на Институтот за физика. Бил ментор на пет дипломски работи, ментор на една магистерска работа, член во комисија на 3 магистерски работи и член во комисија на две докторски дисертации, одбранети на ПМФ во Скопје. Од друга страна, бил член на рецензентска комисија за оцена и одбрана на една докторска дисертација, одбранета во октомври 2009 на Природно-математичкиот факултет во Загреб, Хрватска. Бил рецензент на една докторска дисертација, предложена од Универзитетот *Thapar* во Индија. Рецензирал 3 учебници за средно насочено образование печатени од издавачката куќа „Просветно дело", Скопје. Во последниве 5 години бил еден од рецезентите за избор на 2 помлади асистента на Институтот за математика при ПМФ. Се јавува како автор или коавтор на три универзитетски учебници наменети за студентите по математика, физика и двопредметните студии по математика-физика. По изборот за вонреден професор ја објавил книгата: **Ж. Томовски**, Математика 2 (за физичари), „Просветно дело", Скопје (2008), стр. 192 (ISBN 978-9989-0-0581-7).

## 3. Научноистражувачка дејност

По изборот за вонреден професор, кандидатот д-р Живорад Томовски објавил вкупно 28 научни труда, од кои 26 се објавени во меѓународни, а 2 се објавени во домашни списанија. Од нив, 9 труда се објавени во списанија со импацт-фактор, а еден е објавен како поглавје во книга печатена во издавачката куќа NOVA-Sciences, Америка. Претходните научни трудови се рецензирани во Билтен бр. 769 од 27 декември 2000, каде што е објавена рецензијата за неговиот избор во звањето доцент и Билтен бр. 874 од 1 јуни 2005, каде што е објавена рецензијата за неговиот избор во звањето вонреден професор. Списокот од научни трудови е даден во рамките на анексот. По изборот за вонреден професор, бил раководител на 3 научноистражувачки проекти како и соработник во еден научноистражувачки проект. Списокот од научноистражувачки проекти е даден во рамките на анексот.

## 4. Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

Д-р Живорад Томовски е уредник на две научни списанија: *Математика- Македоника* и *Advances in Applied Mathematical Analysis*. Рецезензирал повеќе научни трудови за списанијата: *Mathematical Inequalities and Its Applications* (MIA) (Element-Zagreb), *Journal of Inequalities in Pure and Applied Mathematics* (JIPAM) (electronic), *Математика-Балканика, Математички билтен, Прилози-МАНУ, Математика-Македоника, Mathematical and Computer Modelling* (Elsevier), *Tamkang Journal of Mathematics* (Tamsui-Taiwan), *Applied Mathematics Letter* (Elsevier), *International Journal of Mathematics and*

*Mathematical Sciences* (Hindawi), *Computers and Mathematics with Applications* (Elsevier), *Journal of Inequalities and Applications* (Hindawi), *Journal of Mathematical Inequalities* (Element), *Electronic Journal of Differential Equations*, *Mathematical Communications*.

Од септември 2004 г. е избран за рецезент во реномираниот американски реферативен научен журнал *Mathematical Reviews*, каде што рецензирал повеќе од 50 научни трудови. По покана на проф. д-р Рудолф Хилфер, престојувал повеќе од еден месец (ноември -декември 2007), како гостин-истражувач на Институтот за компјутерска физика, на Универзитетот во Штутгарт, Германија, а во 2008 бил на 3- месечен престој како истражувач-постдокторанд на Институтот за компјутерска физика, Универзитет во Штутгарт, Германија, поддржан од фондацијата DAAD. Учествувал како секретар во организациониот одбор на јубилејната конференција *85 години од животот на Благој Попов*, одржана 4-7 септември 2008 во Охрид. Бил воедно гостин-уредник на списанието *Годишен зборник на Институтот за математика, ПМФ-Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Vol. 41 (2008)*, број посветен на јубилејната конференција „85 години од животот на Благој Попов". Бил член во интернационалниот научен програмски одбор на *Symposium on Fractional Signals and Systems"-Lisbon 2009*, одржан 4-6 ноември 2009. Избран е за член во интернационалниот научен програмски одбор на *Symposium on Fractional Signals and Systems"-Coimbra 2011*, кој ќе се одржи 4-7 ноември 2011 во Португалија (http://fss11.ipc.pt/). Во мандатниот период 1 октомври 2007-1 октомври 2009 бил *раководител на Заводот за анализа* на Институтот за математика. Избран е за раководител на Заводот за анализа уште еден мандатен период: 1 октомври 2009- 15 септември 2011. Учествувал во различни тела и комисии во рамките на Факултетот, како што се: член во *Дисциплинска комисија*, член во *Комисија за избор на декан*, член во *Издавачкиот совет на ПМФ*, член во *Комисија за изготвување на наставните планови и програми од прв циклус на студии на Институтот за математика*, член во *Комисија за систематизација на работа, работни задачи и изготвување на Правилник за плати на ПМФ*, член во Комисија за *кадровски прашања*, како и *претседател на Комисијата за кадровски прашања*.

## 4.1 Професионални посети и студиски престои

По изборот за вонреден професор, д-р Живорад Томовски ги реализирани следниве студиски престои, надвор од Македонија:

- (2005-2006: 2 месеца), Faculty of Electrical Engineering and Computing, University of Zagreb, Croatia;
- (2007: 1 месец) Institute for Computational Physics, University of Stuttgart, Germany;
- (септември 2007: 1 недела): *Intensive course of "Fractional Calculus"*: DAAD project-"Center of Excellence for Application of Mathematics", Novi Sad, Serbia;
- (2008: 3 месеци) Institute for Computational Physics, University of Stuttgart, Germany;

докторската дисертација *Конвергенција и интеграбилност на некои класи тригонометриски редови*, на ПМФ во Скопје, под менторство на проф. д-р Сергеј А. Телјаковски од Москва и се стекнал со звањето доктор на математички науки. Докторската дисертација ја објавил на англиски јазик, во интернационалното списание *DISSERTATIONES MATHEMATICAE, Vol. 420, (2003)*, издадена од Полската академија на науките во Варшава. Неговиот научен интерес е *математичка анализа* со специјалности: *теорија на апроксимации, тригонометриска и нетригонометриска фуриеова анализа, неравенства, фракционално сметање, специјални функции и редови, фракционални диференцијални и интегрални равенки и нивна примена во математичката физика.* Автор или коавтор е на 67 научни трудова, објавени во земјава и во странство од кои во 37 труда се јавува како самостоен автор. Од нив, 9 се објавени во домашни списанија, а 55 се објавени во меѓународни списанија, од кои 17 се со импакт-фактор. Освен со домашни коавтори, соработувал и со странски коавтори, меѓу кои: *Prof. Hari M. Srivastava* (Victoria University, Canada); *Prof. Rudolf Hilfer* (University of Stuttgart, Germany); *Prof. Vu Kim Tuan* (West Georgia University, USA); *Prof. Yuri Luchko* (Technical University of Applied Sciences in Berlin, Germany); *Prof. Tibor Pogany* (University of Rijeka, Croatia); *Prof. Josip Pecaric* (член на HAZU, Croatia); *Prof.* Neven Elezovic (University of Zagreb, Croatia); Doc. Mario Krnic (University of Zagreb, Croatia). Автор е на една монографија, објавена во RGMIA, Мелбурн, Австралија. По изборот за доцент во февруари 2001 г., д-р Живорад Томовски учествува во работата на едногодишниот научен проект *Ортогонални полиноми и примена*, поддржан од МАНУ под раководство на академик Благој Попов. Истата година, од 1 јули, одобрен му е тригодишен научен проект насловен како *Фуриеова анализа и примени*, поддржан од Министерството за наука на Република Македонија.

Во јуни 2005, д-р Живорад Томовски е избран во звањето вонреден професор на Институтот за математика при ПМФ во Скопје. Во изминатиот период, по изборот во звањето вонреден професор, д-р Живорад Томовски посебно се истакнува во научноистражувачката работа. Имено, тој е раководител на 2 научноистражувачки проекта, поддржани од Министерството за наука и образование на Р. Македонија, еден научноистражувачки проект, поддржан од германската фондација DAAD, а во исто време учествува и во работата на научноистражувачки проект поддржан од Р. Хрватска, под раководство на проф. д-р Тибор Поган од Универзитетот во Риека. Учествувал со вкупно 6 поканети предавања на меѓународни семинари, работилници, колоквиуми и со кратки соопштенија на 2 конференции, надвор од Македонија (во анексот е даден преглед на учества на научни собири и конференции со свои предавања и соопштенија).

## 2. Наставно-образовна дејност

Како вонреден професор одржувал предавања по следниве предмети: *основи на веројатност* (за студентите по математика), *математичка анализа 1* и *математичка анализа 2* (за студентите по физика), *парцијални и интегрални равенки* (за студентите по теориска

- (октомври 2009: 1 недела) : *Intensive course of "Measure theoretic tools in Partial Differential Equations"*: DAAD project-"Center of Excellence for Application of Mathematics", Budva, Montenegro.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените аргументи, може да се заклучи дека д-р Живорад Томовски и по изборот во звањето вонреден професор продолжува со неговата обемна научна дејност, објавувајќи голем број на научни трудови во познати меѓународни математички, физички и хемиски списанија меѓу кои има и 9 труда во списанија, со импацт-фактор. Неговата соработка со познати експерти од неговата област, како и поканата за пленарни предавања, учеството во меѓународни проекти со Република Хрватска и фондацијата DAAD, говорат дека тој е ценет како математичар и многу пошироко од Р. Македонија.

Имајќи ја предвид богатата научна активност, како и целокупната негова пожртвуваност и активност, не само научна, туку и наставна како и стручно-апликативна по изборот за вонреден професор, според Правилникот за избори и реизбори на Универзитетот, д-р Живорад Томовски има вкупно 301, 543 поени, што далеку ја надминува вредноста на пропишаните поени за избор во наставничко звање. Членовите на Рецензентската комисија имаат чест и задоволство да му предложат на ННС на ПМФ во Скопје, д-р Живорад Томовски да биде избран за **редовен професор** по група предмети од областа на математичката анализа.

### Рецензентска комисија

1. Акад. Благој Попов, редовен професор, на ПМФ (во пензија), с.р.

2. Д-р Новак Ивановски, редовен професор, на ПМФ (во пензија), с.р.

3. Д-р Костадин Тренчевски, редовен професор, на ПМФ, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Живорад Златимир Томовски**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Природно-математички факултет, Институт за математика**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: математика**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава 1 циклус студии, ПМФ: основи на веројатност (2+2) (2 семестра, 2 часа, 15 недели) | 2,4 |
| 2. | Настава 1 циклус студии, ПМФ: математичка анализа 1 (4+4): (3 семестри, 4 часа, 15 недели) | 7,2 |
| 3. | Настава 1 циклус студии, ПМФ: математичка анализа 2 (4+4): (3 семестри, 4 часа, 15 недели) | 7,2 |
| 4. | Настава 1 циклус студии, ПМФ: парцијални и интегрални равенки: (2 семестра, 2 часа, 15 недели) | 2,4 |
| 5. | Настава 1 циклус студии, ПМФ: математика 1: (3 семестри, 4 часа, 15 недели) | 7,2 |
| 6. | Настава 1 циклус студии, ПМФ: математика 2: (5 семестри, 4 часа, 15 недели) | 12 |
| 7. | Настава 1 циклус студии, ПМФ: одбрани делови од диференцијални равенки и комплексни функции: (6 семестри, 4 часа, 15 недели) | 14,4 |
| 8. | Настава 2 циклус студии, ПМФ: неравенства во хармониска анализа: ( 1 семестар, 2 часа, 15 недели) | 1,5 |
| 9. | Настава 2 циклус студии, ПМФ: Фурисова анализа: (1 семестар; 2 часа, 15 недели) | 1,5 |
| 10. | Консултации со студенти: **1)** основи на веројатност: 2 x 20 x 0,002 =0,08; **2)** математичка анализа 1: 3 x 7 x 0,002= 0,042; **3)** математичка анализа 2: 3 x 7 x 0,002= 0,042; **4)** парцијални и интегрални равенки: 2x5x 0,002=0,01; **5)** математика 1: 3 x 5 x0,002=0,03; **6)** математика 2: 5 x 6x 0,002=0,06; **7)** одбрани делови од диференцијални равенки и комплексни функции: 6x10x0,002=0,12. | 0,384 |
| 11. | Ментор на 5 дипломски работи | 1 |
| 12. | Член на комисија за оцена или одбрана на 4 докторати | 2 |
| 13. | Член на комисија за оцена или одбрана на 3 магистратури | 0,9 |
| 14. | Автор на позитивно рецензиран универзитетски учебник | 8 |
| 15. | Рецензент на 2 учебника за средно образование | 1 |
| | **Вкупно** | **69,084** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа | 1 |
| 2. | Раководител на национален научен проект: (2006-2009), *Нетригонометриска Фуриеова анализа, специјални и ортогонални функции и примени* (поддржан од МОН). | 6 |
| 3. | Раководител на меѓународен научен проект: (2008: 3 месеца) *Fractional and Operational Calculus with Mittag-Leffler type functions* (поддржано од Германската Фондација DAAD) | 9 |
| 4. | Национален координатор на меѓународен научен проект: (2006-2008), *Фракционално сметање, виши трансцедентни функции и примени,* (билатерален проект, поддржан од МОН и Министерството за образование, наука и спорт на Република Хрватска) | 6 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект: (2007-2011), *Sampling Series, Mathieu Series and Special Functions* (Министерство за образование, наука и спорт на Република Хрватска) | 5 |
| 6. | Дел од монографија објавен во странство: **Ž. Tomovski**, Inequalities for Walsh polynomials with semimonotone coefficients of higher order, Advances in Inequalities for Special Functions, 193-199, Chapter 12, Book Edited by P.Cerone and S.S.Dragomir (2007) ISBN: 1-60021-919-5 (NOVA SCIENCE). | 6 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: **Ž. Tomovski**, D. Leskovski, Refinements and Sharpness of some inequalities for Mathieu type series, Mathematical Conference: 85 YEARS OF PROFESSOR BLAGOJ POPOV LIFE (September 4-7, 2008-Ohrid, Macedonia ); Math. Maced., **6** (2008), 61-71 | 3,6 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: **Ž. Tomovski**, Inequalities for Legendre polynomials with semi-monotone and semi-convex coefficients. God. Zb. Inst. Mat. Prir.-Mat. Fak. Univ. Kiril Metodij Skopje 41 (2008), 65-74 | 4 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Ž. Tomovski**, Inequalities for Walsh polynomials with semi-monotone and semi-convex coefficients, JIPAM, J. Inequal. Pure Appl. Math., 6 (2005), no.4, Article 98, 7 pp. (electronic) | 6 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Tibor Pogany, H.M.Srivastava, **Ž. Tomovski**, Some families of Mathieu **a**-series and Alternating Mathieu **a**-series, Appl. Math. Comput., 173 (2006) , no.1, 69-108 (ELSEVIER) (impact factor=0,961) (6x80%+0,961) | 5,761 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Tibor Pogany, **Ž. Tomovski**, On multiple generalized Mathieu series, Integral Transforms Spec. Funct., 17 (2006) no. 4, 285-293 (TAYLOR & FRANCIS) (impact factor=0,564) (6x90%+0,564) | 5,964 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: K. Trencevski, **Ž. Tomovski**, Algebraic approach to the fractional derivatives, Aust. J. Math. Anal. Appl., 3 (2006), no.2, Article 12, 7pp. (electronic) (6x90%). | 5,4 |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Ž.Tomovski**, Integral representations of generalized Mathieu series via Mittag-Leffler type functions, Fract. Calc. Appl. Anal. Vol.10 (2) (2007), 127-138 (Institute of Mathematics & Informatics, Bulgarian Academy of Sciences, Sofia-Bulgaria) | 6 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | списание со меѓународен уредувачки одбор: **Ž. Tomovski**, Generalization on some theorems of $L^1$-convergence of certain trigonometric series, Tamkang J. Math. 39 (2008), no.1, 63-74 | |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: N. Elezovic, **Ž. Tomovski**, Fractional derivative and formal power series, Int. J. Pure Appl. Math., 44 (2008), no.1, 1-7 (6x90%). | 5.4 |
| 16. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Tibor Pogany, **Ž. Tomovski**, On Mathieu type series whose terms contain generalized hypergeometric function ${}_qF_p$ and Meijer's G-function, Math. Comput. Modelling , 47 (2008), no. 9-10, 952- 969 (ELSEVIER) (impact factor=1,032) (6x90%+1,032) | 6,432 |
| 17. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: N. Elezovic, **Ž. Tomovski**, Riemann-Taylor expansions and fractional derivatives. Panamer. Math. J. 18 (2008), no.3, 15-29 (6x90%) | 5.4 |
| 18. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Ž. Tomovski**, New integral and series representations of the generalized Mathieu series. Appl. Anal. Discrete Math. 2 (2008), no.2, 205-212 | 6 |
| 19. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Ž. Tomovski**, Rudolf Hilfer, Some bounds for alternating Mathieu type series, J. Math. Inequal. 2 (2008), no.1, 17-26 (ELEMENT) (6x90%) | 5.4 |
| 20. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: N. Elezovic, H. M. Srivastava, **Ž. Tomovski**, Integral representations and integral transforms of some families of Mathieu type series., Integral Transforms Spec. Funct. 19 (2008), no.7-8, 481-495 (TAYLOR & FRANCIS) (impact factor=0,564) (6x80%+0,564) | 5,364 |
| 21. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: M. Krnic, **Ž. Tomovski**, J. Pecaric, Hilbert inequalities related to generalized hypergeometric functions ${}_mF_n$, Math. Balkanica, Vol. 22 (3-4), (2008), 307-322 (6x80%). | 4,8 |
| 22. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Valentin Mircevski, **Ž. Tomovski**, Analytical solutions of integral equations for modeling of reversible electrode processes under voltammetric conditions, J. Electroanalytical Chemistry, Vol. 619-620 (2008), 164-168 (ELSEVIER) (impact factor=2,484) (6x90%+2,484) | 7,884 |
| 23. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Ž.Tomovski**, On Hankel Transforms of generalized Mathieu series, Fractional Calculus & Applied Analysis Vol.12 (1) (2009) , 97-107 (Institute of Mathematics & Informatics, Bulgarian Academy of Sciences, Sofia-Bulgaria) | 6 |
| 24. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Ž.Tomovski**, Vu Kim Tuan, On Fourier Transforms and Summation Formulas of Generalized Mathieu Series, Math. Sci. Research J. Vol.13 (1) (2009) ,1-10 (6x90%). | 5.4 |
| 25. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: V.Mirceski, **Ž.Tomovski**, Voltammetry based on Fractional Diffusion, J. Phys. Chemistry B, Vol. 113 (9) (2009), 2794-2799 (SPRINGER) (impact factor=4,189) (6x90%+4,189) | 9,589 |
| 26. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Ž.Tomovski**, T.Pogany, New upper bounds for Mathieu-type series, Banach J. Math. Anal. 3 (2009) no.2, 9-15 (6x90%). | 5.4 |
| 27. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: H.M.Srivastava, | 6,361 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Ž.Tomovski**, Fractional Calculus with an Integral Operator Containing a Generalized Mittag-Leffler Function in the Kernel, Appl. Math. Comput. Vol.211 (2009), 198-210 (ELSEVIER) (impact factor=0,961) (6x90%+0,961). | |
| 28. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Rudolf Hilfer, Y.Luchko, **Ž. Tomovski**, Operational method for solution of fractional differential equations with generalized Riemann-Liouville fractional derivative, Fractional Calculus& Applied Analysis Vol.12 (3) (2009) , 299-318 (Institute of Mathematics & Informatics, Bulgarian Academy of Sciences, Sofia-Bulgaria) (6x80%) | 4,8 |
| 29. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Tibor Pogany, **Ž. Tomovski**, Bounds improvement for Alternating Mathieu type series, to appear in J. Math. Inequal. Vol.4 (2) (2010) (ELEMENT) (6x90%) | 5,4 |
| 30. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: T. Sandev, **Ž. Tomovski**, General Time Fractional Wave Equation for a Vibrating String, J. Phys. A, Math.Theor. (2010), Vol.43 (5) (impact factor= 1,540) (6x90%+1,540) | 6,940 |
| 31. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Ž. Tomovski**, Rudolf Hilfer, H. M. Srivastava, Fractional and Operational Calculus with Generalized Fractional Derivative Operators and Mittag-Leffler Type Functions, Integral Transforms Spec. Funct. 21 (2010) (TAYLOR&FRANCIS) (impact factor=0,564) (6x80%+0,564) | 5,364 |
| 32. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: **Ž.Tomovski**, K.Trencevski, Fractional derivative of $(1+x)^{\alpha}$, Proc. of the 2nd IFAC, Workshop on Fractional Differentiation and its Applications, Porto (2006), 245-248 (3x90%) | 2,7 |
| 33. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: T. Sandev, **Ž. Tomovski**, Wave Equation for a Vibrating String in Presence of a Fractional friction and an External Force, *Symposium on Fractional Signals and Systems Lisbon '09* (M. Ortigueira et.al. (eds.)) (https://www.fct.unl.pt/fss09) , (3x90%) | 2,7 |
| 34. | Пленарно предавање на научен собир со меѓународно учество: *Workshop of Fractional Calculus and Applications* (August 2006), Free University of Berlin, Germany | 3 |
| 35. | Секциско предавање на научен собир: *New Trends in Mathematics and Informatics, Jubilee International Conference, 60 years Institute of Mathematics and Informatics, Bulgarian Academy of Sciences,* (July 6-8, 2007), Sofia, Bulgaria | 1 |
| 36. | 4 одржани предавања по покана на референтни странски универзитети:<br>а) (August, 2005), Department of Mathematics, University of Trier, Germany.<br>б) (20 October, 2005), Department of Applied Mathematics, University of Osijek, Croatia.<br>в) (September 2006), Steklov Mathematical Institute, Moscow, Russia<br>г)(26 November 2007), Institute for Computational Physics, University of Stuttgart, Germany | 12 |
| 37. | Учества на 2 научни конференции со реферат:<br>*a)MAGT Conference*, (1-4 September 2006), Belgrade, Serbia<br>*b) Conference MIA 2008* dedicated to 60-th birthday of Prof. Josip Pecaric, (Trogir, 9-14 June 2008) | 2 |
| | ВКУПНО | **201,059** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија (рецензент на научноистражувачки проект од МОН - 2008 декември; рецензент во Mathematical Reviews). | 2 |
| 2. | Рецензија на 6 ракописи за списанијата: Математички Билтен, Прилози-МАНУ, Tamkang J. Math, Appl.Math.Letters, Math. Ineq.Appl. | 6 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3. | Член на уредувачки одбори на три научни списанија | 1,5 |
| 4. | Член на три организациони или програмски одбори на меѓународни научни собири, | 3 |
| 5. | Студиски престој во странство до 3 месеци: | 1,5 |
| 6. | Изготвување и пријавување на научен национален проект - носител | 2 |
| 7. | Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект - носител | 6 |
| 8. | Раководител на внатрешна организациона единица (раководител на завод: 2007-2009; 2009-2011). | 6 |
| 9. | Член на 6 факултетски комисии | 3 |
| 10. | Член на комисија за избор во асистент : (Мартин Шоптрајанов, јуни 2009); (Ѓорѓи Марковски, октомври 2008) | 0,4 |
| | **ВКУПНО** | **31,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 69,084 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 201,059 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 31,4 |
| **Вкупно** | **301,543** |

## Рецензентска комисија

1. Акад. Благој Попов, редовен професор, на ПМФ (во пензија), с.р.

2. Д-р Новак Ивановски, редовен професор, на ПМФ (во пензија), с.р.

3. Д-р Костадин Тренчевски, редовен професор, на ПМФ, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР-ПРИЕМ НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО - МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (број 07-222/2 од 5.2.2010 година), донесена на седницата одржана на 4.2.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор-прием на еден помлад асистент од областа на биологијата на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Дана Прелиќ, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Стое Смиљков, редовен професор на Природно-математичкиот факултет и д-р Славчо Христовски, доцент на Природно-математичкиот факултет, детално ги разгледа поднесените документи од кандидатите пријавени на конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 12 декември 2009 година и до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор-прием на еден помлад асистент од областа на биологијата, објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 12 декември 2009 година се пријавија четири кандидатки: м-р Катерина Русевска, м-р Славица Пешевска Јосифовска, м-р Весна Смиљевска и м-р Александра Цветковска Ѓорѓиевска.

Сите кандидатки доставија уредна документација во согласност со пропозициите од објавениот конкурс.

**Катерина Русевска** е родена на 27. 5. 1978 година во Скопје. Во учебната 1997/98 се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на наставната насока при Институтот за биологија. Дипломирала во 2003 година. На постдипломски студии се запишала во учебната 2003/04 година, на еколошко-таксономската насока и успешно ги завршила во учебната 2009 година со одбраната на магистерската работа под наслов: **„Дистрибуција и екологија на гастромицети (Basidiomycota) во Република Македонија".** Со тоа, се стекнала со степен магистер на биолошки науки.

Во периодот од 2003 до 2009 била активно вклучена како демонстратор во одржувањето на практичната настава по предметите: методика во наставата по биологија, методика во биологија со хоспитации и микологија со лихенологија. Во тој период учествувала на вкупно девет семинари и обуки од областа на микологијата и заштитата на животната средина, девет научни конгреси и симпозиуми, четири студиски престои во странство, како и на десет проекти, од кои два се апликативни, пет се научни и три едукативни. Како демонстратор на Одделението за микологија учествувала во изработката на вкупно

дваесет и осум труда, од кои дваесет и еден се објавени, четири се прифатени за печат, а останатите три се книги и скрипти. Меѓу нив, единаесет труда се презентирани на конгреси. Во текот на својата работа активно учествувала во изработката на националната збирка на габи на Македонија (Macedonian Collection of Fungi), која брои повеќе од 11000 примероци, како и во изработката на базата на податоци за габи (MCF), која брои повеќе од 12000 податоци за габи. Кандидатката Катерина Русевска учествувала во голем број теренски истражувања и лабораториски ангажмани, како и во изработката на триесет и пет дипломски работи од областа на микологијата и методиката во наставата по биологија. Во периодот од 1999 до 2001 била секретар на Македонското миколошко друштво како и секретар и претседател на Истражувачкото друштво на студенти биолози во 2000 година.

**Славица Пешевска-Јосифовска** е родена на 9. 8. 1979 година во Скопје. Основно училиште завршила во ОУ „Христијан Тодоровски-Карпош" (просек 5,00). Средно образование завршила во ДУСО „Орце Николов"-општа гимназија, со просек 5,00. Во учебната 1998/99 се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на биохемиско - физиолошката насока при Институтот за биологија. Дипломирала во 2005 година (просек 9,72) и се стекнала со степен инженер по биологија. На постдипломски студии се запишала во учебната 2005 година, на Биолошкиот факултет (Софиски универзитет „Св. Климент Охридски") во Софија, Р. Бугарија и успешно ги завршила во 2007 (просек 10.00) со одбраната на магистерската работа под наслов: **„ДНК-маркери при типизација на мутантни форми од хексаплоидни видови на родот Triticum L."**. По завршените постдипломски студии се стекнала со степен магистер по молекуларна биологија – генетика. Во периодот од 2004 до 2009 била активно вклучена како демонстратор во организацијата и спроведувањето на практичната настава на одделенијата за молекуларна биологија и генетика. Во периодот од 2004 до 2009 била активно вклучена како демонстратор во организацијата и спроведувањето на практичната настава (цитологија, анатомија и морфологија на растенија; генетика; хумана генетика; општа и популациона генетика; молекуларна биологија и молекуларна генетика) на одделенијата за молекуларна биологија и генетика.

Учествувала и во планирањето и реализацијата на дипломските и магистерските работи, научноистражувачката работа од областа на молекуларната биологија и генетика, како и учество во апликативната дејност на лабораторијата, односно анализа за HPV-детекција кај пациенти. Во текот на својата работа учествувала во изработката на вкупно шест труда.

**Весна Смиљевска** е родена на 19. 4. 1980 во Тетово, каде што го завршила основното и средното образование. Во учебната 1998/99 година се запишала како редовен студент на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока: биохемиско-физиолошка. Дипломирала во 2003 година (просек 9,61), како студент на генерацијата на Институтот за биологија. Во периодот 2002-2003 година била ангажирана како демонстратор на Заводот за ботаника, каде што активно учествувала во

реализацијата на практичната настава, изработката на дипломски работи, како и во научноистражувачката работа. Во периодот 2004-2009 била ангажирана како демонстратор на Одделението за биохемија, каде што била активно вклучена во наставно - научниот процес. Во учебната 2003/04 се запишала на постдипломски студии на Институтот за биологија, насока: биохемиско-физиолошка и во 2009 година успешно ги завршила (просек 10,00) со одбраната на магистерската работа под наслов: **„Анимален модел на индуциран оксидативен стрес предизвикан од карциногенот 7,12 диметилбенз (α) антрацен (DMBA): Ефект на различна доза и време на експозиција”.** Во текот на својата работа учествувала во изработката на два труда и била активно вклучена во изработката на два научноистражувачки проекта.

**Александра Цветковска Ѓорѓиевска** е родена на 6. 11. 1979 во Скопје. Основното образование го завршила во ОУ „Кузман Шапкарев” во Скопје. Средното медицинско училиште „Панче Караѓозов” во Скопје го завршила во 1988 со просек 5,00. Во учебната 1998/99 се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на биохемиско - физиолошката насока при Институтот за биологија. Дипломирала во 2003 година со просечна оценка 9,47. Од октомври 2003 година до денес е демонстратор на Одделението за анимална екологија, каде што активно е вклучена во целокупниот наставно-научен процес (лабораториски активности, теренски истражувања, одржување на ентомолошка збирка, изработка на дипломски работи). На постдипломски студии се запишала во учебната 2003/04 година, кои успешно ги завршила во декември 2008 година со одбраната на магистерската работа под наслов: **„Просторно и временско варирање на терестричната макрофауна со посебен осврт на тркачите (Coleoptera: Carabidae) по должина на урбано-рурален градиент во градот Скопје и неговата околина”.** Во тек е изработката на нејзината докторска дисертација под наслов: **„Екологија и дистрибуција на тркачите (Coleoptera: Carabidae) на планината Беласица”** одобрена од страна на Наставно - научниот совет на 3.12.2009 година. Кандидатката Цветковска Ѓорѓиевска, од 2003 до денес, активно учествувала во изведувањето на практичната настава од 13 предмети на Институтот за биологија (анимална екологија со зоогеографија, општа екологија, популациона екологија, математичко моделирање во екологијата, цитологија, анатомија и морфологија на растенијата, цитологија на животните, инвертебрата, типологија на животни I, зоологија на без'рбетници, систематика на животни I, општа зоологија, општа биологија, општа биологија со хумана генетика). Во текот на изминатиот период, кандидатката објавила шест научни труда, учествувала на пет конгреси, два симпозиума и четири курсеви од областа на екологијата. Кандидатката Цветковска Ѓорѓиевска, исто така, е учесник во три проекти, коавтор е на два практикума од областа на екологијата и учествувала во изработката на триесет дипломски работи. Активен член е на Македонското еколошко друштво од 2004 година, како раководител на секцијата „Млади еколози”.

Според доставените документи станува збор за солидни кандидатки со голема актива во наставниот и научниот процес при Институтот за биологија на Факултетот.

Раководејќи се според досегашните активности и постигнати резултати во наставно - научниот процес и земајќи ја предвид потребата на Институтот за биологија за вклучување на млад соработник во Одделението за анимална екологија, Комисијата се определи за кандидатката Александра Цветковска Ѓорѓиевска.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија констатира дека пријавените кандидатки на конкурсот за избор-прием на еден помлад асистент од областа на биологијата на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет ги задоволуваат сите услови наведени во конкурсот. Според доставените документи станува збор за солидни кандидатки со голема актива во наставниот и научниот процес на Институтот за биологија на Факултетот.

Имајќи ја предвид потребата на Институтот за биологија за вклучување на млад соработник во Одделението за анимална екологија, а раководејќи се според активностите и научниот интерес на кандидатките, Комисијата се определи за кандидатката Александра Цветковска Ѓорѓиевска. Кандидатката со своето искуство стекнато во изминатиот осумгодишен период како демонстратор на Одделението за анимална екологија, сериозниот пристап кон обврските во наставниот процес и досегашните резултати во научноистражувачката работа од областа на екологијата, ќе одговори на поставените задачи како помлад асистент на Институтот за биологија и ќе се развива во солиден наставен и научен работник.

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, **во звањето помлад асистент на Институтот за биологија да биде избрана м-р Александра Цветковска Ѓорѓиевска.**

**Рецензентска комисија**

Д-р Дана Прелиќ, вонреден професор на ПМФ, с.р.

Д-р Стое Смиљков, редовен професор на ПМФ, с.р.

Д-р Славчо Христовски, доцент на ПМФ, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР
ПО ПРЕДМЕТОТ МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на својата седница одржана на 27.1. 2010 година, врз основа на чл. 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ, бр. 35/08...99/09), чл. 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет, во врска со конкурсот за избор на еден професор во сите наставно-научни звања, објавен во в. „Дневник“ (24.12.2009 година) донесе решение за формирање Рецензентската комисија во состав: н. сов. д-р Снежана Веновска - Антевска, проф. д-р Мито Спасевски и проф. д-р Владо Тимовски. По пријавата на д-р Благица Петковска, вонреден професор, за избор во звањето редовен професор, изразувајќи му благодарност на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет за довербата, му го доставуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Благица Петковска е родена на 23. 10. 1954 година во Драчево- Скопје. Основно училиште и гимназија, како првенец на генерацијата, со континуиран одличен успех по сите предмети завршила во Драчево, а во учебната 1973/1974 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје, група за македонски јазик (со книжевностите на јужнословенските народи). Дипломирала во 1977 година со средна оценка 9. Потоа се запишала на постдипломски студии, група за македонски јазик, на Филолошкиот факултет во Скопје, предвидените испити ги положила со средна оценка 9,50. Магистерскиот труд „Јазичните погледи на Партениј Зографски и јазикот на неговите текстови“, под менторство на Блаже Конески, го одбранила во 1989 година, а докторската дисертација „Лексиката на македонските ерминии од XIX век“, под менторство на Мито Аргировски, ја одбранила на 5. 3. 1999 година. Непосредно по дипломирањето работела како професор по предметот македонски јазик и литература во гимназијата „Браќа Миладиновци“ во Драчево. Од 1 јуни 1978 до 1992 година работела во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, како асистент во Одделението за лексикологија и лексикографија, а потоа и на проектот „Толковен речник на македонскиот јазик“ (со потпроект „Речник на македонската народна поезија“). Од почетокот на 1992 година работела во Одделението за современ македонски јазик и била вклучена во работата на проектот „Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи“. Од 15 февруари 1996 година работи на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во почетокот како асистент по предметот македонски јазик со култура на изразувањето. По докторирањето, во студиската 1999/2000 година, Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет

ја избрал за наставник по предметот методика на наставата по македонски јазик, во звањето доцент (23. 4. 2000 година), а од 15. 6. 2005 година во звањето вонреден професор.

Наставно-научна дејност

Д-р Благица Петковска уште во текот на судиите покажала голема активност и сестраност преку своите интереси за македонскиот јазик и литература, како извонреден ретор во активностите на Факултетот, а исто така и преку активностите поврзани со културните настани каде што се пројавувала постојано. Продолжувајќи ги студиите на Филолошкиот факултет во Скопје, започнува нејзиниот сериозен интерес во областа на лингвистиката, одделно во македонистиката. Нејзиниот научен интерес во тој почетен период е поврзан со теми од македонскиот јазик во XIX век, а тоа може да се види и од определбата на темите обработени во магистерскиот труд и во докторската дисертација.

Поривот и поттикот да навлегува во, несомнено, најважниот период од развитокот на македонскиот јазик- македонскиот XIX век, директно е насочен од постојаните насоки и средби со проф. Бл. Конески кој се јавува како ментор на нејзиниот магистерски труд *„Јазичните погледи на Партениј Зографски и јазикот на неговите текстови"*, одбранет 1989 година, а потоа дополнет и отпечатен како монографски труд (1996). Интересот кон Партениј Зографски е изразен преку постојаните навраќања, дообјаснувања и истражувања што ќе ја изградат целосната претстава за овој македонски преродбеник, за неговите ставови за јазикот и за јазикот на кој ги изразувал тие ставови. Во овој период, д-р Благица Петковска се истакнува како вреден соработник и дисциплиниран ученик на Блаже Конески, а тоа е наедно можност да се учи од најдобрите што ќе се одрази понатаму во нејзината успешна научна и наставна работа. Од таа соработка ќе се создадат и десетина статии каде што, поаѓајќи од П. Зографски, се гради сликата за македонскиот јазик во XIX век (*Кон фонетскиот систем на јазикот на Партениј Зографски, Кон реализацијата на теоретските погледи на Партениј Зографски за литературниот јазик, За односот на Партениј Зографски кон балканизмите, Партениј Зографски во фокусот на македонската преродба, За дуализмот во јазичните погледи на Партениј Зографски, Партениј Зографски- стожерна личност на македонското национално-културно минато*).

Интересот за овој период во развојот на македонскиот јазик е изразен и преку статии посветени на други македонски автори од XIX век, такви се: Ѓорѓи Пулевски (*Улогата на Ѓорѓи Пулевски во создавањето на македонскиот литературен јазик, Влогот на Ѓорѓи Пулевски во културната историја на македонскиот народ*); Григор Прличев (*Лексичка анализа на говорот на Григор Прличев во 1866 година*), од друга страна во некои трудови д-р Петковска прави споредбени аланизи за ставовите за јазикот и за јазикот на којшто твореле македонските преродбеници *(Македонскиот писмен јазик во преродбенскиот период и обидите за негово нормирање)*. Може да се забележи дека во периодот кога се обработувани наведените трудови, поголем дел од нив, д-р Петковска работи под менторство на Бл. Конески, па оттаму влијанието е очигледно, а тоа ќе претставува солидна основа за нејзината понатамошна работа, особено како

зацврстување на методолошкиот пристап при изработката на научен труд, а тоа ќе се одрази позитивно и врз сегашната нејзина потесна специјалност (методиката на наставата по македонски јазик). Таа добро ја согледала можноста да се учи од најдобрите.

Нејзините научни почетоци се во Институтот за македонски јазик, според многумина расадник за врвни научни кадри од областа на македонскиот јазик, во Одделението за лексикологија и лексикографија, под раководство на Тодор Димитровски, со вклученост во проектите *Толковен речник на македонскиот јазик* и *Речник на македонската народна поезија*. Овде само ќе споменеме дека овие проекти ги имаат најголемите картотеки во Институтот за македонски јазик, а во нивното создавање значаен е и влогот на д-р Благица Петковска. Работата во овој оддел ја поттикнува своето внимание да го насочи кон лексикологијата и лексикографијата, но искуството од работата врз македонскиот јазик од XIX век ќе овозможи да се спојат овие две насоки. Како резултат од тоа е и темата на докторската дисертација *Лексиката на македонските ерминии од XIX век*. Еден период таа целосно се посветува на македонските ерминии, проширувајќи ги сознанијата пошироко од она што го има во докторската дисертација преку други трудови на оваа проблематика (*Преглед на сликарската терминологија во една ерминија од 1869 година, За едно значајно културно-ракописно наследство на Македонија од XIX век, За некои јазични особености на македонските ерминии од XIX век, Влијанието на руската писмена традиција во XIX век одразена во македонските ерминии)*. Подоцна овие истражувања ќе бидат претставени во трудовите *Македонски ерминии од XIX век* и *Речник на македонските ерминии од XIX век* (2005), а за овој труд Здружението на Издавачите и книжарите на Македонија и ја додели Дипломата за најдобро издание од областа на литературата, науката, културата и уметноста меѓу двата саема (научно издание); наедно преку тоа, д-р Петковска ќе добие Плакета за придонес и афирмација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 2005 година.

Во почетокот на 1992 година, Благица Петковска работи на проектот *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи*. Нејзиниот ангажман на проектот започнува со ексцерпција на глаголи, како и со уазбучување, вметнување и комплетно средување на картотеката, исто така, и со учество во целосна изработка на дел од глаголи со заглавната буква П (*Интенцијално-синтаксичкиот речник на македонскиоте глаголи I, II)*, овој проект во 2003 година, кога беше целосно завршен, ја доби наградата *13 Ноември*. Работата во Одделението за современ јазик под раководство на Благоја Корубин ја насочува д-р Петковска кон теми од современиот стандарден македонски јазик. Оттука може да се забележи дека таа постапно преоѓа од една во друга фаза во истражувањата на развитокот на македонскиот јазик, секако многу успешно бидејќи е впечатливо дека нејзините трудови се темелат на обемна ексцерпција, проследеност со споредбени истражувања, така што таа гради една цврста врска на дијахрониски и на синхрониски план, сето тоа поткрепено со најновите јазични достигнувања во областа на лингвистиката. Еден дел од нејзините трудови обработуваат текстови од Бл. Конески (*Воспоставување стилистички полиња во циклусот песни „Марко Крале" од Блаже Конески, Блаже Конески за преемственоста кај македонските учебникари, Еден пристап за стилистичка анализа на „**Сеизмограф**" од Блаже Конески, Блаже Конески за оформувањето*

*и кодифицирањето на македонскиот литературен јазик).* Постапно нејзиниот интерес се насочува кон современиот јазик (*За лексичко-семантичките парадигми и за потребата од речник на синоними во македонскиот јазик, За имињата на знаците на Зодијакот, Уметноста на зборот низ призмата на јазикот во „Животот занает најтежок" од Бошко Смаќоски (стандардно-јазичната норма и јазикот на уметничката литература или уметничко-литературниот стил), што* е наедно подготовка за она што е предмет на нејзиниот денешен интерес и за работата во практиката, во наставната дејност.

Од сето ова се гледа дека нејзиното научно интересирање се врзува со теми блиски со работата во Институтот за македонски јазик, но и со други теми од областа на современиот македонски стандарден јазик. Во Институтот, д-р Петковска најсовесно и најодговорно им се посветуваше на зададените задолженија во рамките на проектите, со доследна лојалност кон иституцијата, што е една од нејзините карактеристики, секогаш да им дава предност на работните задачи, пред индивидуалната работа и пред сите други активности. Таа вклученост и дисциплинираност секогаш била придружена со критички ставови со цел да се подобри работата. Сето ова овозможува сознанијата и искуствата што ги имала на планот на една солидна теоретска подготвеност да ги вгради во нејзината наставна дејност.

Во последниве десетина години таа е целосно посветена на теоретско-практичната дејност во областа на наставата по предметот македонски јазик во одделенската настава - методика на наставата по македонски јазик.

На Педагошкиот факултет се вклучила во Здружениот европски проект „Реконструирање на наставните планови и програми на Педагошкиот факултет во Скопје, на групите предучилишно воспитание и одделенска настава на македонски јазик и на јазиците на националностите", на *Темпус - Фаре* програмата за Република Македонија, потоа на програмата „Креативна настава и учење -со читање и пишување до критичко мислење" учествува во Обуката за социјална правда, преку УСАИД и Фондацијата Институт отворено општество-Македонија, преку кои зема учество и на семинарите за ЕКТ-системот.

Ваквите ангажирања се изразени и во нејзините трудови од областа на методиката на македонскиот јазик, област во која ги искажала, барем досега, сопствените врвни можности. Нејзините трудовите од областа на методиката имаат еден мултидисциплинарен пристап, една потреба од осовременување на обуката за извршување настава во основниот образовен процес, особено во почетните одделенија и во предучилишната возраст. Секој труд посветен на оваа проблематика си носи свои карактеристики, наедно претставени како препораки, насоки проследени со модели каде што се имплементирани најновите сознанија, практиката, условите, нивото на можностите итн. во процесот на начините на соодветно пренесување на материјата од областа на македонскиот јазик. Такви се трудовите: *Дијалектичноста меѓу мислењето, стандардниот јазик и дидактичкиот говор, Македонскиот јазик на часот по фискултура. Термини за простите вежби, Македонскиот јазик како средство и содржина за учење во наставата од I до IV одделение во основното училиште, Настава со решавање проблеми врз литературни текстови, Средината и учителот во наставата по мајчин јазик, Актуелните учебници по македонски јазик во одделенската настава и потребата од посебна концепција за нивна изработка, Значењето на*

*наставата со решавање проблеми на часот по мајчин јазик во одделенската настава, Дидактичкиот говор и функционалните поими во наставата по македонски јазик во одделенската настава, Јазикот - најмоќно дидактичко средство на часот, Без „азбука" за наставата за усвојување на македонската кирилска азбука, Македонскиот стандарден јазик како средство и содржина во одделенската настава).*

Кон ова се приклучува и нејзиниот придонес во учебничката литература. Од она што го има работено во практиката, обучувајќи кадри кои денес успешно работат во образованието произлегува и нејзиниот труд *Методика на креативната настава по предметот македонски јазик во нижите одделенија на основното училиште* (2008), високо вреднуван од стручни лица. Има и соавторство во трудовите: *Македонски јазик за V одделение за паралелките со настава на албански и турски јазик (*2000), (коавтор со Љ. Донева); *Прирачник за наставници кои изведуваат настава за II одделение на деветгодишното основно образование, Биро за развој на образованието (*2007), (Бл. Петковска, Г. Велоска, Н. Илијевски).

Покрај другото, повеќепати била рецензент на трудови во РМ и во странство, како и член на управен одбор на списанија и член на Комисија за одбрана на докторска дисертација. Учествувала во изработка на национални програми за одделенска настава (*Наставна програма по македонски јазик,* I-III одделение на деветгодишното образование; *Наставна програма по македонски јазик,* IV-VI одделение на деветгодишното образование, *Наставна програма по македонски јазик за националностите,* I-III одделение на деветгодишното образование, *Наставна програма по македонски јазик за националностите,* IV-VI одделение на деветгодишното образование, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Скопје, 2007).

Д-р Благица Петковска учествувала и на научни собири надвор од државата, а нејзините настапи се високо вреднувани: *Креативна интерпретација књижевног текста и могућност за ликовно изражавање у нижим разредима основне школе,* Јагодина, Србија, (2008); *Nastava književnosti i savremeni metodi i tehnike za čitanje i pisanje u nižim razredima osnovne škole,* Zagreb 2008, *Communication without "semantic noise" in early primary education in the primary school,* The 5th international Balkan education and science congress(2009). На II меѓународна конференција за напредни и споредбени истражувања, Втор специјализиран научен собир: Рано учење на хрватскиот јазик, Задар, Хрватска, 2008, ја добила наградата за најдобар текст. Двапати била на студиски престој од по три месеци во странство (Полска и Данска).

Со авторски прилози и како гостин по поводи има настапувано во различни емисии на радио и на телевизија (националната МТВ и радио: Партениј Зографски, Кирил Пејчиновиќ, Блаже Конески, Македонските ерминии од XIX век, Од историјата на македонскиот јазик,...); ТВ СИТЕЛ (Промоција на книгата за П. Зографски).

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, со ас. Анита Штерјоска работи на проектот *Значењето на зборовите и наставната комуникација низ призмата на предметот македонски јазик во одделенската настава.*

Заклучок

Со целокупното свое досегашно работење може да се забележи дека д-р Благица Петковска е изграден научен работник и вреден и дисциплиниран професор, кој умее да работи самостојно, аналитички да ги проследува аргументите и на едно високо професионално ниво да го пренесува своето знаење и да ги вгради најновите научни достигнувања во подготовката на кадри за образовна дејност. Врз основа на наставните, стручните и научноистражувачките активности, може да се заклучи дека таа ги поседува сите квалитети за избор во звањето редовен професор. Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да ја избере проф. д-р Благица Петковска во звањето редовен професор по предметот методика на наставата по македонски јазик за групата одделенска настава на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет.

Скопје, 1. II 2010

Рецензенти:

Н.сов. д-р Снежана Веновска-Антевска, с.р.

Проф. д-р Мито Спасевски, с.р.

Проф. д-р Владо Тимовски, с.р.

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ПЕТКОВСКА АЛЕКСАНДАР БЛАГИЦА
**Институција:** Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје
**Научна област:** Методика на наставно-научните области

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава (од прв циклус студии)** | |
| 1. | *Методика на наставата по мајчин јазик 1* | 1 |
| 2. | *Методика на наставата по мајчин јазик 2* | 1 |
| 3. | *Методика на наставата по мајчин јазик 3* | 1 |
| 4. | *Методика на наставата по мајчин јазик 4* | 2 |
| | **Одржување на вежби (лабараториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)** | |
| 5. | *Методика на наставата по мајчин јазик 1, 2, 3, 4* | 2,7 |
| 6. | Консултации со студенти | 1 |
| 7. | **Ментор на дипломска работа** | 38 |
| 8. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | 1 |
| 9. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | 20 |
| | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник (автор)** | |
| 10. | Бл. Петковска, *Методика на креативната настава по предметот Македонски јазик во нижите одделенија на основното училиште*, МАГОР, Скопје 2008 г. | 8 |
| | **Основен школски или средношколски учебник (Коавтор)** | |
| 11. | Бл. Петковска, Г. Велоска, Н. Илијевски, *Прирачник за наставници кои изведуваат настава за II одделение на деветгодишното основно образование*, Биро за развој на образованието, Скопје, 2007. | 6 |
| | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| 12. | Б. Камчевска., *Развој на програми и стратегии за автоиндивидуализација на децата, Скопје 2006.* | 1 |
| | **ВКУПНО:** | **82** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| 1. | Толковен речник на македонскиот јазик“ (со потпроект „Речник на македонската народна поезија“). | 3 |
| 2. | „Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи“ | 3 |
| | **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание** | |
| 3. | Без „азбука“ за наставата за усвојување на македонската кирилска азбука, Стручна расправа: Македонскиот јазик во практиката, Прилеп 2008, стр. 67-73. | 2 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 4. | Дидактичкиот говор и функционалните поими во наставата по македонски јазик во одделенската настава, X научен собир Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков", 13-14 април 2006, Скопје 2007. | 2 |
| 5. | Македонскиот стандарден јазик како средство и содржина во одделенската настава, Меѓународен македонистички собир: 2008 Година на македонскиот јазик, Охрид, 29 август-1 септември 2008, Скопје 2008. | 2 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 6. | Влијанието на руската писмена традиција во XIX век одразена во македонските ерминии, Трета македонско-руска научна славистичка конференција, Охрид 2001, Скопје 2005. | 3 |
| 7. | За дуализмот во јазичните погледи на Партениј Зографски, XXXV Научна конференција на XXXVIII Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 2005, Скопје 2006. | 3 |
| 8. | Ерминиите-ракописи на источното христијанство. Македонските ерминии од XIX век, Меѓународна научна конференција Балкански религиски мозаик, Р. Полска, Универзитет „Адам Мицкиевич“, Познањ, Гњезно, 19-20 март 2007. | 3 |
| 9. | Креативна интерпретација књижевног текста и могућност за ликовно изражавање у нижим разредима основне школе, Међународни научни скуп: Уметност у методикама наставе, 11-12 април, Јагодина, Србија, 2008. (На македонски јазик: Креативна интерпретација на литературен текст и можностите за ликовно изразување во нижите одделенија на основното училиште, „Литературен збор“, год. LV, бр. 4-6, Скопје 2008, стр. 123-128.). | 3 |
| 10. | Nastava književnosti i savremeni metodi i tehnike za čitanje i pisanje u nižim razredima osnovne škole, 2. međunarodna konferencija o naprednim i sustavnim istraživanjima, Drugi specijalizirani znanstveni skup: Rano učenje hrvatskoga jezika 2., 13. -14. studenoga, 2008. u Zadru, Hrvatska. (на македонски јазик: Наставата по литература и современите методи и техники за читање и пишување во нижите одделенија на основното училиште, Стручна расправа: Македонскиот јазик во практиката, Прилеп, декември 2008, стр. 30-45). | 3 |
| 11. | Petkovska Bl., (2009) Communication without "semantic noise" in early primary education in the primary school, The 5th international Balkan education and science congress, Volume 1, Edirne. | 3 |
| 12. | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | 30 |
| | **ВКУПНО:** | **60** |

# СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| | **Книга од стручна област (Автор)** | |
| 1. | Македонски ерминии од XIX век, „Феникс", Скопје 2005, стр. 430. | 8 |
| | **Речник (*автор*)** | |
| 2. | Речник на македонските ерминии од XIX век, „Феникс", Скопје 2005, стр. 172. | 6 |
| | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | |
| 3. | Рецензија за дорктороки труд „Методичко моделирање на развитокот на критичката писменост како општообразовна компетентност" на м-р Даниела Андоновска-Трајковска | 1 |
| 4. | Рецензија за дорктороки труд „Степенот на компатибилност на нормативно-програмскиот, дидактичко-методскиот и практичниот аспект на наставата по Музичко образование од I до III одделение во РМ" на м-р Владимир Талевски | 1 |
| 5. | Рецензент на трудови од: Drugu međunarodni specijalizirani znastveni skup: Rano učenje hrvatskoga jezika 2., 13. -14. studenoga, 2008. u Zadru, Hrvatska; Konferenciski Zbornik, Zagreb 2009. | 1 |
| | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | |
| 6. | Комисија за учество и презентирање на Факултетот на Саемот на образование 2009 г. | 1 |
| 7. | Учество со авторски прилог во Националното радио - научна програма: Беседа за Партениј Зографски | 1 |
| 8. | Учество со авторски прилог во Националното радио - научна програма: Беседа за Кирил Пејчиновиќ | 1 |
| 9. | Учество со авторски прилог во Националното радио - научна програма: Беседа за Блаже Конески | 1 |
| 10. | Учество со авторски прилог во Националното радио - научна програма: Претставување на македонските ерминии од XIX век | 1 |
| 11. | Учество со авторски прилог во Националната МТВ, во емисијата ***Симболи*** - од историјата на македонскиот јазик | 1 |
| 12. | МТВ: Учество за претставување на нова книга (За Партениј Зографски) | 1 |
| 13. | Промоција на книгата за Св. Димитриј, 120 години од преосветувањето на храмот „Св. Димитриј" во Скопје 1996 г. - директен пренос на МТВ | 1 |
| 14. | СИТЕЛ: Учество за претставување на нова книга (За Партениј Зографски) | 1 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | |
| 15. | Стручна расправа: *Македонскиот јазик во практиката,* Прилеп 2008 г. | 1 |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација (самостоен)** | |
| 16. | Диплома за најдобро издание од областа на литературата, науката, културата и уметноста меѓу двата саеми (научно издание), Скопје 2005 - од Здружението на Издавачите и книжарите на Македонија. | 3 |
| 17. | Универзитет "Св. Кирил и Методиј": Плакета за придонес и афирмација на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје 2005. | 3 |
| 18. | The 2-nd International Conference od Advances and Systems Research €CNSI - 2008 in Zadar, Croatita: ***The best Paper Award,*** Zadar 2008 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Студиски престој во странство (*до три месеци)*** | |
| 19. | Студиски престој во НР Полска преку МАНУ и Институтот за македонски јазик - Скопје (Варшава - Краков) 1981 г. | 1 |
| 20. | Студиски престој во Данска - Рибе, Педагошки факултет во Рибе, ТЕМПУС 2000 г. | 1 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (носител)** | |
| 21. | Значењето на зборовите и наставната комуникација низ призмата на предметот Македонски јазик во одделенската настава | 1 |
| 22. | **Член на универзитетска комисија за изработка на Програми за Југоисточноевропскиот универзитет во Тетово** | 1 |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| 23. | *Централна Комисија за спроведување на упис на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски"* | 1 |
| 24. | *Комисија за изработка на тестови на знаење за приемен испит* | 2 |
| **25.** | **Член на комисија за избор во звање** | 1 |
| **26.** | **Координатор на студиска програма** | 1 |
| | **Учество во изработка на национална програма од одредена област** | |
| 27. | Наставна програма по Македонски јазик, I-III одделение на деветгодишното образование, Министерство за образование и наука, Биро за развој на на образованието, Скопје 2007. | 3 |
| 28. | Наставна програма по Македонски јазик, IV-VI одделение на деветгодишното образование, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Скопје 2007. | 3 |
| 29. | Наставна програма по Македонски јазик за националностите, IV-VI одделение на деветгодишното образование, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Скопје 2007. | 3 |
| 30. | Наставна програма по Македонски јазик за националностите, I-III одделение на деветгодишното образование, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Скопје 2009. | 3 |
| | **ВКУПНО:** | **51** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 82 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 60 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 0 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 51 |
| **Вкупно:** | **184** |

**Членови на комисијата**

Н.сов. д-р Снежана Веновска-Антевска

Проф. д-р Мито Спасевски

Проф. д-р Владо Тимовски

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ МИКРОЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во согласност со законската и нормативната регулатива, а врз основа на распишаниот конкурс во дневниот весник „Утрински весник" од 7.12.2009 година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 18.12.2009 година, формира Рецензентска комисија за избор на асистент по предметот микроекономија (одлука бр. 02-3761/1 од 24.12.2009 година).

На конкурсот се пријави кандидатката м-р Даниела Мамучевска, досегашен асистент по предметот микроекономија. По разгледувањето на приложената документација, односно по проучувањето на квалификациите на пријавената кандидатка, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката м-р Даниела Мамучевска е родена на 24.7.1977 година во Скопје. Своето средно образование го завршила, со одличен успех, во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин", во Скопје. На економскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1996/97 година, а дипломирала во септември 2000 година, со просечна оценка 9,30, на Отсекот за економија, насока финансии и банкарство.

Во ноември 2000 година, кандидатката м-р Даниела Мамучевска се запишала на постдипломските студии по монетарна економија на Економскиот факултет во Скопје. Сите предвидени испити во рамките на студиите ги положила постигнувајќи просечен успех од 9,22. Магистерскиот труд со наслов „Макроекономските и микроекономските ефекти од преструктурирањето на банкарскиот систем во Република Македонија" успешно го одбранила на 22.1.2007 година и се стекнала со академскиот степен магистер на економски науки од областа на монетарната економија.

Во перодот од септември 2007 до септември 2008 година, кандидатката реализирала едногодишен студиски престој на Факултетот за економија и бизнис при Државниот универзитет во Грунинген (RUG University), Холандија, каде што ги завршила вторите постдипломски студии од областа на економијата. Со избраните предмети и изработениот и положен магистерски труд „Евалуација на ефектите од примената на регулативата за спојување" (Evaluation the effects of merger regulation) од овие студии, кандидатката м-р Даниела Мамучевска се стекнала со подлабоки знаења од областа на применетата микроекономија,

конкурентската политика, прашањата на јавниот избор и регулацијата на пазарите.

Во моментот, кандидатката м-р Даниела Мамучевска е докторанд на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и работи на истражувања поврзани со пријавената тема за докторска дисертација под менторство на проф. д-р Олга Градишка-Теменугова.

Од 15.1.2001 до 30.10.2003 година, м-р Даниела Мамучевска била вработена во Комерцијална банка а.д. Скопје. Во периодот од ноември 2000 година до октомври 2002 година била ангажирана како демонстратор по предметот економика (комбинација од микроекономија и макроекономија) на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што и се стекнала со првите наставно-педагошки искуства.

Од 1.11.2003 година, м-р Даниела Мамучевска работи како помлад асистент по предметот микроекономија на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а на 29.5.2007 година е избрана за асистент по истиот предмет и на ова работно место се наоѓа и денес.

М-р Даниела Мамучевска солидно го познава и активно се служи со англискиот јазик, а добро ги користи како хрватскиот така и српскиот јазик. Исто така има и почетни познавања од бугарскиот јазик. Од компјутерските вештини активно ги ползува Windows, MS WORD, EXCEL, Power Point Presentation и интернет комуникациите. Притоа ги користи и софтверските програми SPSS и E-views.

Кандидатката м-р Даниела Мамучевска покажува особен интерес за научно истражувачка работа, при што има објавено неколку оригинални научни трудови. Активно учествувала и била еден од носителите на проектот поврзан со изработката на предлог-проект за финансиски модел за финансирање на инспкциските контроли на Дирекцијата за храна на Република Македонија. Во периодот јуни – септември 2009 година била ангажирана како локален експерт на проектот „Условени парични трансфери - евалуација на домаќинствата-корисници на социјална финансиска помош во Македонија, 2009", реализиран за потребите на Министерството за труд и социјална политика на РМ, а под покровителство на Светската банка.

## 2. НАСТАВНО – ПЕДАГОШКА АКТИВНОСТ

Кандидатката м-р Даниела Мамучевска првите искуства со наставно – педагошка активност ги стекнува веднаш по дипломирањето, кога работи како демонстратор по предметот економика на Правниот факултет во Скопје, а со нејзиното вработување како помлад асистент, а потоа и како асистент на Економскиот факултет во Скопје, овие искустава континуирано ги продлабочувала и ги надоградувала. Во рамките на нејзиното досегашно работно искуство и како помлад асистент и како асистент, м-р Даниела Мамучевска покажува особен интерес за професионално усовршување во својата кариера.

Денес, м-р Даниела Мамучевска е член на тимот за изведување на наставата по предмет микроекономија и сите обврски произлезени по оваа основа ги извршува совесно, квалитетно и одговорно. Таа истовремено се вклучува во подготовката на наставата, изведува факултативни вежби, одржува консултации со студентите, помага во изработката на семинарските, стручните и дипломските трудови, учествува во подготовката и спороведувањето на колоквиумите, односно испитите од предметот и сл. Исто така, кандидатката м-р Даниела Мамучевска е вклучена во тимот за изведување на наставата и испитите по предметите економска географија, комерцијално светско стопанство и маркетинг политика на цени.

Кандидатката м-р Даниела Мамучевска настојува, преку суштински приод, да оствари максимални резултати во приближувањето на предметната материја до студентите, притоа користејќи ги наставните методи познати во современата домашна и странска наставно – образовна практика. Кандидатката постојано го следи современиот тренд на научната мисла во наставната област од предметот микроекономија, и длабоко навлегува во анализата на прашањата поврзани со регулацијата на пазарите, пазарните структури, однесувањата на поединечните економски субјекти, економската улога на државата и слично. Исто така, таа ги следи и новините во наставната материја и по другите предмети на кои е ангажирана во тимовите за изведување на наставата. Од досегашните активности и залагања во извршувањето на нејзините наставно – педагошки задачи, кандидатката м-р Даниела Мамучевска станува сè покомпетентна во извршувањето на доделените задачи, што укажува на нејзиниот сериозен научен пристап и перспективи за нејзино натамошно напредување во оваа сфера.

## 3. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА, СТРУЧНА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Даниела Мамучевска досега пред јавноста се презентирала со 16 труда, од кои два магистерски труда и четиринаесет побликувани трудови од учества на меѓународни конференции, односно во научни списанија. По нејзиниот избор во звањето асистент, кандидатката м-р Даниела Мамучевска ги има објавено следниве трудови:

- **„*Regional cooperation – is it a form or a reality? The case of the Republic of Macedonia*"** – коавтор, труд објавен во Зборникот на трудови од Третата меѓународна конференција „Регионална соработка и економска интеграција – предизвици и можности", Скопје, Македонија, октомври 2009;
- **„*Global crisis – the beginning of the end of the neoliberalism*"** – коавтор, труд објавен во Зборникот на трудови од меѓународната конференција „Економската политика и глобалната рецесија", Белград, Србија, септември 2009;
- „***Effectiveness of competition policy in transition economies***", коавтор, труд објавен во Зборникот на Седмата меѓународна

конференција на тема „Економски интеграции, конкуренција и соработка" , Опатија, Хрватска, мај 2009;

- ***„Улогата на кредитниот регистар во решавањето на проблемот со асиметричните информации на кредитниот пазар во Македонија"***, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 44, 2009;
- „**Evaluation the effects of merger regulation**", магистерски труд, Факултетот за економија и бизнис при Државниот универзитет во Груninген (RUG University), Холандија, август, 2008;
- ***„Институциите и економскиот раст во транзиционите економии"***, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 43, 2008.

Не е проблем да се констатира дека кандидатката прилично рано го покажала својот интерес за научно истражувачка работа од една страна, односно продолжила да го негува понудувајќи актуелни и професионално издржани статии (директно или индиректно врзани со микроекономската проблематика), од друга страна. Во текстот што следува накратко ќе биде даден приказ на објавените трудови од последниот избор, почнувајќи од магистерскиот труд.

Во магистерскиот труд „**Evaluation the effects of merger regulation**", авторката м-р Даниела Мамучевска се осврнува на анализата на ефектите кои настануваат од примената на регулативата за контролата на спојувањата на фирмите на пазарот. Таа го нотира фактот дека политиката на контролата на спојувањата на фирмите на пазарот, како од страна на теоретичарите, така и од страна на емпиричарите, се третира за еден од најконтраверзните сегменти на конкурентската политика и регулатива. Сознанијата дека спојувањата меѓу фирмите не се секогаш корисни за општествената благосостојба и за потрошувачите, го наметнува интересот за ова истражување, чиј главен предмет на анализа се ефектите од примената на регулативата за контрола на спојувањата.

Трудот е структуриран во шест поглавја.

Во **воведните излагања,** акцентот е фрлен врз главните насоки и дефинирањето на предметот на анализата, односно се остварува првиот контакт со проучуваната проблематика.

**Втората глава** од трудот се осврнува на главните цели од примената на конкурентската политика и регулативата за контрола на спојувањата. Постои консезус меѓу истражувачите дека оваа политика треба да биде насочена кон заштита на општествената благосостојба и кон креирање на услови во кои фирмите ќе бидат стимулирани да ја подобруваат сопствената ефикасност во работењето.

Во **третата глава** се разгледуваат двата клучни модела во анализата на дуополите - Курновиот и Бертрановиот, со кои недвосмислено се докажува дека секое спојување има негативни ефекти врз општествената благосостојба, освен во случаите кога спојувањата значително ја зголемуваат ефикасноста во работењето на новата фирма на пазарот.

**Четвртата глава** се фокусира на главните карактеристики на регулативата за контрола на спојувањата во ЕУ и во САД. Заклучокот од анализата во овој дел апелира дека агенциите за заштита на конкуренцијата треба по сеопфатно да вршат продлабочена анализа на долгорочните ефекти од своите одлуки.

Во **петата глава** се претставени неколку методи кои можат да се користат за емпириска анализа на ефектите од примената на регулативата за контрола на спојувањата, а се прикажани и анализирани резултатите од неколку студии во кои се применети овие методи за анализа.

Во **последниот дел** од трудот се презентирани заклучоците до кои дошла авторката при анализата на тематското прашање. Таа констатира дека ефектите од апликацијата на регулативата за контрола на спојувањата не се секогаш позитивни врз благосостојбата на потрошувачите и фирмите. Генерален заклучок за ефектите од примената на оваа регулатива и политика не може да се изведе бидејќи секој случај и предлог за спојувања е случај сам за себе (case specific). Проблем кој произлегува од анализата на ефектите лежи во фактот дека секогаш како стандард за проценка на одреден предлог за спојување во постојните антимонополски законодавства на ЕУ и на САД се зема само потрошувачкиот вишок, што од своја страна ги исклучува позитивните ефекти од спојувањето кои би ги имале фирмите. Регулативните агенции треба да се насочат кон зголемена примена на квантитативната анализа и симулации на моделите за подобро да се оценат потенцијалните спојувања. Со цел да се подобри процесот на одлучување на регулативните агенции, односно да се подобри постојаната регулатива, ex-post анализата на досегашните одлуки за спојување (или забрана за одредено спојување ) на фирмите треба да стане составен дел од работата на овие институции.

Во трудот ***„Институциите и економскиот раст во транзиционите економии"***, кандидатката м-р Даниела Мамучевска прави осврт на улогата и значењето на институциите врз поттикнувањето на економскиот раст во транзиционите економии. Авторката го анализира овој процес во селектирана група на транзициони економии од ЦИЕ, ЈУЕ и некои земји од поранешниот СССР. Главните заклучоци од анализата, авторката ги наоѓа во почетните фази на транзицијата, т.е анализираните економии го запоставија развојот на институциите во нивните економски системи, што од своја страна предизвикуваше високи социјални и фискални трошоци во следните транзициони периоди. Потоа, со постигнувањето на задоволително ниво на макроекономска стабилност и либерализација на пазарот, овие економии ги започнаа институционалните реформи. Потенциран е фактот дека во овие земји институциите ја немаат соодветната улога во поддржувањето и динамизирањето на економскиот раст. Дел од причините за ваквата ситуација се некоординираните политики во процесот на оперативното и финансиското преструктурирање на економските ентитети во овие земји, како и негативното влијание на интересните групи врз ефикасната примена на новата регулатива и на институционалните решенија.

Во трудот ***„Улогата на кредитниот регистар во решавањето на проблемот со асиметричните информации на кредитниот пазар во Македонија"***, кандидатката м-р Даниела Мамучевска прво дава теоретски осврт на значењето на проблемот со асиметричните информации и последиците од нивното постоење во функционирањето на кредитниот пазар. Како еден од начините за надминување на овие проблеми и зголемување на алокативната ефикасност на македонскиот кредитен пазар, авторката го препорачува оформувањето и развојот на кредитно-информативен регистар, кој треба да претставува информациона дата-база за квалитетот на сите кредитокорисници во земјата. Постоењето на кредитно-информативен регистар ја подобрува ефикасноста на финансискиот систем и ја продлабочува финансиската интермедијација, што од своја страна позитивно влијае врз економскиот раст во земјата и динамизирањето на агрегатната побарувачка. Исто така, постоењето на овие регистри им пуди добра можност на странските инвеститори за селекција на квалитетни и на бонитетни домашни партнери за соработка. Статистичките податоци за динамиката и квалитетот на кредитните пласмани на банките, авторката заклучува дека македонскиот кредитен пазар покажува зголемена финансиска интермедијација, тренд на намалување на каматните маргини и подобрување на кредитното портфолио на банките. Покрај овие позитивни трендови, сепак сè уште постојат можности за подобрување на перформансите на овој пазарен сегмент, преку операционализација на идејата за формирање и на ефикасно функционирање на кредитниот информационен регистар.

Во трудот ***„Effectiveness of competition policy in transition economies"***, работен во коавторство со проф. д-р О.Г. Теменугова, својот придонес кандидатката м-р Даниела Мамучевска го дава преку направената анализа на карактеристиките на конкурентската (антимонополската) политика и ефектите од нивната примена во земјите во транзиција. Заклучоците од анализата упатуваат на фактот дека иако земјите во транзиција имаат воспоставено правна рамка за имплементација на оваа политика, сепак изостанува нејзината адекватна примена и потенцијалните позитивни ефекти од стимулирањето на конкуренцијата на националните пазари. Причините за ваквата состојба се наоѓаат во слабата екипираност на агенциите за заштитата на конкуренцијата, недоволно развиената јавна свест за потребите од ваквата политика и заштитата на интересите на одделни интересни групи.

Во трудот ***„Global crisis – the beginning of the end of the neoliberalism"***, работен во коавторство со проф. д-р Теменугова, се прави осврт на дефектите на пазарниот механизам и нивниот придонес во настанувањето на глобалната финансиска криза од 2007 година. Комплементарните анализи направени во функција да се потенцираат промените во физиономирањето на капиталистичките системи укажуваат на потребата од активна улога на државата во регулацијата на економската активност, па така се наметнува и препораката за враќање на мешаните економски системи во кои пазарниот механизам и планот би се надополнувале во стимулацијата и поттикнувањето на економскиот раст.

Во трудот ***„Regional cooperation – is it a form or a reality? The case of the Republic of Macedonia"***, работен во коавторство со проф. д-р О.Г. Теменутова, се прави анализа на надворешно трговската размена на Република Македонија во периодот од 1996 до 2008 година, каде што одделно се следи динамиката во регионалната размена во периодот пред и по создавањето на мултилатералниот договор за слободна трговија CEFTA – 2006. Придонесот на кандидатката м-р Даниела Мамучевска се состои во анализата на регионалната надворешно трговска размена на земјата во периодот по 2006 година. Комплементарните анализи укажуваа на фактот дека до 2006 година во размената со земјите од регионот на Западниот Балкан, регионалната соработка е повеќе форма отколку реалност, додека, пак, создавањето на мултилатералниот договор за слободна трговија CEFTA – 2006 година ја поттикнува размената од квантитативен аспект, но изостануваат квалитативните промени во структурата на размената. Односно, во целиот период од осамостојувањето, па наваму, Република Македонија не успеала да направи позначајни поместувања во нејзината производствена структура, па затоа и во структурата на надворешно-трговската размена сè уште доминираат суровините и полупроизводите, како главни извозни продукти, додека, пак, во структурата на увозот тоа се готовите производи.

Ако резимираме, тогаш досегашните реализирани професионални активности од страна на кандидатката м-р Даниела Мамучевска би можеле да ги групираме како:

1. Учества на меѓународни конференции со презентација на труд:

- **15-19.10.2009 година**: учество на Третата меѓународна конференција „Регионална соработка и економска интеграција – предизвици и можности", Скопје, Македонија;
- **25–27.9.2009 година**: учество на меѓународната научна конференција на тема „Економската политика и глобалната рецесија", Белград, Србија.
- **1.-3.4.2009 година:** учество на Седмата меѓународна научна конференција на тема „Економски интеграции, конкуренција и соработка" , Опатија, Хрватска, мај 2009.

2. Реализиран едногодишен студиски престој (септември 2007 – септември 2008 година) на Факултетот за економија и бизнис при Државниот универзитет во Гронинген, Холандија, како стипендист на Netherlands organization for international cooperation in higher education (NUFFIC).

## 4. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Кандидатката м-р Даниела Мамучевска не останала исклучена од активностите кои се случувале во и надвор рамките на Економскиот факултет во Скопје. Во овој контекст заслужуваат внимание следниве нејзини активности:

1. Членство во организациони одбори и комисии:

- Организационен одбор за подготовка и реализација на Третата меѓународна конференција „Регионална соработка и економска интеграција - предизвици и можности", во организација на Економскиот факултет и Царинската управа на Република Македонија. Конференцијата се одржа во октомври 2009 година во Скопје;
- коедитор на Зборникот со трудови од Третата меѓународна конференција „Регионална соработка и економска интеграција - предизвици и можности", одржана во Скопје, октомври 2009;
- член на Одборот за стекнување на AACSB - акредитација за Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (2005- );
- секретар на Катедрата за економија (2005-2007) и од (2009 – );
- член на комисијата за самоевалуација на студиски групи, насоки – департмани и години за Департманот економија (2005-2009);
- член на Комисијата за изработка на Библиографија на книги и списанија во издание на Економскиот факултет (2004-).

2. Практични искуства стекнати на работа на проекти:

- *„Условени парични трансфери - евалуација на домаќинствата- корисници на социјална финансиска помош во Македонија, 2009"* – проект на Министерството за труд и социјална политика, а реализиран под покровителство на Светска банка (локален експерт: јуни- септември 2009).
- *„Изработка на предлог-модел за финансирање на инспекциските контроли за безбедноста и квалитетот на храната и на производите и материјалите што доаѓаат со храната"*, за потребите на Дирекцијата за храна при Министерството за здравство на Република на Македонија, (консултант: јануари-мај 2007).

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Сумирајќи ги поливалентните референци на м-р Даниела Мамучевска, Рецензентската комисија е едногласна во мислењето дека оваа кандидатка од последниот избор за асистент до денес продолжува со својата прогресивна еволуција како на наставно-образовен, така на научно-истражувачки, односно апликативен и стручен план. Таа со извонредна леснотија прифаќа една по друга активност, одржувајќи ја сè уште својата способност истовремено да биде присутна на повеќе професионални фронтови без да го жртвува квалитетот за сметка на квантитетот. Нејзините досегашни активности, а особено по последниот избор за асистент по микроекономија на Економскиот факултет во Скопје, аргументирано покажуваат дека се работи за извонредно способен, систематичен, одговорен и професионален научен работник кого го карактеризира висока специфична тежина. Фактот дека забрзано работи на својата докторска дисертација и дека во скоро време и неа ќе ја одбрани е само аргумент повеќе во прилог на ваквата квалификација.

Оттука, Рецензентската комисија со посебна чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Даниела Мамучевска да биде избрана **за асистент по предметот микроекономија.**

**РЕЦЕНТЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**1. Проф. д-р Олга Градишка Теменугова с.р.**

**2. Акад. проф. д-р Таки Фити с.р.**

**3. Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗООХИГИЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XIII редовна седница одржана на 4 февруари 2010 година, донесе одлука бр. 02-193/6 за формирање Комисија во состав:

1. проф. д-р Цане Пејковски,
2. проф. д-р Жарко Мациров и
3. проф. д-р Мирче Наумовски.

Комисијата доби задача да ги прегледа и оцени трудовите на пријавените кандидати на конкурсот за избор на наставник во сите звања во научната област зоохигиена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Факти". На конкурсот се пријави само кандидатот д-р Методија Трајчев, вонреден професор во научната област зоохигиена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. По прегледот и оцената на доставената документација, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци

Д-р Методија Трајчев е роден на 14 мај 1965 година во Струмица. Основно образование и гимназија завршил во Струмица, а Факултет за ветеринарна медицина во Белград, во 1990 година.

По дипломирањето работел како доктор по ветеринарна медицина во Главната ветеринарна болница во Скопје, каде што се стекнал со практични знаења од ветеринарното здравство. На 1.5.1991 година е избран за помлад асистент по предметот зоохигиена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, каде што изведувал практична настава по предметите зоохигиена и ветеринарство. Во 1996 година успешно го одбранил својот магистерски труд со наслов: „Испитување на глобулините во колостралното млеко и на имуноглобулините во крвниот серум на телињата зависно од хигиената на кравите" на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и се стекнал со академски степен магистер на земјоделски науки од областа на зоохигиената.

Во 2000 година, кандидатот д-р Методија Трајчев ја пријавил, ја изработил и успешно ја одбранил на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје докторската теза под наслов: „проучување на претколостралните и постколостралните гама-глобулини кај новородените прасиња, зависно од условите на држење на спрасните свињи", по што е промовиран во академското звање доктор на ветеринарни науки.

Од 2001 до 2004 година, д-р Методија Трајчев ја извршувал функцијата претседател на Македонската ветеринарна комора кога со успех ја репрезентирал ветеринарната професија кај нас и на меѓународно ниво. Кандидатот д-р Методија Трајчев бил иницијатор за излегувањето на списанието Македонски ветеринарен весник, а подоцна и негов главен и одговорен уредник.

Во мандатниот период од 28.4.2005 до 31.3.2009 година ја извршувал функцијата продекан за настава и студенти на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Во исто време, раководел со Комисијата за постдипломски студии, Комисијата за настава и кадровски прашања, Комисијата за студентски активности и спорт и Работното тело за реформа на студиските програми на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Кандидатот д-р Методија Трајчев учествува на повеќе конференции, симпозиуми, семинари, работилници, од кои во периодот по изборот во звањето вонреден професор:

- „Seminar on the European Union veterinary legislation", 9.6.2005 хотел „Континентал"-Скопје;
- „Болоњски процес-пред и постдипломски проблеми-интерпретација на ЕУ-типови"; PROJET TEMPUS-JEP-18009-2003 "Strategie d'Integration europeennes D'Universites CARDS, 10-11.6.2005, хотел Гранит-Охрид;
- „Jubilee Scientific Conference with International Participation: „State-of-the-art and Problems of Agrucultural Science and Education"19-20.10.2005 Пловдив, Република Бугарија;

- „Благосостојба на животните-европска рамка" и „3-Р концепт-легална рамка за заштита на лабораториски животни", во организација на Royal Society for the Prevention of Cruelty to Animals, External Affair Department, UK и Факултетот за ветеринарна медицина, Скопје, 28-29 март 2008 година, Универзитетски конгресен центар, Охрид;
- "Good Agriculture Practices" in Macedonia in the frame of EU Cross Compliance enforcement and Agri-environmental Scheme development, organised by the EU funded Project "Support to IPARD Preparation" (SIPP) supporting MAFWE, Managing Authority, 26 март 200,9 МЗШВ, Скопје.

## II. Наставно-образовна и педагошка дејност

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор изведува теоретска и практична настава на предметни програми на студиските програми сточарство, преработка на земјоделски производи и еко-земјоделство. Раководител е на групата за зоохигиена на постдипломските студии. Кандидатот Трајчев, наставната дејност ја изведува теоретски и практично: во лабораторија и во производство, користејќи средства и опрема соодветни за оваа настава. Истовремено, кандидатот ги користи најновите сознанија од оваа проблематика, соодветно на времето и напредокот на овие дисциплини.

Предметните програми на кои кандидатот одржува настава на додипломските и постдипломските студии со неговата оптовареност детално се прикажани во делот за наставно-образовната дејност од анексот 2 на рефератот.

Освен во наставата, д-р М. Трајчев, како претседател на Комисијата за спорт и студентски активности, учествувал во организацијата на повеќе студентски активности (универзијада, агрономијада, студентска евалуација на наставниот кадар, активности со ПД „Агроном" и друго).

## III. Научна и стручна активност.

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор, кандидатот Трајчев продолжува да работи на сопственото усовршување иако во меѓувреме ја вршеше функцијата продекан за настава и студенти на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и беше раководител на повеќе комисии на Факултетот (сите овие активности се наведени и оценети во анексот 2 на рефератот). Учествува во реализацијата на научни, развојни и апликативни проекти и истражувања, и тоа:

- „Изработка и вградување на подни грејни панел-плочи за затоплување на прасињата во прасилиште", раководител, 2007/2008 МОН;
- „Алтернативни начини за превенција на воспаленијата на млечната жлезда кај молзни крави", раководител, 2008/2009, МЗШВ;
- „Облагородување на сламата како добиточна храна за млечни крави и ситни преживари", учесник, 2008/2009, МЗШВ;
- „Заокружување на институционален капацитет на лабораторија за анализа на добиточна храна во Република Македонија", учесник, 2008/2009, МЗШВ;
- "Good animal welfare in a socio-economic context: to promote on the impact for the animal, the production chain and society of upgrading animal welfare standard. (econwelfare)" учесник, ФВМ, FP7 (во тек).

Добиените резултати ги објавува во вид на научни и стручни трудови, самостојно или во соработка со други автори. Освен тоа, учествува во изработката на елаборати, организациони одбори и друго.

а) Објавени трудови до изборот во звањето вонреден професор

До изборот во звањето вонреден професор, кандидатот д-р Методија Трајчев има објавено вкупно 34 научни и стручни трудови, од кои 10 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 675 од 5.3.1997 година, при изборот за асистент, 8 труда се рецензирани во Билтенот бр. 764 од 16.10.2000 година, при изборот за доцент, а 16 труда се рецензирани во Билтенот бр. 878 од 1.9.2005 година при изборот во звањето вонреден професор.

б. Трудови објавени по изборот во звањето вонреден професор

35. Petrovski, K R, **Trajcev, M.**, Buneski, G. 2006. A review of the factors affecting the costs of bovine mastitis. Journal of the South African Veterinary Assotiation, vol 77, No. 2.

Во овој труд објавен во угледното списание Journal of the South African Veterinary Assotiation, кој има фактор на влијание (impact factor 0,351), авторите направиле преглед на сите релевантни податоци објавени во актуелната светска литеартура, а кои се однесуваат на економските загуби кои ги предизвикуваат бовините мастициси. Истовремено,авторите даваат и свое видување за оваа проблематика во интензивните системи на одгледување на молзни крави. Како најчесто заболување кај молзните крави во индустриското производство на млеко, маститисот е поврзан со директни и индиректни загуби. Според авторите, при пресметување на загубите од маститисот во млечната индустрија, мора да се земе во предвид чинењето на програмите за контрола на маститисот. Авторите посочуваат дека економските загуби од маститисот од една страна и придобивките од контролата на маститисот од друга страна, ја одредуваат економската ефикасност на програмата за контрола на маститисот. Ако се има во предвид фактот дека единствено директните загуби се очигледни за фармерот, неопходна е нивна континуирана едукација за имплементација на подобри програми за контрола на маститисот.

36. Gjorgjievski, S. Ana, Mijakova-Murdzeva, Violeta Bochvarova, **Trajchev, M.** 2007. Vitfoss premiks u hranidbi odbijene prasadi. Krmiva 2007, XIV Medjunarodno savjetovanje, Hrvatska gospodarska komora. juni 11-14. Opatija.

Во овој труд е испитувано влијанието на премиксот Vitfoss, произведен во Данска, богат со витамини и минерали и без присуство на антибиотици врз производните својства на одбиените прасиња: живата маса, вкупниот и дневниот прираст, консумацијата на храна и конверзијата на храна. Авторите по анализата на добиените резултати заклучуваат дека премиксот Vitfoss немал статистички значајно влијание врз производните резултати на оваа возрасна категорија свињи. Трудот претставува научен прилог во технологијата на исхрана на прасињата по одбивање.

37. Gjorgjievski, S. Ana, Mijakova-Murdzeva, Violeta Bochvarova, **Trajchev, M.** 2007. Vitfoss premix in diet of fattening pigs. III Symposium of Livestock Production (with international participation), September 12-14, Ohrid, Macedonia.

Авторите во овој труд го испитувале влијанието на премиксот Vitfoss, произведен во Данска, богат со витамини и минерали и без присуство на антибиотици, додаден во смеските за исхрана на гојни свињи врз живата маса, вкупниот и дневниот прираст, консумацијата на храна, конверзијата на храна и економските параметри. Добиените резултати покажале дека гоениците кои биле хранети со смески во кои бил додаван премиксот имале за 5,66% подобар прираст, за 3,45% помала дневна консумација на храна и потрошиле за 7% помалку храна за 1 kg остварен прираст во споредба со контролната група која била хранета со смеска без премиксот. Употребата на премиксот Vitfoss ја зголемило цената на смеската за 3,72%, но на крај, цената на чинење на 1 kg прираст била за 2,89% пониска во однос на контролната група. Зголемените количини на витамини и минерали и отсуството на антибиотици во премискот, а со тоа и во смеските, покажало статистичко влијание на прирастот, консумацијата на храна, конверзијата на храна, здравствениот статус на гоениците и економските параметри. Испитувањата се оригинални и имаат научен карактер.

38. **Трајчев М.**, Маџиров Х., Коцевски Д., Горгиевски С., Наков Д. 2007. Влијание на топлотниот стрес и возраста на кокошките врз продукцијата и квалитетот на консумните јајца. Хемиски својства на јајцата. Јубилеен годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, 60 години ФЗНХ, вол. 52.

Во овој труд авторите го испитувале влијанието на топлотниот стрес и возраста на кокошките врз хемиските својства на консумните јајца. Во опит биле ставени 3 групи возрасни категории на кокошки од хибридот ISA Brown, и тоа кокошки на возраст 18-36, 28-49 и 48-69 седмици. Заклучено било дека во услови на топлотен стрес, масата на свежото јајце се зголемува, а се намалува масата на осушеното јајце, независно од возраста на кокошките. За време и по престанокот на топлотниот стрес, суровите протеини во јајцата се намалиле кај првата возрасна категорија, а незначително се зголемиле кај несилките со максимална несивост. Зголемување на

масата на суровите протеини во фаза на топлотен стрес била регистрирана и кај несилките при крај на несивост, но по престанувањето на стресот тие се намалиле. Содржината на калциум во јајцата од кокошките на почетокот и на крајот на несивоста се намалила за време на топлотниот стрес, а се зголемила во јајцата од несилки во максимална несивост. Трудот претставува оригинален научен придонес во областа на биологијата и благосостојбата на живината.

39. Gjorgjievski, S. Ana, Mijakova-Murdzeva, Violeta Bochvarova, Sonja Efremova, **Trajchev, M.** Cilev G. 2008. Utjecaj vremena odbica na proizvodne karakteristike prasadi. Krmiva 2008, XV Medjunarodno savjetovanje, Hrvatska gospodarska komora. juni 11-14. Opatija.

За да го испитаат ефектот на влијанието на времето на одбивање на прасињата врз производните карактеристики на прасињата, авторите формирале две групи: прасиња одбиени на 28 дена по раѓање и прасиња одбиени со 21 ден по раѓање, при што биле следени прасињата во периодот на одбивање и во периодот на гоење. Употребените смески биле соодветни за оваа категорија свињи. Живата маса на прасињата во фаза на одбивање покажала статистички значајна разлика ($p<0.05$) во зависност од возраста на одбиените прасиња. Разликите во дневната консумација на храна исто така биле високо сигнификантни ($p<0,01$) помеѓу групите. Испитувањата со прасињата во периодот на гоење покажале слични тенденции. Овие истражувања се оригинални и научни.

40. **Трајчев М.**, Поповски З.Т., Наков Д., Димитриевска Б.Р., Порчу К., Петровска Милена, Јанкоска Гордана. Карактеризација на резистентност кај изолати од Streptococcus spp. и Staphylococcus spp. изолирани во млеко од крави во лактација. Македонски медицински преглед, IV конгрес на микробиолозите на Македонија, 28-31 октомври, 2009 Охрид.

Авторите на овој оригинален научен труд направиле еден исчекор напред во систематскиот приод во ерадикацијата на најголемиот здравствен и економски проблем во фармите со молзни крави маститисите. Имено, извршена е изолација на плазмидската ДНК во материјал од разраснати изолирани бактерии во Luria-Bertani (LB) бујон, со комбинирана метода на алкално термален третман која потоа е анализирана електрофоретски на агарозен гел. Во изолатите не биле откриени плазмиди на резистенција кај изолираните бактерии, што било во корелација со резултатите од антибиограмот, односно со високиот степен на осетливост на изолираните бактерии спрема употребените антибиотици. Овој наод бил потврден со ефектот од терапирањето на испитаните крави.

41. **Методија Трајчев**, Илија Каров, Ристо Јованов, Ристо Рушев, Димитар Наков. Технологија на изработка на подни грејни панел-плочи за загревање на прасињата во прасилиште. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 54. 2009.

Авторите во овој оригинален научен труд ја опишуваат технологијата на изработка на подни грејни панел-плочи наменети за вградување во прасилиштето, во индивидуалните боксеви за сместување на маториците со новородените прасиња, во делот за загревање на прасињата. Трудот претставува иновативно истражување. Во текот на истражувањата, авторите конструирале 3 типа на грејни плочи. Финалната подна грејна панел-плоча, која покажала најдобар квалитет била со димензии 1200 x 450 x 55mm, облиена со полиестер, ставена во пластична рамка. Плочата имала специјална изолација за заштита на нискотемпературните грејачи од влага, вградено заземјување, како и потенциометар за регулирање на температурата на површината на плочата. Поефикасното искористување на електричната енергија за производство на топлина со плочите (85%), наспроти светилките (25%), ќе придонесе за намалување на потрошувачката на електрична енергија, што ќе претставува значаен придонес во рентабилноста на свињарското производтсво и напорите за намалување на штетните причини за ефектот од глобалното затоплување. Трудот е оригинален и научен.

42. **Методија Трајчев**, Димитар Наков. Благосостојба и однесување на прасињата при различни начини на загревање во прасилиште. Македонски ветеринарен преглед. Вол: 32, бр.2.2009.

Во овој труд, за првпат во услови на РМ е направено компаративно испитување на влијанието на различните начини на загревање на прасињата, загревање со подни грејни панел-плочи и класично со инфрацрвени светилки, врз благосостојбата на животните. Оцената на благосостојбата на прасињата авторите ја направиле преку мерење на параметрите на амбиенталната средина, анализата на производните резултати во прасилиштето, додека однесувањето на прасињата го документирале со дигитална камера.

Трудот е оригинален и има особен придонес во научниот приод за оцена на благосостојбата на прасињата во прасилиште, а што е во согласност со за првпат донесената регулатива од оваа област во РМ, Законот за здравје и благосостојба на животните.

43. **Методија Трајчев**, Димитар Наков. Програма за контрола на маститисите во стадо со молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Вол. 54. 2009.

Овој труд има големо практично значење за превенцијата и лекувањето на воспаленијата на млечната жлезда во стада со молзни крави. Авторите, преку практичен пример, со резултати од сопствени истражувања кои се единствени од ваков тип, реализирани во услови на Република Македонија, нудат програма за контрола на маститисите, која се состои од 16 мерки, распоредени во 4 процедури: тријажни активности во стадото, кои имаат за цел откривање на крави со клиничка и сомнителни на супклиничка форма на маститис, лабораториски испитувања, кои служат за идентификација на причинителите на маститисите и избор на најефикасен антимикробен препарат за лекување и излекување на кравите, примена на соодветна терапија и мерки за лекување на кравите со маститис и спроведување превентивни активности на фармата. Трудот е оригинален и научен.

44. **Методија Трајчев**, Ицко Горгоски, Димитар Наков. Влијанието на колостралното млеко врз нивото на глобулините во крвниот серум на новородени прасиња. Biologia Macedonica. 2009 (трудот е прифатен за печатење на 13 јануари 2010 за објавување во вол. за 2009 година).

Во овој труд е проучувано влијанието на вкупните протеини и глобулините во колостралното млеко на опрасени маторици врз нивото на вкупните протеини и протеинските фракции, со посебен акцент на гамаглобулините во крвниот серум на прасињата пред консумација на колостралното млеко, на 24 часа и 7 дена по раѓањето на прасињата, при што било утврдено дека постои статистички високозначајна корелација (P<0,001). Овој труд дава научен придонес во разбирањето на важноста на навременото консумирање на колостралното млеко од прасињата во обезбедувањето на доволни количества пасивно стекнат имунитет-гамаглобулини во заштитата на прасињата во периодот до профункционирањето на имунолошкиот систем на прасињата.

45. **Методија Трајчев**, Ицко Горгоски, Димитар Наков. Промени на нивото на протеините во крвниот серум и колостралното млеко кај маториците. Biologia Macedonica. 2009 (трудот е прифатен за печатење на 13 јануари 2010 за објавување за вол. за 2009 година).

Авторите во овој труд го испитувале нивото на протеините и протеинските фракции во крвниот серум на спрасни маторици, и тоа на 14 и 7 дена пред партус и непосредно по партус. Исто така, следени биле концентрациите на вкупните протеини и глобулините во колостралното млеко до седмиот ден по партусот. При тоа, регистрирано било намалување на концентрацијата на вкупните протеини и гамаглобулните во последните две недели пред партусот на маториците, додека концентрацијата на вкупните протеини и глобулините во колостралното млеко веднаш по партусот биле за 3-4 пати повисоки од концентрацијата на протеините во нормалното млеко од маторици. Трудот претставува оригинален научен прилог во разбирањето на физиологијата на

создавање и концентрирање на глобулинските протеински фракции (гамаглобулини) во колостралното млеко.

46. **Методија Трајчев**, Петровска Милена, Димитар Наков, Гордана Јанкоска. 2009. Терапија на супклиничкиот маститис кај молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 54. 2009.

Трудот има големо практично значење за темелниот приод во лекувањето на супклиничките маститиси во стадата со молзни крави, базиран на оригинални и научни сознанија. По направената тријажа и откривањето на кравите со нарушена секреција, авторите направиле микробиолошки испитувања на пробите млеко од четвртинките со нарушена секреција. При тоа, Streptococcus agalactiae бил изолиран во 78,26%, Staphylococcus aureus во 4,35%, Enterococcus spp во 13,04%, а Streptococcus viridans во 8,69% од четвртинките. Потоа, бил направен антибиограм и биле избрани најефикасните антимикробни препарати за лекување.

Една група од кравите била лекувана со интрамускуларна апликација на amoxicillin и интрамамарна на ciprofloxacin, а друга, интрамускуларно со cobactan и интрамамарно со cloxacillin. Во првата група биле излекувани 56,75%, а во втората 66,67% од четвртинките. Неизлекуваните крави, односно четвртинки, дополнително биле третирани уште 5 дена интрамускуларно со cobactan и интрамамарно со cloxacillin. По двата третмана биле излекувани 78,95% од кравите, односно 80,43% од четвртинките со супклинички маститис.

47. **Методија Трајчев**, Димитар Наков. Дистрибуција на нарушената секреција и на супклиничкиот маститис помеѓу четвртинките на млечната жлезда кај молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Вол. 54. 2009.

Авторите во овој оригинален и научен труд, направиле истражување во едно големо стадо со молзни крави за утврдување на распоредот на нарушената секреција и супклиничкиот маститис меѓу четвртинките на млечната жлезда и во зависност од лактацијата. Нарушената секреција и супклиничките маститиси била најзастапена кај кравите од трета до петта лактација (70,97%) и кај задните четвртинки (60,61%) наспроти предните (39,39%). Streptococcus agalactiae бил изолиран во 43,47% од задните, и во 30,43% од предните четвртинки, како и во 47,82% од десните и во 26,08% од левите четвртинки, а Staphylococcus aureus само од 4,35% предни леви четвртинки.

48. **Методија Трајчев**, Петровска Милена, Димитар Наков. Влијание на различните третмани на папилите по молзење врз појавата на нарушена секреција на млечната жлезда кај молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 54. 2009.

Во овој труд, авторите направиле успешен обид за компаративно испитување на ефектот од примена на различни третмани за дезинфекција на папилите по молзење, со раствор на јод и гел од екстракти на лековити растенија. Ефектот на дезинфекцијата авторите го следеле преку контрола на појава на нарушена секреција на млечните жлезди со употреба на California Mastitis Test. Дезинфекцијата на папилите на млечната жлезда по молзење кај крави-првотелки кои претходно никогаш не биле заболени од маститис со гел од екстракти на лековити растенија и со раствор на јоден препарат овозможила целосна заштита од појава на нарушена секреција, а кај кравите кои претходно имале маститис, биле лекувани и излекувани, помала преваленца (6,67%) на нарушена секреција покажале кравите чии папили биле дезинфицирани со гелот, во споредба со кравите чии папили биле дезинфицирани со раствор на јоден препарат (10%). Овој труд претставува почеток на еден нов правец во истражувањата за изнаоѓање нови, алтернативни средства кои ќе ги заменат класичните хемиски дезинфициенси за хигиена на млечната жлезда. Трудот е оригинален и научен.

49. **Методија Трајчев**, Петровска Милена, Димитар Наков. Познавање на воспаленијата на млечната жлезда кај молзните крави како прилог кон HACCP и GMP. Acta Physiologica. 2009.

Авторите при изработката на овој труд прегледале вкупно 124 референци, со цел да се потенцира огромното значење на воспаленијата на млечната жлезда во стадата со

високопродуктивни молзни крави во безбедното производство на млеко како суровина и преработки од него, а во релација со имплементацијата на HACCP и GMP-стандардите. Основните начела на системите за безбедност во производството на храна од анимално потекло за исхрана на луѓето, HACCP и GMP, се пропишани во соодветната регулатива на Република Македонија, која е во согласност со регулативите на ЕУ. Трудот претставува одличен прегледен труд.

50. Буневски Ѓ., Георгиевски С., **Трајчев М.**, Наков Д. 2009. Правилни постапки за одгледување телиња за приплод. Прирачник за фармери. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 3-38, 2009.

Овој Прирачник, спонзориран од МЗШВ, има за цел да им укаже на фармерите за неопходноста од правилното спроведување на нормативите и стандардите при одгледувањето на телиња за ремонт на стадото. Обработени се сите сегменти на одгледувањето, почнувајќи од чинот на подготовка на кравата за телење, преку важноста на колостралното млеко за здрав подмладок, начините на сместување, исхрана и нега, до примената на разни зоотехнички зафати врз телињата. Прирачникот во себе содржи дел кој се однесува на имплементацијата на една нова регулатива во РМ, Законот за здравје и благосостојба на животните.

51. Буневски Ѓ., **Трајчев М.**, Наков Д. 2009. Современо производство на млеко според ЕУ-стандарди. Прирачник за фармери. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 3-40, 2009.

Овој Прирачник е наменет за фармерите кои се вклучени во индустриското производство на кравјо млеко. Авторите на еден краток и разбирлив начин ги опишуваат физиологијата на лактацијата, начините и системите за молзење, типовите на измолзилишта, за на крај да им укажат на фармерите за нормативите кои треба да ги исполнат согласно со ЕУ, но и сорегулативите во РМ, особено хигиенскиот аспект на производството на млекото. Прирачникот е финансиран од МЗШВ.

52. Буневски Ѓ., **Трајчев М.**, Наков Д. 2009. Слободно чување на говеда. Прирачник за фармери. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 3-40, 2009.

Авторите во овој Прирачник во целост ги опишуваат условите за градба на објекти за слободен систем на чување говеда, организацијата и внатрешното уредување, посебно за молзните крави, вклучително и измолзилиштето. Исто така, опишан е начинот на изѓубрување и чување на ѓубрето. Прирачникот е финансиран од МЗШВ.

53. Буневски Ѓ., Георгиевски С., **Трајчев М.** 2009. Современи методи на гоење говеда. Прирачник за фармери. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 3-24, 2009.

Овој Прирачник претставува практичен водич за потребите во хранителни материи за гоење на различните возрасни категории говеда, видовите на гоење, системите за гоење според видот на храната, како и проценката на квалитетот на животните за колење. Прирачникот е финансиран од МЗШВ.

Од извештајот за активностите на кандидатот проф. д-р Методија Трајчев, во периодот по изборот во звањето вонреден професор, се гледа негово активно учество како раководител или учесник во реализацијата на повеќе научноистражувачки, развојни и апликативни проекти, домашни и меѓународни, учество во изработката на подзаконски акти од областа на земјоделството и Законот за сточарство. Во наставно-образовната дејност, д-р Методија Трајчев, покрај настава на предметни програми на додипломските, изведува настава и на постдипломските студии на групата зоохигиена и на други групи на постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Кандидатот има близок и педагошки однос со студентите, иницијативен е, работлив и постојан во работата. Освен тоа, во периодот помеѓу двата избора, ја извршувал функцијата продекан за настава и студенти на Факултетот и раководел со работата на повеќе комисии, од кои посебно би ги истакнале Комисијата за постдипломски студии, Комисијата за настава и кадровски прашања, Комисијата за спорт и студентски активности, како и Работното тело за реформа на студиските програми на ФЗНХ. Учествувал во

изработката на монографијата „60 години ФЗНХ", во делот за наставно-образовната дејност на Факултетот од 1947 до 2007 година. Во моментот е раководител на Катедрата за здравје и благосостојба на животните на Институтот за анимална биотехнологија при ФЗНХ. Врз основа на сето изнесено можеме да го донесеме следниов

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Методија Трајчев, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, целосно ги исполнува условите согласно со Законот за високото образование на Република Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за избор во повисоко звање. Затоа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Методија Трајчев, вонреден професор, **да биде избран во звањето редовен професор во научната област зоохигиена**.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Цане Пејковски, с.р.

2. Проф. д-р Жарко Махиров, с.р.

3. Проф. д-р Мирче Наумовски, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Методија Борис Трајчев**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за земјоделски науки и храна**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **зоохигиена**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **НАСТАВА НА ПРВ ЦИКЛУС (ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ)** | |
| 1 | **Здравствена зашт. во сточ. пр.** (Е) (2+2), зимски 2005/06/07/08/09/2010 1,2x5 | 6,0 |
| 2 | **Елиминирање и рец. отпадоци во земј**. (Е) (2+2), зимски 2005/06/07/08/09/2010 1,2x5 | 6,0 |
| 3 | **Здравствена заштита на дом. животни** (С) (3+2), летен 2005/06/07/08/09/2010 1.8 x 5 | 9,0 |
| 4 | **Хигиена на прехранбени производи** (ПЗП) (2+1), летен 2005/06/07/08/09/2010 1.2x5 | 6,0 |
| 5 | **Зоохигиена** (С) (5+3), зимски 2007/08/09/2010, 3 x 3.0 | 9,0 |
| | **ВЕЖБИ НА ПРВ ЦИКЛУС (ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ)** | |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **Зоохигиена** (С) (5+3), зимски 2005/06/07/08 вежби една група 3 x 1.35 | 1,35 |
| 7 | **Здравствена зашт. во сточ. пр.** (Е) (2+2), зимски 2005/06/07/08 вежби една група 3 x 0.9 | 2,7 |
| 8 | **Елимин. и рец. отпад. во земј.** (Е) (2+2), зимски 2005/06/07/08 вежби една група 3 x 0.9 | 2,7 |
| 9 | **Здравствена заштита на дом. животни** (С) (3+2), летен 2005/06/07/08 вежби една група 3 x 0.9 | 2,7 |
| 10 | **Хигиена на прехран произ.** (ПЗП) (2+1), летен 2005/06/07/08 вежби една група 3 x 0.45 | 1,35 |
| | **ТЕРЕНСКА НАСТАВА** | |
| 11 | **Зоохигиена** (С) 2005/06;2006/07;2007/08;2008/09;2009/10=5*2*15*0,04 | 6,0 |
| 12 | **Здравствена зашт. во сточ. пр.** (Е) 2005/06;2006/07;2007/08;2008/09;2009/10=5*1*15*0,04 | 3,0 |
| 13 | **Здравствена заштита на домашните животни** (С) 2005/06;2006/07;2007/08;2008/09;2009/10=5*2*15*0,04 | 6,0 |
| 14 | **Хигиена на прехранбени производи** (ПЗП) (2+1), 2005/06;2006/07;2007/08;2008/09;2009/10=5*0,5*15*0,04 | 1,5 |
| | **НАСТАВА НА ВТОР ЦИКЛУС (ПОСТДИПЛОМСКИ-МЕНТОРСКИ)** | |
| 15 | **Здравствена заштита на говедата** 2007/08; 2008/09; 2009/10 3*2*15*0.05 | 4,5 |
| 16 | **Здравствена заштита и сместување на овците и козите** 2007/08; 2008/09; 2009/10 3*2*15*0.05 | 4,5 |
| 17 | **Хигиена на месото и преработките од месо** 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 4*2*15*0.05 | 6,0 |
| 18 | **Хигиена на млекото и преработките од млекото** 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 4*2*15*0.05 | 6,0 |
| 19 | **Екологија, епизоологија и профиликатика во живинарството** 2007/08; 2008/09; 2009/10 3*3*15*0.05 | 6,75 |
| 20 | **Здравствена заштита на рибите** 2007/08; 2008/09; 2009/10 3*2*15*0.05 | 4,5 |
| 21 | **Епизоотологија и имунологија** 2007/08; 2008/09; 2009/10 3*2*15*0.05 | 4,5 |
| 22 | **Етологија и стресот кај домашните животни** 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 5*2*15*0.05 | 7,5 |
| 23 | **Условни болести кај домашните животни** 2007/08; 2008/09; 2009/10 3*2*15*0.05 | 4,5 |
| 24 | **Општа хигиена со биоклиматологија** 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 5*4*15*0.05 | 15,0 |
| 25 | **Хигиена на домашните животни и санитација во сточарството и индустријата за анимални производи** 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 2*5*15*0.05*50% + 3*5*15*0.05 | 15,0 |
| 26 | Консултации со студенти 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 5*40*0,002 | 0,4 |
| 27 | Изработка на семинарски труд 15*0.03 | 0,45 |
| 28 | Ментор на дипломски работи 10*0.2 | 2,0 |
| 29 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 2*0.1 | 0,2 |
| 30 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 3*0.3 | 0,9 |
| | **Вкупно:** | **146,00** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска теза: „Анализа на ризик-факторите за појава на клинички маститис кај млечни крави во Република Македонија". | 1 |
| 2 | "Good animal welfare in a socio-economic context: to promote on the impact for the animal, the production chain and society of upgrading animal welfare standard. (econwelfare)" FP7 проект (ФВМ, учесник, во тек) | 5 |
| 3 | „Изработка и вградување на подни грејни панел-плочи за затоплување на прасињата во прасилиште" (МОН, раководител на проектот, 2007/2008) | 6 |
| 4 | „Алтернативни начини за превенција на воспаленијата на млечната жлезда кај молзни крави" (МЗШВ, раководител на проектот 2008/2009) | 6 |
| 5 | Облагородување на сламата како добиточна храна за млечни крави и ситни преживари (МЗШВ, учесник 2008/2009) | 3 |
| 6 | Заокружување на институционален капацитет на лабораторија за анализа на добиточна храна во Република Македонија (МЗШВ, учесник 2008/2009) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Изработка на дел од монографијата по повод 60 години ФЗНХ, делот за наставно-образовната дејност (2007) | 4 |
| 8 | **Методија Трајчев**, Петровска Милена, Димитар Наков. Познавање на воспаленијата на млечната жлезда кај молзните крави како прилог кон HACCP и GMP. Physioacta. 2009. 80% | 1,6 |
| 9 | **Методија Трајчев**, Петровска Милена, Димитар Наков. Влијание на различните третмани на папилите по молзење врз појавата на нарушена секреција на млечната жлезда кај молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 54. 2009. 80% | 1,6 |
| 10 | **Методија Трајчев**, Димитар Наков. Дистрибуција на нарушената секреција и на супклиничкиот маститис помеѓу четвртинките на млечната жлезда кај молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 54. 2009. 90% | 1,8 |
| 11 | **Методија Трајчев**, Петровска Милена, Димитар Наков, Гордана Јанкоска. 2009. Терапија на субклиничкиот маститис кај молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 54. 2009. 60% | 1,2 |
| 12 | **Методија Трајчев**, Ицко Горгоски, Димитар Наков. Промени на нивото на протеините во крвниот серум и колостралното млеко кај маториците. Biologia Macedonica. 2009. 80% | 1,6 |
| 13 | **Методија Трајчев**, Ицко Горгоски, Димитар Наков. Влијанието на колостралното млеко врз нивото на глобулините во крвниот серум на новородени прасиња. Biologia Macedonica. 2009 (трудот е прифатен за печатење на 13 јануари 2010 за објавување во вол. за 2009 година). 80% | 1,6 |
| 14 | **Методија Трајчев**, Димитар Наков. Програма за контрола на маститисите во стадо со молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 54. 2009. | 1,8 |
| 15 | **Методија Трајчев**, Димитар Наков. Благосостојба и однесување на прасињата при различни начини на загревање во прасилиште. Македонски ветеринарен преглед. вол. 32, бр.2. 2009. 90% | 1,8 |
| 16 | **Методија Трајчев**, Илија Каров, Ристо Јованов, Ристо Рушев, Димитар Наков. Технологија на изработка на подни грејни панел плочи за загревање на прасињата во прасилиште. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 54. 2009. 60% | 1,2 |
| 17 | **Трајчев М.**, Поповски З.Т., Наков Д., Димитриевска Б.Р., Порчу К., Петровска Милена, Јанкоска Гордана. Карактеризација на резистентност кај изолати од Streptococcus spp. и Staphylococcus spp. изолирани во млеко од крави во лактација. Македонски медицински преглед, IV конгрес на микробиолозите на Македонија, 28-31 октомври, Охрид, 2009. 60% | 1,2 |
| 18 | Gjorgjievski, S. Ana, Mijakova-Murdzeva, Violeta Bochvarova, Sonja Efremova, **Trajchev, M.** Cilev G. 2008. Utjecaj vremena odbica na proizvodne karakteristike prasadi. Krmiva 2008, XV Medjunarodno savjetovanje, Hrvatska gospodarska komora. juni 11-14. Opatija. 60% | 1,8 |
| 19 | **Трајчев М.**, Маџиров Х., Коцевски Д., Горгиевски С., Наков Д. 2007. Влијание на топлотниот стрес и возраста на кокошките врз продукцијата и квалитетот на конзумните јајца. Хемиски својства на јајцата. Јубилеен Годишен Зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, 60 години ФЗНХ, Вол. 52. 60% | 1,2 |
| 20 | Gjorgjievski, S. Ana, Mijakova-Murdzeva, Violeta Bochvarova, **Trajchev, M.** 2007. Vitfoss premix in diet of fattening pigs. III Symposium of Livestock Production (with international participation), September 12-14, Ohrid, Macedonia. 60% | 1,2 |
| 21 | Gjorgjievski, S. Ana, Mijakova-Murdzeva, Violeta Bochvarova, **Trajchev, M.** 2007. Vitfoss premiks u hranidbi odbijene prasadi. Krmiva 2007, XIV Medjunarodno savjetovanje, Hrvatska gospodarska komora. juni 11-14. Opatija. 60% | 1,8 |
| 22 | Petrovski, K R, **Trajcev, M.**, Buneski, G. 2006. A review of the factors affecting the costs of bovine mastitis. Journal of the South African Veterinary Assiciation, vol 77, No. 2. 80% 4.8+0,351 | 5,151 |
| | **Вкупно:** | **54,551** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | „Техничко-технолошко решение за отпадните води од погоните на Т.П.П. "КРИ-КРИ", идеен проект 2005 | 2,0 |
| 2 | „Техничко-технолошко решение за изградба на пазар за жив добиток за општина | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Битола“ SIDA, идеен проект 2007 | |
| 3 | Елаборат за ЗСК - Струмица | 1,0 |
| 4 | Буневски Ѓ., Георгиевски С., **Трајчев М.**, Наков Д. 2009. Правилни постапки за одгледување телиња за приплод. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија- Прирачник за фармери. | 1,0 |
| 5 | Буневски ѓ., **Трајчев М.**, Наков Д. 2009. Современо производство на млеко според ЕУ-стандарди. Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство на Република Македонија- Прирачник за фармери. | 1,0 |
| 6 | Буневски Ѓ., **Трајчев М.**, Наков Д. 2009. Слободно чување на говеда. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија. Прирачник за фармери. | 1,0 |
| 7 | Буневски Ѓ., Георгиевски С., **Трајчев М.** 2009. Современи методи на гоење говеда. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија. Прирачник за фармери. | 1,0 |
| | **ДЕЛНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| | **Изготвување и пријавување научен/образовен национален проект** | |
| 8 | „Континуирана едукација на фармери за современите научни сознанија и можностите за нивна примена во имплементација на дел од GAP стандардите во примарното сточарско производство“, МЗШВ, носител 2009 година арх.бр. 02-9494/110 | 1,0 |
| 9 | „Анализа на некои ризик фактори за појава на маститис кај млечни крави како основа за изготвување национална програма за превенција и лекување на маститисите“, МЗШВ, носител 2009 година арх.бр. 02-9494/111 | 1,0 |
| 10 | “Оцена на благосостојбата кај млечни крави преку директни опсервации на состојбите на животните и контролните показатели на фармите“, МЗШВ, носител 2009 година арх.бр. 02-9494/112 | 1,0 |
| 11 | „Здрава млечна жлезда кај молзните крави - подобра благосостојба и здравје на кравите - подобар квантитет, квалитет и безбедност на млекото - подобро здравје на луѓето“, МЗШВ, носител 2009 година арх.бр. 02-9494/113 | 1,0 |
| 12 | „Менаџирање на отпадоците од сточарското фармско производство и одржување рамнотежа во природата“, МЗШВ, носител 2009 година арх.бр. 02-9494/114 | 1,0 |
| 13 | „Контрола на штетниците во примарното сточарско производство“, МЗШВ, носител 2009 година арх.бр. 02-9494/115 | 1,0 |
| 14 | „Проект за опремување на научноистражувачка лабораторија - Лабораторија за здравствена заштита и благосостојба на животните“ | 1,0 |
| 15 | „Оцена на благосостојбата на млечни крави во услови на интензивно одгледување“ | 1,0 |
| 16 | Член на Комисијата за настава на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ 2007/2008 | 1,0 |
| 17 | Продекан за настава и студенти на ФЗНХ, (во периодот 2005-2009 година) | 4,0 |
| 18 | Координатор на студиската програма за сточарство (во периодот 2004-2006 година) | 1,0 |
| 19 | Раководител на Комисијата за последипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна (период 2005-2009 година) | 2,0 |
| 20 | Претседател на Комисијата за настава и кадровски прашања на Факултетот за земјоделски науки и храна, (во периодот 2005-2009 година) | 0,5 |
| 21 | Претседател на Комисијата за спорт и студентски активности на Факултетот за земјоделски науки и храна, (во периодот 2005-2009 година) | 0,5 |
| 22 | Раководител на Комисијата-Работно тело за реформа на студиските програми на Факултетот за земјоделски науки и храна, (во периодот 2005-2009 година) | 0,5 |
| 23 | Член на Комисијата за настава на Факултетот за земјоделски науки и храна, (во периодот 2009-2013 година) | 0,5 |
| 24 | Претседател на Комисијата за упис на суденти 2005/2009 | 0,5 |
| 25 | Раководител на Катедрата за здравје и благосостојба на животните на Факултетот за земјоделски науки и храна, (во периодот 2009-2013 година) | 3,0 |
| 26 | Член на Комисија за избор во звање 4х0,2 | 0,8 |
| 27 | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир (60 години ФЗНХ, средба „Факултет-стопанство“ 2007 година) | 0,5 |
| | Учество во комисија на Министерството за животна средина и просторно планирање за „Утврдување на индикатори на животната средина“ - група за отпад (одлука бр. 10-2323/29 од 14/09/2007, потпишана од министерот за животна средина и просторно планирање) | 1,0 |
| 28 | **Подготовка на национални документи -правилници од МЗШВ** | |
| 29 | „Критериуми за определување и пуштање во промет на семе за В/О, јајце клетки и | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | ембриони", 2009 | |
| 30 | „Подетални критериуми во однос на приплодниот добиток, простор, кадри и опрема за производство на семе по видови добиток" ,2009 | 2,0 |
| 31 | „Содржина и начин на водење на обука за стручна квалификуваност за В/О (член 75) и содржина на образецот на потврдата за стручна квалификуваност за изведување осеменување",2009 | 2,0 |
| 32 | „Објекти и опрема на местото за парење во зависност од видот на добитокот, како и определувањето на подрачјето на дејствување на местата за парење",2009 | 2,0 |
| 33 | „Поблиски критериуми за промет со семе",2009 | 2,0 |
| | **Вкупно:** | **42,8** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **146,0** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **54,6** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **42,8** |
| **Вкупно** | **243,4** |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ РАДИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.103/08 и бр.26/09), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата **IV** редовна седница одржана на **24.12.2009** година, формира Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Надежда Кирјас
2. проф. д-р Климе Ѓорески
3. проф. д-р Антонио Глигориевски
4. проф. д-р Ѓорги Зафироски
5. проф. д-р Весна Јаневска,

за избор на наставник во сите звања, наставна база по предметот радиологија, по распишаниот конкурс објавен во весникот „Утрински весник" на 25.11.2009 година. На конкурсот се пријави кандидатката ***ас. д-р Виолета Василевска, м-р д-р сци.мед.,*** Рецензентската комисија откако ја проучи доставената документација на кандидатката го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

*Биографски податоци:*

***Ас. д-р Виолета Василевска, род. Никодиновска, м-р д-р сци.***, родена е на 7.8.1968 година во Скопје, каде што завршила средно медицинско училиште.
Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје во 1992 година со просечен успех 9,4.
Од август 1995 година е вработена на Радиолошкиот оддел при Универзитетската клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски" во Скопје.
Специјализацијата по радиодијагностика ја завршила на 25.2.2000 година на Клиниката за радиодијагностика во Скопје.
Од 2000 година е член на ESSR-European Society of Skeletal Radiology, каде што континуирано активно учествува на конгреси и семинари. Член е на Македонската асоцијација на радиолози. Активен член е на Европското здружение на радиолози од 1999 година и на Европското здружение за мускулоскелетна радиологија од 2001 година. Од 2002 година е активен член на Саркома-конзилиумот при Клиниката за ортопедија во Скопје. Од 2007 година е член и на Интернационалното здружение за канцер-имиџинг. Активно се служи со англискиот и германскиот јазик.

***Наставно-образовна дејност:***

Од 2002 година е асистент на Медицинскиот факултет во Скопје, на Катедрата за радиологија, каде што континуирано одржува вежби за студентите на Медицинскиот факултет. Од 2002 до 2006 година држела вежби и за студентите на Стоматолошкиот факултет.

***Научноистражувачка дејност:***

Во јуни 2001 година го одбранила магистерскиот труд со наслов *Ултразвучна дијагностичка евалуација на апендицит*, ментор: проф. д-р Владимир Спасов и се стекнала со научен степен магистер на медицински науки.
Докторската тема со наслов: *Проценка на радиолошкиот стадиум и хистопатолошката корелација во менаџментот на мекотківните мускулоскелетни тумори* ја одбранила на 22.1.2009 година, со што се стекнала со права и обврски што произлегуваат од Законот и Статутот на Факултетот. Ментор на докторската дисертација бил проф. д-р Антонио Глигориевски.
Во периодот од 1993 година била активен учесник, како автор и коавтор на трудови, на конгреси и семинари, од областа на радиологијата:
1997- 1st Balkan Congress of Orthopedics-Thessalonica, October 8-11;
1998- EUROSON 98-SFAUMB 98,10th Congress of EEFSUMB-19th Congress of SFAUMB, March 26-30, Tours, France;
1999- European Seminar on Diagnostic and Interventional Radiology, June 2-5, Copenhagen, Denmark;
2000- Head and Neck Imaging and Intervention, May 17-20, Brescia, Italy;
2000 - ESSR European Society of Musculoskeletal Radiology, October 27-28, Leiden, The Netherlands;
2001 - Liver, biliary tract and pancreas: imaging and intervention , June 7-9, Berlin, Germany;
2001 – European Society of Urogenital Radiology, September 14-16, Rotterdam, the Netherlands;
2002 - Kurs Fuer Fortgeschruttene und Fachaerzte", Dez 12-14, Wien, Austria;
2003 - Visiting Doctor at Univeritaetsklinik fuer Radiodiagnostik, Klin. Abteilung fuer Osteologie AKH-Viena, Austria, Univ.-Prof. Dr.H.Imhof, from 1st September-30th November;
2003 – Mx8000 CT Users Meeting, October 3-4, Vienna, Austria;
2004 – EUROSON 2004-European Congress on Ultrasound in Medicine and Biology, June 5-8, Zagreb, Croatia;
2004 – ESSR 11th Annual Meeting of European Society of Musculoskeletal Radiology, June 18-19, Augsburg, Germany;
2004 - Visiting Doctor at University clinic "La Sapienza" Roma,Italy, Radiology department, Prof.Passarielo. Nov.-Dec.2004;
2005 – BSSR ESSR Congress – 12th Annual Meeting of British and European Societies of Skeletal Radiology, July, 7-9, Oxford, UK;
2006 - ECR European Congress of Radiology, March, Vienna, Austria;

2006 – WFUMB World Congress of Ultrasound in Medicine and Biology, 21-28 May, Seoul Korea;
2006 – ESSR 13th Annual Meeting of European Society of Musculoskeletal Radiology, June13-14, Bruges, Belgium;
2007 – ECR European Congress of Radiology, 9-13 March, Vienna;
2007 – ESSR 14th Annual Meeting of European Society of Musculoskeletal Radiology, June 1-2, Izmir, Turkey;
2008 - ECR European Congress of Radiology, 9-13 March, Vienna;
2008 - ESSR 15th Annual Meeting of European Society of Musculoskeletal Radiology, Dublin, Irland;
2009 - ECR European Congress of Radiology, 6-11 March, Vienna.

***Стручно-апликативна дејност:***
*Проекти:*
Како помлад истражувач била учесник на два финализирани научноистражувачки проекта од областа на медицината во Македонија:
1. „Македонска мултицентрична студија за летални скелетни дисплазии“ (1998), главен истражувач е проф. д-р Миодраг Врчаковски;
2. „Вербална експресија на родени македонски говорители со мозочно оштетување од различна етиологија“ (1995), главен истражувач е проф. д-р Јовица Угриновски.

Активно учествувала во изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект, како соработник:
3. "Environmental and health Impact of fly-ash nanoparticles and their inertization into polymer based nanocomposites" ID = 248136;
4. "Development of Eco-Innovative, sustainable and green technologies, products and practical onsite system solutions for environmentally friendly recycling and reuse of construction and demolition wastes " ID = 265349.

Коавтор е на книга со наслов: *АПЕНДИЦИТ УЛТРАЗВУЧНА ДИЈАГНОСТИКА И ДИФЕРЕНЦИЈАЛНА ДИЈАГНОЗА*, од авторот Зоран Трајковски каде што таа е коавтор на поглавјата: 6.5 Дивертикулит на цекум; 6.6 Перфориран пептички улкус; 6.7 Холециститис; 6.9 Chron-ова болест.

Како солиден студент била на едномесечен престој на Клиниката за интерни болести "St.Rafaello Central Hospital" во Милано, Италија и во "Vilnus University Emergency Hospital" , Вилнус, Литванија.
Во склоп на континуирана стручна едукација во 2003 година била на тримесечен стручен престој како визитинг-доктор на AKH Viena, na Universitaetsklinik fuer Radiodiagnostik, Klin.Abtailung fuer Osteologie, Viena, Austria, на одделот за мускулоскелетна радиологија.
Во текот на наредната година (2004) била на едномесечен престој на Универзитетската клиниката "La Sapienca" во Рим, на одделот за радиодијагностика, каде што се едуцирала за екстраваскуларните интервентни процедури во радиологијата.

Едукацијата за екстраваскуларните интервентни процедури ја дооформила на Клиниката за гастроентерохепатологија во Скопје во периодот 2005-2006 година, каде што остварила шестмесечен престој.

Учествувала на Семинарот за имихинг и интервенции на глава и врат "Head and Neck Imaging and Intervention, The Challenge of the new Millenium", Бре{а, Италија (2000 година).

***Трудови рецензирани при претходни избори***

За избор и реизбори во звањето асистент по предметот радиологија, рецензирани се трудовите: под реден број 1-26, во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" **бр.736 од 1999 година**., под реден број 27-35, во **Билтенот бр.808 од 2002 година**, под реден број 36-45, во **Билтенот бр.894 од 2006** година и трудовите под реден број 46-52, рецензирани се во **Билтенот бр.977 од 2009 година**.

***Трудови за рецензија***

За избор во звањето доцент на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Виолета Василевска Никодиновска, м-р д-р сци.мед., ги приложува следниве трудови:

**53. СООДНОС ПОМЕЃУ ПЕДОБРАХИАЛЕН ИНДЕКС ВАГНЕР КЛАСИФИКАЦИЈА КАЈ АРТЕРИСКИ ЗАБОЛУВАЊА НА ДОЛНИТЕ ЕКСТЕМИТЕТИ КАЈ ДИЈАБЕТИЧАРИ**

Костов И., Јордановски Б., Костова Н., Христов А., Арсенков Љ., Ефремова С., **Василевска В.**, Решов Ѓ., Маркоски Г., Бајлозов М.

Трет македонски конгрес за кардиологија, 21-24 јуни 2006, Охрид, Македонија.

**54. КОЛОР - ДОПЛЕР СОНОГРАФИЈА - НОВ ЗЛАТЕН СТАНДАРД ВО ДИЈАГНОЗАТА НА ДЛАБОКАТА ВЕНСКА ТРОМБОЗА**

Костов И., Јордановски Б., Костова Н., Христов А., Дамјанска Е., **Василевска В.**, Арсенков Љ., Ефремова Г., Решов Ѓ., Марковски Г.

12th Congress of BAR, 4th Congress of Balkan Radiologist, 19-22 Oct 2006, Sunny Beach, Бугарија.

**55. ВРЕДНОСТА НА ТРИ ДИЈАГНОСТИЧКИ ПРОЦЕДУРИ КАЈ ТРИ ЧЕСТИ ТИПОВИ НА УЛЦЕРИ НА НОЗЕТЕ**

Костов И., Јордановски Б., Костова Н., Дамјанска Е., **Никодиновска В.**, Ефремова С., Решов Ѓ., Маркоски Г.

5th Balkan Congress of Radiology 15-17 ноември 2007, Златибор, Србија.

**56. ПРЕДОПЕРАТИВЕН КОЛОР ДОПЛЕР ВЕНСКИ МАПИНГ КАЈ ВЕРИКОЗНИ ВЕНСКА ХИРУРГИЈА**

Костов И., Јордановски Б., Костова Н., Дамјанска Е., Христов А., Арсенков Љ., Решов Ѓ., **Никодиновска В**.

6th Balkan Congress of Radiology 18-20 Nov 2008 Vrnjacka Spa, Srbia

**57. УЛТРАЗВУЧНА ДИЈАГНОСТИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА НА АПЕНДИЦИТИС И ДИФЕРЕНЦИЈАЛНА ДИЈАГНОЗА**
**В. Василевска**, З.Трајковски, В.Спасов, М.Петровски, М.Ристовски, Гј.Дамјановски, М Атанасова-Китановска
**Македонски медицински преглед год. 54, 2000**, стр. 3-86, бр. 1-2.

**58. МОРФОЛОШКА ЕГЗАМИНАЦИЈА НА ИЗГОРЕНИЦИТЕ ТРЕТИРАНИ СО АМНИОНСКА МЕМБРАНА КАКО БИОЛОШКА ПРЕВРСКА**
Андоновска Д., Спасевска Л., Гокик Х., Атанасова Е., Шапова Б., Угриновска J., Толевска В., **Никодиновска В.**, Троиќ Т.
**Acta Chirurgica Macedonica** Vol.2. N2p.1-129 Skopje, June 2003.

**59. ДЕМИНЕРАЛИЗИРАЧКА ОСТЕОПАТИЈА: НОВИ АСПЕКТИ ВО РАДИОЛОШКАТА ДИЈАГНОСТИКА**
Franz Kainberger, **Violeta Vasilevska**, Marcus Koller, Isolde Lernbass-Wutzl, Christian Krestan, Stephan Gramp
**Wiener Klinische Wochenschrift**-Supplementum 2, Jahrgang 115, 2003

**60. КОЛОР - ДУПЛЕКС СОНОГРАФИЈА ВО ДИЈАГНОЗА НА ДЛАБОКА ВЕНСКА ТРОМБОЗА**
Костов И., Јордановски Б., Христов А., **Василевска В.**, Арсенков Љ., Ефремова С., Костова Н., Решов Ѓ., Марковски Г.
Клиника за хируршки болести Св.Наум Охридски, Скопје
**Acta Chirurgica Macedonica** Vol.3 N.4 Skopje, 2004.

**61. МДКТ НАСПРОТИ ДИГИТАЛНАТА РАДИОГРАФИЈА ВО ЕВАЛУАЦИЈА НА КОСКЕНОТО ЗАРАСНУВАЊЕ КАЈ ОРТОПЕДСКИТЕ ПАЦИЕНТИ**
Krestan C.R., Noske H., **Vasilevska V.**, Weber M., Schuller G., Imhof H., Czerny C.
**AJR-American Journal of Radiology 2006**; 186:1754-1760.

**62. РАДИОЛОШКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА НА МЕКОТКИВНИ МУСКУЛОСКЕЛЕТНИ ТУМОРИ СО ПОТЕКЛО ОД МАСНОТО ТКИВО**
Василевска В., Кирјас Н., Зафировски Ѓ., Јаневска В., Андоновска Д., Самарџиски М., Куновска К.С., Толевска В., Шапова Б., Марцикич Г., Каличанин М., Атанасова Е., Обочки Б., Димова А.
**Македонски медицински преглед год.60, 2006**, бр.5-6, п.199-205.

**63. ИМИЏИНГ ДИЈАГНОЗА НА МУСКУЛОСКЕЛЕТНА ХИДАТИДНА БОЛЕСТ**
**Василевска В.**, Зафировски Ѓ., Кирјас Н., Јаневска В., Самарџиски М., Костадинова-Куновска С., Лозанче К., Антевски Б., Серафимовски В.
**Прилози-Contributions, Sec.Biol.Med.Sci. XXVIII (2007)**,2, p.199-207.

**64. ДИЈАГНОСТИЧКИ ПРОБЛЕМИ И ПРОБЛЕМИ ПРИ ТРЕТМАНОТ НА ПАРОСТЕАЛЕН ОСТЕОСАРКОМ. КЛИНИЧКА И ХИСТОЛОШКА СТУДИЈА НА 7 СЛУЧАИ И ПРЕГЛЕД ОД ЛИТЕРАТУРАТА**
М. Самарџиски, Ѓ.Зафироски, Ц.Толевска, С. Костадинова-К С, **В. Василевска**
**Radiol Oncol 2007**; 41(3):152-60.

**65. ПОВРШЕН ОСТЕОСАРКОМ СО ВИСОК СТЕПЕН НА МАЛИГНИТЕТ-ХОНДРОБЛАСТЕН ТИП**
**Василевска В.**, Зафировски Ѓ., Киријас Н., Муратовска О., Јаневска В., Самарџиски М., Костадинова К.С., Толевска В., Андоновска Д., Шапова Б.
**Прилози-Contributions**, Sec.Biol.Med.Sci. XXVIII **(2007)**, 2, p.211-222.

**66. ИМИЏИНГ НА МУСКУЛОСКЕЛЕТНИ МЕКОТКИВНИ ВАСКУЛАРНИ АНОМАЛИИ**
**В.Василевска**, Н.Киријас, Ѓ.Зафироски, В.Јаневска, А.Христов, Д.Андоновска, С.К.Костадинова, Г.Марцикич, Е.Атанасова, М.Самарџиски, И.Костов, М.Каличанин
**Rendgenologia Radiologia, 2008**, XLVII: 44-48.

**67. МРИ ДИЈАГНОЗА НА БЕКЕРОВА ЦИСТА И ЗНАЧАЈНОСТ НА ПРИДРУЖНА ОСТЕОАРТРОЗА НА МЕДИЈАЛЕН КОМПАРТМЕНТ НА КОЛЕНО**
**Vasilevska V**, Sziemies U, Staebler A.
**Radiolol Oncol 2008**; 42(2): 51-8.

**68. ПРЕДНОСТИ НА АПЛИКАЦИЈА НА АМНИОНСКА МЕМБРАНА ПРИ ТРЕТМАНОТ НА ИЗГОРЕНИЦИ**
Андоновска Д., Џокич Ѓ., Спасевска Л., Трајковска Т., Поповска К., Тодоров И., Петровски П., Кондов Г., Сапова Б., Марцикич Г., Атанасова Е., Обочки Е., Угриновска Ј., Андоновски Д., **Василевска В.**, Мирчева-Зографска Е.
**Прилози-Contributions, Sec.Biol.Med.Sci. XXIX/1 (2008)**, p.183-198.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на доставената и разгледана документација, личното познавање на кандидатката, како и нејзините стручни и научноистражувачки квалитети, Рецензентската комисија констатира дека ***ас. д-р Виолета Василевска, род.Никодиновска, м-р д-р сци.мед.***, ги исполнува сите формални и суштински критериуми за избор во звањето доцент.

Во согласност со наведените констатации, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да му предложи да ја избере кандидатката ***ас. д-р Виолета Василевска, род.Никодиновска, м-р д-р сци.мед.***, во звањето доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Надежда Кирјас ................................ с.р.
2. Проф. д-р Климе Ѓорески ................................. с.р.
3. Проф. д-р Антонио Глигориевски.................... с.р.
4. Проф. д-р Ѓорги Зафироски............................... с.р.
5. Проф. д-р Весна Јаневска.................................. с.р.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Врз основа на Правилникот донесен од Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за критериумите и постапката за избор во звања, а врз основа на членовите 52 и 132 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.35/2008) и во согласност со член 289 од Статутот на Универзитетот, направена е евалуација на активностите на кандидатката:

***Ас. д-р Виолета Василевска, род.Никодиновска, м-р д-р сци.мед.***

| | НАСТАВНО-ОБРЗОВНА ДЕЈНОСТ | Бр. На активности | Поени од формулар | Поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Одржување на вежби - од прв циклус студии** | | | |
| | 2002: 4 (часа неделно) x 15 (недели) | 60 | 0,03 | 1,8 |
| | 2003: 4 (часа неделно) x 15 (недели) | 60 | 0,03 | 1,8 |
| | 2004: 4 (часа неделно) x 15 (недели) | 60 | 0,03 | 1,8 |
| | 2005: 4 (часа неделно) x 15 (недели) | 60 | 0,03 | 1,8 |
| | 2006: 4 (часа неделно) x 15 (недели) | 60 | 0,03 | 1,8 |
| | 2007: 4 (часа неделно) x 15 (недели) | 60 | 0,03 | 1,8 |
| | 2008: 4 (часа неделно) x 15 (недели) | 60 | 0,03 | 1,8 |
| | 2009: 4 (часа неделно) x 15 (недели) | 60 | 0,03 | 1,8 |
| | **ВКУПНО:** | | | **14,4** |
| 2 | **Консултации со студенти** | | | |
| | 2002 - 3 групи од 20 студенти | 60 | 0,002 | 0,12 |
| | 2003 - 3 групи од 20 студенти | 60 | 0,002 | 0,12 |
| | 2004 - 3 групи од 20 студенти | 60 | 0,002 | 0,12 |
| | 2005 - 3 групи од 20 студенти | 60 | 0,002 | 0,12 |
| | 2006 - 3 групи од 20 студенти | 60 | 0,002 | 0,12 |
| | 2007 - 3 групи од 20 студенти | 60 | 0,002 | 0,12 |
| | 2008 - 3 групи од 20 студенти | 60 | 0,002 | 0,12 |
| | 2009 - 1 група од 20 студенти | 20 | 0,002 | 0,04 |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ:** | | | **0,88** |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ 1 + 2: 14,4 + 0,88** | | | **15,28** |

| | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | Бр. на актив-ности | Поени од формула р | **Поени** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Одбранета докторска теза:** *Проценка на радиолошкиот стадиум и хистопатолошката корелација во менаџментот на мекотkивните мускулоскелетни тумори* (22.1.2009) | 1 | 8 | **8** |
| 2 | **Одбранета магистерска работа** *Ултразвучна дијагностичка евалуација на апендицит*, (4.6.2001). | 1 | 4 | **4** |
| 3 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:** | | 4 | |
| | **1.** Андоновска Д., Вучков С., Шопoлчева М.,Шапова Б., Спировски И., **Никодиновска Василевска В.**, Орапска Л. **Изгореници и мултипла траума. Македонски медицински преглед 2002, бр.1-2, стр 52-54.** | 60% | | 2,4 |
| | **2.** Д.Андоновска, Х.Џокич, П.Петровски, Т.Трајковска, Л.Спасевска, И.Тодоров, К.Поповска, Д.Младеновиќ, Г.Марцекич, Е.Атанасова, **В.Василевска**, Д.Андоновски. **Трансплантација на амнионска мембране:минато, сегашност и иднина. Македонски медицински преглед 2004 бр.3-4, стр 192-197.** | 60% | | 2,4 |
| | **3. В.Василевска**, Т.Маркоски, Б.Илиевски, Д.Крстиќ, Ж.Јовановска-Спасовска. **Диспластичен церебаларен ганглиоцитом - LHERMITTE-DUCLOS DISEASE-приказ на случај. Македонски медицинскипПреглед 2005**, бр.1-2, стр 48-51. | 60% | | 2,4 |
| | **4. Василевска В.**, Бачев Д., Толевска В., Спировски И., Христов А., Ристевски С., Арсенков Q., Андоновска Д., Шополчева М. **Вредноста на компјутеризираната томографија на абдомен кај пациентите со тапа абдоминална траума. Acta Chirurgica Macedonica 2005**; Vol4. No.1 p.77-87. | 60% | | 2,4 |
| | **5. В. Василевска**, З.Трајковски, В.Спасов, М.Петровски, М.Ристовски, Г.Дамјановски, М Атанасова-Китановска. **Ултразвучна дијагностичка евалуација на апендицитите и диференцијална дијагноза. Македонски медицински преглед год. 54, 2000**, Бр. 1-2, стр. 19-22. | 60% | | 2,4 |
| | **6.** Андоновска Д., Спасевска Л., Гокиќ Х., Атанасова Е., Шапова Б., Угриновска Ј., Толевска В., **Никодиновска В.**, Троиќ Т. **Морфолошка егзаминација на изгорениците третирани со амнионска мембрана како биолошка превреска. Acta Chirurgica Macedonica** Vol.2. N2p.1-129 Skopje, June 2003. | 60% | | 2,4 |
| | **7.** Костов И., Јордановски Б., Христов А., **Василевска В.**, Арсенков Љ., Ефремова С., Костова Н., Решов Г., Марковски Г. **Колор - дуплекс сонографија во дијагноза на длабока венска тромбоза. Acta Chirurgica Macedonica** Vol.3 N.4 Skopje, 2004. | 60% | | 2,4 |
| | **8. Василевска В**, Кирјас Н., Зафировски Ѓ., Јаневска В., Андоновска Д., Самархиски М., Куновска КС., Толевска В., Шапова Б., Марцикич Г., Каличанин М, Атанасова Е, Обочки Б, Димова А. **Радиолошка дијагностичка евалуација на мекоткивни мускулоскелетни туморисо потекло од масно ткиво. Македонски медицински преглед год.60, 2006**, бр.5-6, стр.199-205. | 60% | | 2,4 |
| | **9. В.Василевска**, Н.Кирјас, Г.Зафироски, В.Јаневска, А.Христов, Д.Андоновска, С.К.Костадинова, Г.Марцикич, Е.Атанасова, М.Самарџиски, И.Костов, М.Каличанин . **Имиџинг на мускулоскелетни мекоткивни васкуларни аномалии. Rendgenologia Radiolgia, 2008**, XLVII: 44-48. | 60% | | 2,4 |
| | | | | **21,6** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:** | | 6 | |
| | 1. Franz Kainberger, **Violeta Vasilevska**, Marcus Koller, Isolde Lernbass-Wutzl, Christian Krestan, Stephan Gramp. **Деминерализирачка остеопенија: нови аспекти во радиолошката дијагностика. Wiener Klinische Wochenschrift**-Supplementum 2, Jahrgang 115, 2003. | 60% | | 3,6 |
| | 2. Krestan C.R., Noske H., **Vasilevska V.**, Weber M., Schuller G., Imhof H., Czerny C. **МДКТ наспроти дигиталната радиографија во евалуација на коскеното зараснување кај ортопедските пациенти. AJR-American Journal of Radiology 2006**; 186:1754-1760. | 60% | | 3,6 |
| | 3. **Василевска В.**, Зафировски Г., Киријас Н., Јаневска В., Самарџиски М., Костадинова-Куновска С., Лозанче К., Антевски Б., Серафимовски В. **Имџинг - дијагноза на мускулоскелетна хидатидна болест. Прилози-Contributions, Sec.Biol.Med.Sci. XXVIII (2007)**,2, p.199-207. | 60% | | 3,6 |
| | 4. М. Самарџиски, Г.Зафировски, Ц.Толевска, С. Костадинова-К С, **В. Василевска. Дијагностички проблеми при третманот на паростеален остеосарком.Клиничка и хистолошка студија на 7 случаи и преглед од литературата. Radiol Oncol 2007**; 41(3): 152-60. | 60% | | 3,6 |
| | 5. **Василевска В.**, Зафировски Г., Киријас Н., Мураговска О., Јаневска В., Самарџиски М., Костадинова К.С., Толевска В., Андоновска Д., Шапова Б. **Површен остеосарком со висок степен на малигнитет-хондробластен тип. Прилози-Contributions**, Sec.Biol.Med.Sci. XXVIII **(2007)**, 2, p.211-222 | 60% | | 3,6 |
| | 6. **Vasilevska V**, Sziemies U, Staebler A. **МРИ дијагноза на Бекерова циста и значајност на придружната остеоартроза на медијален компартмент на колено. Radiolol Oncol 2008**; 42(2): 51-8. | 80% | | 4,8 |
| | 7. Андоновска Д., Цокич Ѓ., Спасевска Л., Трајковска Т., Поповска К., Тодоров И., Петровски П., Кондов Г., Сапова Б., Марџикиц Г., Атанасова Е., Обочки Е., Угриновска Ј., Андоновски Д., **Василевска В.**, Мирчева-Зографска Е. Предности на апликација на амнионска мембрана при третманот на изгореници. **Прилози-Contributions, Sec.Biol.Med.Sci. XXIX/1 (2008)**, p.183-198. | 60% | | 3.6 |
| | | | | **26,4** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | **Труд со оригинални научно/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** | | 2 | |
| | 1. ФИБРОСАРКОМА СКРОТИ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ<br>А.Христов, Ѓ.Групчев, Е.Асенова, Л.Христова, **В.Василевска**,М.Кудјан.<br>I конгрес на хирурзите на Македонија, 1995, Охрид. | 60% | | 1,2 |
| | 2. НАШЕ ИСКУСТВО ПРИ ЛЕКУВАЊЕТО НА АЦЕТАБУЛАРНИТЕ СКРШЕНИЦИ СО НАПРАВИТЕ "ЈОРНИК И НИКАР"<br>Ј.Никодиновски, А.Карацинов, **В.Василевска**<br>I конгрес на хирурзите на Македонија, 1995, Охрид. | 80% | | 1,6 |
| | 3. ЕПИДЕМИОЛОШКА АНАЛИЗА НА 254 БОЛНИ СО ИЗГОРЕНИЦИ ВО ПЕРИОДОТ 1985-1994 ГОДИНА<br>Д.Андоновска, М.Кудјан-Радевска, **В.Никодиновска**<br>I конгрес на хирурзите на Македонија, 1995, Охрид. | 80% | | 1,6 |
| | 4. ФРАКТУРА НА ПОТКОЛЕНИЦАТА ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ<br>А.Христов, Е.Асенова, **В.Василевска,** М.Кудјан<br>I конгрес на хирурзите на Македонија, 1995, Охрид. | 60% | | 1,2 |
| | 5. РАСПОРЕД НА ХИРУРШКИТЕ ЗГРИЖУВАЊА НА ПОЛИТРАУМАТИЗИРАНИТЕ - АЛГОРИТАМ<br>Ј.Никодиновски, А Карацинов, В.Камиловски, **В.Василевска.**<br>I конгрес на хирурзите на Македонија, 1995, Охрид. | 60% | | 1,2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **6. ФРАКТУРИ НА КАРЛИЧНИОТ ПОЈАС ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ**<br>Б.Петковски, Ј.Никодиновски, **В.Никодиновска-Василевска**<br>I Конгрес на хирурзите на Македонија 1995, Охрид. | 60% | | 1,2 |
| | **7. КОНЗЕРВАТИВНО РЕШАВАЊЕ НА НАДВОРЕШНИТЕ ОПСТРУКЦИИ НА УРЕТЕРОТ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД СЕКУНДАРНИ РЕТРОПЕРИТОНЕАЛНИ ТУМОРИ**<br>Б.Трајчевска-Бошковска, И.Даскалов, М.Георгиев, Љ.Дсребанов, В.Василев, **В.Никодиновска-Василевска.**<br>I конгрес на хирурзите на Македонија, 1995, Охрид. | 60% | | 1,2 |
| | **8. УЛТРАЗВУЧНА (УЗ) ДИЈАГНОСТИКА НА АПЕНДИЦИТ КАЈ ДЕЦА**<br>**В.Василевска,** З.Трајковски, М.Атанасовска-Китановска, М.Петрески, Р.Келешов, М.Ристовски, П.Петровски.<br>II конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, 1998, Охрид, Македонија. | 60% | | 1,2 |
| | **9. МР ИМИЏИНГ ВО ПЕДИЈАТРИСКАТА РАДИОДИЈАГНОСТИКА**<br>З.Трајковски, Ѓ.Дамјановски, М.Врчаковски, **В.Василевска,** М.Петрески, С.Петровска, А.Сајковски<br>II конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, 1998, Охрид, Македонија. | 60% | | 1,2 |
| | **10. "IMAGING" НА НОВОРОДЕНО СО ХИПЕРТРОФИЧНА ПИЛОРНА СТЕНОЗА**<br>З.Трајковски, А.Димов, М.Петрески, А.Муратовска-Гордова, **В.Василевска,** Р.Келешов, М.Јакомовска, Б.Даскалов, В.Толевска<br>II конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, 1998, Охрид, Македонија. | 60% | | 1,2 |
| | **11. РАДИОЛОШКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА НА КОНГЕНИТАЛНИТЕ ДЕФЕКТИ**<br>З.Трајковски, З.Џиков, З.Гучев, Р.Келешов, **В.Василевска,** М.Атанасовски, М.Ристовски<br>I конгрес на гинеколозите и опстетричарите од РМ, 1998, Охрид, Македонија. | 60% | | 1,2 |
| | **12. РАДИОЛОШКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА НА СКЕЛЕТНИТЕ ДИСПЛАЗИИ-ПРЕНАТАЛНА, ПОСТНАТАЛНА И ПОСТМОРТЕМ**<br>З.Трајковски, З.Гучев, З.Џиков, Р.Келешов, **В.Василевска,** В.Јаневска, Ѓ.Костадинов, Б.Даскалов<br>I конгрес на гинеколозите и опстетричарите од РМ 1998, Охрид, Македонија. | 60% | | 1,2 |
| | **13. "IMAGING" НА ПАЦИЕНТИ СО БОЛКА ВО ДОЛЕН ДЕСЕН АБДОМИНАЛЕН КВАДРАНТ**<br>З.Трајковски, **В.Василевска,** Т.Јосифовски, И.Беговић<br>II хируршки конгрес на Македонија, 27-30 септември 2000, Охрид, Македонија. | 60% | | 1,2 |
| | **14. УЛТРАЗВУЧНО ДИЈАГНОСТИЦИРАЊЕ НА АПЕНДИЦИТ- 4 ГОДИШНО ИСКУСТВО**<br>З.Трајковски, **В.Василевска,** В.Спасов, М.Петрески<br>II конгрес на радиолозите на Македонија, 21-25 јуни 2000, Охрид, Македонија. | 60% | | 1,2 |
| | **15. ДВА СЛУЧАЈА НА ХОНДРОПЛАЗИЈА ПУНКТАТА - РИЗОМЕЛИЧНА ФОРМА**<br>Д.Михајловски, З.Трајковски, **В.Василевска,** Р.Келешев<br>II конгрес на радиолозите на Македонија, 21-25 јуни 2000, Охрид, Македонија. | 60% | | 1,2 |
| | **16. БИОКИНЕТИЧКА НАПРАВА ЈОРНИК-БИОКИНЕТИК 1**<br>Ј.Никодиновски, **В.Василевска**<br>Прв семакедонски конгрес, 27-30 јули 2000, Охрид, Македонија. | 90% | | 1,8 |
| | **17. РЕДОСЛЕД НА ЗГРИЖУВАЊЕ НА ТРАУМАТИЗИРАН БОЛЕН**<br>Ј.Никодиновски, С. Крстевски, **В. Василевска**<br>I конгрес на МАДОТ, 3-6 јуни 1997 Скопје, Македониј. | 80% | | 1,6 |
| | **18. УЛТРАСОНОГРАФСКА ЕВАЛУАЦИЈА НА ТАПИ АБДОМИНАЛНИ ПОВРЕДИ** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Толевска В., Бачев Д., Андоновска Д., **Василевска В.**, Поповска А., Кирјас Н.<br>Втор балкански радиолошки форум, 4ти Македонски радиолошки конгрес 8-12.9.2004 Охрид, Македонија.<br>**19.IMAGING НА ПАЦИЕНТИ СО БОЛКА ВО ДОЛЕН ДЕСЕН АБДОМИНАЛЕН КВАДРАНТ**<br>Трајковски З., Василевска В., Спасов В., Јанкуловски Н., Јосифовски Т., Беговиќ Г.<br>II конгрес на хирурзите на Македонија, 27-30 септ.2000 Охрид<br>**20. ULTRASOUND DIAGNOSIS OF APPENDICITIS – FOUR YEAR EXPEIENCE**<br>Trajkovski Z, Vasilevska V, Spasov V, Petreski M<br>II конгрес на радиолозите на Македонија, 21-25јуни 2000, Охрид, Македонија.<br>**21. СООДНОС ПОМЕЃУ ПЕДОБРАХИАЛЕН ИНДЕКС ВАГНЕР КЛАСИФИКАЦИЈА КАЈ АРТЕРИСКИ ЗАБОЛУВАЊА НА ДОЛНИТЕ ЕКСТЕМИТЕТИ КАЈ ДИЈАБЕТИЧАРИ**<br>Костов И., Јордановски Б., Костова Н., Христов А., Арсенков Q., Ефремова С., **Василевска В.**, Решов Ѓ., Маркоски Г., Бајлозов М.<br>Трет македонски конгрес за кардиологија, 21-24 јуни 2006, Охрид, Македонија.<br>**22. ВРЕДНОСТА НА ТРИ ДИЈАГНОСТИЧКИ ПРОЦЕДУРИ КАЈ ТРИ ЧЕСТИ ТИПОВИ НА УЛЦЕРИ НА НОЗЕТЕ**<br>Костов И., Јордановски Б., Костова Н., Дамјанска Е., **Никодиновска В.**, Ефремова С., Решов Ѓ., Маркоски Г.<br>5th Balkan Congress of Radiology 15-17 ноември 2007, Златибор, Србија.<br>**23. ПРЕДОПЕРАТИВЕН КОЛОР - ДОПЛЕР ВЕНСКИ МАПИНГ КАЈ ВЕРИКОЗНИ ВЕНСКА ХИРУРГИЈА**<br>Костов И, Јордановски Б, Костова Н, Дамјанска Е, Христов А, Арсенков Љ., Решов Ѓ, **Никодиновска В.**<br>6th Balkan Congress of Radiology 18-20 Nov 2008 Vrnjacka Spa, Srbia. | 60%<br>60%<br>60%<br>60%<br>60%<br>60% | | 1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>**29,4** |
| 6 | **Труд со оригинални научно/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:**<br>**1. НАШЕ ИСКУСТВО ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА БИОМЕХАНИЧКАТА НАПРАВА "ЈОРНИК" ПРИ ТЕРАПИЈА НА СКРШЕНИЦИТЕ НА КАРЛИЦАТА И ИНТРААРТИКУЛАРНИ ФРАКТУРИ НА ТИБИЈА**<br>Ј.Никодиновски, С.Павловски, **В.Никодиновска**, Р.Радев.<br>18ти Конгрес на Европското здру`сние на хирурзите, 1993, Варна, Бугарија.<br>**2. НЕКОИ АСПЕКТИ ОД СКРШЕНИЦИ НА КАРЛИЦАТА, ОСОБЕНО ЛУКСАЦИОНИ СКРШЕНИЦИ НА АЦЕТАБУЛУМОТ И НИВНА КОМПЛИКАЦИЈА.** С.Павловски, Ј.Никодиновски, **В.Никодиновска,** К.Гајдарски. 18ти Конгрес на Европското здружение на хирурзите, 1993, Варна, Бугарија.<br>**3. ПРЕНАТАЛНА ДИЈАГНОЗА НА ТАНАТОФОРИЧНА ДИСПЛАЗИЈА ТИП 1- ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ**<br>З.Трајковски, В.Јаневска, З.Гучев, В.Тасич, З.Вељановски, **В.Василевска-Никодиновска,** А.Сајковски<br>III меѓународен конгрес на скелетни дисплазии, 7-9 август 1997, Лос Анџелес-САД.<br>**4 . ДВА СЛУЧАЈА НА НАСЛЕДНА АХОНДРОГЕНЕЗА ТИП 1 Б (FRACCARO) ВО НЕСРОДНА МАКЕДОНСКА ФАМИЛИЈА**<br>З.Трајковски, З.Гучев, Љ.Спасовска, В.Јаневска, З.Вељановски, Ј.Влашки, В.Тасич, **В.Василевска-Никодиновска,** А.Сајковски<br>III меѓународен конгрес на скелетни дисплазии, 7-9 август 1997, Лос Анџелес-САД.<br>**5 . ЕВАЛУАЦИЈА НА УЗ И КТ ПРИ ТРАУМАТСКА РЕНАЛНА ХЕМОРАГИЈА** | 60%<br>60%<br>60%<br>60%<br>60% | 3 | 1,8<br>1,8<br>1,8<br>1,8<br>1,8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | А.Глигориевски, К.Ѓорески, Ј.Чабуковска, М.Атанасовски, Д.Јовановски, Е.Стојовска-Јовановска, М.Јакимовска, **В.Василевска**<br>II конгрес на Хрватското друштво на радиолози 1998, Осијек, Хрватска. | | | |
| | **6 . КТ НА КАРЦИНОМ НА ЖЕЛУДНИКОТ: ПРЕЛИМИНАРНИ РЕЗУЛТАТИ СО ВОДА КАКО КОНТРАСТЕН АГЕНС**<br>А.Глигориевски, К.Ѓорески, М.Атанасовски, Д.Јовановски, М.Јакимовска, **В.Василевска**<br>II конгрес на Хрватското друштво на радиолози 1998, Осијек, Хрватска. | 60% | | 1,8 |
| | **7 . РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МЕТАСТАЗИ НА СКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ СО КЛАСИЧНИ И СОВРЕМЕНИ РАДИОЛОШКИ МЕТОДИ (КТ И МР)**<br>М.Јакимовска, Н.Кирјас, А.Глигориевски, **В.Василевска**, З.Трајковски<br>II конгрес на Хрватското друштво на радиолози 1998, Осијек, Хрватска. | 60% | | 1,8 |
| | **8 . ЕВАЛУАЦИЈА НА НОДУЛИ СО ЕХОТОМОГРАФИЈА, МАМОГРАФИЈА И ПАЛПАЦИЈА**<br>С.Антевска-Грујоска, М.Јакимовска, **В.Василевска,** Ј.Чабуковска, Е.Стојовска-Јовановска, Д.Димчевски, Е.Миланова-Бинцева.<br>II конгрес на Хрватското друштво на радиолози 1998, Осијек, Хрватска. | 60% | | 1,8 |
| | **9 . УЛТРАЗВУЧНА ДИЈАГНОЗА НА АПЕНДИЦИТИС**<br>**В.Василевска,** З.Трајковски, С.Антевска-Грујоска, М.Атанасовска-Китановска, М.Петрески<br>X европски конгрес за ултразвук ЕУРОСОН, 26-30 март 1998, Турс, Франција. | 60% | | 1,8 |
| | **10. УЛТРАЗВУЧНА ДИЈАГНОЗА НА ЕХИНОКОКОЗА НА БУБРЕГ**<br>М.Атанасовска-Китановска, З.Трајковски, **В.Василевска,** Е.Јовановска-Стојовска<br>X европски конгрес за ултразвук ЕУРОСОН, 26-30 март 1998, Турс, Франција. | 60% | | 1,8 |
| | **11. УЛТРАЗВУЧНА ДИЈАГНОСТИКА НА ПИЛОРНА СТЕНОЗА**<br>З.Трајковски, **В.Василевска,** М.Јакомовска, А.Димов, Ј.Чабуковска Радуловска<br>X европски конгрес за ултразвук ЕУРОСОН, 26-30 март 1998, Турс, Франција. | 60% | | 1,8 |
| | **12. УЛТРАЗВУЧНА ЕВАЛУАЦИЈА НА КАРЦИНОМ НА ЖОЛЧНОТО КЕСЕ**<br>Ј.Чабуковска Радуловска, Ѓ.Толовски, З.Трајковски, Н.Кирјас, **В.Василевска**<br>X европски конгрес за ултразвук ЕУРОСОН, 26-30 март 1998, Турс, Франција. | 60% | | 1,8 |
| | **13. "IMAGING"НА РЕНАЛНА ЕХИНОКОКОЗА**<br>М.Атанасовска-Китановска, З.Трајковски, **В.Василевска,** М.Јакомовска, ЈФР 98 26-30 октомври 1998, Париз, Франција. | 60% | | 1,8 |
| | **14. КТ ЕВАЛУАЦИЈА НА ТАПА АБДОМИНАЛНА ТРАУМА КАЈ ДЕЦАТА**<br>З.Трајковски, **В.Василевска,** М.Атанасовска-Китановска<br>ECR 99 Европски конгрес за радиологија, 7-12 март 1999, Виена, Австрија. | 80% | | 2,4 |
| | **15. МАКЕДОНСКИ МУЛТИЦЕНТРИЧНИ СТУДИИ ЗА ЛЕТАЛНИ СКЕЛЕТНИ ДИСПЛАЗИИ**<br>З.Трајковски, М.Врчаковски, З.Гучев, **В.Василевска,** М.Ристовски<br>ECR 99 XII европски конгрес за радиологија, 5-10 март 2000, Виена, Австрија. | 60% | | 1,8 |
| | **16. ВАГИНАЛНА АТРЕЗИЈА КАКО РЕТКА ПРИЧИНА ЗА ЦИСТИЧНА МАСА ВО ДОЛЕН АБДОМЕН КАЈ НОВОРОДЕНИ**<br>**В.Василевска,** З.Трајковски, М.Петровски, С.Антевска-Грујоска<br>IX конгрес на Светската федерација за ултразвук во медицината и биологијата, 6-10 мај 2000, Фиренца, Италија. | 60% | | 1,8 |
| | **17. УЛТРАЗВУЧНА ЕВАЛУАЦИЈА НА МАСИ ВО ДОЈКАТА ВО ДЕТСТВОТО И АДОЛЕСЦЕНЦИЈА**<br>С.Антевска-Грујоска, Е.Малинова, **В.Василевска,** З.Трајковски<br>IX конгрес на Светската федерација за ултразвук во медицината и биологијата, 6-10 мај 2000, Фиренца, Италија. | 60% | | 1,8 |
| | **18. МРИ НА ПРОКСИМАЛНА ФОКАЛНА ФЕМОРАЛНА ДЕФИЦИЕНЦИЈА СО ФИБУЛАРНА ХИПОПЛАЗИЈА** | 60% | | 1,8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **В.Василевска**, З.Трајковски, З.Гучев, М.Врчаковски<br>Европско здружение на мускулоскелетна радиологија, 27-28 октомври 2000, Лајден, Холандија. | | | |
| **19. ХИДРОУЛТРАЗВУЧНА ДИЈАГНОЗА НА ПИЛОРНА СТЕНОЗА: ПРЕЛИМИНАРНИ РЕЗУЛТАТИ**<br>А.Глигориевски, З.Трајковски, **В.Василевска**<br>XI конгрес на Европската федерација па ултразвук во медицината и биологијата, 26-29 септ.1999, Берлин, Германија. | 80% | | 2,4 |
| **20. CT OF MULTICENTRIC HYDATID DISEASE( CASE REPORT )**<br>Dimov A., Trajkovski Z., Petrovski M., Cadikovski V., **Vasilevska V.**<br>36th Congress of the European society of pediatric radiology 23-29 may 1999, Jerusalem, Israel. | 60% | | 1,8 |
| **21. IMAGING OF RENAL AND EXTRARENAL MASSES**<br>**V.Vasilevska**, E.Babuski, D.Bacev, D.Mladenovic<br>European Society of Urogenital Radiology 13-16 sep. 2001 Rotterdam, The Netherlands | 60% | | 1,8 |
| **22. DIAGNOSTIC EVALUATION OF BLADDER TUMOR**<br>**V.Vasilevska**, D. Bacev, E.Babusku, J.Cabukovska, E. Damjanska<br>European Society of Urogenital Radiology 13-16 sep. 2001 Rotterdam, The Netherlands | 60% | | 1,8 |
| **23. DIAGNOSTIC QUALITY OF DIGITAL AND CONVENTIONAL RADIOGRAPHS OF THE KNEE IN THE ASSESSMENT OF ENDOPROTHESES**<br>**V.Vasilevska**, L.Hainer, F.Kainberger, C.Krestan, S.Grampp, H.Imhof, Vienna/AU, Skopje/MK<br>European Congress of Radiology 5-9 march 2004, Vienna | 60% | | 1,8 |
| **24.GIANT INCISIONAL HERNIAS – THE VALUE OF DIFFERENT POSITION OF THE IMPLANT MESH**<br>D.Mladenovic, D.Bogoevski, Lj.Arsenkov, G.Stavridis, S.Ristovski, **V.Nikodinovska Vasilevska**<br>Eurosurgery 2002, 5-7 June 2002, Lisabon | 60% | | 1,8 |
| **25.HIGH GRADE SURFACE OSTEOSARCOMA-CHONDROBLASTIC TYPE-case report**<br>**V.Vasilevska**, G.Zafiroski, A.Poposka, N.Kirjas, V.Tolevska, D.Krstik, O.Muratovska<br>European Congress of Radiology ECR 2006, Vienna, Austria | 60% | | 1,8 |
| **26.MUSCULOSKELETAL HYDATIDOSIS**<br>**V.J.Vasilevska**, G.Zafiroski, N.Kirjas, M.Samargiski, S.K.Kostadinova, K.Lozance, V.B.Tolevska<br>ESSR European Society of Musculoskeletal Radiology 1-2 June 2007 Izmir/Turkay | 60% | | 1,8 |
| **27.SURFACE OSTEOSARCOMA**<br>G.Zafiroski, M.Samargiski, **V.Vasilevska**, S.Kostadinova,<br>ESSR European Society of Musculoskeletal Radiology 1-2 June 2007 Izmir/Turkay | 80% | | 2,4 |
| **28.ILIOTIBIAL BAND FRICTION SYNDROME IN PATIENTS WITH MEDIAL COMPARTMENT KNEE OSTEOARTHRITIS**<br>**V.J.N.Vasilevska**, U.Szieimies, A.Staebler, Skopje/MK, Munich/DE<br>European Congress of Radiology ECR 2008, Vienna, Austria | 60% | | 1,8 |
| **29. КОЛОР ДОПЛЕР СОНОГРАФИЈА - НОВ ЗЛАТЕН СТАНДАРД ВО ДИЈАГНОЗАТА НА ДЛАБОКА ВЕНСКА ТРОМБОЗА**<br>Костов И, Јордановски Б, Костова Н, Христов А, Дамјанска Е, **Василевска В**, Арсенков Љ, Ефремова Г, Решов Ѓ, Марковски Г.<br>12th Congress of BAR, 4th Congress of Balkan Radiologist, 19-22 Oct 2006, Sunny Beach, Бугарија | | | **54** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ:** | | | **143,4** |

| | СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | Бр. на активност | Поени од формулар | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Книга од стручна област- коавтор:**<br><br>КНИГА: АПЕНДИЦИТ УЛТРАЗВУЧНА ДИЈАГНОСТИКА И ДИФЕРЕНЦИЈАЛНА ДИЈАГНОЗА. Автор: Зоран Трајковски<br>Коавтор на поглавјата: - 6.5 Дивертикулит на цекум<br>- 6.6 Перфориран папти-ки улкус<br>- 6.7 Холециститис<br>- 6.9 Chron-ова болест. | 1 | 2 | **2** |
| 2 | **Студиски престои во странство до 3 месеци:**<br>**1. AKH Viena, na Universitaetsklinik fuer Radiodiagnostik, Klin.Abtailung fuer Osteologie, Viena, Austria**, на одделот за мускулоскелетна радиологија.( 2003), визитинг-доктор, 3 месеци.<br>**2. Универзитетската клиниката "La Sapienca" во Рим, Италија** -одделот за радиодијагностика, едукација за екстраваскуларните интервентни процедури во радиологијата. (2004), 1 месец.<br>**3. Клиниката за интерни болести "St.Rafaello Central Hospital" во Милано, Италија**, 1 месец.<br>**4. "Vilnus University Emergency Hospital" , Вилнус, Литванија**, 1 месец. | 4 | 0,5 | **2** |
| 3 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект:**<br><br>"Environmental and health Impact of fly-ash nanoparticles and their inertization into polymer based nanocomposites" ID = 248136. | 1 | 1 | **1** |
| 4 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект:**<br><br>"Development of Eco-Innovative, sustainable and green technologies, products and practical onsite system solutions fo environmentally friendly recycling and reuse of construction and demolition wastes " ID = 265349. | 1 | 0,5 | **0,5** |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ** | | | **5,5** |

# ЗАКЛУЧОК

Анализирајќи ги горенаведените бодувања, Рецензентската комисија утврди дека кандидатката ***ас. д-р Виолета Василевска, род.Никодиновска, м-р д-р сци.мед,***. во целост ги исполнува наведените критериуми.

Рецензентската комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да му предложи избор на кандидатката, во звањето доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Надежда Кирјас .................. с.р.
2. Проф. д-р Климе Ѓорески ................... с.р.
3. Проф. д-р Антонио Глигориевски...... с.р.
4. Проф. д-р Ѓорги Зафироски............... с.р.
5. Проф. д-р Весна Јаневска.................. с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНТЕГРАЛНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА TQM-СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИНЖ. ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ИСППИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 56 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 24 септември 2001 година и член 85 од Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски студии на ИСППИ, Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, на седницата одржана на 30.11.2009 година, именувани сме за Комисија за одбрана на докторскиот труд под наслов: ИНТЕГРАЛНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА TQM-СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ **од кандидатката м-р инж. Елизабета Митрева,** поради што го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Обем и вид на истражувањето

Докторскиот труд на м-р инж. Елизабета Митрева е напишан на 298 страници, од кои: вовед на 3, предмет, цели и задачи на 12, теориски дел на 109, наоди и анализа на наодите од емпириските истражувања на 86, предлог-интегрална методологија на 46, заклучок на 11 страници, користена литература - 317 библиографски податоци и прилози на 10 страници. Во трудот се презентирани 88 слики и 10 табели.

Истражувањето е насочено кон создавање методологија со која менаџерите би можеле да го проектираат и имплементираат системот со тотален менаџмент на квалитет на поедноставен начин и за пократко време, без да ги проучуваат и продлабочуваат новите знаења за интерната стандардизација, статистичката процесна контрола, анализата на трошоците и оптимизацијата на деловните процеси. За тие различни и обемни области од обезбедувањето квалитет се задолжени стручни кадри од соодветните подрачја.

Трудот има научен и апликативен карактер. Научен, затоа што за првпат се предлага интегрална методологија за проектирање на систем со тотален менаџмент на квалитет (TQM) кој ги обединува сите активности во спиралата на квалитет на една компанија, а апликативен, затоа што истражувањето е правено во македонски компании со различна дејност и големина.

### Предмет на истражувањето и цели на трудот

Целта на овој труд е да се постави добра основа за македонските компании да ја разберат филозофијата на TQM, придобивките кои ќе се постигнат со имплементацијата на системот и ќе се зацртат стратегиските насоки за успешност: идентификација на желбите и потребите на купувачите /корисниците, реинженеринг на деловните процеси, мерење на задоволството на вработените и сите заинтересирани страни. Како резултат на реинженерингот треба да се очекува унапредување на конкурентноста,

зголемување на ефикасноста во работењето, смалување на трошоците за обезбедување квалитет и зголемување на продуктивноста.

**Структура на трудот**

Во **теорискиот дел**, преку голем број библиографски податоци е прикажан квалитетот како глобален феномен и неговата улога за развој на државите (макрониво) и претпријатијата (микрониво). Прикажани се моделите на Малколм Болдриџ (Malkolm Baldridge), EFQM (European Fondation for Quality Management), спецификите на јапонскиот, американскиот и европскиот модел на системи. За остварување на реинженеринг на компаниите се прикажани неопходните активности на TQM-стратегијата, бенчмаркинг (Benchmarking) пристапот за конкурентност на пазарот, тековните карти (flow charts) за дисциплинирано релизирање на деловните процеси, примената на статистистичките методи и техники за остварување на бездефектно работење/производство, улогата на образованието и мотивацијата во подобрувањето на организационата култура и анализата на трошоците како неопходна активност во обезбедувањето квалитет, улогата на мерењето на квалитетот и способноста на менаџментот да го обезбеди сето тоа.
Посебно поглавје е посветено на интегрираните менаџмент-системи како начин на обезбедување на квалитет согласно со барањата на купувачите/корисниците, правилата за безбедна храна и заштита на животната средина.

**Наоди и анализа на наодите од емпириските истражувања**

Кандидатката ја анализира состојбата во 151 претпријатие (со различна големина и дејност), преку одговорите на менаџерите (од различни нивоа на менаџмент) на анкетниот прашалник, со цел да утврди:

- колку и како е применет стандардот ISO 9001/2000 година?
- како е организирана контролата на квалитет, како традиционален систем на проверка, или како превентивен пристап за работа без дефекти;
- дали се води анализа на трошоците за квалитет?
- дали има маркетиншки пристап кон дефинирањето на барањата на купувачите/клиентите за квалитет на производ/услуга?
- колку се применети компјутерите и за која цел?
- каква е организационата клима за воведување нови технологии и тотален менаџмент на квалитет како систем?

Во поглед на примената на **стандардот ISO 9001/2000,** 40% од компаниите го вовеле системот за обезбедување квалитет по барање на странскиот партнер, но само 60% од нив успеале преку стандардните оперативни процедури да постигнат поголема дисциплина во работењето. На 25% од претпријатијата целта им е да се стекнат со сертификат, а 15% од менаџерите не согледуваат придобивки од воведениот систем, туку само трошоци.

Во поглед на **примената на статистичките методи и техники** за бездефектно работење, наодите од анкетниот прашалник покажуваат дека менаџерите не ги познаваат предностите од нивната примена.

За **организирањето на контролата на квалитетот,** 78% од испитаниците одговориле дека имаат традиционална проверка на квалитетот која е скапа, неефикасна и врзана со трошоци поради корекција на дефекти. Само во 12 % од компаниите има самоконтрола и интегрирана проверка од страна на менаџерите. Статистичката контрола на квалитетот е применета само во 19,2 % од претпријатијата. Како последица од тоа, наместо производство со минимум, 3% дефекти, се остварува производство со 9-15% дефекти.

Во поглед на **анализата на трошоците за квалитет, во** 19% од компаниите се прави анализа на трошоци за остварен шкарт и рекламации, а 81% ги евидентираат само рекламациите. Трошоците поради корекција на дефектите е непозната активност за менаџерите.

**Лидерството** се манифестира преку строга дисциплина во 53% од компаниите, 19% практикуваат мотивациони активности, а 16% - доверба и почит.

79,6% од менаџерите констатираат дека менаџерските тимови функционираат со големи проблеми поради втемелените стари навики во работата и нагласениот индивидуализам и недостаток на доверба и почит. 9,4% од менаџерите се изјасниле дека успешно ги решаваат проблемите преку тимска работа. Забележително е ***мислењето на 91% од вработените дека менаџерите го немаат потребното знаење за водење на компаниите***.

**Нормата за квалитет** никој не ја познава; се практикува само норма за квантитет.

**Вложувањето во иновации** е исто така загрижувачко: 43% од компаниите не вложуваат во иновации, 22% вложуваат само 1% од вкупниот приход, а 25% вложуваат помалку од 1%, а 15%-помалку од 0,5% од вкупниот приход.

Според **зацртаната политика за развој на компаниите,** кај 64% од менаџерите квалитетот е приоритет број 1, цената - број 2.

**Планирањето и развојот на кадарот** е на ниско скалило во менаџерската карта на обврски и одговорности. Во големите компании, најголем број од вработените се со средна стручна подготовка, а во малите и средните со КВ и ВКВ - квалификации. Унапредувањето на знаењата е на ниво на обука на работно место.

**Примената на компјутерите** менаџерите ја оценуваат за значајна, ама само 22% имаат интегрирана информатичка технологија на ниво на цела компанија, а 4% од нив имаат систем на информации.

**Маркетиншкиот пристап и унапредувањето на деловните процеси** преку соработка со купувачите/клиентите е многу слабо изразено.

Од изведената SWOT – анализа, кандидатката доаѓа до согледувања за проблемите со кои се соочуваат компаниите при остварувањето на пожелниот реинженеринг преку TQM. Врз основа на тоа, се дава предлог за **интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM - систем во македонските компании.**

**Добиени резултати и нивна оцена**

Како резултат на анализата на состојбата на 151 компанија од Р. Македонија, со цел да се осознае како треба да се изврши реинженеринг преку тотален менаџмент на квалитет, предложена е интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM - систем.

Методологијата е проектирана од два аспекта:

1. внатрешна поврзаност;
2. однос на компанијата со другите корисници.

Од аспект на внатрешната поврзаност, поставени се следниве истражувања:

- насоченост кон јасни цели;
- перманентно подобрување на деловните процеси;
- оптимизација на деловните процеси;
- задоволство на вработените;
- мотивација на вработените;
- јасна комуникација помеѓу менаџмент - тимовите и останатите организациони сегменти;
- мрежа на ефективна комуникација;
- доверба и меѓусебна почит на вработените;
- успешно справување со проблемите и надминување на меѓусебните конфликти до спроведување на висококвалитетни одлуки;
- јасна и недвосмислена комуникација меѓу членовите на тимот;
- добра меѓусебна соработка;
- перманентно унапредување на знаењето.

Од аспект на надворешната поврзаност, анализирани се следниве елементи:

- задоволство на купувачите/корисниците;
- задоволство од доставувачите;
- задоволство на акционерите и вработените;
- задоволство на заедницата.

Предлог - методологијата е проектирана како реинженеринг на деловните процеси, на три нивоа:

I. методологија за стратегиско ниво на менаџмент;
II. методологија за тактичко ниво на менаџмент;
III. методологија за оценување на успехот од проектираниот и имплементиран систем по TQM.

Во методологијата на стратегиско ниво се препорачани насоките: стратегија за развој преку политика за квалитет и план за развој на стратегијата.

Во методологијата за тактичко ниво се предложени:

а) методологија за потсистемот интерна стандардизација, преку 10 чекори на активности кои се одвиваат по одреден редослед за оживотворување на PDCA - кругот од планирање на квалитетот до изградување на потребните влезни и излезни документи од деловните процеси;

б) методологијата за проектирање на потсистемот статистичка процесна контрола е прикажана преку 9 чекори со примена на картата на трендот, x-R контролната карта, корелацијата и регресијата за откривање на зависностите помеѓу својствата, Парето и Ишикава - дијаграмот за откривање на местата каде се јавуваат најмногу дефекти и откривање на причините за појавата на дефекти за да можат тие да се спречат;

в) методологијата за образование е прикажана преку 6 чекори за менаџерите од сите нивоа на манаџмент;

г) методологијата за градење на потсистем за мотивација е определена со 10 принципи кои менаџерите треба да ги следат;

д) методологијата за анализа на трошоците за квалитет на даден процес е прокажана преку текот на активности за остварување на PDCA - кругот преку 8 чекори.

Заради неопходност од проток на информации за квалитет во целото претпријатие е проектиран информациски систем според QC-CE-Pyramide моделот во 7 чекори.

Сите овие предложени методологии се применети во практиката на македонските претпријатија од различна дејност, големина и сопственост.

Во **заклучокот** е изведена споредба на компаниите кои имаат систем за обезбедување квалитет по ISO 9001/2001 и оние што немаат. При таа споредба, компаниите се разликуваат според создадената клима за новиот пристап кон квалитетот преку јасно дефинирани обврски и одговорности на вработените, преку организирање тимска работа, преку применета статистичка процесна контрола за бездефектно производство/работење, перманентно образование и воопшто нова деловна култура како потреба на компаниите за да бидат конкурентни на европскиот и светскиот пазар.

На крајот е изведена шема на интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM - систем во која се обединети сите пет методологии од различните дејности на квалитетот со придобивките кои можат да се постигнат во практиката на различните компании.

## Оцена на кандидатката

Кандидатката м-р инж. Елизабета МИТРЕВА, која има работно искуство во компании и ги познава проблемите со кои се соочуваат менаџерите, пројави интерес да го работи докторскиот труд со цел да им помогне на менаџерите да го воведат тоталниот менаџмент на квалитет кој бара мултидисциплинарен пристап во градењето систем за квалитет.

Таа ја проучи детално современата литература од областа менаџмент на квалитет со статистичка превентивна контрола и анализа на трошоците, ги проучи темелно состојбите во 151 македонска компанија, со цел да го примени стекнатото знаење во нивната практична работа. Врз основа на тоа, изгради видување за систем со интегрален менаџмент на квалитет.

## Предлог на Комисијата

Докторскиот труд на м-р инж. Елизабета МИТРЕВА има научен и практичен придонес бидејќи предлага методологија за современ систем за тотален менаџмент на квалитет во реалните услови на македонските компании.

Трудот е изработен согласно со правилата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во поглед на научното ниво, содржината, обемот, библиографскиот приказ и техничкото оформување.

Му предлагаме на Научниот совет на Институтот да го усвои овој извештај и да одобри јавна одбрана на докторскиот труд на м-р инж. Елизабета МИТРЕВА со наслов: **Интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM - систем во компании**.

Скопје, 1.2.2010 година

Комисија

Проф.д-р Виолета Чепујноска, ментор, с.р.
Проф.д-р Цветко Смилевски, член, с.р.
Проф.д-р Тодор Кралев, член, с.р.
Проф.д-р Васил Поповски, член, с.р.
Проф.д-р Јорде Јакимовски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ ОСНОВИ НА МОЛЕКУЛАРНА БИОЛОГИЈА СО ГЕНЕТИКА И ФАРМАКОГЕНЕТИКА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата VI седница одржана на 4. II 2010 година, формира Рецензентска комисија за избор на еден насловен вонреден професор по групата предмети основи на молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика, во состав: акад. проф. д-р Георги Д. Ефремов, проф. д-р Александар Димовски и проф.д-р Љубица Шутуркова.

На конкурсот за избор на еден насловен вонреден професор по групата предмети основи на молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика, објавен во весникот „Утрински весник" на 24. XII 2009 година, се јавиа **д-р Дијана Плашеска-Каранфилска**, доктор на медицински науки, научен советник во ИЦГИБ, МАНУ и **м-р Катерина Петроска**.

Врз основа на доставената документација и приложените научни трудови, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. **Д-р Дијана Плашеска-Каранфилска**

**Биографски податоци**

Д-р Дијана Плашеска-Каранфилска е родена на 21. V 1963 година во Скопје. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје, во 1987 година, со просечен успех 9,9, а докторирала на Медицинскиот факултет Лимбург, Мастрихт, Холандија, во 1994 година. Во 1989-90 година остварила едногодишен, а во 1993 двомесечен престој во Институтот за клеточна и молекуларна биологија при Медицинскиот факултет во Августа, Џорџија, САД, каде што се усовршувала од областа на молекуларната медицина.

Од 18. I 1988 година работи како стручен соработник – извршител на научноистражувачки проекти во Секторот за генетско инженерство и биотехнологија при Истражувачкиот центар за нови технологии во МАНУ, Скопје. Во 1989 година е избрана за помлад асистент во Секторот за генетско инженерство и биотехнологија при Истражувачкиот центар за нови технологии во МАНУ, Скопје (Универзитетски билтен бр.517, стр.78-82), а во 1992 година е преизбрана во истото звање (Универзитетски билтен бр.578, стр.17-34). За научен соработник во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија е избрана во 1995 година (Универзитетски билтен бр.631, стр.69-78), за виш научен соработник во 2000 година (Универзитетски билтен бр.749, стр.170-177), а за научен советник во 2005 година (Универзитетски билтен бр. 867 , стр.98-103 ). Во звањето научен советник е преизбрана во декември 2009 година (Универзитетски билтен бр. 977 , стр.158-164).

**Наставно-образовна дејност**

Во текот на досегашната работа, д-р Дијана Плашеска-Каранфилска учествувала во одржувањето на теоретската и практичната настава на интердисциплинарните постдипломски студии по молекуларна биологија и генетско инженерство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во постдипломската настава по молекуларна биологија и генетско инженерство на Медицинскиот, Природно-математичкиот и Техничко-металуршкиот факултет, како и во додипломската настава по предметите општа биохемија, клиничка биохемија и фармакогенетика на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Учествувала и во изведувањето на теоретската и практичната настава на 13 работилници од областа на молекуларната биологија и генетското инженерство, одржани во ИЦГИБ, МАНУ, Скопје, и надвор земјата, и тоа во Кувајт, Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска. Учествувала во изготвувањето на практикуми во рамките на едукативните активности на ИЦГИБ, МАНУ. Д-р Дијана Плашеска-Каранфилска била член на повеќе комисии за оцена и одбрана на докторати и магистериуми.

**Научноистражувачка дејност**

Во текот на својата научноистражувачка дејност, д-р Дијана Плашеска-Каранфилска била раководител на четири меѓународни и три национални научни проекти, а учесник во девет меѓународни и 13 национални научни проекти. Таа била ментор на магистерски работи на тројца постдипломци. Од своето вработување до денес, д-р Дијана Плашеска-Каранфилска има објавено 49 научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научно/стручни списанија, од кои 48 се списанија со меѓународен уредувачки одбор. Сите трудови се рецензирани при нејзините избори во научни звања во ИЦГИБ, МАНУ. Одржала четири пленарни предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество, едно предавање по покана на професионално здружение, а како автор и коавтор на 58 реферати учествувала на повеќе меѓународни и на домашни научни собири, сите рецензирани при претходните избори во научни звања во ИЦГИБ, МАНУ.

**Стручно-апликативна дејност**

Уште од самото свое вработување, д-р Дијана Плашеска-Каранфилска учествува во активности за апликација на молекуларните методи за детекција и карактеризација на повеќе наследни (хемоглобинопатии, цистична фиброза, мускулна дистрофија, хемофилија, спинална мускулна атрофија, Huntington-ова болест, Friedrichs-ова атаксија, спинална булбарна мускулна атрофија, микроделеции на Y - хромозом, наследни тромбофилии) малигни (наследен карцином на дојка) и инфективни болести (хуман папилома вирус, хепатитис С - вирус, хепатитис В - вирус, Chlamidia trachomatis), за потребите на здравствените работници. Исто така учествува и во активности од областа на ДНК - идентификација, како одредување на фамилијарни врски и решавање на криминалистички случаи за потребите на Институтот за судска медицина, Министерството за внатрешни работи и судовите во Република Македонија.

Д-р Дијана Плашеска-Каранфилска рецензензирала повеќе научни проекти за потребите на Европската комисија, НАТО и Министерството за наука на Република Македонија, а рецензент е и на научни трудови за списанијата:

Balkan Journal of Medical Genetics, Прилози, Македонски Медицински преглед, Macedonian Journal of Medical Sciences, Asian Journal of Andrology.

**Дејности од поширок интерес**

Д-р Дијана Плашеска-Каранфилска е член на уредувачкиот одбор на научното списание Balkan Journal of Medical Genetics, а била член и на организациони и програмски одбори на неколку меѓународни научни/стручни собири. Била член на експертска група на НАТО од областа на хемијата, физиката и биологијата и член на Советот за научноистражувачка дејност при Министерството за образование и наука. Учествувала во подготовка на програмата за развој на научно-истражувачката дејност во Република Македонија до 2010 година, а како член на комисија за ретки болести при Министерството за здравство учествувала во изготвување на програмата за ретки болести за 2010 година. Била член на комисии за избори во звање на научни работници во ИЦГИБ-МАНУ.

Таа е член во неколку професионални здруженија, и тоа: секретар на Македонското здружение за хумана генетика, член на Европското здружение за хумана генетика, член на Македонското биохемиско здружение, како и член на научниот одбор на "European Centre for Life Sciences, Health and the Courts".

## 2. М-р Катерина Петроска

**Биографски податоци**

М-р Катерина Петроска до Рецензентската комисија достави само кратка биографија во која наведува дека е родена на 15.8.1982 година, во Охрид. Се стекнала со диплома магистер по општа медицина на Универзитетот „Проф. д-р Параскев Стојанов", Медицински факултет во Варна, Р. Бугарија. Кандидатката нема докторат. Владее со англискиот, бугарскиот и рускиот јазик. Поседува позитивни социјални карактеристики и технички вештини (Windows, MC Office, Internet и др. )

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

По опстојно и внимателно разгледување на целокупната приложена документација за рецензија од кандидатите, како и по увидот во сите релевантни податоци, согласно со Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата констатира дека од пријавените кандидати, **д-р Дијана Плашеска-Каранфилска** ги исполнува критериумите за избор во звањето насловен вонреден професор.

Во текот на својата професионална кариера, д-р Дијана Плашеска-Каранфилска успешно извршува активности од наставно-образовната,

научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Со своето учество во изведување на теоретска и практична настава на постдипломските и додипломските студии, учество во организација и изведување на работилници, менторство на магистерски трудови и членство во комисии за оцена и одбрана на докторати и магистериуми, д-р Дијана Плашеска-Каранфилска се потврдува како успешен педагог.

Нејзините научноистражувачки и стручно-апликативни активности резултираа со вредни научни постигања во изучувањето на генетските, односно молекуларните основи на повеќе болести, кои придонесуваат за подобра дијагностика, терапија и превенција на овие заболувања. Со раководењето и учеството во повеќе научноистражувачки проекти, како и со бројните објавени оригинални научни трудови, д-р Дијана Плашеска-Каранфилска се докажува како успешен самостоен научен работник. Активна е и во дејности со поширок интерес, како членство во професионални здруженија, членство во уредувачки одбор на научно списание, членство во комисии на државни и други тела, учество во изготвување на национални документи и програми, како и оценување на научноистражувачки проекти и научни трудови.

## ПРЕДЛОГ

Ценејќи ја досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна активност на д-р Дијана Плашеска-Каранфилска, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да ја избере во звањето насловен вонреден професор по групата предмети основи на молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика.

Рецензентска комисија

Академик Георги Д. Ефремов _______________ с.р

Проф. д-р Александар Димовски _______________ с.р

Проф. д-р Љубица Шутуркова _______________ с.р

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Дијана Александар Плашеска-Каранфилска

**Институција:** Фармацевтски факултет

**Научна област:** молекуларна биологија, генетика, фармакогенетика

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од прв циклус студии<br>*Фармацевтски фак.*<br>*Вкупно 92часа х0, 04 = 3,68*<br>*Биохемија 2009 -16 часа*<br>*Клиничка биохемија 2009 -36 часа*<br>*Фармакогенетика- 2005-2009 5х8=40 часа* | 3,68 |
| 2. | Одржување на настава од втор циклус студии<br>*Вкупно 105часа х 0.05 = 5.25*<br>*ПМФ-65 часа*<br>*Молекуларна генетика 2004/2005 30 часа;*<br>*Техники на генетско инженерство 2004/2005 20 часа,*<br>*Најнови достигнувања во молек. генет. 2004/2005 -15 часа*<br>*Технолошки -20 часа*<br>*Молек биолија и генет инженерство 2004/2005 -20 часа*<br>*Медицински-20 часа*<br>*Молекуларна генетика 2004/2005 – 20 часа* | 5,25 |
| 3. | Настава во работилници<br>6 работилници х 1 = 6<br>1. Работилница за здравствени работници „Генетски тестирања во земјите на Централна и Источна Европа - прифатеност меѓу здравствените работници и општата популација", 20 април, 2005, Поликлинички центар „Д-р Панче Карагозов", Штип *(главен организатор и предавач).*<br>*Предавање со наслов „Генетски тестирања за наследни болести".*<br>2. Работилница за здравствени работници „Генетски тестирања во земјите на Централна и Источна Европа – прифатеност меѓу здравствените работници и општата популација", 22 април 2005, Висока медицинска школа, Битола *(главен организатор и предавач).*<br>*Предавање со наслов „Генетски тестирања за наследни болести".*<br>3. Работилница за здравствени работници „Генетски тестирања во земјите на Централна и Источна Европа – прифатеност меѓу здравствените работници и општата популација", 25 април 2005, Медицински центар, Тетово *(главен организатор и предавач).*<br>*Предавање со наслов „Генетски тестирања за наследни болести."*<br>4. Работилница за здравствени работници „Генетски тестирања во земјите на Централна и Источна Европа – прифатеност меѓу | 6,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | здравствените работници и општата популација", 26 април 2005, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје *(Главен организатор и предавач).*<br>*Предавање со наслов „Генетски тестирања за наследни болести".*<br>5. "1st International Seminar for judges from Serbia-Montenegro, Macedonia, Croatia and Bosnia Herzegovina on present-day biological issues", November, 17-20, 2005, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina Србија *(учество во теоретска и практична изведба)*<br>*Предавање со наслов "Forensic DNA Identification in the RCGEB, MASA, Macedonia".*<br>6. "Applications of Functional Genomics to Biomedical Research" Workshop, Cavtat, Croatia, 10-12th November 2006.<br>*Предавање со наслов: Non-invasive prenatal diagnosis: determination of fetal sex and Rhesus D genotyping using real-time PCR analysis of fetal DNA in maternal plasma.* | |
| 4. | Одржување на вежби<br>*ПМФ-10 часа*<br>*(Техники на генетско инженерство 2004/2005 – 10 часа)*<br>*Технолошки -10 часа*<br>*(Молек. биолија и генет. инженерство 2004/2005 -10 часа)*<br>*Медицински -160 часа*<br>*Молекуларна генетика-2004/2005 -10 часа*<br>*Спец. медицинска генетика 2005-2009(5x30=150 часа)*<br>*Вкупно: 180 часа x 0,03 = 5,4* | 5,4 |
| 5. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат<br>3 x 0,5 = 1,5<br>**Член на комисија за оцена на докторат**<br>1. Катерина Давалиева: „Клонирање и експресија на гени за термостабилни ДНК - полимерази и конструкција на модифицирани форми со подобрени својства", одбранет на 25.9.2009 на Технолошко-металуршкиот факултетет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје.<br>**Член на комисија за одбрана на докторат**<br>1. Зорица Арсова-Сарафиновска: „Оксидативен стрес, антиоксидантни ензими и генетски полиморфизми кај карцином на простата", одбранет во 2008 год. на Фермацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.<br>2. Катерина Давалиева: „Клонирање и експресија на гени за термостабилни ДНК полимерази и конструкција на модифицирани форми со подобрени својства", одбранет на 25.9.2009 на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје. | 1,50 |
| 6. | **Член на комисија за оцена на магистериум**<br>1. Катерина Поповска-Јанковиќ: „Молекуларна карактеризација на цистинурија", одбранет на 5.7.2008 на Природно-математичкиот (насока: (молекуларна биологија), при Универзитетот „Св. Кирил Методиј" во Скопје.<br>2. Александра Капедановска Несторовска: „Влијанието на генетски варијанти во гените со ниска пенетрантност на ризикот за развој колоректален карцином кај пациентите од Република Македониј одбранет на во 2009 год. на Фермацевтскиот факултет при Униве „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.<br>**Член на комисија за одбрана на магистериум**<br>3. Катерина Поповска-Јанковиќ: „Молекуларна карактеризација на цистинурија", одбранет на 5.7.2008 на Природно-математичкиот (насока: (молекуларна биологија) при Универзитетот „Св. Кирил | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Методиј"во Скопје.<br>4. Александра Капедановска Несторовска: „Влијанието на генетск варијанти во гените со ниска пенетрантност на ризикот за развој колоректален карцином кај пациентите од Република Македониј одбранет во 2009 год. на Фармацевтскиот факултет при Универз „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | |
| 7. | Интерна скрипта од вежби<br>1 x 3 = 3<br>**1.** *PCR based methods in the detection and characterization of inherited, infectious and malignant diseases, A Laboratory Manual, 3rd Edition* MANU, 2006. | 3,00 |
| | **Вкупно** | **26,03** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа<br>1 x 1 = 1<br>1. Катерина Поповска-Јашковиќ: "Молекуларна карактеризација на цистинурија", одбранет на 5.7.2008 на Природно - математичкиот факултет (насока: (молекуларна биологија), при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,00 |
| 2. | Раководител на национален научен проект<br>6 x 2 = 12<br>1. „Генетски основи на машкиот инфертилитет" (2006-2009), финансиран од Министерството за образование и наука.<br>2. „Генетски основи на неуспешни бремености" (2007-2009), финансиран од Министерството за образование и наука во рамки на билатерална соработка со Словенија. | 12,00 |
| 3. | Раководител на меѓународен научен проект<br>9 x 4 = 36<br>1. "Genetic testing in Central and Eastern European countries: public and physicians' awareness – pilot project" (2004-2005), финансиран од UNESCO-ROSTE.<br>2. "SEE Network on Genetics and Molecular Biology" (2005-2006), финансиран од UNESCO-ROSTE.<br>3. "National Reference Centre for Genomics and Proteomics" (2009-2011), - финансиран од Европската комисија, во рамките на FP7 - програмата, REGPOT-2008-1 повикот<br>4. "Molecular profiling of infertile men" (2010-2012), финансиран од ICGIB-Trieste. | 36,00 |
| 4. | Учесник во национален научен проект<br>3 x 3 = 9<br>1. Микроделеции на Y - хромозомот кај инфертилни мажи". (2003-2005), финансиран од фондот за наука на МАНУ.<br>2. "ДНК - маркери на Y - хромозомот кај македонската популација" (2004-2006), финансиран од фондот за наука на МАНУ.<br>3. "Молекуларни основи на карциномот на дојка и/или јајници" | 9,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | (2007-2009), финансиран од фондот за наука на МАНУ. | |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект<br>1 x 5 = 45<br>1. "Space for Science" (2005), финансиран од UNESCO. | 5,00 |
| 6. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни/стручни списанија<br>4 x 0.6 x 1труд = 2.4<br>1. Plaseski T., Novevski P., Kocevska B., Dimitrovski C., Efremov G.D. and **Plaseska-Karanfilska D.**: AZF deletions in infertile men from the Republic of Macedonia. Prilozi 27 (1):5-16; 2006. | 2,40 |
| 7. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор<br>1. Plaseski T., Noveski P., Kocevska B., Dimitrovski C., Efremov G.D., **Plaseska-Karanfilska D.**: Association of hemochromatosis H63D allele with severe oligozoospermia. Balkan J. Med. Genet. 8(3&4):57-62, 2005.<br>6 x 0.6 = 3,6<br>2. Davalieva K., Dimcev P., Efremov G.D. and **Plaseska-Karanfilska D.**: Non-invasive fetal sex determination using real-time PCR analysis. The Journal of Maternal-Fetal and Neonatal Medicine, 19 (6): 337-342, 2006.<br>(6 +1) x 0,6 = 4.2<br>3. Efremov G.D., Simjanovska L., **Plaseska-Karanfilska D.**, Stanojevic E., and Petkov G.H.: Hb Jambol: A new hyperunstable hemoglobin causing severe hemolytic anemia. Acta Haematologica, 117 (1):1-7; 2007.<br>(6 +1.2) x 0,6 = 4,32<br>4. **Plaseska-Karanfilska D.**, Noveski P., Kuzevska K., Basheska N., Kocova M., Efremov G.D. A new familial mutation in the SRY gene. Clinical Genetics 71 :480-482 ; 2007<br>(6 +3,2) x 0,6 = 5,52<br>5. Plaseski T., Noveski P., Kocevska B., Dimitrovski C., Efremov G.D., **Plaseska-Karanfilska D**. Association of long AR CAG repeats with male infertility. Balkan J. Med. Genet. 10(1):19-24, 2007<br>6 x 0,6 = 3,6<br>6. Plaseski T., Noveski P., Dimitrovski C., Efremov G.D., **Plaseska-Karanfilska D**. CAG repeat polymorphism in POLG gene among Macedonian infertile and fertile men. Balkan J. Med. Genet. 10 (2):37-41, 2007.<br>6 x 0,6 = 3,6<br>7. Kocheva S.A., **Plaseska-Karanfilska D.**, Trivodalieva S., Kuturec M., Vlaski-Jekic S., Efremov G.D. Prenatal diagnosis of spinal muscular atrophy in Macedonian families. Genetic Testing 12 (3) :391-3, 2008.<br>(6 +1,1) x 0,6 = 4,26<br>8. Plaseski T, Noveski P, Trivodalieva S, Efremov GD, **Plaseska-Karanfilska D**. *Quantitative fluorescent PCR detection of sex chromosome aneuploidies and AZF deletions duplications.* Genetic testing. *12(4):595-605, **2008**.*<br>(6 +1,1) x 0,6 = 4,26<br>9. Kocheva S.A., Trivodalieva S., **Plaseska-Karanfilska D.**, Vlaski-Jekic S., Kuturec M., Efremov G.D. *Prenatal diagnosis in Macedonian Duchenne muscular distrophy families.* Balkan J. Med. Genet. 11 (2):59-63, 2008.<br>6 x 0,6 = 3,6<br>10. Popovska-Jankovic K., Tasic V., Bogdanovic R., Miljkovic P., Baskin E., Efremov G.D., **Plaseska-Karanfilska D.** *Five novel mutations in cystinuria genes SLC3A1 and SLC7A9.* Balkan J. Med. Genet. 12 | 40,56 |

| | | |
|---|---|---|
| | (1):15-20, 2009.<br>6 x 0,6 = 3,6<br>11. Noveski P., Trivodalieva S., Efremov G.D., **Plaseska-Karanfilska D.** *Y-chromosome SNP typing by SNaPshot minisequencing in the population of R. Macedonia.* Balkan J Med Genet 12 (2):3-10, 2009.<br>6 x 0,6 = 3,6 | |
| 8. | Учество на научен/стручен собир со реферат<br>1 x 0,6 x 23 = 13,8<br>1. **Plaseska-Karanfilska D.**, Plaseski T., Dimitrovski C., Kocevska B., Efremov G.D.: Association between CAG repeat number in the androgen receptor gene and male infertility in Macedonian males. European Human Genetics Conference 2005, May 07-10, 2005, Prague, Czech Republic, European J. Human Genetics 13, suppl.1, pp.333, #P0921, 2005.<br>2. Kubelka-Sabit K., **Plaseska-Karanfilska D.**, Prodanova I., Yashar G, Hadzi-Nicheva B., Veljanovska S., Zografski G., Basheska N.: Small and large cell neuroendocrine carcinomas of the uterine cervix. A report of 10 cases. 20th European Congress of Pathology, September 3-8, 2005, Paris, France. Virchows Archiv P 765.<br>3. **Plaseska-Karanfilska D.**, Plaseski T., Novevski P., Dimitrovski C., Kocevska B., Efremov G.D.: Partial AZFc deletions with loss of CDY1b represent a risk factor for male infertility among Macedonians. European Human Genetics Conference 2006, May 06-09, 2006, Amsterdam, The Netherlands, European J. Human Genetics 13, suppl.1, pp.333, #P0921, 2006.<br>4. Popovska-Jankovic K., Tasic V., Bogdanovic R., Miljkovic P. , Alper Soylu, Ipek Akil, Esra Baskin, R Topaloglu, Efremov G.D and **Plaseska-Karanfilska D.**: Cystinuria in South East European countries: mutations in SLC3A1 and SLC7A9 genes. 24th Congress IUBMB June 24 –June 29, 2006, Istanbul, Turkey<br>5. Talaganova S., Dimcev P., Sukarova E., Efremov G. and **Plaseska-Karanfilska D.**: Prenatal diagnosis of common aneuploidies by QF-PCR analysis in the Republic of Macedonia. 24th Congress IUBMB June 24 – June 29, 2006, Istanbul, Turkey<br>6. **Plaseska-Karanfilska D.**, Plaseski T., Noveski P., Dimitrovski C., Kocevska B., Efremov G.D.: Partial AZFc deletions in Macedonian infertile men. 7th Balkan Meeting on Human Genetics, August 31 – Sptember 2, 2006, Skopje, Macedonia; BJMG Supplement, OP12, p40.<br>7. Stanojevic E., Glamocanin S., **Plaseska-Karanfilska D.**, Efremov G.D.: Compound heterozygosity for hemoglobin Knossos and IVS-I-6 mutation in a Macedonian boy. 7th Balkan Meeting on Human Genetics, August 31 – Sptember 2, 2006, Skopje, Macedonia; BJMG Supplement, PP120, p102.<br>8. **Plaseska-Karanfilska D.**, Noveski P., Kuzevska K., Basevska N., Kocova M., Efremov G.D.: A new familial mutation in the SRY gene (Arg133Gly). 7th Balkan Meeting on Human Genetics, August 31 – Sptember 2, 2006, Skopje, Macedonia; BJMG Supplement, PP124, p104.<br>9. Popovska-Jankovic K., Tasic V., Bogdanovic R., Miljkovic P., Baskin E., Efremov G.D., **Plaseska-Karanfilska D.**: Five novel mutations in cystinuria genes SLC3A1 and SLC7A9. 7th Balkan Meeting on Human Genetics, August 31 – Sptember 2, 2006, Skopje, Macedonia; BJMG Supplement, PP125, p104.<br>10. Noveski P., Plaseski T., Kocevska B., Dimitrovski C., Efremov G.D., **Plaseska-Karanfilska D.**: Association between polymorphism of the mitochondrial DNA polymerase gamma gene (POLG) and male infertility among Macedonian population. 7th Balkan Meeting on Human Genetics, August 31 – Sptember 2, 2006, Skopje, Macedonia; BJMG Supplement, PP148, p114.<br>11. Talaganova S., Trivodalieva S., Arsovska S., Kaeva M., Efremov G.D., **Plaseska-Karanfilska D.**: The parental and meiotic origin of extra chromosome 21 in Down syndrome patients. 7th Balkan Meeting on Human Genetics, August 31 – Sptember 2, 2006, Skopje, Macedonia; | 13,80 |

| | | |
|---|---|---|
| | BJMG Supplement, PP157, p118.<br>12. Davalieva K., Efremov G.D., **Plaseska-Karanfilska D.:** Fetal sex determination using real-time PCR analysis of maternal plasma. 7[th] Balkan Meeting on Human Genetics, August 31 – Sptember 2, 2006, Skopje, Macedonia; BJMG Supplement, PP159, p119.<br>13. Kocheva S.A., **Plaseska-Karanfilska D.,** Vlaski-Jekic S., Kuturec M., Efremov G.D.: Genetic counseling and prenatal diagnosis in Macedonian DMD/BMD families. 7[th] Balkan Meeting on Human Genetics, August 31 – Sptember 2, 2006, Skopje, Macedonia; BJMG Supplement, PP163, p121.<br>14. **Plaseska-Karanfilska D.**, Talaganova S., Trivodalieva S., and Efremov G.D. Prenatal diagnosis of aneuploidies of chromosomes 13, 18, 21, X and Y by QF-PCR in the Republic of Macedonia. European Human Genetics Conference 2007, June 16-19, 2007, Nice, France, European J. Human Genetics 15, suppl.1, pp.140, #P0478, 2007.<br>15. Trivodalieva S., Efremov G.D. and **Plaseska-Karanfilska D.:** Relationship between MTHFR C677T and A1298C and maternal risk for having a child with chromosomal aneuploidy. European Human Genetics Conference 2007, June 16-19, 2007, Nice, France, European J. Human Genetics 15, suppl.1, pp.239, #P0928, 2007.<br>16. **Plaseska-Karanfilska D.**, Plaseski T., Novevski P., Dimitrovski C., Kocevska B., Efremov G.D.: Y-chromosome haplogroups in infertile males from the Republic of Macedonia. Florence-Utah International symposium Genetics of male infertility, September 14-16, 2007, Florence, Italy.<br>17. **Plaseska-Karanfilska D.**, Plaseski T., Noveski P., Trivodalieva S., and Efremov G.D. Detection of the most common genetic causes of male infertility by QF-PCR. European Human Genetics Conference 2008, May 31-June 3, 2008, Barcelona, Spain, European Journal of Human Genetics 16, suppl.2, pp.174, #P02.242, 2008.<br>18. Trivodalieva S., Matevska N., Noveski P., Dimovski A. and **Plaseska-Karanfilska D.** CAG repeat number in androgen receptor gene and prostate cancer. European Human Genetics Conference 2008, May 31-June 3, 2008, Barcelona, Spain, European Journal of Human Genetics 16, suppl.2, pp.232, #P04.183, 2008.<br>19. Noveski P., Trivodalieva S., Efremov G.D and **Plaseska-Karanfilska D.** Hierarchical analysis of 28 Y-chromosome SNP's in the population of the Republic of Macedonia. European Human Genetics Conference 2008, May 31-June 3, **2008**, Barcelona, Spain, European Journal of Human Genetics 16, suppl.2, pp.286, #P05.211, 2008.<br>20. Kiprijanovska S, Trivodalieva S, Efremov GD and **Plaseska-Karanfilska D.** The parental origin of chromosome aneuploidies. 8[th] Balkan Meeting of Human Genetics, May 14-17, **2009**, Cavtat, Croatia.<br>21. Noveski P, Plaseski T, Efremov GD and **Plaseska-Karanfilska D.** Polymorphisms of folate related genes and male infertility. 8[th] Balkan Meeting of Human Genetics, May 14-17, 2009, Cavtat, Croatia.<br>22. **Plaseska-Karanfilska D**, Noveski P, Matevska N, Dimovski A, Efremov GD. Y chromosome haplogroup R1a is associated with prostate cancer risk among Macedonian males. European Human Genetics Conference **2009**, May 23-27, **2009**, Vienna, Austria.<br>23. Trivodalieva S, Volk M, Peterlin B, Efremov GD, **Plaseska-Karanfilska D**. Multiplex SNaPshot analysis for the detection of 10 mutations in trombophilia and folate related genes. European Human Genetics Conference **2009**, May 23-27, **2009**, Vienna, Austria. | |
| 9. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество<br>2 x 4 = 8<br>1. **Plaseska-Karanfilska D.** *SEE Molecular Biology and Genetics Network.* South-eastern Europe and the Medditerranean area challenges in the European RTD co-operation, November 17-20, 2002, Cavtat, | 8,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Croatia.<br>2. **Plaseska-Karanfilska D.** : The case of networking: science and technology in Macedonia; invited speaker in the session "Making links, building bridges:Science matters in South Eastern Europe" organized by UNESCO-ROSTE; EuroScience Open Forum 2004, 25-28 August 2004, Stockholm, Sweden.<br>3. **Plaseska-Karanfilska D**. Genetics of male infertility (Invited lecture). 8th Balkan Meeting of Human Genetics, May 14-17, **2009**, Cavtat, Croatia.<br>4. **Plaseska-Karanfilska D.** Detection of common chromosome aneuploidies by quantitative fluorescence (QF)-PCR. 17th Meeting of Balkan Clinical Laboratory Federation & 5th Macedonian National Congress of Medical Biochemists, September 16-19, **2009**, Ohrid, R.Macedonia, LP 04 (invited lecture), Balkan Journal of Clinical Laboratory Suppl. 2009, p57-58. | |
| 10. | Одржано предавање по покана на професионално здружение<br>1 x 1 = 1<br>**Плашеска-Каранфилска Д**. „Генетика на неуспешни бремености" семинар организиран од Здружението на медицински биохемичари, 21 декември, 2007, Скопје. | 1,00 |
| | **Вкупно** | **128,76** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| | / | / |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, ревизија и супервизија<br>Апликации на лабораториски анализи: 6 x 5 год. x 1 = 30<br>1. Молекуларна карактеризација на наследни моногенски болести<br>2. Пренатална дијагноза на најчестите моногенски болести<br>3. Пренатална дијагноза на најчестите хромозомски анеуплоидии<br>4. Молекуларна дијагноза на малигни болести: наследен карцином на дојка<br>5. Молекуларна детекција и карактеризација на инфективни болести: хуман папилома вирус, хепатитис C - вирус, хепатитис B - вирус, Chlamidia trachomatis<br>6. ДНК- идентификација: фамилијарни врски и криминалистички случаи<br><br>Рецензент за 3 научни институции: 3 x 1 = 3<br>1. Рецензент на научни проекти за Министерството за наука<br>2. Резензент на научни проекти за Европската комисија<br>3. Рецензент на научни проекти за NATO-Science for Piece програмата<br><br>Рецензент за 5 списанија: 5 x 1 = 5 | 38,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Balkan Journal of Medical Genetics<br>2. Прилози<br>3. Македонски медицински преглед<br>4. Macedonian Journal of Medical Sciences<br>5. Asian Journal of Andrology<br>6.<br>Вкупно: 30 + 3 + 5 = 38 | |
| | Воведување на нова лабораториска метода<br>5 методи x 4 = 20<br>1. Воведување на QF-PCR метода за детекција на најчестите хромозомски анеуплоидии на хромозомите 13, 18, 21, X и Y (во рутинска употреба за пренатална дијагноза на хромозомски анеуплоидии кај ризични бремености)<br>2. Воведување на мултиплекс PCR - анализа за детекција на микроделеции на Y - хромозомот (во рутинска употреба кај пациенти со машки инфертилитет)<br>3. Воведување на мултиплекс QF-PCR анализа за едновремена детекција на делеции во AZF - регионот од Y - хромозомот и хромозомски анеуплоидии на X и Y - хромозомите (во рутинска употреба кај пациенти со машки инфертилитет)<br>4. Воведување на мултиплекс SnaPshot анализа за детекција на 13 тромбофилни мутации (во рутинска употреба кај пациенти со тромбоза и спонтани абортуси)<br>5. Воведување на мултиплекс SnaPshot анализа за детекција на најчестите мутации во генот за цистична фиброза (во рутинска употреба кај пациенти со цистична фиброза и инфертилни пациенти со CBVAD) | 20,00 |
| | **Вкупно** | **58,00** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание<br>- член на уредувачкиот одбор на списанието Balkan Journal of Medical Genetics (од 2001 до денес). | 0,5 |
| 2. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен одбор<br>0,5 x 3 = 1,5<br>• Член на организационен одбор на Balkan Meeting on Human Genetics, August 31 – Sptember 2, 2006, Skopje, Macedonia.<br>• Член на програмски одбор на 8th Balkan Meeting of Human Genetics, May 14-17, 2009, Cavtat, Croatia.<br>• Член на програмски одбор на 17th Meeting of Balkan Clinical Laboratory Federation & 5th Macedonian National Congress of Medical Biochemists, September 16-19, 2009, Ohrid, R.Macedonia. | 1,5 |
| 3. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност<br>2 x 1 = 2<br>- член на експертска група на НАТО од обласга на хемијата, физиката и биологија (2004-2006). | 2,0 |
| 4. | Раководител на внатрешна организациона единица<br>3 x 1 = 3<br>- шеф на лабораторија во ИЦГИБ-МАНУ (од 2001 година) | 3,0 |
| 5. | Член на комисија за избор во звање<br>0,2 x 3 = 0,6<br>1. Член на комисија за преизбор во звање - научен соработник на Емилија Шукарова Стефановска (Билтен број 939 на | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 1 април 2008 година).<br>2. Член на комисија за преизбор во звање - асистент на Катерина Давалиева (Билтен број 939 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 1 април 2008 година).<br>3. Член на комисија за избор во звање научен соработник на Катерина Давалиева (Билтен број 977 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 31 декември 2009 година). | |
| 6. | Подготовка на национални документи<br>2 x 1 = 2<br>• Подготовка на програма за развој на научноистражувачката дејност во Република Македонија до 2010 година. | 2,0 |
| 7. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>1 x 1 = 1<br>• Член на комисија за ретки болести при Министерството за здравство за изготвување на програма за ретки болести за 2010 година (2009). | 1,0 |
| 8. | Член на Советот на наука на Министерството за образование и наука<br>3 x 1 = 3<br>- член на Советот за научноистражувачка дејност при Министерството за образование и наука (2005-2007). | 3,0 |
| | **Вкупно** | **16,1** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **26,03** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **128,76** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **71,6** |
| **Вкупно** | **226,39** |

**Членови на Комисијата**

**1.____________________, претседател с.р**

**2.____________________, член с.р**

**3.____________________, член с.р**

**4.____________________, член**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ МОЛЕКУЛАРНА БИОЛОГИЈА СО ГЕНЕТИКА И ФАРМАКОГЕНЕТИКА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на решението на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесено на шестата редовна седница одржана на 4. 2.2010 година, а согласно со Законот за високото образование, Законот за научноистражувачка дејност, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Правилникот на Факултетот, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден помлад асистент по предметите молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика, во состав: проф. д-р Александар Димовски, проф. д-р Љубица Шутуркова и науч. сов. д-р Дијана Плашеска-Каранфилска.
По разгледувањето на доставената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 22.12.2009 година во дневниот весник „Утрински весник" за избор на еден помлад асистент по предметите молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика се пријавил само еден кандидат, дипл. фарм. Надица Матевска.

**Биографски податоци**

Дипл. фарм. Надица Матевска е родена на 8. 8.1979 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Во учебната 1998/99 година се запишала на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што и дипломирала во 2005 година со одбрана на дипломската работа на тема: "Фармакогенетски аспекти во терапијата на невропсихијатриски заболувања" на Институтот за фармацевтска хемија.

Во 2006 година го положила стручниот испит и се здобила со лиценца за работа. Во октомври 2006 година е ангажирана како стручен соработник (истражувач) во Центарот за биомолекуларни фармацевтски анализи, на кое работно место се наоѓа и денес. Во учебната година 2007 е ангажирана како демонстратор за изведување на практичната настава по предметот фармацевтска хемија I.

Во учебната 2007/2008 година кандидатката се запишала на постдипломски студии по имунологија со имунохемија на Фармацевтскиот

факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Предвидените испити од постдипломските студии ги завршила на 26. 6.2009 со средна оценка 10. Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет, на својата втора редовна седница оддржана на 3.7.2009 година, даде позитивна оцена и донесе одлука за усвојување на темата за изработка на магистерски труд на кандидатката со наслов: "МикроРНК во етиопатогенеза на колоректален карцином" (Билтен бр.972).

Кандидатката е член на повеќе стручни здруженија и асоцијации:

- Фармацевтската комора на Република Македонија;
- Македонското фармацевтско друштво;
- Европското здружение за хумана генетика (ESHG).

**Научноистражувачка дејност**

Како дел од истражувачкиот тим на Центарот за биомолекуларни фармацевтски анализи при Фармацевтскиот факултет, кандидатката дипл. фарм. Надица Матевска била вклучена во реализацијата на 3 меѓународни проекти:

1. Оксидативен стрес, ДНК- оштетување и генетски варијанти кај канцерот на простатата, 2006-2008, билатерален проект Македонија – Турција;
2. Молекуларни предиктивни маркери за ефикасност/токсичност на терапија базирана на капецетабин кај пациенти со колоректален карцином, 2006-2008, IV фаза на клинички испитувања, финансирано од Hoffmann La Roche - Representative Office Skopje;
3. Прогностички и предиктивни маркери кај колоректален карцином, 2006-2010, ICGEB-Trieste.

Кандидатката дипл. фарм. Надица Матевска се јавува како активен учесник и презентер на повеќе домашни и меѓународни конгреси, конференции и семинари од областа на фармацијата и како аврот и коавтор на:

- 6 труда со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор,
- 2 труда со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија со национален уредувачки одбор,
- 6 труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор,
- 7 труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови од научен/стручен собир со национален уредувачки одбор.

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатката е активно вклучена во севкупната стручно-апликативна дејност на Центарот за биомолекуларни фармацевтски анализи при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Во таа смисла, кандидатката се има здобиено со знаење и искуство во голем број на базични и напредни техники

кои се употребуваат во молекуларната биологија, како ДНК и РНК изолација, различни видови на PCR (RT-PCR, RFLP, real-time PCR), различни типови на гел-електрофореза, секвенционирање, фрагмент-анализа и сл. потребни за изведувањето на практичната настава по предметите молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научноистражувачката активност на дипл. фарм. Надица Матевска, Рецезентската комисија констатира дека кандидатката покажува континуирано унапредување на својата стручност во областа на молекуларната биологија со генетика и фармакогенетиката.

Ценејќи ги досегашните активности на дипл. фарм. Надица Матевска, сметаме дека кандидатката во целост ги исполнува условите за избор во звањето помлад асистент и ни претставува чест да му предложиме на Наставно-научниот совет да ја избере во звањето помлад асистент од областа молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Александар Димовски, претседател с.р
2. Проф. д-р Љубица Шутуркова, член с.р
3. Науч. Сов. д-р. Дијана Плашеска-Каранфилска, член с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНФОРМИРАЊЕТО НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ ЗА СОВРЕМЕНИТЕ МОРАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АЛЕКСАНДРА ЖЕЖОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 56, 57 и 58 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата V редовна седница одржана на 27.1.2010 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација поднесена од м-р Александра Жежова со наслов „Информирањето на печатените медиуми за современите морални предизвици во Република Македонија", во состав: проф. д-р Зоран Матевски, проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, проф. д-р Нелко Стојаноски, проф. д-р Антоанела Петковска и проф. д-р Илија Ацески. По прегледувањето на приложениот труд, Комисијата има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација **„Информирањето на печатените медиуми за современите морални предизвици во Република Македонија"** поднесена од м-р Александра Жежова, е презентира на 222 страници со вовед, шест глави, заклучок и користена литература. Содржината на главите е поделена на подглавја, сѐ со цел за поаналитичко и пообемно истражување и објаснување на научната проблематика.

Во воведот на својот докторски труд, м-р Александра Жежова се осврнала на улогата и значењето на медиумите, посебно на печатените медиуми во информирањето на јавноста за некои современи морални предизвици (абортусот, хомосексуалноста, евтаназијата и клонирањето) во македонското општество, како и нивно разгледување од религиски аспект, од аспект на човековите права и од аспект на нивното законско регулирање. Бидејќи во општеството можат да се констатираат реални состојби и тенденции за овие морални предизвици, се поставува прашањето како медиумите, односно дневниот печат ја отсликува таа состојба во општеството, а од друга страна како таа медиумска слика влијае врз општеството.

Во првиот дел кој се однесува на големите современи етички расправи како што се абортусот, хомосексуалноста, евтаназијата, клонирањето и другите прашања, кандидатката се обидува да ги интегрира

овие морални предизвици во мноштвото облици на граѓанскиот морал, додавајќи дека тоа мноштво го структурира, всушност, принципот на слободен избор на лицата. На ваквите сфаќања им се спротивставуваат аргументите на религиската традиција или натуралистичкото поимање на животот. Повикувањето на слободен избор на поединецот во повеќе случаи всушност претставува напредок на правата во однос на арбитрарните одлуки, кои, кога се работи за брак, полова ориентација или користење на сопственото тело, се наметнува семеен или верски авторитет. Разни аспекти на актуелните расправи за глобализацијата се врзуваат за етичко-политичката одговорност. Кога судирот со традиционалните и верски идеологии или оние Што проповедаат враќање на традицијата не е веќе така жив, можеме да стекнеме впечаток дека етиката ослободена од секоја трансцедентна или партикуларистичка укотвеност, всушност, станува втемелена во модерната политичка идеологија.

Во вториот дел кандидатката своето внимание го насочува кон медиумите и нивните комуникациско-информациски содржини кои добија влијателна и вредносна стандардизација, која ќе ја нагласува и афирмира потребата за етичката борба на човештвото за заштита на животот. Медиумите и комуникациско-информациските системи се врзани со моралноста. Штом медиумите се креатори на моралноста, тогаш сосема е оправдано едно истражување на медиумското информирање кај нас, за некои од современите морални предизвици. Средствата за масовна комуникација се еден од клучните фактори со чија помош луѓето ги прошируваат своите сознанија. Масмедиумите емитуваат информации и факти кои реципиентите ги примаат и ги интерпретираат и на тој начин го збогатуваат своето сознание. Кога зборуваме за средствата за масовно комуницирање од технички аспект, тука станува збор за целокупната телекомуникациона технологија. Сепак, во овој труд кандидатката се задржува на печатот како е еден од побитните во стекнување на социолошките сознанија. Печатот е своевиден хроничар и сведок на времето и агенс на општествените појави, промени и процеси. Тој е сложен општествен феномен, особено од социолошки и комуниколошки аспект. Покрај тоа што е најстар масовен медиум, сè уште е исклучително моќен фактор во општественото комуницирање.

Третиот дел се однесува на некои расправи за абортусот, хомосексуалните бракови, евтаназијата и други кои го структурираат принципот на слободен избор на лицата на кои им се спротивставуваат аргументите на религиската традиција. Општествената прифатеност на абортусот како средство за контрола на порастот на бројот на населението варира од период до период во текот на целата историја. Денес во многу земји намерниот абортус е дозволен со закон, додека во други, законодавството дозволува намерен прекин на бременоста само под одредени услови. Кандидатката истакнува дека хомосексуалноста стана посебна тема кон крајот на 19 век, во време кога психологијата почнува да се развива и да се интересира за човечката сексуалносот. Во исто време, кон крајот на 19 век се јавуваат заговорниците на тезата дека хомосексуалноста е

наруШување, како и оние што заговараат општествена толеранција и прифаќање на хомосексуалните личности. Законската и општествената положба на хомосексуалците во светот се разликува од држава до држава. Терминот евтаназија кандидатката го користи како поим за безболна смрт, причинета со цел за ублажување на страданието и прекинување на животот на луѓето кои се неизлечливо болни. Повеќето правни системи ја сметаат за убиство, иако во многу јурисдикции лекарот може законски да одлучи да не му го продолжи животот на пациентот или да издаде лекови кои ги ублажуваат болките, дури и кога му го скратуват животот на пациентот. Здруженијата кои се залагаат за законска евтаназија постојат во многу земји. На крајот од овој дел, м-р Александра Жежова укажува дека клонирањето на животни се смета за особено важно поради зачувување на ретките видови. Од друга страна, пак, клонирањето на луѓе се смета за високо неморално и со закон забрането дејствување во развиените општества. Во последниве години, во некои земји се признава можноста за клонирање на одделни органи за медицински цели.

Во четвртиот дел кандидатката се обидува да најде одговор на две многу важни прашања: Како да се обезбеди слободниот избор на човекот, а истовремено да се поддржи и етичкиот правец на тој избор? И второто: Што се случува, кога се донесува закон кој официјално ги дозволува ваквите форми на однесување? Тие не остануваат само дел со кој се користат мали групи кои веќе го направиле својот избор. Така се случува, на пример, со хомосексуализмот. Резолуцијата донесена од Европарламентот пропишува во школите да се воведе воспитување во духот на прифаќање на хомосексуализмот и дури се фиксира ден во годината кој ќе биде посветен на борбата против хомофобијата. Што се добива? Општеството не само што не се повикува кон почитување на животот на определено малцинство, туку му се наметнува пропагандата на хомосексуализмот како некаква норма.

Во петтиот дел кандидатката прави анализа на печатените медиуми во Република Македонија, за тоа како тие во периодот од 2002 до 2007 година ги покривале прашањата поврзани со современите морални предизвици (абортус, хомосексуални бракови, клонирање, евтаназија). Значењето на ова истражување е мерливо со оправданоста од воочувањето на зачестеноста и природата на комуникациско-информациските содржини за социолошките феномени на моралната паника. Благодарение на таа дескриптивна база и фактографско богатство на медиумското информирање, м-р Александра Жежова со право се прашува дали медиумите кај нас ја исполнија новата улога на моралотворители која им ја дава технизацијата и телеобјективизацијата на модерното општествено живеење. Сите овие теми сè уште влеваат страв во поголемиот дел од светот, но сè почесто може да се наиде на некоја полиберална држава, која легализирала хомосексуални бракови или евтаназија. Нормално дека сите се контроверзни и многу зрели за дискусија и за изнаоѓање на модуси, преку кои тие би можеле да се интегрираат во современото општество. Многузначноста на ова контроверзно прашање наложува сериозен и аналитички пристап, со цел да се обезбеди најцелисходното и

најфункционално решение. Исто така, медиумите треба да ги отвораат прашањата за односот на општеството кон современите морални предизвици. Самите медиуми треба попродлабочено да се зафатат со обработување на овие теми, а не да чекаат одредени поводи или акции на невладините организации за да информираат.

Во своите заклучни согледувања, кандидатката м-р Александра Жежова констатира дека, квантитативно, бројот на прилози и други новинарски продукти кои ги третираат современите морални предизвици во печатените медиуми во Република Македонија, во периодот од 2002 до 2007 година, не е на задоволително ниво, односно не соодветствува на тежината на проблематиката и на потребите на граѓаните/публиката од таков вид содржини. Ова тврдење се засновува врз фактите за соодносот меѓу вкупно објавените содржини во весниците, од една страна, и постојните (а неискористени) можности на медиумите да ја третираат оваа вредна медиумска материја понагласено и со поголем квалитет од друга. Сепак, постојат вредни обиди, главно преку искажувањата на експертите, подлабоко да се третираат и психолошките и општествените аспекти на феноменот на современите морални предизвици. Соодносот помеѓу претежно информативните содржини (прилози) и аналитичко истражувачките текстови е речиси 7 спрема 3. Во Република Македонија, главно низ акциите на организациите и телата што работат на право на избор на сексуалната ориентација има подготвено, објавено и дистрибуирано содржински богати материјали (брошури, анализи, флаери) кои на соодветен начин информираат за сите релевантни прашања за моралните предизвици. Иако најчесто известуваат за нивните активности, медиумите како да не ги откриле граѓанските центри како извонреден избор на теми, сознанија и анализи за современите морални предизвици. Повеќе самите граѓански центри им нудат на медиумите информации, отколку што медиумите систематски, аналитички и креативно презамаат иницијативи за ползување на нивните активности, проекти и идеи.

## ЗАКЛУЧОК

Комисијата смета дека докторската дисертација на м-р Александра Жежова - „Информирањето на печатените медиуми за современите морални предизвици во Република Македонија", по својот пристап, теоретска анализа и истражувачки резултати дава посебен придонес во социолошката наука кај нас, особено ако се има предвид фактот дека во нашата научна средина нема некои позначајни истражувања на овој план. Кандидатката успешно го операционализира предметот на истражувањето, има јасна формулација на научноистражувачкиот проблем и прецизно ги формулира научните и општествено-практичните цели и задачи на истражувањето. Исто така, кандидатката јасно ја гради хипотетичката

рамка на истражувањето и се определува за методи и методски постапки кои се соодветни на предметот на истражувањето. Оттука, дисертацијата на м-р Александра Жежова е сериозен, оригинален и интересен научен труд, во кој преку анализата на содржина на печатените медиуми за степенот и начинот на информирање, дава и свои непосредно и практично применливи сознанија за формирањето на јавното мислење во Р. Македонија за современите морални предизвици.

Имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го усвои извештајот и оцената за предложената докторска дисертација на кандидатката м-р Александра Жежова како позитивен, со што кандидатката би пристапила кон одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Матевски, с.р.
Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, с.р.
Проф. д-р Нелко Стојаноски, с.р.
Проф. д-р Антоанела Петковска, с.р.
Проф. д-р Илија Ацески, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АРХИВИТЕ И УПРАВУВАЊЕТО СО АРХИВСКИТЕ ЗАПИСИ ВО ПРОЕКТИТЕ И ДОКУМЕНТИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА“, ПОДНЕСЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ДИЈАНА ПЕТРЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 56, 57 и 58 од Правилникот за единствените основи на организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата III редовна седница одржана на 4.11.2009 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на тема *Архивите и управувањето со архивските записи во проектите и документите на Европската унија,* изработена од докторантката м-р Дијана Петреска. Во тоа својство, имаме чест на Наставно-научниот совет да му го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов *Архивите и управувањето со архивските записи во проектите и документите на Европската унија,* изработена од докторантката м-р Дијана Петреска, е од научната област *архивистика и документаристика,* што се потврдува од предметот на истражувањата, применетата методологија и презентираните анализи, сознанија и резултати.

Композицијата на трудот е направена според тематските содржини и соодветната методологија. Основниот текст е поделен на четири глави. Во трудот се поместени предговор, вовед, заклучок и библиографија. Вкупно трудот содржи 417 страници, низ текстот се поместени фотографии, шеми, знаци и сл., кои тематски и проблемски го дообјаснуваат и докомплетираат текстот.

Во **Предговорот**, м-р Петреска ги изнесува нејзините мотиви за избор на оваа тема за докторска дисертација, поддршката што ја имала од нејзините професори за овој избор, кусо упатувајќи на изборот и карактерот на користените референци.

**Воведот** претставува првично навестување на предметот на истражувањето, елаборирањето на главните тематски целини кои ги содржи трудот, со акцентирање на актуелноста на прашањето на европските интегративни процеси и процесот на проширувањето на Европската унија, реализирањето на заедничките политики на членките на ЕУ во областа на *архивистиката и документаристиката,* улогата на европските институции и улогата на архивите во државите - членки во соработката на заедничките проекти и во донесувањето на соодветни документи.

**Првата глава** под наслов *Институциите на ЕУ и статусот на архивите во заедницата и во нејзините членки* (8 -303) содржи голем број наслови и поднаслови, во кои најпрво се обликувани содржини кои

тематски се однесуваат на настанувањето и значењето на Европската унија, структурата и функцијата на нејзините заеднички тела, посебно на: Советот на Европската унија, Европскиот парламент, Европската комисија, Судот на правдата, Судот на ревизорите, како и на правниот и политичкиот карактер на документите кои се создаваат во нивните канцеларии и управувањето со нив. Посебно е истакната улогата на Советот на ЕУ, во кој се усвојуваат документи: резолуции, извештаи, препораки и мислења од областа на администрацијата, документаристиката, архивистиката, заштитата и презентацијата на европското културно наследство и сл. Со оглед на помасовното создавање на електронски документи разработено е и прашањето за заштитата, пренесувањето и архивирањето на електронските записи за кои се создаваат нови стандарди и во областа на канцелариското работење и во архивските институции, како и напорите за дигитализација на документите и архивските записи. Во овој дел од текстот е објаснета и положбата на националните, односно државните архиви во 27 членки на ЕУ, кои се под ингеренција на владите, на министерствата, парламентите и др. органи.

Најголемиот дел од оваа глава, околу 200 страници докторантката ги посветила на објаснувањето и сознанијата до кои дошла за настанувањето на националните, односно државните архиви во сите 27 членки на ЕУ, за карактерот на документите, за сместувањето на архивските записи, техничките услови за нивното чување и заштита во приспособени објекти или специјално изградени архивски згради, кои ги задоволуваат сите современи барања за сигурносно чување на записите на каков било носач на информации, грижата за презентацијата на архивските записи пред јавноста, преку најразлични форми и пригоди, публикации, изложби, интернет-страници и сл., соработка во билатерални и мултилатерални проекти од областа на архивистиката, музеологијата, библиотекарството, информатиката, процесите на модернизација на архивските сервиси, со примена на електронската и информатичката технологија, грижата за едукација на архивистите и други аспекти. Следејќи ги изнесените податоци за сите 27 членки, се добива впечаток дека докторантката вложила големи истражувачки напори користејќи, пред сѐ, електронски документи на англиски јазик, но и на француски, кои не се преведени на македонски, но најголем дел од нив ниту на јужнословенските јазици. Најголем акцент е ставен на современите аспекти на архивските сервиси, имено на нивната организација за да одговорат на барањата на информациската и комуникациската технологија.

М-р Дијана Петреска успеала да ги опфати најзначајните достигнувања на архивите во земјите-членки на ЕУ. Меѓу нив заслужува да се спомене Државниот архив на Австрија, кој вложил многу во модернизацијата на организацијата, во опремата за скенирање и, секако, во процесот на дигитализацијата. Импонира архивскиот информациски систем достапен преку интернет, големото ангажирање да се поддржи истражувањето во областа на генеологијата, како и учеството во повеќе меѓународни проекти, како организатор на научни и стручни форуми, конференции и други собири.

М-р Дијана Петреска со право посветила поголем простор и внимание на Државниот архив на Белгија. Земјата која е една од

основачите на ЕУ, може слободно да се рече дека се стекна со епитет *центар* на евопските интегративни процеси, со оглед на тоа што во неа се сместени важни тела на ЕУ, а се одржуваат и бројни состаноци и собири на претставници на членките на ЕУ. Исто така, Државниот архив на Белгија и покраинските архиви имаат мошне организирана архивска служба. Во рамките на Државниот архив на Белгија постои специјално одделение кое е задолжено за дигитализација, дигитално депо и дигитална читална. Приоритетна задача на одделението е да се обезбеди подобар пристап до архивските записи, кој е многу побрз и поуспешен од традиционалниот. Исто толку значајно во таа област е и улогата на одделението за надворешна соработка, координација, комуникација и јавна служба, како и за постојано ажурирање на интернет-страницата за регуларно публикување на дигиталниот и информациски билтен. Докторантката Дијана Петреска е внесена во базата на податоци на корисниците на информации понудени од оваа одделение и ги добива редовно новите информации за активностите и новините на Државниот архив на Белгија.

Меѓу оние членки на ЕУ на кои докторатката се задржала повеќе поради големата улога и специфичностите во организацијата и активноста на архивите е Велика Британија, која исто така има модерен архивски сервис опремен на високо ниво. И токму затоа докторанката посебно се задржала на секторот за дигитална заштита при Националниот архив на Велика Британија. Уште во 2003 година во него била основана дигиталната архива, за прв пат било достапно дигитално депо во кое успешно се сместени и истовремено достапни е-записите. Од 2005 година бил активиран системот за презентација на електронски записи online. Државниот архив и покраинските архиви учествуваат во повеќе меѓународни проекти во рамките на ЕУ и преку МАС. На интернет-страницата на В. Британија поставени се online изложби за актуелни настани (како што е мошне интересната изложба за т.н. *Тајна држава*, која ги презентира изградените скривници за време на Студената војна, во кои во евентуалната Трета светска војна би се засолнал државниот врв, изложба за екипажот на Титаник, изложба од историјата на секојдневниот живот која го презентира производството на алкохол во минатото и првите пивски шишиња) итн. М-р Дијана Петреска е регистрирана и на интернет-страницата на Архивот на В. Британија како редовен консумент на известувањата, кои ги добива од архивските служби задолжени за надворешна комуникација.

Со својата специфика се одделува и архивската дејност на Данска. Така, Филмскиот центар на Државниот архив на Данска ги дигитализирал парохиските регести и пописите на населението од 1787 редовно до 1890, а потоа од 1906 и 1916 години, а работи на дигитализација и на оние што датираат од периодот по Првата светска војна, со цел да ги направи достапни на интернет. Данската демографска база на податоци е мошне сигурен извор ако се бараат предците на интернет преку Државниот архив на Данска. Сето тоа придонесува за задоволување на барањата на генеологијата, која е мошне актуелна наука во Данска, но и во други соседни на неа држави, во кои има заинтересирани истражувачи за таа област.

Естонија иако немаше долга традиција како независна држава, по распаѓањето на СССР и стекнувањето на независност во почетокот на 90-

тите години на минатиот век, направи голем напредок во дигиталната заштита. Таа започна со подготовките уште во деведесеттите години на XX век, а формално архивот почнал да учествува во реализирање на дигитализацијата во 1999 година. Во 2002 година започнал и пилот-проект за архивирање на дигитални компјутерски бази на податоци. AIS е база на податоци на Националниот архив на Естонија. Значајно е тоа што во Естонија има *Закон за дигитални потписи,* а тоа е можност или начин за заштита на оригинални документи во електронска форма. Сета дејност околу осовременувањето на архивскиот сервис и управувањето со архивските записи, особено оние во електронска форма, се интензивирала во годините пред влегувањето на Естонија во ЕУ, а согласно со документите *Стратегискиот план за управување со записите и архивскиот систем за периодот 2002-2005 година* и *Развојниот план на национални архиви до 2005 година.*

**Втората глава,** *Грижата на ЕУ за чувањето, заштитата и презентирањето на културното наследство* (304-334), докторантката ја посветила на *EBLIDA - Европското биро на библиотеки, информативни и документациони асоцијации* со седиште во Хаг, Холандија*, на Музеите и грижата за културното наследство, на Архивските сервиси на ЕУ-институциите* – секако тука поодделно за секое тело на ЕУ кое поседува *свој архивски сервис, и особено на Историскиот архив на Европската унија сместен во Фиренца.*

Докторандката го претставила оној посебен однос на ЕУ кон европското културно наследство и начинот на кој се однесува кон истото преку осознавањето на големината и неговото значење за сите заедници во Европа. Примената на новите технологии се состои во достапноста на културното наследство преку изработката на заеднички интернет-портал, односно *мрежа на европското наследство* и на тој начин обединување на трите основни институции – *архиви, библиотеки и музеи* во процесот на *дигитализација на културното наследство.* Македонија е членка во Советот на EBLIDA преку Народната и универзитетска библиотека. Прикажани се и главните активности, проектите на EBLIDA, Програмата на EBLIDA за 2009 и 2010 година и Стратегијата на EBLIDA за 2007-2010 г. Меѓународниот совет на музеи е меѓународна организација за музеите и музејските работници посветени на зачувувањето, продолжувањето и комуникацијата со светот преку природното и културното наследство. Докторантката навела и пример на музеи кои се однесуваат на културниот живот и на историјата на човештвото во Antwerp, Белгија, и во Лондон, Англија. Архивските сервиси на органите и институциите на ЕУ се достапни за јавноста и на тој начин обезбедуваат информации за работата на европските институции. Посебно е издвоен *Историскиот архив на Европската унија,* кој е одговорен за прием, заштита и овозможување на јавен пристап до документите постари од 30 години.

**Третата глава,** *Управувањето со архивските записи низ проектите на ЕУ* (335-375), содржи седум поглавја кои се посветени на Европскиот визуелен архив (EVA), проектите на ЕУ - EUAN, MALVINE, Planets, потоа на филмското наследство, проектот PULMAN CALIMERA, во кој била вклучена и Македонија преку НУБ, MoReq-моделот на барања за управување со електронските записи. Проектите биле кофинансирани од страна на Европската комисија. Посебно внимание

докторантката посветила на фотографиите кои се автентично историско сведоштво, на реставрацијата на старите фотографии, посочувајќи го правилниот начин или постапка за нивна дигитализација како моште важен дел од историското наследство на ЕУ и истовремено негово надополнување, со оглед на тоа што и фотографиите се заведуваат како архивски запис. Во детали се презентирани целите, активностите и резултатите на PULMAN-мрежата, и потоа на CALIMERA-проектот како продолжение на претходниот. Тука докторантката ги навела примерите за примената на резултатите во повеќе земји презентирани во Финалниот извештај на CALIMERA. Со оглед на тоа што м-р Дијана Петреска магистрираше на тема за MoReq-от, во овој контекст се задржала само на највавжните негови аспекти, нагласувајќи дека тој сè повеќе и повеќе се развива и имплементира како стандард во канцелариското работење во јавниот и приватниот сектор во Европа. Planets-проектот се однесува на долгорочното чување на дигиталните содржини. Овој проект објави голем број на алатки за заштита кои слободно може да се користат или преземат од интернет-порталот на Planets.

**Четвртата глава,** *Архивите и архивските записи во документите на Европската унија* (372-394), содржи три поглавја. Докторантката прво го дефинирала DLM Forum-от, кој претставува еден мултидисциплинарен форум во рамките на ЕУ за проблематиката на чување, конзервација и реставрација на машинско читливи податоци, и документот кој е наменет за начинот на постапување и управување со машинско читливите податоци и електронски документи. Истовремено се презентирани извештаите на ЕУ кои се однесуваат на архивите во државите-членки, посебно опширниот *Извештај за архивите во проширена Европска унија* (содржи околу 170 страници), изработен за архивите во 25 земји-членки во 2005 година (пред влегувањето на Бугарија и Романија во ЕУ), потоа препораките и регулативите на ЕУ за пристап до архивската граѓа, документите на Европскиот парламент, Советот на ЕУ и Европската комисија, Препорака за поголема соработка во доменот на архивите во Европа и други.

Во **Заклучокот** (395 - 400), докторантката направила сумарен осврт на резултатите од нејзините истражувања, ги навела сознанијата и заклучоците до кои дошла, го изнела значењето на искуството што го стекнала при компаративниот пристап на обработката на добиените податоци и стекнатите сознанија за современата организација на архивите и примената на информациската технологија во архивските сервиси во земјите-членки на Европската унија.

## Заклучок и предлог

Докторската дисертација под наслов *Архивите и управувањето со архивските записи во проектите и документите на Европската унија*, изработена од докторандката м-р Дијана Петреска, е од научната област *архивистика и документаристика*. Дисертацијата претставува прв научен труд од оваа област во Република Македонија и пошироко. Во трудот дошла до израз инвентивноста на докторантката која успеала,

преку користење на компаративниот метод, методот на анализа и синтеза и други истражувачки постапки во архивистиката, документаристиката, информатиката и историографијата, успешно да реализира мошне обемен истражувачки проект, кој се однесува на еден важен сегмент на дејствувањето на ЕУ. Притоа, докторантката тргнува од тезата дека архивите, нивната организација и архивското работење, како цивилизациски предизвик во чувањето и одржувањето на историските традиции и културното наследство на секоја од членките на ЕУ, со нивните специфичности го надополнуваат и го збогатуваат европското заедништво на култури. Во тие рамки, особен акцент е даден на реализацијата на заедничките европски проекти кои во шаренилото на специфични организации настојуваат да воведат унифицирани системи на средување, чување и користење на архивската граѓа, со што се рушат препреките во поуниверзално и полесно користење на архивската граѓа во истражувачки цели на академско ниво, но и на многу поголем број други консументи.

Со реализирањето на овој истражувачки потфат, м-р Дијана Петреска дава несомнен придонес во развојот на архивистиката како наука во Република Македонија.

Тргнувајќи од горе изнесените оцени и заклучоци за предметот на истражувањето, научниот потход, истражувачките резултати и применетата методологија во разработката на темата на докторската дисертација, презентираните анализи, сознанија и резултати, имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати овој извештај и да допушти усна одбрана на докторскиот труд.

Комисија

Проф. д-р Виолета Ачкоска – ментор, с.р.

Проф. д-р Маргарита Пешевска, с.р.

Доц. д-р Борче Илиевски, с.р.

Проф. д-р Христо Карталов, с.р.

Проф. д-р Методија Манојловски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СИСТЕМОТ НА САНКЦИИ ВО ИСЛАМСКОТО ПРАВО“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АФРИМ ОСМАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 29.10.2009 година, по предлог на Институтот за казнено право и криминологија донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација изработена од кандидатот м-р Африм Османи, под наслов **„Системот на санкции во исламското право“,** во состав: проф. д-р Љупчо Арнаудовски, акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф. д-р Никола Тупанчески и проф. д-р Гордан Калајџиев.

Комисијата за оцена на докторската дисертација во наведениот состав ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација на кандидатот м-р Африм Османи и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Приказ на трудот

Докторската дисертација **„Системот на санкции во исламското право“**од **м-р Африм Османи** опфаќа компјутерски изработен текст на 258 страници. Структурално трудот се состои од вовед, општ дел, посебен дел, заклучоци и библиографија.

Во **воведните напомени** кандидатот појаснува дека за предмет на дисертацијата го избира прашањето за карактерот и развојот на исламското казнено право воопшто, а посебно - изворите, системот на санкции, како и развојот на казнените законодавства на неколку држави со исламски предзнак. Во воведните напомени се истакнати и научните цели на истражувањето, методите, хипотезите, како и неговата општествена научна оправданост.

**Општиот дел** од дисертацијата содржи осум глави. Во првата глава, насловена **„Големите фамилии на казненото право“,** авторот зборува за разликите, сличностите и дилемите меѓу најголемите фамилиите на правота - континенталното, common lanj, исламското право, правото на земјите на Далечниот исток итн.

Во втората глава - **„Извори на исламското казнено право“,** кандидатот ги објаснува и ги разработува основите извори на исламското казнено право: Куранот, кој претставува збирка на правила настанати од 611 година (Мека) до 633 година (Медина); Сунетот, што го опфаќа мухамедовото толкување на Куранот, коментар на Куранот што ги поставил само општите принципи на религијата, моралот и правото; Иџма-ул-умет, согласните мислења на четворицата мухамедови наследници за одделни правни прашања,

создадени врз основа на аналогија, слободно толкување и правните обичаи; Кијас, односно начелните решенија што врз основа на аналогија ги изведувале исламските правници од постјните правни прописи; Урф- адет, т.е. обичај; и Ер-реи, решавање на конкретно прашање по пат на слободно наоѓање, како вид на правна аналогија.

**Развитокот на исламското казнено право** – е насловот на третата глава на дисертацијата и во неа кандидатот се задржува врз историскиот развиток на исламското казнено право кој опфаќа неколку фази, и тоа: меканската фаза, мединската фаза, фазата на хулефа ер-Рашидин, класичниот период на правните школи - ханефиската школа, маликиската школа, шафиската школа и ханбелиската школа. Освен овие фази, со оваа глава се опфатени и исламското казнено право за време на османлиското владеење, па се до распаѓањето на отоманската империја; исламското право во текот на 1918-1946 година во територијата на поранешната СФРЈ, како и кодификацијата на исламското казнено право.

Во четвртата глава со наслов **„Основни карактеристики на исламското казнено право"**, авторот ги разработува основните начела, меѓу кои: начелото на законитост, начелото на правичност, начелото на забрана на ретроактивно дејство на законот, принципот на територијалност, начелото на субјективна претпоставка, како и меѓународните стандарди на исламското казнено право. Исламското казнено право се развива по трендот на современиот развиток на казненото право и ги следи меѓународните стандарди односно ги прифаќа сите оние стандарди што не се во спротивност со првите два и главни извори, Куранот и Сунетот.

**„Меѓународните стандарди на човековите слободи и права во исламот"** се разработени во петтата глава, во која посебен акцент се стана врз тоа како се третирани човековите слободи и права во исламот, односно дали исламот ги следи сите меѓународни стандарди во нивната глобална имплементација.

Предметот на шестата глава **„Системот на санкции во исламското казнено право"** е најважен и најобемен дел во трудот. Системот на казненоправните санкции е дел од системот на казнената правда. Поради ова, системот на санкции како правно-институционализиран облик на средствата и методите на криминалната политика треба секогаш да биде на рамништето на потребите за ефикасно отстранување и спречување на криминалитетот. Исламското казнено право, казнените дела ги дели на две категории: во првата категорија се опфатени сите оние казнени дела насочени против Бога, дела кои се стриктно наброени во Куранот од страна на Бог, додека, пак, во втората категорија се опфатени казнените дела кои се насочени против човекот. Во оваа глава е опфатено и казнувањето според шеријатот, како и видови на казни, меѓу кои се вбројуваат: елиминаторните казни (смртна казна) телесните казни (сакатење, камшикување, каменување, распнување), финансиските санкции (парична казна), моралните санкции, санкции со лишување од слобода (казна затвор, депортација и протерување), безбедносните мерки и алтернативните санкции.

Во седмата глава **„Видови на казнени дела во исламското казнено право"**, авторот дава подетално објаснување за казненото дело. Казненото дело според шеријатската дефиниција подразбира правна забрана одредена од Алах, чие казнување е одредено и пропишано од него. Казненото дело кое се дефинира според шеријатот, е идентично со дефиницијата на законите на западниот свет. Во исламското казнено право се што е забрането од Господ и неговиот Пратеник се смета за казнено дело и злосторство. Шеријатот ги идентификува најсериозните казнени дела или злосторства наведени во

Куранот и тие се сметаат како гревови кон Алах за кои следат задолжителни казнувања. Посебно во оваа глава се опфатени групата на казнени дела и нивните санкции, и тоа: Худуд, Кисас, Тазир и Дија.

Осмата глава со наслов **„Криминално-политички основи и перспективи на исламското казнено право"** е посветена на подеталното објаснување со цел разбирање на поимите: ислам, фундаментализам, радикализам, џихад и тероризам.

Во **посебниот дел** од докторската дисертација е содржана деветтата глава, **„Компаративен преглед на казнените законодавства во исламските држави",** која е една од најобемните глави во дисертацијата. Оваа глава ги отсликува разликите, сличностите и дилемите на казнените законодавства на неколку држави со исламски предзнак. Со други зборови, се прави разјаснување и компаративна анализа на правниот систем, судскиот систем, казнениот систем, системот на санкции, малолетничката казнена правда, човековите слободи и права, како и на состојбата, обемот и динамиката на криминал во сите три групи на држави што се специфицирани во оваа дисертација, односно првата група држави каде што спаѓаат државите во кои исламот со устав е воведен како државна религија (Саудиска Арабија и Иран); втората група држави во која се вбројуваат оние држави со мнозинско муслиманско население, но каде што исламот не е воведен како државна религија (Египет и Индонезија) и третата група на држави која ги опфаќа државите во кои доминира исламот, но кои се проевропски ориентирани (Турција и Албанија).

На крајот, авторот прави резиме на целиот труд и ги презентира своите заклучни констатации, односно своите гледишта, забелешки и предлози за прашањата кои се предмет на интерес на докторската дисертација.

**Оцена на трудот**

1) Докторската дисертација на кандидатот Османи обработува една мошне значајна тема на компаративното казнено право, кое, како и компаративното право воопшто кај нас, е мошне запоставена научна дисциплина. Традиционалната ориентација на нашата казненоправна и воопшто правна мисла кон западните законодавства и теорија, разбирлива во мерата во која и македонското право и припаѓа на фамилијата на западното континентално право, не може да го избегне приговорот за еднострanча насоченост на научниот интерес. Компаративните проучувања, како и едукацијата на идните правници, ретко кога одат подалеку од фокусираноста врз вообичаени компаративни пристапи: регионалниот, правото на државите во транзиција, западните европски законодавства и англосаксонската правна традиција, како и евентуалните заемни влијанија помеѓу овие правни подрачја.

Ваквиот пристап ја прави македонската правна компаративистика мошне ограничена и недоволно компетентна во остварувањето на својата основна функција. Прво, затоа што поголемиот дел од современиот правен свет останува надвор од научната опсервација, што во услови на глобализација и интензивни меѓународни односи претставува кардинално застранување од потребите на една очигледно нужна научна и позитивноправна комуникација. И второ, затоа што запоставувањето на цели фамилии на правото, како што се исламското право и правото на Далечниот Исток, значи всушност прифаќање на инсуфициентен, па и во голема мера идеологизиран научен пристап, кој,

некритички следејќи ги идеите на правото на западната цивилизација, нужно ги прифаќа и големите промашувања во нивното остварување, без да ги конфронтира со идеите на правото и позитивното право развиени врз традиции кои имаат дури и подлабоки историски корени од западните.

Недоволното познавање на комплексните компаративни аспекти на одделните правни гранки, како што е во прв ред казненото право, е извор и за идеологизиран резервиран став кон се што не припаѓа на двата правни круга на западната цивилизација: континенталното и англосаксонското право. Тој е на најдобар пат да ескалира до тезата за "судир на цивилизации", при што како главен аргумент за постоење на таквиот судир се земаат токму различните пристапи кон основните човекови слободи и права и нивната казненоправна заштита, суровоста на казните кои постојат во тие други фамилии на правото, повредата на човековите права итн.

Запоставувањето на проучувањето на фамилијата на исламското право може да се припише токму на таквиот резервиран став, кој не може да се оправда со објаснувањето дека нашето право припаѓа на континенталното право и за своја аксиолошка основа ги зема вредностите на западната цивилизација. Треба да се има предвид тоа дека компаративното казнено право нема за цел проникнување само во позитивноправната структура на сличните системи, туку воопшто објаснување на мета-јуридичката, аксиолошка детерминираност на правото на современото мултикултурно општество.

2. Сфаќањето за правото како аксиолошка дисциплина има своја најексплицитна потврда во казненото право, како гранка на правото чијашто основна функција е заштитата на инвидуалните и општествените добра. Таква е битноста и на системот на санкции, кои се состојат во посегање по основните вредности на престапникот- неговите слободи и права. Поради тоа, проучувањето на системот на санкции на определени казненоправни системи, кои припаѓаат на иста фамилија на правото, претставува , всушност, проникнување во нивната заедничка вредносна основа, која трансцендира на универзалните општочовечки вредности.

Кандидатот Османи се нафатил во својата дисертација со една тешка задача: да го анализира системот на санкции во исламското право. Постојат најмалку две причини кои ја прават ваквата задача сложена. Прво, санкциите се најдинамичниот дел на казненото право, систем кој ги одразува сите специфичности на историскиот и општествениот контекст во кој тоа ги остварува своите функции. Тие, како и казненото право, конечно и правото во целина, се културна појава, еманација на замрсениот сплет на општествени, економски, политички, идејни и идеолошки, културни и, не помалку важно религиозни влијанија. Казната, како и вината и другите основни категории на казненото право, има социјално-етичка содржина, исполнета со морални барања кои се формираат како сублимат на рационалните, но и на моралните и обичајносните постулати. Во исламското право, според неговите проучувања, тие постулати се формирани под силно влијание на исламскиот верски наук и традицијата на шеријатското право, кој останува основа и на современото барање за приспособување на таквиот наук и традиција на новото време. Второ, исламското казнено право и неговиот систем на санкции имајќи традиционални корени во шеријатското право, но во најголемиот дел држави кои припаѓаат на исламскиот културен круг и кои ја наследиле таа традиција се извршени крупни општествени промени. Тоа се држави со различно уредување (републики, монархии), во дел од нив е задржано влијанието на старото шеријатско право, а во други е развиен модерен казненоправен систем итн. Цел на истражувањето на кандидатот е да ги објасни

токму таквите промени и нивните детерминирачки фактори, за да одговори на прашањето: кои фактори и кои општествени услови влијаат врз трансформацијата на традиционалниот шеријатски систем на санкции во правец на негово осовременување и приближување кон вредносната ориентација и структурата на системот на санкции во западните законодавства.

Прикажувајќи го од држава до држава таквиот процес, докторандот го потенцира сознанието дека сите трансформации се вршат на начин кој не значи прифаќање на позитивноправни решенија спротивставени на основните учења и етички постулати на исламската религија. Тоа од една страна покажува дека и самата таа верска рамка на социјално-етичките основи на системот на санкции се осовременува, без да ги напушти своите автентични определби, во истата смисла во која од друга страна и системот на санкиции, како нивна еманација, се развива како рационално заснован систем кој мора да ја уважува вредносната ориентација на поединецот и општеството.

Со својата анализа на споредбените решенија во државите од исламскиот свет, кандидатот доволно аргументирано ја потврдува својата појдовна теза: дека законодавствата на развиените исламски држави ги следат тенденциите на универзализација на казненото право и на системот на санкции, а со тоа и на концептот на основните човекови слободи и права со кои е тој систем најдиректно поврзан; и дека таквите трансформации на системот на санкции, како едно од најосетливите правни подрачја, се доволен доказ за неодрживоста на тезата за "*судир на цивилизации*". Но тие се случуваат во економски и културно развиените општества, што е повторно потврда за тезата дека не самата религија или традиција, туку конкретниот општествен, историски и културен контекст е основната детерминанта што ја одредува содржината и формално-правната структура на системот на санкции, нивните видови и цели.

Основна забелешка што може да му се упати на овој труд е тоа дека авторот не завлегол подлабоко во комплексот на економските, политичките, културните и други детерминанти на системот на санкции во исламското казнено право, покрај влијанието на исламското учење и шеријатското право. По тој начин неговиот докторат би можел да прерасне во една пожелна целовита анализа на историскиот, општествениот и културниот контекст во кој настануваат ги остваруваатвоите функции казненото право и неговиот систем на санкции. Но тоа не е само недостаток на овој докторски труд, туку, едноставно, консеквенција на една вообичаена општа ориентација во подготовката на докторските дисертации на правните студии, кои главно робуваат на позитивистичкиот пристап.

**Заклучок со предлог**

Независно од изложената општа забелешка и другите поединечни сугестии за подобрување на некои делови на излагањата, Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатот Африм Османи заклучува дека таа одговара на основните методолошки барања за подготовка на докторски труд и дека со поставувањето на основните хипотези, анализата на предметот на истражување и своите заклучни согледувања претставува издржан и сериозен научен труд. Таа е придонес кон

развивањето на компаративното казнено право во област која досега кај нас не е поступдиозно истражувана и поттик за проширување на предметот на казненоправната наука и во други такви недоволно истражувани подрачја.

Врз основа на изложената оценка, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје да го прфати овој извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот Африм Османи под наслов: " Системот на санкции во исламското право".

**Скопје, 7.2.2010 год.**

**К О М И С И Ј А**

1. **Акад. проф. д-р Владо Камбовски,**

2. **Проф. д-р Љупчо Арнаудовски,**

3. **Проф. д-р Методија Каневчев,**

4. **Проф. д-р Никола Тупанчески,**

5. **Проф. д-р Гордан Калајџиев**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АЛГЕБРАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-3390/3 на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје од 11. II 2010 година, донесена на седницата од 4. II 2010 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Весна Целакоска-Јорданова, асистент во Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставениот конкурсен материјал и врз основа на личното познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Весна Целакоска-Јорданова е родена на 14.I 1974 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование, а во учебната 1992/93 се запишала на групата математика на ПМФ во Скопје, наставна насока. Во учебната 1995/96 година била прогласена за најдобар студент на групата математика. Дипломирала на 26.II 1997 година на тема „Една недезаргова рамнина од ред девет", со просечен успех 9.42. На 22.XII 1997 година се врботила како стручен соработник во Институтот за математика на ПМФ, на 19.II 2000 била избрана за помлад асистент при Заводот за геометрија и топологија, а на 31.X 2002 и на 28.X 2004 била преизбрана за помлад асистент при Институтот за математика. На 28.IX 2006 била избрна за асистент при Заводот за алгебра и геометрија во Институтот за математика на ПМФ во Скопје (Билтен на УКИМ бр. 902, Скопје, 1.IX 2006) ), а на 19.V 2009 била преизбрана за асистент на Институтот за математика (Билтен на УКИМ бр. 962, Скопје, 15 април 2009 година).

Во учебната 1997/1998 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Магистрирала на 12.X 2005 на тема: *Канонични објекти во многуобразија групоиди*, којашто е од областа на универзалната алгебра. Во мај 2007 година пријавила тема за докторска дисертација со наслов: *Слободни и инјективни објекти во некои класи n-групоиди*, под менторство на проф. д-р Биљана Јанева, а е прифатена од Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет на 27.IX 2007 година. Во периодот од 23. II.2009 до 4.VI 2009 (летниот семестар од учебната 2008/2009) и е одобрено отсуство од работа за изработка на докторската дисертација. По добивањето на позитивна рецензија (Билтен на УКИМ Бр. 969, Скопје, 1 септември, 2009 година, усвоен на ННС на ПМФ, Скопје, на 1.X 2009 година), ја одбранила докторската дисертација на 21.X 2009 година, со што се стекнала со академскиот степен доктор на математички науки.

### II. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Во изминатиот период, како помлад асистент и асистент, д-р Весна Целакоска-Јорданова изведувала вежби по следниве предмети: множества и логика, алгебра I, алгебра II, алгебра III, линеарна алгебра I, линеарна алгебра II, векторски простори, криптографија (за применетата насока на групата

математика), методика на наставата по математика со хоспитации (за наставната насока на групата математика и групата математика-физика), аналитичка геометрија (за групата математика-физика), тригонометрија (за групата математика-физика), математика I и математика II (за групата хемија), математика (за Факултетот за земјоделски науки и храна), математика со биостатистика (за групата биологија), математика (за групата биологија-хемија), математика (за Фармацевтскиот факултет), математика (за Шумарскиот факултет), како и предавања од предметот линеарна алгебра II (во учебната 2009/2010), под менторство на проф. д-р Дончо Димовски.

## III. УЧЕСТВО НА НАУЧНИ СОБИРИ

Д-р Весна Целакоска-Јорданова учествувала со свои соопштенија на повеќе научни собири во земјава и во странство:

– II Конгрес на Сојузот на математичарите и информатичарите на Македонија, Охрид, 2000: *За две многуобразија групоиди од ранг* 1 (Ѓ. Чупона, В. Целакоска-Јорданова), а била коавтор на соопштението: *За една класа n-групоиди* (Б. Јанева, В. Миовска, В. Целакоска-Јорданова);

– III хрватски математички конгрес, Сплит, 2004: "*Free objects in varieties of groupoids with partial commutativity* ";

– NSAC'05, Новосадска алгебарска конференција 2005: "*Canonical biassociative groupoids*" (B. Janeva, S. Ilić, V. Celakoska-Jordanova);

– III конгрес на Сојузот на математичари на Македонија, Струга, 2005: "*Cyclic subgroupoids of an absolutely free groupoid* ";

– International Conference FMNS-2007, Blagoevgrad, Bulgaria, 2007: "*Free objects in the variety of groupoids defined by the identity* $xx^{(m)} = x^{(m+1)}$ ;

– Algorithmic Complexity and Universal Algebra 2007, Szeged, Hungary: "*Free objects in the class of power left and right idempotent groupoids*";

– XII српски математички конгрес, Нови Сад, 2008: "*Free power-commutative groupoids*" (V. Celakoska-Jordanova, B. Janeva);

– Mathematical Conference: 85 Years of Professor Blagoj Popov Life, Ohrid, 2008: "*Monoids of powers in some varieties of groupoids*";

– IV конгрес на Сојузот на математичари на Македонија, Струга, 2008: "*Canonical objects in the vartiety of groupoids defined by the identity* $x f(x) = f(f(x))$".

Учествувала активно и на сите научни работни средби и семинари во рамките на проектите *Слободни и ним блиски алгебарски структури* („Палас", Охрид 2000, „Инекс Горица", Охрид, 2001 и 2002) и „*Алгебарски структури*" (Струга, 2006, Молика 2007 и Охрид, 2008).

## IV. УЧЕСТВО ВО НАУЧНИ ПРОЕКТИ И РАБОТИЛНИЦИ

Учествувала како соработник во следниве научноистражувачки проекти:

1) *Слободни и ним блиски алгебарски структури,* МАНУ (раководител: проф. д-р Ѓ. Чупона), од 2000 до 2002.

2) *Алгебарски структури,* МАНУ (раководител: проф. д-р Ѓ. Чупона), од 2006 до 2008. Покрај вообичаените активности во проектот, учествувала и во техничката обработка на тритомното издание на "*Научни трудови по алгебра во Република Македонија, 1950–2007*". Покрај тоа, направила и електронска верзија на целиот материјал, којашто е достапна на интернет-страницата на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје со што сите научни трудови по алгебра

во Р. Македонија, 1950–2007, се ставени на располагање на широката научна јавност.

3) *Диференцијално-геометриски и тополошки проблеми и нивна примена* (раководител: проф. д-р К. Тренчевски), од 2007 до 2009.

4) *Развој на математичките науки во Р.Македонија 1946–2010* (раководител: проф. д-р Б. Попов), од 2008 до 2010 година.

Била учесник и на три семинари во рамките на проектот *Creative Teaching and Learning project*, 2006 (USAID, National program for development of education).

Била учесник на работилницата "Algebraic Structures and their Application in Coding Theory and Cryptography" во рамките на проектот DAAD – "Center of Excellence and Application of Mathematics", одржана во Охрид од 10.IX 2009 до 17.IX 2009 година. Во рамките на оваа работилница одржала предавање со наслов: "*Polinomial Rings and Polyniomial Codes*".

Била учесник на работилницата "Young Researchers Workshop", во рамките на проектот Tempus JP SEE Doctoral Studies in Mathematical Sciences, со соопштение: "*Canonical objects in classes of* $(n,V)$ *-groupoids*", одржан во Охрид од 16. IX 2009 до 20. IX 2009 година.

## V. НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Кон својата пријава, м-р Весна Целакоска-Јорданова го приложила следниот список на објавени научни и стручни трудови, при што првите осум се реферирани во Билтенот на УКИМ бр. 962 од 15. IV 2009.

### А. *Научни трудови*

1. Д. Димитровски, В. Целакоска-Јорданова, *Лапласовата равенка и хармониски функции од две комплексни независни променливи во аналитичен случај*, Год. зб. на ПМФ, Том 38 (1997), 11-22.
2. G. Čupona, V. Celakoska-Jordanova, *On a Variety of Groupoids of Rank* 1, Зборник на трудови од II конгрес, Охрид 2000, (2003), 17-23.
3. B. Janeva, V. Miovska, V. Celakoska-Jordanova, *On a class of n-groupoids*, Зборник на трудови од II конгрес на СМИМ, Охрид 2000, (2003), 25-30.
4. V. Celakoska-Jordanova, *Free groupoids with* $x^2x^2 = x^3x^3$, Mathematica Macedonica Vol.2, (2004), 9-17.
5. В. Целакоска-Јорданова, *Канонични објекти во многуобразија групоиди*, магистерски труд, одбранет на 12.X 2005
6. V. Celakoska-Jordanova, *Cyclic subgroupoids of an absolutely free groupoid*, Зборник на трудови од III конгрес на СММ, Струга 2005, (2007), 217-224.
7. B. Janeva, S. Ilić, V. Celakoska-Jordanova, *Canonical Biassociative Groupoids*, Publications de 'l Institute Mathematique, SANU, Nouvelle serie 81(95), (2007), 103-109.
8. V. Celakoska-Jordanova, *Free objects in the variety of groupoids defined by the identity* $xx^{(\omega)} \approx x^{(\omega+1)}$, Proc. International Conf., FMNS-2007, Blagoevgrad, Bulgaria, (2007), 75–81.
9. V. Celakoska-Jordanova, *On quaternary associative operations*, Mathematica Moravica, 11 (2007), 17 – 25.

Во овој труд се испитуваат некои својства на кватернарните асоцијативни операции што имаат неутрални низи. Дадена е карактеризација на овие операции со помош на бинарни примитивни операции.

10. V. Celakoska-Jordanova, *Free groupoids in the class of power left and right idempotent groupoids*, Int. J. of Algebra, 2, no.10 (2008), 451 – 461.

Во трудот е испитувана класа групоиди таква што секој групоид $\underline{G} = (G, \cdot)$ од оваа класа го има својството: секој подгрупоид од $\underline{G}$ генериран од кој било елемент $a \in G$ го задоволува идентитетот $(xx)(yy) \approx xy$. Покажано е дека оваа класа е многуобразие групоиди. Дадена е конструкција и карактеризација на слободните објекти во ова многуобразие, а покажано е и дека проблемот на зборови е решлив за ова многуобразие групоиди.

Трудовите А.1 – А.8 се реферирани во Билтен на УКИМ бр. 962 од 15.IV 2009.

**Б. *Стручни трудови***

1. В. Целакоска-Јорданова, *Последователни природни броеви*, Сигма 54, 2 (2001/ 02), 1-5.
2. В. Целакоска-Јорданова, *Неколку задачи за златен пресек*, Сигма 59, 3 (2002/ 03), 42-45.
3. В. Целакоска-Јорданова, *Теорема за идентични полиноми и нејзина примена*, Сигма 64, 4 (2004/ 05), 8-11.
4. В. Целакоска-Јорданова, В. Димитрова, *Латински правоаголници и латински квадрати*, Сигма 71, 3 (2005/ 06), 5–8.
5. В. Димитрова, В. Целакоска-Јорданова, *Што е криптографија?*, Сигма 72, 4 (2005/ 06), 6-10.
6. В. Целакоска-Јорданова, В. Димитрова, *Ортогонални латински квадрати*, Сигма 73, 1 (2006/ 07), 9–12.
7. В. Целакоска-Јорданова, Ј. Маркоска, З. Цветковски, Л. Стојановска, *Подготвителни задачи за регионални и државни натпревари по математика*, Нумерус, бр 2, (2006/07), 22–39.
8. В. Целакоска-Јорданова, *Аритметика на часовникот*, Нумерус , 3, (2006/07), 6–8.
9. В. Димитрова, В. Целакоска-Јорданова, *Крипто-системи*, Сигма 76, 4 (2006/07), 22–25.

Трудовите Б.1 – Б.9 се наведени во Билтен УКИМ бр. 962 од 15.IV 2009.

**В.** Учебник:

1. Ј. Митевска, В. Целакоска-Јорданова, Ѓ. Маркоски, *Математика*, Скопје, 2006, учебник наменет за студентите од Факултетот за земјоделски науки и храна.

**VI. ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

В. Целакоска-Јорданова учествувала во работата на Комисијата за натпревари по математика за учениците од средното образование во 1998 и 1999 година, како и во Комисијата за натпревари по математика за учениците од основното образование во 2005 и 2006 година. Од 1.VI 2004 до 1.IX 2008 активно учествувала во уредувањето на математичкото списание *Сигма*. Била член и во комисија за одбрана на дипломска работа.

Била член на комисијата за вршење попис во библиотеката на математика во 2004 и 2005, а и во комисијата за вршење попис на имотот на ИМ при ПМФ во

Скопје за 2005 година. Учествувала и во промотивни активности на Факултетот од 2004 до 2008 година.

Учествувала во организацијата на конференцијата "85 Years of Professor Blagoj Popov Life" со: уредување на интернет-страницата на конференцијата, техничка подготовка на книгата со апстракти и како контакт–лице.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложеното, личното познавање и искуството што го имаме во соработката со кандидатката, можеме да заклучиме дека д-р Весна Целакоска-Јорданова педантно и квалитетно ги извршува своите наставни обврски. Кон подготовката и реализацијата на вежбите пристапува одговорно и стручно, а односот кон студентите и е многу коректен, со изразена готовност секогаш да им помогне во совладувањето на наставниот материјал. Таа континуирано работи на своето научно и наставно-образовно усовршување, со активно учество во научни проекти и научни собири во земјата и во странство, со објавување трудови во научни и стручни списанија. Посакувана е како соработник за заедничка работа, а кон сите задачи што и се поставуваат пристапува одговорно и ги извршува целосно.

Во согласност со тоа, имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да ја избере д-р Весна Целакоска-Јорданова во звањето доцент при Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во Скопје, февруари 2010 година.

Рецензентска комисија

Акад. Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

Д-р Костадин Тренчевски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

Д-р Валентина Миовска, доцент на ПМФ во Скопје, с. р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Весна Наум Целакоска-Јорданова
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Природно-математички факултет, Скопје, Институт за математика
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** математика

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби (летен семестар, 1997/98) (7 ч.) (2+2+3) | 3,15 |
| 2. | Одржување на вежби (зимски семестар, 1998/99) (18 ч.) (2+6+2+3+4+1) | 8,1 |
| 3. | Одржување на вежби (летен семестар, 1998/99) (11 ч.) (2+2+2+4+3) | 4,95 |
| 4. | Одржување на вежби (летен семестар, 1999/2000) (5 ч.) (3+2) | 2,25 |
| 5. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2000/01) (15 ч.) (3+4+4+2+2) | 6,75 |
| 6. | Одржување на вежби (летен семестар, 2000/01) (12 ч.) (2+4+2+3+2) | 5,4 |
| 7. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2001/02) (15 ч.) (3+4+4+2+2) | 6,75 |
| 8. | Одржување на вежби (летен семестар, 2001/02) (12 ч.) (2+4+2+3+2) | 5,4 |
| 9. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2002/03) (13 ч.) (2+3+4+2+2) | 5,85 |
| 10. | Одржување на вежби (летен семестар, 2002/03) (11 ч.) (2+2+2+3+2) | 4,95 |
| 11. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2003/04) (17 ч.) (3+3+3+4+2+2) | 7,65 |
| 12. | Одржување на вежби (летен семестар, 2003/04) (11 ч.) (2+2+2+2+3+2) | 4,95 |
| 13. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2004/05) (19 ч.) (3+3+3+3+4+3) | 8,55 |
| 14. | Одржување на вежби (летен семестар, 2004/05) (10 ч.)(2+2+3+3) | 4,5 |
| 15. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2005/06) (19 ч.) (3+3+3+3+3+4) | 8,55 |
| 16. | Одржување на вежби (летен семестар, 2005/06) (10 ч.) (2+2+3+3) | 4,5 |
| 17. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2006/07) (17 ч.) (3+3+4+4+3) | 7,65 |
| 18. | Одржување на вежби (летен семестар, 2006/07) (11 ч.) (2+2+4+2) | 4,95 |
| 19. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2007/08) (13 ч.) (3+3+3+2+2) | 5,85 |
| 20. | Одржување на вежби (летен семестар, 2007/08) (12 ч.) (4+2+2+2+2) | 5,4 |
| 21. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2008/09) (20 ч.) (3+2+3+2+2+3+2+3) | 9 |
| 22. | Одржување на вежби (зимски семестар, 2009/10) (13 ч.) (3+3+3+2+2) | 5,85 |
| 23. | Одржување на предавања (зимски семестар, 2009/10) (3 ч.) | 1,8 |
| 24. | Консултации со студенти (летен семестар, 1997/98) (бр. ст. ≈ 150) | 0,3 |
| 25. | Консултации со студенти (зимски семестар, 1998/99) (бр. ст. ≈ 550) | 1,1 |
| 26. | Консултации со студенти (летен семестар, 1998/99) (бр. ст. ≈ 440) | 0,88 |
| 27. | Консултации со студенти (летен семестар, 1999/2000) (бр. ст. ≈ 130) | 0,26 |
| 28. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2000/01) (бр. ст. ≈ 650) | 1,3 |
| 29. | Консултации со студенти (летен семестар, 2000/01) (бр. ст. ≈ 350) | 0,7 |
| 30. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2001/02) (бр. ст. ≈ 640) | 1,28 |

| | | |
|---|---|---|
| 31. | Консултации со студенти (летен семестар, 2001/02) (бр. ст. ≈ 360) | 0,72 |
| 32. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2002/03) (бр. ст. ≈ 390) | 0,78 |
| 33. | Консултации со студенти (летен семестар, 2002/03) (бр. ст. ≈ 120) | 0,24 |
| 34. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2003/04) (бр. ст. ≈ 370) | 0,74 |
| 35. | Консултации со студенти (летен семестар, 2003/04) (бр. ст. ≈ 150) | 0,3 |
| 36. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2004/05) (бр. ст. ≈ 250) | 0,5 |
| 37. | Консултации со студенти (летен семестар, 2004/05) (бр. ст. ≈ 130) | 0,26 |
| 38. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2005/06) (бр. ст. ≈ 220) | 0,44 |
| 39. | Консултации со студенти (летен семестар, 2005/06) (бр. ст. ≈ 80) | 0,16 |
| 40. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2006/07) (бр. ст. ≈ 200) | 0,4 |
| 41. | Консултации со студенти (летен семестар, 2006/07) (бр. ст. ≈ 50) | 0,1 |
| 42. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2007/08) (бр. ст. ≈ 150) | 0,3 |
| 43. | Консултации со студенти (летен семестар, 2007/08) (бр. ст. ≈ 70) | 0,14 |
| 44. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2008/09) (бр. ст. ≈ 100) | 0,2 |
| 45. | Консултации со студенти (зимски семестар, 2009/10) (бр. ст. ≈ 80) | 0,16 |
| 46. | Настава во летни школи и работилници (USAID, Creative teaching and learning project, Со читање и пишување до критичко мислење, 31.08.2006-04.09.2006), учесник | 1 |
| 47. | Настава во летни школи и работилници (USAID, Creative teaching and learning project, Образование за социјална правда, 25.I 2007-31. I 2007), учесник | 1 |
| 48. | Настава во летни школи и работилници (DAAD, Algebraic Structures and their Application in Coding Theory and Cyptography 10. IX 2009-16. IX 2009), учесник | 1 |
| 49. | Настава во летни школи и работилници (Tempus JP SEE Doctoral Studies in Mathematical Sciences, 16.09.2009-20.09.2009), учесник | 1 |
| 50. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа | 0,1 |
| 51. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник, коавтор | 6 |
| 52. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание, Сигма 54, 2 (2001/02). | 1 |
| 53. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание, Сигма 59, 3 (2002/03). | 1 |
| 54. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание Сигма 64, 4 (2004/05). | 1 |
| 55. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание, Сигма 71, 3 (2005/2006). | 1 |
| 56. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание, Сигма 72, 4 (2005/06). | 1 |
| 57. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание, Сигма 73, 1 (2006/07). | 1 |
| 58. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание, Нумерус, бр 2, (2006/07). | 1 |
| 59. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание, Нумерус бр. 3, (2006/07). | 1 |
| 60. | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание, Сигма 76, 4 (2006/07). | 1 |
| | **Вкупно** | 163,11 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 3. | Учесник во национален научен проект (МАНУ, раководител: проф. д-р Ѓ. Чупона, 2000-2002) | 3 |
| 4. | Учесник во национален научен проект (МАНУ, раководител: проф. д-р Ѓ. Чупона, 2006-2008) | 3 |
| 5. | Учесник во национален научен проект (раководител: проф. д-р К. Тренчевски, 2007-2009) | 3 |
| 6. | Учесник во национален научен проект (МАНУ, раководител: проф. д-р Б. Попов, 2008-2010) | 3 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание, *Год. збор. на ПМФ*, том 38 (1997), 11 - 22 | 3,6 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, *Зборник на трудови од II конгрес, Охрид, 2000* (2003), 17 – 23. | 1,8 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, *Зборник на трудови од II Конгрес, Охрид, 2000* (2003), 25 – 30. | 1,6 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание, Mathematica Macedonica Vol.2, (2004), 9 - 17 | 4 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, *Зборник на трудови од III конгрес на СММ, Струга, 2005* (2007), 217 – 224. | 2 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание *Publications de 'l Institute Mathematique, SANU, Nouvelle serie* 81(95), (2007), 103 – 109. | 3,6 |
| 13. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: *Proc. of the International Conference, FMNS-2007, Blagoevgrad, Bulgaria* (2007), 75 – 81. | 2 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Mathematica Moravica*, 11 (2007), 17–25 | 4 |
| 15. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, *Int. J. of Algebra*, 2, no.10 (2008), 451 – 461 | 6 |
| 16. | Учество на научен/стручен собир со реферат СМИМ00 | 1 |
| 17. | Учество на научен/стручен собир со реферат ХМК04 | 1 |
| 18. | Учество на научен/стручен собир со реферат СММ05 | 1 |
| 19. | Учество на научен/стручен собир со меѓународно учество со реферат NSAC05 | 2 |
| 20. | Учество на научен/стручен собир со меѓународно учество со реферат ACUA07 | 2 |
| 21. | Учество на научен/стручен собир со реферат FMNS07 | 1 |
| 22. | Учество на научен/стручен собир со реферат 85 BP 08 | 1 |
| 23. | Учество на научен/стручен собир со реферат СМК08 | 1 |
| 24. | Учество на научен/стручен собир со реферат СММ08 | 1 |
| | **Вкупно** | 63,6 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | Вкупно | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во промотивни активности на Факултетот 2004,2005,2006,2007,2008 | 2.5 |
| 2. | Учество во работата на комисии за државни натпревари 1998,1999,2005,2006 | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект- соработник (Ѓ. Чупона) | 0,5 |
| 2. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект- соработник (Ѓ. Чупона) | 0,5 |
| 3. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект- соработник (К. Тренчевски) | 0,5 |
| 4. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект- соработник (Б. Попов) | 0,5 |
| 5. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: *Сигма*, 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08 | 1 |
| 6. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир 85 BP 08 | 0,5 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | **Вкупно** | **10** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **163,11** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **63,6** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **10** |
| **Вкупно** | **236,71** |

**Членови на Комисијата**

Акад. Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

Д-р Костадин Тренчевски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

Д-р Валентина Миовска, доцент на ПМФ во Скопје, с. Р.

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ФАРМАКОЕКОНОМИЈА" ОД ДОЦ. Д-Р РУБИНЧО ЗАРЕСКИ, ПРИЈАВЕН НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 280 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на својата V седница одржана на 18.12.2009 година, донесе одлука бр. 02-782/11 од 18.12.2009 година за избор на членови на Рецензентската комисија во состав:

- проф. д-р Методија Несторовски
- проф. д-р Љубомир Дракулевски
- проф. д-р Љубица Шутуркова.

Комисијата има задача да изврши рецензија на ракописот „Фармакоекономија" од доцент д-р Рубинчо Зарески. Рецензентската комисија, по внимателното проучување на ракописот, го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

Ракописот со наслов „Фармакоекономија" е прв труд досега во Република Македонија во кој поцелосно се обработува проблематиката на фармакоекономијата. Од оваа појдовна точка, пристапот наметнал вградување на елементи од теоретски, но и од практичен дел, за што авторот го направило во одделни поглавја, но и во ракописот во целина. Трудот се состои од вкупно 296 страници текст (А4формат, напишан во фонт 11). Првите 5 страници од текстот претставуваат предговор и содржина на трудот. Последните 17 страници се анекси и листа на користена литература за подготовката на ракописот. Останатиот дел (280 страници) претставува обработка на темата, поделена во 10 глави:

1.Фармакоекономијата и здравствените услуги

2. Систем на здравствени услуги

3.Методи и модели на фармакоекономијата

4. Методи на фармакоекономската анализа и рационалната употреба на лекови

5. Примена на фармакоекономските методи во глобалната маркетиншка и ценовна стратегија во здравството

6. Ефективен фармацевтски менаџмент

7. Основање и финансирање на приватен фармацевтски бизнис

8. Основи на маркетингот

9. Цени на производи и услуги и

10. Ценовните политики на малопродажниот пазар.

Во првата глава, **Фармакоекономијата и здравствените услуги**, е даден генерален вовед во фармакоекономската наука, нејзина дефиниција и значењето кое го има во современата научна мисла. Низ графикони и табели се дадени емпириски потврди за местото и сè поголемата улога која оваа наука ќе ја има на глобално ниво, со посебен осврт на нејзиното значење кај здравствените работници.

Втората глава, **Систем на здравствени услуги**, ги образложува спецификите на здравствените услуги низ призмата на економските процеси. Со поедноставување на економските фундаменти, авторот дава објаснување за релевантноста на економските закономерности и нивната примена во фармацевтскиот бизнис и соодветното однесување на субјектите. Елементите на понуда и побарувачка се елаборирани во однос на специфичностите на системот на здравствено осигурување. Низ бројки пренесени во табелите се дадени јасни информации за значењето на

здравствените услуги во однос на изворот за плаќање и тежиштето на одлуките. Низ аспектите: присуство и ниво на неизвесност, специфики на системот на здравствено осигурување, проблеми со информираноста, ограничување на конкуренцијата и државни субвенции и програми се заокружува целината која прави паралели и ги интегрира здравствените системи и економските релевантни процеси.

Третата глава, **Фармакоекономски анализи**, ги дефинира и ги обработува основите на фармакоекономијата. Во оваа глава се обработени основите кои дефинираат рационална употреба на лекови и притисоците кои постојат во моментите на донесување на стратешка политика. Ограниченоста на ресурсите, кривите на понуда и побарувачка, граничните криви, концептот на еластичност и производната функција се детално анализирани и образложени преку конкретни примери. На 17 графикони постепено се воведуваат и разработуваат концептите на кои се заснова фармакоекономијата. На овој начин на студентите кои се од друг едукативен профил, на фармацевтите им се приближуваат базичните економските постулати, со нивните карактеристики, начин на креирање и резултати. Ваквиот пристап постепено го воведува студентот кон фармакоекономските анализи и методи.

Во четвртата глава - **Фармакоекономски анализи и рационална употреба на лекови**, се елаборираат базичните фармакоекономски методи: трошоците за лекување на болните, анализата на минимизацијата на трошоците, односот на трошоци и корист, анализата на исплатливоста и анализата на односот на користи од аспект на болните. Таканаречените хуманистички евалуациони методи се презентирани како основа која треба да го подобри квалитетот на животот, приоритетите на болниот и неговото задоволство. Комплексноста во прифаќањето на овие современи методи авторот ја поистоветува со комплексноста во донесувањето на одлуките. Овој дел го анализира и ефектот на замена на влезовите и на нивото на трошоци кои се целосно релевантни во донесувањето на правилните одлуки на ниво на микро и на макроздравствен систем. Конкретните примери даваат одлична основа за разбирање и примена на фармакоекономските модели од страна на студентите, но и на здравствените работници.

Петтата глава - **Примена на фармакоекономските методи во глобалната маркетингот и ценовна стратегија во здравството**, е посветена на анализа на детерминатите на маркетингшката ценовна стратегија, анализа на ценовната осетливост, типовите на ценовна оптимизација и методите на владината контрола на цените.

Шестата глава - **Ефективен фармацевтски менаџмент**, генерално ги обработува поимот и дефинициите на современиот менаџмент. Ракописот воведно ги запознава студентите со претприемаштвото и специфичностите кои креираат успешни претприемачи. Посебен осврт авторот дава на фармацевтскиот бизнис и на истражувањето и развојот како базични елементи во организацијата на производството и продажбата на лекови. Текстот на современ начин ги прикажува чекорите во започнувањето на еден приватен или јавен бизнис во областа на производството на лекови, приватната аптекарска практика и организацијата на здравствениот систем.

Седмата глава - **Основање и финансирање на приватен фармацевтски бизнис**, опфаќа разработен процес на основање и финансирање на приватен фармацевтски бизнис. Во оваа глава детално се анализираат релевантните одлуки кои мора студентот како иден практичар да ги познава. Ракописот ја образложува дилемата за инвестирање во нов или купување на постоен бизнис, ставајќи го

студентот во позиција да ги воочи елементите на една SWOT-анализа. Микроекономскиот пристап обезбедува опфат на финансиските аспекти на водењето на приватен фармацевтски бизнис преку елаборирање на сите финансиски показатели-коефициенти. Со употреба на конкретни студии и примери, како и со примена на табели, ракописот е практично средство за едуцирање на студентите од фармација со економските процеси како што се вреднувањето, пресметувањето на цената на аптеката и проценка на вредностите на средствата. Тука се прави кус вовед во терминот капитал и се прикажани процесите на финансирање на бизнисот од разни извори. На крајот се анализираат меѓусебните влијанија на капиталот и технолошките промени. Графиконите преку 5 позиции го прикажуваат односот на технолошките промени и трошоците кои ги насочуваат одлуките во рамките на здравствениот систем. Практичната примена која е дадена низ примерите дава јасен патоказ на студентите во развојот на нивната макроекономска мисла.

Осмата глава - **Основи на маркетингот**, дава сеопфатно видување на маркетинг-процесот кој во генерални црти дава релевантни елементи за едукација во водењето на јавна или приватна здравствена организација. Ракописот на современ начин и со употреба на најновите едукативни искуства ги обработува столбовите на маркетингот. Текстот започнува со еволуцијата на маркетинг-мислата и ги нагласува специфичностите на производот и услугата од аспект на фармацевтскиот бизнис. Посебно место е дадено на испитувањето на пазарот и на локациските услови во контекст на демографската структура, потенцијалот на пазарот и цените на лековите на рецепт.

Деветтата глава - **Цена и ценовна политика**, претставува анализа на ценовните фактори кои се јавуваат како внатрешно и надворешно детерминирани варијабли, кои имаат влијание врз политиката на цени на фармацевтските производи и услуги. Побарувачката на пазарот, монополскиот карактер на изведената побарувачка на лекови и структурата на цената на еден лек се детално образложени. Во овој дел е опфатена политиката на цени во приватните аптеки и конкурентните стратегии на цени. Фармацевтите на јасен начин се водат низ политиката и стратегиите на одредување на цени на лековите на рецепт и на фармацевтските услуги. Посебен дел е даден на системот на референтни цени и системите кои се актуелни во нивната примена. Во завршниот дел на оваа глава е структуриран делот на купувањето и контролата на залихите како многу значаен фактор при планирањето на готовинскиот тек.

Десеттата глава – **Ценовните политики на малопродажниот пазар**, се занимава со проучување и апликација на конкретните постапки за определување на цените на фармацевтските производи и услуги во аптеките, калкулациите за цените, процедурите на рефундирање и управување со лековите.

Во трудот се дадени и прилози кои содржат табели со билансите на состојба, билансот на успех и показателите на успешност. Анексот 3 е приказ на анкетен лист со прашања кои водат кон одговори неопходни за утврдување на типот на бизнисот, маркетинг-пристапот и системите на управување. Покрај тоа, наведен е и список на користена релевантна литература која служела како поддршка за пишување на трудот.

Трудот, според содржината, но и според стилот, длабината на анализите и начинот на презентацијата на материјата, одговара на содржината и целите на програма на предметот фармакоекономски методи. Во него се содржани голем број слики и графикони и други прикази со цел посоодветно и поразбирливо да се

приближи комплексната економска проблематика до студентите и фармацевтите, но од друга страна, да ги запознае и другите неекономски профили со економските аспекти на фармацевтскиот и здравствениот сектор. Користен е современ пристап за анализа, презентирани се актуелни податоци, резултати од истражувања и анализи кои одговараат на актуелниот степен на развиеност на кој се наоѓа фармакоекономската наука.

Авторот, во обидот да балансира помеѓу микро и макрокарактерот на проблематиката, успева да ги прикаже сложените процеси на едноставен начин, разбирливо за оние кои за прв пат се сретнуваат со применета економска анализа во доменот на фармакоекономијата. Со оглед на фактот што се работи за многу широка проблематика во која се преплетуваат економската и фармацевтската наука, авторот се соочил со предизвик не само да одговори на поставените барања, туку и да ги димензионира одговорите согласно со намената - да го задоволи интересот на студентите, но и на една широк круг на професионални профили.

Во овој труд, авторот д-р Зарески јасно ги води процесите и чекорите на проучувањето и прави успешен спој на фармацевтскиот, медицинскиот и бизнис-менаџментот. Корисно е одредени позиции да се доразработат и да се вградат елементи релевантни за нашиот здравствен сектор. Со тоа, за прв пат во нашава земја студентите по фармација, по економија и по медицина и други профили добиваат наставно средство од областа на фармакоекономијата, со кое се овозможува полесно и поедноставно да се совладаат наставните содржини.

Ракописот, по обем и содржина, ја обработува материјата од областа на фармакоекономијата, соодветно на обемот на програмата на истоимениот предмет. Но, во него, покрај искуството на авторот како наставник на истоимениот предмет, е вградено и искуството на авторот стекнато во практиката, со што тој го олеснува прифаќањето на ракописот, покрај како наставно, и како применливо четиво за разбирање на фармакоекономијата во практиката. Со оглед на тоа што кај нас досега не се напишани интегрални трудови од оваа област, веруваме дека овој труд ќе ја анимира и пошироката јавност.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК

Трудот „Фармакоекономија“ од авторот доцент д-р Рубинчо Зарески претставува успешна систематизирана разработка на материјата од областа на фармакоекономијата. Имајќи ги предвид карактерот, опфатот и намената на ракописот, му предлагаме на Наставно- научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да го усвои ракописот како учебник по предметот фармакоекономија.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Методија Несторовски, с.р.
Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.
Проф. д-р Љубица Шутуркова, с.р.